РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 979 Скопје,
1 февруари 2010 година

# Содржина на Билтен број 979 од 1 февруари 2010 година


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Експресионализам, апсурд, егзистенцијализам и лудизам: четири албански драми/претстави** изработена од **м-р Илир Мухареми**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје ........................1-4

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК "КРСТЕ МИСИРКОВ"**

1. Реферат за избор на виш научен соработник во Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" во Скопје **(д-р Елка Јачева-Улчар)**....................................5-12
2. Реферат за избор на виш научен соработник во Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" во Скопје **(д-р Љупчо Митревски)**....................................13-17

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"**

1. Реферат за подобност на темата за докторска дисертација **Религиозните мотиви во македонската народна поезија** и оспособеноста на кандидатката **м-р Благица Хаџи-Јовановска** за научна работа, пријавена на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје..........................................................................18-21
2. Реферат за подобност на темата за докторска дисертација **Естетските и структуралните особености на македонските народни носии, со посебен осврт на мијачката носија и нивните трансформации во современиот моден дизајн** и оспособеноста на кандидатот **м-р Стојанка Манева-Чупоска** за научна работа, пријавена на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје.................22-25

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Даниела Николовска-Неделкоска, м-р Рамадан Сопи, м-р Коле Павлов, м-р Олгица Тренчевска, м-р Суат Ибиши)**............26
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Иван Радески, Магдалена Костоска, Ненад Бојковски, Верка Гаврилова)**..........................................................................27
3. Преглед на прифатени теми за изработка на специјалистички труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Валентина Давчева, Весна Радивојевиќ)**.........28

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Парцијална скелетирана протеза-претклиника**, од **проф. д-р Евдокија Јанкуловска,** пријавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје..........29-32

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор-прием на еден помлад асистент на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Симона Самарџиска)**..................33-35

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по предметот хистологија и ембриологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Лена Какашева-Маженковска)**..............36-45

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Реферат за избор на 5 (пет) наставници по предметот физичко образование за настава за студенти од нематичните факултети на УКИМ, на Факултетот за физичка култура во Скопје **(д-р Чедомир Саздовски, спец., д-р Серјожа Гонтарев, м-р Аган Реџепагиќ, м-р Вера Соколова, м-р Јана Каршаковска-Димитриоска)**..................................46-76

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје (**Васил Стамболиски, Борче Ристовски, Виолета Шареска**)...... 77

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на двајца асистенти по предметот физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Сања Манчевска, ас. д-р Слободан Николиќ**)................78-84

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија на докторската дисертација **Архитектонската форма како систем на динамички трансформации**, изработена од кандидатот **м-р Огнен Марина**, пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје.......................................................................85-92

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСИТИНИЈАН ПРВИ"**
1. Рецензија на трудот **Обезбедување на побарувањата според Законот за обезбедување на побарувањата** од авторите **д-р Арсен Јаневски** и **д-р Татјана Зороска-Камилоска**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.........................93-94

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Наумче Лазаревски**)..................................................95
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје (**Весна Николоска, Оливер Дугалиќ**)..........................................96

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**
1. Реферат за избор на еден асистент по наставниот предмет пијано на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**м-р Кристина Светиева**).......................................97-104
2. Реферат за избор на еден наставник по наставниот предмет труба на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**м-р Васо Ристов**)............................................105-111
3. Реферат за избор на еден асистент по наставниот предмет сонологија на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**м-р Трена Јорданоска**)................................112-117

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на три асистенти по предметот анатомија на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Светлана Јовевска, ас. д-р Елизабета Чадиковска, д-р Билјана Трпковска**).......................................................................................118-136
2. Реферат за избор на асистент по предметот медицинска хемија на Медицинскиот факултет во Скопје (**Гордана Босилкова**)..................................................137-147
3. Реферат за избор на асистент по предметот фармакологија со токсикологија и асистент-истражувач на Катедрата по фармакологија со токсиокологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Игор Кикерков, д-р Драгица Зенделовска**).......................................................................................148-155

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
1. Реферат за избор на еден асистент по предметот граматика на русјиот јазик, контрастивна анализа на рускиот и на македонскиот јазик и историја на рускиот јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**м-р Биљана Мирчевска-Бошева**) ......................................................................................156-159

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот институт во Скопје (**м-р Јулијана Силјановска, м-р Игор Андреески**)....................160
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Христина Келемен, Томислав Гаџа, Живко Калков**)...............161

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на помлад асистент од областа на урбанистичкото планирање при Институтот за урбанизам на Архитектонскиот факултет во Скопје **(м-р Јасна Стефановска)**....162-165

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Турските јазични елементи во драмските творби од XX век**, изработена од **м-р Актан Ајго**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје ....166-170

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент во наставно-научната област што ја покрива Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила на Машинскиот факултет во Скопје **(м-р Кристина Јакимовска)**....171-177
2. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Развој на методологија за оцена на безбедност на моторните возила во зависност од нивната состојба** и оспособеност на кандидатката **м-р Кристина Јакимовска** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје....178-185
3. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Моделирање и анализа на биомеханичките системи** и оспособеност на кандидатот **м-р Владан Андоновиќ** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје....186-190

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје **(Аница Глигорова-Милева)**....191

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на ракописот **Комутација и рутирање** од **д-р Тони Јаневски**, пријавен на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје ....192-195

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник по предметите дигитални технологии во ликовната уметност и графички дизајн на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(м-р Ладислав Цветковски., м-р Тони Васиќ, м-р Методи Ангелов)**....196-225

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Меѓународна безбедност: критички пристап** од авторот **проф. д-р Билјана Ванковска**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје....226-228

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на редовен професор по предметот француска книжевност на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Илинка Митрева)**....229-240

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања по предметите вајање, вајарски техники и цртање, на Катедрата за вајарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(м-р Жарко Башески)**....241-247

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Управување со ризикот при порамнување на финансиските трошоци осврт на меѓународната и домашната практика**, од **м-р Сашо Трајковски**, пријавена на Економскиот институт во Скопје……………………248-252
2. Рецензија на докторската дисертација **Корпоративното управување на банките со посебен осврт на корпоративното управување на банките во Република Македонија**, од **м-р Снежана Дичевска**, пријавена на Економскиот институт во Скопје……253-257

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по група предметите: математика 1, математика 2, основи на компјутерското работење, вовед во програмирање и комуникациски вештини на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Бети Андоновиќ)**……………………258-265

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор на доцент од областа на педагошките науки, за предметите: училишна педагогија, на групата одделенска настава на македонски јазик и методологија на истражување, на групите одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски јазик на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(д-р Марија Петрова)**……………………266-279

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања (доцент) наставна база по предметот психијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје **(ас. д-р Димитар Боневски)**.280-291
2. Реферат за избор на еден доцент по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Берта Русо)**……………………292-302
3. Реферат за избор на два помлади асистента по предметот имунологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Мери Панева, д-р Александар Сенев)**...303-305
4. Рецензија на докторската дисертација **Антропометриски показатели на растото и телесните компоненти како индикатори за дерекција на степенот на исхранетост кај деца од 5 до 9 годишна возраст,** изработена од **д-р Биљана Зафирова,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје……………………306-311

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Истражување на распределбата на напоните и деформациите во напречниот пресек на високофреквентно надолжно заварени цевки од челик со квалитет J55 API 5CT** и оспособеност на кандидатот **м-р Малуш Мјаку** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје……………………312-318

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Реферат за избор на соработник во звањето помлад асистент на научната област меѓународно приватно право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(Илија Румепов)**……………………319-323
2. Реферат за избор на соработник во звањето асистент на научната област финансово право и финансии на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(м-р Јован Зафироски)**……………………324-328

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два асистента и избор на два асистента (наставна база) по предметот психијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Кадри Хаџихамза, д-р Ана Филипче, д-р Анета Спасовска-Трајановска, д-р Виктор Исјановски)**...329-354
2. Реферат за избор на научен соработник по предметот епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Ирина Павловска)**……………………355-368

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Тања Стреоска, Александра Станковска, Оливера Николаевиќ, Катерина Мојанчевска, Дејан Андонов)**......369-370

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по предметите: хидротехнички објекти, искористување на водните сили и водостопански системи на Градежниот факултет во Скопје **(м-р Стевчо Митовски)**......371-376

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на еден наставник во звање - редовен професор по наставната дисциплина актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Владо Цветановски)**......377-386

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Нехолономна геометрија и нехолономно проширување на теоријата на релативност**, изработена од **м-р Емилија Георгиева-Целакоска**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје......387-391

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања за предметот историја и теорија на уметноста на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(м-р Емил Алексиев, д-р Џемил Бектовиќ, д-р Сузана Милевска)**......392-404

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два научни соработника по предметот физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(ас. д-р Слободан Николиќ, ас. д-р Људмила Ефремовска)**......405-424

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕКСПРЕСИОНИЗАМ, АПСУРД, ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛИЗАМ И ЛУДИЗАМ: ЧЕТИРИ АЛБАНСКИ ДРАМИ /ПРЕТСТАВИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИЛИР МУХАРЕМИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата втора редовна седница одржана на 9.12.2009 година, избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација по наслов: **„Експресионизам, апсурд, егзистенцијализам и лудизам: четири албански драми/претстави"** на кандидатот од м-р Илир Мухареми, во состав: проф. д–р Зекирја Незири, редовен професор, проф. д–р Нехас Сопај, редовен професор, проф. д–р Мирлинда Крифца, вонреден професор, проф. д–р Мируше Хоџа, вонреден професор и доц. д–р Агим Лека, доцент.

По добивањето и разгледувањето на текстот на докторската дисертација **„Експресионизам, апсурд, егзистенцијализам и лудизам: четири албански драми/претстави"** од кандидатот м-р Илир Мухареми, Рецензентската комисија во целосен состав го подготви следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд **Експресионизам, апсурд, егзистенцијализам и лудизам: четири албански драми/претстави** на м-р Илир Мухареми е компјутерски обработен текст на 160 страници. Трудот е композициски составен од пет дела: Вовед (1-5), Драма и театар (6-55), Теорија (56-80), Егзистенцијализмот и Сартр (81-87), Апликација (88-148) и Заклучок (149-151). Кон трудот е приложена библиографија на користениот книжевен корпус и научно-теориската литература (152-155) и индекс на имиња (156-157).

Докторската теза м-р Илир Мухареми теориски и практично ја образложил во пет поглавја, во кои одделно расправа за прашања кои произлегуваат од четири драмски текстови и од самиот објект на темата. Од една страна е поврзувачката нишка на четири албански драмски текстови со драмите од светски автори, како што е Жан Пол Сартр во содржинско-тематското рамниште, а тоа е истражувањето на експресионистичко – апстрактните и егзистенцијалистичко – лудистичките постапки во нивната нарација; од друга страна е нивното пренесување во театарска претстава, што одигрува значајна улога во пресликувањето на драмските настани и на драмските ликови поблиску до „стварноста", односно референцијалната илузија.

Во **воведниот дел**, кандидатот прецизно го дефинира предметот на истражувањето и ја актуализира клучната теза поврзана со насловот на трудот и описот на корпусот врз кои се вршени истражувањата за негова изработка. Кандидатот м-р Илир Мухареми своето истражување го насочува кон проучување, воопштено и конкретно, на проблематиката на соодносот помеѓу драмската и театарската уметност, која е и основен предмет на темата, т.е. од воопш-

теното го истражува конкретното во драмските дела: *Големиот предизвик* на Неби Ислами, *Месечина од хартија* на Мехмет Краја, *Илирскиот заговор* на Екрем Криезиу и *The kosovars* на Хакиф Мулиќи и нивната поврзаност со четири театарски школи од 20 век. Оттука произлегува определеноста на кандидатот во својот труд да го употреби компаративно-структуралистичкиот метод, поткрепен со мултимедијалниот и интермедијалниот, како еден од можните начини за истражување и проучување на посочениве прашања.

Во **првиот дел** на трудот кандидатот м-р Илир Мухареми накусо говори за драмата и театарот. Делот за драмата е поделен на две целини, во кои се говори за драмата и за актерот. Тоа значи дека во овој дел на трудот се разјаснуваат теориски прашања за драмата и театарот во светски размери и нивното пренесување, толкување и применување во албанска и македонска средина. Во овој дел, кандидатот ги истражува односите на драмата како текст и на театарот како изведба. Пошироко се задржува на проучувањето на структурата и композицијата на драмскиот текст, како и на дијалогот и монологот како негови основни средства за изразување. Исто така, во овој дел на трудот неизбежно се наметнува и потребата да се истражуваат соодносите и комуникацијата помеѓу режисерот и актерот и одговорноста на актерите меѓу себе и кон публиката. Покрај овие прашања, во трудот се анализираат и низа прашања поврзани со соодносот на драмскиот текст и сцената (парафеноменологија): дискурзивното и недискурзивното. За теориска поткрепа на своите гледишта кандидатот ги користел придобивките на Гротовски и Станиславски, врз кои ги засновал своите проучувања, и на кои им посветил посебно внимание, особено на *Системот* на Станиславски.

Во **вториот дел,** кандидатот м-р Илир Мухареми се задржува на расветлување на теориските прашања поврзани со експресионизмот и апсурдот, лудизмот и егзистенцијализмот и прави панорамен осврт врз основните експресионистичко–апсурдни и егзистенцијалистичко–лудистички начела присутни во некои од делата на светските автори, како што се Брехт, Бекет, Јонеско, Кафка, Ками или Сартр. Задржувањето во делата на овие и на другите светски автори на кандидатот му служи како основна задолжителна литература во истражувањето на присутноста и на нивната трансформација во албанската и во балканската средина, при што пошироко ќе се задржи на прашања поврзани со театарот на апсурдот на Е. Јонеско со чии погледи ги поврзува драмскиот текст *Месечина од хартија* на Мехмет Краја и *Големиот предизвик* од Неби Ислами.

Во **третиот дел** на трудот, кандидатот м-р Илир Мухареми ги објаснува најосновните црти на егзистенцијализмот и неговата историја. Кога ги проучува основните црти на лудизмот, како што се негативниот однос кон општествениот поредок, вознемирувањето и афективноста, ги зацртува и основните карактеристики на драмскиот текст *The kosovars* на Хаќиф Мулиќи и *Илирскиот заговор* од Екрем Криезиу, кои ги доведува во директна врска со театарот на апсурдот, а авторите ги прогласува како основоположници на тој вид театар во балканското поднебје.

Во делот **апликации**, кој е најобемниот дел на трудот, кандидатот м-р Илир Мухареми интересот на своето истражување и проучување го насочува

кон содржинска анализа на пет драмски текстови: *Илирскиот заговор* од Екрем Криезиу, *The Kosowars* од Хакиф Мулиќи, *Месечина од хартија* од Мехмет Краја, *Големиот предизвик* од Неби Ислами и *Нечисти раце* од Жан Пол Сартр. Целта на кандидатот е во својот труд да ги протолкува прашањата поврзани со улогата и значењето на уметничките постапки во обликувањето и создавањето на современиот, често постмодерен драмски текст и на неговите особини: деконструкцијата, цитатноста, трансфигурацијата, референцијата, колажно–монтажните постапки, мимикријата, симулацијата и симулакрумот; постмодерната алегорија, апсурдот, симболичното, имагинарното и реалното, нецелосното и фракталното, фантазмата, фикционалноста и парафикционалноста, постмодерната иронија, пародијата и хуморот, нарацијата, параестетските и хиперестетските аспекти во постмодерниот драмски текст.

Овој дел на трудот е резервиран и за теориска поставеност на тезата и за истражување на конкретниот апликативен материјал, особено на анализата на драмските текстови на авторите: Неби Ислами, Мехмет Краја, Екрем Криезиу и Хакиф Мулиќи, како и на драмскиот текст *Нечисти раце* на Жан Пол Сартр. Тие текстови на кандидатот му служат како основа за теориско објаснување на своите тези за драмата и театарот, а исто така и да го исцрпи предметот на своето истражување и проучување. Во овој дел на трудот анализата се заснова во истражувањето на начинот за создавање и пресликување на фиктивниот и фактичкиот лик и на содржината во драмскиот свет. Во тој контекст се разјаснуваат и причинско – последичните прашања поврзани со креирањето на ликовите, односно нивната врската со нивните прототипи.

Кандидатот м-р Илир Мухареми во својата докторска теза, применувајќи ги деструктуралистичкиот и постструктуралистичкиот метод, придобивките на теориите на нарацијата и на театарот, интертекстуалноста, како и теоријата на дискурсот, особено компаративниот метод, својот труд го образложи со умешното користење на соодветна специјализирана научна литература (текстуална и од интернет), библиографија на книжевниот опус (поединечно се наведуваат делата на Ж. П. Сартр, Н. Ислами, М. Краја, Е. Криезиу и Х. Мулиќи). Во индексот на имиња фигурираат значајни и признати авторитети и нивните дела во кои се проучуваат и објаснуваат прашања тесно поврзани со поставената тема, а и прашања од поширок тематски дијапазон. Ќе спомнеме само неколку од нив: В. Андоновски, А. Арто, М. Бахтин, Е. Барба, Р. Барт, В. Бити, П. Брук, К. Велча, Гадамер, Ж. Дерида, Хабермас, Хајдегер, С. Хамити, Н. Ислами, А. Иберсфелд, Јевтовиќ, Јонеско, М. Катниќ–Бакаршиќ, Киеркегард, Ј. Кристева, Ж. Лакан, Ј. Лужина, И. Мазов, Х. Мекули, Р. Муслиу, К. Ќулавкова, М. Рамадани, С. Селениќ, В. Стаменковиќ, Ѓ. Старделов, Ц. Тодоров, М. Шуваковиќ.

Докторската дисертација на м-р Илир Мухареми, **Експресионизам, апсурд, егзистенцијализам и лудизам: четири албански драми/претстави,** е студиозно изработена и научно образложена. Таа припаѓа на подрачјето на компаративните книжевни студии со примарно драмско-театарски дескриптивни и теориски истражувачки интерес и покажува завидни резултати во оној дел на трудот во кој ги промислува интердисциплинарните врски меѓу книжевната, естетската и применетата уметност. Методот што се применува, теорискиот и

апликативниот (оперативниот) материјал, гарантира дека се работи за оригинален труд од областа на драмската и театарската уметност, во кој со помош на најновите сознанија од овој домен на науката на историјата на уметноста, односно на книжевноста, значајно ќе придонесе во понатамошниот развиток на оваа научна област. Дисертацијата е изработена студиозно и научно е образложена во однос на предметот врз којшто е фокусиран нејзиниот научноистражувачки интерес. Трудот постигнува неопходна рамнотежа меѓу теорискиот и апликативниот дел на истражувањето и доследно и вешто ги применува методите на истражување предвидени и одобрени со рецензијата за подобноста на темата. Со тоа, оваа докторска дисертација може да се оцени како референтен прилог на млад научник кон современата книжевна интерпретација и анализа, во рамките на албанската и балканската книжевна наука. Тоа истовремено докажува дека се работи за оригинален и трудољубив кандидат кој ветува дека во иднина ќе прерасне во сериозен истражувач.

**Заклучок.** Имајќи го предвид гореизнесеното, сметаме дека докторската дисертација **Експресионизам, апсурд, егзистенцијализам и лудизам: четири албански драми/претстави** претставува значаен придонес во проучувањето на книжевноста, особено во областа на драмската книжевна уметност и театрологијата. Дисертацијата се одликува како со теориска така и со апликативна вредност која произлегува од умешната примена на теориските постулати врз анализата на конкретни драмски дела и нивната примена на сцена. Врз основа на посочените согледби, слободни сме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, да му предложиме да го прифати извештајот за оцена на докторската дисертација и кандидатот м-р Илир Мухареми да го повика на усна одбрана.

Скопје, 29. 12. 2009 година

Рецензентска комисија

1. Д-р Зекирја Незири, редовен професор, с.р.
2. Д-р Нехас Сопај, редовен професор, с.р.
3. Д-р Мирлинда Крифца, вонреден професор, с.р.
4. Д-р Мируше Хоџа, вонреден професор, с.р.
5. Д-р Агим Лека, доцент, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ" ВО СКОПЈЕ

Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", на својата 12-та седница одржана на 22. 12. 2009 година, нѐ избра за рецензенти во врска со пријавата на научниот соработник д-р Елка Јачева –Улчар за избор во повисоко звање. Конкурсот беше распишан во дневниот весник „Вечер" бр. 14272, на 11 декември 2009 година. Заблагодарувајќи му се на Советот за укажаната доверба го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Елка Јачева–Улчар е родена на 12. I 1968 година во Велес. Основно и средно образование завршила во Скопје, а во учебната 1986/87 се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје, на групата за македонски јазик со јужнословенски јазици. Студиите ги завршила во јули 1991 година со просечен успех 9,60. По дипломирањето, година и пол работела хонорарно како лектор при Лекторското одделение во Македонското радио. Во учебната 1992/93 се запишува на постдипломски студии на групата за македонски јазик, а од 1. III 1993 година е вработена како помлад асистент-истражувач во Институтот за старословенска култура од Прилеп, на проектот *Писмени споменици за средновековната култура на Македонија*, под раководство на д-р Вангелија Деспродова. На 16. I 1998 година, по успешното завршување на постдипломските студии, на Филолошкиот факултет во Скопје го одбрани магистерскиот труд под наслов „Ќустендилски триод – јазична анализа" под менторство на д-р Вангелија Деспродова. На 1. VII 1999 година се здоби со звањето асистент-истражувач во Институтот за старословенска култура во Прилеп. Од работата на проектот „Писмени споменици за средновековната култура на Македонија" се јавува како коавтор на две изданија: *Старословенско-македонскиот речник со грчки паралели* и *Трескавечки ехологиум.*

Во јуни 2000 година, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, ја пријави докторската дисертација „Топонимијата на тиквешкиот регион" која ја изработи под менторство на д-р Љубица Станковска и ја одбрани на 14. 10. 2005 година На 31. I 2006 се стекна со звањето научен соработник. Од 2001 година е ангажирана во проектот *Топонимите како споменици на културата*, под раководство на д-р Љубица Станковска. Од 1. 2. 2006 година работи како научен соработник во Ономастичкото одделение во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков". Работела на меѓународниот проект *Компаративни проучувања на географските термини во македонската и словенечката топонимија,* под раководство на д-р Љубица Станковска, од македонска страна, и на д-р Метка Фурлан, од словенечка. Од оваа година раководи со топономастичкиот проект што се работи во Ономастичкото одделение на

Институтот за македонски јазик, *Речник на топонимите од Воденско*, како и на билатералниот проект со Р Словенија, *Словенскиот суфикс *–ina во апелативниот и топонимискиот фонд на македонскиот и на словенечкиот јазик. Структурно-семантичка анализа.*

Д-р Елка Јачева-Улчар од 1998 до денес е член на Извршниот одбор на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература, каде што во периодот 2002-2006 година е секретар, а од мај 2009 година и претседател.

Од крајот на 2000 година, кандидатката е вклучена во работата на проектот *Географски и функционални какрактеристики на морфосинтаксички балканизими* кој се работи во Истражувачкиот центар за ареална лингвистика при МАНУ, под раководство на академик Зузана Тополињска.

Од 2006 до 2008 година е вклучена во работата на македонскиот тим кој работеше на меѓународниот проект со фински слависти, посветен на *Кониковското евангелие*, ракопис од првата половина на 19 век, пишуван со грчко писмо.

Во текот на студиите, како и по вработувањето, Елка Јачева - Улчар со свои написи, прикази и статии се појавува на страниците на домашните весници и списанија, како: *Студентски збор, Нова Македонија, Разгледи, Лик, Современост, Литературен збор, Balcanosalvica, Културен живот, Македонски јазик* и др., и во зборници од научните собири организирани во земјава и во странство, како и на страниците на странските списанија како *Folia onomastica* од Загреб, *Onomatološki prilozi* од Белград, *Filologija* од Загреб, *Jezikoslovni zapiski* od Ljubljana, и на меѓународното *Филолошки студии* - Скопје, Загреб, Љубљана и Москва.

Летото во 1993 година посетуваше Летна школа по руски јазик на московскиот универзитет *Ломоносов*. Престојот во Москва го искористи за научно истражување во Ракописниот оддел на Лениновата библиотека. Летото во 1994 година, за потребите на магистерската работа имаше два научни престоја во Ќустендил и Софија, Р Бугарија. Во јули 1998 година беше на двонеделно научно истражување во Ракописниот оддел на Националната библиотека во Париз, а истата година и на еднонеделно научно истражување во Виенската национална библиотека. Во 2008 и 2009 беше учесник на Семинарот за словенечки јазик, литература и култура при Филозофскиот факултет во Љубљана, Р. Словенија. Од мај 2008 е вклучена како експерт во работата на поткомисијата УНГЕГН (Комисија која се занимава со стандардизација на географските имиња), која работи во рамките на Обединетите нации. Од 2008 година е член на Националната комисија за учебници при Министерството за образование и наука на Р Македонија. Од втората половина на 2008 година е вклучена во работата на изработката на Лексиконот на информатичко-комуникациски термини при Министерството за информатичко општество.

Во учебната 2008/2009 и 2009/2010 година на новоотворениот Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, држи предавања од предметот *старословенски јазик*.

Д-р Елка Јачева-Улчар во 2007 година во соработка со Управата за заштита на културното наследство на Република Македонија, го подготви Елаборатот за заштита на топонимите на Р. Македонија како дел од

недвижното духовно културно наследство, со што беше овозможено во наредната година топонимите на Р. Македонија да добијат и своја правна заштита.

Во последниве две години следиме дека Јачева-Улчар вложува напори за ревитализирање на Комисијата за стандардизација на географските имиња на Р. Македонија.

Како резултат од работата на финско-македонскиот проект посветен на Кониковското евангелие, д-р Елка Јачева-Улчар се појавува како коавтор во двојазичното издание на Кониковското евангелие. Во ова издание е поместен нејзиниот самостоен труд посветен на ономастиконот во Кониковското евангелие, а во коавторство со Марија Чичева-Алексиќ го изработи делот што е посветен на Лексиката во Кониковското евангелие. Заедно со проф. д-р Људмил Спасов, раководител на проектот, и со д-р Марија Чичева-Алексиќ учествуваше во расчитувањето и коригирањето на македонскиот дел од текстот на Кониковското евангелие, пишуван со грчко писмо, а партиципираше и во креирањето на основните принципи на транскрипцијата на овој значаен текст за историјата на македонскиот јазик.

Во монографскиот труд *Топонимијата на тиквешкиот регион*, кандидатката Јачева-Улчар на нешто повеќе од 500 страници, од лексичко-семантички и од структурно-морфолошки аспект анализира безмалку 7000 топоними од територијата на Тиквеш. Во оваа студија, покрај горенаведеното, таа се осврнува и на лексичкиот фонд вложен во топонимите на Тиквешијата и констатира дека топонимскиот систем на Тиквешијата во најголем процент има словенски карактер, а дека само мал процент топоними имаат супстратно, грчко, латинско и турско потекло. На крајот од студијата во помал дел се задржува на дијалектните влијанија врз изгледот на топонимите на тиквешкиот регион.

Книгата *Послание до потомците* претставува коавторски интенрдисциплинарен труд на кандидатката. Во овој труд таа ни го претставува животот и делото на поголем број македонски културни и духовни дејци (кои ликовно се претставени во богатата галерија на Македонската академија на науките и уметностите) од средновековната и поновата историја на македонскиот народ.

Д-р Елка Јачева-Улчар се потпишува под шеесетина научни статии. Од она што се содржи во нив се забележуваат нејзините основни преокупации: историјата на македонскиот јазик и ономастиката. Во статијата *Сегашно време - форма и значење во старословенскиот и македонската редакција на црковнословенскиот јазик*, изработена во рамките на проектот што се работи во ИЦАЛ при МАНУ, како што кажува и самиот наслов, кандидатката зборува за формите и за значењата на сегашното време во најстарите црковнословенски ракописи од македонска редакција.

Во трудовите *Јазикот во преводот на* ***Orlando furioso*** *од Григор Прличев* и *Терминологијата во Кратката словенска граматика на Григор Прличев*, таа го анализира преводниот јазик на Прличев, но и

Прличевото место и значење во градењето на првата лингвистичка македонска терминологија, изразена на страниците на неговата Кратка словенска граматика.

Кандидатката Јачева-Улчар низ статиите како: *Кон етимологијата на географски термини во македонската и во хрватската топонимја, Лексички паралели во македонската и српската топонимија, Некои заеднички географски апелативи во словенечката и македонската топонимија* ја следиме како компаративен проучувач на јужнословенскиот топономастикон. Овие нејзини статии претставуваат прилог повеќе кон докажувањето на тезата за заедничкото прасловенско јадро на сите словенски јазици кое постоело пред нивното раселување и раслојување.

Во последните неколу статии, како: *Мотивациски паралели во категоријата презиме кај Македонците и Хрватите, Женското презиме во Македонија, За еден тип презимиња во полската и во македонската антропонимија* се насетува нејзиниот зголемен интерес кон антропономастиката, посебно кон поткатегоријата презиме.

Во статиите како *Ономастиката во Словото за походот Игорев, Кон антропонимите во романот* ***Девет Керубинови векови*** *од Славко Јаневски, Ономастиконот во* ***Панонските легенди,*** *Личните имиња во романот* ***Храпешко*** ја запознавме и како проследувач на ономастиконот во литературни дела, една понова гранка од ономастиката која во поново е сè поексплоатирана тема во поголемите славистички центри.

Д-р Елка Јачева-Улчар покажува интерес и кон балканистички теми. Тој нејзин интерес претходно навестен со статиите *Граматиката на крушевскиот аромански од Збигњев Голомб (македонско-аромански конфронтации)* и *Придонесот на Божидар Настев кон ароманските истражувања* го заокружува со последната статија од симпозиумот *Денови на Благоја Корубин*, насловена како *Балканскиот модел на светот виден низ призмата на една охридска староградска песна*, која со етнолингвистичкиот пристап се надоврзува на една нејзина пообемна студија – *Третманот на жената во народниот живот и во народната книжевност на Македонија.*

Во период од половина година (2008) во рубриката *Јазично катче* во в. *Нова Македонија*, д-р Јачева-Улчар објавуваше куси написи кои се однесуваат на современите состојби во македонскиот јазик, особено во неговата лексика, кои се резултат од влијанието на општествените и технолошките промени во современото живеење.

Во текот на 2009 година, д-р Елка Јачева-Улчар работеше на проектот Лексикон на информатичко-комуникациски термини што беше дел од активностите на Министерството за информатичко општество, а беше заокружен со објавување на *Поимник на македонски зборови од областа на информатичката терминологија.*

Д-р Елка Јачева-Улчар со реферати, предавања и дискусии учествува на домашни и меѓународни научни собири и конференции, организирани во земјава и во странство. Како позначајни ги издвојуваме нејзините учества во: Предавањата на 40. Меѓународен семинар за

македонски јазик, литература и култура, Охрид, 2007, на *4. međunarodni leksikološko-leksikografski znanstveni skup*, Загреб, 2005, меѓународниот научен собир *Транзициите во историјата и културата*, Скопје, 2006, *Дискусија на тркалезната маса за Кониковското евангелие*, во рамките на XIV меѓународен славистички конгрес, Охрид, 2008, *Geographical Names as a part of Cultural Heritage*, Виена, 2008 и др.

Посочените трудови и активности на д-р Елка Јачева-Улчар ја претставуваат како многу сериозен и компетентен научен работник, кој и на домашно и на меѓународно ниво има вложено значаен придонес за развој на македонската наука за јазикот, особено на планот на историјата на македонскиот јазик, на македонската ономастика, лексикологија, лексикографија и етимологија.

Врз основа на сето погоре изложено, Рецензентската комисија му предлага на Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" да ја избере д-р Елка Јачева–Улчар во звањето ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК.

Рецензенти

1. В.н.сор. д-р Убавка Гајдова, с.р.

2. Н.сов. д-р Лилјана Макаријоска, с.р.

3. Н.сов. д-р Снежана Велковска, с.р.

## Образец за одредување на целокупната активност на поени за избор во одредено звање

| Реден број | Научноистражувачка дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1. | Монографија или научна книга | 8 | |
| 2. | Дел од монографија или научна книга | 4 | 6 |
| 5. | Лексикографски труд[1] | 4 | |
| 9. | Труд во лингвистички списанија | 2 | |
| 10. | Труд во други списанија или зборници | 6 | |
| 11. | Труд во зборник на трудови од научен собир | 24 | |
| 12. | Труд во зборник на трудови од стручен собир | | |

[1] Рецензентската комисија го оценува лексикографскиот труд според видот, обемот и намената.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13. | Труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор | 48 | |
| 15. | Учество на проект[2] | 18 | |
| 16. | Учество на проект | 4 | |
| 17. | Учество на научен собир со реферат (презентација/усно) | 8 | |
| 18. | Учество на меѓународен научен собир со реферат (презентација/усно) | 33 | |
| 21. | Одржано предавање по покана од научна институција | 2 | |
| 27. | Раководител на научен проект | 4 | |
| 28. | Раководител на меѓународен научен проект | 6 | |
| 36. | Претседател на организациски одбор на научен собир | 2 | 3 |
| 38. | Член на комисија од научен/стручен карактер | 2 | 2 |
| 42. | Учество во радио, ТВ-емисии и др. јавни настапи | 2 | |
| 43. | Објавени јазични текстови, колумни, ставови и мислења во дневен и неделен печат | 5 | |
| 44. | Друг придонес во научноистражувачката дејност | 3 | |

Вкупно: 193

**Библиографија на трудовите помеѓу двата избора**

I Монографии и речници

*Konikovo Gospel // Кониковско евангелие* (во коавторство со фински и македонски научници, под редакција на Јоуко Линдстет, Људмил Спасов, Јухани Нуорлуото), Helsinki, 2008.

*Послание до потомците* (во коавторство со Маја Бојаџиевска, Ирена Стефоска и Тони Филиповски), Скопје, 2008.

*Поимник на македонски зборови од областа на информатичката терминологија* (коавтор со група автори), Скопје, 2009.

*Топонимијата на тиквешкиот регион*, Скопје, 2009 (во печат).

**II Статии**

*Сегашно време - форма и значење во старословенскиот и македонската редакција на црковнословенскиот јазик*, Зборник за сегашноста во балканските и словенските јазици, Истражувачки центар за ареална лингвистика при МАНУ, в. www.manu.edu.mk/cal/CAL/present.html.

*Јазикот во преводот на **Orlando furioso** од Григор Прличев*, реферат на XXXII научна конференција одржана во рамките на Семинарот за македонски јазик, литература и култура во Охрид, 15-17 VIII 2005 год., Скопје 2006, 305-310.

*Терминологијата во Кратката словенска граматика на Григор Прличев*, реферат на *4. međunarodni leksikološko-leksikografski znanstveni skup*,

[2] Проект чиј носител е ИМЈ.

1-2 XII 2005 god., Zagreb , vo Filologja, knj. 46-47, Poseban otisak, Zagreb 2006, str. 123-130.

*За некои исчезнати ојконими во тиквешкиот регион,* научен собир по повод 50 години од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", одржан 16-17 октомври 2003 год. во ИМЈ - Скопје, Скопје, 2009.

*Лексемите од туѓо потекло во топонимијата од тиквешкиот регион*, Folia onomastica Croatica (посветена на акад. Петар Шимуновиќ по повод 70 - иот роденден), knj. 12-13, Zagreb 2006, 239-248.

*Кон етимологијата и деривацијата на неколки топоними од Тиквешкиот регион,* Славистички студии бр. 12, Зборник посветен на акад. Рина Усикова по повод 70-тиот роденден, Скопје 2006, 85-92.

*Питу Гули и неговото семејство*, Трет меѓународен симпозиум за Власите на Балканот, одржан на 4-5 ноември 2005 год., Штип, (во печат).

*Белешки од анализата на топонимискиот материјал од тиквешкиот регион*, сп. Македонски јазик, год. ЛВИ , 2005, Скопје 2006, 141-155.

*Кон антропонимите во романот* ***Девет Керубинови векови*** *од Славко Јаневски*, Зб. реферати од научниот собир *Функционалните стилови во македонскиот јазик*, Скопје, 2006, 92-97.

*Македонскиот јазичен израз во преводот,* сп. Културен живот 1-2, Скопје 2006, 8-11.

*Личните имиња во романот* ***Храпешко***, сп. Културен живот 3-4, Скопје, 2006, 72-77.

*Топонимите во Македонија во преодните периоди на историјата*, Зб. реферати на меѓународниот научен собир *Транзициите во историјата и културата*, одржан на 30 и 31 октомври 2006 год. во Скопје, Скопје, 2008, стр. 769-774.

*Ојконимијата во тиквешкиот регион*, Зб. трудови по повод 80-годишниот роденден на акдемик Павле Мерку, во Jezikoslovni zapiski, glasilo Instututa za slovenski jezik Frana Ramovša 13. 1-2, 2007, SAZU, Ljubljana str. 179-188.

*Ономастичките проучувања во Македонија од осамостојувањето до денес,* Зборник од предавањата на 40. Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 13-30 август 2007, Скопје, 2008, 111-123.

*Некои заеднички географски апелативи во словенечката и македонската топонимија*, реферат на Третата македонско-словенчка конференција, одржана во септември 2007 во Охрид (во печат).

*Мотивациски паралели во категоријата презиме кај Македонците и Хрватите,* реферат на II меѓународен научен собир *Македонско-хрватски книжевни и културни врски,* Охрид, 10-11 октомври 2007 (во печат).

*Идиоглотски и алоглотски правописни влијанија во Кониковското евангелие*, во коавторство со Марија Чичева-Алексиќ, Зб. реферати од симпозиумот „Денови на Благоја Корубин", *Јазиците во контакт некогаш и денес*, Скопје, 2008, стр. 154-161.

*Рефлексии на духовното културно наследство на Македонија во нејзината топонимија*, Филолошки студии, изд. 2008, т. 1., или на http://philologicalstudies.org/index.php?option=com_content&task=view&id=138&Itemid=60

*Ономастиконот во* ***Панонските легенди***, Македонистички конгрес, Охрид, август 2008 (во печат).

*Лексиката во Кониковското евангелие* (во коавторство со Марија Чичева-Алексиќ), Зборник реферати на македонските слависти за XIV-от меѓународен славистички конгрес, Охрид, 10-16 септември 2008.

*Geographical names of FYRO Macedonia as part of its cultural heritage,* Geographical names as part of the Cultural Heritage, Wien 2009, 169-172.

*Балканскиот модел на светот виден низ призмата на една охридска староградска песна*, реферат на научниот собир *Денови на Благоја Корубин*, Скопје 2009 (во печат).

*Женското презиме во Македонија*, зборник реферати во чест на проф. Лилјана Минова-Ѓуркова, Скопје, 2009, 163-168.

*За еден тип презимиња во полската и во македонската антропонимија*, реферат на симпозиумот *50 години на полонистика во Македонија 1959-2009*, Скопје, 2009, (во печат).

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ" – СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје, на својата XII редовна седница одржана на 22. 12. 2009 год., нè избра за рецензенти по пријавата на д-р Љупчо Митревски на конкурсот објавен во весникот „Вечер" бр. 14272, од 11 декември 2009 год. Во врска со тоа, а врз основа на поднесените документи, го предлагаме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Љупчо Митревски е роден на 16 септември 1959 год. во с. Издеглавје, Охридско. Основното и средното образование ги стекнал во Скопје, а потоа се запишал на Филолошкиот факултет во Скопје, на групата за македонски јазик – еднопредметна насока. По завршувањето на студиите, се запишал на постдипломски студии на Филолошкиот факултет во Скопје. Во 1993 год. ја одбранил својата магистерска теза под наслов „Дечански псалтир – лингвистичка анализа". На 14 декември 2003 год. ја одбранил докторската дисертација под наслов „Македонскиот минеј (со посебен осврт на трескавечките минеи)".

Митревски од 1 јануари 1988 до 18 октомври 2009 год. работи во Институтот за старословенска култура и во целиот период е ангажиран на проектот „Писмени споменици за средновековната култура на Македонија". Својата работа ја продолжува како научен соработник на проектот „Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција", во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје.

Учествува и на меѓународниот проект *Ot glagolania do googlenia – Универзален словенски речник*, USS-SKR, Toronto, Canada.

Во рамките на научното и стручното усовршување, неколкупати посетува специјалистички, стручни и јазични школи, на пр. Летната школа за словенски студии во Брно и Летната школа за руски јазик во Ленинград, односно Санкт Петербург. Активно се служи со англискиот, чешкиот и рускиот јазик.

Резултат на неговата научна дејност се критичките изданија на македонските средновековни ракописи во чија подготовка учествува соавторски, а и самостојно. Во 1995 година, во соавторство со Вангелија Десподова, Кита Бицевска и Димитар Пандев, под редакција на Вангелија Десподова, го објавува критичкото издание „Карпинско евангелие", за кое во 1996 год. ја добива наградата „Гоце Делчев". Во 2000 год. излезе од печат неговиот монографски труд „Дечански псалтир". Во истата година е издаден и трудот „Трескавечки еухологиум" (соавторски труд со Вангелија Десподова, Елка Јачева-Улчар, Марија Чичева-Алексиќ и Соња Новотни, под редакција на Вангелија Десподова), а во 2006 год. и изданието „Пролог бр. 72", соавторски труд со Вангелија Десподова (и ред.), Марија Чичева-Алексиќ и Соња Новотни.

Во рамките на неговата научна соработка со други сродни институции во државава и во странство, учествува во повеќе проекти и изданија, како на пр. расчитување и подготовка на изданијата: „Кирил Пејчиновиќ – Утешение грешним", „Чудесата на Пресвета Богородица", „Григор Прличев – Смехориите на Ариосто" (расчитување и превод во: Анастасија Ѓурчинова, *Прличев и Ариосто*) итн.

Се занимава и со преведувачка дејност од потесната специјалност, но и пошироко, пр.: Здењек Кланица, „Тајната на гробот на св. Методиј", Брно 2008 (превод од чешки јазик на монографијата „*Tajemství hrobu moravského arcibiskupa Metoděje*", Brno 2007), „Македонски зимски празници" (превод од македонски на чешки јазик).

Митревски учествува и во подготовката и уредувањето на телевизиската серија „За македонскиот јазик" (соавтор на сценарио). Има направено македонска адаптација и на чешката документарна емисија *Sen o Ochridu* (Сон за Охрид), Брно, 2009.

Активно учествува и во работата на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на Република Македонија, како секретар на Сојузот (1991-1995 год.).

На полето на македонистиката, учествува на научни собири, пр.: Česko-makedonská konference (Брно, Чешка Република, јуни 2007), а свои прилози објавува во домашни и во странски списанија, зборници од научни собири.

Во трудот *За неколку семантички поместувања во македонскиот и во чешкиот јазик во споредба со старословенскиот и со другите словенски јазици*, објавен во *Studia Macedonica* (Brno 2008, 42-49), Митревски го анализира поместувањето на значењата на стсл. година, часъ, право, оутро, образъ, оужасьнъ, коньць, питомъ, кръмити, во македонскиот и во чешкиот јазик и заклучува дека станува збор не само за мали промени на значењето, туку и за поголеми промени како на пр. кај *право, конец, питом* и др.

Мошне значајни се трудовите во кои се јавува како соавтор, односно соработник. Во изданието *Пролоѓ бр. 72* (Македонски средновековни ракописи, VII, Прилеп 2006) Митревски е соавтор заедно со Вангелија Десподова (и ред.), Соња Новотни и Марија Чичева-Алексиќ и учествува во јазичната анализа на фонетско-фонолошките, морфосинтаксичките особености на текстот, како и во расчитувањето на текстот и изработката на индексите на зборовите. Овој текст е особено интересен и од лексички и од текстолошки аспект, па затоа расчитаниот текст овозможува и натамошни истражувања.

Митревски е соработник (заедно со М. Каранфиловски) на *Лексиконот на странски македонисти* од Иван Доровски и Емилија Црвенковска (Скопје, 2008). Во Лексиконот се обработуваат 150 македонисти кои истражувале и твореле, придонесувајќи за афирмацијата на македонската историја, култура, јазик, литература, фолклор и сл. Единиците се обработени со усогласена методолошка постапка, што овозможува следење на податоците за секој застапен македонист.

Митревски е избран за лектор по македонски јазик на Универзитетот „Масарик", Брно, Чешка Република, и тоа за периодот 2004-2007 год. и повторно во 2007-2009 год. со одлични препораки од управата на Универзитетот за неговото залагање за афирмација на македонскиот јазик и литература во странство. За својата лекторска дејност е добитник и на повелба како признание за придонесот во работата на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Митревски е добитник и на плакета на Сојузот на друштвата за македонски јазик, на награда од Филозофскиот факултет на Универзитетот „Масарик" во Брно (Брно, 2009) и др.

Учествува во повеќе организациски одбори, пр. на *IV чешко-македонска конференција* (10-13 јуни 2007); *Недела на македонската култура* (Брно, ноември 2006); редакциски одбори, пр. *Studia Macedonica*, зборник од реферати поднесени на IV чешко-македонска конференција (Брно 2008, со Иван Доровски).

Пројавува интерес и за промовирање и за рецензирање на изданија, пр. *Donka Rous, František Čermák, Jasmínka Delova, Kateřina Vitová, Česko-makedonský slovník, Skopje 2006 – Донка Роус, Франтишек Чермак, Јасминка Делова, Катерина Витова, Чешко-македонски речник, Скопје 2006* (Брно, мај 2007), *Cane Andreevski, Deši. Boskovice 2007; Olivera Nikolova, Tři životy Ibn Pajka, Brno-Boskovice 2008; Čtyři jihoslovanská dramata: Almir Imširevič, Kdyby tohle bylo divadlo; Nina Nuičová, Sousedství vyhůru nohama; Goran Stefanovski, Kdokoli; Milena Markovičová, Klece, Brno-Boskovice 2008* (Охрид, август 2008); *Chorvatsko, Chorvaté, chorvatština* (Brno, 2007). Митревски учествува во работата на неколку стручни комисии, меѓу кои и во Комисијата за македонското писмо и компјутерската поддршка.

Од гореизнесеното може да се заклучи дека д-р Љупчо Митревски е научен работник кој сè повеќе се докажува во областа на историјата на македонскиот јазик, преку учество во јазична анализа на средновековните текстови, но и пошироко во областа на македонистиката, во рамките на лекторската, преведувачката и др. дејности. Имајќи го ова предвид, со задоволство му препорачуваме на Советот на ИМЈ „Крсте Мисирков" да го избере во звањето виш научен соработник.

**Оценка за целокупната активност за избор во звањето виш научен соработник**

| Научноистражувачка дејност | во земјата | во странство |
|---|---|---|
| | поени | |
| Дел од монографија или научна книга | 8 | |
| Труд во лингвистички списанија | | 3 |
| Труд во зборник на трудови од научен собир | | 3 |
| Труд во списание со меѓународен уредувачки одбор | 6 | |
| Учество на проект | 6 | 6 |
| Учество на меѓународен научен собир со реферат | | 3 |
| Лектор по македонски јазик во странство | 8 | |
| Раководител на научен проект | 4 | |
| Промоција на научен труд | 4 | |
| Рецензирање на труд | 3 | |
| Член на редакциски одбор | 3 | |
| Член на организациски одбор | 4 | |
| Награди/признанија за научни достигнувања | 20 | |
| Член на комисија од научен/стручен карактер | 3 | |
| Учество во радио, ТВ-емисии, и др. јавни настапи | 1,5 | |
| Вкупно: | 85,5 | |

Рецензентска комисија

Д-р Лилјана Макаријоска, н. сов., с. р.
Д-р Стоја Поп-Атанасова, н. сов., с. р.
Д-р Снежана Веновска-Антевска, н. сов., с. р.

# БИБЛИОГРАФИЈА НА Д-Р ЉУПЧО МИТРЕВСКИ

**Монографски трудови**

1. *Пролоī бр. 72* (Македонски средновековни ракописи, VII), заеднички труд со Вангелија Десподова, Соња Новотни и Марија Чичева-Алексиќ, под редакција на Вангелија Десподова, Институт за старословенска култура, Прилеп, 2006.
2. *Лексикон на сшрански македонисши*, Скопје 2008 (соработник заедно со Максим Каранфиловски во монографијата подготвена од Иван Доровски и Емилија Црвенковска).

**Раководител на проект**

1. *Писмени сйоменици за средновековнаша кулшура на Македонија.*

**Учество во проекти**

1. *Писмени сйоменици за средновековнаша кулшура на Македонија.*
2. *Речник на црковнословенскиош јазик од македонска редакција.*

**Учество во меѓународни проекти**

1. *Ot glagolania do googlenia – Универзален словенски речник*, USS-SKR, Toronto, Canada.

**Учество на меѓународни научни собири**

1. *За неколку семаншички йомесшувања во македонскиош и во чешкиош јазик во сйоредба со сшарословенскиош и со друīише словенски јазици*, Česko-makedonská konference, Brno, Češka Republika, јуни 2007.

**Прилози во странски зборници**

1. „За неколку семантички поместувања во македонскиот и во чешкиот јазик во споредба со старословенскиот и со другите словенски јазици", *Studia Macedonica*, Brno, 2008, 42-49.

**Редакција**

1. *Studia Macedonica*, зборник од реферати поднесени на IV чешко-македонска конференција од 10 до 13 јуни 2007, Брно, 2008 (заедно со Иван Доровски).

**Организациски одбори**

1. IV чешко-македонска конференција, од 10 до 13 јуни 2007.
2. Недела на македонската култура, Брно, ноември 2006.

**Лектор по македонски јазик во странство**

1. Универзитет „Масарик", Брно, Чешка Република, 2004-2007.
2. Универзитет „Масарик", Брно, Чешка Република, 2007-2009.

**Награди, признанија**

1. Повелба во знак на признание за придонесот во работата на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 14 декември 2007.
2. Плакета на Сојузот на друштвата за македонски јазик, литература и култура на Република Македонија за долготрајната соработка и за афирмацијата на македонскиот јазик и литература, Скопје, 10 декември 2004.

3. Медал за заслуги и соработка во организацијата „60 години од доаѓањето на децата бегалци од Егејска Македонија во Чешка Република“, Брно, 2009.
4. Награда од Филозофскиот факултет на Универзитетот „Масарик“ од Брно, Чешка Република, Брно, 2009.

**Преводи**
1. *Здењек Кланица, Тајнаѿа на ḡробоѿ на св. Меѿодиј*, Брно 2008 (превод од чешки јазик на монографијата: *Tajemství hrobu moravského arcibiskupa Metoděje*, Brno 2007).
2. Македонски зимски празници (превод од македонски на чешки јазик).

**Промоции**
1. *Donka Rous, František Čermák, Jasmínka Delova, Kateřina Vitová, Česko-makedonský slovník, Skopje 2006 – Донка Роус, Франѿишек Чермак, Јасминка Делова, Каѿержина Виѿова, Чешко-македонски речник, Скоѿје, 2006*, Брно, мај 2007.
2. *Cane Andreevski, Dešt, Boskovice 2007*, Охрид, август 2008.
3. *Olivera Nikolova, Tři životy Ibn Pajka, Brno-Boskovice 2008*, Охрид, август 2008.
4. *Čtyři jihoslovanská dramata: Almir Imširevič, Kdyby tohle bylo divadlo; Nina Nuičová, Sousedství vyhůru nohama; Goran Stefanovski, Kdokoli; Milena Markovičová, Klece, Brno-Boskovice 2008*, Охрид, август 2008.

**Рецензии**
1. *Chorvatsko, Chorvaté, chorvatština*, Brno 2007.

**Член на комисии од научен/стручен карактер**
1. Член на Комисијата за стручна подготовка на тестови за Државниот натпревар по македонски јазик и литература за основното образование.
2. Член на Комисијата за стручна подготовка на тестови за Државниот натпревар за по македонски јазик и литература за средното образование.
3. Член на Комисијата при Советот за македонски јазик за компјутерската поддршка и македонското писмо.

**Телевизиски емисии**
1. Разговор за македонскиот лекторат, студиите по македонски јазик и претставувањето на македонската култура во Чешка Република, емисија на МТВ, Скопје, јули 2006.
2. Македонска адаптација на чешката документарна емисија *Sen o Ochridu* (Сон за Охрид), Брно, 2009.

**Радио емисии**
1. МРТВ, 2006. Радио-емисија за лекторатот во Брно.
2. Глас од татковината, 2006, (со линк од Брно)

**Други придонеси**
1. Потпретедател на Сојузот на друштвата за македонски јазик, литература и култура на Република Македонија.

Скопје, 17.12.2009 година

# РЕФЕРАТ

за подобност на темата за докторска дисертација *Религиозните мотиви во македонската народна поезија* и оспособеност на кандидатката м-р Благица Хаџи Јовановска за научна работа

Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, на седницата одржана на 16.9.2009 година, нè именува за членови на Рецензентската комисија за подобност на темата за докторска дисертација на м-р **Благица Хаџи Јовановска**, а на 18.11.2009 Научниот совет се согласи со измената на темата под наслов ***„Религиозните мотиви во македонската народна поезија"***. Во тоа својство имаме чест на Наставно-научниот совет да му го поднесеме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## Оспособеност на кандидатката

Благица Хаџи Јовановска е родена на 24.3.1954 во Штип. Дипломирала на Филолошкиот факултет, група: историја на книжевностите на народите на СФРЈ со македонски јазик, во 1977 год. Магистрирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во 2008 година со тезата „Семиотичко-миметичка анализа на поезијата на Гане Тодоровски". Од 1977 година е вработена како професор по македонски јазик и литература во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" во Охрид. Во изминатиот период кандидатката објавувала критички огледи и есеи во македонските книжевни списанија.

## Подобност на темата за докторска дисертација

Пријавата на м-р Благица Хаџи Јовановска на докторската дисертација со наслов ***Религиозните мотиви во македонската народна поезија*** ги содржи следниве делови: увод, детално образложување на планот за работа, заклучок како и селектирана библиографија.

Научниот интерес на кандидатката ќе се фокусира на релацијата жртвување и религиозност, жртвата како дар (принципот do ut des) и односот помеѓу светото и насилството. Оттука, кандидатката ќе ги анализира примерите од народната поезија во кои се открива двојната функција на жртвувањето: неговата создавачка моќ (космогоноското начело) и жртвувањето како казна, што неминовно води кон борба против жртвувањето, или создавање на жртвениот супститут, што е многу очигледно во разните примери од народната поезија, а претставува производ на подоцнежните фолклорни појави: замена на човечка жртва со животинска, вградување на сенки, или жртвен супститут во облик на бескрвна жртва, или појавата на змејоубиството.

Во првиот тип, во т.н. реминисценции на првобитното жртвување, во основата на овој ритуал кандидатката ја препознава сотериолошката и опстетричка функција, која може да помогне да се дојде до вистинската смисла на принесување жртва, која толку пати била занемарувана, прикривана или, пак, била толку очигледна што воопшто не морала да биде толкувана.

Непобитен е фактот дека човекот, независно од тоа на кој историски период му припаѓа или на кое ниво се јавува неговата религиозност, носи во своето однесување со природата и со универзумот белези кои како специфични се јавуваат веќе во последните фази од неговата „хоминизација".

Светото и религијата се нераздвојни и заемно се условуваат. Во најстарите слоеви на културата самиот чин на живеење како човеково битие, веќе само по себе, претставува религиозен чин, затоа што прехранувањето, сексуалниот живот и работата на тој стадиум добиваат сакраментална вредност. А за меѓуусловеноста помеѓу жртвувањето и светото, доволно е да се присетиме на латинскиот израз sacrificium – кој претставува постапка на правење свето. Жртвувањето на извесен начин претставува оска на секоја религија, а како обред едноставно претставува манифестација на светото. Со оваа определба кандидатката се оддалечува од Ибер-Мосовата теза во која принесувањето жртва се јавува како потекло на целокупната религиозност. Жртвата е координатор помеѓу човекот и природата, отелотворени во силите во кои тој верува. А врз основа на Ибер-Мосовата констатација не се согледува делотворноста на жртвувањето, од проста причина што „кому и заради што се повторувало принесувањето жртва под се' уште празното небо? (Жирар).

Жртвувањето ни овозможува да ја воочиме суштинската врска што се јавува помеѓу човекот и универзумот, претставувајќи чин на испосредувана комуникација, при што доаѓа до една високо ценета преобразба како на оној што го спроведува жртвувањето, така и на самата жртва. Главната цел на жртвениот обред е воспоставување заедништво, како меѓу членовите на заедницата, така и меѓу заедницата и силите во кои тој верува.

Втората функција /димензија/ која се врзува со насилството, ќе биде анализирана релацијата помеѓу насилството и светото. Тука се согледува парадоксот на првобитното насилство. Според социолошко-антрополошката ориентација на Жирар, оние што работат на производството на светото преку сопственото насилство, неспособни се да ја согледаат вистината.

Кандидатката преку обредните, календарските, митолошките и црковните песни, всушност ќе се обиде да ја разоткрие двојната функција на првобитното жртвување: нејзината креативна (Елијаде, Јаниќијевиќ; Павловиќ) и насилна димензија (Жирар).

На овој начин, кандидатката преку народните песни доаѓа до дефинирање на преодот од жртвата согледана како дар (благослов) кон сите негативни импликации кои ги содржи фокусирајќи се на гревот и казната, согледано како преод од паганството кон христијанството.

Кандидатката Благица Хаџи Јовановска на овој начин ја поврзува жртвата со гревот и казната, што постапно води до борбата против жртвувањето кое се препознава во подоцнежните фолклорни творби: познатиот мотив на т.н. змејоубиство во типот песни Светецот ја убива ламјата (познатите хипостаси на Св. Ѓорги или Св. Илија).

Идејата за создавање на змејовиот противник е продукт на подоцнежните фолклорни творби (Миладиновци, п.бр.11). Преку убивањето на ламјата од страна на Св. Ѓорги се спасуваат сите жртви кои се наоѓаат во нејзината утроба. Преку убивањето на чудовиштето се врши симболично реинтерпретирање на обновата на светот. Најчесто овој тип на двобои ги извршуваат Св. Илија и Св. Ѓорги: првиот е наследник на богот Перун, а вториот се јавува како заменик на претхристијанските аграрни и сточарски култови, претставувајќи се како заштитник на стоката и посевите.

Предмет на емпириското истражување на кандидатката, покрај народната поезија од објавените зборници (Миладиновци, Цепенков, Шапкарев, Верковиќ, Икономов, и др.), ќе претставуваат и сопствените теренски истражувања од доменот на народната поезија во која се среќаваат варијанти на различните религиозни мотиви.

Во основата на жртвувањето лежи метафората на расплодувањето и создавањето нов живот. Затоа може да се изврши поделба на жртвувањето според схемата на оплодувачкиот акт и породувачкиот чин. Оние што треба да ја принесат жртвата се, пред сè родителите, не поради тоа жртвата да добие грозоморен и стравотен карактер, туку за да може преку човековото родителство да се активира родителството на елементите: земјата –мајка, водата-мајка(...) Самата жртва која се принесува во себе ја носи метафората на семето. Таа содржи во себе потенција да се развие како семе, и во себе го носи веќе однапред дадениот лик што треба да се повтори и намножи. Земјата (матка) изискува „смрт" на семето, со што се обезбедува ново раѓање.

На овој начин кандидатката ги открива реминисценциите на *првобитното жртвување* во митолошките, обредно-магиските и календарските обредни песни.

Асоцијациите што се јавуваат во најстарите обредни (пагански) обичаи и кои упатуваат на кореспонденцијата на човекот со другите делови на универзумот, пред сè помеѓу небото и земјата, оваплотени во божествените ликови се неисцрпни: тука се јавуваат можните асоцијации на додолите и пеперудите со Перун, а на поврзаноста на додолите и пеперудите со обредот на жртвување најдобро укажува трансферниот обред – правење и закопување на Герман. Симболичното преправање на додолите и пеперудите во лисја и растенија во некој вид демони на вегетацијата, кои се даруваат и полеваат за да се обезбеди родна година и дожд, придонесува да се сфати Герман како дух на вегетацијата што умира и воскреснува, а самите додоли и пеперуди се сметаат како замена за првобитната човекова жртва упатена кон водата.

Едно посебно поглавје кандидатката ќе посвети на црковните песни од Зборникот на браќата Миладиновци, а особено внимание ќе посвети и на анализа на апокрифните текстови и хагиографиите за Св. Илија (сп. Вера Стојчевска Антиќ).

**Заклучок и предлог**

Проникливиот пристап на кандидатката Благица Хаџи Јовановска укажуваат на *нејзините несомнени компетенции за работата на истражувачкиот проект, предложен за докторска дисертација.*

Структурата и содржината на пријавата на темата за истражување во рамките на докторските студии под наслов „Религиозните мотиви во македонската народна поезија" укажуваат на тоа дека Благица Хаџи Јовановска поседува неопходни знаења за реализирање на научноистражувачката работа, особено во доменот на предложената тема – релациите помеѓу народната митологија, архајските религиозни претстави и нужните трансформации кои се јавуваат со христијанството, во апокрифната книжевност, а пред сѐ неговите импликации во доменот на народната поезија. Од тие причини имаме чест да му предложиме на Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје да ја прифати темата за докторска дисертација на кандидатката Благица Хаџи Јовановска под наслов „Религиозните мотиви во македонската народна поезија".

Скопје,
21.12.2009

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Лидија Стојановиќ Лафазановска с.р.
2. Проф. д-р Вера Стојчевска Антиќ с.р.
3. Проф. д-р Севим Пиличкова с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА: „ЕСТЕТСКИТЕ И СТРУКТУРАЛНИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ НОСИИ. СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МИЈАЧКАТА НОСИЈА И НИВНИТЕ ТРАНСФОРМАЦИИ ВО СОВРЕМЕНИОТ МОДЕН ДИЗАЈН" И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р СТОЈАНКА МАНЕВА-ЧУПОСКА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје бр. 02-303, донесена на седницата одржана на 16.9.2009 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на подобноста на темата на докторската дисертација со наслов **Естетските и структуралните особености на македонските народни носии, со посебен осврт на мијачката носија и нивните трансформации во современиот моден дизајн**, пријавена од м-р Стојанка Манева-Чупоска. По извршениот преглед на доставената документација, содржината и образложението на темата, Комисијата го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

**Селективни биографски и библиографски податоци за кандидатката**

Родена е на 22.12.1970 година во Скопје.

Со звањето *дипломиран сликар со конзервација и реставрација* се стекнала на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1996 година.

На истиот Факултет се запишала и на постдипломски студии од областа на сликарството. Постдипломските студии ги завршила успешно со највисок успех, а на 31.10.2006 година, по јавната одбрана на магистерскиот труд со наслов: „Интима - откривање на сокриеното, сокривање на откриеното", се стекнала и со академското звање *магистер на ликовни уметности од областа сликарство*. Има завршено и постдипломски студии по сликарство и рачна обработка на стакло на Високата школа за применета уметност во Прага, Чешка Република.

Од професионалните ангажмани на кандидатката од доменот на сликарството ќе ги извоиме 20-ината изложби, од кои повеќе од половината се самостојни, додека некои се групни изложби. Дел од самостојните и групните изложби се организирани и во културните центри во странство (Прага, Париз, Њујорк, Белград). Од доменот на применетата уметност треба да се истакне дека кандидатката има и работно искуство како сценограф во ТВ Телма, а како моден дизајнер работела во конфекциите „Магнолија" и „Орка" од Скопје и во маркетинг-агенцијата "World Wide". Од 2007 година работи како доцент на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет на Република Македонија (ЕУРМ), каде што држи настава по три предмети: техники на цртање, модна илустрација и колекција.

Кандидатката има учествувано на неколку семинари и обуки од областа на модата и текстилните материјали во земјава, пред сé во Скопје и Штип, како и во странство, во Диселдорф, Германија и во Белград, Србија. Исто така, кандидатката има учествувано и на неколку семинари и од областа на културната политика.

Солидно ги владее англискиот и францускиот јазик. Член е на Друштвото на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ) од 1997 година. Еден е од основачите, а воедно и потпретседател на Македонската модна формација (ММФ) во 2005 година, која претставува дел од Кластерот за текстил при Министерството за економија на Република Македонија.

Кандидатката има напишано и четири труда во издание на ЕУРМ, кои претежно се од областа на ликовната уметност: „Цртеж, линија, перспектива, илузија", „Техники на цртање" и „Интимно имагинарна геометрија", додека трудот: „Модна илустрација" е од областа на модата и е во тесна корелација со предложената тема на докторската дисертација на кандидатот.

**Оцена на подобноста на темата на докторската дисертација**

Што се однесува до пријавениот наслов на докторската дисертација на кандидатката, како и од содржината и образложението на дисертацијата, може да се види дека проучувањата на кандидатката м-р Стојанка Манева-Чупоска ќе се базираат на резултатите од досега публикуваната литература што ја третира проблематиката на естетските и структуралните особености на македонските народни носии, посебно издвојувајќи ја мијачката, како и на релевантните податоци за нивните трансформации во современиот моден дизајн.

Во поглавјето насловено како *Методолошка рамка на истражувањето*, кандидатката ќе се осврне на методологијата на истражувањето на еден ваков научен труд кој ја третира проблематиката на проучувањето на традиционалната народна носија и примената на разни декоративни елементи од неа во современиот моден дизајн. Воедно, во ова поглавје кандидатката ќе посвети и посебно внимание на народните носии како специфичен невербален симбол.

Поглавјето насловено како *Естетски и структурални особености на македонските народни носии* ќе ја третира проблематиката на видовите носии според возраста, социјалниот статус и поводот кога одредена носија се носела (моминска, ергенска, невестинска, младоженска, празнична итн.), со тоа што ќе се направи краток преглед на описите на покарактеристичните носии според етничките предели и етнографските целини. Во овој дел ќе се посвети и соодветно внимание на декоративните елементи од народните носии кои имаат посебна естетска вредност, како што се везените кошули, елеците и разните наметки декорирани со везови, гајтани и други украсни декорации, разните покривала за на глава (марами, убруси, сокаи и сл.) и секако, разните украсни елементи кои го сочинуваат накитот и китењето.

Во одделно поглавје ќе се направи *посебен осврт на мијачката носија*, со сите нејзини специфични особености. Во рамките на ова поглавје ќе биде направен и краток осврт на етногеографските карактеристики на Мијачијата, односно ќе бидат изнесени најважните

географски карактеристики на просторот, како и најважните етно-културни карактеристики на Мијаците. Пред се ќе се направи краток преглед на нивната етничка и културна историја, а ќе бидат спомнати и нивните најважни традиционални занимања. Ќе бидат потенцирани и стопанските дејности поврзани со изработката на носиите, во прв ред ткаењето, како и сите придружни дејности, започнувајќи од обработката на волната за предење, сновање, боењето итн, па сé до добивањето на финалниот производ, односно разните текстилни материјали. Исто така, соодветно внимание ќе биде посветено и на останатите дејности и занаети во врска со изработката на народните носии, како што се везењето и плетењето, кои биле обврска на женскиот дел од заедницата, потоа кроењето и шиењето на разните облековни елементи, што најчесто го правеле занаетчиите-терзии, потоа изработката на разните украсни гајтани, а секако во комплетирањето на народната носија со разни метални украсни елементи свој придонес имале и кујунџиите со своите занаетчиски производи.

Во одделно поглавје насловено како *Влијанието на македонската носија во современиот македонски моден дизајн, со посебен осврт на мијачката носија*, кандидатката ќе ни ги претстави македонските дизајнери кои ја применуваат трансформацијата на народните носии во сопствени колекции и модели, при што посебен осврт ќе биде направен на примената на елементите од мијачката носија. Во рамките на ова поглавје ќе биде презентиран и описот на редизајнираните модели од модните дизајнери кои се занимаваат со елементи од македонските народни носии, а посебно внимание кандидатката ќе посвети и на потребата од стратешки маркетинг и рамка на колекција како потребен економски и дизајнерски сегмент за поттик на текстилната индустрија за изработка на колекции со мотиви од македонските народни носии.

Во *Заклучокот* ќе бидат сумирани резултатите од истражувањата во рамките на докторската дисертација, а овие резултати накратко ќе бидат презентирани и во *Резимето* на англиски јазик.

Во правец на поуспешно претставување на истражувањата во рамките на докторската дисертација, кандидатката ќе приложи и извесен број на фотографии, цртежи, карти, табели и регистри на елементите од народната носија. На крајот ќе биде даден и преглед на користената релевантна литература за изготовката на еден ваков научен труд.

Според мислењето на Комисијата, содржината формулирана на овој начин соодветствува на предметот на истражување, а тоа се однесува и на методолошкиот пристап. Дополнувањата што би се појавиле во текот на работата не би требало значително да влијаат врз основната концепција на докторската дисертација. Со оглед на досегашниот професионален и научен ангажман на кандидатката, Комисијата смета дека тој наполно ќе одговори на предизвикот што стои пред него за изработка на докторската дисертација со предложениот наслов, а резултатите од овој научен труд би биле од корист, како за етнолозите, социо-културните антрополози, историчарите на уметноста и другите научници што се занимаваат со истражувањето на народните носии, така и за модните дизајнери и другите лица чијашто професионална преокупација е примената на елементите од традиционалната народна носија во современата модна индустрија.

Предлог

Врз основа на изнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" од Скопје, темата: **Естетските и структуралните особености на македонските народни носии, со посебен осврт на мијачката носија и нивните трансформации во современиот моден дизајн**, да ја прифати како подобна за изработка на докторска дисертација и на кандидатката м-р Стојанка Манева-Чупоска да ѝ одобри да пристапи кон целосна изработка.

Скопје, 30.10.2009 год.

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Зоранчо Малинов, вонр. проф.,
Институт за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје, с.р.

______________________________

2. Д-р Весна Петреска, ред. проф.,
Институт за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје, с.р.

______________________________

3. Д-р Катерина Петровска-Кузманова, ред. проф.,
Институт за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје, с.р.

______________________________

# ПРЕГЛЕД

**на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 24.12.2009 година**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| Даниела Николовска-Неделкоска, магистер на технички науки | „АНТИОКСИДАТИВЕН ПОТЕНЦИЈАЛ НА СЕЛЕКТИРАНИ ВИДОВИ ГАБИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МОЖНОСТ ЗА НИВНА ТЕРАПЕВТСКА ПРИМЕНА" | - д-р Митко Караделев, вонр. проф. на ПМФ – Скопје<br>-д-р Билјана Бауер-Петровска, вонр. проф. на Фармацевтски факултет – Скопје<br>- д-р Драган Дамјановски, ред. проф. на Технолошко-технички факултет - Велес |
| Рамадан Сопи, магистер по експериментална медицина | „МЕХАНИЗМИ НА ХИПЕРАКТИВНОСТ ИНДУЦИРАНИ СО ВОЗДУШНА ХИПЕРОКСИЈА ВО БЕЛОДРОБНИОТ ПАРЕНХИМ КАЈ НЕОНАТАЛНИ СТАОРЦИ" | - д-р Митко Младенов, доцент на ПМФ – Скопје<br>- д-р Ицко Ѓоргоски, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Сузана Диневска-Ќовкаровска, ред. проф. на ПМФ - Скопје |
| Коле Павлов, магистер на географски науки | „ВЛИЈАНИЕ НА ПРИРОДНИТЕ И АНТРОПОГЕНИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОДИТЕ ВО ТИКВЕШКАТА КОТЛИНА" | - д-р Драган Василески, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Аслан Селмани, ред. проф. на ПМФ - Скопје<br>- д-р Мирјанка Маџевиќ, вонр. проф. на ПМФ - Скопје |
| Олгица Тренчевска, магистер на хемиски науки | "ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОТЕИНСКИ БИОМАРКЕРИ ВО БИОЛОШКИ ФЛУИДИ СО ИМУНОХЕМИСКИ И МАСЕНО СПЕКТРОМЕТРИСКИ МЕТОДИ" | - д-р Богдан Богданов, ред. проф. на ПМФ - Скопје<br>- д-р Зоран Здравковски, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Киро Стојаноски, ред. проф. на ПМФ - Скопје |
| Суат Ибиши, магистер на хемиски науки | „РАЗРАБОТКА НА ГАС ХРОМАТОГРАФСКИ МЕТОДИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА АНТРОПОГЕНИ СУПСТАНЦИ ВО ДОЖДОВНИ ВОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" | - д-р Јане Богданов, доцент на ПМФ - Скопје<br>- д-р Марина Стефова, вонр. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Зоран Здравковски, ред. проф. на ПМФ - Скопје |

## П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 24.12.2009 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Иван Радески, дипломиран професор по географија | „ГОЛЕМИТЕ ВОДИ ВО ГОРНИОТ ДЕЛ НА ЦРНА РЕКА" | - д-р Драган Василески, ред. проф. на ПМФ - Скопје |
| Магдалена Костоска, дипломиран инженер по информатика | „е-ТРЕЗОР –ТРЕЗОРСКИ ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ" | - д-р Марјан Гушев, ред. проф. на ПМФ - Скопје |
| Ненад Бојковски, дипломиран инженер по информатика | „ПРИМЕНА НА ПРОЦЕСОТ НА СОФТВЕРСКОТО ИНЖЕНЕР-СТВО ВО РАЗВОЈОТ НА СОФТВЕР ЗА ВИДЕО ИГРИ" | - д-р Катерина Здравкова, ред. проф. на ПМФ -Скопје, а за коментор д-р Анастас Мишев, доцент на ПМФ - Скопје |
| Верка Гаврилова, дипломиран инженер по хемија | „РАЗРАБОТКА НА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ФЕНОЛНИОТ ПРОФИЛ НА БОРОВИНКИ И РИБИЗЛИ ОД МАКЕ-ДОНИЈА СО УПОТРЕБА НА ТЕЧНА ХРОМАТОГРАФИЈА СО МАСЕНА СПЕКТРОМЕТРИЈА" | - д-р Марина Стефова, вонр. проф. на ПМФ - Скопје |

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на специјалистички трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 24.12.2009 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Валентина Давчева, дипломиран професор по биологија | „ПРОМЕНИ ВО ЕЛЕКТРОЛИТНИОТ СТАТУС КАЈ НЕВРОХИРУРШКИ БОЛНИ ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЛЕКУВАЊЕТО" | д-р Марија Шољакова, ред. проф. на Медицински факултет - Скопје |
| Весна Радивојевиќ, дипломиран професор по биологија | „ВЛИЈАНИЕТО НА РИЗИК ФАКТОРИТЕ ЗА ОСТЕО-ПОРОЗА ВРЗ КОСКЕНИТЕ МАРКЕРИ β– CROSS LAPS И ОСТЕОКАЛЦИН КАЈ ЖЕНИ ВО МЕНО-ПАУЗА" | д-р Божидарка Ѓошиќ-Марковска, ред. проф. на ПМФ - Скопје |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК "ПАРЦИЈАЛНА СКЕЛЕТИРАНА ПРОТЕЗА- ПРЕТКЛИНИКА" ОД ПРОФ. Д-Р ЕВДОКИЈА ЈАНКУЛОВСКА

*Наставно - научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот " Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата VI редовна седница одржана на 4. 12. 2009 година, донесе одлука за именување на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Елена Петкова, d-r sci и проф. д-р Марија Накова, d-r sci, за оцена на ракописот за учебник од проф. д-р Евдокија Јанкуловска, d-r sci, а под наслов " Парцијална скелетирана протеза - претклиника", наменет во прв ред за студентите по стоматологија. По прегледувањето на доставениот ракопис имаме чест да го поднесеме следниов*

## ИЗВЕШТАЈ

*Ракописот " Парцијална скелетирана протеза - претклиника" е отчукан на 230 страници, со проред и без слики, со прилог од 259 слики и библиографија.*

*Учебникот е поделен на 7 поглавја. Содржината на ракописот е според наставниот план и програма усвоена од Наставно-научниот совет во 2005 година.*

*Во ПРВОТО поглавје под наслов* ***Биолошка основа за парцијална протеза,*** *изнесен е биолошкиот аспект на парцијалните протези преку проценка на функцијата на сите ткива кои ги користи како лежиште скелетираната парцијална протеза. При тоа се обработени: стоматогнатниот систем со неговата биостатска рамнотежа; последиците од делумното губење на забите, забните низи, редуцираните забни низи, облиците на делумна беззабност, ткивата - носачи на парцијалната протеза (преостанати заби, преостанато алвеоларно продолжение-гребен, оптоварување на носечките ткива, видови на оптоварување,. и поделбата и класификациите на делумната беззабност.*

*Во ВТОРОТО поглавје* ***Елементи на скелетираната парцијална протеза*** *изнесени се: дефиницијата, индикациите и контраиндикациите за изработување на скелетираната парцијална протеза, потоа делови на скелетираната парцијална протеза, гингивален дел (голема спојка или поврзувач, видови и облици за горната и за долната скелетирана парцијална протеза, седло на скелетираната парцијална протеза - вметнато и слободно); дентален дел на скелетираната парцијална протеза (лиени кукици, атечмени, лизгачки, пречки, резиња, двојни коронки- телескоп коронки), врска помеѓу гингивалниот и денталниот дел на скелетираната протеза (директна, индиректна, крута, лабилна).*

*Во ТРЕТОТО поглавје* ***Планирање на скелетираната парцијална протеза,*** *станува збор за дејствувањето на силите, биомеханика на*

*скелетираната парцијална протеза, елементи за прифаќање, распоредување и спротивставување на силите, премерување на моделите: паралелометар; помошен прибор, правец на внесување на протезата, положба на моделот при премерување, основни насоки за планирање на скелетираната парцијална протеза.*

*Во ЧЕТВРТОТО поглавје под наслов* ***Техничка изработка на скелетираната парцијална протеза****, изнесени се: отпечатоците за скелетирана парцијална протеза (анатомски и функционални), добивањето на работен модел, подготовка на моделот за дублирање, дублирање на основниот модел; изработување на модел од огноотпорен материјал, навоштување на моделот, поставување на восочни профили: калап за профили, употреба на калапот, готови профили, предности на готовите профили, моделирање на скелетот, изработка на огноотпорен блок, предгреење и греење, топење на легурата и леење на скелетот, завршна обработка на скелетот (механичка, електролитно полирање, полирање), проба на скелетот. Сета оваа материја е многу прецизно и стручно образложена но и богато илустрирана со цртежи и фотографии, притоа изразувајќи ги постапките и фазите на изработувањето на парцијалната скелетирана протеза. На тој начин секој сегмент од оваа содржина е прегледен, едноставен, јасен и лесно разбирлив за читателот, што е посебно значајно за совладувањето како на теоретската така и на практичната наставна содржина.*

*Во ПЕТТОТО поглавје* ***Понатамошни постапки во изработката на скелетираната протеза****, изнесени се: изработување на загризни бедеми; одредување на меѓувиличните односи, избор и поставување на вештачките заби, проба на восочниот модел на протезата во устата на пациентот.*

*Во ШЕСТОТО поглавје* ***Завршни лабораториски постапки,*** *опфатени се: моделирањето на протезите во восок, замена на восочните делови со акрилат, завршна обработка на скелетираната парцијална протеза.*

*Во СЕДМОТО поглавје "****Поправки на парцијалната скелетирана протеза****, изнесени се корекциите, можностите и начините на репаратурите и подложувањето на скелтираната парцијална протеза.*

*На крајот од ракописот е дадена и* ***Литературата*** *која е користена при подготвувањето на ракописот. Таа содржи во најголем дел еминентни странски автори на учебници од областа на парцијалната протеза, како и објавени публикации од истата област во домашни и странски списанија и тоа од понови датуми.*

# МИСЛЕЊЕ

Материјата што ја разработува учебникот "Парцијална скелетирана протеза - претклиника" е дел од наставната содржина по предметот претклиничка мобилна протетика - парцијална протеза, кој се изучува во втора година на стоматолошките студии со неделен фонд од 2 часа. Бидејќи се однесува на техничкото изработување на парцијалната скелетирана протеза, со неа можат да се служат студентите од Високата школа за забни техничари како и учениците од Средното заботехничко училиште. Предложениот ракопис е во согласност со Наставниот план и програма од 2005 година и во целост го опфаќа делот од Наставната програма.

Кај нас веќе подолг период постои потреба од учебник со ваква содржина во кој знаењата од анатомијата и физиологијата на мастикаторниот орган ќе се поврзат со методите и постапките кои овозможуваат надоместување на изгубените делови од мастикаторниот орган и рехабилитација на неговата функција.

Студентите по стоматологија од ракописот можат да се стекнат со основните теоретски знаења од техничкото изработување на скелетираната парцијална протеза и за нејзиното значење во клиниката, што е императив за успешното совладување на материјата од оваа област.

Пишуван е на едноставен, лесен стил, со јасен и разбирлив јазик. Поаѓајќи од фактот дека понекогаш една единствена слика може да биде повредна од многу напишани зборови, учебникот е богато илустриран со цртежи и фотографии, притоа изразувајќи ги постапките и фазите на изработувањето на парцијалната скелетирана протеза. На тој начин секој сегмент од содржините е прегледен, едноставен, јасен и лесно разбирлив за читателот, што е посебно значајно за совладувањето како на теоретската така и на практичната наставна содржина.

Врската меѓу претклиниката и клиниката е тесна и нераздelна, па при изнесувањето на материјата едноставно е невозможно да се одделат една од друга (но притоа клиничкиот дел е онолку колку досегаат потребите на содржината на овој учебник). Тоа е и единствениот начин да се добие целина и да се разбере ова комплицирано протетичко помагало - парцијалана скелетирана протеза. Бидејќи претклиниката е неопходен предуслов за успешна реализација на клиничките фази при парцијалното протезирање, можеме да кажеме дека таа е темелот на успехот при изработубвањето на парцијалните протези. Оттука произлегува големото значење на познавањето на претклиниката, па според тоа и вредноста на овој учебник.

За квалитетот на ракописот придонесе богатото клиничко и наставно искуство на авторот, како и нејзиното претходно образование од забната техника и технологијата, односно вонредното познавање на материјата што ја обработува, што и овозможи на многу едноставен и методолошки прифатлив начин да им ја изложи материјата на студентите. Секако дека за квалитетот на ракописот свој придонес даде и претходната издавачка дејност на авторот.

*Во стручната литература ракописот "Парцијална скелетирана протеза - претклиника" претставува голем придонес и збогатување на стоматолошката мисла и литература. Предложениот ракопис е комплетен со сите новини од струката од европските простори и ќе биде прв учебник од оваа област во Р. Македонија напишан на македонски јазик.*

## *З А К Л У Ч О К*

*Ние рецензентите на ракописот "Парцијална скелетирана протеза - претклиника" од проф. д-р Евдокија Јанкуловска, d-r sci, проф. д-р Елена Петкова, d-r sci и проф. д-р Марија Накова, d-r sci, разгледувајќи го и анализирајќи го ракописот во целина, цениме дека тој по содржина, форма и опременост одговара на барањата за основен и постојан учебник за користење на Стоматолошкиот факултет и на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Со корекциите што авторот ги прифати и ги изврши и заклучокот од нашата анализа претставува основа да му препорачаме на Наставно-научниот совет да го одобри понатамошниот тек, односно печатењето на ракописот.*

*РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА*

*1. Проф. д-р Елена Петкова, d-r sci с.р.*
*2 .Проф. д-р Марија Накова, d-r sci с.р.*

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР-ПРИЕМ НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ ПРИРОДНО - МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На седницата на Наставно - научниот совет на Природно - математичкиот факултет во Скопје, одржана на 24. 12. 2009 година, во врска со конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 12. 12. 2009 година, бевме избрани за членови на рецензентската комисија за избор на помлад асистент од областа на информатиката на Институтот за информатика при Факултетот.

На конкурсот се пријави кандидатката Симона Самарџиска, магистер на информатички науки. По разгледувањето на приложените документи и личното познавање на кандидатката, на Наставно - научниот совет на Природно - математичкиот факултет во Скопје му го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката Симона Самарџиска е родена на 14.12.1980 во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со континуиран одличен успех. Во текот на своето школување, кандидатката има учествувано на повеќе домашни и меѓународни натпревари по математика и има освоено бројни награди:

- 1997, бронзен медал на Македонската математичка олимпијада;
- 1998, сребрен медал на Македонската математичка олимпијада;
- 1999, златен медал на Македонската математичка олимпијада;
- 1999, бронзен медал на 40-та Интернационална математичка олимпијада, Букурешт – Романија;
- 1999, пофалница на Балканската математичка олимпијада, Охрид, Македонија.

На студии по математика на ПМФ, насока: теориска математика, се запишала во учебната 1999/2000 година. Студиите ги завршила во февруари 2004 година, со просечен успех 9,8. Во текот на студирањето учествувала на Интернационалниот натпревар по математика за студенти одржан во Клуж-Напока, Романија, 2003 година, каде што добила пофалница.

Во март 2004 година, се запишала на постдипломски студии на Институтот за информатика при ПМФ, насока: теориски основи на информатиката. Студиите ги завршила во 2009 година со одбрана на магистерскиот труд „Полиномијални $n$-арни квазигрупи од ред $p^{w}$", под менторство на проф. д-р Смиле Марковски.

Во зимскиот семестар во студиската 2004/05 година, кандидатката Симона Самарџиска работела како демонстратор на Институтот за математика при ПМФ во Скопје, а од летниот семестар во студиската 2004/05 година е вработена како помлад асистент на Факултетот за информатика на ЕУРМ – Скопје. Од 2008 година е вработена како помлад асистент на Факултетот за информациско-комуникациски технологии при ФОН Универзитетот во Скопје.

Кандидатката активно учествува во популаризацијата на математиката и подигнувањето на математичката култура меѓу младите од нашата држава. Била

предавач на Математичката школа за талентирани ученици од основно училиште во организација на Здружението на математичари на град Скопје (во учебната 2004/05), учесник во Организациониот одбор на Интернационалниот натпревар по математика за студенти (јуни, 2004), член на комисијата за организација на натпревари за основно училиште и средно училиште, член во Организациониот одбор на Балканската математичка олимпијада одржана во Охрид, во мај 2008 година, заменик-водач на македонската екипа на Балканската математичка олимпијада одржана во Крагуевац – Р. Србија, во мај 2009 година. Соработник е во математичкото списание за основно училиште „Нумерус" и член на уредништвото на математичкото списание „Сигма".

Во 2003 и 2004 година, кандидатката има учествувано на годишната МАСС - конференција за применета математика и информатика, во Љубљана, а во ноември 2005 учествувала на семинарот за применета алгебра во Благоевград, Бугарија, на тема "Application of Algebra and Discrete Mathematics in Computer Sciences".

Кандидатката своите научни резултати ги има прикажано на повеќе научни собири во земјава и во странство. Списокот на конференциските трудови е следниов:

[1] S. Samardziska, R. Milev: *Off-street route planning and management*, Student Conference on Applied Mathematics and Computing – "Knowledge Extraction", Ljubljana, Slovenija, 2003.

[2] S. Chungurski, I. Kraljevski, S. Arsenovski, S. Samardziska: *Informacioni sistem za klipovanje novina*, Information Technology Interfaces –Дубровник, Хрватска, 2007.

[3] S. Samadziska, S. Markovski: *Polynomial n-ary quasigroups*, "80 years of prof. Blagoj Popov's life"- Ohrid, Macedonia, 2008.

[4] S. Samadziska, S. Markovski: *On the number of polynomial quasigroups of order* $2^n$, IV конгрес на математичарите на Р.Македонија, Струга, 2008.

[5] S. Samadziska: *On the parastrophes of polynomial binary quasigroups*, International mathematical congress of MASEE, MICOM 2009, Ohrid, Macedonia, 2009.

Трудовите [3], [4] и [5] го претставуваат основниот научен интерес на кандидатката, а тоа е примената на алгебарските методи во криптографијата. Нејзините анализи на полиномните квазигрупи претставуваат оригинален научен придонес и се прифатени за печатење во зборниците на трудови од спометатите конференции. Таа се има докажано и како програмер, посебно во апликацијата на криптографската хаш-функција NaSHA на повикот од NIST за нов стандард на хаш-функција:

[6] "NaSHA cryptographic hash function" – S. Markovski, A. Mileva, contributors – S. Samardziska, B. Jakimovski programmerc, http://en.wikipedia.org/wiki/NaSHA, SHA-3 Submission and Round-1 candidate. http://csrc.nist.gov/groups/ST/hash/sha-3/Round1/documents/NaSHA.zip

Кандидатката има доставено FCE (First Certificate in English) сертификат за познавање на англискиот јазик, добиен од Универзитетот во Кембриџ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката м-р Симона Самарџиска, магистер на информатички науки, ги исполнува сите услови да биде избрана за помлад асистент на Институтот за информатика при ПМФ во Скопје. Таа има стекнато богато наставно искуство во нејзиниот досегашен работен ангажман, е перспективен научен подмладок и има добиено сопствени оригинални научни резултати презентирани на научни конференции, и активно дејствува во професионалните и стручните организации, посебно во областа на популаризацијата на науката меѓу младите.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на ПМФ **да ја избере кандидатката м-р Симона Самарџиска за помлад асистент на Институтот за информатика при** Факултетот.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Смиле Марковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Верица Бакева, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Ана Мадевска-Богданова, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ХИСТОЛОГИЈА И ЕМБРИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година, формира Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Лилјана Миленкова, проф. д-р Грацилија Кироска и доц. д-р Елида Митевска, за избор на асистент по предметот хистологија и ембриологија.

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник " од 25. 11 2009 година се пријави д-р Лена Какашева-Маженковска.

Врз основа на доставениот материјал и личното познавање на кандидатката, нејзиниот стручен, научен и педагошки развој, Рецензентската комисија го донесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Лена Какашева-Маженковска е родена 1959 година во Ташкент. Основно и средно образование со одличен успех завршила во Скопје.

На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1978/79 година. Дипломирала на 5.7.1985 година со среден успех 8,2. Стручниот испит го положила во март 1987 година.

Во постојан работен однос на Институтот за хистологија и ембриологија на Медицинскиот факултет во Скопје е од 1.7.1988 година. На постдипломски студии од областа на хистологијата и ембриологијата се запишала во учебната 1989/90 година. Испитите и колоквиумиуте предвидени според програмата за постдипломски студии ги положила со среден успех 9,5, а магистрирала во 2009 година.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Во наставната дејност на Катедрата за хистологија и ембриологија, д-р Какашева-Маженковска учествува од самото свое вработување. Континуирано е ангажирана во изведувањето на практичната настава за студентите по медицина и стоматологија, а од оваа година и во практичната настава за студентите на тригодишните стручни студии за дипломирани медицински сестри/техничари и тригодишните стручни студии за дипломирани физиотерапевти. Своето знаење и искуство со голем ентузијазам им го пренесува на младите генерации студенти. Во нејзините ангажмани спаѓаат и редовните консултации со студентите во текот на кои

настојува да го насочи нивниот интерес и кон научноистражувачката работа, што се гледа од фактот што била ментор на студентски теми кои биле презентирани на студентски конгреси во земјата и во странство.

Д-р Лена Какашева-Маженковска се истакнува по својата инвентивност и креативност во подготвувањето и презентацијата на практичната настава за што се доказ и високите оценки при евалуацијата што се спроведува меѓу студентите секоја студиска година. Во наставното звање помлад асистент е избрана на 8.10. 1991. Преизбрана во истото звање на 12. 6. 1996 година и на 28.4.2000 година.

## НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Д-р Лена Какашева-Маженковска е сериозно посветена на полето на научноистражувачката работа во Институтот, а постигнувањето на сознанијата резултира со 89 стручни трудови, на кои е таа автор или коавтор. Учесник е на повеќе конгреси во земјата и во странство. Во фокусот на нејзиниот научен интерес е проучувањето на хистологијата на кожата и анализата на морфолошките особености на кожните трансплантати со што воспостави плодна соработка со Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија при Клиничкиот центар во Скопје. Од тоа произлезе изработката на магистерскиот труд под наслов: **„Варијации на хистоморфолошки карактеристики на здравата кожа во различни регии кај испитаници со различна возраст"** кој го одбранила во јуни 2009 година. Истовремено таа ги анализирала карактеристиките на подлогите за трансплантација на кожата, што се заедно ќе претставува значаен научен придонес во разјаснувањето на разликите во квалитетот на кожните трансплантати. Во 1996 година го посетувала семинарот „Основи на стереологијата" во Нови Сад.
Резултати од нејзината досегашна научна дејност се ѝ испитувањето на ефектите на различни лекови врз структурата на органите презентирани на конгреси и симпозиуми во земјата и во странство. Досега се рецензирани 16 трудови на д-р, Лена Какашева-Маженковска и тоа во Билтен бр. 557 од 10. 6.1991, Билтен бр. 660 од 15.5.1996 и Билтен бр.756 од 28.4.2000 година. На 1.10 2003 го изгуби статусот на помлад асистент.

## ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Д-р Лена Какашева-Маженковска истовремено, секојдневно е ангажирана и во вршењето на здравствената дејност на Институтот за хистологија и ембриологија преку активна работа во лабароторијата за анализа на хуман ејакулат, која крајно совесно и прецизно ја извршува.

***1.(17) Regionalne varijacije normalne humane kože kod ispitanika razlicitog pola i starosti.*** **Kakaseva L.**, Milenkova L., Kostovska N., Kiroska G., Mitevska E.,Gerasimovska Z. FOLIA ANATOMICA - Zbornik sazetaka Vol.29 (suppl.1), Herceg Novi 2001.

Авторите си поставиле за цел со помош на детална хистолошка анализа да ги откријат суштината и динамиката на промените во структурните компоненти на кожата во текот на животот во различните реги на телото и воедно да се утврдат половите разлики во текот на овој физиолошки процес. Материјалот за обработка бил земен од пациенти и кадавери од различен пол и возраст (од новороденчиња до лица во длабока старост). Хистолошката анализа ги опфатила обете конститутивни компоненти на кожата - дермис и епидермис. Утврдено било дека кај младите лица постои правилен распоред на клетките на базалниот слој на епидермисот со присуство на бројни митози. Кај постарите лица дебелината на епидермисот се намалува, клетките неправилно се распоредуваат на базалната мембрана и го менуваат својот облик, величина и афинитет кон боите. Со стареењето се губат и папилите на базалната мембрана и доаѓа до нејзино израмнување. Тоа доведува до заклучок дека кај постарите лица епидермопоезата се намалува со што се објаснува забавениот процес на репарација и заздравување на раните. Сврзното ткиво на дермисот се менува со текот на животот на секоја индивидуа. Утврдено било нарушување на правилниот распоред на колагените и еластичните влакна во смисла на нивно фрагментирање, дезориентираност и редуцирање на еластичните влакна. Авторите заклучиле дека промените на кожата кои се физиолошки се одвиваат со различен интензитет во различни реги кај машкиот и женскиот пол, а се резултат на квалитативни и квантитативни промени во структурните компоненти на епидермисот и дермисот.

***2.(18) Квалитативно анализирани кожни трансплатати со различна старост кај пациенти оперирани од melanoma malignum.*** **Какашева Л.**, Миленкова Л., Џокиќ Ѓ., Митевска Е., Герасимовска З. II конгрес на хирурзите на Македонија со меѓународно учество. Книга на апстракт: 130, Охрид, 2000.

Целта на авторите била квалитативна хистолошка анализа на дефектите на кожата на екстремитетите настанати после оперативен третман на малигни меланоми, кои биле прекривани со нецелосно дебели кожни трансплантати од типот split thicknes. Зависно од времето на трансплантацијата, кожните биопсии ги поделиле на млади трансплантати (10,12,14,15 месеци ) и стари трансплантати (24,32,42 месеци). Хистолошки најдените промени биле компарирани со препарати добиени од здрава кожа, земени од давачките реги кои биле користени како извори на трансплантатите. Кај младите транспантати јасно се забележува границата меѓу подлогата (мускулна фасција) и трансплантатот, додека кај старите трансплантати таа граница се губи. Кај младите трансплантати се уште е присутен висок епидермис со бројни митози во базалните партии со благо зарамнување на границата меѓу епидермисот и дермисот, со бројни новосоздадени крвни садови околу кои има богати инфилтрати од клеточни елементи и присуство на потни и лојни жлезди, како и фоликули на влакна. Кај постарите трансплантати епидермисот бил низок, со редуцирани митози, зарамнување на границата меѓу епидермисот и дермисот. Редуцирани се:

васкуларизацијата, инфилтратите од клетки, потните и лојните жлезди и фоликулите на влакната . Од овој наод авторите констатирале дека за да се добие вистинска слика за случувањата во трансплантатот потребен е подолг временски интервал, со што се доаѓа до заклучок дека трансплантираната кожа станува лесно вулнерабилна и понеотпорна на надворешни влијанија.

***3.(19) The results of the semen analysis can lead to dijagnostifung afunction of seminal vesicles***. L. Milenkova, N. Kostovska, **L. Kakasheva**, Symposium internationale quartum anatomiae clinicae. Scripta scientifica medica, vol.XXXII,Suppl.1(97) Varna, 2000.

Авторите укажуваат дека правилното интерпретирање на параметрите од спермограмот може да помогне во откривањето на афункцијата на семиналните везилули и со тоа да послужи како патоказ во клиничкото испитување на пациентот. Според искуството на авторите, следните 5 параметри од спермограмот кога се силно намалени вредности, индицираат отсуство на васкуларна партиципација во семената плазма: отсуство на коагулација, висок ацидитет (PH 6,2-6,4), екстремно низок волумен (0,1-0,4 мл), екстремно ниски вредности на фруктозата (0,2-0,9mmol/l) и 100% имотилност ( и покрај високиот процент на витални и морфолошки нормални сперматозоиди). BCMPT е секогаш негативен, но не е круцијален во поставувањето на дијагнозата.

***4.(20) Histologyc Analysis of Split-Thickness Skin Grafts on the Extremities After 6 to 36 Months.*** **Lena Kakasheva-Mazenkovska**, MD, Gjorgie Gjokic,MD, Elida Mitevska,MD, Zorka Gerasimovska, MD, Ana Kalamaras, MD.12th Congress of the International Confederation for Plastic, Reconstructive and Aesthetic Surgery.Abstracts: 251, San Francisko, 1999.

Авторите на овој труд направиле хистолошка анализа на трансплантати со нецелосна дебелина (split thicknes) кои биле поставени врз дефекти на екстремитетите кај 42 пациента со различна старост и пол. Анализирани биле трансплантатите после 6 месеци и 36 месеци од трансплантацијата. Трансплантатите биле поставени врз подлога од мускулна фасција. По 6 месеци од трансплантацијата епидермисот бил висок, со бројни митози во базалните партии со интензивна кератинизација, со добро развиена циркуларна мрежа на границата меѓу подлогата и трансплантатот. Потните и лојните жлезди како и фоликули на влакната одсуствувале во сврзното ткиво. После 36 месеци од трансплантацијата, епидермисот сигнификантно се смалил. Во базалните слоеви на епидермисот митозите станале ретки со смамален интензитет за кератинизација. Васкуларната мрежа покажала значителна редукција. Ретки нервни влакна се забележувале во близина на крвните садови. Заклучокот на авторите бил дека нормалните карактеристики на кожниот трансплантат се губат и кожата на местото на трансплантацијата станува атрофична, лесно вулнерабилна и помалку отпорна на надворешните влијанија.

*5.(21) Vascularisation in transplants in split thickness, aged 2 to 36 months.* **Kakaseva L.** Gerasimovska Z. Mitevska E. Gjokic Gj. Kacarska F. Kalamaras A 25. Congress of YAA with international participants, Folia Anatomica 26(2):113, Nis, 1998.

Целта на авторите на овој труд била да се следи васкуларизацијата во нецелосно дебели трансплантати (split thicknes) кои препокривале дефекти на екстремитетите настанати по изгореници, трауми или екцизии. Кожните биопсии биле земени од пациенти од обата пола на возраст 15-65 години, а трансплантатите биле со старост од 2 месеца до 36 месеци од трансплантацијата. Васкуларизацијата е еден од главните чинители за опстанок на трансплантатот. Колку е трансплантатот помлад, толку разраснувањето на крвните садови е поголемо и побогато со цел брзо воспоставување на добра васкуларизација на трансплантатот и подобро негово прифаќање. Таа била прво богата развиена на допирните сегменти на подлогата со трансплантатот, а со текот на времето целиот трансплантат бил проткаен со ленти од крвни садови кои стигнуваат под епидермисот.

*6.(22) Хистолошка анализа на хронични промени на кожата на долните екстремитети.* **Какашева Л.** Џокиќ Ѓ. Митевска Е. Герасимовска З. I конгрес на микробиолозите на Македонија, Мак. Мед. преглед 51(24):62, Охрид, 1997.

Предмет на трудот е хистолошката анализа на инфламаторните промени на кожата на долните екстремитети кај пациенти кај кои видливите промени перзистирале во подолг временски период. Хистолошката анализа покажала карактеристични морфолошки белези на епидермис и кориум за постоење на хронична инфламација. Хистолошкиот наод наполно се совпаѓа со претходно поставената клиничка дијагноза.

*7.(23) Morphological anayisis of transplants with thickness grafted on skin defects of extremities and followed- up from 6to 36 months.* Kakasheva L.(K.L.), Gjokic Gj.(Gj.Gj), Mitevska E.(M.E.), Gerasimovska Z.(G.Z.). 1st Balkan Congress for Plastic Reconsructive and aesthetic surgery. Book of Abstracts and round table discussions: 132, Thessaloniki, 1999.

Била извршена постоперативна верификација на (хуман материјал) на хистолошките промени на кожните трансплантати со различна старост, меѓу 6 и 36 месеци и мускулна фасција која служела како подлога. Квалитативната анализа покажала дека кај трансплантатите со старост 6-18 месеци има задебелен епидермис со бројни митози и забрзана кератинизација и интензивна васкуларизација на меѓу трансплантатот и мускулната фасција. Епидермисот на трансплантатите со старост 19- 36 месеци е со намалена дебелина, ретки митози и намалена кератинизација. Васкуларната мрежа во кориумот е редуцирана.

*8.(24) Histological findings in postcombustion hypertrophic skin cicatrix.*
**Kakaseva L.** Gjokic Gj. Gerasimovska Z. Mitevska E. Kalamaras A.XIII National Kongress of the Bulgarian Anatomical Society, Scripta scientifica medica XXX(1):78, Varna, 1997.

Била направена хистолошка анализа на биоптичниот материјал на хипертрофиран цикатрикс како резултат на изгореница предизвикана од врела вода кај 18-месечно дете. Парафинските пресеци, освен со рутинските методи, биле боени и со Holms-методот за да се визуелизира евентуалното присуство на нервни влакна. Авторите регистрирале: задебелен епидермис со изразен геринативен слој со зачестени митози, кориум со хаотичен распоред на дебели снопови од колагени влакна, отсуство на жлездени елементи, фоликули на влакна и нерви.

***9.(25) Skin nerves and skin nerve recessuses stained by Holmses method.***
**Kakaseva L.** Mitevska E. Gerasimovska Z. Gjokic Gj. Kiroska G.The Eleventh European Anatomical Congress, Abstracts book:124. Timisoara, Romania, 1998.

Нервите и нервните завршетоци во кожата не можат да се прикажат со вообичаените хистолошки техники и методи за боење. Заради потребата за од квалитетна визуелизација на ваквите структури, авторите детално го разработиле Holms-овиот метод и го примениле врз нивниот материјал - кожни биопсии земени од здрава, нормална кожа од екстремитетите на луѓе од различен пол и возраст. Во оваа метода се користи сребрен хлорид и златен хлорид со што посебно се овозможува импрегнација на нервите и нервните продолжетоци. Доколку Holms-овиот метод успешно и квалитетно се спроведе, се добиваат сино-црно обоени нерви и нервни завршетоци, додека подлогата се добива нијансирана од сино до розово обоена.

***10.(26) The effect of Medroxyprogesterone acetate on weight and morphology of the uterus.*** Gerasimovska Z., Mitevska E., **Kakaseva L.**, Kiroska G., Spiroski M..Abstarcts Pleven 1999

Целта на овој експеримент била да се утврдат ефектите на medroxyprogesterone acetate врз тежината и морфологијата на утерусот на женките кај полово зрели Wistar-стаорци после 30-дневна апликација на МРА во дози на 15 мг/кг тт. Тежината на утерусот била сигнификантно намалена, скоро на половина вредност од онаа на контролната група. Хистолошката анализа покажувала редукција на дебелината како на ендометриумот така и на миометриумот. Редуцирани биле и делумно исчезнати и утерините жлезди во ендометриумот. Кај некои од стаорците редуцирана е и количината на колагените влакна во lamina propria.

***11.(27)Интериндивидуални разлики на реактивност на мезентеријалните лимфни јазли по апликација на medroxprogesteron acetat.***
Митевска Е., **Какашева Л.**, Герасимовска З., Кироска Г., Костовска Н. Спироски М. Македонски медицински преглед - Зборник на резимеа 54 (сuпл.43), Скопје, 2000.

Целта на ова истражување била да се проценат интериндивидуалните разлики на реактивност на лимфните фоликули во мезентеријалните лимфни јазли после апликација на ниски дози на medroxyprogesterone acetate - 7,5 мг/кг тт. во тек на 30 дена. Со морфометриска анализа била одредувана средната големина на пречникот на лимфните фоликули во мезентеријалните лимфни

јазли и пречникот на нивните герминативни центри. Утвдено било со анализата на варијанса сигнификантно намалување на сите испитувани параметри кај експерименталната група. Резултатите покажале дека атрофичните промени на лимфните фоликули под влијание на медроцѕпрогестероне ацетате се, проследени со намалување на бројот на популационите групи во однос на нивната хомогеност, односно забележано е намалување на итериндивидуалните разлики на клеточниот потенцијал во површниот кортекс на мезентеријалните лимфни јазли.

***12.(28) Ефекш на високи дози medroxyprogesterone acetate врз морфолоīијаша на слезина.*** Герасимовска З., Митевска Е., **Какашева Л.**, Кироска Г., Спироски М. Македонски медицински преглед - Зборник на резимеа 54 (сушпл.43), Скопје 2000

Истражуван бил ефектот на едномесечна апликација на две различни дози на medroxyprogesterone acetate врз хистоморфологијата на слезината на адултни Wistar-staorci. Микроскопската анализа на слезината покажала дека лимфните фоликули се смалени. Герминативните центри биле инактивни и се забележуваат само кај мал број на фоликули. Оваа појава е регистрирана кај двете експериментални групи на стаорци. Намалувањето на дензитетот на лимфните фоликули во белата пулпа било особено изразено при апликација на 75 мг/кг тт. medroxyprogesterone acetate. Поради губењето на јасните граници меѓу одделните делови на лимфните фоликули и на границите помеѓу белата и црвената пулпа лимфното ткиво добива карактеристики на дифузно распоредено лимфно ткиво. Оваа промена е особено изразена во групата третирана со висока доза на medroxyprogesterone acetate. При апликација на ниски дози на лекот се забележува изразено присуство на колагени влакна во лимфните фоликули и посилно изразен трабекуларен систем. Овие резултати сугерираат дека medroxyprogesterone acetate аплициран во вакви дози пројавува имуно супресивен ефект врз лимфното ткиво на слезината.

***13.(29) Alterations of lymphoid tissue in the lungs after application of single high dose of of Dexamethasone.*** Mitevska E., Gerasimovska Z., Kostovska N., **Kakaseva L.**, Kiroska G., Milenkova L.. 3 Balkan congress of immunology - Abstarcts Athens 2001

Целта на ова истражување била да се детерминираат евентуалните алтерации на клеточниот потенцијал на лимфоидното ткиво на белите дробови кај Wistar-staorci по апликација на единечна висока доза дексаметазон. Хистолошката анализа покажала дека лимфоидното ткиво асоцирано со мукозата на бронхите и бронхиолоите и присуството на лимфоцити во адвентицијата на поголемите крвни садови и интерстицијалното сврзно ткиво во белите дробови се видливо редуцирани, што укажува на фактот дека дексаметазонот индуцира намалување на застапеноста на имунолошки компонентните клетки. Овој наод сугерира редукција на имунолошката бариера на оваа ареа.

***14.(30) Morphological characteristics of lymphoid tissue in the intestines wall after application of Dexamethazone.*** Gerasimovska Z., Mitevska E., Kiroska G., Milenkova

I., **Kakaseva L.**, Kostovska N.. 3 Balkan congress of immunology - Abstarcts Athens 2001

Целта на истражувањето била да се детерминираат морфолошките карактеристики на лимфоидното ткиво во ѕидот на тенкото црево кај Wistar-стаорци по еднократна апликација на висока доза (1,5 мг/кг тт) дексаметазон. Авторите регистрирале дека лимфните фоликули во Paer-овите плочи биле намалени, а кај одредени примероци била изгубена регуларната нодулација и замената со дифузно распоредено лимфоидно ткиво. Авторите заклучиле дека апликацијата на висока доза дексаметазон резултира со редукција на лимфоидното ткиво во ѕидот на тенкото црево.

***15.(31) Ефектот на тиамазолот врз тироидната жлезда на Wistar-стаорци проследен со RIA-методи.*** Кироска Г, Митевска Е, Герасимовска З, **Какашева Л.** 2. Македонски имунолошки конгрес. Македонски медицински преглед, 54(43):242, Охрид, 2000.

Со примена на RIA-методи е испитувано влијанието на тиреосупресивниот лек Tiamazol врз нивото на тироидните хормони кај адултни и млади Wistar стаорци. Лекот бил аплициран во терапевтски и двојни концентрации во текот на 30 дена. Резултатите покажале дека обете концентрации на лекот ги намалуваат вредностите на $T_3$ и $T_4$ во серумот, како кај адултните исто така и кај младите Wistar-стаорци.

***16.(32) Cystic structured follicles of thyroid gland in wistar rats influenced by amiodarone and thiamazole.*** G. Kiroska, E. Mitevska, **E. Kakasheva**, Z. Gerasimovska, M. Koceva.XIV Congress of Anamomy, Histology and Embriology with International participation. Abstracts rezimeta : 32, Pleven,Bugarija, 1999.

Извршена била стереолошко-морфометриска анализа на тироидната жлезда кај две групи адултни Wistar-стаорци. Во текот на месец дена биле аплицирани терапевтски дози, кај првата група антиаритмик Amidorone а кај другата-тиреоиден инхибитор Tiamazol. И во обете групи основен наод е цистично проширување на фоликулите (кај 30% од животните во Amidorone-групата и кај 40% од стаорците третирани со Tiamazol). Цистите се групирани, а во централните делови на жлездата се поретки и обично солитарни. Дијаметарот на цистите се движи од 150 до 550 микрометри, додека височината на епителот кој ги обложува е варијабилна. Содржината на цистите изобилува со ресорптивни вакуоли. Авторите истакнуваат дека нивните претходни истражувања покажале дека кај младите Wistar-стаорци идентичниот третман не индуцирал такви промени.

***17.(33) Morphometry in investigation of mesenteric lymph nodes in wistar rats.*** E. Mitevska, Z. Gerasimovska, **L. Kakasheva,** G. Kiroska, M. Spiroski. XIV National Congress of Anatomy, Histology and Embriology with International Participation. Abstracts rezimeta: 29, Pleven, Bugaria, 1999.

Применета е морфометриска анализа на структурните компоненти на мезентеричните лимфни јазли кај Wistar-стаорци а добиените нумерички податоци се обработени со Newman-Kuls multiple comparation test. Мерени биле

дијаметрите на лимфните јазолчиња на мезентеричните лимфни жлезди и дијаметарот на нивните герминативни центри. Резултатите покажале дека мезентеричните лимфни жлезди кај различни животни имаат различни димензии на структурните компоненти.

***18.(34) Гравиметриско и морфолошко испитување на тимусот кај интактни и адреналектомирани стаорци.*** Митевска Е. **Какашева Л**. Герасимовска З. Кироска Г. Спироски М. Македонски имунолошки деновие 98, Мак. Мед. преглед 51(32):55-56, Охрид, 1998.

Цел на истражувањето била да се утврдат морфолошките карактеристики на тимусот кај нормални Wistar-стаорци и кај истите животни при отсуство на ендогените гликокортикоиди (по адреналектомија). Авторите добиле резултати кои покажуваат дека отсуството на ендогените гликокортиокоиди доведува до значајно зголемување на тежината на тимусот, а хистолошките промени сугерирале дека тоа се должи на хипертрофијата главно на кортикалните делови од лобулусите на тимусот.

***19.(35) Епителни клетки во хуманиот ејакулат како показатели на инфекција на урогениталниот систем.*** Митевска Е. Герасимовска З. **Какашева Л.** Каламарас А I Конгрес на микробиолозите на Македонија, Мак. Мед. преглед 51(24):65, Охрид, 1997.

Испитаниците за ова истражување биле пациентите со астенозооспермичен ејакулат кај кои во цитограмот на ејакулатот била најдена и поголема застапеност на епителните клетки. Добиените резултати покажале дека кај 71% од испитаниците и микробиолошки била потврдена инфекција на урогениталниот систем.

***20.(36) Morphodynamic alteration in testis after the bilateral enucleation at lepus caniculus***. Stojovska P. Kalamaras R. Kalamaras A. Mitevska E. **Kakaseva L**. Gerasimovska Z. International Congress of Pathophysiology, The Official Journal of the International Society for Pathophysiology 5(1):10, Lahti, Finland, 1998.

Целта на авторите на овој труд била да се испита влијанието на обостраната енуклеација врз ткивото на тестисите кај експериментални животни од родот ***lepus caniculus***. Еден месец по енуклеацијата животните се жртвувани и тестисите се хистолошки обработени. Резултатите покажале : смалена капсула и базална мембрана, редукција на дијаметарот на семиниферните тубули, атрофија на епителот и на интерсициумот во жлездата. Авторите заклучиле дека ослепувањето на експерименталните животни, т.е. губитокот на светлина покажува дигресивен ефект врз тестикуларната морфодинамика кај животните.

***21.(37) Stereological analysis employed in thyreoide gland connective tissue investigation after medroxyprogesterone acetate application.*** Gerasimovska Z. Mitevska E. **Kakasheva L**. Spiroski M.The Eleventh European Anatomical Congress, Abstracts book: 97. Timisoara, Romania, 1998.

Целта на авторите на овој труд била да се испита влијанието на овој прогестин врз сврзното ткиво на тироидната жлезда после долготрајна апликација на високи дози МРА. Контролната група Wistar-стаорци примала физиолошки раствор i.m. 30 дена, а експерименталната група за истиот период примала i.m. 75 mg/kg.t.t МРА. Резултатите покажале дека постои значителна редукција на интерфоликуларното сврзно ткиво кај оваа жлезда. Стереолошката анализа покажала дека волуменската густина кај контролната група изнесува 22%, а кај експерименталната група таа изнесува 16%, со што се потврдува тезата за редукцијата на сврзно ткиво во штитната жлезда по апликација на високи дози на синтетскиот прогестин МРА.

***22. (38) Histologycal study on reinnervation of skin grafts in the limbs.***
**<u>L. Kakasheva,</u>** Gj. Gjokic, E. Mitevska, Z. Gerasimovska, G. Kiroska. National Congress of Anatomy, histology and embriology with International partipacipation. Abstracts rezimeta: 33, Pleven, Bugaria 1999.

Авторите ја следеле реинервацијата на кожните трансплантати по истекот на два, три, шест месеци и повеќе години по извршената трансплантациона процедура. Микроскопската анализа покажала дека реинервацијата започнува кон крајот на вториот месец и трае со години, а започнува од периферијата и постепено се шири кон центарот на трансплантатот. Било вочено формирање само на слободни по ни и на инкапсулирани нервни завршетоци. Исто така е утврдено дека постои разлика во брзината и успешноста на реинервацијата во зависност од дебелината на самиот трансплантат и од видот на кожниот дефект кој со него се покрива.

**МИСЛЕЊЕ И ЗАКЛУЧОК**

Проучувајќи ја наставната, здравствената и научната дејност на кандидатката и имајќи ја предвид нејзината назначена исполнителност и одговорност во извршувањето на сите професионални ангажмани, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатката д-р Лена Какашева-Маженковска во целост ги исполнува пропишаните услови за избор во звањето асистент и има чест на Наставно-научниот совет да му предложи да го изврши нејзиниот избор во ова звање.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1.Проф. д-р Лилјана Миленкова ____________ с.р.

2. Проф. д-р Грацилија Кироска____________ с.р.

3. Доц. д-р Елида Ми тевска ______________ с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА 5 (ПЕТ) НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА НАСТАВА ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД НЕМАТИЧНИТЕ ФАКУЛТЕТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставничкиот совет на Центарот за физичко образование при Факултетот за физичка култура во Скопје бр.1704-37 од 26.6.2009, и одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура бр. 0201-922/5 од 14.10.2009 година, објавен е конкурс во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајме" на 16.9.2009, за избор-преизбор на 5 (пет) наставници - извршители по предметот физичко образование и спорт за студентите од нематичните факултети.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура е отворена постапка и формирана Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Александар Наумовски - претседател, проф. д-р Ленче А. Величковска - член и проф. д-р Орце Митевски-член.

На конкурсот се пријавија следниве кандидати: д-р Чедомир Саздовски спец., д-р Серјожа Гонтарев, м-р Аган Реџепагиќ, м-р Вера Соколова и м-р Јана Каршаковска-Димитриоска.

По разгледувањето на приложените документи, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов,

## ИЗВЕШТАЈ

### Д-р ЧЕДОМИР Ј. САЗДОВСКИ, спец.

**Биографски податоци**

Кандидатот д-р Чедомир Саздовски, спец., е роден во 1952 година во с.Неокази (Пробиштип), каде што го оформил основното образование. Средно образование, училиште за физичка култура, завршил во Скопје. Факултет за физичко воспитување завршил на Универзитетот во Белград во 1978 година, со одбрана на дипломската работа по предметот боречки спортови. Во студиската 1987/88 година се запишал на постдипломски студии, за магистри на науки во физичката култура, на Факултетот за физичка култура при Универзитетот во Нови Сад. Меѓутоа, поради познатите настани што се случија на просторот на тогашна Југославија бил принуден, како и други студенти од Македонија, студиите да ги прекине и да се префрли на Факултетот за физичка култура во Скопје.

Во меѓувреме се запишал на специјалистички студии, на подрачјето спорт, на Факултетот за физичка култура во Скопје, со јавна одбрана на специјалистичкиот труд под наслов „Некои аспекти на тренингот на младите карате -спортисти-борци на возраст од 14 до 18 години, со осврт на физичката подготовка", ги завршил во јули 2000 година, при што се стекнал со највисокото стручно звање специјалист во спортот (карате-спорт).

Постдипломските студии ги завршил во мај 2004 година, со јавна одбрана на магистерскиот труд: „Влијанито на програмираното репетитивно мускулно напрегнување врз импулсот на силата и прецизноста кај карате-ударите со рака и нога кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 18 години" и се стекна со акдемското звање магистер на науки од областа на кинезиологијата.

Докторските студии ги завршил во септември 2005 година, со јавна одбрана на докторската дисертација: „Утврдување на структурата на психосоматските димензии на младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години" и се стекна со академското звање доктор на науки од областа на кинезиологијата.

Д-р Чедомир Саздовски, спец., својот работен век го започнал во МУЦ ,,Панче Арсовски", како професор по физичко образование, каде што работел до 1981 година за потоа да премине како стручен соработник, во тогашниот Карате сојуз на Македонија, каде што останал сè до 1986 година. Од 1986 година до денес е виш предавач во Центарот за физичко образование на Факултетот за физичка култура при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што ја врши функцијата директор на Центарот за физичко образование.

**Стручна и општествена дејност**

Кандидатот д-р Чедомир Саздовски, спец., од својата најрана младост покажал афинитет кон боречките спортови, особено кон карате-спортот. Како активен натпреварувач, четири пати бил првак на Македонија во полутешка и во тешка категорија. Како член на репрезентацијата на Македонија учествувал на многу домашни (сојузни) и меѓународни натпревари, при што има освоено петто место во тешка категорија на државно првенство во поранешна Југославија. Од 1978 година, по завршувањето на Факултетот, започнал со својата тренерска работа во КК,,Мирче Ацев", основач е на КК,,Кисела Вода" (1980) и на АКК,,Студент" (1988), каде што и денес е тренер. Со својата тренерска актив-ност во двата клуба повеќе од 20 години, подготвувајќи ги каратистите од разни селекции, освоил завиден број златни, сребрени и бронзени медали од републички, сојузни и меѓународни карате-шампионати.

Поради своите извонредни стручно-педагошки квалитети и долгогодиш-ното искуство, од 1991 до 1999 година бил селектор и тренер на младинско-кадетската карате-репрезентација на Македонија во спортска борба. Како селектор и тренер, со репрезентацијата учествувал на меѓународни турнири, на европски и на светски шампионати, каде што со своите каратисти освоил 25 златни, 23 сребрени и 31 бронзен медал.

На Европскиот сениорски карате-шампионат одржан 1998 година во Белград, Република Србија, се здобива со звањето интернационален карате-судија (прв судија со такво звање од Република Македонија).

Во изминатиот 40-годишен период на активно живеење и работење, се занимава со карате-спортот поминувајќи ги сите фази на развој: од спортист-почетник, успешен натпреварувач, клупски тренер, меѓународен карате-судија, селектор на државниот тим за младинци и кадети во спортска борба до генерален секретар и претседател на Македонската карате федерација. За потребите на тренерската и на судиската организација, тој е стручен предавач за прашања кои се сврзани со современиот карате-тренинг и со судење во карате-спортот. Во тој контекст, има изготвено стручни трудови од истражувачки карактер, истражувања вршени на млади карате-спортисти.

За неговиот досегашен труд, повеќепати е прогласен за најуспешен тренер во градот Скопје и Р.Македонија, добитник е на наградата ,,13 Ноември" што ја доделува Спортската федерација на град Скопје, како и на високото признание од страна на весникот ,,Скок". За неговата високостручна работа говори и фактот што кандидатот е носител на 7-ми дан (степен) меѓународен карате-инструктор, доделен од страна на Светската карате-конфедерација, и е меѓународен инструктор за обука на лица за обезбедување на имоти и лица во IBSSA –International Body-guard And Security Services Assotiation .

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот д-р Чедомир Саздовски, спец., во изминатиот период ги има објавено следниве трудови:

1 **Чедомир Саздовски:** Карате-традиција и спорт; Физичка култура бр. 1, стр. 44-46, 1994 година (автор).
*Зачувувањето на традиционалните вредности и погрешната мешавина од традиција и спорт во сегашната фаза на развојот на каратето е најлошата варијанта како за традиционалните така и за спортските вредности на каратето.*

2 Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Проширување, осовременување и иновации во наставата по физичко воспитување кај студентите од Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје; Физичка култура бр. 1-2 , стр. 71-73, 1999 година (коавтор).

*Во редовните програми во основните и средните училишта, генерално гледано, статусот на предметот физико воспитување е решен како и на останатите предмети, додека кај студентската популација, статусот на наставата по предметот физичко воспитување на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методи" треба да добие статус на официјален предмет и да укаже за потребите од одредени корекции, проширување и иновации во програмските содржини и просторните услови.*

3 Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Физичката култура и никотинизмот; Просветно дело бр. 3 од 2002 година (коавтор).

*Во трудот се зборува дека физичкото вежбање може многу да помогне во отргнување на младите од пороците, меѓу која е и пушењето.*

4 **Чедомир Саздовски:** Реформа во наставата по физичко образование и спортот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј", Физичка култура бр. 1, стр. 33-34, 2003 година (автор).

*Во трудот авторот дава одредени анализи, препораки и насоки за реформа во наставата по физичко образование и спортот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј".*

5 Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски:** Влијанието на морфолошките карактеристики врз ставовите на студентите кон физичкото образование; Физическото воспитание и спортот во об-разовната система, Југозападен универзитет ,,Неофит Рилски", стр. 186-194; 2004 г. Благоевград, Р.Бугарија (коавтор).

*На примерок од 329 редовни студенти од машки пол од Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, истражувано е влијанието на морфолошките карактеристики врз ставовите на студентите кон физичко образование. За утврдување на ставовите применет е Кнееровиот инвентар на ставови. Резултатите од истражувањето покажуваат дека морфолошките карактеристики статистички значајно влијаат врз ставовите на студентите.*

6 **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Серјожа Гонтарев: Компаративни реалции на некои антропометриски и биомоторни карактеристики и некои ситуациони задачи кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 18 години; Физическото воспитание и спортот во образовната система, Југозападен универзитет ,,Неофит Рилски" , стр. 256-260; 2004 г, Благоевград, Р.Бугарија (автор).

*Истражувањето е реализирано на селективен примерок од 30 испитаници од женски пол, млади карате-спортисти на возраст 14-18 години. На третираниот примерок испитаници, применети се 6 антропометиски варијабли, 6 биомоторни варијабли како предикторски систем и 4 специфични биомоторни варијабли (2 за оценување на прецизноста и 2 за оценување на ударниот импус), како критериумски систем. Првата канонична релација меѓу системот на испитувани варијабли покажа дека испитаниците кои имаат поголема висина се потешки и имаат поголем обем на надлактица, имаат подобра експлозивна и статичка сила на долните екстремитети и способност за брза фреквенција со нога, така што поуспешно ги изведуваат ситуационите задачи за проценување на ударниот импус (удари со рака и нога).*

7 Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Поврзаност на ставовите на студенткките кон физичкото образование со брзината и силата како базични моторички способности; стр. 176-186, Национална спортска академија ,,Васил Левски", Спорт & наука-Изванреден број-2004, Софија, Р. Бугарија (коавтор).

Истражувањето е реализирано на примерок од 483 редовни студентики *од Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје со основна цел да се утврди поврзаноста на ста-вовите кон физичкото образование со брзината и силата како базични моторички способности. Резултатите од истражувањето покажуваат дека ставовите статистички значајно се поврзани со брзината како базична моторичка способност, додека силата не е поврзана.*

8 Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Сашо Тодоровски: Поврзаност на ставовите на студентите кон физичкото образование со брзината и силата како базична моторичка способност; стр. 71-73, Физ. култура бр. 1, 2004 год.

*На примерок од 329 редовни студенти од машки пол од Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, истражувана е поврзаноста на ставовите на студентите кон физичкото образование со брзината како базична моторичка способност. За утврдување на ставовите применет е Кнееровиот инвентар на ставови. Резултатите од истражувањето покажуваат дека ставовите се позитивно поврзани со брзината како базична моторичка способност.*

9 **Чедомир Саздовски**, Славица Новачевска, Серјожа Гонтарев: Влијанието на некои антрополошки димензии врз успешното изведување на некои ситуациони задачи кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 година, Физичка култура бр. 2, стр. 43-46, 2005 година.

*На примерок од 150 карате-спортисти од машки пол на возраст од 14 до 16 години, реализирано е истражувањето со цел да се анализира како влијаат некои антрополошки димензии врз успешното изведување на некои ситуациони задачи дефинирани како импулс на сила и прецизност со рака. За таа цел е применет систем од 20 варијабли за проценување на антропометриските димензии, 22 варијабли за проценување на моторните способности и 13 варијабли за проценување на когнитивните способности и конативните особини, како предикторски систем и 2 ситуационо-моторни варијабли како критериумски систем. Резултатите од истражувањето покажуваат дека предикторскиот систем статистички значајно влијае врз успешното изведување на ситуационо моторните варијабли дефинирани како удирање на фиксна мета со рака (гјаку зуки) и директен удар со рака (гјаку зуки) во цел која се движи во фронтална рамнина.*

10 Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Силата како детерминанта за формирање на позитивни ставови кон физичкото образование, Физ. култура бр. 2, стр. 81-82, 2005 година;

*На примерок од 392 редовни студенти од машки пол, на дванаесет факултети од прва година на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, истражувана е колку силата (експлозивна, репетитивна и статичка) претставува детерминанта за формирање на позитивни ставови кон физичкото образование. За утврдување на ставовите на студентите беше применет Кнееровиот инвентар на ставови, а за испитување на применетите моторички варијабли беа применети стандардизирани мерни инструменти. Резултатите од истражувањето покажуваат дека експлозивната и рептитивната сила претставуваат значајни детерминанти за формирање на позитивни ставови кај студентите од машки пол.*

11 Серјожа Гонтарев, **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска: Канонички релации меѓу некои варијабли за проценување на механизмот за структурирање на движењата и некои варијабли за проценување на когнитивните способности кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години; Физичка култура бр. 2, стр. 172-174, 2005 година (коавтор).

*На примерок од 150 карате спортисти од машки пол на возраст од 14 до 16 години, реализирн е истражувањето со цел да се утврдат релациите меѓу некои варијабли за проценување на механизмот за структурирање на движењата и некои варијабли за проценување на когнитивните способности. За проценување на механизмот за структурирање на движењата применет е систем од 6 моторни варијабли, а за проценување на когнитивните способности применети се 6 психолошки теста. Резултатите од истражувањето покажуват дека постои статистичка значајност само кај првиот пар канонички фактори. Првата канонична релација меѓу системот на испитувани варијабли покажува дека испитаниците кои имаат повисоко ниво на општа и специфична инетелектуална способност, имаат способност за изведување на просторни релации и способност за перцептивно резонирање, односно способност за брзо заокружување на перцептивни целини и перцептивна анализа.*

12 **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Серјожа Гонтарев: Влијанието на програмираното репетитивно мускулно напрегнување врз подобрување на некои општи и специфични биомоторни и антропометриски варијабли кај младите карате-спортисти од машки пол на возраст од 14 до 18 години. Прв меѓународен симпозиум за наставата по физичко образование и спорт на студентите, Зборник на трудови; стр. 90-92, Скопје, 2005 го-дина (автор).

*На примерок од 30 карате-спортисти од женски пол на возраст 14-18 години, спроведено е истражување со основна цел да се утврди влијанието на програмираното репетитивно мускулно напрегнување врз прецизноста и импулсот на силата кај карате-ударите изведени со рака и нога. За реализирање на целите на истражувањето применети се 16 варијабли, од кои 6 за проценување на антропометрискиот простор, 6 за проценување на биомоторниот простор и 4 специфични варијабли за карате-спортот. Експерименталниот третмен се состоеше од 20 ефективни тренинзи од по 60 минути, пет пати во неделата со примена на репетитивно мускулно напрегнување и изведување на склекови на под (за мускулите на рацете) и полусклекови со партнер (за мускулите на нозете) со примена на интермитентен метод на работа. За усовршување на техниката на изведба на третираните удари, импулсот на силата на ударите и прецизноста, применети се повеќе карате-техники. Експерименталниот третман придонел за значајно повисоки просечни вредности, особено на варијаблите од моторичкиот простор.*

13 **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Серјожа Гонтарев: Компаративни релации на некои антропометриски и биомоторни карактеристики и некои ситуациони задачи кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 18 години; Прв меѓународен симпозиум за физичко образование и спорт на студентите, Зборник на трудови, стр. 4-5, Скопје, 2005 година.

*Истражувањето е реализирано на селективен примерок од 30 испитаници од женски пол, млади карате-спортисти на возраст 14-18 години. На третираниот примерок испитаници, применети се 6 антропометиски варијабли, 6 биомоторни варијабли како предикторски систем и 4 специфични биомоторни варијабли (2 за оценување на прецизноста и 2 за оценување на ударниот импус), како критериумски систем. Првата канонична релација меѓу системот на испитувани варијабли покажа дека испитаниците кои имаат поголема висина и тежина имаат поголем обем на надлактица, подобра експлозивна и статичка сила на долните екстремитети и способност за брза фреквенција со нога, поуспешно ги изведуваат ситуационите задачи за проценување на ударниот импус .*

14 Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Влијанието на морфолошките карактеристики врз ставовите на студентите кон физичкото образование; Прв меѓународен симпозиум за физичко образование и спорт на студентите, Зборник на трудови, стр. 6-9, Скопје, 2005 година.

*На примерок од 392 редовни студенти од машки пол, на дванаесет факултети од прва година на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје, испитана е поврзаноста и влијанието на морфолошките карактеристики со ставовите на студентите кон физичкото образование. За утврдување на ставовите на студентите беше применет Кнееров инвентар на ставови. Резултатите од истражувањето покажуват дека морфолошките карактеристики статистички значајно не влијаат врз ставовите на студентите.*

15 **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев, Славица Новачевска: Влијанието на некои антропометртиски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла удари со нога за 10 секунди кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години; Физич-ка култура, бр. 2 стр. 93-97, 2006 година.

*На примерок од 150 карате спортисти од машки пол на возраст од 14 до 16 години, беше спроведено истражувањето со цел да се анализира како влијаат неки антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла задачи дефинирани како удари со нога за 10 сек. Резултатите од истражувањето покажуваат дека предикторскиот систем статистички значајно влијае врз успешното изведување на ситуационо-моторните варијабли дефинирани како удари со нога за 10 сек.*

16 Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Латентната структура на психолошките особини и ставови на студентите кон физичкото образование; Физичка култура, бр. 2, стр. 144-148, 2006 година.

*На примерок од 392 суденти од прва студиска година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, реализирано е истражувањето со цел да се утврди латентната структура на психолошките особини и ставовите на студентите. Врз основа на добиените резултати и применетата методологија беа изолирани четири независни фактори.*

17 Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Јана К. Димитриоска: Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла прецизност со рака, кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години.; Физичка култура бр. 2 стр. 53-57, 2007 година.

*На примерок од 150 карате-спортисти од машки пол на возраст од 14 до 16 години, реализирано е истражувањето со цел да се анализира како влијаат неки антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла задачи дефинирани како прецизност со рака. За таа цел беше применет систем од 20 варијабли за проценување на антропометриските димензии, 22 варијабли за проценување на моторните способности и 13 варијабли за проценување на когнитивните способности и конативните особини, како предикторски систем и една ситуационо-моторна варијабла како критериумски систем. Резултатите од истражувањето покажуваат дека предикторскиот систем статистички значајно влијае врз успешното изведување на ситуационо-моторните варијабли дефинирани како прецизност со рака.*

18 Руждија Калач, Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла удирање на фиксна мета со нога кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години; Физичка култура, бр. 1, стр. 68-72, 2007 година.

*На примерок од 150 карате-спортисти од машки пол на возраст од 14 до 16 години, реализирано е истражувањето со цел да се анализира како влијаат некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла, дефинирани како импулс на сила со нога (удирање на фиксна цел со нога). За таа цел беше применет систем од 20 варијабли за проценување на антропометриските димензии, 22 варијабли за проценување на моторните способности и 13 варијабли за проценување на когнитивните способности и конативните особини, како предикторски систем и 1 ситуационо-моторна варијабла како критериумски систем. Резултатите од истражувањето покажуваат дека предикторскиот систем статистички значајно влијае врз успешното изведување на ситуационо-моторните варијабли дефинирани како удирање на фиксна цел со нога.*

19 **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Аган Реџепагиќ: Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на варијаблата удари со нога за 10 секунди;, Физичка култура , бр. 1, стр. 27-31, 2007 година.

*На примерок од 150 карате-спортисти од машки пол на возраст од 14 до 16 години, реализирано е истражувањето со цел да се анализира како влијаат некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла дефинирани како удари со нога за 10 сек. За таа цел беше применет систем од 20 варијабли за проценување на антропометриските димензии, 22 варијабли за проценување на моторните способности и 13 варијабли за проценување на когнитивните способности и конативните особини, како предикторски систем и една ситуационо-моторна варијабла како критериумски систем. Резултатите од истражувањата покажуваат дека предикторскиот систем статистички значајно влијае врз успешното изведување на ситуационо- моторните варијабли дефинирани како удари со нога за 10 сек. (УСН-10).*

20 **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска: Влијанието на програмираното репетитивно мускулно напрегнување; Просветно дело, 2008, Скопје.

*Истражувањето е реализирано на селективен примерок од 30 каратисти од женски пол на возраст 14-18 години, со основна цел да се утврди влијанието на програмираното репетитивно мускулно напрегнување кај карате-ударите изведени со рака. Врз основа на добиените резултати, констатирано е дека експерименталниот третман придонел за значајно повисоки просечни вредности, особено на варијаблите од моторичкиот простор.*

**Наставно-педагошка дејност**

Како успешен повеќегодишен наставник и директор на Центарот за физичко образование, во својата наставно-педагошка активност, кандидатот се истакнува во успешното организирање и реализирање на редовните наставни и воннаставни содржини и активности. Како наставник на Факултетот за физичка култура – Центарот за физичко образование и спорт, својата активност ја насочува кон организирање и реализирање на наставно-спортските активности на студентите од Универзитетот ,,Св. Кирил и Матодиј" во Скопје преку организирање на меѓуфакултетски натпревари, атлетски кросеви, планинарски тури и излети, обука на студенти-непливачи, настава по скијање и др. Како квалификуван професор, учествувал во реализирањето на наставата по скијање со учениците од Средното училиште за физичка култура и со студенти од Скопје.

**Вештини и знаења**

Работа со компјутери :
- Microsoft Office(Word, Excel, Pawer Point, Internet);
- графички дизајн (Corel Draw, Photoshop).

**Познавање на јазици:**

- македонски (мајчин јазик);англиски, руски (пасивно), српски, хрватски и бугарски јазик.

## Д-р СЕРЈОЖА ГОНТАРЕВ

**Биографски податоци**

Роден е на 12.9.1964 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје. Во 1991 година дипломирал на Факултетот за физичка култура во Скопје со среден успех 8,71 и бил награден од Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" како најдобар студент. По дипломирањето се запишал на постдипломски студии во Скопје. Со одбраната на магистерскиот труд на тема: „Утврдување на биомеханичката структура и оптималност на методиките за учење на атлетските дисциплини", кандидатот се здобил со звањето магистер на науки по физичка култура. Докторирал на Факултетот за физичка култура во Скопје во 2008 година на тема: „Влијанието на некои психосоцијални и демографски фактори врз физичката активност кај младите" и се здобил со звањето доктор по кинезиологија. Од 1995 до 2005 е вработен во Државното средно училиште „В. А.–Дрен"–Скопје. Во Центарот за физичко образование се вработил од 2005 година каде што работи и денес.

**Стручна и општествена дејност**

Уште од најраната возраст го интересирале спортот и спортските активности во кои и самиот бил активен учесник. По завршувањето на студиите, подготвувал училишни екипи во повеќе спортови за учество на натпревари што ги организира Сојузот за училиштен спорт, при што со своите екипи успешно се натпреварувал на општински, градски и републички натпревари.

Покрај наставната дејност, д-р Гонтарев изготвувал кондициони планови и програми за повеќе спортски клубови во Републиката. Има петнаесет годишно работно искуство како фитнесс-тренер со работа во повеќе фитнесс-клубови, делегат е во Федерацијата на спортските педагози по физичко образование, при што активно учествува во планирањето, програмирањето и реализирањето на нејзините активности. Член е во Уредувачкиот одбор на списанието „Физичка култура". Посебен афинитет покажува кон фудбалот, кошарката, скијањето и фитнесот.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Гонтарев, посебен интерес пројавува кон научно истражувачката работа во областа на кинезиологијата и досега има објавено повеќе рецензирани трудови, односно:

1 Факторска валидност на некои тестови за проценување на координацијата на целото тело, Физичка култура бр. 1-2, 1996, стр. 37-39 (автор).
*Истражувањето е реализирано на примерок од 60 ученииаи од женски пол на возраст од 10 год. од училиштат „Лазо Трповски", и „Кирил Пејчиновиќ", од Скопје, со цел да се утврди факторската валидност на 7 моторни тестови чии хипотетски предмет на проценување има координацијата на целото тело. За таа цел, интеркорелациската матрица е факторизирана со помош на Хоталинговата метода на главни компоненти. Бројот на значајни главни компоненти е определен со помош на Кајсер-Гутмановиот критериум. Врз основа на добиените резултати утврдено е дека интенционален предмет на мерење на применетата батерија на тестови е единствена димензија која би можела да се идентификува како координација на целото тело.*

2 Релијабилност на некои тестови за проценување на координацијата на целото тело, Физичка култура бр. 1-2, 1996, стр.42-44 (автор).
*На примерок од 60 испитаници од женски пол на возраст од 10 години, применети се 7 композитни теста со цел да се утврдат нивните основни мерни карактеристики на истите.Покрај основните дескриптивни статистички параметри, налегнатоста и заобленоста на кривата, пресметани се и повеќе мерки на релијабилност.Резултатите од истражувањето зборуваат дека сите тестови повеќе или помалку имаат задоволителна релијабилност.*

3 Канонички релации меѓу некои биомоторни варијабли за проценување на прецизноста и биомоторниот простор, Физичка култура бр. 1-2, 1997, стр. 182-183 (коавтор).

*Истражувањето е реализирано со основна цел да се утврдат каноничките релации меѓу некои биомоторни варијабли за проценување на прецизноста и биомоторниот простор. Врз основа на резултатите утврдена е статистичка значајност само кај две канонички димензии. Првата канонична релација меѓу системот на испитувани варијабли покажува дека во секое движење учествува и регулациският и енергетскиот супстистем. Врската меѓу вториот пар укажува дека моторните манифетации од типот на флексибилноста и моторните манифестации од типот на апсолутна сила се најверојатно под големо влијание на антропометриските карактеристики.*

4 *Следењето на оптоварувањето и агажирањето на учениците на часот по физичко воспитување со помош на Полар-пулс монитор, Физичка култура бр. 1-2, 1997, стр. 232-234 (автор).*

*Истражувањето е реализирано во ЕПУ „Васил Антевски-Дрен" од Скопје со основна цел да се проучи интезитетот на оптоварувањето и активното време на вежбање кога часот се реализира во различни услови, односно кога наставата се реализира со еден клас во сала и со два класа. Непосредна цел на истражувањето е да се проучи можноста за користење на современата технологија како што е Полар- пулс мониторот во планирање и следење на оптоварувањето на часовите. Добиените резултати покажаа дека оптоварувањето и ангажирањето на учениците кога часот се реализира со еден клас во сала е многу поголемо, а од друга страна и користењето на современата технологија, како што е Полар-пулс мониторот отвора широка можност за правилно планирење, одредување и следење на оптоварувањето на часовите по физичко воспитание во зависност од индивидуалните можности на учениците.*

5 Канонички релации меѓу некои биомоторни варијабли за проценување на механизмот за регулација на движењето и механизмот за енергетска регулација кај учениците од 11-годишна возраст (коавтор).

*Со цел да се утврдат релациите меѓу двата применети систем на биомоторни варијабли, истражувањето е реализирано на примерок од 200 испитаници од машки пол на 11-годишна возраст.Врз основа на резултатите утврдена е статистичка значајност само кај две канонички димензии. Првата канонична релација меѓу системот на испитувани варијабли покажува дека во секое движење учествува и регулациският и енергетскиот супстистем. Врската меѓу вториот пар покажува дека моторните манифетации од типот на флексибилноста и моторните манифестации од типот на апсолутна силина се најверојатно под големо влијание на антропометриските карактеристики.*

6 Канонички релации меѓу некои биомоторни варијабли за проценување на механизмот за регулација на движењето и механизмот за енергетска регулација кај ученичките од 11-годишна возраст, Физичка култура бр. 1-2, 1998, стр. 21-22 (коавтор).

*Со цел да се утврдат релациите меѓу двата применети система на биомоторни варијабли, истражувањето е реализирано на примерок од 200 испитаници од женски пол на 11-годишна возраст. Првиот систем биомоторни варијабли е претставен со девет биомоторни тестови кои се применуваат за проценување на механизмот за регулација на движењето, а вториот сиситем е сочинет од осум биомоторни теста за проценување на механизмот за енергетска регулација. Добиените резултати укажуваат на постоење на два пара канонички фактора, кои ги објаснуваат релациите меѓу двата применети система на биомоторни варијабли.*

7 Состојба на резултатите на некои варијабли за проценување на биомоторните способности кај учениците и ученичките од 11-годишна возраст, Традиционална научна конференција на националната спортска академија, Софија, 21-23.5.1998 (коавтор).

*Истражувањето е реализирано на примерок од 400 испитаници од 11- годишна возраст (200 ученици и 200 ученички). На третираниот примерок испитаници, применети се 22 биомоторни варијабли со задоволителни мерни карактеристики. Целта на истражувањето била да се утврдат разликите меѓу резултатите на применетите манифестни биомоторни варијабли меѓу учениците и ученичките. Од добиените резултати е утврдено дека кај повеќето применети биомоторни манифестни варијабли и на нивните латентни резултати во целина, меѓу учениците и ученичките, постои статистички значајна разлика. Генерално гледано, учениците се карактеризираат со подобра моторика во споредба со ученичките од истата возраст. Ова, меѓу другото, треба да се има предвид при планирањето и организирањето на наставата по физичко воспитание.*

8 Утврдување на факторската структура и основните мерни карактеристики кај некои тестови за проценување на прецизноста, Скопје (коавтор).

*На групен примерок од 120 испитаници од машки пол, на возраст од 11-години, применети се 4 композитни биомоторни варијабли за проценување на хипотетскиот фактор на прецизноста. Врз основа на добиените резултати, може да се донесат следниве заклу-*

*чоци: применетите тестови немаат единствен предмет на мерење, односно биле изолирани два фактора, кои според феноменолошкиот пристап можат да се дефинираат: првиот - фактор на прецизност со исфрлање на предмет (кој го дефинираат тестовите МЕЦР и МКЦР), а вториот - фактор на прецизност со водење на предмет (дефиниран со тестовите МГДС и МГКС). За разлика од досегашните истражувања од овој тип, во ова истражување се добиени нешто повисоки мерки на релијабилност. Овој труд остава простор за натамошни истражувања кои ќе дадат одговор на прашањето: каде е местото на прецизноста во просторот на останатите биомоторни димензии.*

9 Утврдување и компарирање на мерните карактеристики на некои биомоторни варијабли за проценување на кординацијата кај испитаниците со различен степен на биомоторна активност, Физичка култура бр. 1-2, 1998, стр. 108-109 (коавтор).

*Истражувањето е реализирано на примерок од 130 испитаници од машки пол на возраст 18-19 година, поделен во два суппримерока (65 ученици од Центарот за образование на кадри од областа на безбедноста и 65 спортисти-борачи во слободен стил). Цел на истражувањето има да се утврдат и компарираат мерните карактеристики на неколку биомоторни варијабли, применети кај испитаници кои се опфатени со различен степен на биомоторна активност. За реализирање на целта на истражувањето биле применети 4 композитни биомоторни варијабли чиј хипотетски предмет на проценување е координацијата. Добиените резултати покажуваат дека повеќето од применетите биомоторни варијабли (освен варијаблата „подвижност на под"), и кај двата суппримерока се карактеризираат со задоволителни мерни карактеристики. Од добиените резултати извлечени се повеќе констатации кои ќе се искористат во практиката и идните истражувања.*

10 Влијанието на некои манифестни и латентни биомоторни варијабли при реализацијата на некои ситуациони задачи во борење слободен стил, Физичка култура бр. 1-2, 1998, стр. 119-121 (автор).

*На примерок од 65 спортисти-борачи во слободен стил, на возраст 18-19 години, реализирано е истражувањето со цел да се утврди влијанието на некои латентни и манифестни биомоторни варијабли при реализацијата на некои ситуациони задачи. За таа цел, применет систем од 26 биомоторни варијабли, кои хипотетски го покриваат поголемиот дел од биомоторниот простор, како предикторски систем и 6 ситуационо-биомоторни варијабли како критериумски систем. Резултатите од истражувањето покажуват дека манифестните и латентните биомоторни варијабли статистички значајно влијаат врз ситуационо-биомоторните варијабли. Од добиените резултати извлечени се повеќе констатации кои ќе се искористат во практиката и идните истражувања.*

11 Канонички релации меѓу биомоторниот простор и некои ситуациони задачи во борење слободен стил, Физ. култура бр. 1-2, 1999, стр. 57-60 (автор).

*На примерок од 65 спортисти-борачи во слободен стил, на возраст 18-19 години, реализирано е истражувањето со цел да се утврди влијанието на некои латентни и манифестни биомоторни варијабли при реализацијата на некои ситуациони задачи. За таа цел беше применет систем од 28 биомоторни варијабли, кои хипотетски го покривааа поголемиот дел од биомоторниот простор, како предикторски систем и 6 ситуационо-биомоторни варијабли како критериумски систем. Резултатите од истражувањето покажаа дека борачите кои имаат подобра општа моторика, а особено подобра координација, фреквенција на движењата и репетитивно-статичка сила поуспешно ги изведуваат поставените ситуациони задачи, додека големата телесна маса претставува пречка во нивното успешно изведување на истите.*

12 Ставови на учениčките од прва година опфатени со програмата ,,ФАРЕ" кон спортот и спортските активности и влијанието на некои социолошки фактори врз нивното формирање, Физичка култура бр. 1-2, 2001, стр. 40-42 (автор).

*На примерок од 105 испитаници од женски пол на возраст од 15 години, реализирано е истражувањето со цел да се утврдат ставовите на учениčките од прва година опфатени со програмата "ФАРЕ" кон предметот спорт и спортски активности, да се види каков е ставот кон секоја поединечна спортска дисциплина и да се види дали врз формирањето на тие ставови влијаат некои социјални фактори. За реализирање на целта на истражувањето применети се повеќе скали за испитување на ставовите и еден анкетен лист. Резултатите од истражувањето покажаа дека сите испитувани учениčки имаат позитивен став кон предметот спорт и спортски активности и воопшто кон спортот.*

13 Влијанието на некои антропометриски и биомоторни варијабли во успешното совладување на армиски препреки кај припадниците на единицата за специјални задачи. Традиционална научна конференција на Националната спортска академија Софија, 12-13.12.2002 (автор).

*На примерок од 70 припадници на Единицата за специјални задачи при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, на возраст 22-27 години, реализирано е истражувањето со цел да се утврди влијанието на некои манифестни антропометриски и биомоторни варијабли при реализацијата на специфичната ситуациона задача-поминување на препреки. За таа цел, применет е систем од 3 антропометриски и 7 манифестни биомоторни варијабли, како предикторски систем и 1 бимоторна варијабла како критериумски систем. Резултатите од истражувањето покажуваат дека испитаниците кои имаат подобра репетативна сила на горните екстремитети и стомачната регија како и општа издржливост поуспешно ја изведуваат поставената задача, додека големата телесната маса претставува пречка во успешното изведување на препреките.*

14 Согледување и компарирање на мерните карактеристики на некои тестови за проценување на експлозивната сила кај учениците од Центарот за образование на кадри од областа на безбедноста и спортисти-борачи. Традиционална научна конференција на националната спортска академија, Софија, 12-13.12.2002 (коавтор).

*Истражувањето е реализирано на примерок од 130 испитаници од машки пол на возраст 18-19 година, поделен во два суппримерока (65 ученици од Центарот за образование на кадри од областа на безбедноста и 65 спортисти-борачи во слободен стил). Цел на истражувањето е да се утврдат, анализираат и компарираат мерните карактеристики на неколку биомоторни варијабли, применети кај испитаници кои се опфатени со различен степен на биомоторна активност. Од добиените резултати може да се констатира дека и кај двата суппримерока тестовите имаат целосно идентичниот предмет на мерењето и се валидни мерни инструменти за проценување на факторот експлозивна сила.*

15 Мерни карактеристики на неколку биомоторни варијабли за проценување на координацијата кај испитаниците од центарот за образование на кадри од областа на безбедноста. Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 1, 1999, 132-136 (автор).

*Истражувањето е реализирано на примерок од 65 испитаници од машки пол на возраст од 17 години, од Центарот за образование на кадри од областа на безбедноста, кои се опфатени во редовната настава по општо и специфично физичко воспитание. Основна цел на истражувањето е да се утврдат анализираат и компарираат мерните карактеристики на неколку биомоторни варијабли кои ја проценуваат координацијата. Врз основа на добиените резултати, може да се донесат следниве заклучоци: применетите тестови имаат единствен предмет на мерење, односно регулирани се од иста латентна димензија која би можела да се идентификува како координација. Од сите тестови најдобра валидност има тестот „подвижност во воздух". Добиените резултати можат да се искористат во практиката и идните истражувања.*

16 Влијаниено на некои манифестни моторни варијабли во успешното изведување на некои ситуациони задачи од ракометната игра. Прв меѓународен симпозиум на тема: „Наставата по физичко образование, спортот и спортските активности на студентите (состојби и перспективи). Скопје, 25 - 27 март, 2005, стр. 83-86 (автор).

*На примерок од 108 ученици - ракометари од средните училишта од Република Македонија кои се пласираа на државното првенство во учебната 1998/99 година, реализирани е истражувањето со цел да се утврди влијанието на некои манифестни моторни варијабли во успешното изведување на некои ситуациони задачи од ракометната игра. Резултатите од истражувањето покажаа дека учениците - ракометари кои имаат подобро ниво на моторните способности поуспешно ги изведуваат поставените ситуациони задачи. Силата особено експолозивната сила и координацијата (механизмот за структурирање на движењата) имаат најголемо влијание во успешното изведување на поставените задачи. Резултатите можат да се искористат при планирањето и програмирањето на тренажниот процес.*

17 *Влијанието на програмираното репетитивно мускулно напрегнување врз подобрување на некои општи и специфични биомоторни и антропометриски варијабли кај младите карате спортисти од женски пол на возраст од 14 до 18 години. Прв меѓународен симпозиум на тема: „Наставата по физичко образование, спортот и спортските активности на студентите (состојби и перспективи). Скопје, 25 - 27 март, 2005, стр. 90-92 (коавтор).*

*На примерок од 30 карате- спортисти од женски по на возраст 14-18 години, спроведено е истражување со основна цел да се утврди влијанието на програмираното репетитивно мускулно напрегнување врз прецизноста и импулсот на силата кај карате-ударите изведени со рака и нога. За реализирање на целите на истражувањето применети се 16 варијабли, од кои 6 за проценување на антропометрискиот просторт, 6 за проценување на биомоторниот простор и 4 специфични варијабли за карате-спортот.*

*Експерименталниот третман се состоеше од 20 ефективни тренинзи од по 60 минути, пет пати во неделата, со примена на репетитивно мускулно напрегнување и изведување на склекови на под (за мускулите на рацете) и полусклекови со партнер (за мускулите на нозете) со примена на интермитентен метод на работа. За усовршување на техниката на изведба на третираните удари, импулсот на силата на ударите и прецизноста применети се повеќе карате-техники. Експерименталниот третман придонел за значајно повисоки просечни вредности, особено на варијаблите од моторичкиот простор.*

18 Компаративни релации на некои антропометриски и биомоторни карактеристики и некои ситуациони задачи кај младите карате-спортистки на возраст од 14 до 18 години. Научна конференција со меѓународно учество: „Физическото взпитание и спорт в образователната сиситема". Благоевград 4-5 ноември, 2004 година. Универзитет „Неофит Рилски" (коавтор).

*Истражувањето е реализирано на селективен примерок од 30 испитаници од женски пол, млади карате-спортисти на возраст 14-18 години. На третираниот примерок испитаници, применети се 6 антропометиски варијабли, 6 биомоторни варијабли како предикторски сиистем и 4 специфични биомоторни варијабли (2 за оценување на прецизноста и 2 за оценување на ударниот импус), како критериумски систем.. Првата канонична релација меѓу системот на испитувани варијабли покажа дека испитаниците кои имаат поголема висина потешки се и имаат поголем обем на надлактица, подобра експлозивна и статичка сила на долните екстремитети и способност за брза фреквенција со нога поуспешно да ги изведуваат ситуационите задачи за проценување на ударниот импус (удари со рака и нога).*

19 Компарација на две методи за трансформација од програмскиот пакет СПСС на резултатите од моторните тестови со една и повеќе честички, Физичка култура бр. 2, 2004, стр. 12-15 (коавтор).

*На примерок од 219 ученички од женски пол од Република Македонија, применети се 12 моторни мерни инструменти за проценување на латентните димензии, прецизност, рамнотежа, координација и фреквенција на движењата. Мерните инструменти се применети со три честички. Првата честичка е дефинирана како прво мерење (PM), а сумата од трите честички како сумарно мерење (SM). На резултатите од овие мерења се пресметани и главните компоненти. Статистичките значајни компоненти се трансформирани со примена на директ облимин (oblimin) техника и промакс (promax) процедурата на верзијата 13.00 од програмскиот статистички пакет SPSS. Споредбата при дефинирањето на изолираните фактори со овие процедури, што беше основна цел на истражувањето, покажа дека промакс процедурата овозможува поголема егзактност.*

20 Влијаниетно на некои латентни моторни варијабли во успешното изведување на некои ситуациони задачи од ракометната игра. Физичка култура бр. 1, 2005, стр. 57-60 (автор).

*На примерок од 108 ученици-ракометари од средните училишта од Република Македонија, реализирано е истражувањето со цел да се утврди влијанието на некои латентни моторни варијабли во успешното изведување на некои ситуациони задачи од ракометната игра. Резултатите од истражувањето покажаа дека учениците-ракометари кои имаат подобро ниво на моторните способности поуспешно ги изведуваат поставените ситуациони задачи.*

21 Влијанието на неки антрополошки димензии врз успешното изведување на некои ситуациони задачи кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години. Физичка култура, бр. 2, 2005, стр. 43-46 (коавтор).

*На примерок од 150 карате-спортисти од машки пол на возраст од 14 до 16 години, реализирано е истражувањето со цел да се анализира како влијаат неки антрополошки димензии врз успешното изведување на некои ситуациони задачи дефинирани како импулс на сила и прецизност со рака. За таа цел применет е систем од 20 варијабли за проценување на антропометриските димензии, 22 варијабли за проценување на моторните способности и 13 варијабли за проценување на когнитивните способности и конативните особини, како предикторски систем и 2 ситуационо-моторни варијабли како критериумски систем. Резултатите од истражувањето покажаа дека предикторскиот систем статистички значајно влијае врз успешното изведување на ситуационо моторните варијабли дефинирани како удирање на фиксна мета со рака (гјаку зуки) и директен удар со рака (гјаку зуки) во цел која се движи во фронтална рамнина.*

22 Канонички релации меѓу некои варијабли за проценување на механизмот за структурирање на движењата и некои варијабли за проценување на когнитивните способности кај младите карате-спортистки на возраст од 14 до 16 години. Физичка култура, бр. 2, 2005, стр. 172-174 (автор).

*На примерок од 150 карате-спортисти од машки пол на возраст од 14 до 16 години, реализиран е истражувањето со цел да се утврдат релациите меѓу некои варијабли за*

*проценување на механизмот за структурирање на движењата и некои варијабли за проценување на когнитивните способности. За проценување на механизмот за структурирање на движењата применет е систем од 6 моторни варијабли, а за проценување на когнитивните способности применети се 6 психолошки теста. Резултатите од истражувањето покажаа дека постои статистичка значајност само кај првиот пар канонички фактори. Првата каноничка релација меѓу системот на испитувани варијабли покажува дека испитаниците кои имаат повисоко ниво на општа и специфична инетелектуална способност, имат способност за изведување на просторни релации и способност за перцептивно резонирање, односно способност за брзо заокружување на перцептивни целини и перцептивна анализа.*

23 Поврзаноста на некои моторни тестови со одредени когнитивни способности кај кандидатите за прием во единицата за специјални полициски сили. Физичка култура, бр. 2, 2005, стр. 18-22 (коавтор).

*На примерок од 422 испитаници од машки пол, кандидати за прием во специјалните сили на МВР, спроведено е истражувањето со цел да се утврди регресивната поврзаност на општата моторика со некои тестови за проценување на когнитивните способности. За таа цел бил применет систем од 10 биомоторни варијабли, кои хипотетски го покривале поголемиот дел од биомоторниот простор, како предикторски систем и 3 теста за интелигенција (ИТ-1, ИТ-2 и АЛФА-7) како критериумски систем. Резултатите од истражувањето покажуваат дека испитаниците кои имаат подобри перцептивни способности и вербално резонирање поуспешно ги изведуваат координациските задачи). Добиените резултати треба да се имаат предвид при селекција на кандидати за прием во специјалните сили.*

24 Силата како детерминанта за формирање на позитивни ставови кон физичкото образование Физичка култура, бр. 2, 2005, стр. 80-82 (коавтор).

*На примерок од 392 редовни студенти од машки пол, на дванаесет факултети од прва година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, истражувано е колку силата (експлозивна, репетитивна и статичка) претставува детерминанта за формирање на позитивни ставови кон физичкото образование. За утврдување на ставовите на студентите беше применет Кнееровиот инвентар на ставови, а за испитување на применетите моторички варијабли биле применети стандардизирани мерни инструменти. Резултатите од истражувањето ни покажуваат дека експлозивната и репетитивната сила претставуваат значајни детерминанти за формирање на позитивни ставови кај студентите од машки пол.*

25 Methodological contribution for defining motor space in reference to different types of results registration with composit tests. 4th international scientific confereence on kinesiology, Опатија, 7-11, 2005, стр. 716-718. (коавтор)

*На примерок од 219 студенти на возраст од 18 години, за проценување на моторните способности: прецизност, рамотежа, координација и фреквенција, применети биле 12 композитни тестови, секој со по три честички. Честичките биле факторизирани на четири начини: од најдобрата честичка, од првата честичка од збирот на трите честички и од проекцијата на честичките на првата главна компонента. Најзадоволително дефинирање на моторната факторска стуктура е добиено од најдобрата честичка, додека најслабо ја дефинира моторната стуктура првата честичка.*

26 Компарирање на утврдената моторна структура со различни методолошко статистички постапки кај учениците и ученичките на 11-годишна возраст, Научна конференција со меѓународно учество, Благоевград, 2005 година. Универзитет „Неофит Рилски" (коавтор).

27 Влијанието на морфолошките карактеристики врз ставовите на студентите кон физичкото образование, Прв меѓународен симпозиум на тема: „Наставата по физичко образование, спортот и спортските активности на студентите (состојби и перспективи). Скопје, 25 - 27 март 2005, стр. 6-9 (коавтор).

*На примерок од 392 редовни студенти од машки пол, на дванаесет факултети од прва година на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје, истражувана е поврзаноста и влијанието на морфолошките карактеристики со ставовите на студентите кон физичкото образование. За утврдување на ставовите на студентите применет е Кнееровиот инвентар на ставови. Резултатите од истражувањето покажуваат дека морфолошките карактеристики статистички значајно не влијаат врз ставовите на студентите.*

28 Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла удирање на фиксна мета со рака (gjaku zuki), кај младите карате-спортисти на возраст од

14 до 16 години. Втор меѓународен симпозиум, Центар за физичко образование и спорт Скопје, 12 - 14 мај 2006 (коавтор).

*На примерок од 150 карате-спортисти од машки пол на возраст од 14 до 16 години, реализирано е истражувањето со цел да се утврди како влијаат неки антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла дефинирани како импулс на сила со рака. Резултатите од истражувањето покажуваат дека предикторскиот систем статистички значајно влијае врз успешното изведување на ситуационо-моторните варијабли дефинирани како удирање на фиксна цел со рака (гјаку зуки).*

29 Преглед на постапките за одредување на латентните димензии. Физичка култура, бр. 1, 2006, стр. 42-44 (автор).

*Во трудот се дава преглед на кои моменти треба да обрнат внимание младите истражувачи при примена на мултиваријантните статистички методи во кинезиолошките истражувања.*

30 Компарација на знаењата во различни функции на спортскиот менаџмент кај испитаници од машки и женски пол. Физичка култура, бр. 1, 2006, стр. 75-79 (коавтор).

*На примерок од 86 испитаници (42 машки и 44 женски), на возраст од 25 до 35 години со завршено високо образование кое е поврзано со менаџментот, применето е анкетирање од отворен тип на прашања, чија интенција била репрезентирање на основните знаења од пет функции од спортскиот менаџмент. Обработката покажала висока валидност на оценувањето од експертите и статистички значајни подобри резултати кај машките.*

31 Споредби на успехот во знаењата за основните функции на спортскиот менаџмент кај една група спортски кадри. Физичка култура, бр. 2, 2006, стр. 17-21 (коавтор).

*На примерок од 70 испитаници од машки пол на возраст од 35 до 45 години со завршен Факултет за физичка култура кои во одделни спортски организации вршеле одредени тренажни, односно менаџерски активности, применет е анкетен лист со пет прашања од отворен тип на одговори. Одговорите на прашањата покажуваат дека кај спортските кадри не е постигнат еднаков успех во знаењата за сите основни функции на спортски менаџмент.*

32 Согледување и компарирање на релијабилноста и валидноста на некои тестови со класичен и имаж-модел за проценување на експлозивната сила кај испитаници со различно ниво на моторни способности, Физичка култура, бр. 2, 2006, стр. 65-71 (коавтор).

*Истражувањето е реализирано на примерок од 130 испитаници од машки пол на возраст 18-19 години, поделени во два суппримерока (65 ученици и 65 спортити-борачи). На двата суппримерока применети се четири композитни моторни тестови чиј хипотетски предмет на мерење е експлозивната сила. Добиените резултати се обработени со повеќе методолошко-статистички процедури, според класичната и имаж теорија. Од двата применети модела на мерењето, Гутмановиот (имаж) модел овозможува поконкретно методолошко утврдување на релијабилноста и валидноста на применетите тестови.*

33 Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла удари со нога за 10 скунди кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години. Физичка култура, бр. 2, 2006, стр. 93-97 (коавтор).

*На примерок од 150 карате-спортисти од машки пол на возраст од 14 до 16 години, било спроведено истражување со цел да се анализира како влијаат неки антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла задачи дефинирани како удари со нога за 10 сек. Резултатите од истражувањето покажуваат дека предикторскиот систем статистички значајно влијае врз успешното изведување на ситуационо-моторните варијабли дефинирани како удари со нога за 10 сек.*

34 Латентната структура на психолошките особини и ставовите на студентите кон физичкото образование. Физичка култура, бр. 2, 2006, стр. 144-148 (коавтор).

*На примерок од 392 судента од прва студиска година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, реализирано истражувањето со цел да се утврди латентната структура на психолошките особини и ставовите на студентите. Врз основа на добиените резултати и применетата методологија биле изолирани четири независни фактори.*

35 Possible approac for objective selection of candidates for acceptance in special police force. Прва балканска полициска конференција за спорт и физичко образование, 19-22 јануари 2007, Охрид, стр. 19-23 (коавтор).

*Во трудот се објаснуваат методолошко-статистички постапки за објективно селектирање на кандидати за прием во специјалните сили на МВР. Трудот има големо практично значење за објективна селекција на кандидати за прием во специјалните сили на МВР.*

36 Прилог за селекција во спортските игри во зависност од моторните способности на учениците. Меѓународна научна конференција на Националната спортска академија, Катедра кошарка, одбојка и ракомет. Софија, 1 јуни, 2007 година (коавтор).

*Истражувањето е реализирано на примерок од 400 ученици на возраст од 11 години (200 испитаници од машки пол и 200 од женски пол). На нив беа применети 31 моторен тест за проценување на 10 хипотетски моторни способности. За повеќето тестови и кај машките и кај женските утврдени се задоволителни мерни карактеристики. Повеќе од применетите тестови можат да се користат при селекција на млади спортисти во повеќе спортови.*

37 Влијанието на моторните способности врз интелектуалните способности кај кандидати за селектирање во специјалните полициски сили. Меѓународна научна конференција на Националната спортска академија, Катедра за теорија на физичко воспитание. Софија, 11-12 деќември, 2008 (коавтор).

*На примерок од 422 испитаника од машки пол, кандидати за прием во специјалните сили на МВР, спроведено е истражувањето со цел да се утврди регресивната поврзаност на општата моторика со некои тестови за проценување на когнитивните способности. За таа цел применет систем од 10 моторни теста, кои хипотетски го покриваа поголемиот дел од моторниот простор, како предикторски систем и 3 теста за проценување на интелигенција (ИТ-1, ИТ-2 и АЛФА-7) како критериумски систем. Резултатите од истражувањето покажуваа дека системот на моторни тестови и механизмот за регулирање на движењата (вториот фактор) се статистички значајно поврзани со генералниот когнитивен фактор.*

38 Поврзаноста на некои социодемографски фактори врз физичката активност кај младите. Меѓународна научна конференција на Националната спортска академија, Катедра за теорија на физичко воспитание. Софија, 11-12 декември, 2008 година (коавтор).

*На примерок од 440 испитаници од женски пол на возраст од 15 до 18 години, реализирано е истражувањето со основна цел да се утврди поврзаноста на некои социо-демографски фактори и нивото на физичката активност. За реализирање на целите на истражувањето, применети се седум социодемографски варијабли и една варијабла за проценување на нивото на физичката активност. Резултатите од истражувањето укажуваат дека голем процент од младите на возраст од 15 до 18 години немаат препорачана физичка активност. Поврзаност со физичката активност постои меѓу варијаблите „дали мајката се занимавала со спорт" и „дали таткото се занимавал со спорт" што укажува дека спортската традиција во семејството и родителот како модел влијае врз физичката активност на детето.*

39 Поврзаноста на некои манифестни и латентни варијабли и ситуациони задачи кај ученици ракометари од средните училишта. Меѓународна научна конференција на Националната спортска академија, Катедра за теорија на физичкото воспитание. Софија, 11-12 декември, 2008 година (коавтор).

*На примерок од 108 ученици-ракометари од средните училишта, реализирано е истражувањето со цел да се утврди влијанието на некои латентни и манифестни биомоторни варијабли во успешното изведување на некои ситуациони задачи од ракометната игра. За таа цел бил применет систем од 15 биомоторни варијабли, кои хипотетски го покривале поголемиот дел од биомоторниот простор, како предикторски систем и 3 ситуационо-бимоторни варијабли како критериумски систем. Резултатите од истражувањето покажуваат дека учениците-ракометари кои имаат подобро ниво на биомоторните способности поуспешно ги изведуваат поставените ситуациони задачи. Силата, особено експлозивната сила и координацијата (механизмот за структурирање на движењата) имаат најголемо влијание врз успешното изведување на поставените задачи. Резултатите од регресивната анализа на индиректен начин укажуваат дека големата телесна маса претставува пречка во успешното изведување на првите две критериумски варијабли („водење топка меѓу сталки" и „стартна брзина со топка на 20 м").*

40 Komparacije povezanosti izmegu nekih bazicnih i situacionih manifestnih i latentnih varijabli kod rvaca u slobodnom stilu. The 4th interna-tional scientific simposium of martial arts. Pancevo, 24 maj, 2008 god. (коавтор)

41 Komparacije znanja iz pojedinih funkcija sportskog menadjmenta kod sportskih stručnih kadrova oba pola. IV Medjunarodna konferencija „Menadjment u sportu", Fakultet za menadjment u sportu, Univerzitet „Braca Karic", Beograd, 23-24 maj 2008 godina. (коавтор).

*Истражувањето е реализирано на примерок од 56 стручни лица на возраст од над 30 години, поделени во два суупримерока (28 машки и 28 женски). На примерокот е применет анкетен прашалник со прашања од отворен тип. Одговорите на прашањата биле репрезенти на основнте знаења од пет функции од спортскиот менаџмент. Одговорите на прашањата биле оценувани од пет компетентни експерти од спортскиот менаџмент. Обработката покажала висока валидност на оценувањето од експертите и статистички значајни подобри резултати кај машките, односно машките имаат поголем афинитет за раководење и управување во повеќе работи од општествениот живот.*

42 Selektiranje kompetetnosti eksperta za ocenjivanje znanja iz nekih funkcija sportskog menadjmenta. IV Medjunarodna konferencija „Menadjment u sportu", Fakultet za menadjment u sportu, Univerzitet „Braca Karic", Beograd, 23-24 maj 2008 godina. (коавтор).

*Истражувањето е реализирано на примерок од 96 испитаници од машки пол на возраст од 35 до 60 години со завршен Факултет за физичка култура кои во одделни спортски организации вршеле одредени тренажни, односно менаџерски активности. Применет е анкетен прашалник со кој е оценувано основното знаење изведено и интегрирано до четири функции. Врз основа на рангирањето утврдена е нивната компететност. Добиените резултати претставуваат само еден од критериумите за селектирање на експертите врз основа на нивната компететност за оценување на општото интегрирано знаење од основните функции на спортскиот менаџмент.*

43 Distribucija osnovnih znanja potencijalnih sportskih menadjera o nekim funkcijama menadjmenta. IV Mequnarodna konferencija „Menadjment u sportu", Fakultet za menadjment u sportu, Univerzitet „Braca Karic", Beograd, 23-24 maj 2008 godina. (коавтор).

*На примерок од 94 испитаници од машки пол на возраст над 35 години, дефинирани како потенцијални спортски менаџери, односно кои вршеле некои работи поврзани со спортскиот менаџмент, реализирано е истражувањето со примена на анкетен прашалник со прашања од отворен тип со цел проценување на знаењето за организација и раководење. Во двете функции поголем број од испитаниците имале просечно, а помал број добро знаење.*

44 Влијанието на некои антропометриски мерки врз успешното изведување на некои тестови за проценка на експлозивната сила на долните екстремитети кај кошаркари на 14-годишна возраст. Федерација на училиштен спорт на Македонија, Пелистер , 2008, стр. 340-344 (коавтор).

*Истражувањето е реализирано на примерок од 111 испитаници на 14-годишна возраст, млади кошаркари, со цел да се утврдат релациите меѓу некои антропометриски мерки и тестови за проценување на експлозивната сила на долните екстремитети. Резултатите укажуваат дека испитаниците кои имаат помали вредности на кожни дипли на натколеницита и потколеницата, помала телесна тежина, поголем обем на потколеницата, поголем обем на граден кош и помала ширина на карлица постигнувале постигнувале подобри резултати во критериумските варијабли.*

45 Канонички релации меѓу некои тестови за проценување на општите и специфчните моторни способности кај кошаркари на возраст од 17 години. Охрид, 2008. (коавтор).

*На примерок од 60 кошаркари на возраст од 17 години +/-6 месеци, реализирано е истражувањето со основна цел да се утврдат каноничките релации меѓу некои тестови за проценување на општите и специфичните моторни способности кај младите кошаркари на возраст од 17 години. За реализирање на целите на истражувањето применети се седум теста за проценување на општите моторни способности, како предикторски систем и седум теста за проценување на специфичните моторни способности, како критериумски систем. Резултатите од истражувањето покажаа дека постои статистичка значајност само кај првиот пар канонички фактори. Првата канонична релација меѓу системот на испитувани тестови покажува дека испитаниците кои имаат повисоко ниво на експлозивна сила, агилност (способност за брзо изведување на движењето со промена на правецот) и брзина на краток спринт постигнуваат подобри резултати во специфичните моторни тестови кои се карактеристични за кошаркарската игра како што се водење на топката со промена на правецот, скок по топка и движење во одбранбен кошаркарски став.*

46 Споредба на релијабилност и валидност на некои тестови со класичниот и имаж -модел за проценување на координацијата кај испитаници со натпросечни моторни способности. Научна конференција со меѓународно учество, Благоевград, 2008 година. Универзитет „Неофит Рилски" (автор).

*Истражувањето е реализирано на примерок од 227 испитаници со натпросечни моторни способности на возраст од 18 до 26 години. Примерокот е составен дел на едно поширко истражување реализирано од страна на Наумовски и соработниците (2005). Примерокот бил поделен на два суппримерока. Едниот суппримерок го сочинувале 121 испитаник од машки пол, а другиот-106 испитаници од женски пол. Суппримеоците биле составени од спортисти-студенти од Скопје, кои најмалку пет години биле опфатени со континуиран и програмиран спортски тренинг и со спортски натпревари од повисок ранг во определена спортска дисциплина. Врз основа на овие сознанија, поставена е основната цел на истражувањето за утврдување на мерните карактеристики: релијабилноста и валидноста на некои тетсови за проценување на координацијата, со класичниот и Гутмановиот (имаж) модел на мерење кај испитаници од машки и женски пол со натпросечни моторни способности. Сите применети тестови покажуваат задоволителен степен на релијабилност и валидност за проценување на моторната способност-координација кај испитаниците од машки и женски пол. Од двата применети модела на мерење, Гутмановиот (имаж) модел овозможил методолошки покоректно дефинирање на релијабилноста, отколку класичниот модел.*

47 Ефекти од дванаесетнеделно систематско вежбање врз подобрување на експлозивната силина на долните екстремитети кај млади кошаркари. Меѓународно научно стручна конференција, Виница, 24-25 април 2009 година (коавтор).

*На примерок од 60 кошаркари на возраст од 17 години +/- 6 месеци, реализирано е тримесечно експериментално истражување, со основна цел да се утврдат ефектите од дванаесетнеделно систематско вежбање врз подобрување на експлозивната силина на долните екстремитети. Испитаниците биле поделени во три суппримероци, по 20 испитаници. Првата експериментална група -Е-1, реализирала програма за подобрување на експлозивната силина на почетокот од тренингот, втората експериментална група- Е-2, реализирала програма за развој на експлозивната силина на крајот од тренингот, а експерименталната група Е-3 реализирала програма за подобрување на техниката и тактиката во нападот и одбраната. За реализирање на целите на истражувањето применети се три теста за проценување на експлозивноста. Врз основа на добиените резултати може да се заклучи дека тримесечната експериментална програма ги даде очекуваните резултати и доведе до подобрување на експлозивната силина на долните екстремитети кај првата и втората експериментална група. Најголеми промени на експлозивната силина понудениот модел предизвика кај првата експериментална група, група која ги изведуваше вежбите на почетокот на тренингот.*

48 Колку луѓето треба да бидат физички активни. Меѓународно научно стручна конференција, Виница, 24-25 април 2009 година (коавтор).

*Во овој труд, анализирајќи ја достапната литература, се дава одговор на едно од најчесто поставуваните прашања, колку луѓето треба да бидат физички активни за да ги подобрат физичките способности (нивото на фитнесот) и да имаат добро здравје.*

**Проекти:**

1. „Мерни карактеристики на некои тестови за проценување на моторните латентни димензии кај спортистите од Македонија и Бугарија". Проектот го реализира: Факултетот за физичка култура, Скопје, Р. Македонија, Националната спортска академија „Васил Левски", Софија, Р.Бугарија. Главен истражувач: д-р Александр Наумовски, ред. проф.
2. „Релијабилност и валидност на некои тестови кај испитаници со натпросечни моторни способности", Скопје, 2005. Проектот го реализира: Факултет за физичка култура, Скопје. Главен истражувач: д-р Александар Наумовски, ред. проф.
3. „Дефинирање и компарирање на антропометриските карактеристики и моторните способности на учениците од Р. Макеонија и Р. Словенија" (проектот е во фаза на реализација) Главен истражувач: д-р Александр Наумовски, ред. проф.
4. Учествува во обука на наставниците во средните училишта за примена на ИКТ во наставата. Проект Е-школо, финансиран од Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), во соработка со Министерството за образование и наука на Р. Македонија.

## Педагошко искуство

Имајќи го предвид фактот дека д-р Серјожа Гонтарев сиот свој работен век, веднаш по дипломирањето, го минал во образовниот процес, работејќи со ученици, спортисти и студенти, на Комисијата и дава право да констатира дека кандидатот поседува богато педагошко искуство, неопходно за работното место за кое конкурира. Особено ја потенцираме неговата ангажираност во работата со младите, неговата несебичност во помошта што им ја дава, со единствена цел што поуспешно да ги совладаат и да ги усвојат техниката и вештината на спорт-ските дисциплини кои произлегуваат од наставната програма по предметот фи-зичко образование.

## Вештини и знаења

Работа со компјутери :

- Microsoft Office(Word, Excel, Pawer Point, Acees, Internet);
- сетирање мрежи, администрација на мрежи;
- веб-дизајн и веб-програмирње -работа со бази на податоци;
- програмски јазици (Visual Basic,ASP,SQL,Java), графички дизајн (Corel Draw, Photoshop, QuarkXPress, Macromedia), работа во повеќе статистички пакети;
- работа во многу други компјутерски програми;
- автор е на повеќе компјутерски програми поврзани со образованието и спортот.

## Познавање на јазици:

- македонски (мајчин јазик); англиски, руски (пасивно), српски, хрватски, бугарски.

## М-р АГАН РЕЏЕПАГИЌ

### Биографски податоци

Кандидатот м-р Аган Реџепагиќ е роден на 1. 12. 1949 година во Подгорица, Црна Гора, во службеничко семејство. Родителите во 1953 година се доселиле во Скопје, каде што го завршил основното образование, а потоа се запишал во Средното училиште за физичка култура, кое го завршил со одличен успех во 1968/69 година. Своето образование го надградил со запишување на Факултетот за физичка култура во Белград, на кој дипломирал во 1974 година. Потоа, во 1981 година се запишал на постдипломски студии во Белград, а по познатите настани на територијата на порнешна Југославија, се префрлил на Факултетот за физичка култура во Скопје, со што го продолжил своето стручно усовршување.

По положувањето на испитите, во март 2004 година го одбрани магистерскиот труд под наслов: ,,Ефекти врз статичката и репетитивната сила на рацете и на рамениот појас кај адолесценти, по четиринеделно систематско вежбање во изометриски, репетитивен и матрикс-режим ", со што се стекнал со звањето магистер на науки од областа на кинезиологијата.

М-р Аган Реџепагиќ, својот работен век го започнал во Градскиот сојуз за физичка култура на Скопје како самостоен референт по спортски игри, потоа работи како предњак во ДТВ ,,Партизан – Сениќ", како самостоен референт за ракомет и фудбал во Универзитетскиот спортски сојуз на Приштина. Од 1976 до 1979 година работел како професор во средното училиште за физичка култура во Скопје. Во Центарот за физичко образование на Факултетот за физичка кул-тура е избран за наставник, каде што работи и денес во звањето виш предавач.

### Спортско - стручна дејност

Уште од својата најрана младост, како ученик, кандидатот Реџепагиќ бил вклучен во спортскиот живот и успешно се натпреварувал во ракомет, кошарка и гимнастика. Во 1965 година, како сестран спортист, го освоил првото место на републички партизански повеќебој. Освен тоа, успешно се натпреварувал за ракометната екипа ,,Бетон"-Скопје, член на тогашната Републичка лига. Како студент започнал со инструкторска и со демонстраторска активност во скијањето. Учесник е на повеќе семинари и курсеви за алпско скијање како предавач, а подоцна и како член на Собирот на учители и тренери по скијање, во кој бил активно вклучен од 1985 година. Во овој период учествувал во организирањето настава за ски-учители, како предавач, демонстратор и испитувач. Од 1972 година е член на "Мотоски"- клубот во Скопје, при што активно учествува во него-вата работа. Неговиот придонес особено се огледа како организатор и судија на повеќе републички, сојузни и меѓународни натпревари.

Во 2000 година, на иницијатива на голем број ентузијасти и филантропи, иницирано е формирање на Специјална олимпијада во Македонија. Вклучувајќи се во овој процес, кандидатот м-р Аган Реџепагиќ е избран за спортски потпретседател и со својот ангажман учествувал на Олимписките игри во Даблин во 2003 година од каде што со своите атлети се вратил со првите медали за Македонија во оваа специфична спортска област.Во 2009 година, како тренер на Македонската репрезентација во скијање, на Зимските олимписки игри на Специјалната олимпијада одржана во Ајдахо, САД, каде што Македонија се појавува за прв пат, со македонските олимпијци донесе медали во сите три спортски дисциплини во алпско скијање. Како потпретседател за спорт ги вклучил и колегите од Центарот и од Факултетот во неколку национални натпревари, а плод на таа сора-ботка е склучување договор помеѓу ФФК, Специјалната олимпијада и МОК.

**Наставно – педагошка дејност**

Во текот на работата кандидатот се истакнал со своите организаторски и стручни квалитети. Така, го организирал севкупниот живот на учениците од училиштето подготвувајќи ги со нив натпреварите во ракомет, фудбал и скијање, во рамките на МОИ. Својата активност ја насочил и кон работа со студентската популација, особено во реализацијата на наставната програма и активностите во Центарот за физичко образование во Скопје. Освен тоа, активно учествува во вончасовните активности со студентите, како што се меѓуфакултетските натпревари, атлетските кросеви, планинарските тури и излети, „научи да пливаш" и „научи да скијаш". Како квалификуван учител, учествува во изготвувањето на наставната програма по скијање на Факултетот за физичка култура и во Средното училиште за физичка култура, при што повеќе пати бил учесник во изведувањето на скијачките курсеви.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот ги има објавено следниве трудови:

1 Тенденции во постигнувањата експлозивна силина кај студентите од прва година на Факултетот за физичка култура во Скопје, за периодот од 1995 до 2005 година (автор);
2 Тестирањето како практична апликација (автор);
3 Можности за подготовка на организмот пред старт за скијање, Физичка култура бр.4, 1979 година (автор);
4 Што е Специјална олимпијада, „Просветно дело" бр.1, 2009 година (автор);
5 Фитнес – потреба и реалност за лицата со специјални потреби, „Просветно дело" бр.5, 2008 година (автор);
6 Специјални светски олимписки игри, „Порака" декември, 2008 година (автор);
7 Матрикс-вежби во практика, Зборник на трудови, 25-27 март,2005 година (автор);
8 Тестирањето како практична апликација, Зборник на трудови, 25-27 март, 2005 година (автор);
9 Промени на силата и силината кај 18-годишни испитаници со различно почетно ниво, после четиринеделно систематско вежбање, Физичка култура бр.1, 2004 (коавтор);
10 Влијание на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла удари со нога за 10 сек. кај младите карате-спортисти на возраст 14-16 години, Физичка култура бр. 1, 2007 година, (коавтор);
11 Тестирање како практична апликација, Физичка култура бр.2, 2004 година (автор);
12 Тенденциите во експлозивната силина на нозете кај студентите од прва година на ФФК за периодот 1995-2005 година (коавтор);
13 Влијание на некои морфолошки карактеристики врз прецизноста при изведување слободни фрлања кај врвни кошаркари (презентирано во Софија, октомври 2008), (коавтор);
14 Матрикс- вежби во практиката, Втор конгрес за спорт и физичко образование – апстракти, Агенција за млади и спорт, 14-16 октомври 2005, Охрид (автор);
15 Каратето во функција на потребите на лицата со посебни потреби (презентирано во Виница, 2009), (коавтор);
16 ~~Специјална олимпијада (презентирано во Виница, 2009), (автор);~~
17 Приказна (презентирано во Виница, 2009), (автор);
18 Ефекти на програмираното репетитивно мускулно напрегање врз импулсот на силата и прецизноста кај карате-ударите со рака и нога кај млади каратисти на возраст 14-18 години, (коавтор);

19 Факторска структура на антропометриските варијабли кај студентите-спортисти и студентите-неспортисти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Годишник ФОН, 2009 (коавтор);

**Вештини и знаења**

Работа со компјутери :
- Microsoft Office(Word, Excel, Pawer Point, Internet).

**Познавање на јазици:**
- македонски ; англиски , српски, хрватски и бугарски јазик.

## М-р ВЕРА СОКОЛОВА

**Биографски податоци**

Кандидатката м-р Вера Соколова е родена на 6.4.1951 година во Велес. Основно образование завршила во Вировитица, Р. Хрватска, а потоа го завршила Средното училиште за физичка култура „Методи Митевски-Брицо" во Скопје. Во 1970 година се запишала на Вишата школа за физичка култура во Скопје, каде што дипломирала на 15.6.1973 година. Веднаш по дипломирањето се вработила во Средното економско училиште „Васил Антевски-Дрен", каде што работи се до 31.8.1995 година. Од учебната 1977/78 година се запишала на Факултетот за физичка култура во Сараево, на кој дипломирала на 19.6.1979 година.

Во Центарот за физичко образование се вработила од 1. 9. 1995 година каде што работи и денес.

**Спортско - стручна дејност**

За време на школувањето во основното и во средното училиште играла ракомет за РК"Пролет" од Скопје. Подоцна се определила за ритмичко-спортска гимнастика и за спортска гимнастика. Во спортска гимнастика учествувала на републичките првенства и во партизански повеќебои, каде што освојувала први места. Најголеми успеси постигнала во ритмичко-спортската гимнастика, каде што била републички првак повеќе години. Натпреварувајќи се на државните првенства, во 1973 и во 1974 година била избрана и настапувала за репрезентацијата на поранешна Југославија.

**Наставно – педагошка дејност**

Кандидатката м-р Соколова, како професор во своето училиште, редовно подготвувала екипи во ритмичко-спортска гимнастика со кои учествувала на натпреварите на Малите олимписки игри. Со својата екипа на градските и на републичките натпревари, во поединечна и во екипна конкуренција, освојувала повеќе први места.

Кандидатката е учесник на повеќе семинари по ритмичко-спортска гимнастика од републички и од сојузен карактер. За својата активност и за постигнатите резултати во ритмичко-спортска гимнастика добила повеќе признанија и дипломи од сојузите за физичко воспитание на Југославија и на Република Македонија.

Во 1995 година се запишала на постдипломски студии на Факултетот за физичка култура во Скопје и по положените испити, во јануари 2003 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Компаративна анализа на некои моторички и антропометриски варијабли помеѓу студентките од прва година запишани во 1987/88 и 1997/98 година на Скопскиот универзитет" и се здоби со звањето магистер на науки во областа на физичката култура.

**Научно истражувачка дејност**

Кандидатката м-р Вера Соколова во изминатиот период ги има објавено следниве трудови:

1 Утврдување на разлики и промени во некои антропометриски и биомоторички варијабли кај студентките од прва година на Скопскиот универзитет. Федерација на училиштен спорт на Македонија, Стручно-научен собир, Пелистер 2008, стр. 423-426 (автор);
2 Утврдување на разликите во латентниот простор помеѓу две групи испитаници. Меѓународно научно стручна конференција, Виница, 24-25 април 2009 година. (автор)
3 Влијанието на некои техничко - тактички дејствија врз успехот на ракометната игра. Меѓународно научно-стручна конференција, Виница, 24-25 април 2009 година (коавтор);
4 Факторска структура на некои техничко-тактички дејствија од ракометната игра. Меѓународна научна-конференција на Националната спортска академија, Катедра за теорија на физичко воспитание. Софија, 11-12 декември, 2008 година (коавтор).

**Вештини и знаења**

Работа со компјутери :
- Microsoft Office(Word, Internet).

**Познавање на јазици:**
- македонски, англиски, српски, хрватски и бугарски јазик.

## М-р ЈАНА КАРШАКОВСКА - ДИМИТРИОСКА

### Биографски податоци

Родена е на 28.3.1966 година во Скопје, каде што завршила основно и средно училиште. Дипломирала на Факултетот за физичка култура во 1989 година со среден успех 8.75. Во 2005 година, со одбраната на магистерскиот труд на тема: „Дефинирање и компарирање на антропометриската и моторната структура кај учениците и ученичките на 11-годишна возраст со различни методолошко-статистички постапки", кандидатката се здобила со звањето магистер на наука од областа на кинезиологијата.

Во 1996 година се вработила во ОУ „Димитар Македонски", како наставник по физичко и здравствено образование, каде што работи и сега.

### Стручна и општествена дејност

Уште од најраната возраст ја интересирале спортот и спортските активности во кои и самата била активен учесник. По завршувањето на студиите, подготвувала училишни екипи во повеќе спортови за учество на натпревари што ги организира Сојузот за училиштен спорт, при што со своите екипи успешно се натпреварувала на општински, градски и републички натпревари.

Покрај наставната дејност, м-р Каршаковска-Димитриоска, повеќе години е ангажирана како инструктор по скијање и пливање од страна на Јавната уста-нова за згрижување на деца и младинци „Младост", а потоа и од страна на ДУФК „Методи Митевски Брицо" во Скопје.

Од 2001 година е вклучена во меѓународниот проект "Open fan foodball-school", со основно мото-популаризација на спортот, без расна, верска и полова припадност, а во моментот е лидер на проектот за општина Аеродром од Скопје. Поседува универзални афинитети во спортот, а посебен афинитет покажува кон ритмиката и танците, потоа кон скијањето, пливањето и атлетиката.

**Вештини и знаења**

Работа со компјутери :
- Microsoft Office(Word, Excel, Internet).

**Познавање на јазици:**

- македонски (мајчин јазик); чешки (активно), српски, хрватски и бугарски јазик.

## П Р Е Д Л О Г

Врз основа на приложените документи од горенаведените кандидати и оцената на нивната досегашна работа, а имајќи ја предвид нивната спортско-стручна, наставно-педагошка, научна и општествено-спортска активност, како и афинитетот за понатамошно стручно усовршување во областа на физичката култура, согласно со одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј", Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј", Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура да ги избере кандидатите во следниве наставно-научни звања:

1. д-р Чедомир Ј. Саздовски, спец., да биде избран во звањето доцент;
2. д-р Серјожа Гонтарев, да биде избран во звањето доцент;

а другите кандидати во досегашните нивни соработнички звања:

1. м-р Аган Реџепагиќ, да биде избран во звањето виш предавач;
2. м-р Вера Соколова, да биде избрана во звањето виш предавач
3. м-р Јана Каршаковска - Димитриоска, да биде избрана во звањето виш предавач

Рецензентска комисија:
Проф. д-р Александар Наумовски-претседател с.р.
Проф. д-р Ленче Алексовска-Величковска-член с.р.
Проф. д-р Орце Митевски-член с.р.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Каршаковска - Димитриоска, посебен интерес пројавува кон научно истражувачката работа во областа на кинезиологијата и досега има изготвено повеќе планови и програми за тренинг со помлади возрасни категории.

Во областа на научноистражувачката работа ги има објавено и рецензирано следниве трудови:

1 Компарирање на утврдената моторна структура кај учениците и ученичките на 11-годишна возраст,презентиран, Пелистер 21-23. 6. 2006 (автор);
2 Ефекти од дванаесет неделен систематски тренажен процес за развој на екстензивната сила на долните екстремитети кај кошаркари на 17- годишна возраст (Фк.бр.1-2007, Охрид), (коавтор);
3 Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла прецизност со рака кај младите карате спортисти на возраст од 14 до 16 години, Фк 35, Охрид, 2007, бр.2 (коавтор);
4 Канонична поврзаност на антропометриските мерки и моторните тестови кај ученичките на 11- годишна возраст; трудот е презентиран на научната конференција одржана на Националната спортна академија ,,Васил Левски" – Софија, 2008 Катедра за теорија на спортот (автор):
5 Регресивна поврзаност на некои антропометриски мерки и некои моторни тестови кај учениците на 11- годишна возраст, во објавување ,трудот е презентиран на научната конференција одржана на Националната спортна академија, каредра теорија на спорт, ,,Васил Левски" Софија 2008. (автор)
6 Канонична поврзаност на антропометриските мерки и моторните тестови кај учениците од 11 годишна возраст (во објавување), трудот е презентиран на научната конференција одржана на Националната спортска академија, Катедра за психологија на спортот, ,,Васил Левски" Софија, 2008 (автор);
7 Компарација и конгруенција на добиените моторни факторски структури меѓу машките и женските на возраст од 11 години, Охрид ФК- бр. 1, 2008 (автор);
8 Физичката култура и болестите на зависност, Пелистер, 2008 (автор);
9 Генетска кинезиологија во функција на развој на спортот со пример на истражвање, Пелистер, 2008 (коавтор);
10 Основни статистички параметри за применетите антропометриски карактеристики и моторни тестови кај машките од 11 години, Пелистер, 2008 (автор);
11 Условеност на обработка на податоците при истражувањата во физичката култура со претходно тестирање на нивната нормална дистрибуираност, Пелистер, 2008 (автор).

**Педагошко искуство**

Имајки го предвид фактот дека м-р Јана Каршаковска-Димитриоска сиот свој работен век, веднаш по дипломирањето, го минала во образовниот процес, работејќи со ученици и спортисти, на Комисијата и дава право да констатира дека кандидатката поседува богато педагошко искуство, неопходно за работното место за кое конкурира. Особено ја потенцираме нејзината ангажираност во работата со младите, нејзината несибичност во помошта што им ја дава, со единствена цел што поуспешно да ги совладаат и да ги усвојат техниката и вештината на спортските дисциплини кои произлегуваат од наставната програма по предметот физичко образование.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН РЕФЕРАТОТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА НАСТАВА ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД НЕМАТИЧНИТЕ ФАКУЛТЕТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**Кандидатот:** **Чедомир Јорданов Саздовски**

**Институција:** **Факултет за физичка култура**

**Научна област:** **Кинезиологија**

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Р.Б. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување на настава - од прв циклус студии (14*15*0,04) | 8,4 |
| | Одржување на теренска настава (планинарење, атлетски крос, лизгање, и сл.) | 1,8 |
| | Консултации со студенти (560*0,002) | 1,12 |
| | | 11,32 |

### НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Р.Б. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбрана на докторска теза | 8 |
| 2 | Одбрана на магистерска теза | 4 |
| 3 | Одбранет специјалистички труд | 2 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Чедомир Саздовски:** Карате-традиција и спорт; Физичка култура, бр. 1, стр. 44-46, 1994 година. | 4 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Проширување, осовременување и иновации во наставата по физичко воспитување кај студентите од универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје; Физичка култура бр. 1-2 , стр. 71-73, 1999 година. | 3,6 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Физичката култура и никотинизмот; Просветно дело бр 3 од 2002 година; | 3,6 |
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Чедомир Саздовски:** Реформа во наставата по физичко образование и спортот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Физичка култура, бр. 1, стр. 33-34, 2003 година. | 4 |
| 8 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно-сручен собер: Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,:** Влијанието на морфолошките карактеристики врз ставовите на студентите кон физичкото образование; Физическото воспитание и спортот во образовната система, Југозападен Универзитет "Неофит Рилски" , стр. 186-194; 2004 г. Благоевград, Р.Бугарија. | 2 |
| 9 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно-сручен собер: **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Серјожа Гонтарев: Компаративни реалции на некои антропометриски и биомоторни карактеристики и некои ситуациони задачи кај младите карате спортисти на возраст од 14 до 18 години; Физическото воспитание и спортот во образовната система,Југозападен универзитет „Неофит Рилски" , стр. 256-260; 2004 г. Благоевград, Р.Бугарија. | 2 |
| 10 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно-сручен собер: Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Поврзаност на ставовите на студентките кон физичкото образование со брзината и силата како базични моторички способности;, стр. 176-186; Национална спортска академија „Васил Левски", -Спорт & наука- Изванреден број-2004, Софија, Р.Бугарија. | 3,2 |
| 11 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Сашо Тодоровски: Поврзаност на ставовите на студентите кон физичкото образование со брзината и силата како базична моторичка способност; стр. 71-73, Физичка култура бр 1, 2004 година. | 3,2 |
| 12 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Серјожа Гонтарев: Влијанието на некои антрополошки димензии врз успешното изведување на некои ситуациони задачи кај младите карате спортисти на возраст од 14 до 16 година, Физ. култура бр. 2, стр 43-46, 2005 г. | 3,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Силата како детерминанта за формирање на позитивни ставови кон физичкото образование;, Физ. култура бр. 2, стр. 81-82, 2005 година. | 3,2 |
| 14 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Серјожа Гонтарев, **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска: Канонички релации меѓу некои варијабли за проценување на механизмот за структурирање на движењата и некои варијабли за проценување на когнитивните способности кај младите карате спортисти на возраст од 14 до 16 години;, Физичка култура бр. 2, стр. 172-174, 2005 год. | 3,2 |
| 15 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно -сручен собир **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Серјожа Гонтарев: Влијанието на програмираното репетитивно мускулно напрегнување врз подобрување на некои општи и специфични биомоторни и антропометриски варијабли кај младите карате-спортисти од машки пол на возраст од 14 до 18 години. Прв меѓународен симпозиум за наставата по физичко образование и спорт на студентите, Зборник на трудови; стр. 90-92;, Скопје, 2005 година. | 2 |
| 16 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно -сручен собир **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Серјожа Гонтарев: Компаративни реалции на некои антропометриски и биомоторни карактеристики и некои ситуациони задачи кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 18 години; Прв меѓународен симпозиум по физичко образование и спорт на студентите, Зборник на трудови, стр. 4-5 Скопје 2005 год. | 2 |
| 17 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно -сручен собир Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Влијанието на морфолошките карактеристики врз ставовите на студентите кон физичкото образование; Прв мегународен симпозиум за физичко образование и спорт на студентите, Зборник на трудови, стр. 6-9, Скопје, 2005 година. | 2 |
| 18 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно -сручен собир **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев, Славица Новачевска: Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла удари со нога за 10 секунди кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години; Физичка култура, бр. 2 стр. 93-97, 2006 година. | 3,2 |
| 19 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Латентната структура на психолошките особини и ставови на студентите кон физичкото образование; Физичка култура, бр. 2, стр. 144-148, 2006 година. | 3,2 |
| 20 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла прецизност со рака, кај младите карате спортисти на возраст од 14 до 16 години, Физичка култура бр. 2 стр. 53-57, 2007 година. | 3,2 |
| 21 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно -сручен собир Руждија Калач, Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла удирање на фиксна цел со нога кај младите карате спортисти на возраст од 14 до 16 години, Физичка култура, бр. 1, стр. 68-72, 2007 година. | 3,2 |
| 22 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Аган Реџепагиќ: Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на варијаблата удари со нога за 10 секунди; Физичка култура , бр. 1, стр. 27-31, 2007 година. | 3,2 |
| 23 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Чедомир Саздовски,**Славица Новачевска: Влијанието на програмираното репетитивно мускулно напрегнување; Просветно дело, 2008 – Скопје. | 3,6 |
| 24 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно-сручен собир Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла удирање на фиксна цел со рака (gjaku zuki), кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години. Втор меѓународен симпозиум. Центар за физич-ко образование и спорт Скопје, 12 - 14 мај, 2006. | 2 |
| | **Вкупно:** | 76,8 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Р.Б. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Атанас Кајчевски, **Чедомир Саздовски**, Димче Кичевски<br>КАРАТЕ-Основи на тренингот- Основи на техниката<br>Библиографија: стр.196 ;, CIP-Каталогизација во публикација,НУБ "Св.Климент Охридски", Ск., 796.853.26.015; 2004 год.;, ISBN 9989 - 2151 - 0 – 3, COBISS. MK-ID 52591114 | 7 |
| 2 | **Чедомир Ј. Саздовски**, Ленче А. Величковска<br>КАРАТЕ-Планирање и програмирање на тренингот<br>Библиографија: стр.412 ; CIP-Каталогизација во публикација,НУБ "Св.Климент Охридски", Ск., 796.853.26.015; 2009 год.;, ISBN 978 – 9989 2151 1-7 COBISS. MK-ID 80552458 | 8 |
| **Дејност од поширок интерес** | | |
| 1 | Претседател на организационен одбор на меѓународен научно/стручен собир, ФУНТЕК-7, 2009 година | 2 |
| 2 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научно-стручен собир, Физичко образование и спорт -Состојби и перспективи-2005 & 2006 год. | 2 |
| 3 | Раководител на внатрешна организациона единица | 3 |
| 4 | Член на комисија за избор во звања (пет пати) | 1 |
| 5 | Член на факултетска комисија (член на факултетска управа) | 0,5 |
| 6 | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | Советник во Советот на општина Кисела Вода | 1 |
| | Претседател на Комисијата за образование во Советот на општина Кисела Вода | 1 |
| | Член на Комисијата за урбанизам и комунални дејности во Советот на општина Кисела Вода | 1 |
| | Член на Комисијата за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита во Советот на општина Кисела Вода | 1 |
| **Спортска дејност** | | |
| 1 | Тренер на спортски клуб:<br>тренер на Академскиот карате клуб „Студент"<br>и Карате центар „Кисела Вода" | <br>1<br>1 |
| 2 | Тренер/ментор на државна репрезентација | 2 |
| 3 | Селектор/водич на државна репрезентација | 4 |
| 4 | Претседател на спортско-натпреварувачко здружение | 2 |
| 5 | Претседател на стручно-организационен одбор на домашни натпревари | 2 |
| 6 | Претседател на стручно-организационен одбор на меѓународен натпревар од висок рејтинг | 3 |
| 7 | Награди и признанија добиени од државна спортска манифестација | 5 |
| | **Вкупно** | **47,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| ***НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ*** | 11,32 |
| ***НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ*** | 76,8 |
| ***СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ*** | 47,5 |
| **Вкупно** | 135,62 |

### Членови на комисијата

1. Проф.д-р Александар Наумовски, претседател с.р.
2. Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, член с.р.
3. Проф. д-р Орце Митевски, член с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН РЕФЕРАТОТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА НАСТАВА ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД НЕМАТИЧНИТЕ ФАКУЛТЕТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

**Кандидатот:** **Серјожа Владимир Гонатрев**

**Институција:** **Факултет за физичка култура**

**Научна област:** **Кинезиологија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Р.Б. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава - од прв циклус студии (14*15*0,04) | 8,4 |
| 2 | Одржување на теренска настава (планинарење, атлетски крос, лизгање, и сл.) | 1,8 |
| 4 | Консултации со студенти (560*0,002) | 1,12 |
| | **Вкупно** | **11,32** |

## НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Р.Б. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбрана на докторска теза | 8 |
| 2 | Одбрана на магистерска теза | 4 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Гонтарев Серјожа:** Факторска валидност на некои тестови за проценување на координацијата на целото тело. Физичка култура бр. 1-2, 1996, стр. 37-39. | 4 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Гонтарев Серјожа:** Релијабилност на некои тестови за проценување на координацијата на целото тело. Физичка култура бр. 1-2, 1996, стр.42-44. | 4 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Георгиев Георги, **Гонтарев Серјожа:** Канонички релации меѓу некои биомоторни варијабли за проценување на прецизноста и биомоторниот простор. Физичка култура бр. 1-2, 1997, стр. 182-183. | 3,6 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Гонтарев Серјожа,** Вучидолов Милош: Следењето на оптоварувањето и агажирањето на учениците на часот по физичко воспитување со помош на Полар-пулс монитор. Физичка култура бр. 1-2, 1997, стр. 232-234. | 3,6 |
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Георгиев Георги, **Гонтарев Серјожа:** Канонички релации меѓу некои биомоторни варијабли за проценување на механизмот за регулација на движењето и механизмот за енергетска регулација кај ученичките на 11-годишна возраст. Физичка култура бр. 1-2, 1998, стр. 21-22. | 3,6 |
| 8 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Александар Наумовски, Георги Георгиев, **Серјожа Гонтарев, :** Состојба на резултатите на некои варијабли за проценување на биомоторните способности кај учениците и ученичките на 11-годишна возраст. Традиционална научна конференција на Националната спортска академија. Софија. 21-23.5.1998. | 3,2 |
| 9 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Георгиев Георги, **Гонтарев Серјожа:** Утврдување и компарирање на мерните карактеристики на не-кои биомоторни варијабли за проценување на координацијата кај испитаниците со различен степен на биомоторна активност. Физичка култура бр. 1-2, 1998, стр. 108-109. | 3,6 |
| 10 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Гонтарев Серјожа,** Глигоров Страшо: Влијанието на некои манифестни и латентни биомоторни варијабли при реализацијата на некои ситуациони задачи во борење слободен стил. Физичка култура бр. 1-2, 1998, стр. 119-121. | 3,6 |
| 11 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Гонтарев Серјожа,** Глигоров Страшо: Канонички релации меѓу биомоторниот простор и некои ситуациони задачи во борење слободен стил. Физичка култура бр. 1-2, 1999, стр. 57-60. | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Гонтарев Серјожа,** Глигоров Страшо, Георгиев Георги: Ставови на учениците од прва година опфатени со програмата „ФАРЕ " кон спортот и спортските активности и влијанието на некои социолошки фактори врз нивното формирање, Физичка култура бр. 1-2, 2001, стр. 40-42. | 3,2 |
| 13 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Гонтарев Серјожа,** Страшо Глигоров, Ратко Јанушев: Влијанието на некои антропометриски и биомоторни варијабли во успеното совладување на армискипрепреки кај припадниците на единицата за специјални задачи. Традиционална научна конференција на Националната спортска академија Софија, 12-13.12.2002. | 3,2 |
| 14 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Страшо Глигоров, **Гонтарев Серјожа:** Согледување и компарирање на мерните карактеристики на некои тестови за проценување на експлозивната снага кај учениците од центарот за образование на кадри од областа на безбедноста и спортисти - борачи. Традиционална научна конференција на Националната спортска академија Софија, 12-13.12.2002. | 3,6 |
| 15 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир: **Гонтарев Серјожа,** Глигоров Страшо: Мерни карактеристики на неколку биомоторни варијабли за проценување на координацијата кај испитаниците од центарот за образование на кадри од областа на безбедноста. Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 1, 1999, 132-136. | 2 |
| 16 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир: **Гонтарев Серјожа:** Влијанието на некои манифестни моторни варијабли во успешното изведување на некои ситуациони задачи од ракометната игра. Прв Меѓународен симпозиум на тема: „Наставата по физичко образование, спортот и спортските активности на студентите (состојби и перспективи). Скопје, 25 - 27 Март, 2005, стр. 83-86. | 2 |
| 17 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир: Чедомир Саздовски, Славица Новачевска, **Гонтарев Серјожа** :Влијанието на програмираното репетитивно мускулно напрегнување врз подобрување на некои општи и специвични биомоторни и антропом риски варијабли кај младите карате спортисти од женски пол на возраст од 14 до 18 години. Прв Меѓународен симпозиум на тема: „Наставата по физичко образование, спортот и спортските активност на студентите (сосотојби и перспективи). Скопје, 25 - 27 Март, 2005, стр. 90-92. | 2 |
| 18 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир: Саздовски Чедомир, Новачевска Славица, **Гонтарев Серјожа**: Компаративни релации на некои антропометриски и биомоторни карактеристики и некои ситуациони задачи кај младите карате спортистки на возраст од 14 до 18 години. Научна конференција со меѓународно учество, „Физическото воспитание спорт в образователната сиситема". Благоевград 4-5 Ноември, 2004 година, Универзитет "Неофит Рилски". | 2 |
| 19 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Александар Наумовски, Георги Георгиев, **Серјожа Гонтарев:** Компарација на две методи за трансформација од програмскиот пакет СПСС на резултатите од моторните тестови со една и повеќе честици. Физичка култура бр. 2, 2004, стр. 12-15. | 3,2 |
| 20 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Серјожа Гонтарев:** Влијанието на некои латентни моторни варијабли во успешното изведување на некои ситуациони задачи од ракометната игра. Физичка култура бр. 1, 2005, стр. 57-60. | 4 |
| 21 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Чедомир Саздовски, **Серјожа Гонтарев,** Славица Новачевска: Влијанието на неки антрополошки димензии врз успешното изведување на некои ситуациони задачи кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години. Физичка култура, бр. 2, 2005, стр. 43-46. | 3,2 |
| 22 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: **Серјожа Гонтарев,** Чедомир Саздовски, Славица Новачевска: Канонички релации меѓу некои варијабли за проценување на механизмот за структуирање на движењата и некои варијабли за проценување на когнитивните способности кај младите карате-спортистки на возраст од 14 до 16 години. Физичка култура, бр. 2, 2005, стр. 172-174. | 3,2 |
| 23 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Александар Наумовски, Страшо Глигоров, Георги Георгиев, **Серјожа Гонтарев:** Поврзаноста на некои моторни тестови со одредени когнитивни способности кај кандидатите за прием во единицата за специјални полициски сили. Физичка култура, бр. 2, 2005, стр. 18-22. | 2,4 |
| 24 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Славица Новачевска, Чедомир Саздовски, **Серјожа Гонтарев**: Силата како детерминанта за формирање на позитивни ставови кон физичкото образование Физичка култура, бр. 2, 2005, стр. 80-82. | 3,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание:<br>Александар Наумовски, Георги Георгиев анд **Серјозха Гонтарев:** Methodological contribution for defining motor space in reference to different types of results registration with composit tests. 4th international scientific confereence on kinesiology, Opatija, 7-11, 2005, str. 716-718. | 3,2 |
| 26 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир:<br>Александар Наумовски, Георги Георгиев, **Серјожа Гонтарев:** Компарирање на утврдената моторна структура со различни методолошко статистички постапки кај учениците и ученичките од 11 години, Научна конференција со меѓународно учество, Благоевград, 2005 година. Унивезитет „Неофит Рилски". | 2 |
| 27 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир:<br>Славица Новачевска, Чедомир Саздовски, **Серјожа Гонтарев:** Влијанието на морфолошките карактеристики врз ставовите на студентите кон физичкото образование Прв меѓународен симпозиум на тема: „Наставата по физичко образование, спортот и спортските активности на студентите (сосотојби и перспективи). Скопје, 25 - 27 март 2005, стр. 6-9. | 2 |
| 28 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание:<br>**Серјожа Гонтарев,** Георги Геогриев: Преглед на постапките за одредување на латентните димензии. Физичка култура, бр. 1, 2006, стр. 42-44. | 3,6 |
| 29 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание:<br>Александар Наумовски, **Серјожа Гонтарев,** Љерка Срхој : Компарација на знаењата во различни функции на спортскиот менаџмент кај испитаници од машки и женски пол. Физичка култура, бр. 1, 2006, стр. 42-44. | 3,2 |
| 30 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание:<br>Александар Наумовски, **Серјожа Гонтарев,** Страшо Глигоров: Споредби на успехот во знаењата за основните функции на спортскиот менаџмент кај една група спортски кадри. Физичка култура, бр. 2, 2006, стр. 17-21. | 3,2 |
| 31 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание:<br>Александар Наумовски, Страшо Глигоров, **Серјожа Гонтарев,** Насе Насев: Согледување и компарирање на релијабилноста и валидноста на некои тестови со класичен и имаж модел за проценување на експлозивната снага кај испитаници со различно ниво на моторни способности Физичка култура, бр. 2, 2006, стр. 65-71. | 2,4 |
| 32 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание:<br>Чедомир Саздовски, Серјожа Гонтарев, Славица Новачевска: Влијанието на неки антропомет-риски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла уда-ри со нога за 10 секунди кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години. Физичка култу-ра, бр. 2, 2006, стр. 93-97. | 3,2 |
| 33 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир:<br>Бранко Крстевски, Серјожа Гонтарев, Мирјана Крстевска: Влијание на одредени антропометриски варијабли врз одредени моторни варијабли кон ја дефинираат експлозивната сила на долните екстремитети. Федерација на училиштен спорт на Македонија, Пелистер 2006, стр. 280-285. | 2 |
| 34 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание:<br>Славица Новачевска, Чедомир Саздовски, Серјожа Гонтарев: Латентната структура на психолошките особини и ставовите на студентите кон физичкото образование. Физичка култура, бр. 2, 2006, стр. 144-148. | 3,2 |
| 35 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир:<br>Александар Наумовски, Страсо Глигоров, Серјоза Гонтарев, Стојанче Ангелов: Поссибле аппроац фор објецтиве селецтион оф цандидатес фор аццептанце ин специал полице форце. Прва балканска полициска конференција за спорт и физичко образование, 19-22 јануари 2007, Охрид, стр. 19-23. | 2 |
| 36 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир:<br>Георги Георгиев, Марко Александровиќ, Серјожа Гонтарев, Благоја Кечовски: Прилог за селекција во спортските игри во зависност од моторните способности на учениците. Меѓународна научна конференција на Националната спортска академија, Катедра за кошарка, одбојка и ракомет. Софија, 1 јуни 2007 година. | 2 |
| 37 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир:<br>Страшо Глигоров, Александар Наумовски, Серјожа Гонтарев, Томислав Андоновски: Релации меѓу резултатите од некои моторни и конативни тестови кај потенцијални кандидати за прием во единицата за специјални полициски задачи. Меѓународна научна конференција на Националната спорт-ска академија, Катедра за теорија на физичко воспитание. Софија, 11-12 декември, 2008 година. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 38 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир: Слободан Стојчевски, Серјожа Гонтарев: Влијанието на некои социодемографски фактори врз физичката активност кај младите. Меѓународна научна конференција на Националната спортска академија, Катедра теорија на физичко воспитание. Софија, 11-12 декемвр, 2008 година. | 2 |
| 39 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир: Слободан Стојчевски, **Серјожа Гонтарев:** Поврзаноста на некои манифестни и латентни варијабли и ситуациони задачи кај ученици-ракометари од средните училишта. Меѓународна научна конфе-ренција на Националната спортска академија, Катедра за теорија на физичко воспитание. Софија, 11-12 декември, 2008 година. | 2 |
| 40 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир: Александар Наумовски, Страшо Глигоров, **Серјожа Гонтарев :** Влијанието на моторните способ-ности врз интелектуалните способности кај кандидати за селектирање во специјалните полициски сили. Меѓународна научна конференција на Националната спортска академија, Катедра за теорија на физичко воспитание. Софија, 11-12 декемвр, 2008 година. | 2 |
| 41 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Александар Наумовски, СтраШо Глигоров, **Серјожа Гонтарев:** Komparacije povezanosti izmdju nekih bazicnih i situacionih manifestnih i latentnih varijabli kod rvaca u slobodnom stilu. The 4th international scienti-fic simposium of martial arts.Pancevo, 24 maj, 2008 godina. | 3,2 |
| 42 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир: Наумовски Александар, **Гонтарев Серјожа,** Трипуноски Мирко : Komparacije znanja iz pojedinih funkcija sportskog menadjmenta kod sportskih strucnih kadrova oba pola. IV Medjunarodna konferencija „Mena-djment u sportu", Fakultet za menadjment u sportu, Univerzitet "Braca Karic", Beograd, 23-24 maj 2008 godina. | 2 |
| 43 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир: Наумовски Александар, **Гонтарев Серјожа,** Стрезовски Гино, Наставески Бојо: Selektiranje kompe-tentnosti eksperta za ocenjivanje znanja iz nekoh funkcija sportskog menadjmenta. IV Medjunarodna konferen-cija "Menadjment u sportu", Fakultet za menadjment u sportu, Univerzitet "Braca Karic", Beograd, 23-24 maj 2008 godina. | 2 |
| 44 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир: Наумовски Александар, **Гонтарев Серјожа,** Ристова Валентина: Distribucija osnovnih znanja poten-cijalnih sportskih menadjera o nekim funkcijama menadjmenta. IV Medjunarodna konferencija "Menadjment u sportu", Fakultet za menalment u sportu, Univerzitet "Braca Karic", Beograd, 23-24 maj 2008 godina. | 2 |
| 45 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир: Бранко Крстевски, **Серјожа Гонтарев,** Мирјана Крстевска: Влијанието на неки антропометриски мерки врз успешното изведување на некои тестови за проценка на експлозивната сила на долните екстремитети кај кошаркари на 14-годишна возраст. Федерација на училиштен спорт на Македонија. Пелистер 2008, стр. 340-344. | 2 |
| 46 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/сручен собир: **Серјожа Гонтарев,** Александар Наумовски, Страшо Глгоров : Споредба на релијабилност и валид-ност на некои тестови со класичниот и имаж-модел за проценување на координацијата кај испитани-ци со натпросечни моторни способности. Научна конференција со меѓународно учество, Благоев-град 2008 година. Универзитет „Неофит Рилски". | 2 |
| 47 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно /стручно списание: Ристо Стаменов, Бранко Крстевски, **Серјожа Гонтарев:** Ефекти од дванаесетнеделно систематско вежбање врз подобрување на експлозивната силина на долните екстремитети кај млади кошарка-ри. Физичка култура бр. 2, 2008, стр. 17-21. | 3,2 |
| 48 | Учесник во меѓународен научен проект: ***„Мерниūе карактерисūики на некои ūесūови за ūроценување на лаūенūниūе моторни димензии кај сūорūисūи од Македонија и Бугарија", Скоūје, 2004.*** Проекот го реализираа: Факултет за физичка култура-Скопје и Национална спортска академија „Васил Левски"-Софија. Главен истражувач: Александар Наумовски, ред.проф. | 5 |
| 49 | Учесник во нациомален научен проект: ***„Релијабилносū и валидносū на некои ūесūови кај исūиūаници со наūūросечни моūорни сūособносūи", Скоūје, 2005.*** Проекот го реализира: Факултетот за физичка култура-Скопје. Главен истражувач: Александар Наумовски, ред.проф. | 3 |
| | **Вкупно** | **146,4** |

## СТРУЧНО -АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Р.бр | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Изработка на информациски систем за електронска евиденција на студентите од нематични факултети специјализиран за наставата по физичко образование и спорт. | 1 |
| **Дејност од поширок интерес** | | |
| 1 | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: Физичка култура, Федерација на спортски педагози на Република Мекедонија. | 0,5 |
| 2 | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: Наука и спорт, Федерација на универзитетски наставници, тренери и едукатори по кинезиологија. | 0,5 |
| 3 | Член на организационен одбор на меѓународен стручен собир во организација на Федерација на спортски педагози на Република Мекедонија. | 1 |
| 4 | Член на организационен одбор на меѓународен стручен собир во организација на Федерација на универзитетски наставници, тренери и едукатори по кинезиологија. | 1 |
| 5 | Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект: „Дефинирање и компарирање на антропометриските карактеристики и моторните способности на учениците од Р. Макеонија и Р. Словенија". Главен истражувач: д-р Александра Наумовски, ред. проф (соработник). | 1 |
| 6 | Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект: „Релации меѓу антропометриските карактеристики и моторните спосбности на учениците од Р. Макеонија и Р. Словенија" Главен истражувач: д-р Александра Наумовски, ред. проф. (соработник). | 1 |
| 7 | | |
| **Спортска дејност** | | |
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |
| | **Вкупно** | **6** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **11,32** |
| **НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **146,4** |
| **СТРУЧНО -АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **6** |
| **Вкупно** | **163,72** |

**Членови на комисијата**

1. Проф.д-р Александар Наумовски, претседател с.р.
2. Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, член с.р.
3. Проф. д-р Орце Митевски, член с.р.

# П Р Е Г Л Е Д
на пријавени теми за изработка на магистерски труд прифатени
од Наставно-научниот совет на Машински факултет-Скопје
на седницата одржана на 29.12.2009 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Васил Стамболиски | Анализа на клучните фактори кои овозможуваат оптимизација на постпродажните активности при одржување на возила во насока на задоволување на потребите на клиентите | Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Борче Ристовски | Анализа на можните неисправности во системот за гасно гориво кај моторните возила | Проф. д-р Тодор Давчев, професор во пензија |
| Виолета Шареска | Енергетска ефикасност на термички системи со ејекторска термокомпресија | Проф. д-р Марко Серафимов |

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов

Подготвил:Ј.Василевски

Проверил:С.Насковска

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 103/08 и бр. 26/09), Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на IV редовна седница одржана на 24. 12. 2009 година, определи Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Бети Дејанова
2. проф. д-р Сунчица Петровска
3. проф. д-р. Лидија Тодоровска

за избор на двајца асистенти по предметот ФИЗИОЛОГИЈА.

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник", од 28.1.2006 година, се пријавија кандидатите за асистенти: ас. д-р Сања Манчевска и ас. д-р Слободан Николиќ, и двајцата вработени во Институтот за физиологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на пријавите и доставените материјали од кандидатите, Комисијата го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Ас. д-р Сања Манчевска

**Биографски податоци**

Ас. д-р Сања Манчевска е родена во Скопје, 1967 година. Основно и средно образование завршила во Скопје, а на Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1985/86 година, и дипломирала во 1991 година со просечен успех 9,43. Од 1993 година е вработена на Институтот за физиологија со антропологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

**Стручно - научна дејност**

Асист. д-р Сања Манчевска се запишала на постдипломски студии во 1994/95 година, а во јануари 2002 година го одбранила магистерскиот труд под наслов: „Процена на степенот на когнитивно отстапување кај психијатриски пациенти со помош на EXG - парадигма и психолошки тестови". На 09. 06. 2006 година го положила специјалистичкиот испит по психијатрија. На 19.11.2009 година ја одбранила докторската дисертација на тема: „Испитување на влијанието на анксиозноста врз вниманието и учењето со помош на EXG - парадигма".

Во рамките на работните обврски во Кабинетот за неврофизиологија, на Институтот за физиологија со антропологија, покрај рутинската здравствена дејност, учествува во изработката на четири научноистражувачки проекти:

- Биоелектрични манифестации на процесите на учење и очекување (1999);

- Неврофизиолошки, когнитивни и бихејвиористички испитувања на целното однесување (2001);
- Истражување на влијанието на епилепсијата врз неврокогнитивните и бихевиористички процеси (2004);
- Испитување на антиципаторните потенцијали во контекстот мозок-компјутер (2006).

Учествувала на повеќе конгреси од областа на неврофизиологијата, психофизиологијата, антропологијата и психијатријата. Член е на Здружението на психијатри на Македонија, Македонското лекарско друштво, Здружението на физиолози и антрополози на Македонија и во Меѓународната организација за психофизиологија (International Psychophysiology Organization).

**Наставна активност**

Во рамките на наставната активност на Институтот за физиологија, вклучена е во изведувањето практична настава за студентите по медицина, стоматологија, фармација, физичка култура и студентите на Високата школа за медицински сестри и рендген - техничари.

До изборот за асистент, Ас. д-р Сања Манчевска објавила деветнаесет труда, рецензирани во билтените на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј": број 683, 15 мај 1997 година, број 810, 13 септември 2002 година и бр. 894/06.

**Трудови за рецензија**

**20. S. Mancevska, L. Bozinovska, R. Naumovski, J. Pluncevic, E. Sivevska. Reaction time and attention in patients with epilepsy. Book of Abstracts. 35 th International Danube Symposium for Neurological Sciences and Continuing Education, Belgrade, September 11 th-14th, 2003 p. 205.**

Во овој труд е испитувано влијанието на карбамазепинот врз реакциското време и вниманието кај 15 пациенти со дијагностицирана епилепсија, кои биле тестирани во три услови: на почеток, кога не примале антиконвулзивна терапија, пред да бидат поставени на терапија со карбамазепин, по седум дена и по еден месец од терапијата. Контролна група биле 15 здрави испитаници. Субјектите биле тестирани со EXG - парадигмата со биофидбек дизајн, кој подразбира дека амплитудата на CNV - потенцијалот е критериум за вклучување и исклучување на императивниот сигнал од парадигмата. Императивниот сигнал, S2, е компјутерски контролиран, така што секогаш кога компјутерот ќе регистрира појавување на CNV го исклучува S2, и секогаш кога ќе регистрира непостоење на CNV повторно го вклучува S2 во експериментот. Во тек на просечно 100 обиди се следи адаптивната динамика на вниманието на субјектот и брзината на психомоторната реакција. Добиените резултати укажуваат на забрзување на минималното и просечното реакциско време кај пациентите со епилепсија по едномесечна терапија со карбамазепин, но без влијание врз адаптивната динамика на амплитудата на CNV - потенцијалот.

**21. В.Соколовска, Ј.Плунцевиќ-Глигороска, Е. Смилевска, С.Манчевска: Биоелектрична активност на џвакалната мускулатура кај пациенти со**

**прогенија. Зборник на апстракти на 31.Октомвриски средби на Сојузот на здруженија на медицински лаборанти и санитарни техничари на Република Македонија, Охрид, 2003.**

Во овој труд е вршена процена на биоелектричната активност на џвакалната мускулатура (m. masseter и m. orbicularis oris) кај 10 пациенти со дијагноза на progenia, со индикации за оперативен зафат, пред и по оперативниот зафат, со помош на електромиографија, метода за регистрирање на биоелектричните потенцијали на скелетната и мазната мускулатура. Параметри за анализа биле бројот и амплитудата на регистрираните акциски потенцијали при џвакање кај пациентите. Добиените резултати укажуваат на статистички незначајно поинтензивна биоелектрична активност кај пациентите по рехабилитацискиот период.

**22. Pluncevic J, Bozinovska L, Sivevska E, Mancevska S. Estimation of cognitive skills in children aged 7-10 years. Book of Abstracts. Europaediatrics. Prague 2003.**

Во овој труд се анализирани резултатите од два психолошки теста за процена на когнитивните способности кај деца на возраст од 7 до 10 години. Со Кохс-овиот тест на составување коцки е проценуван коефициентот на интелигенција, а со тестот: курикулум за обука во препознавање на форми низ обука со итерации е проценувана брзината на запомнување и препознавање на облици. Параметри за анализа во Кохс-овиот тест биле: бројот на движења и неопходното време потребно да се креира соодветна слика со коцките. Во тестот за препознавање на облици, параметри за анализа биле бројот на обиди потребни точно да се препознаат сите осум понудени облици и бројот на погрешни препознавања направени притоа. Средна вредност на IQ за оваа група испитаници била 117 ± 19,6. Испитаниците просечно го решавале тестот на препознавање на облици по просечно 9,5 обиди, со просечно направени 13,1 погрешни препознавања. Добиените резултати може да се сметаат за стандардни вредности на параметрите на Кохсовиот тест и тестот на препознавање на облици за оваа возрасна група.

**23. Jasmina Pluncevic Gligoroska, Liljana Bozinovska, Sanja Mancevska, Elizabeta Sivevska. Elektrofizioloski pokazatelji kognitivnog razvoja kod dece razvojne dobi od 7-15 godina. Program i zbornik radova. 3. Simpozijum neurologije i psihijatrije razvojnog doba. Beograd 2004. p. 398.**

Во овој труд се анализирани електрофизиолошките параметри на когнитивните процеси кај две групи испитаници составени од по 30 ученици во основно училиште на возраст од 9,13 години и 14,2 години. Електрофизиолошкиот тест се состоел од EXG- парадигма, модифицирана CNV- парадигма, која во себе вклучува биофидбек дизајн, кој подразбира дека амплитудата на CNV - потенцијалот е критериум за вклучување и исклучување на императивниот сигнал од парадигмата. Императивниот сигнал, S2, е компјутерски контролиран, така што секогаш кога компјутерот ќе регистрира појавување на CNV го исклучува S2, и секогаш кога ќе регистрира непостоење на CNV повторно го вклучува S2 во експериментот. Во текот на 100 обиди се формира таканаречен EXG - крива, која претставува функција на процесите на учење и очекување, изразени преку појавување и губење на CNV- циклусите. Испитаниците од двете групи покажале слични вредности на бројот на натпраговните

циклуси и CNV - амплитудата, додека постоела разлика во брзината на моторната реакција кон S2 - тонот, при што постарите испитаници имале побрзо реакциско време од помладите.

**24. Jasmina Pluncevic Gligoroska, Liljana Bozinovska, Sanja Mancevska, Elizabeta Sivevska, Sanja Mancevska.Analiza P-R testa kod mlade populacije razvojne dobi od 7 do 15 godina. Program i zbornik radova. 3. Simpozijum neurologije i psihijatrije razvojnog doba. Beograd 2004. p. 399.**

Во овој труд е анализирана брзината на запомнување и препознавање на облици кај две групи од по 30 испитаници, ученици во основно училиште на возраст 7 до 10 години (9,13 години) и на возраст 11 до 15 години (14,2 години). Тестовниот материјал во тестот на препознавање на облици (Pattern recognition test -P-R) се состои од 8 облици, поделени и означени како две класи (A и B), во кои има по четири комбинации на бинарни броеви 1 и 0, поврзани со буквата A или B. По првиот обид, во кој на субјектот му се презентираат облиците од означената страна, во наредните обиди тие му се презентираат од неозначената страна, а неговата задача е точно да ги препознае сите осум обици во два обида едноподруго. Резултатите покажуваат дека групата на испитаници, ученици од петто до осмо одделение, значајно поуспешно го решавала тестот во помал број на обиди и помалку погрешни препознавања од помладата група испитаници, ученици од прво до четврто одделение.

**2. Ас. д-р Слободан Николиќ**

**Биографски податоци**

Ас. д-р Слободан Николиќ е роден во 1952 година, каде што го завршил основното и средното образование. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје во учебната 1984/85 година и од 1988 година е вработен во Институтот за МЕП - физиологија при Медицинскиот факултет.

**Стручно-научна дејност**

Ас. д-р Слободан Николиќ за време на студиите по медицина учествувал на студентски конгреси со пет стручни труда. Специјалистичкиот испит по интерна медицина положил во 1996 година, а на 29. 12. 2005 година ја одбранил својата докторска дисертација на тема: „Антропометриска оцена на динамиката на промените на нутриционист статус кај болни со хронична бубрежна инсуфициенција поставени на хипопротеинско диетално внесување". За помлад асистент по предметот физиологија е избран во 1989 година. Во 1990, 1997, 2001, 2004 и во 2007 година е избран и реизбран за асистент на истата Катедра. Учествувал во изработката на еден научноистражувачки проект со наслов: „Превентивни неинвазивни испитувања на кардиоваскуларната, респираторната и реналната функција и антропометриски параметри кај млади лица во корелација со физичката активност". Учествувал на повеќе конгреси во земјата и во странство. Од 2006 година е ангажиран како спортски лекар при женскиот кошаркарски клуб „Вигор" од Скопје. Со клубот има освоено три први места на државно ниво и три куп - натпревари на

државно ниво. Претседател бил на здравствената комисија на Олимпискиот комитет на Република Македонија во периодот од 2004 до 2008 година.

**Наставна активност**

Во рамките на наставната активност на Институтот за физиологија, ас. д-р Слободан Николиќ е вклучен во изведувањето практична настава за студентите по медицина, стоматологија, фармација, физичка култура и студентите на Високата школа за медицински сестри и рендген - техничари.

До последниот избор за асистент во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 531/1990, 683/1997, 771/2001, 848/2004 и 914/2007 се рецензирани вкупно 38 труда. Коавтор е на две учебни помагала изработени од наставниците и асистентите при Катедрата за физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје: Практикум по физиологија, рецензиран во билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 840/2003 и Практикум по физиологија на клетка, рецензиран во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 957/2009.

**Трудови за рецензија**

**41. Handziski Z, Nikolik S, Trojacanec Z, Bozinovska L, Djordjevik D, Efremovska Lj, Malevska V, Antevska V. The influence of physical activity on some indexes of nutrition and its connection with changes in VO2 in children. Scripta periodica III, Nr3, 2000 - Anthropology 2000, pp. 74-80.**

Цел на овој труд е да се испита влијанието на физичката активност на некои индекси на нутритивниот статус и нивната поврзаност со кислородната потрошувачка. Вкупно 146 испитаници на возраст од 7 до 12 години, поделени во две групи (64 седантери и 82 спортисти), учествувале во истражувањето. Индексите на нутриционот статус: телесна висина, телесна тежина, мускулна површина на надлактица, масна површина на надлактица, релативна масна маса и индекс на телесна маса, биле пресметувани со помош на антропометриски мерки (кожни дипли, дијаметри на зглобови,, и обем на екстермитети) и специфични предиктивни формули. Користен бил и тредмил (Quinton 4000) и индиректниот протокол по Bruce, за определување на релативната кислородна потрошувачка (VO2 ml/kg/min). Постоеле статистички значајни полови разлики во испитуваните параметри кај групата спортисти, при што кај девојчињата имало значајно пониски вредности на сите индекси на нутритивниот статус поврзани со физичката активност, особено на масната компонента. Од резултатите произлегуваат заклучоци според кои поголемото трошење на енергија при спортување ја зголемува неопходноста од адекватна исхрана кај децата. Протеинскиот и масниот статус, преку постојано мониторирање на некои индекси, можат да помогнат во давање правилни совети на тренерите и родителите на децата со цел подготовка и приспособување на адекватна исхрана и спортска програма.

**42. Handziski Z., Nikolic S., Stojkova Z., Arsovska E. Differences in body composition, some functional parameters and sports performances between two**

**of our the best football teams. Abstract of 3trd European Congress of EFSMA-European Congress of Sports Medicine, Hasselt, May 14-16, 2003. p.95**

Целта на овој труд е да се прикажат разликите во телесниот состав, функционалните параметри и спортските перформанси кај фудбалерите. Со помош на антропометрија, кај 54 фудбалери од две групи бил одреден телесниот состав, а индиректно биле одредени максималната кислородна потрошувачка и кислородната потрошувачка на килограм мускулна маса. Според концентрациите на крвните лактати и срцевата фреквенција биле оценети спортските перформанси. Се покажало дека релативната коскена маса е значително повисока, како и максималната кислородна потрошувачка кај првата група фудбалери. Не постоеле разлики во анаеробната и брзинската издржливост помеѓу двете групи.

**43. Arsovska E., Handziski Z., Stojkova Z., Nikolic S., Petrovska S. The influence of muscle-fat index of some function parameters and sport performances in football players.** Abstract of 3trd European Congress of **EFSMA-European Congress of Sports Medicine, Hasselt, May 14-16, 2003. p.95**

Цел на овој труд е да се евалуира влијанието на мускулно-масниот индекс врз функционалните параметри кај фудбалери и неговата поврзаноста со спортската фудбалска изведба. Со помош на антропометрија, кај 38 фудбалери се мерени апсолутната и релативната мускулна и масна маса. Индиректно се одредени максималната кислородна потрошувачка и кислородната потрошувачка на килограм мускулна маса. Не наоѓајќи сигнификантна корелација, се заклучува дека мускулно-масниот индекс не влијае на максималната кислородна потрошувачка, анаеробната, специфичната и брзинската издржливост кај фудбалерите.

**44. Handziski Z, Mickoska E, Nikolik S. The changes of muscle mass in professional soccer players during a competition half-season. 14 Congress Human Variability: A Bridge between Sciences and Humanities. Komotini, Greece, 1-5 September 2004, p.20.**

Во овој труд е евалуирана промената на мускулната маса кај професионални фудбалери во тек на првенствена полусезона и нејзиното влијание врз физичката кондиција. Со користење на антропометриски параметри и формули по Матејка, кај 30 професионални фудбалери биле определувани апсолутната и релативната мускулна маса во три наврати: пред почетокот на фазата на подготовки, пред почетокот на натпреварувачката сезона, и по завршувањето на натпреварувачката сезона. Постоеле значајни разлики во мускулната маса кај фудбалерите во текот на полусезоната, кои корелирале со други физиолошки параметри. Промената на мускулната маса може да биде индикатор за физичката кондиција на фудбалерите и евентуално еден од симптомите на претренираност.

## МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ

По внимателното проучување на доставените материјали на асист. д-р Сања Манчевска и ас. д-р Слободан Николиќ, нивното лично познавање и следење на нивните активности во изведувањето практична настава и изработката на научните трудови, Рецензентската комисија има чест на Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје

да му предложи: ас. д-р Сања Манчевска и ас. д-р Слободан Николиќ да ги преизбере во звањето асистент на Катедрата за физиологија.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Бети Дејанова с.р.

Проф. д-р Сунчица Петровска с.р.

Проф. д-р Лидија Тодоровска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АРХИТЕКТОНСКАТА ФОРМА КАКО СИСТЕМ НА ДИНАМИЧКИ ТРАНСФОРМАЦИИ" ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ОГНЕН МАРИНА, ДИПЛ.ИНЖ.АРХ. ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 08 бр. 6/47 од 7.7.2009 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов: АРХИТЕКТОНСКАТА ФОРМА КАКО СИСТЕМ НА ДИНАМИЧКИ ТРАНСФОРМАЦИИ, поднесена од кандидатот м-р Огнен Марина, дипл.инж.арх., асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје.

По прегледот на доставениот текст на докторската дисертација со работен наслов "Развој на архитектонската форма како систем на динамички трансформации", предадена со архивски број 07-181/1 од 26.6.2009 година од кандидатот м-р Огнен Марина, Комисијата на кандидатот му достави сугестии и забелешки за доработка на дисертацијата бр. 07-181/3 од 8.10.2009 година.

Кандидатот м-р Огнен Марина по постапувањето според поголемиот дел од сугестиите и забелешките, го поднесе завршниот текст на докторската дисертација со наслов АРХИТЕКТОНСКАТА ФОРМА КАКО СИСТЕМ НА ДИНАМИЧКИ ТРАНСФОРМАЦИИ со бр. 07-181/8 од 20.11.2009 година.

По прегледот на доставената дисертација, како и врз основа на позитивните мислења и оцени доставени до Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од страна на две државни институции и две приватни компании за градежништво и проектирање, Комисијата до Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација со наслов АРХИТЕКТОНСКАТА ФОРМА КАКО СИСТЕМ НА ДИНАМИЧКИ ТРАНСФОРМАЦИИ претставува самостоен научен труд на кандидатот м-р Огнен Марина, презентиран на вкупно 167 страници, текст, графички прилози и преку 80 библиотечни единици.

Покрај апстрактот, воведот и заклучокот, дисертацијата е структурирана во пет целини:

1. Архитектурата како поредок – анализа на филозофскиот концепт, архитектонската теорија и практика,
2. Теоретски аспекти на процесот на развој на архитектонската форма
3. Кон дефинирање на архитектонската форма како систем на динамички промени
4. Формални аспекти на архитектонската форма како комплексен адаптивен систем
5. Модел на архитектонската форма како комплексен адаптивен систем

**Предмет на истражување** на дисертацијата се епистемолошките проблеми на феноменот на развивање на архитектонската форма, научната основа и начинот на кој материјалните и просторните елементи се организираат и го градат нејзиниот поредок и идентитет. Во таа смисла, генезата и развојот на архитектонската форма се набљудувани не само како историски контигентен процес, туку и како процес на динамички трансформации. Кандидатот го отвора прашањето на континуирана нестабилност на формата како причина за постоење на т.н. продуктивни разлики кои

претставуваат база на генеративниот капацитет и потенцијал на системот на архитектонската форма.

Продуктивна (основна) цел на оваа дисертација е да се создадат релевантни теоретски поставки врз основа на кои ќе се изгради систем за разбирање на динамичката архитектонска форма чија морфогенеза се развива низ инхерентни самоорганизирачки елементи и структури.

Во **воведот,** кандидатот м-р Огнен Марина ја истакнува комплексноста и многуструкоста на архитектонската форма и нејзината феноменологија. Искуството на создавање на архитектонската форма како инхерентно искуство на пренесување и опстојување на одредени идеи е во корелација со постоење на физичката структура и нејзината материјалност. Во реалноста, сепак, постојат одредени недоразбирања при определувањето на уделот на влијанијата на потенцијалните варијабли за да се разбере докрај поврзаноста на она што претставува развоен, мисловен и креативен процес, од идеја до конечна материјална форма. Ваквата ситуација произлегува од непостоењето на прецизни и пошироко прифатени дефиниции за значењето и уделот на парцијалните влијанија коишто се неминовна составка во развојот на архитектонската форма. Овој проблем придонесува за непостоење на конзистентен епистемолошки систем кој би се користел во развивањето на архитектонската форма како физичка структура којашто, како што наведува кандидатот, е инхерентна на човекот и неговото дејствување и укажува на одредена дискрепанца помеѓу постојните теоретски поставки од една страна и архитектонската практика од друга страна.

Во првото поглавје, **Архитектурата како поредок – анализа на филозофскиот концепт, архитектонската теорија и пракса**, кандидатот ги анализира филозофските стојалишта, одредени сегменти од архитектонските теории и искуства од практиката, коишто историски го третираат прашањето на генезата и разбирањето на архитектонската форма. Во таа смисла, кандидатот ги елаборира одредените стојалиштата на емпирицизмот, рационализмот, прагматичните и хуманистичките теории, за да заврши со XX век, каде што според него, во практиката и теоретската мисла, архитектонската форма е сè уште набљудувана низ типологијата и симболиката на елементите и каноните на класичната архитектура. Всушност, архитектонските теории од овој период се нормативни и илустрираат голем степен на доследност и почит кон традиционалните формално структурни норми без разлика од кој аспект се разгледувани. Сепак, кон крајот на XX век настануваат значителни поместувања и реструктурирања на архитектонската теорија и практика, каде што доминацијата на материјалните компоненти и масата на архитектонската форма отвораат нови парадигми за естетски, обликовни и структурални интерпретации.

Со појавата на постмодернизмот и заложбите за ревизија на Модерната, во архитектонскиот дискурс за архитектонската форма се воведуваат нови основи за нејзино разгледување, преку феноменолошки, лингвистички или естетски парадигми. Всушност, станува збор за плуралистички период каде што не постои едно централно гледиште или толкување на проблемот, како што беше во претходните периоди и стилови. Имено, интердисциплинарниот пристап, заснован на широк спектар на парадигми, искуства и експертизи, претставува сериозен обид за квалитетно поместување на границите на архитектонскиот дискурс, континуирано отворен кон други теоретски дисциплини и методолошки системи.

Во овој дел кандидатот се повикува на неколку различни искуства, почнувајќи од структуралистичките па сè до метасознанијата како парадигми, дека не постои универзално правило во развивањето на архитектонската форма. Од научна гледна точка, овие теории претставуваат обид да се откријат и други закономерности во при-

родата и генезата на архитектонската форма, односно дека архитектонската теорија, за разлика од останатите теоретски дискурси, не се занимава со објаснување на светот таков каков што е, туку таков каков што треба да биде, што претставува антитеза на универзалноста на теоријата на модерната архитектура.

Во второто поглавје, **Теоретски аспекти на процесот на развој на архитектонската форма,** кандидатот подетално ги елаборира потенцијалите и недостатоците на архитектонските теории од XX век и го анализа местото на субјектот во тој процес и неговата логичка втемеленост во класичните теории со одредени иновации, што беа логичка последица на индустриската револуција, новите технологии и теоретските дискурси од почетокот на XX век.

Според кандидатот може да се воочи одредено дислоцирање на традиционалните проблеми на генезата на архитектонската форма во полза на градење на еден динстиктивен неконзистентен онтолошки систем како основа на модернизмот. Дотогашниот домен на уметничкото создавање на објектот сè повеќе се стандардизира и рационализира низ еден специјалистички структуриран процес, низ кој може да се реализира креативноста и субјективната волја на авторот. Во овој процес се внесуваат објективности со научен предзнак и елементи на егзактност што стануваат релевантни во конечната елаборација и материјализација на архитектонската форма. Според ова, одредени научни знаења се составен елемент во проектниот процес чија реалност се пресликува како систем на исечоци или како што кандидатот ги нарекува „замрзнати делови", како неминовна состојка на генезата на архитектонската форма. Во ваква ситуација, позицијата на архитектот – субјектот како создавач на формата, предизвикува одредени проблеми од логичка природа како што се нужната условеност и разбирање на архитектонската форма како социокултурен феномен sine qua non и реалноста на сегашноста како еден вид делегитимизација на субјектот како творец. Тогаш, субјектот може да се разбере себеси како посредник во оваа структура, што донекаде го оневозможува да биде апсолутен креатор, уште повеќе и поради тоа што дефиницијата на значењето на формата како дериват од ваквата структура станува логички производ и услов за нејзина реализација.

Сите овие прашања го отвораат и проблемот на идентитетот на архитектонската форма. Притоа, како основен проблем се посочува „аргументацијата" дека ваквиот систем може да продуцира различни комбинации на елементи и аранжмани што ја дефинираат архитектонската форма. Според кандидатот, колку и да е секоја од овие комбинации граматички "исправна", не мора нужно да генерира и смисловна целина на архитектонската форма, односно само некои од нив ќе остварат капацитет да бидат препознаени како архитектонска форма. Постојат и други проблематични моменти во ваквиот процес на генерирање на формата, како што е на пример „повисокиот" принцип или центар, кој на некој начин го пропишува и архетипот врз основа на кој може да се реализира архитектонската форма, која, епистемолошки гледано, тешко може да се разбере како логичен, авторски континиум во генерирањето на архитектонската форма.

Во третото поглавје, **Кон дефинирање на архитектонската форма како систем на динамички промени,** кандидатот ја елаборира клучната теза на дисертацијата, разгледувањето на архитектонската форма како систем на динамички промени, со цел формално да го дефинира системот и механизмите на морфогенезата низ повисок степен на елаборација и поголема индивидуална слобода на субјектот во творечкиот процес, втемелена врз идејата за автономност на системот на генезата на архитектонската форма. Притоа, клучен елемент е создавањето на поредокот на системот, неговата природа и елементи во релација со човекот како креатор на формата, природните и социо-културни дадености, кои треба да овозможат опе-

рационализација на постапката на архитектонската форма и системот на динамички промени. На тој начин може да се создаде нова онтолошка рамка којашто ќе помогне во објаснувањето на севкупноста на процесот на создавање на формата. Останатите формални претпоставки се лоцирани на диференцијалната геометрија, теоријата на групи, тополошките теории, општата теорија на динамички системи и др.

Овие суштински тези кандидатот ги темели врз теоретски сознанија, кумулирани низ историски ентитети, почнувајќи од античкиот период до одредени филозофски стојалишта изградени во XX век. Во дел од нив, посебно се издвојува аспектот на индивидуализацијата и каузалните интеракции на составките во синергиска корелација со целината.

Во дисертацијата, авторот го отвора прашањето на реалноста која историски гледано е конституирана од индивидуални ентитети, развиени во одредени просторно-временски рамки, а таа како целина е резултат на интеракцијата и кумулацијата на индивидуалните идентитети. Ваквиот пристап го отфрла концептот на постоење на однапред дадени есенции, или архетипови како гаранти за идентитетот на архитектонската форма. Во таа смисла, кандидатот зборува за тополошките парадигми, популациониот пристап, механизмите за развој и принципите на двигатели на динамичките промени како природни дадености, или како квалитет на животниот простор, со максимално разбирање на начинот на кој тие функционираат.

Во еден ваков систем поединечно се набљудува секој чинител во интеракција со останатите, со цел да се дојде до релевантни инпути во процесот на промените. На овој начин се намалува можноста за случајност која, како таква, не може да се повика на ниту еден принцип. Овој систем го релативизира и поимот на идеалната форма, ако се има предвид дека таа е резултат на влијанијата на опслужувањето, кое е во константен процес на промени. Тоа би била поквалитетната страна на овој систем заедно со неговата компаративна и генеративна предност во однос на системите кои се засноваат врз импути со предетерминиран карактер.

На крајот на ова поглавје, кандидатот го елаборира динамичкиот систем на развивање на архитектонската форма низ механизми со кои може да се дојде до продуктивната цел. Во основата на овие механизми е морфогенезата на архитектонската форма, која се развива низ серија на точки – настани, подредени во поредок на елементи и структури, односно континуирани редни серии, хиерархиски подредени во целината. Овој поредок создава асиметрични односи меѓу елементите, коишто всушност ја потврдуваат динамичката природа на системот.

Во четвртото поглавје, **Формални аспекти на архитектонската форма како комплексен адаптивен систем,** кандидатот подетално ги елаборира практичните механизми и системот низ кој функционираат претходно елаборираните принципи, разгледувани во форма на теоретски дискурс.

Во таа смисла, архитектурата се разгледува како објект, односно како материјална форма во физичкиот свет како краен резултат во процесот на проектирањето, односно како препознатлив производ реализиран низ процесот на морфогенеза. Архитектонската форма објективно ги содржи физичките атрибути – објект – градба препознатлива во крајниот продукт.

Прашањето на трансформација на формата е елаборирано низ нејзиниот физички капацитет, а преку процесот на трасформација можат да се препознаат логичката вредност на објектот, обликовните елементи и концептуалните динстинкции. Во овој концепт е значаен егзистенцијалниот принцип на дихотомијата помеѓу внатрешниот и надворешниот простор како основни генерички категории. Со ова се остварува можноста архитектурата преку архитектонската форма да биде истовре-

мено согледана како објективна – материјална, но и како апстрактна составка на архитектурата.

Кандидатот понатаму ги елаборира физичките аспекти на архитектонската форма како збир од логични елементи (столб, греда) или како склопови – архитектонски конструкции, коишто го создаваат системот на односи помеѓу стабилноста како хипотетична ситуација и промените како реална ситуација. Тие промени се резултат на надворешните влијанија, како што се на пример гравитацијата, можната појава на хоризонтални сили, модификации низ подрачјето на еластичноста или осцилации, коишто исто така ги дефинираат идентитетот и ентитетот на архитектонската форма. Со самото тоа материјалните елементи и нивната природна даденост можат докрај да ја дефинираат одржливоста на архитектонската форма, затоа што во спротивно е оневозможено остварувањето на нивната суштинска функција. Се разбира, динамичноста како можна состојба претпоставува апсолутно разбирање на феномените коишто реално овозможуваат променливост, онакво какво што фактички постои во природниот свет. Значи, начинот на којшто денес ја разбираме и перципираме архитектонската форма се заснова всушност на стабилна типологија кај којашто променливоста повеќе се сфаќа низ можност на редефинирање одвнатре или однадвор. За да се разбере докрај феноменологијата на архитектонската форма како динамична, треба да се разберат феномените на надворешните промени и влијанија, како податливи или контрадикторни. Од друга страна, јасно е дека внатрешната логика на елементите што го чинат системот на материјалната форма, исто така треба да овозможат нејзина морфогенеза, односно адаптибилност. И токму во оваа дихотомија на надворешните фактори со променлива даденост и внатрешните фактори како затворен систем на релативно стабилни односи, кандидатот го отвора клучното прашање за можноста да се воспостават онтолошки тези за морфогенеза на една динамична архитектонска форма. Зборувајќи за двојната природа на архитектонската форма, се отвора и прашањето за контрола и можно разграничување на состојбата која претходела и состојбата која се генерира како нова состојба. Секако дека притоа големо влијание може да има општествениот и културниот контекст, или разбирањето на обликувањето кое овозможува нови просторни обрасци низ кои се реализираат формите на животот на човекот.

Идејата за физичкото оградување, како длабоко инкапсулирана состојба на човечката свест, може да биде ограничувачки фактор во развивањето на динамички модел на архитектонската форма. Значи динстинкцијата помеѓу она што е надвор и она што е внатре како фундамент на која било класично сфатена архитектонска форма може да има свои аналогии во идејата да се објасни зависноста на надворешниот и внатрешниот простор, односно зависноста меѓу физичката и просторната форма, помеѓу телесната и социо-културната функција.

Во процесот на разгледување на архитектонската форма како динамичка форма, кандидатот го отвора и прашањето на временската агрегација, како фактор на континуирани динамички промени, при што перцепцијата на формата низ факторот време логички се менува. Конечно, правилата и механизмите на динамичкото однесување на системот се апликативни и се однесуваат на сите сегменти на феноменот, без разлика на нивната просторно-временска рамка.

На крајот на ова поглавје, кандидатот презентира класификација на структурни елементи на архитектонската форма низ парадигма на една развојна морфогенеза, преку разгледување на основни формални елементи, структурални елементи, формални типови и систем на интегрирани комплексни нивоа, претставени преку графички дијаграми.

Во петтото поглавје, **Модел на архитектонската форма како комплексен адаптивен систем**, кандидатот низ синтетички метод ги елаборира петте клучни принципи на динамичката архитектонска форма како комплексен адаптивен систем.

Првиот принцип е принципот на глобалните обрасци на локалната интеракција, односно објектите како активни чинители во моделот на динамичкото однесување или како што кандидатот ги нарекува - локациски објекти. Објектот како форма – ќелија не е директно поврзана со генерираната форма, туку претставува нејзина арбитрарна апстрактна репрезентација. Идејата за ќелијата како основен елемент на една просторна конфигурација е неделива и препознатлива елементарна единица – просторен модел.

Вториот принцип е развивање на систем на ќелиски автомати низ кои се препознаваат динамичките трансформации на архитектонската форма. Овие ќелиски автомати или како што кандидатот ги нарекува виртуелни машини за саморепродукција, се еден вид на универзален конструктор. Сериските автомати, во основа, се техника за имплементирање на локални процеси низ сет на правила кои ги идентификуваат специфичните состојби на секој елемент и ја инкорпорираат локалната активност во даден домен, односно подрачје. Нив, кандидатот ги идентификува како најсоодветни за да ги репрезентираат фундаменталните својства и самата природа на феноменот на архитектонската форма, во процесот на нејзиното генерирање и регенерирање.

Третиот принцип се однесува на комплексноста на динамичкиот модел на архитектонската форма кој всушност го мапира нејзиното динамичко однесување, еден вид на динамичко клатно кое ги исцртува и ги поврзува во логичка кохерентна целина точките на траекторијата на различните состојби на елементите – објектите. Всушност, комплексноста на овој систем го генерира механизмот за саморепродукција, којшто не е идентичен со биолошките системи или некаква метафизичка меморија на материјата, туку структурална карактеристика која може да пренесува информации од еден во друг развоен простор при генерирањето на архитектонската форма. И овој принцип е претставен преку графички дијаграми, наречени дијаграми на движење, промени и системи на слобода на клатно.

Четвртиот принцип е принципот на плаузибилност на моделот, што подразбира дека и комплексните системи може да бидат разгледувани низ одреден степен на симплификација преку којшто може да се согледа или предвиди неуспешноста или успешноста на динамичката промена. Низ овој принцип одредени елементи или трансформации можат да се разгледуваат низ методот на сличност, при што ниеден од елементите - репрезенти на системската трансформација не мораат да имаат директна релација со целиот систем. Низ одредени математички релации кандидатот го разгледува учеството на дводимензионален ќелиски автомат кој се состои од елементи кои воспоставуваат одредени релации. Состојбата на ќелиите се менува во време во зависност од сопствената состојба, но и од состојбата на соседните ќелии (конфигурации на соседство). Притоа, правилото на промени, односно трансформации е иманентен дел од целиот систем. Тоа значи дека првичната состојба на елементот низ факторот време генерира нова состојба на елементот. Значи, формата на елементите во системот е секогаш производ на историски контигентен и нелинеарен процес на динамички трансформации.

Петтиот принцип е генеративен принцип, при што главен акцент на моделирањето на архитектонската форма се става врз правилата на создавање на елементите и нивните генеративни алгоритми, едноставни правила за генерирање на елементите и промените. Овој принцип го отвора тродимензионалниот аспект на архитектонската форма, нејзината просторно-временска рамка и нејзиното интегрално третирање како физичка реалност – изграден простор. Дијаграмот на генеза на архитек-

тонската форма како објект е презентиран со четири графички прилози. Тие се засновани на основниот елемент – точка, која преминува во линија (права, закривена или коса) и по принципот на ротација генерира тродимензионална форма, од едноставна до сложена.

При конструирањето на овој тродимензионален модел, неговото динамичко однесување како систем во конкретни ситуации, треба да поприми соодветна назнака на елементите, со цел тие да можат да се идентификуваат при градењето на реален просторен модел. Оваа постапка наречена маркирање придонесува да се дефинираат доминантните генетски модели во однос на осовина - вертикална, хоризонтална или коса, од коишто понатаму се дефинираат информации за структурата на секој елемент како столб, греда, површина, во рамките на еден целосен систем. Врз основа на овој принцип може да се дефинира и одреден сет на правила за интеракција помеѓу елементите, односно можните ситуации при нивното компонирање.

Битен критериум во проценката на исправноста во примена на одредено правило е јасната претстава за реалноста на структурната решетка која ги трпи реалните оптоварувања од одредени сили (гравитации, товари, деформации) за да се сфати дека промената и на најмал дел од системот може да имплицира суштинско влијание врз целиот систем. Сепак, за да се согледаат сите аспекти на процесот на морфогенеза на архитектонската форма и нејзиниот структурен карактер произлезен од елементарните динамички трансформации, предвид треба да биде земен нејзиниот физички, материјален и просторен аспект.

Овој модел на развој на архитектонската форма се разгледува од страна на кандидатот врз две основи. Првата е развој и растење на системот врз претходно споменатите принципи, како формализиран систем и втората е развивање на систем на архитектонската форма во даден контекст. Истите се претставени преку графички прилози наречени конфигурации на елементи и синтаксички модели и синтаксички дијаграм – келиски модел. Ваквиот модел на динамичко однесување на системот на елементи и нивно организирање врз основа на едноставни правила, претставува корисна алатка за анализа на генеративните принципи на просторни и физички конфигурации – архитектонски форми и претставува само илустрација на можноста на еден модел кој би можел да се развива врз ваква теоретска основа.

Низ конструкција на вакви модели, според кандидатот, архитектите можат да станат свесни за причините и механизмите на процесот на морфогенеза на архитектонската форма, но и појасно да ги согледаат и можните последици од тој процес при донесувањето на конечни одлуки.

На крајот на дисертацијата кандидатот приложува графички прилози коишто се однесуваат на правилата за трансформации, можните итерации и трансформации во системот.

## ЗАКЛУЧОК

Комисијата констатира дека докторската дисертација „Архитектонската форма како систем на динамички трансформации", изработена од кандидатот м-р Огнен Марина, по својот обем, содржината, методологијата, структурата, според идеите и основните резултати на трудот ги исполнува поставените стандарди за ваков вид на научноистражувачки труд.

1. Докторската дисертација претставува самостоен научен труд, заснован на релевантни теориски претпоставки и тези.
2. Трудот е значаен затоа што обработува комплексна тема чијашто цел е создавање на теоретски модел на архитектонската форма низ систем на динамички трансформации.

3. Епистемолошката елаборација, како и филозофските и архитектонските теории создаваат основа за рационално промислување и разбирање на феноменот на архитектонската форма.

4. Клучната теза на развивањето на архитектонската форма како систем на динамички трансформации заснована на постепено напуштање на нормативните теории на архитектурата од времето на модернизмот и особено во времето на постмодернизмот, отвора нови плуралистички парадигми за естетско-обликовните и структурални интерпретации на архитектонските форми.

5. Предложениот теоретски модел во суштина е едноставен и прецизен во формализирањето на правилата и принципите на системот врз основа на кој може да се генерираат и развиваат трансформациите и адаптациите на архитектонската форма.

6. Дисертацијата има несомнен придонес за разбирањето на феноменот на архитектонската форма и отворањето на нови можности и дискурси од поширок интерес за архитектурата.

7. Докторската дисертација претставува широка ерудитска и научна експликација, солидно фундирана врз аргументи, факти, анализи и истражувања со кои се докажува високото методолошко ниво на дисертацијата.

Со особена чест и задоволство, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет да ја прифати рецензијата за докторската дисертација „Архитектонската форма како систем на динамички трансформации" од кандидатот м-р Огнен Марина, д.и.а., и да одреди термин за нејзина одбрана.

Комисија

1. Проф. д-р Зорица Блажевска, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Тихомир Стојков, ментор, с.р.
3. Проф. д-р Мирослав Грчев, член, с.р.
4. Проф. д-р Вилоета Панзова, член, с.р.
5. Проф. д-р Анета Христова-Поповска, член, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-43/1
21.01. 2010 год.
СКОПЈЕ

93

# РЕЦЕНЗИЈА НА ТРУДОТ

## „ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА"

## ОД АВТОРИТЕ Д-Р АРСЕН ЈАНЕВСКИ И Д-Р ТАТЈАНА ЗОРОСКА - КАМИЛОВСКА

Трудот под наслов „ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА" од авторите проф. д-р Арсен Јаневски и доц. д-р Татјана Зороска - Камиловска е дело од монографски карактер кое обработува исклучително значајна и актуелна материја на граѓанското процесно право, што е постојано во фокусот на интересот на процесната теорија, законодавството и практиката.

Приложениот текст на ракописот има вкупно 93 страници и е пишуван со компјутерска техника, без проред. Трудот е конципиран така што претставува сеопфатна и систематска научно фундирана расправа за проблематиката на обезбедувањето на побарувањата, имајќи ги притоа предвид решенијата на позитивното право на Република Македонија. Разгледувајќи ја структурата на трудот, може да се констатира дека авторите си поставиле задача да ги анализираат сите битни димензии на проблематиката на обезбедувањето на побарувањата и тоа главно од нормативен, а значително помалку од казуистички аспект. Понудениот текст на трудот содржи предговор, основен текст на трудот, литература и прилог - Закон за обезбедување на побарувањата.

Материјата на основниот текст на трудот е поделена во две глави. Во првата глава насловена како „Постапка за обезбедување на побарувања" се обработуваат основните прашања на постапка за обезбедување на побарувања, како посебен систем на правна заштита во рамките на егзекуциската (извршната) постапка. Посебно се обработени: поимот на постапката за обезбедување на побарувања, правните извори за оваа постапка, дефинициите на некои нејзини основни поими; карактеристиките на постапката за обезбедување на побарувањата, како и надлежноста и составот на судот, поведувањето и текот на постапката, одлуките и правните лекови во оваа постапка.

Втората глава од понудениот текст е посветена на средствата за обезбедување на побарувањата. За средствата за обезбедување на побарувањата, констатираат авторите, важи правилото *numerus clausus,* што значи дека можат да се определат само средства за обезбедување определени со закон. Во натамошниот текст, авторите даваат детална анализа на средства за обезбедување на побарувањата што ги уредува Законот за обезбедување на побарувањата, и тоа: а) заложно право на недвижност; б) заложно право на подвижни предмети; в) претходни мерки; г) привремени мерки и д) пренос на сопственост на предмети и пренос на права - фидуцијарен пренос на сопственоста заради обезбедување.

Монографијата е подготвена со користење главно на позитивноправниот и теорискиот пристап во обработката на предметната проблематика. Во значително помала мера се присутни и историскиот, споредбениот и

емпирискиот пристап, но тие не се целосно занемарени во текстот на трудот. Она што е посебно значајно за овој труд е што во него авторите изнесуваат свои ставови за низа отворени прашања кои произлегуваат од Законот за обезбедување на побарувањата и даваат толкување на повеќе нецелосно заокружени решенија на овој Закон, што може да биде особено корисно за оние што практично работат на оваа материја.

Од овој краток приказ може да се заклучи дека станува збор за исклучително добро обработена тема и правна анализа на прилично сложени процесноправни прашања во врска со обезбедувањето на побарувањата, со широко познавање на правните решенија во законодавството, доведено во корелација со состојбите во практиката. Трудот е напишан на чист литературен македонски јазик, со јасни искази, формулации и заклучоци. Материјата е презентирана на разбирлив начин, со разумна мера на дескрипции и експликации, но без непотребни оптоварувања. Трудот е подеднакво корисен и за оние што се занимаваат со теоријата на цивилната процедура, но и за оние што ја практикуваат неа, па топло им го препорачуваме и на научната и на стручната јавност.

Скопје, јануари 2010 година

**Комисија**

**Д-р Родна Живковска, с.р.**
редовен професор на Правниот
факултет „Јустинијан Први" во Скопје

**Д-р Јадранка Дабовиќ - Анастасовска, с.р.**
редовен професор на Правниот
факултет „Јустинијан Први" во Скопје

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ПРИЈАВЕНИ И ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

на 360 седница на Наставно - научниот совет одржана на 18.01.2010 година

| Ред. бр. | Кандидат | Наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | м-р Наумче Лазаревски, дипл.геод.инж | Развој на стандарди и модели за интерконекција на сервиси во функција на националната инфраструктура на просторни податоци | Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев |

# П Р Е Г Л Е Д

**НА ПРИЈАВЕНИ И ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

на 360 седница на Наставно - научниот совет одржана на 18.01.2010 година

| Ред. бр. | Кандидат | Наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Весна Николоска, дипл.град.инж. | Примена на апликативни софтвери за хидрауличко димензионирање на системи под притисок | проф. д-р Цветанка Поповска |
| 2 | Оливер Дугалиќ, дипл.град.инж. | Споредбена анализа меѓу површинските трокраки, четворокраки и кружните крстосници во однос на пропусната моќ и безбедноста на сообраќајот | проф. д-р Радојка Дончева |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ПИЈАНО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност - Скопје, на седницата одржана на 29.12.2009 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија за оцена на кандидатите пријавени на конкурсот за избор на еден асистент по наставниот предмет пијано, во состав: проф. м-р Евушка Елезовиќ, проф. м-р Стела Слејанска и вон. проф. м-р Симон Трпчески.

На конкурсот за избор на еден асистент по наставниот предмет пијано на Факултетот за музичка уметност - Скопје , објавен во весн иците „ Дневник" и „ Коха" на 22.12.200 9 година, се пријави следниов кандидат:

1. Кристина Светиева

Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

**БИОГРАФИЈА**

Ас. м-р Кристина Светиева е родена во Скопје на 18.5.1985 година. Благодарение на својата извонредна музичка надареност започнала да учи пијано на шестгодишна возраст и се запишала во МБУЦ „Илија Николовски – Луј".Своето основно музичко образование го завршила во 1999 година. Завршувајќи ја осмолетката една година порано, се запишала во средниот оддел на МБУЦ и матурирала во рок од три години во 2002 година.

По запишувањето на ФМУ во Скопје дипломирала на Одделот за клавишни инструменти со **„cum laude"** во 2006 година, а магистрирала во 2008 година во класата на проф. Жени Захариева, исто така со **„cum laude "**.

Во моментот е запишана на докторски студии под менторство на проф. Ж. Захариева и проф. д-р Д. Бужаровски на ФМУ во Скопје.

Во јуни 2009 година, на париската **„Schola Cantorum"** под менторство на проф. Ж. Захариева се стекна со диплома „Diplome Superieur" , а во моментот ги следи студиите за диплома на концертен уметник на истата институција.

Од септември 2006 година работи како педагог по п ијано в о ДМ БУЦ „Илија Николовски – Луј“ во Скопје.

Во м ај 2008 година К . Светиева е избрана за асистент по настав ниот предмет пијано во дополнителен работен однос на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

**УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

Професионалната биографија на К. Светиева започнува од нејзината најмала возраст дебитирајќи со Македонската филхармонија на седумгодишна возраст.

Потоа следува учеството во телевизиското шоу за млади таленти **„Браво брависимо“**, на „Канал пет“, на италијанската телевизија како претставник од Македонија. На десетгодишна возраст настапила со Македонската филхармонија изведувајќи го Хајдновиот концерт во G -дур во два последователни концерта.

Првиот солистички рецитал го остварила на 12 - годишна возраст.

Како извонреден талент поканета била на престижниот музички фестивал во Анкара – Турција, кадешто како најмлад учесник на единаесетгодишна возраст го извела Баховиот концерт во f-moll пред двеилјадната публика. Настапила на фестивалот во Северен Кипар со рецитал како најмлад учесник (15 години) а исто така учествувала на Балканскиот пијанистички форум во Разград – Р. Бугарија, кадешто настапила со нивната филхармонија.

Учествува на повеќе фестивали во земјата (Охридско лето, Скопско лето, ДММ, Гевгелиска пролет) и во странство (Анкара, Северен Кипар, Берген – Холандија).

Настапите на К. Светиева секаде се проследени со топол прием и воодушевување од публиката и стручните кругови.

По повод изведбата на Хајдновиот концерт во **„ Музичката витрина“ на Радио Скопје** ќе остане забележено дека „ ....... десетгодишната пијанистка Кристина Светиева, која е една од нашите талентирани и млади пијанисти, која и покрај младоста е добитник и на повеќе меѓународни признанија. Задоволство причинуваше да се слуша нејзиното свирење и затоа таа претставуваше вистинска атракција на овој пригоден концерт.“

Паралелно со нејзината концертна активност се одвива и нејзиниот едукативен процес, како и заложбите за професионално усовршување. Во текот на школувањето се истакнала како одличен ученик, а подоцна и како студент со забележителни настапи на училишните и факултетските концерти кадешто се истакнуваат изведбите на концертите од Равел во G-dur и Бетовеновиот концерт бр. 4.

Активен учесник е на бројни пијанистички семинари и мајсторски класи кадешто соработува со бројни еминентни педагози и пијанисти како што се: **К. Сакан, В. Крпан, М. Молова, Н. Штаркман, Ж. Захариева, А. Португез, П. Фолк, П. Донахју, Џ. О'Конор, М. Ф. Буке, Ф. Турисини, А. Лемони, М. Каншиге, Т. Каншиге** и сите го одбележуваат нејзиниот исклучителен талент и извонредните изведувачки способности.

Мислењето дадено од грчката пијанистка **Агате Лемони** извонредно го отсликува уметничкиот лик на К. Светиева:

**Писмо со препорака за Кристина Светиева**

„Почитувани,

Со ова писмо би сакала да ја препорачам младата пијанистка Кристина Светиева, со која имав шанса да се запознаам и да работам за време на Интернационалната пијанистичка средба во Сан Даниеле дел Фриули, кадешто одржував мастер класи ова лето (2007).

Ми претставуваше големо задоволство да работам со еден таков талент.

Оваа млада пијанистка е навистина талентирана и харизматична во секој поглед. Поседува голема чувствителност и музикално разбирање. Има одлична комуникација со публиката и поседува уникатен шарм. Нејзиниот карактер е неприкосновен и се одликува со добрина и деликатност. Ова се одразува на нејзиниот тон, што е реткост за некој на нејзина возраст.

Таа е вреден работник и поседува голема страст за учење. Таа е интелигентна и остроумна.

Таа поседува одлична техника и мислам дека таа е исклучително надежен млад уметник.

Мое мислење е дека таа навистина ја заслужува најдобрата шанса и со цело срце ѝ посакувам брилијантна музичка кариера во блиска иднина.

Со почит, **Агате Лемони**“

# ПРЕГЛЕД НА КОНЦЕРТНАТА ДЕЈНОСТ НА КРИСТИНА СВЕТИЕВА

## КОНЦЕРТИ СО ОРКЕСТАР

4.6.1992 **Концерт со Македонска филхармонија**, диригент: П. Петровски, Ф. Олсон: Детски концерт.

8.3.1996 **Концерт со Македонска филхармонија**, диригент: Жан Ив Годен, Ј. Хајдн: Концерт за пијано и оркестар D-dur.

9.3.1996 **Концерт со Македонска филхармонија**, диригент: Жан Ив Годен, Ј. Хајдн: Концерт за пијано и оркестар D-dur.

31.3.1997 **Концерт со Гордион камерен оркестар**, диригент: Е. Коркмаз, Ј. С. Бах: Концерт за пијано оркестар f-moll на **Фестивалот во Анкара.**

23.4.1997 **Концерт со Камерен оркестар на МБУЦ**, диригент: Ф. Муратовски, Ј. С. Бах: Концерт за пијано - оркестар f-moll.

16.6.1999 **Концерт со Македонска филхармонија**, диригент: Ле Фи Фи, Ф. Меделсон: Брилијантно капричо.

21.6.2002 **Концерт со Македонска филхармонија**, диригент: Б. Цанев, К. С. Санс: Концерт за пијано и оркестар g-moll, I став.

27.5.2004 **Концерт со Македонска филхармонија**, диригент: Б. Цанев. М. Равел: Концерт за пијано и оркестар G-dur.

29.5.2005 **Концерт со Филхармонијата на Разград - Бугарија**, диригент: К. Иванов, Ф. Меделсон: Брилијантно капричо на I балкански форум на млади пијанисти.

6.12.2005 **Концерт со Симфониски оркестар на ФМУ**, диригент: С. Николовски М. Равел: Концерт за пијано и оркестар G-dur.

29.11.2007 **Концерт со Македонска филхармонија**, диригент: Ле Фи Фи, Ф. Пуланк: Концерт за 2 пијана и оркестар на Донаторски концерт за изградба на оргули во Скопје – Македонија, солисти: К. Светиева и М. Вршкова.

## РЕЦИТАЛИ

5.2.1998 Соло - рецитал во Тетово.

23.2.1998 Соло - рецитал во организација на ММM во Скопје.

3.7.1998 Рецитал на пијано дуо на Кристина Светиева и Ирина Наумовска на фестивалот **„Скопско лето“.**

12.8.1998 Рецитал на пијано дуо на Кристина Светиева и Ирина Наумовска во **Стокхолм, Шведска.**

6.6.2000 **Соло - рецитал во Салон „ 19'19".** „"

11.6.2000 Соло - рецитал на фестивалот „4. Меѓународен Белапаис музички фестивал“во Белапаис, **Северен Кипар.**

24.6.2001 Полурецитал на фестивалот „Холандски музички сесии“ во Берген, Холандија.

25.10.2001 **Соло - рецитал во Салон „ 19'19".**

18.6.2002 Полурецитал на фестивалот **„Охридско лето“.**

11.4.2003 Соло - рецитал во Гевгелија на фестивалот „Гевгелиска пролет“.

18.4.2003 **Соло - рецитал во Салон „ 19'19".**

21.7.2004 Полурецитал во Даутпашин амам на фестивалот **„Скопско лето“.**

26.11.2008 Соло - рецитал во рамките на циклусот концерти **„Pro Musica“,** во организација на **Сојузот на музичките уметници на Македонија.**

25.6.2009 Соло - рецитал во „Сала Бугарија“ во Софија – Бугарија.

## УЧЕСТВО НА ФЕСТИВАЛИ

3.4.1996 Изведба на Овчеполска сунта на „Авторски портрет на композиторот Благој Цанев“ на фестивалот „Денови на македонска музика“.

3.7.1998 Рецитал на пијано дуо на Кристина Светиева и Ирина Наумовска на фестивалот „Скопско лето“.

11.6.2000 Соло - рецитал на фестивалот „4. Меѓународен Белапаис музички фестивал" во Белапаис, Северен Кипар.

24.6.2001 Полурецитал на фестивалот „Холандски музички сесии" во Берген, Холандија.

18.6.2002 Полурецитал на фестивалот „Охридско лето".

11.4.2003 Соло - рецитал во Гевгелија на фестивалот „Гевгелиска пролет".

21.7.2004 Полурецитал во Даутпашин амам на фестивалот „Скопско лето".

12.8.2007 Солистички настап на „3. Сан Даниеле - Интернационална пијанистичка средба" во **Сан Даниеле, Италија.**

8.8.2008 Солистички настап на „4. Сан Даниеле - Интернационална пијанистичка средба" во **Сан Даниеле, Италија.**

5.12.2009 Концерт на Весна Гиновска - Илкова - сопран и Кристина Светиева - уметнички соработник во рамките на фестивалот „Златна лира"

## НАГРАДИ

1994 **Финалист** во категоријата соло - пијано на XXVII меѓународен натпревар по пијано „Virtuosi per musica di pianoforte" во **Усти над Лабем, Чешка.**

1995 **II награда** во категоријата соло - пијано на Интернационалниот натпревар „Rovere d'Oro" во **Сан Бартоломео, Италија.**

1995 **I специјална** во категоријата награда за соло - пијано на Републички натпревар по музика.

1996 **I награда** во категоријата соло - пијано на Шестиот натпревар на Одделот за пијано при МБУЦ „Илија Николовски - Луј" во Скопје.

1996 **II награда** во категоријата соло - пијано на Интернационалниот натпревар „Rovere d'Oro" во **Сан Бартоломео, Италија.**

1996 **II награда** во категоријата пијано дуо Кристина Светиева и Ирина Наумовска на Интернационалниот натпревар „Rovere d'Oro" **Сан Бартоломео, Италија.**

1996 **I награда** во категоријата пијано дуо Светиева Кристина и Наумовска Ирина на XXXIV натпревар на учениците и студентите по музика од Република Македонија.

1998 **II награда** во категоријата пијано дуо Ирина Наумовска и Кристина Светиева на Интернационалниот натпревар „Музиката и земјата“ **Софија, Бугарија.**

2000 **I награда** во категоријата соло - пијано на Меѓународниот вокален и инструментален конкурс „Апемос“ во **Рим, Италија.**

2001 **Специјална прва награда** во категоријата соло - пијано на XXXIX државен натпревар на ученици и студенти по музика.

2001 **Специјална награда** во категоријата соло пијано на XXXIX државен натпревар на ученици и студенти по музика

2002 **Специјална награда** во категоријата соло - пијано на 1. Интернационален натпревар на млади музичари **„Охридски бисери“.**

2007 **I награда** во категоријата соло - пијано на натпреварот за најдобра изведба на дело за водата „Ондина“ во **Русалка, Бугарија.**

2007 **Специјална награда за импресионизам** во категоријата соло - пијано на 3. Интернационална пијанистичка средба во **Сан Даниеле, Италија.**

2008 **Втора награда** за изведба на концертот за пијано и оркестар од Ф. Лист во а-дур на пијанистичката средба во **Сан Даниеле, Италија.**

**Кристина Светиева има остварено повеќе тонски и видеозаписи за МРТВ. Кристина Светиева е член на Сојузот на музички уметници на Македонија од 2007 година.**

**ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ**

Од септември 2006 година м-р К. Светиева работи како професор по пијано притоа успешно се занимава со педагошката дејност. Од 2006 до 2008 година работела како демонстратор на Одделот за клавишни инструменти на ФМУ-Скопје. Во мај 2008 година К. Светиева е избрана како асистент по наставниот предмет пијано во дополнителен работен однос на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложените материјали и личниот увид во музичкиот, уметничкиот и педагошкиот развој на пријавената кандидатка, Рецензентската комисија го изнесува следново мислење:

М-р Кристина Светиева е кандидатка која многу рано ја започнала својата концертно - уметничка активност. Дипломирала на возраст од 21 година, што говори несомнено за нејзиниот извонреден музички талент, нејзините извонредни пијанистички способности и зрел интелектуален пристап кон професијата. Нејзините професионални достигнувања во континуитет се афирмирани на домашните и меѓународните подиуми, а нејзината висока професионалност, самоиницијативност и сериозност се одлика и гаранција за нејзиниот одговорен приод кон сите уметничко - педагошки предизвици.

**ПРЕДЛОГ**

По увидот во комплетната документација и приложените материјали пристигнати на конкурсот, можеме да констатираме дека пријавената кандидатка ги има сите стручни квалитети и формални квалификации, со што ги исполнува општите и посебните услови на конкурсот.

Комисијата, земајќи ги предвид сите релевантни факти од доставените материјали и согледувајќи ги сите аспекти што се потребни за местото асистент, има чест и задоволство, како млад и извонредно перспективен кадар, да му предложи на Наставно - научниот и уметнички совет на ФМУ да ја избере м-р Кристина Светиева за асистент по предметот пијано.

Рецензентска комисија:

1. Проф. м-р Евушка Елезовиќ с.р.

2. Проф. м-р Стела Слејанска с.р.

3. Вонр. проф. м-р Симон Трпчески с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ТРУБА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност, на својата седница одржана на 29.12.2009 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Гордана Јосифова – Неделковска, проф. м-р Билјана Јакимовска и вонр. проф. Кире Костов.

На конкурсот за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет труба на Факултетот за музичка уметност – Скопје објавен на 22.12.2009 година во дневните весници „Дневник" и „Коха" се пријави единствено кандидатот вонр. проф. м-р Васо Ристов.

Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на познавањето на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

Кандидатот Васо Ристов е роден 1965 година во Радовиш. Средно музичко училиште (отсек труба) завршил во класата на проф. Симеон Савев.

Во текот на школувањето учествувал на многубројни меѓународни семинари и натпревари. Добитник е на повеќе награди.

Дипломирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Симеон Савев.

Уште како студент со успешно положена аудиција е примен за хонорарен соработник во оркестарот на операта на МНТ, а за кратко време редовно се вработил како прв трубач.

Во учебната 1994/95 година специјализирал труба во класата на проф. Вацлав Јунек на Факултетот за музичка уметност во Прага, Република Чешка. За време на специјализацијата свирел прва труба во симфонискиот оркестар во Румбурк, Република Чешка.

Од 1996 до 1998 година специјализирал и магистрирал на државната музичка академија во Софија, Република Бугарија, во класата на проф. д-р Ангел Македонски. Од септември 1999 година е хонорарен соработник - професор по предметот труба во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј".

Од 2001 година станува хонорарен соработник – доцент на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Желбата за проширување на своето образование, Васо Ристов го води на многу семинари и музички кампови како активен учесник, во земјава и во странство, и тоа: Скопје, Охрид, Шибеник, Неум, Цавтат. Од преостанатите ги одвојуваме: музички камп Грозњен – Хрватска, во 1982 и учество во младинскиот камп во Загреб во 1985 година. Учесник е и на семинарот во Дубровник од 26.1 до 31.1.2003 година, организиран од страна на Музичката академија од Стокхолм и музичката академија од Белград, а предводен од страна на проф. Марк Срело од Шведска.

Кандидатот има направено избор и редакција на книгата „Оперско-балетски и симфониски студии за труба" (прва книга од ваков вид во Република Македонија).

Врз основа на успешната работа како уметник и педагог избран е за претседател на Асоцијацијата на македонските трубачи на Република Македонија.

Од 1.4.2005 до 1.2.2007 ја извршувал функцијата уметнички директор на Македонската опера.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Од 1986 година до денес кандидатот работи како прв трубач - солист на Македонската опера и балет.

Во 1986/87 година има соло– настап со Македонската филхармонија.

Од 1995 година е член на македонскиот блех-квинтет. По потреба е и надворешен соработник на оркестарот на Македонската филхармонија и оркестарот на АРМ.

Во август 1997 година, во Серес, Грција, учесник е во I балкански симфониски оркестар (прва труба).

Во јуни 2001 година има соло - настап во гимназијата „Коста Сусинов" во Радовиш.

Во јануари 2003 година настапил со брас - к винтетот составен од професори од целиот Балкан на семинар во Дубровник (26.1.-31.1.2003).

Во април 2004 година настапил со брас - квинтетот составен од професори од целиот Балкан во Белград.

Со македонскиот блех - квинтет издава ЦД во 1995 година.

Издава солистичко ЦД со музика од различни епохи во 2009 година.

На 28.1.2009 изведува соло - концерт на Факултетот за музичка уметност во Тирана со пиколо труба и мастер клас со студентите на Факултетот за музичка уметност во Тирана – Албанија.

Како прв трубач-солист на Македонската опера и балет, во периодот од 1986 до 2007 година, кандидатот Васо Ристов има остварено над 100 настапи.

Има соработувано со следниве диригенти: Фимчо Муратовски, Александар Лековски, Ангел Шурев, Ванчо Чавдарски, Томислав Шопов, Миодраг Јаневски, Горјан Коруновски, Ле фи фи, Перо Петровски, Оливер Балабурски, Саша Николовски-Ѓумар, Вања Николовски, Борјан Цанев, Милан Фирфов, Душан Миладиновиќ, Антон Колар, ЗорицаМитев, Антун Петрушиќ, Јануш Пшибилски, Тадеуш Козловски, Волфганг Вајнер, Оливер Дохнани, В.Бениг, Мирослав Хомен, Ренгин, Ѓокман, Фридрих Плајер, Симон Романос, Ренато Палумбо, Борис Спасов, Ѓорѓи Нечев, Ѓеум Носант, Неделјко Недјалков, Јуриј Кочњев, Мирјам Немцова, Микис Теодоракис, Лепај Бујер, Георги Нотев, Зоран Јураниќ, Јон Јанку, Едуард Амбарцумјан, Илмар Лапинш, Мјечислав Новаковски- Вилсон, Андреј Андреев, Вјечислав Блинов, Иван Маринов, Е. Крнтија.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Од 1985 до 1987 година, кандидатот Васо Ристов предавал во основното музичко училиште во Радовиш.

Од 1999 година работи како хонорарен професор во МБУЦ "Илија Николовски-Луј".

Во 2001 година на Факултетот за музичка уметност во Скопје е избран за доцент по предметот труба. Од доставените материјали и од личното присуство на колоквиумите, испитите, јавните настапи и дипломските испити можеме да констатираме дека доц. Васо Ристов успешно работи како педагог.

Член бил на жири - комисијата во Кавадарци на Меѓународниот натпревар по труба во 2001.

Член бил на жири - комисијата во Кавадарци на Меѓународниот натпревар по труба во 2002.

Член бил на жири - комисијата и претставник од Македонија во Софија, Р.Бугарија, на Меѓународниот натпревар по труба организиран од Чешкиот културно-информативен центар и бугарското Министерство за култура во декември 2001.

Член бил на меѓународното жири во Македонија, Охрид, на „Охридски бисери"- меѓународен натпревар за дувачи, во 2003.

Член бил на меѓународното жири од Македонија во Софија, Р.Бугарија на натпревар по труба „Јарослав Коларж", организиран од Чешкиот културно-информативен центар и бугарското Министерство за култура во октомври 2003.

Претседател бил на меѓународното жири во Македонија на „Охридски бисери"- меѓународен натпревар за дувачи во 2005.

Член бил на жири – комисија на државниот натпревар за дувачи-Битола, 2005.

Член бил на меѓународно жири во Македонија на „Охридски бисери"- меѓународен натпревар за дувачи во 2007.

Член бил на жири - комисија на државниот натпревар за дувачи во Скопје, 2008.

Претседател бил на меѓународното жири во Македонија на „Охридски бисери"- меѓународен натпревар за дувачи во 2009.

Член бил на жири комисија на Меѓународниот натпревар за дувачи во Стара Загора, Р.Бугарија, во ноември 2009.

Студентите во класата на кандидатот Васо Ристов ги имаат одржано следниве концерти:

-концерт во Дом на културата во Штип на 5.2.2001;
-концерт на студентите на ФМУ на 22.4.2002;
-концерт на учесниците на натпреварот „Јамаха" на 10.3.2003;
-божиќен концерт на млади уметници од Кавадарци на 8.1.2004;
-концерт во склоп на фестивал на класична музика на 3.6.2004;
-концерт на студентите од вокално - инструменталните класи на 8.12.2004;
-концерт за лимени дувачки инструменти на 23.12.2004;
-концерт во уметничка галерија Безистен-Штип на 3.6.2005;
-концерт на на Билјана Симоновска и Стојанче Косовски на 7.6.2005;
-рецитал на Горан Арменски на 14.11.2005;
-концерт на класата по труба на 12.12.2005;
-концерт на студентите од класите по композиција на ФМУ на 1.4.2006;
-концерт на класите по труба. хорна и тромбон на 10.1.2007;
-концерт на симфониски оркестар со солисти на ФМУ на 15.4.2008;

-концерт посветен на Симеон Савев на 29.2.2009;
-концерт на дувачка класа на ФМУ на 21.12.2009.

Награди на домашни и на меѓународни натпревари имаат освоено следниве студенти од класата на кандидатот Васо Ристов:

- Кирил Бреслиев
- Александар Митревски
- Анте Мустанич
- Николовски Никола
- Златески Александар
- Наумовски Илија
- Стојчевски Јовица
- Тодор Панов
- Кирил Бреслиев
- Христо Сараќинов

## ЗАКЛУЧОК

Со оглед на горенаведеното и врз основа на доставената документација и следењето на уметничката и педагошката дејност на кандидатот, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје да го избере кандидатот м-р Васо Ристов за наставник по наставниот предмет труба во звањето вонреден професор.

11.1.2010.
Скопје

Рецензентска комисија

Проф.м-р Гордана Јосифова-Неделковска с.р.

Проф.м-р Билјана Јакимовска с.р.

Вонр.проф. Кире Костов с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: м-р Васо Јуре Ристов**
**Институција: Факултет за музичка уметност - Скопје**
**Научна област: труба**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ 1 циклус** | |
| 1. | Настава 1 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 6 студенти (2+0)2001/2 год.6x2=12 x30=360 x0,04=14,4 | 14,4 |
| 2. | Настава 1 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 8 студенти (2+0)2002/3 год. | 19,2 |
| 3. | Настава 1 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 7 студенти (2+0)2003/4 год. | 16,8 |
| 4. | Настава 1 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 6 студенти (2+0)2004/5 год. | 14,4 |
| 5. | Настава 1 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 7 студенти (2+0)2005/6 год. | 16,8 |
| 6. | Настава 1 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 7 студенти (2+0)2006/7 год. | 16,8 |
| 7. | Настава 1 циклус студии индивид. настава по предметот труба, 5 студенти (2+0)2007/8 год. | 12 |
| 8. | Настава 1 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 6 студенти (2+0)2008/9 год. | 14,4 |
| 9. | Настава 1 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 8 студенти (2+0)2009/10 год. | 19,2 |
| 10. | Настава 1 циклус студии групна настава по предметот оркестарски делници, 7 студенти (1+0)2005/6 год. | 1,2 |
| 11. | Настава 1 циклус студии групна настава по предметот оркестарски делници, 7 студенти 1+0)2006/7 год. | 1,2 |
| 12. | Настава 1 циклус студии групна настава по предметот оркестарски делници, 5 студенти (1+0)2007/8 год. | 1,2 |
| 13. | Настава 1 циклус студии групна настава по предметот оркестарски делници, 6 студенти (1+0)2008/9 год. | 1,2 |
| 14. | Настава 1 циклус студии групна настава по предметот оркестарски делници, 8 студенти (1+0)2009/10 год-4x15=60 x0,04= | 1,2 |
| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ 2 циклус** | |
| 1. | Настава 2 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 2 студента 2003/4год. 2x20 часа семестрално=40ч. x 2 сту дента г одишно =80x0,05=3,2 | 4 |
| 2. | Настава 2 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 3 студенти 2004/5год. 3x20часа60 семестрално =120ч годишно=120x0,05=6 | 6 |
| 3. | Настава 2 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 3 студенти 2005/6 | 6 |
| 4. | Настава 2 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 3 студенти 2006/7 | 6 |
| 5. | Настава 2 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 3 студенти 2007/8 | 6 |
| 6. | Настава 2 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 3 студенти 2008/9 | 6 |
| 7. | Настава 2 циклус студии индивидуална настава по предметот труба, 3 | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | студенти 2008/9 | |
| 8. | Настава 2 циклус студии индивидуална настава по предметот труба- 1 студент 30 часа семестрално-2009/10 | 1,5 |
| | **Ментор на дипломска работа** | |
| 1. | 2001 год.-2 студента | 0,4 |
| 2. | 2002 год.-1 студент | 0,2 |
| 3. | 2003 год.-2 студента | 0,4 |
| 4. | 2004 год.-1студент | 0,2 |
| 5. | 2005 год.-2студента | 0,4 |
| 6. | 2006 год.-2студента | 0,4 |
| 7. | 2007 год.-3студенти | 0,6 |
| 8. | 2008 год.-1студент | 0,2 |
| 9. | 2009 год.-1студент | 0,2 |
| | **Вкупно** | **194,5** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | 1997/8-магистратура на Државната музичка академија во Софија, Р.Бугарија. | 4 |
| 2. | 1996/7-година специјализација на Државната музичка академија во Софија, Р.Бугарија. | 2 |
| 3. | 1994/95-усовршување за репродуктивни уметници на Факултетот за музичка уметност во Прага, Р.Чешка. | 2 |
| | **Ментор на магистерска работа** | |
| 1. | 2005/6 год.-1студент | 1 |
| 2. | 2006/7 год.-2студента | 2 |
| 3. | 2007/8 год.-3студенти | 3 |
| 4. | 2008/9 год.-4студенти | 4 |
| 5. | Одржано предавање, семинар по покана на Факултетот за музичка уметност од Тирана, Р.Албанија- 26/27-1-2009 год. | 3 |
| | **Вкупно** | **21** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | На 28.1.2009 одржан соло-концерт на Факултетот за музичка уметност во Тирана-Р.Албанија. | 8 |
| 2. | 2009- солистичко ЦД со музика од различни епохи | 8 |
| 3. | 2001- соло-настап во гимназијата „Коста Сусинов", Радовиш | 8 |
| 4. | 1986- соло-настап со Македонска филхармонија | 8 |
| | **Вкупно** | **32** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Учество во работата на комисии за државни натпревари** | |
| 1. | Државен натпревар за дувачи-Битола 2005 год. | 1 |
| 2. | Државен натпревар за дувачи-Скопје 2008 год. | 1 |
| | **Објавено дело-книга од стручна област** | |
| 1. | Избор и редакција, 1998-2001 е издадена првата книга од ваков вид во Р.Македонија- Оперско-балетска симфониска студија за труба-автор. | 8 |
| | **Објавено дело- каталог** | |
| 1. | 34. МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ-КАТАЛОГ | 1 |
| | **Учество на меѓународни симпозиуми-семинари** | |
| 1. | Учесник на семинарот во Дубровник-организатори: Музичката | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | академија од Стокхолм-Шведска и Музичката академија од Сараево од 26.до 31.1.2003.проф. Класс Стромблад-Шведска. | |
| 2. | Учесник на семинар во април 2004 година во Белград-организатори: Музичката академија од Стокхолм и Музичката академија од Белград-проф. Марк Срело-Шведска. | 4 |
| | **Член на национална жири-комисија** | |
| 1. | Член на жири-комисија, Кавадарци,Меѓународен натпревар по труба, 2001 год. | 1 |
| 2. | Член на жири-комисија, Кавадарци, Меѓународен натпревар по труба, 2002 год. | 1 |
| 3. | Член на меѓународно жири во Македонија,Охрид, 2003 год.-Охридски бисери - Меѓународен натпревар за дувачи. | 1 |
| 4. | Член на жири-комисија на Државен натпревар за дувачи-Битола2005 год. | 1 |
| 5. | Претседател на меѓународно жири во Македонија, 2005 год.-Охридски бисери - Меѓународен натпревар за дувачи. | 1 |
| 6. | Член на меѓународно жири во Македонија,Охрид, 2007 год.-„Охридски бисери" - Меѓународен натпревар за дувачи. | 1 |
| 7. | Член на жири-комисија на Државен натпревар за дувачи-Скопје 2008 год. | 1 |
| 8. | Претседател на меѓународно жири во Македонија,Охрид, 2009 год. „Охридски бисери" - Меѓународен натпревар за дувачи. | 1 |
| | **Член на меѓународна жири-комисија** | |
| 1. | Член на жири-комисија, претставник од Македонија во декември 2001 година во Софија, Р.Бугарија, на меѓународниот натпревар по труба организиран од Чешкиот културно-информативен центар и бугарското Министерство за култура. | 2 |
| 2. | Член на меѓународно жири од Македонија во октомври 2003 година во Софија,Р.Бугарија, натпревар по труба „Јарослав Коларж", организиран од Чешкиот културно-информативен центар и бугарското Министерство за култура. | 2 |
| 3. | Член на жири-комисија-меѓународен натпревар за труба-Стара Загора, Р.Бугарија-ноември, 2009 год. | 2 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| | **Директор** | |
| 1. | Од 2005 до 2007 - уметнички директор на македонската опера | 6 |
| | **Вкупно** | 39 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 194,5 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 21 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 32 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 39 |
| **Вкупно** | 286,5 |

**Рецензентска комисија**

Проф.м-р Гордана Јосифова-Неделковска, претседател с.р.

Проф.м-р Билјана Јакимовска, член с.р.

Вонр.проф.Кире Костов, член с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ СОНОЛОГИЈА СО МУЛТИМЕДИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на седницата одржана на 29.12.2009 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Димитрије Бужаровски, вонр. проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја и вонр. проф. м-р Јана Андреевска.

На објавениот конкурс во весниците *Дневник* и *Коха* на 22.12.2009 година за избор на еден асистент по наставниот предмет сонологија со мултимедија се пријави кандидатката ас. м-р Трена Јорданоска. Врз основа на доставените материјали (кратка биографија со список на трудови, потврди и уверенија за степени на стекнато образование, дипломи и потврди за учество во натпревари, конференции и работилници, потврда за избор во звања и работно искуство, уверение за познавање на странски јазик и дел од трудовите во печатена форма), како и врз основа на познавањето на кандидатката, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката ас. м-р Трена Јорданоска е веќе позната личност во македонската музичка култура, пред сè преку својата активност во ИРАМ (Институтот за истражување и архивирање музика), а од минатите 2 години и преку вклучувањето во наставата на Факултетот за музичка уметност во Скопје и Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш, Република Србија.

Кандидатката пред запишувањето на ФМУ во Скопје, го завршила Средното музичко училиште *Илија Николовски – Луј* на Одделот за пијано во класата на проф. Надежда Пожарицкаја-Пејсахова со одличен успех. Во овој период таа е добитник на повеќе награди од кои би ги издвоиле:

- Март, 2001, прва награда, пијано, Меѓународен фестивал на млади пијанисти, Шабац, Србија;
- Март, 2001, прва награда, пијано, Државен натпревар на ученици и студенти по музика, Скопје;

- Април, 2002, специјална награда (100), клавирско дуо, 40. Државен натпревар на ученици и студенти по музика, Скопје;
- Април, 2002, специјална награда за изведба на француска музика, клавирско дуо, Меѓународен конкурс на инструменталисти и композитори *Луѓето и земјата*, Софија, Бугарија.

Додипломските студии кандидатката ги запишала во академската 2002/2003 година на Одделот за музикологија и од третата година на Одделот за сонологија. Студиите ги завршила со успех (просек 9,78), со дипломскиот труд: „Почетоците на симфонизмот во македонското современо музичко творештво низ делата на композиторот Благоја Ивановски", кој е оценет со оценка 10.

Како најдобар дипломиран студент на одделите за композиција, диригирање и музикологија е првиот добитник на наградата од Фондацијата „Томислав Зографски" во 2006 година.

Во 2006/2007 година се запишала на постдипломски студии на ФМУ на Одделот за музикологија во класата на проф. д-р Димитрије Бужаровски. Трудот на кандидатката ас. м-р Јорданоска од првата година на постдипломските студии - „Проблеми на методологија на изработка на музички критики во македонската музичка култура во 21 век", кој веднаш беше поставен на ИРАМ-овата интернет - страница, од октомври 2007 година до овој момент е преземен над 21,000 пати од корисниците од целиот свет. Во 2008 година кандидатката ги завршила магистерските студии со успех (просек 10,00). Завршниот магистерски труд на кандидатката на тема „Местото и улогата на Ладислав Палфи во појавата на македонскиот професионален пијанизам" исто така е поставен на ИРАМ-овата страница и досега е преземен над 14.000 пати.

Во 2008 година кандидатката ас. м-р Јорданоска стапила на докторски студии на ФМУ под менторство на проф. д-р Димитрије Бужаровски, со одобрена тема за изработка на докторската дисертација „Дигиталните медиуми и стратификацијата на музичката култура на тинејџерската популација во главниот град на Република Македонија – Скопје во 2009 година". Темата е поддржана од Бирото за развој на образованието и досега е спроведено истражување врз примерок од 949 ученици од основните и средните училишта во регионот на Скопје.

Од приложената биографија може да се види дека кандидатката е активна во повеќе области од кои најдоминантни се оние поврзани со дејноста на ИРАМ.

Така во изминатите 8 години кандидатката најнапред како новинар ги подготвила следниве емисии за Интернет - студентското радио:

- Портрет на Милка Ефтимова – алт (март, 2003);
- Портрет на композиторот Томе Манчев (април, 2003);
- Портрет на композиторот Гоце Коларовски (октомври, 2003);
- Интервју со композиторот Дарија Андовска (јануари, 2004);
- Интервју со пијано - педагогот Лепша Пиперковска (ноември, 2006);
- Интервју со композиторот Валентина Велковска-Трајановска (јануари, 2007);
- Медијатор на концертот In memoriam Томислав Зографски (јануари, 2005);
- Медијатор на концертот на Елена Настеска - сопран (март, 2005).

Покрај овие емисии таа е вклучена во аудио и видеоснимањата и монтажите на поголемиот број концерти реализирани во студијата на ИРАМ и надвор од него, од кои би ги издвоиле: учеството во аудиовизуелната монографија од јубилејната 40-годишнина на ФМУ и концертот на хорот „Драган Шуплевски" од 24 декември 2008 година.

Широката дејноста на кандидатката ја опфаќа и мелографската работа во учебникот на Аида Ислам *Тонскиот систем во турската музика*; изготовката на фотомонографијата за Ладислав Палфи (2008) и уредувањето на книгата *Евгениј Ладислав Палфи (Не)Заборавениот Генијј* од Владан Велков објавена во ИРАМ-овата дигитална библиотека.

Во оваа смисла посебно се издвојува и комплетната дигитализација на *Колекцијата Кирил Пенушлиски* (33 магнетофонски ленти, 6 касети), изведена во 2008 година.

Кандидатката во изминатите четири години е активна и во одржувањето на веб - страницата на ИРАМ: http://mmc.edu.mk/. Покрај ова, кандидатката е ангажирана и за одржување на интернет - страницата на Катедрата за стручно - уметнички предмети на Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш, преку која се одвива далечинско учење.

Комплетноста на личноста на кандидатката се согледува и во нејзината музиколошка дејност. Во изминативе години со свои трудови и презентации кандидатката Трена Јорданоска учествувала на :

- Април, 2005 – Reflections on Macedonian Music – Past and Future – 4th London Conference;

- Ноември, 2005 – Contemporary Trends in Musicology and Ethnomusicology – 10th IRAM International Conference;
- Јануари, 2006 – Cultural Policy and Music Education – 11th IRAM Conference;
- Јануари, февруари, 2006 – Western Balkan Project in Music Education *Winter School*, Dubrovnik, Workshop in Musicology;
- Октомври, 2006 - Cultural Policy and Music Education – 11th IRAM Conference;
- Јануари, 2007 – Research in Musicology and Ethnomusicology – 14th IRAM Conference;
- Април, 2007 – Research in Musicology and Ethnomusicology – 15th IRAM Conference;
- Април, 2007 – Кон ЕУ - стандардите за авторско право и сродни права, Правен факултет *Јустинијан Први* – ЦИПЕ;
- Декември, 2007 – Workshop *Long-term Preservation of Audiovisual Documents*, Tirana, Albania;
- Декември, 2007 – Стратегија за дигитализација на специјалните збирки во НУБ со цел заштита и достап до македонското пишано културно наследство, НУБ, Скопје;
- Февруари, 2009 – The Via Egnatia Revisited, Reanimation of an old road, Bitola.

Соодветно, таа ги објавила следниве трудови:

- Macedonian Musicology Between 1945-1990 (http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/LondonIV/Web/08trena.htm)

- The Supply of Music CDs in the Retail Stores of the Capital of Republic of Macedonia – Skopje (http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/ContemporarytrendsIV/trena.htm)

- Music Presence in Four Macedonian Newspapers in the period November 21-28, 2005 (http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XIConf/TJordDProkXI.pdf)

- Six Haiku Reflections on the Works by the Macedonian Composer Darija Andovska (http://mmc.edu.mk/TrJordPaper.pdf)

- Elizabeta Ilievska Clowns (http://mmc.edu.mk/EIlievska.pdf)

- Blagoja Ivanovski`s Papers on Cultural Policy (http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XIIIConf/Jordanoska.pdf)

- Lepsha Piperkovska: Founder of the Macedonian Piano Pedagogy (http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XIVConf/Jordanoska.pdf)

- Originality Revisited (http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XVConf/XVconfcont.html)

Во 2007 година таа објавила и повеќе рецензии за музичките настани во Скопје во весникот „Дневник".

Од посебно значење за конкурсот на кој се пријавила кандидатката е и нејзината педагошка дејност. На ФМУ во Скопје таа е избрана за демонстратор во учебните 2006/2007 и 2007/2008. Во 2008 година таа е избрана за асистент по наставниот предмет сонологија со мултимедија на ФМУ во Скопје. Истовремено, на Катедрата за стручно-уметнички предмети на Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш, таа е ангажирана како асистент по предметите што ги води проф. д-р Димитрије Бужаровски (дигитална обработка на звук, анализа на стилови и вокална литература).

На крајот да го спомeнеме и настапот на пијано на кандидатката во четирите изведби на *Вокалната симфонија* од Димитрије Бужаровски, со диригентката м-р Сузана Костиќ - на Денот на Универзитетот во Ниш во 2008 година, на Деновите на културата на младите во Књажевац во 2008 година, на 19 Хорски фестивал ТЕХО во 2009 година и на "Скопско лето" 09.

Од сето досега кажано се наметнува заклучокот дека образовниот и стручниот напредок на кандидатката ас. м-р Трена Јорданоска е во континуитет со растежот на Одделот за сонологија, (односно подоцна Одделот за сонологија и мултимедија), во изминативе 8 години, бидејќи од самиот почеток на студиите на Факултетот за музичка уметност таа е вклучена во сите активности на овој Оддел и на Институтот за истражување и архивирање музика (ИРАМ). Нејзиниот директен придонес во аудио и видеоснимањата на ИРАМ, дигиталната аудио и видеомонтажа, архивирањето на културното наследство, одржувањето на интернет - страницата на ИРАМ, организацијата на настаните на ИРАМ и, се разбира, во наставниот процес најпрво како демонстратор, а веќе втора година како асистент, недвомислено говорат дека се работи за извонредно подготвен и соодветен наставен профил за наставните предмети од областа на музичката теорија. Имајќи ја предвид и музиколошката дејност на кандидатката ас. м-р Јорданоска, која е дополнителен аргумент за комплетноста и комплексноста на нејзината личност, може да се предвиди дека кандидатката ас. м-р Трена Јорданоска и натаму ќе продолжи со нагорната линија на нејзината кариера.

Затоа, Рецензентската комисија едногласно и без дилеми одлучи на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност да му предложи да ја избере ас.

м-р Трена Јорданоска во звањето асистент по наставниот предмет сонологија со мултимедија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Димитрије Бужаровски с.р.

2. Вонр. проф. д-р Викторија Коларовска- Гмирја с.р.

3. Вонр. проф. м-р Јана Андреевска с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ТРИ АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ АНАТОМИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24. 12. 2009 година, по предлог на Кадровскиот одбор донесе решение за формирање на Рецензентска комисија по распишаниот конкурс, во состав: проф. д-р Добрила Лазарова, проф. д-р Наташа Наќева Јаневска и проф. д-р Марија Папазова.
На конкурсот објавен во весникот „ Утрински весник " од 25.11.2009 година, за избор на лица во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет се пријавија три кандидатки: д-р Светлана Јовевска, ас. д-р Елизабета Чадиковска и д-р Билјана Трпковска.
Врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатките, Рецензентската комисија има чест да го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

**1. Д-р Светлана Јовевска**

**Биографски податоци**

Д-р Светлана Јовевска е родена на 15.9.1958 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирала во 1987 година. Од 15.2.1990 година е вработена како лекар на Институтот за анатомија при Медицинскиот факултет во Скопје.
Постдипломски студии за магистри по медицина и стоматологија од областа на анатомијата запишала во учебната 1993/94 година. Испитите предвидени со наставниот план и програма ги положила во одредениот рок со просечен успех 9,50. На 26.11.1998 година го одбранила својот магистарски труд на тема „артериска васкуларизација на бубрегот со осврт на неговата сегментална поделба"

и се здобила со звањето магистер на медицински науки. На 16.6.1999 година е избрана за асистент по предметот анатомија.
На 29.6.2009 година ја одбранила докторската дисертација со наслов „Евалуација на морфолошкиот развој на бубрегот кај хуманиот фетус", со што се здобила со звањето доктор на медицински науки.

**Наставна дејност**

Од самиот почеток на нејзиното вработување, д-р Светлана Јовевска е вклучена во подготовката и изведувањето на практичната настава на Институтот за анатомија, со студентите од Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет, како и со студентите од Факултетот за физичка култура и високите школи.

**Научна и стручна дејност**

Д-р Светлана Јовевска е вклучена во научноистражувачката работа на Институтот за анатомија од областа на хуманата анатомија и морфологија. Како посебна област на интерес таа ги обработувала морфологијата и топографијата на бубрегот кај човекот.
Самостојно и во соработка со други автори учествувала во изработка на научни трудови кои се публикувани на стручни собири, како и на домашни и странски конгреси.Членува во Здружението на анатомите и морфолозите на Македонија.
Трудовитете поднесени за при изборот во звањето асистент се рецензирани во Билтенот бр.732 од 14.V 1999 г. (1-12).
Трудовите поднесени за преизбор во звањето асистент се рецензирани во Билтенот бр.801од 1.IV 2002 г. (13-26).

Трудови доставени за рецензија за овој избор во звањето асистент:

**27. S. Jovevska, D. Lazarova, A. Strateska, M. Koceva, N. Matveeva.**
**„ Варијации во настанокот на интрареналната апикална сегментална артерија кај човечкиот бубрег"**
**Third Macedonian Congress of Nephrology with International Participation.Skopje 2001.Book of abstracts:73.**

Во зависност од артериската дистрибуција, бубрегот е поделен на пет сегменти. Секој од нив е снабдуван со своја сопствена артерија. Апикалната сегментална артерија е артерија чие потекло е највалијабилно од преостанатите сегментални артерии. Познавањето на сегменталната дистрибуција на артериите е од голема важност за сегменталната ресекција на бубрегот, па за таа цел биле анализирани 30 бубрези земени од лица од двата пола и 20 ренални ангиографии. Применети биле дисекциониот, инјекциониот, и инјекционо-корозивниот метод. По редот на зачестеноста, апикалната сегментална артерија произлегува, од горната сегментална артерија; од раздвојувањето на предната и задната завршна гранка и од задната завршна гранка. Бројните варијации на реналните васкуларни примероци има практична примена во сегменталната или парцијална ресекција на бубрегот.

**28.Svetlana Jovevska , D. Lazarova , A. Strateska , M. Koceva , N. Matveeva , J. Zivadinovic , B. Trpkovska.**
**„The segmentary distribution of the anterior division of renal artery"**

**Folia anatomica Vol.29 Suppl.1, of 26th Congress of YAA with international participations Herceg Novi, 2001.Book of abstracts:87**

Познавањето на сегменталната дистрибуција на предната гранка на реналната артерија има важност во испитувањето и третманот на реналната траума, реналната трансплантација, реноваскуларната хипертензија и во реналната хирургија. Поради ова биле анализирани 30 изолирани примероци на човечки бубрези од возрасни лица од двата пола чијашто смрт не била во врска со уринарниот тракт 40 ренални ангиографии. Бил применет инјективно-корозивниот метод. Од предната завршна гранка настануваат горната, средната и долната сегментална артерија, а често и апкалната сегментална артерија настанува од неа. Варијациите во настанокот на горната, средната и долната сегментална артерија беа групирани во три групи. Познавањето на варијациите на предната завршна гранка на реналната артерија има практична примена во сегменталната и парцијалната ресекција на бубрегот.

**29. D. Lazarova, G. Petrusevska, A. Strateska, N. Nakeva, M. Papazova, N. Matveeva, S. Jovevska, B. Zafirova, J. Zivadinovic, B. Trpkovska, E. Nikovska.**
**„The role of the atrioventricular node as a part of the heart conducting system"**
**Folia anatomica Vol.29 Suppl.1, of 26th Congress of YAA with international participations Herceg Novi, 2001. Book of abstracts:125.**

Како резултат на бројни иследувања на морфологијата на атриовентрикуларниот (AV) јазол се појавуваат две неодговорени прашања. Ова е извештај за цитолошкото испитување на AV јазол со осврт на оние структури кои можат да дадат одговор на поставените прашања. 30 хумани срца беа цитолошки испитувани. Дел од ткиво бил истегнат од некоронарниот синус од аортата до епикардиумот на срцето и бил отстранет. За оваа цел се применети разновидни боења како hematoxilin-eosin и Masson trichome. Внимателното проучување на цитологијата на A-V јазол покажа дека овие структури содржат различни типови на клетки кои се организирани во многу карактеристични типови. Бидејќи има преобилни внатрешни приклучувања на AVјазолни клетки, испитувањето покажа мали задоцнувања во преносот на импулсите во оваа регија што може да даде штетни ефекти врз самиот јазол.

**30. B. Zafirova, D. Lazarova , N. Nakeva, M. Koceva, N. Matveeva, S. Jovevska, B. Trpkovska,E. Cadikovska.**
**„Antropometrijska procena maturiteta novorodenceta"**
**Folia anatomica Vol.29 Suppl.1, of 26th Congress of YAA with international participations Herceg Novi, 2001. Book of abstracts:153.**

Антропометријата е брза, економична и едноставна метода за проценка на матуритетот на новороденчињата. Целта на оваа студија била да се идентифицираат антропометриските параметри кои покажуваат најголем степен на корелација со породилната телесна маса и кои се најсензитивни и најспецифични во проценката на матуритетот на новороденчињата. Со мерењето се опфатени 400 здрави новородени деца од двата пола, со стандардна техника на мерење. Врз основа на добиените резултати може да се заклучи дека одделни антропометриски параметри со голема сигурност можат да се користат за проценка на матуритетот на новороденчињата, независно од породилната телесна маса.

**31. M. Koceva, K. Korneti, D. Lazarova, N. Nakeva, S. Jovevska, B. Trpkovska, B. Zafirova.**
**„Grane prednje komunikantne arterije"**
**Folia anatomica Vol.29 Suppl.1, of 26$^{th}$ Congress of YAA with international participations Herceg Novi, 2001. Book of abstracts:143.**

Истражувани се морфолошките и топографските карактеристики на гранките на предната комуникантна артерија. Испитувањата се вршени на 130 мозочни препарати добиени со рутинска обдукција со користење на различни морфолошки методи. Резултатите даваат прецизни информации кои се однесуваат на бројот, димензиите и дистрибуцијата на овие гранки. Гранките на предната комуникантна артерија се секогаш присутни, различни се и можат да се групираат во зависност од големината, местото на настанокот и дистрибуцијата.

**32. Matveeva Niki, Strateska A, Lazarova D, Nakeva N, Koceva M, Jovevska S.**
**„MR Stydy on degenerative changes in the lumbar spine"**
**Folia anatomica Vol.29 Suppl.1, of 26$^{th}$ Congress of YAA with international participations Herceg Novi, 2001. Book of abstracts:139**

Целта на студијата е да се пронајде честотата на дегенеративните лезии на третиот прешленски зглобен комплекс со употреба на CT и MP imagingметод. 45 испитаници на возраст од 40 до 70 години без симптоми на болка во грбот во долните партии биле испитувани со магнетна резонанца. На група од 26 испитаници, применета исто така компјутеризирана томографија беше применета исто така. 62 % од луѓето без болка во грбот во долниот дел од телото имаа интервертебрални дискусни аномалии. Кај 9% дискус дегенеративни промени беа силно поврзани спинална стеноза (централна или латерална). Сензитивните CT и MP imaging-метод овозможија да се пронајдат дегенеративни лезии во третиот зглобен комплекс.

**33. J. Zivadinovic, K. Korneti, M. Koceva, S. Jovevska, V. Janevska, S. Kunovska.**
**„Histoloske osobine ductus arteriosusa"**
**Folia anatomica Vol.29 Suppl.1, of 26$^{th}$ Congress of YAA with international participations Herceg Novi, 2001. Book of abstracts:134**

Ductus arteriosus (DA) е крвен сад кој е составен дел на феталната циркулација и ја поврзува бифуркацијата на пулмоналното стебло со дисталниот дел на аортниот лак непосредно под издвојувањето на левата поткључна артерија.Во текот на првите денови од животот, DA подлегнува на процесот на облитерација и преоѓа во ligamentum arteriosum (LA). Целта на овој труд е да се прикажат хистолошките особини на DA во различните стадиуми на облитерација кај новородените и мртвородените. Анализирани се неселективни хумани срца заедно со аортниот лак кои беа добивани после аутопсија на новородените и мртвородените умрени од некардијални причини. Серијата се состоела од 100 случаи поделени во две групи (50 новородени и 44 мртвородени). Хистолошката структура на DA била прикажана со следните боења: hematoxilyn- eosin, Azan i Van Gieson Elastica. Не постои поврзаност помеѓу гестациската старост и хистолошката структура на DA. Во текот на последниве месеци од интраутериниот живот, во ѕидот на DA

настануваат промени кои се почеток на процесот на облитерација, кои во првите денови од животот завршуваа со создавање на LA.

**34. B. Trpkovska, D. Lazarova, M. Koceva, N. Nakeva, B. Zafirova, S. Jovevska, E. Nikovska.**
**„Biometrija proksimalnog dela humerusa"**
**Folia anatomica Vol.29 Suppl.1, of 26th Congress of YAA with international participations Herceg Novi, 2001. Book of abstracts:144.**

Биометријата на проксималниот дел на хумерусот е едноставен метод за мерење на аголот на инклинација помеѓу главата и вратот на хумерусот. Целта на оваа студија била да се измери аголот на инклинација и да се процени степенот на ротацијата на главата и хумерусот. Со стандардна техника на мерење биле измерени 53 хумеруси. Аголот на инклинација го означува степенот помеѓу симетралата AB и CD од кои AB- симетралата го поврзува tuberculum minus и слегува низ sulcus intertubercilaris, а CD- симетралата ги поврзува tuberculum majus и collum humeri. Резултатите од оваа студија покажуваат дека постои корелација помеѓу аголот на инклинација и степенот на ротацијата на проксималниот дел на хумерусот. Добиените вредности се покажуваат корисни при дијагноза на дислокацијата на главата на хумерусот. Нивната практична примена е особено важна во изработката на специјално конструирани протези во ортопедијата.

**35 D. Lazarova, A. Strateska, N. Nakeva, M. Papazova, S. Jovevska, B. Zafirova, B. Trpkovska, E. Nikovska.**
**„Fasciculus atrioventricularis-His"**
**83eme Congres de l' Association des Morphologistes**
**12th European Anatoica Congres.Lyon,France 2001**
**Abstract Book,L.**

Снопот на Хис започнува во длабокото разделување на AB- јазолот кој сеуште не е комплетно опкружен со фиброзна маса. За да се испита атриовентрикуларниот спроводен систем, латералните ѕидови на предкоморите и коморите се отстранети, со изолирање на интератријалните и интервентрикуларните прегради и потоа фиксирани. Главниот AB сноп лежи на гребенот на мускулниот интервентрикуларен септум. На нивото каде што снопот почнува да се раздвојува на десна и лева гранка, деената се издвојува како сама мускулна гранка. Левата се состои од бројни фини гранчиња, а само една се гледа на ова ниво. Сноповите на Хис и AB- јазолот можат да покажат различни хистолошки лезии: воспалителна инфилтрација, лезии на артериите поврзани со фиброза или не. Најзначајната карактеристика најдена во разгледуваниот случај била на ниво на септалниот гребен и централната фиброзна маса.

**36. Jovevska S, Lazarova D, Strateska A, Nakeva N, Papazova M, Matveeva N , Jovevski V.**
**„Варијации во настанокот на сегменталните артерии кај човечкиот бубрег".**
**Third Macedonian Congress od Radiology wiht international participation.Book of abstracts:40**

Анализирани се варијациите во настанувањето на сегменталните артерии кај бубрегот. Користен е инјекционо-корозивен метод на 30 препарати од бубрег земени post mortem, 24 часа по настанувањето на смртта (причината за смрт не биле во врска со уринарниот тракт). Анализирани се и 20 ренални ангиографии. Варијациите во настанувањето на горната, средната и долната сегментална артерија се групирани во 3 групи: 1. долната сегментална артерија излегува прва, а горната и средната имаат заедничко настанување; 2. долната сегментална артерија излегува со или малку проксимално од горната сегментална артерија; 3. сите три сегментални артерии имаат заедничко настанување. Познавањето на овие варијации е од големо значење за парцијалната нефректомија.

**37. Matveeva N, Strateska A, Lazarova D, Vrcakovski M, Cvetkovski P, Koceva M, Jovevska S, Zivadinovic J.**
**„Морфоструктурна анализа на интервертебралните дискус хернии"**
**Third Macedonian Congress od Radiology wiht international participation.Book of abstracts:46**

На испитаници со наод на меѓупрешленски дискус- хернии со MR imaging-метод, на кои подоцна е извршена хируршка интервенција на Неврохируршката клиника, постоперативно добиениот материјал е анализиран на Институтот на патологија при Медицинскиот факултет. Добиените патохистолошки наоди се компарирани со наодите на MR-снимките. Иако се работи за постоперативно добиен материјал со ограничена вредност, сепак хистолошката анализа на дискус-херниите може да укаже на патомеханизмот на нивното настанување и да помогне во прогнозата на понатамошниот развој на оваа клиничка состојба.

**38. Jovevska S, Lazarova D, Strateska A, Papazova M, Matveeva N, Zafirova B.**
**„Evaluation of kidney length inpreterm infants"**
**Folia anatomica Vol 31,suppl.1,Beograd 2003.Book of abstracts:25**

Кај 40 предвремено родени деца, 16 женски и 24 машки, биле испитувани бубрезите и била мерена бубрежната должина.

Бубрежната должина била споредувана со четири параметри: бубрежната ширина, телесната тежина, телесната површина, телесна должина и гестациска старост. Било утврдено дека бубрежната должина во сооднос со сите овие горе набројани параметри ја потврдува добрата линеарна дистрибуција со висок коефициент на колерација.

**39. Papazova M, Zafirova B, Jovevska S, Trpkovska B, Cadikovska E, Bojadzieva B.**
**„The morphological types of the circulus arteriosus cerebri"**
**Folia anatomica Vol 31,suppl.1,Beograd 2003.Book of abstracts:50**

Circulus arteriosus cerebri е важен составен дел на цереброваскуларниот систем со големо морфолошко, функционално и клиничко значење. Некои морфолошки варијации на circulus arteriosus cerebri ја смалуваат функционалната моќ на колатералната крвна циркулација при оклузивните процеси. Испитувањето било направено на 100 мозоци земени при рутинска обдукција, при што цереброваскуларната патологија беше исклучена. Добиените резултати им дале

точни податоци на авторите за формата, типот, нормалните димензии и морфолошките варијаци, на составните делови на circulus arteriosus cerebri. Хемодинамиката предизвикува соодноc помеѓу индивидуалните мерки на секој дел од circulus arteriosus cerebri и тие исто така се прикажани во трудот.

**40. Matveeva N, Strateska A, Lazarova D, Nakeva N, Jovevska S, Bojadzieva B.**
**„Intervertrebral Dischernations-Histologic Analysis"**
**Folia anatomica Vol 31,suppl.1,Beograd 2003.Book of abstracts:37** imaging-метод.
Кај 35 испитаници состојбата беше третирана оп

Интервертебралните дискус-хернии биле испитувани кај 100 испитаници со MR imaging-метод. Кај 35 испитаници состојбата била третирана оперативно и хируршки отстранетиот материјал бил испитуван хистолошки. На класификацијата на дискус-херниите со MR и хируршките пронајдоци, хистолошката анализа била додадена. Деновите биле подготвени со hematoxylin-eosin, и elastica Van Gieson. Многу поосетливи дегенеративни промени биле најдени кај екструзивните типови и дискус-херниите. Присутноста на неоваскуларизацијата биле евидентирана кај дискус херниите со хроничен карактер кај постарите испитаници. Најважната доминантна улога во генезата на интервертебралните дискус-хернии имаат дегенеративните промени во anulus fibrosus-миксоматозна дегенерација и едеми.

**41. Jovevska S, Lazarova D, Matveeva N.**
**„Retropyelic vascularization of the kidney"**
**Acta chir.maced.vol.1,N°1 p-1-146 Skopje 2002.**

Во ретропиеличната васкуларизација на бубрегот учествува ретропиеличната артерија, задна завршна гранка на реналната артерија. Оваа артерија поминува преку горниот раб на бубрежната карлица, па по нејзината задна страна во вид на лак со конвекситет свртен нанадвор и по влегувањето во бубрежниот синус завршува како артерија на задниот бубрежен сегмент. При хируршките интервенции на задната страна на бубрежната карлица, односно кај пиелотомијата, може да дојде до нејзина повреда и некроза на помал или поголем дел од бубрежниот паренхим. Затоа познавањето на морфологијата, а посебно на топографијата на задната завршна гранка на реналната артерија е од голема важност и потребно е нејзино истражување, и за таа цел таа е анализирана кај 30 човечки бубрези и кај 20 ренални ангиографии.

**42. S. Jovevska, D. Lazarova, K. Gorevski, N. Matveeva.**
**„Морфолошки и топографски карактеристики на завршните гранки на реналната артерија"**
**Макед.мед. преглед 57, бр 3-4, 2003:110-220.**

Бубрегот е добро васкуларизиран орган. Богатството на васкуларната мрежа ги објаснува обилните хеморагии кои ги придружуваат повредите или хируршките инцизии на бубрежниот паренхим. Поради тоа, познавањето на морфологијата и топографијата на предната и задната завршна гранка на реналната артерија е од голема важност и затоа е направено испитување кај 40 човечки бубрези и 30 ренални ангиографии. Биле применети дисекциониот, инјекциониот и инјекционо-

корозивниот метод. Со инјекционо-корозивниот метод се овозможи изготвување на анатомски модели на реналниот васкуларен систем на бубрегот.

**43. Светлана Јовевска. Докторска дисертација „Евалуација на морфолошкиот развој на бубрегот кај хуманиот фетус".Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"Скопје,2009.**

**2. Ас. д-р Елизабета Чадиковска**

**Биографски податоци**

Д-р Елизабета Чадиковска е родена на 19.5.1973 година во Скопје, каде што завршила основно училиште и Средно медицинско училиште - отсек за медицински сестри. На Медицинскиот факултет се запишала во учебната 1991/1992 година, а дипломирала во 1997 година со просечен успех 8,94. Стручниот испит за лекари го положила во февруари 1999 година. Вработена е на Институтот за анатомија при Медицинскиот факултет во Скопје од 1.5.1999 година. Во октомври 1999 година се запишала на постдипломските студии за магистри по медицина од областа на анатомијата. За помлад асистент е избрана на 30.3. 2001 година, а реизбрана е во 2004 година. Магистерскиот труд на тема „ Карактеристики на кожниот релјеф на стапала кај младата популација од македонска националност " го одбранила на 14.6.2006 година. Во звањето асистент е избрана во 2007 година.

**Наставна активност**

Д-р Елизабета Чадиковска е вклучена во наставната дејност на Институтот за анатомија со учество во практичната настава за студентите од Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет и Вишата школа за рендген техничари и медицински сестри. Активно е вклучена и во научната и стручната дејност на Институтот за анатомија.

**Научна активност**

Д-р Елизабета Чадиковска покажува интерес кон научната работа на Институтот за анатомија каде што, под покровителство и во соработка со колегите, со стручна помош и со своите познавања во работата со компјутери, дава придонес во научната дејност.

**Стручна активност**

Вработена е како лекар на Институтот за анатомија. Активно е вклучена во рутинската работа на Институтот. Член е на Здружението на анатоми и морфолози на Македонија, како и на Здружението на антрополози и физиолози на Македонија. Активно се служи со англискиот јазик.

СПИСОК НА ТРУДОВИ ЗА РЕЦЕНЗИЈА

1. Zafirova B, Lazarova D, Nakeva N, Papazova M, Trpkovska B, Jovevska S, Matveeva N, **Cadikovska E**. THE ANTHROPOMETRICAL CHARACHERISTICS OF THE NEWBORNS BORN BEFORE THE TERM (34-37 GA). Acta Morphologica 2005;Вол 2(1):29-34

Утврдено е значењето на некои антропометриски карактеристики на новороденчињата родени пред термин 34.-37.г.н. во евалуацијата на нивниот антрополошки, биофизички профил како и детерминирањето на полово-специфичните разлики што укажало на постоење на истите во корист на новороденчињата од машкиот пол што е важно за следење на феталниот раст на предвременородените деца од двата пола.

2. **Čadikovska E**, Korneti K, Gjorgevik. DERMATOGLYPHICS-SURVEY OF CURRENT KNOWLEDGEMENTS.Acta morphologica.2005;Vol 2(1):25-28.

Кожниот релјеф на прстите се формират за време на развојот на фетусот, од 5-тата до 15-тата недела од зачетокот. На површината на кожата од прстите, палмарно на шаките и плантарно на стапалата, најпрво се развиваат ситни јастучиња. Тие јастучиња се шират , на нив се развиваат ситни гребенчиња со отвори на излезните канали, пори по средината, помеѓу кои се наоѓаат вдлабнувања. Во јастучињата влегуваат прво крвни садови, па нерви. Со морфолошкиот план кој е генетски условен и на кој делуваат фактори во тек на растот, доаѓало до насочување на гребенчињата така што направиле облици кои ги нарекуваме дерматоглифски шари или мостри (можат да бидат паралелни и вртложни бразди). Трагите од отпечаток се во вид на линии-папиларни линии. Текот на папиларните линии е главно паралелен, по во одделни топографски полиња, прават карактеристични цртежи-мостри. Морфолошките карактеристики на кожниот релјеф ги изучува посебна научна дисциплина -дерматоглифика (derma-кожа,gliphe-гравирање). Терминот е предложен од Cummins и Midlo, истата година прифатен е и од американската асоцијација на анатоми.

3. Зафирова Б, Лазарова Д, Наќева Н, Стратеска А, Папазова М, Трпковска Б, Јовевска С, Матвеева Н, **Чадиковска Е**. ЗНАЧЕЊЕТО НА НЕКОИ АНТРОПОМЕТРИСКИ ПАРАМЕТРИ ВО ПРОЦЕНАТА НА АНТРОПОЛОШКАТА ТЕЛЕСНА КОМПОЗИЦИЈА КАЈ НОВОРОДЕНЧИЊАТА. Македонски медицински Преглед 2005;1-2: 7-10

Целта на ова истражување била одредување на значењето на антропометриските карактеристики на новороденчето во процената на неговите антрополошки физички пропорции, преку детерминирање и издвојување на оние антропометриски параметри кои покажале највисок степен на позитивна корелација со родилната телесна маса.

Антрополошките мерења (21 антропометриски параметар) биле извршени по методологијата на интернационалната биолошка програма со стандардна техника на мерење. Вкупниот број на испитувани новороденчиња (n=900), родени 32.-48. г.н., бил поделен според полот ( 448 машки и 452 женски). Во сите испитувани групи кај двата пола, највисок степен на позитивна корелација со родилната телесна маса покажал обемот на надлактот (r=096) и

обемот на натколеното (r=0.91). Поради тоа, корисна е примената на овие антропометриски параметри како лесни, осетливи, брзи, сигурни, едноставни, а пред се економични и моќни во рутинската практика при процената на телесната композиција.

4. Jovevska S., Lazarova D., Korneti K.,Strateska A., Nakeva N, Papazova M, Matveeva N.,Zhivadinovik J., Zafirova B., **Čadikovska E.**, Trpkovska B.,Bojadzieva B. EVALUATION OF KIDNEY DIMENSIONS IN PRETERM INFANTS AT VARIOUS GESTATIONAL AGES. Acta morphologica.2004;Vol 1:18-21

Антропометриските параметри се индикатори за растот, развојот и здравствената состојба. Целта на истражувањето била да се дефинираат димензиите на бубрегот кај предвремено родени деца со различна гестациска возраст. Познавањето на овие димензии може да помогне за рана дијагноза на различни абнормалности. Димензиите на бубрегот ( максимална должина, ширина и антеропостериорен дијаметар) во однос на возраста , биле одредувани кај 120 предвремено родени (48 женски и 72 машки) деца, со гестациска возраст од 15 до 25 недела. Висока корелација е најдена помеѓу димензиите на бубрегот и гестациската возраст.

5. Зафирова Б, Лазарова Д, Наќева Н, Папазова М, Трпковска Б, Јовевска С, Матвеева Н, **Чадиковска Е** . АНТРОПОМЕТРИСКИ СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ НА НОВОРОДЕНЧИЊАТА ВО МАКЕДОНИЈА. Acta Morphologica 2004;1: 30-39

Неонаталната антропометрија е сигурна, брза, економична метода која се користи за регионалните антрополошки стандарди за процена на телесната композиција, полово-специфичните разлики и нутритивниот статус на новороденчињата.

Целта на оваа студија е утврдување на антропометриските карактеристики, физичките пропорции, полово-специфичните разлики на новороденчињата родени во термин, преку мерење на телото во целина или на одделни делови. Антрополошките мерења биле спроведени кај 798 здрави (392 машки, 406 женски) новороденчиња, родени 38.-42.г.н. проценети по Dubovitz-scor со стандардна антрополошка процедура на мерење. Кај повеќето испитувани антропометриски параметри биле регистрирани полово-специфични разлики во корист на машки пол. Единствено кожните набори над скапула и трицепс се сигнификантно повисоки кај новороденчињата од женски пол ($p<0,01; p<0,05$). Тоа укажува на потребата секоја популација да изработи свои регионални антрополошки стандарди со практична апликација во евалуација на телесните антропометриски карактеристики на обата пола, различна националност родени во термин како и пред термин.

6. Zafirova B, Lazarova D, Nakeva N, Papazova M, Trpkovska B, Jovevska S, **Čadikovska E**, Bojadzieva B.THE ANTHROPOMETRICAL STUDY OF PRE-TERM NEWBORNS.14-th Congress of European Anthropological Association,1-5 september 2004,Komotini,Greece.

Антрополошки испитувања биле спроведени со методологијата на IBP и стандардни антропометриски техники. Испитувавме 113 предвремено родени деца со македонска националност ( 47 машки и 66 женски) со гестациска возраст од 34 - 37 недела и адекватна тежина за возраста. Кај најголем број од

испитуваните антропометриски параметри биле регистрирани полово специфични разлики во корист на машките недоносени деца. Проценката на телесната структура може да биде корисна во разбирањето на разликите па феталниот раст и соматскиот развој помеѓу машките и женските недоносени деца.

7. Zafirova B, Lazarova D, Nakeva N, Papazova M, Trpkovska B, Jovevska S, **Čadikovska E,** Matveeva N,Bojadzieva B.ZNACENJE NEKIH ANTROPOMETRIJSKIH PARAMETARA. XLIII Kongres Antropološkog društva Jugoslavije sa međunarodnim učeščem, 26-30 maj 2004g ,Čačak, Srbija.

Целта на истражувањето е да се одреди сопствен модел за прогноза и проценка на антрополошката телесна композиција и гестациската старост на новороденото.

Целта била реализирана по пат на утврдување на антропометриските карактеристики, како и со издвојување па опие параметри кои покажале највисок степен на позитивна корелација со родилната телесна маса и гестациската старост проценета по Dubowitz-scorom.

Користена била метадата по IBM и извршени биле мерењата на 21 антропометриски параметер со стандардна метода на мерење. Вкупно имало 700 новородени испитаници од македонска националност, поделени биле во две групи според гестациската старост и пол. Кај сите испитувани групи, од двата пола, највисок степен на позитивна корелација со телесната маса покажале обемот на надлактот ( r=0,95 ) и обемот на надколеницата ( r=0,91 ).

8. Jovevska S., Lazarova D.,Strateska A., Matveeva N., Nakeva N, Papazova M, Zafirova B., **Čadikovska E.** PROCENA BUBREŽNOG ANTEROPOSTERIORNOG DIAMETRA KOD FETUSA. XLIII Kongres Antropološkog društva Jugoslavije sa međunarodnim učeščem, 26-30 maj 2004g ,Čačak, Srbija.

Целта на истражувањето била да се дефинираат антропометриските карактеристики и физички пропорции, полово специфични разлики на фетусите преку мерење на телото и антеропостериорни димензиите на бубрегот кај предвремено родени деца со различна гестациска возраст( од 18-36 г.н.).

Познавањето на овие димензии може да помогне во рана дијагноза на различни абнормалности. Антропометриските мерења , биле одредувани кај 100 предвремено родени (56 женски и 44 машки) фетуси. Бубрежниот антеропостериорен дијаметар бил споредуван со три параметри: телесна тежина, телесна висина и гестациска старост. Овие сознанија се корисни при UZ преглед за пратење на нормалниот развој па фетусниот бубрег .

9.Lazarova D.,ZafirovaB.,Trpkovska B.,**Cadikovska** E.,Bojadzieva B.,NakevaN.,PapazovaM.,Matveeva N.,Jovevska S.,MORPHOLOGY OF FETAL LUNG

1st Joint Meeting of EACA&AACA ,7-11 july,2003,Graz.

Со истражувањето биле опфатени 103 фетуси, земени после артифицијални абортуси или мртвородени. Морфолошките карактеристики, белите дробови, тежината, бројот па лобусите, фисурите како и разгранувањето на бронхите биле проучувани.

Методи на испитувањата биле инспекција и корозивен метод со употреба на акрилни инјекции во бронхијалното стебло.

Од почетокот на феталниот период морфолошките карактеристики на белите дробови се јасно одредени, во понатамошниот развој постоело квантитативно зголемување на нивната тежина, но немало нови квалитативни промени.

Просечната тежина во првата возрасна група е 43,3г. и се зголемува до 353,3г. во последната возрасна група. Гранулацијата на бронхите била завршена во приближно во 17-тата недела.

Во зависност од надворешните карактеристики на белите дровови, нивната тежина и соодносот со тежината на фетусот, можеме индиректно да заклучиме за феталната зрелост на белите дробови.

10.Nakeva Natasa, Lazarova Dobrila,Strateska Anga, Papazova Meri, Zafirova Biljana Trpkovska Biljana, **Nikovska Elizabeta.** MORPHOLOGICAL BODY STRUCTURE DEFINED WITH FACTOR ANALYSIS, 1[st] Joint Meeting of EACA&AACA ,7-11 july,2003,Graz.

Детерминирање и дефинирање на структурните морфолошки димензии кај Македонската школска младина на 15-годишна возраст. Со методологијата на IBP биле опфатени 200 испитаници од двата пола. Резултатите покажале трансверзален пресек во зависност од полот и возраста на 22 антропометриски параметри и 4 димензионалности: лонгитудинални, трансверзални, циркуларни и поткожно масно ткиво, користени како стандарди за научна, практична и образовна примена. Со факторска анализа на манифестните варијабли, добивме латентни фактори ( кај машките испитаници М 15 е за PMT,а кај женските F 15 е за ADLR и ADLN) кои ги дефинираат антропометриските стандарди кај македонската популација на оваа возраст.

11.D.Lazarova, J.Ziavadinovic, B.Trpkovska, M.Papazova, N.Nakeva, N.Matveeva, S.Jovevska, B.Zafirova, **E. Cadikovska**. THE ROLE OF THE ATRIOVENTRICULAR NODE AS A PART OF THE HEART CONDUCTION SYSTEM,XVII International Symposium on Morphological Sciences, 2002, Timisoara,Romania.

Како резултат на бројни иследувања на морфологијата на атриовентрикуларниот (AV) јазол се појавуваат две неодговорени прашања. Ова е извештај за цитолошкото испитување на AV јазол со осврт на оние структури кои можат да дадат одговор на поставените прашања. 30 хумани срца биле цитолошки испитувани. Дел од ткивото бил истегнат од некоронарниот синус од аортата до епикардиумот на срцето и бил отстранет. За оваа цел се применети разновидни боења како hematoxilin-eosin и Masson trichome. Внимателното проучување на цитологијата на A-V јазол покажа дека овие структури содржат различни типови на клетки кои се организирани во многу карактеристични типови. Бидејќи има преобилни внатрешни приклучувања на AVјазолни клетки, испитувањето покажа мали задоцнувања во преносот на импулсите во оваа регија може да даде штетни ефекти врз самиот јазол.

### 3. Д-р Билјана Трпковска

## Биографски податоци

Д-р Билјана Трпковска е родена на 11.7.1972 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. На студиите по медицина се запишала во учебната 1991/92 година и нив ги завршила во 1998 година со среден успех 8,29. Стручниот испит за лекари го положила во 1999 година. Вработена е на Институтот за анатомија на Медицинскиот факултет во Скопје од мај 1999 година. Постдипломските студии за магистри по медицина од областа на анатомијата ги започнала во октомври во учебната 1999/2000 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Во 2001 година е избрана, а во 2004 година е реизбрана за помлад асистент.
По завршувањето на постдипломските студии со успех 10,00 на 9.1.2009 година го одбранила магистерскиот труд под наслов *Антропометриски карактеристики на главата на фетусот во вториот триместар од интраутериниот раст,* со што го стекнала звањето магистер на медицински науки.

## Наставна, научна и стручна активност

Вклучена е во наставната дејност на Институтот за анатомија со учество во практичната настава за студентите по медицина, стоматологија и фармација, како и со студентите па Високата стручна школа за медицински сестри, радиолошки техничари, логопеди и физиотерапевти.

Д-р Билјана Трпковска почнала да се занимава со научна активност уште за време на студирањето, кога изработила два научноистражувачки труда. Својот интерес кон научната работа го продолжува и за време на работата на Институтот за анатомија каде што во изминатиов период континуирано и активно учествувала во научноистражувачката работа на Институтот, со презентација на трудови како автор и коавтор на конгреси и симпозиуми во земјата и во странство. Феталната антропометријата е сферата на нејзиниот научен интерес. Во 2005 година учествувала во Работилницата за пластинација во Скопје, Македонија.

Активно е вклучена во рутинската работа на Институтот. Член е на Здружението на анатоми и морфолози на Македонија, Здружението на физиолози и антрополози на Македонија, Лекарската комора на Македонија и на Македонското лекарско друштво. Активно се служи со англискиот јазик, како и со германскиот јазик (пасивно).

Трудовите доставени за избор и реизбор за помлад асистент се рецензирани во билтените бр. 770, 2001 година и бр. 846, 2004 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Список на трудови приложени за избор во звањето асистент:**

Список на трудови за рецензирање:

1. Корелација на одделни антропометриски параметри на главата на фетусот. **Trpkovska B.,** Lazarova D, et all. Acta Morphologica.2009;6(1):27-30.
   Анализирана е корелационата поврзаност на одредени антропометриски параметри на главата на фетусот со гестациската возраст и седалната должина. Резултатите укажуваат на висока корелација речиси на сите антропометриски параметри на главата на фетусот со гестациската возраст и седалната должина, посебно телесната тежина (0,89), телесната должина (0,90), трансверзалниот церебеларен дијаметар (0,81) и бипариеталниот дијаметар (0,89). Мерењата на одделни параметри се покажаа како сигурни, едноставни и брзи, кои можат да се користат како дополнителна метода при одредување на правилниот раст на фетусот.

2. Antropometrijska studija novorodgencad u R. Makedoniji. Zafirova B., Lazarova D., Nakeva N., Koceva M, **Trpkovska B** et al. XLI Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2002. Zbornik Rezimea ,Tivat, Crna Gora.
   Билтен бр. 914, 2007 година.

3. Znacenje nekih antropometrisjih parametara kod novorodencad rodena pretermina (35-37 g.n.). Zafirova B ., Lazrarova D., Nakeva N, Papazova M, **Trpkovska B** et al. XLV Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2006. Zbornik Rezimea, Bar, Crna Gora.
   Детерминирано е значењето на некои антропометриски параметри во утврдување на телесната композиција и антропометриските карактеристики кај новородени од машки и женски пол родени пред термин (33-35 г.н.).

4. Classification of pig kidney collecting system: S10/S3 Corrosion casts study. Pendovski L, Ilieski V, Lazarova D., **Trpkovska B**, Petkov V. IV International Conference on Plastination 2008.Abstract Booklet, Heidelberg &Guben.Germany.
   Во овој труд се претставени анатомските карактеристики на бубрежните чашки кај бубрези на свињи со цел да се покаже собирниот систем на малите чашки во бубрежната карлица. Врз основа на дренажата во средната зона на бубрежната карлица, собирниот систем бил класифициран во две групи. Во првата група на бубрези (35,48% на случаи) биле најдени две големи бубрежни чашки, а во втората група (44,52% на случаи) биле најдени мали бубрежни чашки. Во процесот на пластинација со употреба на силикон S 10 се покажала деталната анатомска градба на собирниот систем на бубрезите што

може да биде корисно во дијагностиката на imaging методата во интерпретација на пиелограми, УЗ на бубрези, магнетен и компјутерски скен.

5. Body structure in Macedonian teenagers. Nakeva N., Lazarova D., Strateska A., Papazova M, Zafirova B, **Trpkovska B** et al. XLI Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2002. Zbornik Rezimea, Tivat, Crna Gora.
   Билтен бр. 914, 2007 година.

6. Biofizicke karakteristike falx cerebri fetusa. Papazova M, Korneti K, Zafirova B, **Trpkovska B** et al. XLII Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2003. Zbornik Rezimea, Sombor, Vojvodina.
   Билтен бр. 913, 2007 година

7. Plantarne dermatoglifske karakteristike kod Makedonske populacije. Cadikovska E., Dgordgevic N., Dgordgevic D., Lazarova D., Nakeva N., Papazova M, **Trpkovska B** et al. XLII Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2003. Zbornik Rezimea, Sombor, Vojvodina.
   Билтен бр. 913, 2007 година.

8. Antropometrijske karakteristike novorodgenih. Zafirova B., Lazarova D., Nakeva N., Papazova M, **Trpkovska B** et al. XLII Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2003. Zbornik Rezimea, Sombor, Vojvodina.
   Целта на овој труд е да се утврдат антропометриските карактеристики, физичките пропорции, полово-специфичните разлики на новороденчињата родени во термин, со мерење на одделни делови на телото или во негова целина. Кај повеќето испитувани антропометриски параметри (телесна маса, телесна должина, обеми), регистрирани се полово-специфични разлики во корист на новороденчињата од машки пол. Единствено кожниот набор над скапула и трицепс бил поголем кај женскиот пол. Ова укажува на користење на свои регионални антропометриски стандарди со практична апликација во евалуацијата на телесната композиција кај новороденчињата од двата пола, родени во термин како и пред и по термин.

9. Morphological body structure defined with factor analysis. Nakeva N., Lazarova D., Strateska A., Papazova M, **Trpkovska B** et al. 1st Joint Meeting of EACA & AACA. 2003.Abstract Book, Graz.
   Билтен бр. 924, 2007 година.

10. Morphology of the fetal lung. Lazarova D., Zafirova B., **Trpkovska B.**, Cadikovska E., Bojadzieva B.et al.1st Joint Meeting of EACA & AACA. 2003.Abstract Book, Graz.
    Анализирани се морфолошките карактеристики и димензии на феталните бели дробови со употреба на инспекциона и корозивна

метода, со цел да се утврди нормалниот раст и градбата на белите дробови на фетусот.

11. The meaning of some anthropometrical parameters for assessment of neonatal body composition. Zafirova B., Lazarova D., Papazova M., **Trpkovska B**. 27.Konres Drustva Anatoma Jugoslavije, Zbornik radova, 2003.Beograd.
    Утврдено е значењето на некои антропометриски параметри во евалуација на неонаталната телесна композиција и телесните физички пропорции.

12. Toe pattern elements in Macedinian Population. Cadikovska E., Dgordgevik N., Lazarova D., Nakeva N., Papazova M.,**Trpkovska B** et al. 27.Konres Drustva Anatoma Jugoslavije, Zbornik radova, 2003.Beograd.
    Билтен бр. 912, 2007 година.

13. The morphological types of the circulus arteriosus cerebri. Papazova M. Zafirova B, **Trpkovska B** et al. 27.Konres Drustva Anatoma Jugoslavije, Zbornik radova, 2003.Beograd.
    Артериската циркулација на мозокот е важен елемент на цереброваскуларниот систем со важно морфолошко, функционално и клиничко значење. Анализирани биле 100 мозоци добиени со рутинска обдукција каде што била исклучена цереброваскуларната патологија. Резултатите покажале важни информации за формата, типот, нормалните димензии и морфолошките варијации на компонентите на артерискиот систем.

14. Morphological body structure defined with factor analysis. Nakeva N., Lazarova D., Papazova M, **Trpkovska B** et al.14th Congress EAA.2004, Abstracts. Komotini, Greece.
    Билтен бр. 913, 2007 година.

15. The anthropometrical study of pre-term newborns. Zafirova B., Lazarova D., Nakeva N., Papazova M, **Trpkovska B** et al. 14th Congress EAA. 2004, Abstracts. Komotini, Greece.
    Утврдено е значењето на некои анатомско-морфолошки и физички пропорции кај предвремено родени, родени (пред 37 г.н.) на некои антропометриски параметри мерени по методологијата на (IBP) со стандардни техники на мерење. Полово-специфичните разлики биле статистички значајни кај 36. г.н. кај сите параметри, што е значајно за проценка на неонаталната телесна композиција во утврдување на разликите на феталниот раст кај двата пола.

16. Znacenje nekih antopometrijskih parametara. Zafirova B., Lazarova D., Nakeva N., M.Papazova, **B.Trpkovska** et al. XLIII Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2004. Zbornik Rezimea ,Cacak, Srbija.
    Билтен бр. 924, 2007 година.

17. Проценка на бубрежните димензии кај предвремено родени деца со различна гестациска старост. Jovevska S, Lazarova D., Korneti K, Nakeva N Papazova M., Zafirova B, **Trpkovska B** et al. Acta Morphologica.2004;(1):18-21. Целта на овој труд е да се одредат бубрежните димензии кај предвремено родени деца со различна гестациска старост, каде што е утврдена јака корелациона поврзаност помеѓу максималната лонгитудинална должина, ширина и антеропостериорниот дијаметар со гестациската старост (15.-25. г.н).

18. Антропометриски сличности и разлики на новороденчињата во Македонија, Zafirova B, Lazarova D, Nakeva N Papazova M.,**Trpkovska B** et al. Acta Morphologica.2004;(1):30-39.
    Целта на оваа антропометриска студија е утврдување на антропометриските карактеристики, полово-специфичните разлики кај новороденчиња родени во термин, преку мерења на одделни антропометриски параметри кај 798 здрави (392 машки и 406 женски ) деца. Кај повеќето од испитуваните параметри биле регистрирани разлики во корист на новороденчињата од машкиот пол што укажува на изработка на антрополошки стандарди со практична примена.

19. Antropometrijske karakteristike novorodgenih rodgena predtemina (35-37 gn). Zafirova B., Lazarova D., Nakeva N., Strateska A., Papazova M.,**Trpkovska B** et al. XLIV Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2005. Zbornik Rezimea,Brus, Srbija.
    Билтен бр. 941, 2008 година.

20. Biomehanicke karakteristike falx cerebri tokom starosti. Papazova M, Lazarova D., Nakeva N., Strateska A, **Trpkovska B**. XLIV Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2005. Zbornik Rezimea ,Brus, Srbija.
    Билтен бр. 941, 2008 година.

21. Antropometrski status tela kod Makedonski skolske omladine. Nakeva N., Lazarova D., Strateska A., Papazova M, **Trpkovska B** et al. XLIV Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2005. Zbornik Rezimea ,Brus, Srbija.
    Детерминирање и дефинирање на структурните морфолошки димензии кај македонската школска младина. Резултатите покажале трансверзален пресек во зависност од полот и возраста на 22 антропометриски параметри и 4 димензионалности: лонгитудинални, трансверзални, циркуларни и поткожно масно ткиво користени како стандарди за научна, практична и образовна примена.

22. Citology of the His Bundle. Lazarova D., Zivadinovik J., Korneti K., Strateska A., Nakeva N.,Papazova M, Zafirova B, **Trpkovska B** et al. XVIII International Symposium on Morphological sciences. 2005.Abstract Book, Beograd, Srbija.

Утврдено е значењето на атриовентрикуларниот спроводен систем и градбата на Хисовиот сноп, при што резултатите покажале дека снопот на Хис започнува во длабокиот дел на АВ јазолот. Во дисталниот дел на снопот биле забележани фиброзни форми на левата и десната негова гранка, каде што на левата гранка биле забележани и форми на антериорно, постериорно и централно септално раздвојување.

23. Plantar and inerdigital triradi. Cadikovska E., Lazarova D., Nakeva N., Papazova M, Zafirova B, **Trpkovska B** et al. XVIII International Symposium on Morphological sciences. 2005.Abstract Book, Beograd, Srbija.
    Билтен бр. 941, 2008 година.

24. The anthropometrical similarity and differences on newborns in Macedonia. Zafirova B., Lazarova D., Nakeva N., Papazova M, **Trpkovska B** et al. XVIII International Symposium on Morphological sciences. 2005.Abstract Book, Beograd, Srbija.
    Детерминирано е значењето на некои антропометриски параметри во утврдување на полово-специфичните разлики и антропометриските карактеристики кај новородени во термин (38.-42.г.н), кај новороденчиња од различна националност.

25. Anthropometric references – modern trend meaning and usage. Zafirova B., Lazarova D., Nakeva N., Strateska A., Papazova M., **Trpkovska B** et al. Acta Morphologica.2005;2(2):29-31.
    На одредени географски простори, на различни популациони групи во различно дефинирани возрасни стадиуми, кај обата пола се регистрирани промени на антропометриските варијабли како резултат на еден антрополошки тренд означен како акцелерација. Наједноставен начина на нејзино детектирање кај сопствената популација е примената на антрополошката метода, антропометрија, каде што се регистрираат промените предизвикани од акцелерацијата. Изработката на референтни вредности на антропометриските варијабли има своја примена во евалуацијата, процената и детекцијата на биофизичкиот профил во сите фази на растот и развојот кај двата пола.

26. Антропометриски карактеристики на новороденчињата родени пред термин. Zafirova B., Lazarova D., Nakeva N.,Papazova M, **Trpkovska B.** Acta Morphologica.2005;2(1):40-43.
    Утврдено е значењето на некои антропометриски карактеристики на новороденчињата родени пред термин (34.-37.г.н.) во евалуација на нивниот антрополошки биофизички профил, како и детерминирање на полово-специфичните разлики што укажа на нивно постоење во корист на новороденчињата од машкиот пол, што е особено важно за следење на феталниот раст на новородените од двата пола.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на разгледаната приложена документација, како и стручно-научните педагошки квалитети на кандидатките, Рецензентската комисија констатира дека д-р Светлана Јовевска, ас. д-р Елизабета Чадиковска и д-р Билјана Трпковска ги исполнуваат сите услови за стекнување на звањето асистент по предметот анатомија.

Согласно со тоа, членовите на Комисијата имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на наредната седница кандидатките да бидат избрани во звањето асистент по предметот анатомија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Добрила Лазарова, с.р.
2. Проф. д-р Наташа Ќаќева Јаневска, с.р.
3. Проф. д-р Марија Папазова, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ МЕДИЦИНСКА ХЕМИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа член 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 103/08 и бр. 26/09), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година донесе решение за избор на 1 асистент по предметот медицинска биохемија во согласност со конкурсот објавен во „Утрински весник" од 25.11.2009 година и формира Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Снежана Ефремова Аарон, проф. д-р Слобода Џекова Стојкова и проф. д-р Марија Крстевска.

На конкурсот се пријави Гордана Босилкова, хемиски инженер и специјалист по медицинска биохемија.

По разгледувањето на приложената документација, како и врз основа на непосредното познавање на стручната и научната дејност на кандидатката, Рецензентската комисија му го доставува на Наставно-научниот совет следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката Босилкова Гордана е родена во Скопје, 1951 година, кадешто во 1970 година завршила природно-математичка гимназија, а дипломирала на Хемискиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 1975 година (насока: применета хемија). Во 1976 година се вработила на Институтот за медицинска и експериментална биохемија при Медицинскиот факултет во Скопје. Vo 1984 година престојувала на Институтот за медицински истражувања и медицина на труд, во Загреб (Хрватска). Таму ги изучува, а потоа успешно ги воведува на Институтот методите за анализирање на биохемиските параметри кај лица експонирани на олово. Во 1987 година се здоби со звањето специјалист по медицинска биохемија, а od 1988 godina е raководител на лабораторијата за мултифракционо определување на протеиди во која се изведува здравствената дејност на Институтот.

*Наставна активност*: Учествува во подготовка и организација на практичната настава по предметот биохемија и медицинска хемија за студентите по фармација, медицина, стоматологија, Високата школа за медицински сестри и физиотерапевти, и за студентите од Природно-математичкиот факултет (насока: аналитичка хемија). Коавтор е на практикуми за студентите по медицина, стоматологија и фармација, како и уредник на практикумот по медицинска хемија чија рецензија е во тек. Како искусен специјалист по медицинска биохемија активно учествува и во организираната едукација на специјализантите по медицинска биохемија и била ментор на неколку од нив.

*Членство во професионални организации и здруженија:* Членува во Здружението на медицински биохемичари на Македонија, Друштвото на физиолози и антрополози на Македонија, Балканската федерација по клиничка хемија (BCLF),

Интернационалната федерација по клиничка хемија (IFCC) и Интернационалното здружение за атеросклероза (ISA).

*Научноистражувачка активност:* Предмет на оваа активност се биохемиските маркери за кардиоваскуларни болести (липиди, липопротеини, хомоцистеин), следење на изложеноста на олово кај лица експонирани на олово лептинот како хормон на масното ткиво и др. Учествува во изработката на 6 научноистражувачки проекти финансирани од Министерството за наука и образование на Република Македонија и на еден меѓународен, македонско-американски проект, изработен во соработка со Department for Genetis Southwest Fondation for Biomedical Research, San Antonio, Texas, US. Добитник е на награди за презентирани научни трудови на Балканскиот конгрес на медицински биохемичари (Анталија, Турција) и на Конгресот на Интернационалното здружение за атеросклероза (Стокхолм, Шведска). Објавила 70 стручно-научни трудови и учествувала на повеќе конгреси и симпозиуми. Англискиот јазик го владее активно, а се користи и со другите словенски јазици.

## ТРУДОВИ ЗА РЕЦЕНЗИЈА

1. Marija Krstevska, Sloboda Dzhekova-Stojkova and **Gordana Bosilkova**. Menopause, **Coronary Artery Disease and Antioxidants.** Clin Chem Med 2001;39(7):641-44.

Целта на оваа студија е да се испита влијанието на менопаузата врз активноста на антиоксидантните ензими, супероксид димутазата (SOD) и глутатион пероксидазата (GP), како и врз нивото на тоталниот антиоксидативен статус (TAS) кај здрави жени и жени со коронарна артериска болест (КАБ). Опфатени се вкупно 140 жени поделени на 2 главни групи: група здрави жени (контрола) и група жени со КАБ. Групата здрави жени е поделена на 3 подгрупи: жени во пре-, пери- и постменопауза, додека групата жени со КАБ во 2 подгрупи: жени во пери- и постменопауза. Резултатите покажуваат дека кај групата здрави жени во перименопауза и постменопауза активноста на ензимот GP и нивото на TAS се сигнификантно намалени во однос на оние во пре-менопаузата, додека намалената активност на SOD била без статистичка значајност. Кај двете подгрупи жени со КАБ авторите докажале дека активноста на двата ензима и нивото на TAS статистички значително се намалени во однос на соодветната контролна група. Заклучено е дека менопаузата влијае врз активноста на антиоксидантните ензими.

2. М. Крстевска, С. Џекова-Стојкова С, **Г. Босилкова**. **Хомоцистеин определување и клиничко значење.** Мак мед преглед 2002;34:134-7.

Во трудот се презентирани најновите сознанија за хомоцистеинот, амино-киселина што се создава при метаболизмот на есенцијалната аминокиселина метионин. Укажано е дека неговата концентрација во крвта зависи од многу фактори, меѓу кои се возраста, полот, пушењето, менопаузата, консумирањето алкохол, кафе и др. Зголемените концентрации се претставени како независен ризик-фактор за коронарна артериска болест, бидејќи е докажано дека тој е длабоко вовлечен во патогенезата на атеросклерозата. Хомоцистеинот е означен како маркер за недостиг на витамините

B12 и фолната киселина. Имуноензимскиот метод е цитиран како најчесто користен метод за негово определување. За посакувани вредности се наведени оние пониски од 12.0 μmol/L.

3. Корнети Петар, Алабаковска С, Богданска Ј, **Босилкова Г**, Крстевска М, Лабудовиќ Д, Тодорова Б, Тошеска-Трајковска К, Трајковска С, Цековска С, Цекова-Стојкова С. **Практикум по биохемија за стоматолози**. Скопје, 2002, стр. 117.

Практикумот е подготвен со цел студентите лесно да ја следат и да учествуваат во практичната настава по предметот биохемија. Во практикумот накусо се изнесени теоретските основи за органски значајните соединенија и нивниот метаболизам: протеините, витамините, ензимите, липидите, шеќерите и електролитите, со детално обработени методи за нивно определување во биолошките течности. Овој практикум дава можност студентите да стекнат и некои лабораториски вештини.

4. Krstevska M, Dzhekova-Stojkova S, **Bosilkova G**, Ivanovski N. **Lowering plasma homocysteine concentrations produced by supplementation with folic acid in patients with renal disease.** Clin Chem Lab Med 2003;41:pp S343, Special supplement.

Целта на овој труд е да се определи концентрацијата на тоталниот хомоцистеин пред и по третманот со фолна киселина кај пациенти со бубрежни заболувања и да се испита дали постои поврзаност меѓу високото ниво на хомоцистеинот и фолатите. Испитувањето опфатило 118 здрави испитаници и 43 пациенти со бубрежни заболувања. Резултатите покажале дека кај групата со бубрежни заболувања концентрацијата на вкупниот хомоцистеинот е статистички повисока во однос на контролната крупа. По третманот со фолна киселина, кај пациентите со бубрежни заболувања нивото на тоталниот хомоцистеинот било намалено за 25-30%, што укажувало дека фолатите влијаат врз намалување на концентрацијата на хомоцистеинот.

5. Dzhekova-Stojkova S, Kostovska S, Krstevska M, **Bosilkova G**, Neceva V. **Hyperhomocysteinemia and venous thrombosis:relation to coagulation and fibrinolitic parameters.** Clin Chem Lab Med 2003;41:pp S131, Special supplement.

Во оваа студија биле вклучени 56 здрави жени и 35 жени со тромбоза на длабоките вени (ТДВ) на иста возраст кај кои е определена концентрацијата на хомоцистеинот, како и коагулационата активност со испитување на протромбинското време (ПВ), активноста на тромбопластинското време (АТВ) и фибринолитичката активност. Резултатите покажале дека преваленцата за хиперхомоцистеинемија била поголема кај жените со ТДВ во однос на контролната група испитанички. ПВ и АТВ биле покуси кај жените со ТДВ во однос на здравите, додека процентот на фибринолитичката активност и инхибиција биле пониски во однос на нормалните граници. Авторите сметаат дека хиперхомоцистеинемијата е важен ризик-фактор за венските тромбози.

6. **Bosilkova G**, Dzhekova-Stojkova S, Krstevska M. **Total homocysteine and antioxidants in menopausal women with coronary artery disease.** Clin Chem Lab Med 2003;41:pp S409, Special supplement.

Цел на оваа студија била да се испита тоталниот антиоксидантен статус (TAS), активноста на ензимите супероксид дисмутаза (SOD) и глутатион пероксидаза (GP) и конентрацијата на вкупниот хомоцистеин (Hcy) како компоненти на плазма редокс-статусот кај здрави жени и кај жени со коронарна артериска болест (КАБ). Двете групи испитаници биле поделени во 3 подгрупи: жени во пременопуза (само здрави), во перименопауза и група во постменопауза. Резултатите покажале дека активноста на SOD, GP и нивото на TAS и Hcy се зголемени кај здравите жени во пери- и постменопауза во однос на групата жени во пременопауза. Активноста на SOD, GP и нивото на TAS и Hcy биле зголемени кај двете подгрупи жени со КАБ, во однос на соодветните подгрупи здрави. Врз основа на овие резултати се заклучува дека менопаузата влијае врз антиоксидантите, а промените се поизразени во менопаузата кај жените со КАБ.

7. Бојана Тодорова, Алабаковска С., Богданска Ј., **Босилкова Г.**, Корнети П., Крстевска М, Лабудовиќ Д, Тошеска-Трајковска К, Трајковска С, Цековска С., Цекова-Стојкова С. **Практикум по биохемија.** Трето издание. Скопје, 2003, стр. 168.

Во практикумот се обработени актуелни методски единици од областа на протеините, витамините, ензимите, липидите, шеќерите, електролитите како и нивниот метаболизам. Во ова издание се вклучени нови, посовремени методи и техники за определување на наведените соединенија и нивните метаболити. Според авторите, со овој практикум на студентите по медицина им се дава можност за стекнување со некои вештини потребни во клиничко-лабораториската и научно-истражувачката практика.

8. Бојана Тодорова, Алабаковска С., Богданска Ј., **Босилкова Г.**, Корнети П., Крстевска М., Лабудовиќ Д., Тошеска-Трајковска К., Трајковска С., Цековска С., Цекова-Стојкова С. **Практикум по општа биохемија за студенти по фармација.** Скопје, 2003, стр. 189.

Во овој практикум се изнесени поглавја во кои теоретски и практично се обработени протеините, витамините, ензимите, липидите, шеќерите, електролитите како и нивниот метаболизам. Направен е избор на стандардни методологии (целогел елктрофореза, гел-филтрација и др.) кои се применуваат во клиничката дијагностика и дадена е можност за создавање на практични навики за клиничко-лабораториска и научноистражувачка работа кај студентите.

9. S. Trajkovska, B. Sidovska-Ivanovska, M. Krstevska, **G. Bosilkova**. **Leptin, lipids and hipertensión**. XV international Symposium od Drugs Affecting Lipid Metabolism 2004;137.

Цел на овој труд била да се определи концентрацијата на лептинот, индексот на телесната маса (BMI), холестеролот, триглицеридите и глукозата кај пациенти кои користат антихипертензивна терапија. Резултатите покажале дека постои позитивна

корелација меѓу нивото на лептинот и крвниот притисок кај жените, но не и кај мажите. Исто така, била докажана и позитивна корелација меѓу концентрацијата на лептинот и BMI.

10. M. Krstevska, S. Dzhekova-Stojkova, **G. Bosilkova**, G. Kargova. **Hyperhomocysteinemia and coronary artery disease in Macedonian population.** 12 Meeting of Balkan Clinical Laboratory Federation 2004;52.

Во трудот се презентирани резултати од испитувањето на поврзаноста меѓу нивото на хомоцистеинот и конвенционалните ризик-фактори за коронарна артериска болест (холестерол, триглицериди, LDL-холестерол, HDL-холестерол и Lp(a) липопротеин кај македонската популација. Во студијата биле испитани 129 пациенти со КАБ и 194 здрави лица од двата пола. Резултатите покажале дека хиперхомоцистеинемијата е сигнификантно асоцирана со коронарната артериска болест кај македонската популација. Авторите заклучуваат дека корелацијата меѓу конвенционалните ризик-фактори за коронарна артериска болест и хиперхомоцистеинемијата е статистички незначајна.

11. **G. Bosilkova**, S. Dzhekova-Stojkova, M. Krstevska, D. Petreski. **Relationship between serum homocysteine and major coronary risk factors in post-menopausal women.** 12 Meeting of Balkan Clinical Laboratory Federation 2004;88.

Цел на истражувањето било да се испита релацијата меѓу хомоцистеинот и главните ризик-фактори за коронарна артериска болест кај женската популација и можниот ефект на менопаузата врз нивото на хомоцистеинот. Резултатите покажале дека нивото на хомоцистеинот во менопаузата е благо зголемен, но е најдена многу мала корелација со испитуваните ризик-фактори за коронарна артериска болест. Со тоа авторите го потврдуваат фактот дека хомоцистеинот е независен ризик-фактор за оваа болест.

12. T. Darkovska, M.Krstevska, **G. Bosilkova**, S. Dzhekova-Stojkova, S. Kostovska, V.Neceva, N. Bogoeska. **Hyperhomocysteinemia as a risk factor for arterial thrombosis**. 12 Meeting of Balkan Clinical Laboratory Federation 2004;89.

Цел на овој труд било да се определи концентрацијата на тоталниот хомоцистеин (tHcy) кај пациенти со дијагностицирана артериска тромбоза и да се испита можната корелација меѓу tHcy и липидните параметри (холестерол, триглицериди, LDL- и HDL-холестерол). Во студијата биле испитани 31 пациент со артериска тромбоза и 194 здрави испитаници од двата пола. Резултатите покажале покачување на нивото на tHcy кај пациентите со артериска тромбоза. Авторите заклучуваат дека определувањето на tHcy како ризик-фактор за кардиоваскуларни болести укажува дека тој може да биде доста важен за предикција на овие болести.

13. **G. Bosilkova**, Z. Fathi, V. Maleva, M. Krstevska, S. Trajkovska. **Leptin level in menopausal women.** 12 Meeting of Balkan Clinical Laboratory Federation 2004;33.

Со цел да го испитаат влијанието на менопаузата врз нивото на хормонот лептин, авторите на оваа студија селектирале група од 28 здрави менопаузни жени кај

кои, освен лептин, биле одредени и: вкупен холестерол, триацилглицероли и глукоза во плазма, а индексот на телесната маса (BMI) бил пресметан. Сите наведени супстанции и BMI, а особено лептинот, биле статистички значајно покачени во споредба со групата жени во репродуктивен период (контролна група, n=68), заради што авторите заклучиле дека продукцијата на лептин е поврзана со зголемената телесната маса и асоцирана со хормонските промени кај жените во менопауза.

14. Крстевска М, **Босилкова Г**. Дарковска Т. **Хомоцистеин и длабоки венски тромбози-корелација со липидните параметри.** Мак мед преглед 2004;1-2:1-5.

Во овој труд била испитувана концентрацијата на тоталниот хомоцистеин и корелацијата со липидните параметри кај пациенти со тромбоза на длабоките вени (ТДВ). Опфатени биле вкупно 48 испитаници со ТДВ, од кои 30 жени и 18 мажи. Резултатите покажале дека нивото на хомоцистеинот било статистички значајно повисоко кај пациентите со ТДВ во однос на контролната група. Тоа се однесувало и за липидните параметри. Корелацијата меѓу липидите и хомоцистеинот единствено била значајна кај мажите со ТДВ ($r<0,458$).

15. Т. Дарковска, С. Цекова-Стојкова, С. Костовска, М. Крстевска, **Г. Босилкова**, Н. Богоеска. **Определување на хомоцистеин кај пациенти со артериска тромбоза**. Мак. Фарм. билтен 2004;50(2):47-52.

Во ова истражување била определувана концентрацијата на тоталниот хомоцистеин (tHcy) кај пациенти со артериска тромбоза (AT) дијагностицирана врз основа на докажан инфаркт на миокардот и/или мозочен инфаркт. За оваа цел биле испитани 30 пациенти, од кои 19 мажи и 11 жени на возраст 38-76 години и 112 здрави испитаници како контролна група. Резултатите покажале дека концентрацијата на хомоцистеинот е статистички значително повисока кај пациентите со AT во однос на контролата, и тоа кај обата пола. Авторите сугерираат дека концентрацијата на tHcy како еден од модифицираните ризик-фактори за кардиоваскуларни болести може да биде од значење за нивна превенција.

16. M. Krstevska, T. Darkovska, S. Dzhekova-Stojkova, **G. Bosilkova**, S. Kostovska. **Hyperhomocysteinemia and thrombosis.** Clin Chim Acta 2005;355:ppS86, supplement.

Студијата опфаќа испитување на концентрацијата на хомоцистеинот и концентрацијата на ризик-факторите за кардиоваскуларни болести (холестерол, триглицериди, HDL- и LDL-холестерол). Биле опфатени пациенти и од машки и женски пол со верифициран инфаркт на миокардот и мозокот. И покрај тоа што било најдено мало зголемување на нивото на хомоцистеинот кај пациентите со тромбоза, авторите сугерирале на важноста на хомоцистеинот како ризик-фактор за овие заболувања.

17. S. Dzhekova-Stojkova, T. Darkovska, M. Krstevska, S. Kostovska, V. Neceva, **G. Bosilkova**, N. Bogoeska. **Hyperhomocysteinemia as a risk factor for venous thrombosis**. Clin Chim Acta 2005;355:ppS119, supplement.

Цел на овој труд било кај пациенти со тромбоза на длабоките вени (ТДВ) да се определат: тоталниот хомоцистеин, липидите (холестерол, триглицериди, LDL- и HDL-

холестеролот) и следниве фактори на хемостаза: протроминско време, активно тромбопластинско време и глобалната фибринолитичка активност (активатори и инхибитори на фибринолизата). Резултатите покажале дека постои благо покачување на нивото на хомоцистеинот кај пациентите со ТДВ во однос на здравите испитаници и кај двата пола. Авторите заклучиле дека определувањето на тоталниот хомоцистеин како еден од модифицираните ризик-фактори за кардиоваскуларни болести може да биде важно во превенцијата на овие болести.

18. S. Trajkovska, M. Krstevska, **G.Bosilkova**, S. Schubeska, Z.Fathi, S.Dzhekova-Stojkova, S. Cekovska, I.Trajkovska-Zareska. **Leptin values in healthy Macedonian population.** Clin Chim Acta 2005;355:ppS269, supplement.

Во оваа студија биле определени референтните вредности за хормонот лептин за македонската популација, како и индексот на телесната маса, холестеролот, триглицеридите и глукозата. Резултатите покажале дека референтните вредности за лептинот изнесуваат прикажани како средна вредност +/- две стандардни девијации, од 4,42+/-4,12 nanogr/mL со горна граница од 12,66 nanogr/mL кај мажите на возраст 18-58 год. и 7,76+/-7,9 nanogr/mL со горна граница 23,44 nanogr/mL кај женската популација. Утврдено е дека нивото на лептинот зависи и од индексот на телесната маса и тоа кај двата пола, што укажало на лептинот како можен и важен индикатор за количеството на масното ткиво во организмот.

19. M. Krstevska, **G. Bosilkova,**, S. Dzhekova-Stojkova. **Homocysteine levels in women with coronary artery disease.** Balkan J Clin Lab 2005;1:72.

Цел на овој труд била да се определи концентрацијата на хомоцистеинот кај здрави жени и жени со коронарна артериска болест (КАБ) и да се испита можната релација меѓу нивото на хомоцистеинот и конвенционалните ризик-фактори за коронарна артериска болест. Во оваа студија биле опфатени 86 жени во период на постменопауза, и 56 здрави жени во истиот период, како контролна група. Резултатите покажале дека концентрацијата на хомоцистеинот е статистички значајно зголемена кај жените со КАБ во однос на контролата. Дури и преваленцата за хиперхомоцистеинемија (>15,2 μmol/L) била поголема кај групата жени со КАБ (24,8%) во однос на здравите (3,3%). Испитувањата не покажале дека има корелација меѓу ризик-факторите за коронарна артериска болест и нивото на хомоцистеинот, освен за LDL-холестеролот (r=0,4047).

20. **G. Bosilkova**, M. Krstevska N. Bogoeska, D. Petreski. **The effect of sex and menopause on reference values of total homocysteine in plasma.** Balkan J Clin Lab 2005;1:73.

Во овој труд бил испитуван ефектот на полот и менопаузата врз референтните вредности на хомоцистеинот. За таа цел биле опфатени 120 жени и 72 мажи. Жените биле поделени според нивниот менопаузен статус на: жени во пре-, пери- и пост-менопауза. Менопаузниот статус бил потврден преку определување на фоликуло-стимулирачкиот хормон. Резултатите покажале дека нивото на хомоцистеинот е сигнификантно повисоко кај машката популација во однос на женската и се зголемува

со возраста, и кај двата пола. Авторите, исто така, покажале дека нивото на хомоцистеинот се зголемува во периодот на постменопаузата, но без статистичка значајност.

21. D.Petreski, **G. Bosilkova**, S. Dzhekova-Stojkova, M. Krstevska, A. Pashoski. **Antioxidants in menopausal women with coronary artery disease.** Balkan J Clin Lab 2005;1:73.

Оваа студија имала цел да се испита влијанието на менопаузата врз антиоксидантите кај жени со коронарна артериска болест (КАБ) и опфатила определување на тоталниот антиоксидатен статус, ензимите супероксид дисмутаза и глутатион пероксидаза. Во студијата биле вклучени 288 жени од Прилеп и Скопје, кои биле поделени во 2 главни групи: здрави и жени со КАБ и 3 подгрупи: пре-, пери-, и постменопауза. Резултатите покажале дека менопаузата има влијание врз антиоксидантите и дека тие промени се многу зголемени кога станува збор за групата жени и во постменопауза со КАБ.

22. T. Darkovska, S. Dzhekova-Stojkova, S. Kostovska, M. Krstevska, **G. Bosilkova**, N. Bogoeska. **Determination of homocysteine in patients with deep venous and arterial thrombosis.** Balkan J Clin Lab 2005;1:74.

Цел на овој труд било да се определи концентрацијата на хомоцистеинот кај пациенти со артериска тромбоза (АТ) и тромбоза на длабоките вени (ТДВ). Во оваа студија биле вклучени вкупно 184 пациенти со АТ и ТДВ и 194 здрави испитаници (контролна група), на иста возраст како и групата пациенти. Резултатите покажале дека нивото на хомоцистеинот е статистички значајно покачено кај двете групи пациенти со тромбоза споредено со контролната група.

23. **Г. Босилкова**, М. Крстевска, Н. Богоеска. **Влијание на полот и возраста врз референтните вредности на тоталниот хомоцистеин во плазмата**. Книга на апстракти, 4 Конгрес на медицински биохемичари на Македонија, Струга, Македонија, 2005;стр 33.

Во овој труд авторите имале цел да ги определат референтните вредности за тоталниот хомоцистеин (tHcy) и да го испитаат влијанието на полот и возраста врз овие вредности. Нивото на tHcy било определено кај вкупно 192 референтни испитаници одбрани според препораките на IFCC. Добиените резултати покажале дека врз референтните вредности за tHcy статистички значајно влијаат и полот и возраста.

24. **Г. Босилкова**, М. Крстевска, Н. Богоеска. **Влијание на липидите, пушењето, алкохолот и крвниот притисок врз референтните вредности на тоталниот хомоцистеин во плазмата.** Книга на апстракти, 4. Конгрес на медицински биохемичари на Македонија, Струга, Македонија, 2005;стр 34.

Во овој труд било испитувано влијанието на липидите, пушењето, алкохолот и крвниот притисок врз референтните вредности за тоталниот хомоцистеин (tHcy). За таа цел биле определени вкупниот холестерол, LDL-холестерол, HDL-холестеролот и триацилглицеролите. Резултатите покажале дека пушењето, консумирањето алкохол

како и дијастолниот крвен притисок статистички значајно ги зголемуваат врз референтните вредности, додека корелацијата со липидните параметри е незначајна.

25. S. Trajkovska, B. Sidovska-Ivanovska, M. Krstevska, **G. Bosilkova**. **Leptin, hypertension and obesitas.** Atherosclerosis 2006;7(3):373.

Во студијата биле испитувани поврзаноста на хормонот лептин со ризик-факторите за коронарна артериска болест (индексот на телесна маса, холестеролот, триглицеридите и крвниот притисок) кај лица со зголемена телесна маса без покачен крвен притисок и кај лица со зголемена телесна маса, но покачен крвен притисок со антихипертензивна терапија. Резултатите покажале статистички значајно покачување на сите испитувани параметри. Што се однесува за лептинот, резултатите покажале дека нивото на лептинот било покачено кај лицата со зголемена телесна маса без разлика дали имаат или немаат покачен крвен притисок. Била најдена позитивна корелација само меѓу нивото на лептинот и крвниот притисок, и лептинот и индексот на телесната маса.

26. **Хомоцистеинемија и мутација на генот за метилентетрахидрофолат редукатазата (C677T) како ризик-фактор за заболувања на крвните садови.** Научен проект:13-1672/4-02, Скопје, 2006, стр.110.

Цел на овој научен проект било да се воведе имуноензимски метод за определување на концентрацијата на тоталниот хомоцистеин (tHcy), да се определат референтните вредности за македонската популација, да се определи концентрацијата на tHcy кај пациенти со артериска оклузивна болест (АОБ) и тромбоза на длабоките вени (ТДВ), како и да се определи преваленцата на C677T-мутацијата на ензимот метилентетрахидрофолат редуктаза (MTHFR) кај здравата популација, кај пациентите со АОБ и ТДВ. Исто така, цел била и испитување на корелацијата на C677T-генотипот за MTHFR со вредностите на tHcy во серумот кај здравата популација како и кај двете групи пациенти.

Резултатите покажале дека со модифицираниот имуноензимски метод според Frantzen и сор., референтните вредности за tHcy кај мажите се повисоки во однос на жените и зависат од возраста. Концентрацијата на tHcy кај пациентите со АОБ и ТДВ се значајно зголемени во однос на здравите испитаници ($p<0{,}001$). Кај македонската здрава популација, во мутацијата на генот за MTHFR C677T доминира C-алелот во однст на T-алелот. Фреквенциите на T и C-алелот од генот за MTHFR C677T биле слични и кај болните од АОБ и ТДВ, како и нивната заедничка анализа како група со кардиоваскуларни болести (КВБ). Најголема фреквенција кај македонската здрава популација за мутациите на генот за MTHFR C677T имал хетерозиготниот генотип CT. Најголема фреквенција за мутациите на генот за MTHFR C677T имал хетерозиготниот генотип CT, а најмала генотипот TT кај АОБ, ТДВ како и КВБ во целина. Анализата на мутациите на генот за MTHFR C667T како ризик-фактори за АОБ, ТДВ или анализирани заедно како КВБ не покажале значајност. Вредностите на Odds ratio кај сите испитувани групи укажале дека испитаниците кои имаат генотип CT или TT имаат приближно еднаков ризик да добијат АОБ или ТДВ. Концентрацијата на tHcy во

серумот од здрави испитаници со различен генотип на MTHFR C677T покажала значително повисоки вредности кај TT-генотипот во споредба со CC и CT-генотипот.

27. M. Krstevska, S. Dzhekova-Stojkova, **G. Bosilkova**, S. Kostovska, V. Borozanov, A. Petlichovski, M. Spiroski. **Homocysteinemia and gene mutation of methilentetrahydropholate reductase as risk factor for blood vessels disease.** Clin Chem Lab Med 2007;45:s239, Special supplement.

Цел на оваа студија била да се определи концентрацијата на тоталниот хомоцистеин кај пациенти со артериска оклузивна болест (АОБ) и тромбоза на длабоките вени (ТДВ) и да се определи преваленцата на мутацијата на C667T-генот за метилентетрахидрофолат редукатазата (MTHFR). Испитувањата покажале дека нивото на tHcy статистички значајно е повисоко кај лицата со АОБ и ТДВ во однос на здравите испитаници. Во македонската здрава популација, фреквенцијата на C-алелот била подоминантна во однос на T-алелот и била слична и кај пациентите со АОБ и ТДВ. Најголемата мутација на генот имал хетерозиготниот ген CT, па хомозиготите за CC-генотипот и најмала за TT-генотипот. Кај двете групи пациенти најголема фреквенција била најдена во мутацијата на хетерозиготниот генотип CT, помала кај хомозиготите за генотипот CC и најмала за генотипот TT. Нивото на хомоцистеинот кај здравите испитаници со различни генотипови на MTHFR C677T било со сигнификантно повисоки вредности за TT и CT-генотипот споредено со CC-генотипот. Не била утврдена корелација меѓу мутацијата на MTHFR C677T со АОБ И ТДВ.

28. Krstevska M, Dzhekova-Stojkova S, **Bosilkova G**, Kostovska S, Borozanov V, Petlichovski A, Spiroski M. **Homocysteinemia and gene mutation of methilentetrahydropholate reductase as risk factor for blood vessels disease.** Balkan J Clin Lab: 2009;17:86.

Целта на авторите била да се испита дали постои поврзаност меѓу мутацијата на генот C677T на ензимот MTHFR (метилентетрахидрофолат редуктаза) и артериската оклузивна болест (АОБ), да се определи концентрацијата на вкупниот хомоцистеин кај здрави лица и пациенти со АОБ и да се испита корелацијата на C677T-генотипот и хомоцистеин. Концентрацијата на хомоцистеин била определена со имуноензимски метод, а мутацијата MTHFR C677T била испитана со полимеразна реакција со CVD StripAssay. Резултатите покажале дека не постои корелација на мутацијата MTHFR C677T со АОБ. Сепак е потврдено дека нивото на хомоцистеинот кај пациентите со АОБ како и вредностите за генотипот CC и CT биле статистички значајно повисоки од оние кај здравите лица.

29. **G. Bosilkova**, S Dzhekova Stojkova, M Krstevska, N bogoeska, D Petreski. **Determination of total homocysteine in healthy Macedonian population with modified immuno-chemical assay.** Balkan J Clin Lab: 2009;17:153.

Цел на овој труд била да се направи модификација на оригиналниот имунохемиски метод за определување на концентрацијата на вкупниот хомоцистеин во плазма (Frantzen, 1998), со што методот би станал поевтин и покус во времетраењето и со модифицираниот метод да се определат референтните вредности за популацијата во Р.

Македонија. Авторите презентираат дека модификацијата на методот се состоела од покусо време на инкубација на некои од имунолошките реакции, како и со помало количество зајачки антиглувчешки антитела, со што квалитетот на оригиналниот метод не се нарушил. Авторите заклучуваат дека референтните вредности (n=192) определени со модифицираниот метод се слични на оние добиени за други популации, но дека интерпретацијата на резултатите треба да се прави многу внимателно и во согласност со полот и возраста на испитаникот.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на приложената документација за развојот на научно-стручната активност, учеството во подготовката на учебните помагала за практичната настава за студентите, како врз основа на резултатите од студентските евалуации (во повеќе години го има водечкото место во рамките на нашата институција), се забележува дека спец. Гордана Босилкова покажува виден стручен и педагошки напредок.

Врз основа на сето гореизнесено, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет, спец. Гордана Босилкова да биде избрана во звањето асистент по предметот медицинска биохемија на Медицинскиот факултет во Скопје.

**Членови на Рецензентската комисија**

1. Проф. д-р Снежана Ефремова Аарон с.р.
2. Проф. д-р Слобода Цекова Стојкова с.р.
3. Проф. д-р Марија Крстевска с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ФАРМАКОЛОГИЈА СО ТОКСИКОЛОГИЈА И АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ НА КАТЕДРАТА ПО ФАРМАКОЛОГИЈА СО ТОКСИКОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV **редовна седница** одржана на **24. XII 2009 година**, по конкурсот за избор на еден асистент по фармакологија со токсикологија и еден асистент-истражувач на Катедрата за фармакологија со токсикологија, донесе решение за формирање Комисија во состав: проф. д-р Никола Лабачевски, проф. д-р Маја Сланинка- Мицеска и проф. д-р Бети Дејанова.
На распишаниот конкурс објавен во „Утрински весник" на 25.XI 2009, за избор на асистент по предметот фармакологија со токсикологија се пријави д-р Игор Кикерков, вработен на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје, а за избор на асистент-истражувач на Катедрата за фармакологија со токсикологија се пријави ас. Драгица Зенделовска, доктор на хемиски науки, вработена на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Рецензентската комисија, откако ги разгледа доставените материјали од кандидатите, има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## 1.Игор Кикерков

### Биографски податоци

Д-р Игор Кикерков е роден на 13.5.1971 година во Скопје, каде што ги завршил основното и средното образование со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1988/89 година и дипломирал во 1996 година со среден успех 8,63.
Во периодот од 11.1.1999 па до 31.3.2000 година работел на Проектот за континуирана медицинска едукација на Министерството за здравство, финансиран од Светската банка.
Од 18.4.2000 година е вработен на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје.
Во март 2001 година е избран во звањето помлад асистент. Во октомври 2003 година повторно е избран за помлад асистент по предметот фармакологија со токсикологија.

### Наставно-образовна дејност

Од 15.10. 2000 година, д-р Игор Кикерков, како редовно вработен на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија, е активно вклучен во изведувањето на практичната настава за студентите по медицина, стоматологија и фармација.

Од почетокот на вработувањето па до денес, во соработка со наставниот кадар на Институтот за фармакологија со токсикологија, д-р Игор Кикерков активно учествува во изведувањето на испитот по предметот фармакологија со токсикологија за студентите по медицина, стоматологија и фармација.

## Стручно-апликативна дејност

Кандидатот д-р Игор Кикерков, од моментот на вработувањето на Институтот па до денес, активно учествува во лабораториските активности на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија. Член е на Здружението на фармаколози на Македонија, Македонското лекарско друштво и на Лекарската комора на Македонија

**Специјалистичкиот испит** по специјалноста **клиничка фамакологија** го положил на 30.6.2005 година.

Во март 2007 година ја одбранил магистерската тема под наслов **„СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ ВО ЗДРАВСТВОТО"** и се стекнал со академскиот степен магистер на економски науки.

Истата година, во мај 2007 го положил испитот за директори во ЈЗУ во рамките на **Програмата за менаџмент и лидерство во здравството**, во организација на Министерството за здравство на Р. Македонија и Медицинскиот факултет во Скопје.

Во јули, 2000 бил учесник на тренинг-курсот за рационално препишување на лекови (Гронинген, Холандија). Во октомври 2005 година учествувал на Семинарот за етичките и регулаторните аспекти на добрата клиничка практика при клиничките истражувања (Скопје, Македонија). Во февруари 2009 година го завршил курсот за ресусцитација со содржините предвидени според програмата на Европскиот совет (European Resuscitation Council BLS/AED Provider Course) во Скопје, а во октомври 2009 година учествувал на Работилницата за GCP (Good Clinical Practice) во Скопје, Македонија.

## Научноистражувачка дејност

Д-р Игор Кикерков активно учествува во научноистражувачката дејност на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија. Тој дава придонес во реализацијата на повеќе апликативни проекти (испитувања за утврдување на биоеквивалентност на готови фармацевтски формулации за поголем број препарати), како главен истражувач или истражувач.

При досегашните избори на кандидатот за помлад асистент, рецензирани се 8 труда објавени во билтените на УКИМ во Скопје ( Билтен број 774/01 и 828/03).

# ТРУДОВИ ЗА РЕЦЕНЗИЈА

1. **Labachevski N, Zendelovska D, Sibinovska O, Simeska S, Kikerkov I, Miloshevski P, Petrov S.** Development and validation of the HPLC method for the determination of theophylline serum concentration a comparison with FPIA method and its applications for bioequivalence study. Bulletin of the Chemists and Tehnologists of Macedonia 2003; Vol.22 No.2, pp.99-104

   Во трудот е даден приказ на поставување на соодветна и едноставна за примена метода за одредување на концентрацијата на теофилин во хуман серум со примена на HPLC-техника. Добиените резултати од анализирањето на примероците на хуман серум со примената на оваа

метода биле споредувани со добиените резултати при примена на метода во FPIA-техника. Овие методи биле имплементирани со цел следење и одредување на нивото на теофилин во серум кај здрави доброволци при изведба на биоеквивалентна студија со цел утврдување на биоеквивалентноста на различни формулации на теофилин.

2. **Zafirov D, Balkanov T, Kostova E, Kikerkov I, Jovanoska E, Ristovski M, Petrov S. Effects of epoetin alfa in prevention of cisplatin-induced anemia in rats. Maced Pharm bull 2004; 50 (1): 15-22.**

   Во оваа студија е испитувана ефикасноста на епоетин алфа во превенција на анемија, индуцирана со еднократна интраперитонеална администрација на цисплатин кај 60 стаорци од сојот Wistar. Врз основа на спроведените хематолошки, биохемиски и патохистолошки испитувања, утврдено е дека третманот со епоетин алфа (150 IE/kg tt, три пати неделно, започнувајќи 6 дена пред и 21 ден по еднократната апликација на цисплатин) е ефикасен во превенција на анемијата индуцирана со цисплатин. Добиените резултати укажуваат на потенцијалот за употреба на еритропоетин како хормонска супституциона терапија кај пациенти кои се лекуваат со цисплатин.

3. **Zafirov D, Trojachanec J, Labachevski N, Korneti P, Cekovska S, Kikerkov I, Atanasovska E, Georgievska K, Petrov S. Epoetin alfa reduces cisplatin induced nephrotoxicity in rats. Maced Pharm bull 2006; 52 (1,2): 41-48.**

   Во презентираната студија бил испитуван ефектот на епоетин алфа во превенција на нефротоксичност, експериментално индуцирана со долготрајна администрација на цисплатин (2 mg/kg tt/недела во текот на 8 недели) кај Wistar-стаорци. Добиените резултати од оваа студија покажуваат дека епоетин алфа сигнификантно ги ублажува функционалните бубрежни нарушувања индуцирани со долготрајна администрација на цисплатин, ја подобрува општата состојба и го намалува морталитетот кај испитуваните животни.

4. **Атанасовска Е., Петров С., Милошевски П., Слаппика-Мицеска М., Костова Е., Јаќовски К., Зафиров Д., Ѓорѓиевска К., Кикерков И., Лабачевски Н. Влијание на хроничната администрација на фруктоза врз метаболичките и хемодинамските параметри кај Wistar-стаорци. Physioacta, 2008, Vol 2 – No. 2:17-28.**

   Презентираната студија била спроведена со цел да се определи влијанието од хронично зголемениот дневен внес на фруктоза (додадена како 10% раствор во водата за пиење) врз параметрите на метаболичкиот синдром кај Wistar-стаорци. Добиените резултати покажуваат дека хроничното додавање на фруктоза во водата за пиење во период од 8 недели предизвикува: хиперинсулинемија, нарушена глукозна толеранција (определено преку зголемување на површината под крива (AUC0-120 Area Under Curve) на глукозата при орален глукозо-толеранс тест), хипертриглицеридемија, зголемување на вредностите на слободните масни киселини, хипертензија, а намалување на серумските концентрации на HDL-холестеролот. На овој начин се добива корисен експериментален модел за проучување на метаболичкиот синдром и евентуалните ефекти на различните третмани врз неговите компоненти.

5. **Atanasovska E, Jakovski K, Kostova E, Petlichkovski A, Dimitrovski C, Bitovska I, Kikerkov I, Petrovski O, Labachevski N. Effects of rosiglitazone on metabolic parameters and adiponectin levels in fructose-fed rats. Macedonian Journal of Medical Sciences. 2009 Mar 15; 2 (1): 22-29.**

   Оваа студија била спроведена со цел да се испита влијанието на росиглитазон (агонист на пероксизом пролифератор-активирачките рецептори- гама, ППАР-гама) врз метаболичките параметри и дистрибуцијата на масното ткиво кај експериментален модел на метаболички синдром добиен со хронична администрација на фруктоза во водата за пиење кај стаорци од сојот Wistar. Третманот со росиглитазон, во траење од 4 недели, предизвикал значајна редукција на вредностите на глукоза во плазма на гладно, површината под крива (AUC0-120 Area Under Curve) на глукозата, серумски триглицериди, слободни масни киселини, систолен крвен притисок, а значајно зголемување на серумските вредности на адипонектин. Росиглитазон индуцирал зголемен прираст на телесната маса на третираните животни и редистрибуција на масното ткиво од висцералните кон супкутаните масни наслаги.

6. **Тројачанец Ј., Зафиров Д., Лабачевски Н., Балканов Т., Кикерков И., Коловска В., Цековска С., Петров С. Ефектите на простациклин во третманот на дијабетичната нефропатија кај стаорци. Мацед Пхарм булл 2006; 52 (1,2): 33-40.**

   Презентираната студија била спроведена со цел да се проценат ефектите на простациклин во третманот на дијабетичната нефропатија, експериментално индуцирана со стрептозоцин кај нормотензивни стаорци од сојот Wistar. Третманот со простациклин во период од 4 недели довел до сигнификантно намалување на симптомите и знаците на бубрежните оштетувања во однос на контролната група животни. Врз основа на добиените резултати било заклучено дека простациклинот може да има значајна улога во третманот на дијабетичната нефропатија.

## 2.Драгица Зенделовска

## Биографски податоци

Драгица Зенделовска е родена на 13.11.1974 година во Штип. Основното и средното образование го завршила со одличен успех. На групата за хемија-препаративна насока на Природно-математичкиот факултет се запишала во учебната 1993/94 година, а дипломирала во 1998 година со просечен успех 9,15 и се стекнала со звањето дипломиран инженер по хемија. Во 2000 година ја одбранила својата магистерска работа под наслов: „Сепарирање и концентрирање на елементи во траги во различни минерали и нивно определување со атомска апсорпциона спектрометрија" и се здобила со звањето магистер на хемиски науки. Во 2003 година на Природно-математичкиот факултет ја одбранила својата докторска дисертација под наслов: „Развој и модификација на методи за определување на некои лекови во биолошки флуиди со примена на високоефикасна течна хроматографија". Од февруари 2000 година е вработена на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија на Медицинскиот факултет во Скопје, најпрво како стручен соработник, потоа како помлад асистент-истражувач и моментално како асистент-истражувач.

## Стручно-апликативна дејност

Кандидатката активно учествува во лабораториските активности на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија во смисла на одредување на концентрации на лекови во биолошки материјал.

## Научноистражувачка дејност

Уште во текот на студиите, кандидатката била вклучена во научно-истражувачката работа на Институтот за хемија при ПМФ во Скопје. На научно-истражувачки план, таа е ангажирана во научноистражувачка работа од подрачјето на хемијата, посебно од областа на аналитичката хемија. Досега била ангажирана во реализација на 3 меѓународни проекти и 5 проекти реализирани во Република Македонија ( рецензирани во Билтен на УКИМ број 913/07).

Кандидатката ас. Драгица Занделовска е вклучена како експерт по високоефикасна течна хроматографија на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија. Активно учествува во аналитичкиот дел на научноистражувачките проекти на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Кандидатката при досегашните избори за помлад асистент-истражувач и асистент -истражувач има рецензирани 49 труда во Билтенот на УКИМ бр.774 од 28.2.2001 година, бр. 828 од 15.5.2003 година и бр. 913/07).

# ТРУДОВИ ЗА РЕЦЕНЗИЈА

1. **Зафиров Д., Тројачанец Ј., Сланинка-Мицеска М., Јаќовски К., Зенделовска Д., Коловска В., Милошевски П., Петров С. Ефекти на амифостин во превенција на нефротоксичност индуцирана со цисплатин кај стаорци. Maced Pharm bull 2006; 52 (1,2): 25-32.**

   Амифостин е релативно нов цитопротективен лек, наменет за намалување на кумулативната ренална токсичност индуцирана со повторувана администрација на цисплатин. Основна цел на спроведената студија била да се утврди ефектот на овој лек во превенција на нефротоксичност, експериментално индуцирана со долготрајна администрација на цисплатин во тек на 8 недели. Добиените резултати покажуваат дека амифостин, иако не комплетно, во голема мера ја редуцира нефротоксичноста индуцирана со долготрајна администрација на цисплатин.

2. **Zendelovska D and Stafilov T: Determination of ciprofloxacin in human plasma by high-performance liquid chromatography. Ovidius University Annals of Chemistry, 2005 Vol.16 (1), 1-4.**

   Опишан е развојот на метода за одредување на ципрофлоксацин во хумана плазма на HPLC. Одредувањето на ципрофлоксацин е изведено со користење на изократско елуирање на супернатантот на плазма после извршена преципитација на протеините. Како колона е користена 5 μм Hibar Lichrospher 100 RP 8, мобилна фаза ацетонитрил (0,5%, v/v) и триетиламин (pH до 2,5%, приспособување извршено со $H_3PO_4$ ) (15:85, v/v), брзина на проток 1,2 ml/min. и бранова должина за детектирање 280 nm со користење на DAD детектор.

3. **Ivanova V, <u>Zendelovska D</u> and Stefova M: HPLC determination of hydrochlorothiazide in urine after solid-phase extraction. Macedonian pharmaceutical bulletin 2005, 51 (1,2): 23-28.**

   Опишан е развојот на метода за одредување на хидрохлоротиазид во урина. Примероците на урина се подложени на цврсто-фазна екстракција со користење на HLB-картрици. Екстракциониот принос бил 94.00-100.28%. Одредувањето на хидрохлоротиазид е изведено со користење на изократско елуирање на колона Hypersil BDS C18 (100 x 4,0 mm I.D., 3 μm дијаметар). Користена е и претколона. Мобилна фаза бил 18% ацетонитрил и 0,025 mol/L раствор на $KH_2PO_4$, pH 4 и брзина на проток 0,3 ml/min. Детекцијата била извршена на бранова должина од 220 nm. Калибрационата крива била 2-50 μg/ml.

4. **Н.Лабачевски, М.Сланинка - Мицеска, <u>Д. Зенделовска</u>, Д Зафиров, К Јаќовски, С.Симеска, П.Милошевски, С.Петров:** ***Microsomal cytochrome P450 enzymes induction with phemobarbital in rats.*** **The Proceedings of the 6[th] XENOBIOTIC METABOLISM AND TOXICITY WORKSHOP OF BALKAN COUNTRIES, 16-19.06. 2004. Banja Luka, BiH.**

   Во трудот се прикажани резултатите од експерименталната студија изведена кај Wistar-стаорци за оцена на индукцијата на хепаталните микрозомални CYP450 ензими по администрација на фенобарбитон во однос на нејзиното времетраење и корелацијата помеѓу различни апликативни методи за нејзина оцена. Животните се третирани со фенобарбитон (н=48), односно дестилирана вода (контролна група од 48 животни) во тек на 30 дена. На крајот од третманот, како и по 15, 30 и 60 дена кај 12 животни од секоја група е даден теофилин во единечна доза од 30 mg/kg/тт, по што се одредувани серумските концентрации на теофилин и е пресметана вредноста на неговиот вкупен клиренс. Во исто време, по 12 животни од секоја група се жртвувани за да се направат хистоморфолошки анализи на црниот дроб, да се одредат вкупните протеини и вкупната концентрација на CYP450 во микрозомалната фракција. На крајот од третманот како и по 15 дена, кај животните третирани со фенобарбитон се забележуваат значајни разлики во споредба со контролите во однос на повисока концентрација на протеини ($p<0,01$), повисока концентрација на CYP450 ($p<0,01$) и значајно покачување на клиренсот на теофилин ($p<0,01$). Триесет дена по завршувањето на третманот, најдени се значајно покачени вредности на протеините во микрозомалната фракција ($p<0,05$), и тоталниот клиренс, додека вкупните CYP450 не се значајно променети ($p>0,05$). Меѓутоа, 60 дена по завршувањето на третманот не се забележани значајни промени во сите оценувани параметри. Висок степен на корелација е нотиран помеѓу хистоморфолошките промени во црниот дроб и параметрите на студијата. Според добиените резултати, авторите сугерираат дека и по 30 дена од прекинот на терапијата со фенобарбитон се уште постои значајна индукција на микрозомалните CYP450 ензими.

5. **Зенделовска Д, Симеска С, Сибиновска О, Зафиров Д, Костова Е, Милошевски П, Петров С. Development of an HPLC method for the determination of nifedipine in human plasma by solid-phase extraction. 4$^{th}$ International Symposium on Separations in the BioSciences (SBS'05). September 18-21, 2005, Utrecht, The Netherlands.**

   Опишана е селективна и прецизна HPLC-метода за одредување на концентрациите на дихидропиридинскиот калциумов антагонист нифедипин во примерози на хумана плазма. Методата вклучува цврсто-фазна екстракција со користење на C-18 картрици после кои следи изократска реверзно-фазна хроматографија на LiChroCART LiChrospher 60 RP колона. Одредувањето на нифедипин е изведено со користење на мобилна фаза која се состои од 58% ацетонитрил и 42% $KH_2PO_4$ (0.02 mol/L). Лимит на квантификација на методата бил 5 ng/ml.

# ЗАКЛУЧОК

На конкурсот за избор на еден асистент по фармакологија со токсикологија се пријави д-р Игор Кикерков, а за избор на асистент-истражувач на Катедрата за фармакологија со токсикологија се пријави ас. Драгица Зенделовска.

Врз основа на резултатите од вршењето на наставно-образовната, стручно-апликативната и научноистражувачката дејност, може да се заклучи дека кандидатот д-р Игор Кикерков ги поседува сите квалитети за избор во звањето асистент по предметот фармакологија со токсикологија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Кандидатката ас. Драгица Зенделовска има одлични резултати во вршењето на научноистражувачката дејност во областа на истражување аналитичка хемија во подрачјето хемија според стандардите на ОЕЦД-класификацијата на научни полиња, подрачја и области (дисциплини) и заслужува повторно да биде избрана во звањето асистент-истражувач на Катедрата за фармакологија со токсикологија.

Оценувајќи ги сите квалитети на кандидатите, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Игор Кикерков да биде изберан во звањето асистент по предметот фармакологија со токсикологија на Медицинскиот факултет во Скопје, а ас. Драгица Зенделовска повторно да биде избрана во звањето асистент-истражувач на Катедрата за фармакологија со токсикологија.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Никола Лабачевски, с.р.

2. Проф. д-р Маја Сланинка- Мицеска, с.р

3. Проф. д-р Бети Дејанова, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ГРАМАТИКА НА РУСКИОТ ЈАЗИК, КОНТРАСТИВНА АНАЛИЗА НА РУСКИОТ И НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И ИСТОРИЈА НА РУСКИОТ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" БО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата 1. редовна седница одржана на 14.10.2009 г., нè избра за рецензенти во врска со пријавата на Биљана Мирчевска- Бошева на конкурсот објавен на 29.9.2009 г. во весникот „Утрински весник" за избор на еден асистент по предметите граматика на рускиот јазик, контрастивна анализа на рускиот и на македонскиот јазик и историја на рускиот јазик. Во врска со тоа, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На споменатиот конкурс за избор на еден асистент по предметите граматика на рускиот јазик, контрастивна анализа на рускиот и на македонскиот јазик и историја на рускиот јазик се пријави кандидатката Биљана Мирчевска – Бошева.

Биљана Мирчевска – Бошева е родена на 7.12.1979 г. во Битола. Основно училиште и гимназија завршила во Битола. Во учебната 1998/99 г. се запишала на студиската група за руски јазик и книжевност – наставна насока на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на која и дипломирала во 2002 г. добивајќи пофалница за постигнат висок успех со вкупен просек 9,1, односно 9,5 без предметите под „Б". Во 2005 г. дипломирала и на групата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности со просек 8,87. Во учебната 2003/04 г. се запишала на постдипломски студии по руски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје и ги положила предвидените испити со оценка 10. Магистерскиот труд под наслов „Фраземи со значење *време* во македонскиот и во рускиот јазик" го одбранила на 24 ноември 2008 година и се стекнала со титулата *магистер на филолошки науки.*

Во периодот од декември 2002 до февруари 2006 година била ангажирана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" како демонстратор по граматика на рускиот јазик 1 и 2. Од 1.2.2006 година е вработена како помлад асистент по предметите граматика на рускиот јазик, историја на рускиот јазик со историска граматика и контрастивна анализа на рускиот и на македонскиот јазик.

Во периодот од нејзиниот избор за помлад асистент до денес ангажирана е во научноистражувачките проекти: „Големата песна на Ацо Караманов" (2006) и „Критичко издание на делата на Блаже Конески" (2006 и 2007, во рамките на програмата на Одделението за јазик и литературна наука при МАНУ). Од 15. 10. 2003 до 31.10.2008 била технички секретар на Меѓународниот славистички комитет. Во рамките на овој ангажман присуствувала на состаноците на Президиумот на МСК одржани во Белград (2005), Удине (2006), Охрид (2007 и 2008), а секретар е на *Зборникот на резимеа. Т.1, Лингвистика* и еден од уредниците на *Програмата на Конгресот* (заедно со Снежана Веновска-Антевска и Димитрија Ристески) - и двете во издание на Меѓународниот и македонскиот славистички комитет.

Во 2006 година ја посетувала Летната школа по руски јазик на Московскиот државен универзитет „Ломоносов", а во април 2008 била на едномесечен студиски престој на Институтот за руски јазик „В.Виноградов" при РАН во Москва.

Учествувала на Петтиот научен собир на млади македонисти (Скопје, 2006) со реферат под наслов „Фразеологизмите со значење' никогаш' во рускиот и во македонскиот јазик", на Четвртата чешко-македонска конференција (Брно, 2007) со реферат под наслов „Фраземи со значење' одамна' во македонскиот, во рускиот и во чешкиот јазик", на Дванаесеттата конференција "Толстоевскые чтения" на тема "Категоријата *време* во јазикот и словенската духовна култура" (Јасна Полјана, 2008), со реферат под наслов "Фразеологизмы со значением *время* в македонском и в русском языках".

Како член на Државната матурска предметна комисија по руски јазик за периодот од 2007/08 до 2010/2011 учествувала во изработката на матурските тестови, а како член на стручниот тим за изработка на нова наставна програма по руски јазик за 6. 7. 8. и 9. одделение како задолжителен предмет за деветгодишното основно образование во периодот од декември 2007 до април 2008 учествувала во изработката на новите наставни програми.

Има одлично познавање на говорниот и писмениот англиски јазик, за што има и Cambridge FCE degree (A grade) и има одлично познавање на Microsoft office.

Од другите активности би ги издвоиле и:

- член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет (2007);
- ovlasten sudski preveduva~ od makedonski na ruski jazik i obratno (od 2003).

## СПИСОК НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

1. Библиографија за Ацо Караманов во книгата на Милан Ѓурчинов ,,Големата песна на Ацо Караманов", МАНУ, 2006, стр. 489-498.
2. Превод од српски на македонски јазик на Дневникот од 1944 година во "Големата песна на Ацо Караманов" од Милан Ѓурчинов, МАНУ, 2006, стр. 281-291.
3. Фразеолошките изрази со броеви во рускиот јазик и можностите за нивно преведување во македонскиот јазик. Во: Литературен збор, год. 53, бр. 1-3 (2006), стр.62-65
4. Сличности и разлики во значењата и употребата на предлогот *по* во рускиот и во македонскиот јазик. Во: Годишен зборник, Скопје.
5. Словенските јазици, книжевности и култури во контекстот на актуелните интеграциони процеси. Во: Славистички студии, бр. 12, стр. 449 – 452.
6. Семантика на глаголите прави/ делать/ dělat и на нивните свршени видски парови во македонскиот, во рускиот и во чешкиот јазик (Трета македонско-чешка конференција, Семинар за македонски јазик, Охрид, 2005). Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2007, стр. 122 – 127.
7. Словарь тезаурус современной русской идиоматики - еден сосема нов и поинаков речник. Во: Годишен зборник, Скопје: Филолошкиот факултет „Блаже Конески", бр.34 (2008), стр. 351-356.
8. XIV меѓународен славистички конгрес (10-16 септември 2008 год., Охрид) – најголем научен собир на слависти некогаш одржан во Македонија, Во: Универзитетски весник, бр. 87 (2008), стр. 11-14.

9. Компаративистиката на XIV меѓународен славистички конгрес. Во: Книжевен контекст, бр. 6 (2008), стр. 99-103.
10. „Фраземи со значење *одамна* во македонскиот, во рускиот и во чешкиот јазик“. STUDIA MACEDONICA. Sborník referátů přednesených na 4. česko-makedonské konferenci ve dnech 10. až 13 června 2007, v Brně, 2008, стр. 31-41.
11. Времето и јазикот. Во: Славистички студии, бр. 13 (во печат).
12. Фраземите со значење *време* во македонскиот и во рускиот јазик (експозе на магистерскиот труд). Во: Годишен зборник, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, бр. 35 (2009), во печат.

Врз основа на изложеното погоре, со задоволство можеме да заклучиме дека пред себе имаме перспективен млад научен работник со веќе проверени и потврдени квалитети и афинитети за наставна и за научна работа и поради тоа чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да ја избере Биљана Мирчевска – Бошева за асистент по граматика на рускиот јазик, контрастивна анализа на рускиот и на македонскиот јазик и историја на рускиот јазик.

Скопје,18.1.2010 г.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Максим Каранфиловски, редовен професор, с. р.
2. Д-р Кита Бицевска, редовен професор, с. р.
3. Д-р Красимира Илиевска, редовен професор, с. р.

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Економскиот институт** во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Комисија за утврдување на подобност* |
|---|---|---|---|
| *1.* | м-р Јулијана Силјановска | Интегрираните маркетинг комуникации во функција на подобрување на туристичката понуда на Република Македонија при настапот на меѓународниот пазар | 1.д-р Татјана Петковска<br>2.д-р Татјана Петковска-Мирчевска<br>3.Марија Ацковска |
| *1.* | м-р Игор Андреески | Развој на меѓународниот туризам во услови на глобализација | 1.д-р Марија Ацковска<br>2.д-р Татјана Петковска<br>3.д-р Силвана Мојсовска |
| | | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

на прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на **Економскиот институт** во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Христина Келемен | Подготвеност на Република Македонија за користење на инструментот за претпристапна помош-ИПА | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |
| *2.* | Томислав Гаџа | Синергирањето како алатка за зголемување на ефикасноста и конкурентската предност на организациите | д-р Васил Поповски |
| *3.* | Живко Калков | Корпоративен кредитен рејтинг-основа за квалитетни проценки И управување со ризиците во Република Македонија | д-р Билјана Ангелова |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА УРБАНИЗАМ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на својата 6. седница одржана на 24.12.2009 година, нé одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на соработник (помлад асистент) од областа на урбанистичкото планирање при Институтот за урбанизам на Архитектонскиот факултет.

На распишаниот конкурс објавен во дневните весници „Дневник“ и „Lajme“ на 16.12.2009 година се пријавија кандидатките м-р Јасна Стефановска, дипл.инж.арх. и Александра Димоска, магистер по архитектура.

Комисијата констатира дека обете кандидатки ја доставиле бараната документација согласно со конкурсот и врз основа на увидот во документацијата, на Наставно-научниот совет му го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката **Јасна Стефановска** е родена на 31.10.1979 година во Скопје. На Архитектонскиот факултет дипломирала на 22.2.2005 година со средна оценка 9,09, а дипломската работа на тема „Рехабилитација на јавните простори во рамките на Малиот ринг во централното градско подрачје на Скопје“ ја одбранила со 10.

Од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ кандидатката е наградена како студент кој дипломирал со највисок среден успех на Архитектонскиот факултет во учебната 2004/05 година. Истата година, Инженерската институција на Македонија ѝ доделила признание „Инженерски прстен“ за најдобар дипломиран студент на Архитектонскиот факултет.

Во текот на студиите кандидатката ја добила наградата „26 јули - Френк Манинг“ за најдобар студент по архитектура во завршната година на студии што ја доделува Фондацијата „Френк Харкорд Манинг“ од Лондон.

За време на студиите во рамките на 6. Биенале на студентите по архитектура, во април 2002 година кандидатката добила награда за семестралниот проект „Ниска станбена структура“.

Заради високиот успех по групата предмети од областа на урбанистичкото планирање (9,25) Јасна Стефановска била ангажирана како демонстратор по предметот основи на урбанизмот, при што прикажала способност за пренесување на знаењата и успешна работа со студентите.

Во текот на студиите својот интерес за стекнување на нови знаења кандидатката го искажала и низ активното учество во бројни работилници и сесии на летни школи. Кандидатката учествувала во работата на:

- 10. сесија на Летната школа за студенти по архитектура што ја организира Архитектонскиот факултет во манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ на тема „Процес” (2001);
- 12. сесија на Летната школа за студенти по архитектура што ја организира Архитектонскиот факултет во манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ на тема „4 архитектонски работилници во поткрепа на локалната самоуправа” (2003);
- работилници организирани од EASA (European Architecture Student Assembly), во Хрватска (2002), Данска (2003) и Франција (2004);

- Работилница за ревитализација на фабрички комплекс во Шангај, организирана од mAAN (Modern Asian Architecture Network), кадешто работела под менторство на Руе Нишизава (2004).

Кандидатката имала активно учество и во воннаставните активности на студентите на Архитектонскиот факултет во Скопје, при што учествувала во работата на Првиот конгрес на студенти по архитектура од поранешна Југославија организиран од студентите на љубљанскиот Архитектонски факултет во мај 2002 година, а била организатор и учесник на третиот конгрес на студенти по архитектура од поранешна Југославија, организиран од студентите на скопскиот Архитектонски факултет во Охрид, во мај 2004 година.

Во текот на студиите, во својство на соработник учествувала во тим, предводен од проф. д-р М. Грчев, кој освоил прва награда на конкурсот за редизајнирање на плоштадите во Куманово, во рамките на конкурсот на UIA, „Славење на градовите“ (2004).

Во септември 2005, Јасна Стефановска учествувала на Третиот конгрес на математичарите на Македонија одржан во Струга, кадешто во секцијата применета математика го презентирала трудот Cities in-between chaos and harmony (апстракт од трудот е објавен во книгата на апстракти од Конгресот, стр.66-67).

Во септември 2005 година кандидатката се запишала на постдипломските студии на Архитектонскиот факултет на Техничкиот универзитет во Делфт, Холандија, специјализирајќи во областа на урбанизмот. Постдипломските студии успешно ги завршила во јуни 2007 година (дипломата е признаена како документ за завршен втор циклус магистерски студии со решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство бр. 09-10080/2 издадено од МОН на РМ.)

Кандидатката магистрирала со почести, добивајќи највисока оценка во својата генерација. Нејзината магистерска работа претставува стратегија за обновување на домувањето во Њу Орлеанс која се темели на продлабочено истражување на слободното/неизграденото земјиште и на аспектите на социјална сегрегација карактеристични за градот. Во својата писмена препорака менторот, д-р Стефен Рид, посебно ги истакнува нејзината оригиналност и критичкиот однос во работата.

И во овој период кандидатката продолжила да го искажува својот интерес за континуирано стручно надградување преку учеството во сесиите за дизајн за јавни простори во Утрехт, Холандија (2006).

Во текот на постдипломските студии кандидатката била вклучена како помлад истражувач во научноистражувачкиот проект финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, „Улогата и ингеренциите на централната и локалната власт во системот на урбанистичкото планирање“ (2005-2007, раководител проф. д-р Јасмина Сиљаноска), придонесувајќи кон проектот со пренесување на искуствата од холандскиот систем на планирање на просторот.

Во периодот јуни-август 2006 година кандидатката работела во светски позната фирма UN Studio (van Berkel & Bos) во Амстердам на два проекта за Њујорк и Утрехт.

Веднаш по магистрирањето, Јасна Стефановска се вработила во исто така светски позната проектантска фирма за урбан дизајн и пејзажна архитектура, West 8, кадешто работела во периодот од средината на 2007 до крајот на 2009 година. Во текот на повеќегодишната работа кандидатката била ангажирана во изработката на повеќе референтни проекти и првонаградени конкурсни проекти на фирмата (поголемиот дел во Холандија и Шпанија), од кои посебно треба да се одбележат проектите за центарот во Ден Хелдер во Холандија и за Плаја де Палма во Палма де Мајорка, Шпанија.

Кандидатката Јасна Стефановска е регистриран урбан дизајнер/планер и регистриран архитект во Бирото за регистрирани архитекти на Холандија.

Во 2008 година кандидатката учествувала на конференцијата организирана во Охрид од страна на ASO од Виена и архитектонските факултети од Скопје и Софија на тема: Shifting planning cultures in SEE: Development of Strategic Approaches in Urban planning. На конференцијата, во рамките на сесијата The Theory - Practice Dialogue, го изложила својот прилог под наслов: Whatever happened to urbanism and beyond.

Кандидатката одлично го владее англискиот јазик, а има основни познавања од холандскиот и италијанскиот јазик. Од компјутерските пакети работи во AutoCAD, Adobe (Photoshop, Illustrator, Indesign), 3ds max, Rinoceros и Microsoft Office.

Кандидатката **Александра Димоска** е родена на 19.12.1982 година во Прилеп. На Архитектонскиот факултет на Универзитетот за архитектура, градежништво и геодезија во Софија, Бугарија, дипломирала на 15.2.2008 година, со што се стекнала со академскиот степен магистер по архитектура. (Дипломата е признаена како документ за завршени постдипломски магистерски студии со решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство бр. 09-8368/2 издадено од МОН на РМ.)

Кандидатката студиите ги завршила со среден успех од студиите добар 4,09 и среден успех од одбраната на дипломската задача многу добар 4,81. Дипломската работа од областа на станбените згради и комплекси на тема „Вилна населба - Боровец" ја работела под менторство на арх. Јован Стефановски.

Во текот на студиите кандидатката учествувала на повеќе семинари и работилници (пленери), и тоа од следниве области:

- Заштита на архитектонското наследство, Варна (мај. 2002);
- Историја на високите згради, Софија (октомври. 2003);
- Енергетски ефикасна архитектура, Софија (ноември. 2004);
- Архитектонски конструкции, Варна (март. 2006) и
- Урбанизам - макроархитектура, Софија (јануари.2007), под раководство на Норман Фостер.

Во текот на студиите кандидатката работела како стажант во архитектонското студио „Баухаус" во Софија, кадешто по дипломирањето продолжила да работи како архитект-проектант до април 2009 година. Од јули 2009 година кандидатката работи како архитект-проектант во архитектонското биро „Сребрева архитекти" во Софија.

Во текот на својата професионална практика, кандидатката работела на повеќе архитектонски проекти за повеќесемејни станбени згради, индустриски објекти, трговско-административни објекти и хотел за кој се изработени и повеќе проекти за уредување на ентериерот.

Од областа на урбанизмот, кандидатката наведува два урбанистички проекта:

- урбанистички проект за реконструкција на централното градско подрачје и пешачка улица во Петрич и
- РУП (кој одговара на нашиот архитектонско-урбанистички проект), за дел од реонот Враждебна во Софија.

Кандидатката одлично ги владее англискиот и бугарскиот јазик. Од компјутерските пакети работи во Archicad, AutoCAD, Artlantis, Cinema 4d Maxon, Adobe Photoshop и Microsoft Office.

Согласно со одредбите на Законот за високото образование, чл.129 и чл. 19 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за помлад асистент може да биде избран кандидат со про-

сечна оценка од студиите од најмалку 8,00. Средниот успех на кандидатката Александра Димоска изнесува 4,09, односно има помалку од 4,50, што во бугарскиот систем на оценување кореспондира на оценката 8,00 во нашиот систем на оценување во високото образование. Поради ова, Комисијата смета дека кандидатката Александра Димоска не ги исполнува конкурсните услови за избор во звањето помлад асистент.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното, Комисијата констатира дека од пријавените кандидатки, само кандидатката м-р Јасна Стефановска, дипл. инж.арх., ги исполнува конкурсните услови за избор во звањето помлад асистент.

Комисијата констатира дека кандидатката Јасна Стефановска не ги исполнува само формалните услови за избор, туку со високиот квалитет на постигнатите резултати во текот на студирањето и во професионалната практика претставува кандидат кој со успех ќе ги извршува обврските на соработник во Институтот за урбанизам на Архитектонскиот факултет.

Ваквиот став Комисијата го темели врз следниве факти:

- кандидатката има исклучително висок среден успех од студирањето и од одбраната на дипломската задача;
- магистерските студии кои ги завршила се со насочување од областа на урбанизмот;
- магистерските студии кандидатката ги завршила на еден од престижните архитектонски факултети во Европа со висок успех, за што сведочи добиената диплома со почести;
- уште за време на студиите кандидатката се стекнала со значително меѓународно искуство низ учеството на повеќе работилници и семинари во странство;
- досегашното професионално искуство на кандидатката е во светски референтни архитектонски бироа и тоа првенствено на проекти од областа на урбанизмот, урбаниот дизајн и обликувањето на пејзажот;
- во периодот кога била ангажирана како демонстратор, кандидатката покажала способност за пренесување на знаења, комуникација и работа со студенти;
- кандидатката покажала интерес и за натамошниа научна работа преку учеството на конференции и ангажман во еден научен проект.

Врз основа на изнесеното, Комисијата смета дека кандидатката Јасна Стефановска со резултатите од својата досегашна работа се претставува како кандидат со изразени академски и професионални квалитети и креативен потенцијал кои претставуваат извонредна основа за нејзино натамошно академско и професионално напредување.

Од наведените причини, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет, врз основа на чл. 129 од Законот за високото образование и чл. 19 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да ја избере кандидатката м-р Јасна Стефановска, дипл. инж. арх., за помлад асистент од областа на урбанистичкото планирање при Институтот за урбанизам на Архитектонскиот факултет.

Рецензентска комисија
Проф. д-р Влатко П. Коробар, претседател, с.р.
Проф. д-р Владимир Арсовски, член, с.р.
Проф. д-р Мартин Гулески, член, с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ТУРСКИТЕ ЈАЗИЧНИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ДРАМСКИТЕ ТВОРБИ ОД XX ВЕК", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АКТАН АГО, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно–научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата трета редовна седница одржана на 23.12.2009 година, нѐ избра за Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација под наслов „Турските јазични елементи во драмските творби од XX век", изработена од м-р Актан Аго. Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, слободни сме да му го доставиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација „Турските јазични елементи во драмските творби од XX век" од м-р Актан Аго содржи 525 страници компјутерски текст. Дисертацијата ги опфаќа следниве поглавја:

1. Вовед
2. Турските јазични елементи во македонските драмски творби од XX век со посебен осврт на лексиката
3. Семантичка класификација на турските лексички заемки во македонските драмски творби од XX век
4. Фонетски особености на турските јазични елементи во македонските драмски творби од XX век
5. Морфолошка адаптација на турските јазични елементи во македонските драмски текстови од XX век
6. Заклучок
7. Регистар на турските јазични елементи во драмските текстови од XX век
8. Индекс на турските јазични елементи во драмските текстови од XX век
9. Користена литература

Во воведот кандидатот најпрво ги дефинира местото, статусот и улогата на турските јазични елементи во македонскиот јазик особено во македонските народни говори, како и во литературниот јазик. Притоа, м-р Актан Аго, имајќи го предвид јазичниот материјал што е предмет на анализа во нужна мера се задржува на особеностите на османската, како и на исламската култура укажувајќи на врските меѓу јазикот и културата. Во воведот кандидатот исто така го дефинира

местото на турскиот јазик меѓу балканските јазици и ги разгледува контактите меѓу турскиот и македонскиот јазик од аспект на историјата на македонскиот јазик. Според кандидатот, турските јазични елементи се третираат како дел од ориенталните зборови во балканските јазици. Кандидатот ги проследува и досегашните проучувања на турските јазични елементи во македонскиот јазик, нивната класификација и укажува на нивниот статус во македонскиот јазик на современ и на историски план.

Според кандидатот, турските јазични елементи заземаат особено место во историскиот развој на македонскиот народен јазик, особено од 15 до 18 век, како и во текот на 19 век и првата половина на 20 век. Во овој период тие имаат различен статус во говорната и пишуваната форма на македонскиот јазик, при што се особено карактеристични за говорната форма на јазикот. Воедно, тие имаат значајно место во разговорниот стил како и во административниот стил, пред сè до почетокот на 20 век. Односот меѓу говорната и пишуваната форма на јазикот особено доаѓа до израз во драмските текстови, па оттаму и интересот на кандидатот е насочен кон македонските драмски творби од XX век.

Во вториот дел од воведот кандидатот го определува и го прецизира корпусот на македонски драмски текстови што се предмет на негова ексцерпција, анализа како и на лингвистична интерпретација. Истакнуваме дека м-р Актан Аго го насочува и го концентрира својот лингвистички интерес кон творештвото на 30 драмски писатели (од Чернодрински, Мајски, Иљоски, Панов, Крле преку Чашуле, Чинго, Момировски, Арсовски до Стефановски, Вангелов, Андоновски, Дуковски...) и обработува 101 драмски текст објавени во XX век (од „Македонска крвава свадба"(1903) од Чернодрински до „Три драми" од Андоновски(1998) и др.).

Во второто поглавје „Турски лексички елементи во драмските творби од XX век", м-р Актан Аго тргнува од податокот дека турските лексички елементи во македонскиот јазик се одраз на историско-економските услови во кој живеел македонскиот народ во периодот од XV до XIX век, и претставуваат составен дел од македонската културна историја во соодветниот период. Ова укажување м-р Актан Аго го разгледува и во македонските драмски текстови претставувајќи го со соодветните примери. Во ова поглавје кандидатот спроведува етимолошка анализа и историско-јазична интерпретација на турцизмите во македонските драмски текстови при што прегледно ги систематизира според нивното потекло. Во овој дел, поаѓајќи од етимолошката и историската анализа на турската лексика, кандидатот прегледно ги претставува турцизмите во македонските драмски текстови.

Во третото поглавје „Семантичка класификација на турските лексички заемки во македонските драмски творби од XX век", кандидатот врши класификација на лексичките заемки од турскиот јазик, во согласност со контекстот во којшто се употребени во драмските текстови. Притоа особено внимание посветува на одразот на културата врз семантиката. Во оваа анализа кандидатот ги определува заемките и од морфолошки аспект. Се забележува дека во македонските драмски текстови се среќаваат позајмени зборови од турскиот јазик од сите зборовни групи. Според кандидатот, разбирливо најголем број заемки ѝ припаѓаат на зборовната група именки, при што кандидатот врши семантичка класификација на именките. Најбројната група позајмени именки се од областа на

општествениот и духовниот живот, како и заемки со коишто се означуваат флората и фауната. Не е мал број бројот на заемките што припаѓаат на зборовната група придавки и на зборовната група глаголи. Особено е значајно што се среќаваат позајмени заменски форми, броеви како и модални зборови. Согледувањата до кои доаѓа кандидатот се од особено значење за контактната лингвистика.

Во четвртото поглавје „Фонетски особености на турските јазични елементи во македонските драмски творби од XX век", кандидатот особено внимание ѝ посветува на фонетската адаптација на турските јазични елементи во македонскиот јазик. Притоа кандидатот ја нагласува разликата на македонската и турската фонетика и ја проследува адаптацијата на карактеристичните турски гласови, особено во областа на вокализмот во македонските драмски текстови. Фонетската адаптација на турцизмите е во согласност со историската фонологија на македонскиот јазик. Кандидатот укажува дека контактот меѓу турскиот и македонскиот се остварувал пред сè на дијалектно рамниште и е одраз на живи јазични контакти.

Кандидатот особено внимание посветува на карактеристичните македонски гласовни промени кои се забележуваат кај турцизмите, пред сè, асимилацијата, дисимилацијата и контракцијата на вокалите. Покрај особеностите на вокалите, кандидатот исцрпно ги образложува и промените во консонантизмот. Во тој контекст особено е значајна бројноста на заемките со фонемата „џ" што придонесува и за зацврстување на оваа фонема во консонантскиот систем во македонскиот јазик. Се забележува дека фонетските промени засведочени кај турцизмите ја отсликуваат состојбата во македонските дијалекти.

Во петтото поглавје „Морфолошка адаптација на турските јазични елементи во македонските драмски текстови од XX век", кандидатот особено внимание им посветува на граматичките обележја за род, број, определеност, време, лице, начин, свршеност, степенување кај именките и зборообразувачки модели од турскиот јазик кои се наложиле во македонскиот јазик како изразито продуктивни. Морфолошката адаптација е во тесна врска со зборообразувањето, па кандидатот ги изложува зборообразувачките наставки од турско потекло кои се најпродуктивни во македонските драмски текстови: -л`к, -лук, -лак; -ли/ја, -с`з, -џи/ја, -чи/ја; -даш, -ма;-ме, -маз;-мез, -иш; кандидатот наведува и примери во кои се задржале множинските наставки–лар, -лер; како и суфиксите за припадност –м, им и др. Кандидатот обрнува внимание на придавките од турско, арапско и персиско потекло, посебно со суфиксот –ли/ја. Покрај именките и придавките, во дисертацијата детално се анализирани и глаголите од турско потекло кои се употребени во доста голем број во драмските текстови. Потоа, се осврнува како и на заменките и броевите, кои во ограничен број се употребуваат во македонските драмски творби од XX век. Кандидатот, регистрираните прилози ги групира според значење за време, количина и начин. Интересно е што не се среќаваат прилози за место. Извиците се обработени како посебна зборовна група при што се нагласува дека се во доста голем број употребени во македонските драмски творби од XX век.

Во шестиот дел Заклучок, кандидатот го потврдува и го прецизира местото, статусот и улогата на турцизмите во македонските драмски текстови, како и

причината за бројноста, за застапеноста на турцизмите во нив. Според кандидатот, бројот на турцизмите е поголем кај постарите автори, додека кај помладите генерации драмски автори нивниот број значително е намален. Станува збор за турцизми кои се среќаваат во разговорниот јазик, па од разговорниот јазик нашле соодветно место и во драмските творби. Драмските автори од поновата генерација во своите драмски творби обично ги употребуваат оние турски јазични елементи кои се одомаќиниле во македонската лексика: бавча, боја, еснаф, занает, алат, кајмак, муштерија, оџак, тутун, чешма, шеќер и др., како и оние јазични елементи со кои се постигнува експресивност, особено во ироничпа смисла: абдал, акмак, абер, ајван, аскер, виран, дамла, дембел, дуќан, душман, ефенди, зулум, инает, ишарет, јабанџија, јаваш, кабает, мерак, намус, ниет, ортак, резил, сеир, сурат и др.

Кандидатот исто така истакнува дека за постарите драмски автори некои од вклучените турцизми во структурата во текстот биле речиси единствена можност за доловување на смислата во текстот (на пример мастраф со значење расход), додека кај помладите драмски автори се забележува свесна тенденција за употреба на определени турцизми во функција на текстот (гајле, борч, кај Д. Дуковски).

Седмото поглавје „Регистар на турските јазични елементи во драмските текстови од XX век" претставува стожерен текст на дисертацијата. Кандидатот според азбучен ред ги опфатил сите турски јазични елементи употребени во разгледуваните драмски творби. Јазичните елементи преку заглавен збор се претставени според видот на зборот, етимолошкото потекло, јазичното потекло, основното значење, стилската употреба, како и преносното значење во македонскиот јазик. Секој јазичен елемент е даден во соодветниот контекст и соодветно е цитиран. Преку регистарот доаѓа до израз јазичниот, особено лексичкиот влог на турцизмите во македонските драмски творби.

- Осмиот дел „Индекс на турските јазични елементи во драмските текстови од XX век" се наоѓа помеѓу страниците 413-515. Кандидатот според азбучен ред ги презентира турските јазични елементи кои се употребени во македонските драмски творби. М-р Актан Аго презентира повеќе од 1400 турските јазични елементи кои се употребени во 101 македонска драма од XX век.

Одбележуваме дека регистарот и индексот од една страна се надоврзуваат на досегашното комплексно претставување на оваа проблематика во македонската лингвистика (О. Ј. Настева и други), но од друга страна претставуваат солидна основа за понатамошни проследувања на оваа проблематика во други текстови. Особено е важно што кандидатот прецизно го определил значењето на турцизмите во текстови со високи уметнички вредности како што се драмските текстови и ја проследил употребата на турцизмите во период од еден век.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација „Турските јазични елементи во драмските творби од XX век" од м-р Актан Аго е солидно изработен, самостоен и оригинален научен труд и претставува опсежен прилог во проучувањето на турските јазични елементи во македонските драмски творби. Во дисертацијата суптилно и прецизно е применета теоријата и методологијата во обработката на јазикот на уметничколитературните дела. Дисертацијата претставува значаен придонес за историјата на македонскиот литературен јазик, за македонската лексикологија и лексикографија, како и за контактната лингвистика.

Врз основа на тоа, високо ја вреднуваме оваа докторска дисертација и му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да го прифати овој извештај и да го повика кандидатот м-р Актан Аго на јавна одбрана.

Скопје, 19.1.2010 година

Рецензентска комисија

Д-р Димитар Пандев, редовен професор. с.р.

______________________________

Д-р Мито Миовски, редовен професор, с.р.

______________________________

Д-р Живко Цветковски, редовен професор, с.р.

______________________________

Д-р Октај Ахмед, доцент, с.р.

______________________________

Д-р Назим Ибрахим, доцент, с.р.

______________________________

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ ШТО ЈА ПОКРИВА ИНСТИТУТОТ ЗА МАШИНСКИ КОНСТРУКЦИИ, МЕХАНИЗАЦИОНИ МАШИНИ И ВОЗИЛА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 29.10.2009 година, донесе одлука бр. 02-2866/2 со која сме определени за рецензенти за избор на асистент во научната област што ја покрива Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила. На конкурсот за избор на наставници и соработници на Машинскиот факултет во Скопје, објавен во дневните весници „Утрински весник" и „Коха" на 5.10.2009 година, за избор на асистент од наведената научна област се пријави м-р Кристина Јакимовска, дипл.маш.инж., за звањето асистент.

Врз основа на прегледот на доставената документација и личното познавање на кандидатката, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката м-р Кристина Јакимовска, дипл.маш.инж., е родена на 3.3.1981 година во Скопје. Основно образование завршила во ОУ „Јохан Хајнрих-Песталоци" во Скопје со одличен успех. Средно образование завршила во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје со одличен успех. На Машинскиот факултет во Скопје, насока: механизациони машини, се запишала во учебната 1999/2000 година. Студиите ги завршила на 14.7.2004 година со одбрана на дипломската работа под наслов „Систем за квалитет и логистика во транспортот" со оценка 10. Просекот од положените испити и изнесува 9,92.

Во истата година се вработила како помлад асистент на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила. Во учебната 2005/2006 година се запишала на постдипломски студии на истражувачкото подрачје моторни возила со работен наслов „Логистика во одржувањето на моторните возила", под менторство на проф. д-р Тодор Давчев. Ги има положено сите испити со оценка 10 (десет) предвидени со наставниот план на постдипломските студии. Постдипломските студии ги завршила на 16.6.2009 година, со одбрана на магистерската работа: „Истражување на трошоците на корисникот во животниот циклус на моторните возила" под менторство на проф. д-р Тодор Давчев.

### II. НАСТАВНА АНГАЖИРАНОСТ

Во текот на изминатиот период, од нејзиното вработување на Машинскиот факултет во Скопје па сè до денес, активно учествувала при спроведувањето на наставните активности на Факултетот. Во тој период успешно ги спроведувала вежбите по

следниве наставни предмети: инженерска графика, графичко комуницирање, експлоатација и одржување, експлоатација и одржување на МВ, проектирање на логистички системи, машини за цикличен транспорт, квалитет и логистика, инженерска логистика, транспортни машини, транспортни уреди и возила, моторни возила.

За цело време била ангажирана со голем број часови за вежби во секој семестар и била вклучена во одржувањето на испити. Во одржувањето на вежбите секогаш е добро подготвена и има способност своето знаење јасно да им го пренесе на студентите.

## III. НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

При изборот во звањето помлад асистент, кандидатката имала вкупно 12 труда и активности, кои се објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 865, стр.7 - 11.

При реизборот во звањето помлад асистент, кандидатката имала вкупно 11 научни и стручни трудови, кои се објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 935, стр. 32 - 35.

Во оваа листа се наведени вкупно 14 научни и стручни труда, во кои кандидатката учествувала по нејзиниот реизбор за помлад асистент до денес.

1. С. Јакимовски, **К. Јакимовска**; Контрола и одобрување на документација за кран во машинска хала ЕОТС 850/2x25 kN x 12.9 m на ХЕЦ „Света Петка", Скопје, 2008/2009 година.
2. С. Јакимовски, **К. Јакимовска**; Контрола и одобрување на документација за кран на затворачница EGC ( 2 x 125) kN x 3.0 m на ХЕЦ „Света Петка", Скопје,2008/2009 година.
3. С. Јакимовски, А. Илиевски, **К. Јакимовска**; Извештај за извршени испитувања на дигалка во машинска хала во ТЕЦ Неготино , Скопје, април 2008 година.
4. С. Јакимовски, **К. Јакимовска**; Извештај за извршени испитувања на мобилни товарни платформи во сопственост на Елмонд Електро -Скопје , Скопје, мај 2009 година.
5. С. Јакимовски, **К. Јакимовска**; Извештај за извршени испитувања на виљушкар во сопственост на Енерго систем ДОО -Скопје , Скопје, јуни 2009 година.
6. С. Јакимовски, **К. Јакимовска**; Извештај за извршени испитувања на дигалки во ДПТУ "БУЧИМ" – РАДОВИШ, Скопје, јули 2009 година.
7. С. Јакимовски, **К. Јакимовска**; Извештај за извршени испитувања на дигалки во ХЕЦ "КОЗЈАК",Скопје, август 2009 година.
8. С. Јакимовски, **К. Јакимовска**; Подготовка на документација за акредитација на инспекциско тело лифтови, дигалки и транспортери при ЦИРКО - Скопје, јануари-септември 2009 година.
9. **К.Јакимовска**: '*Истражување на трошоците на корисникот во животниот циклус на моторните возила*' – магистерска работа, Машински факултет-Скопје, јуни 2009 година.
10. **К.Јакимовска**; Стручен превод од германски на англиски јазик на обука за испитување без разорување – ултразвучно испитување - второ ниво за фирмата SECTORCert Gesellschaft für Zertifizierung mbH "Ultraschallprüfung (UT) – Stufe 2", Скопје, септември 2009.

11. **К.Јакимовска**; Стручен превод од германски на англиски јазик на обука за испитување без разорување – магнетно испитување - второ ниво за фирмата SECTORCert Gesellschaft für Zertifizierung mbH "Magnetpulverprüfung (MT) – Stufe 2", Скопје, септември 2009.
12. **К. Јакимовска**; Стручен превод од германски на англиски јазик на обука за испитување без разорување – визуелно испитување – ниво 3 за фирмата SECTORCert Gesellschaft für Zertifizierung mbH "Sichtprüfung - Stufe 3", Скопје.
13. **K. Jakimovska,** T. Davcev, I. Gjurkov, *Life cycle cost (LCC) model of vehicle ownership costs according to different regimes of exploitation*, XIX International Conference on Material Handling, Constructions and Logistics – MHCL '09, Beograd, oktomvri 2009.
14. **К.Јакимовска,** М. Ќосевски, *FP7 ПРИРАЧНИК - Водич за истражувачите од областа на транспортот*, Скопје, ноември 2009 година.

## III. КОМЕНТАР НА ТРУДОВИТЕ

Трудовите 1 и 2 претставуваат прием и одобрување на документација изработена од странски проектанти, односно производители на кранови кои треба да се монтираат во капитален објект од областа на енергетиката во Република Македонија.

Трудовите од 3 до 8 се резултат на перманентаната ангажираност на кандидатката Кристина Јакимовска на стручно-апликативен план, при што врз база на содржината и квалитативните параметри на трудовите може да се зборува за значајни искуства од областа на методологијата и техниката на испитувања на опремата за цикличен транспорт.

Во трудот 9 е прикажана магистерската работа на кандидатката која е од областа на моторните возила. Истражувањето е од областа на проектирање на одржувањето на моторните возила и утврдување на трошоците на корисникот во текот на нивниот животен циклус. Воспоставената методологија, постапките кои се воведуваат за анализа на предметната проблематика, како и резултатите дадени во овој труд претставуваат значаен придонес во оваа актуелна област и имаат поширока, универзална примена кај корисниците со разновиден возен парк.

Во трудовите од 10 до 12 е извршен стручен превод од германски на англиски јазик на обука на кандидати за испитување без разорување на машинските конструкции (магнетоскопско, ултразвучно и визуелно) за второ ниво на познавање на предметната проблематика.

Во трудот 13 е прикажан LCC - модел на трошоците на корисникот на моторно возило според различни режими на експлоатација. Врз основа на конкретно моторно возило од возниот парк на АРМ, направена е анализа на трошоците на корисникот низ неговиот животен век. Земени се предвид трошоците на аквизиција, за работа, за одржување и трошокот за отпис. Според направените формули за секој од овие трошоци поединечно е направена пресметката на вкупниот трошок. За целокупната пресметка е даден табеларен приказ како се менуваат трошоците во текот на експлоатацијата.

Во трудот 14 е изготвен документ во рамките на FP7 - проектот "TransBonus", кој прирачник треба да им помогне на истражувачите од областа на транспортот. Во содржината на овој прирачник е опишана структурата на Седмата рамковна програма и се накратко образложени четирите програми кои го сочинуваат. Главниот акцент е ставен на одрживиот површински транспорт, кој е тема на тековниот FP7 - проект, каде што главна

цел е да се создаде европско-балканска база за транспорт на истражувачи и универзитети помеѓу овие земји со цел да се подобри и/или зголеми истражувачкиот капацитет. Овој прирачник е направен за да им помогне на истражувачките капацитети во земјава за апликација во FP7 - проекти од областа на транспортот.

## IV. МЕЃУНАРОДНИ УЧЕСТВА И АКТИВНОСТИ

1. Соработник во проект за осовременување на стручното образование на тема: '*Мехатронски системи кај современите моторни возила и кај механизацијата*', раководител на проектот е доц. д-р Игор Ѓурков. Проектот е финансиран од Министерството за образование на Р. Македонија, 2008 година.
2. Соработник во проект на GTZ "*Transposition of technical EU Directives of the EU into Macedonian Legislation and establishment of quality infrastructure*", Скопје, мај 2008 година.
3. Учество на семинарот од областа на безбедноста на возила '*EU - директиви и UNECE - правилници – состојба 2009*' на Машинскиот факултет при Универзитетот во Белград, раководител: проф. д-р Чедомир Дубока, септември 2009.
4. Учество на семинарот од областа на безбедноста на возила "*Odredjivanja intenziteta sudara*" на Машинскиот факултет при Универзитетот во Белград, раководител: проф. д-р Чедомир Дубока, декември 2009.

## V. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Погоре изнесените податоци укажуваат на тоа дека помл.асс. м-р Кристина Јакимовска, во досегашниот период што го помина на Машинскиот факултет, беше ангажирана со многу часови од повеќе предмети што ги покрива Институтот МКММВ. Кон извршувањето на работните обврски пристапувала многу сериозно и совесно и ги извршувала навремено, стручно и одговорно. Паралелно со тоа, успешно работела на сопственото научно и стручно усовршување, како и во работата со студентите.

Согласно со претходното изнесено, а во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатката м-р Кристина Јакимовска, дипл. маш. инж., да биде избрана во звањето асистент при Институтот МКММВ.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Тодор Давчев, ред.проф.во пензија, Машински факултет – Скопје, с.р.

Доц. д-р Игор Ѓурков, Машински факултет – Скопје, с.р.

Доц. д-р Дарко Данев, Машински факултет – Скопје, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Кристина Славе Јакимовска
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Машински факултет –Скопје, Институт за машински конструкции, механизациони машини и возила
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** Областите што ги покрива Институт за машински конструкции, механизациони машини и возила - МКММВ

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** (од последниот избор)

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување вежби 1 циклус на студии (Прилог 1) | 20,7 |
| 2. | Консултација со студенти (летен семестар 2008 – зимски семестар 2009) Прилог 1 | 0,714 |
| | **Вкупно** | **21,414** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** (од последниот избор)

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска теза на тема: „Истражување на трошоците на корисникот во животниот циклус на моторните возила". Скопје, 16.06.2009 | 4 |
| 2. | Учесник во национален научен проект, „Мехатронски системи кај современите моторни возила и кај механизацијата". раководител на проектот: доц. д-р Игор Ѓурков МФ - Скопје, одобрен од Министерството за образование на Р.Македонија, 2008 година | 3 |
| 3. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор. K. Jakimovska, T. Davcev, I. Gjurkov, Life cycle cost (LCC) model of vehicle ownership costs according to different regimes of exploitation, XIX International Conference on Material Handling, Constructions and Logistics – MHCL '09, Beograd, oktomvri 2009 | 3 |
| 4. | Учесник во меѓународен проект од FP7 програмата "TransBonus" | 5 |
| | **Вкупно** | **15,00** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** (од последниот избор)

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот, 2008 - Скопје, Куманово и Крива Паланка | 0,5 |
| 2 | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот, 2009 - Скопје | 0,5 |
| 3 | Експертска активност: С.Јакимовски, К.Јакимовска; Контрола и одобрување на документација за кран во машинска хала EOTC 850/2x25 kN x 12.9 m на ХЕЦ "Света Петка", Скопје 2008/2009 година | 0,5 |
| 4 | Експертска активност:С. Јакимовски, К. Јакимовска; Контрола и одобрување на документација за кран на затворачница EGC ( 2 x 125) kN x 3.0 m на ХЕЦ "Света Петка", Скопје 2008/2009 година. | 0,5 |
| 5 | Експертска активност:С. Јакимовски, А. Илиевски, К. Јакимовска; Извештај за извршени испитувања на дигалка во машинска хала во ТЕЦ Неготино, Скопје, април 2008 година | 0,5 |
| 6 | Експертска активност:С. Јакимовски, К. Јакимовска; Извештај за извршени испитувања на мобилни товарни платформи во сопственост на Елмонд Електро – Скопје, Скопје, мај 2009 година | 0,5 |
| 7 | Експертска активност:С. Јакимовски, К. Јакимовска; Извештај за извршени испитувања на виљушкар во сопственост на Енерго систем Доо –Скопје, Скопје, јуни 2009 година | 0,5 |
| 8 | Експертска активност:С. Јакимовски, К. Јакимовска; Извештај за извршени испитувања на дигалки во ДПТУ "БУЧИМ" – РАДОВИШ, Скопје, јули 2009 година | 0,5 |
| 9 | Експертска активност:С. Јакимовски, К. Јакимовска; Извештај за извршени испитувања на дигалки во ХЕЦ"КОЗЈАК",Скопје,август 2009 година | 0,5 |
| 10 | Експертска активност:С. Јакимовски. К. Јакимовска; Подготовка на документација за акредитација на инспекциско тело лифтови, дигалки и транспортери при ЦИРКО Скопје, јануари-септември 2009 година | 0,5 |
| 11 | Експертска активност:К.Јакимовска; Стручен превод од германски на англиски јазик на обука за испитување без разорување за фирмата SECTORCert GmbH "Ultraschallprüfung (UT) – Stufe 2", Скопје, септември 2009 | 1,0 |
| 12 | Експертска активност:Експертска активност:К.Јакимовска; Стручен превод од германски на англиски јазик на обука за испитување без разорување за фирмата SECTORCert GmbH "Magnetpulverprüfung (MT) – Stufe 2", Скопје, септември 2009 | 1,0 |
| 13 | Експертска активност:К. Јакимовска; Стручен превод од германски на англиски јазик на обука за испитување без разорување за фирмата SECTORCert GmbH "Sichtprüfung - Stufe 3", Скопје | 1,0 |
| 14 | Експертска активност:К. Јакимовска, М.Косевски FP7 ПРИРАЧНИК - Водич за истражувачите од областа на транспортот. Скопје, ноември 2009 година | 1,0 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | | |
| | Учество во изработка на национални документи: Соработник во проект на GTZ "Transposition of technical EU Directives of the EU into Macedonian Legislation and establishment of quality infrastructure", Скопје, мај 2008 година | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Член на факултетска комисија (комисија за попис, 2008) | 0,5 |
| | Член на факултетска комисија (комисија за попис, 2009) | 0,5 |
| | **Вкупно** | **13,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **21,414** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **15,00** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **13,00** |
| Вкупно | 49,414 |

**Членови на комисијата:**

1. проф. д-р Тодор Давчев , претседател, ред. проф. во пензија

2. доц. д-р Игор Ѓурков, член,

3. доц. д-р Дарко Данев, член,

# РЕФЕРАТ ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТКАТА М-Р КРИСТИНА ЈАКИМОВСКА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр.02-2377/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 26.11.2009 година, определена е Комисија во состав:

1. проф. д-р Чедомир Дубока, Машински факултет – Белград
2. проф. д-р Милан Ќосевски, Машински факултет – Скопје
3. доц. д-р Игор Ѓурков, Машински факултет – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Кристина Јакимовска и да даде оцена за оспособеност на кандидатката за научна работа и подобност на темата за докторска дисертација со наслов:

**РАЗВОЈ НА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНА НА БЕЗБЕДНОСТА НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА ВО ЗАВИСНОСТ ОД НИВНАТА СОСТОЈБА**

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. КРАТКА БИОГРАФИЈА

М-р Кристина Јакимовска е родена на 3.3.1981 година во Скопје. Со основно образование се стекнала во ОУ „Јохан Хајнрих - Песталоци" во Скопје, по што завршила средно образование во гимназијата „Раде Јовчевски - Корчагин" во Скопје. Во 2004 година дипломирала на Машинскиот факултет во Скопје, насока: механизациони машини, како најдобар студент на генерацијата со среден успех 9,92. Во март 2005 година се запишала на постдипломските студии на Машинскиот факултет во Скопје, на истражувачкото подрачје "моторни возила". Истата година се вработила на Машинскиот факултет во Скопје како помлад асистент на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила. Постдипломските студии ги завршила со среден успех 10,00 и во јуни 2009 година успешно го одбранила магистерскиот труд со наслов „Истражување на трошоците на корисникот во животниот циклус на моторните возила", под менторство на проф. д-р Тодор Давчев.

## II. ПРЕГЛЕД НА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ И УЧЕСТВО ВО НАУЧНИ И РАЗВОЈНО ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ

1. S. Jakimovski, **K.Jakimovska**; *Application of the substructure method in analysis of vehicle structure*, European Automotive Congress, Beograd juni 2005.
2. **К. Јакимовска**: ,*Статистички методи во одржувањето на техничките системи*'- семинарска работа, Машински факултет - Скопје, февруари 2006.
3. **К. Јакимовска**: ,*Примена на Маркови процеси во анализирањето на состојбите на поправливите системи*'- семинарска работа, Машински факултет - Скопје, ноември 2006.
4. **К. Јакимовска**: ,*Примена на системски пристап при оцена на погодност за одржување и животен циклус на техничките системи*'- семинарска работа, Машински факултет - Скопје, јуни 2007.
5. **К. Јакимовска**: ,*Информациони системи за работа и одржување на возила и нивно снабдување со резервни делови*'- семинарска работа, Машински факултет - Скопје, јуни 2007.
6. **К. Јакимовска**: ,*Трошоци на животен циклус на возило*'- семинарска работа, Машински факултет - Скопје, октомври 2007.
7. С.Јакимовски, М.Шаревски, **К.Јакимовска**; *Извештај за извршени испитувања на сервисна опрема во МАККАР ДОО*, Скопје, мај 2007 година.
8. С. Јакимовски, М.Шаревски, А.Илиевски, **К.Јакимовска**; *Извештај за извршени испитувања на сервисна опрема во АВТО КУЌА ДОО*, Скопје, мај 2006 година.
9. С. Јакимовски, М.Шаревски, **К.Јакимовска**; *Извештај за извршени испитувања на сервисна опрема во ЕУРОТЕХНИКА ДООЕЛ - Скопје АВТО КУЌА ДОО*, Скопје, февруари 2006 година.
10. С.Јакимовски, С.Мирчевски, В.Стојмановски, **К.Јакимовска**; *Извештај за извршени испитувања на дигалки во ДПТУ "БУЧИМ" – РАДОВИШ*, Скопје, април 2007 година.
11. **K.Jakimovska**, T.Davcev, I. Gjurkov; *Life cycle cost (LCC) model of vehicle ownership costs according to different regimes of exploitation*, XIX International Conference on Material Handling, Constructions and Logistics - MHCL'09, oktomvri 2009.
12. **K.Jakimovska,** T.Davcev, I. Gjurkov; *Research on the user's costs in motor vehicles life cycle*, FISITA 2010 World Automotive Congress, Budapest 2010.

## III. ПРЕДЛОГ ТЕМА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

### III.1 ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ТЕМАТА ШТО ЌЕ СЕ ИСТРАЖУВА

Моторните возила донесоа комфор во нашиот секојдневен живот. Сепак сме свесни дека сообраќајни незгоди можат да се случат и се случуваат. Насекаде низ светот, 1.27 милиони луѓе умираат од сообраќајни незгоди секоја година. Дури половина од нив (46%) се пешаци, мотоциклисти и велосипедисти, според Извештајот за безбедност на патиштата од Светската здравствена организација.

Современите моторни и приклучни возила ја сочинуваат групата на комплексни поправливи технички системи, затоа што во текот на нивното користење се случуваат промени на состојбата кои влијаат на вкупните карактеристики на возилата, а посебно на карактеристиките на возилата во поглед на безбедноста. За разлика од некои други технички системи, промената на состојбата кај моторните возила не зависи само од конструкцијата на системот, начинот на производство на компонентите, применетите материјали, начините на монтажа, начините на користење, туку и од начините на управување од страна на возачот, одржувањето на возилата, можните хаварии, сообраќајни несреќи, односно незгоди кои се случуваат во сообраќајот.

Денес се смета дека секое новопроизведено возило, без оглед на марката, односно земјата во која се произведува, ги задоволува повеќе или помалку истите минимални барања во поглед на перформансите за користење и одржување, за безбедност, економичност итн. Тоа се постигнува врз основа на општоприфатени принципи за сертификација на производот, која во областа на возилата обично се нарекува хомологација (одобрување) и која подразбира спроведување на комплексни проверки на способностите на типот на возилото за да ги задоволи бројните меѓународни прописи од областа на безбедноста, како што се ECE правилниците, EC директивите и слично.

Посебен придонес на квалитетот на новото возило во однос на заштитата на патниците при незгода претставува воведување на современи методи за оценување на однесувањето на возилата во текот на одредени видови на судари, т.н. EURO NCAP тестови, како и примена на т.н. индекс на задоволство на корисникот (англ. Customer Satisfaction Index). Меѓутоа, штом едно ново и современо возило влезе во сообраќајот, неговите карактеристики се менуваат со текот на времето (стареење и слични процеси), условите во кои се користи, односно начинот на користење (корозија, замор поради механички, топлотни, фрикциони и други оптоварувања итн.), а посебно како последица на применетите техники и технологии за одржување, вклучувајќи ги и резервните делови и нивниот квалитет, а особено појавата на евентуалните хаварии, судари или незгоди.

Бидејќи возилата се т.н. „поправливи" технички системи, тогаш на нивната состојба во многу голема мера влијае и одржувањето, кое може да се одржува на исто ниво како и во претходниот период, да се подобрува или да се влошува.

Во врска со санкционирањето на сите овие појави во практиката повеќе од 80 години во многу земји во светот, па и кај нас, се користат т.н. задолжителни технички прегледи. Со нивна помош повремено (обично еднаш годишно, пред регистрација, а кај возилата наменети за јавен превоз на патници и двапати годишно) се проверува „техничката исправност" на возилата по принципите на општата или експресната дијагностика. При таа дијагностика, ако биде констатирана незадоволителна состојба на возилото, не се навлегува во евентуалните причини кои го довеле возилото во таа состојба.

Може да се каже дека се уште во светот не постои општоприфатена метода со која промената на состојбата на возилото би се квалификувала и квантификувала во текот на времето на користење за разни потреби, како, на пример, за продавање на половни возила, нивно осигурување и слично. За овие потреби најчесто се користат

методите за проценка на вредноста на возилото која главно се состои на тоа почетната (набавна) цена да се смалува за одреден процент зависно од староста на возилото.

Проблемот на состојбата на возилата во поглед на неговата безбедност особено е изразен во случаите на сообраќајни незгоди кога и формално и суштински постои потреба да се утврди нивниот причинител. Иако светските статистики покажуваат дека голем процент на таквите случувања (преку 95%) настануваат поради грешки на возачот, односно човечкиот фактор, сепак останува фактот дека состојбата на возилото кое учествувало во сударот е доста важна насока за која не се знае доволно при анализа на сообраќајните несреќи.

Во некои држави како проблем се јавуваат и разни злоупотреби со кои се фалсификува годината на производство на возилото со намера тоа да се прикаже дека е поново или, пак, на старо возило се пренесуваат атрибути на ново возило само што во него е вграден некој агрегат кој е понов од самото возило. Во тој контекст посебно се јавува проблем за идентификација на уредите и опремата со која возилото оригинално било опремено и одржување на потребното ниво на исправност во текот на целиот негов животен век.

Значи, денес несомнено, и тоа не само кај нас туку и во светот, постои проблем на идентификација, квалификација и квантификација на влијанието на состојбата на моторното возило врз безбедноста, а во зависност од староста и експлоатационите услови на возилото и другите влијателни фактори.

Специфичноста на секој сложен систем, па со тоа и на возилото, се огледува во неговата структура, сочинета од низа различни елементи кои меѓусебно се наоѓаат во комплексни интеракции и кои својата функција, по правило, не ја извршуваат поединечно, туку во склоп на различни функционални целини. Посебно е значајно да се има предвид дека возилото е составено од поголем број на функционални целини. Тоа е типичен пример на сложен систем кој е создаден за извршување на одредени целни функции. Сите елементи на возилото, како и нивните врски и воспоставените функционални целини, имаат задача да ја извршат зададената мисија, односно функцијата на критериуми кои мораат да се наоѓаат внатре во зададените граници на дозволените отстапувања.

На возилото во текот на користењето се јавуваат неисправности (откази), т.е. состојба кога возилото не е способно да ја извршува зададената функција внатре во границите на дозволените отстапувања. Неисправностите на возилата обично настануваат кога некои од неговите составни делови (склопови, елементи и слично) не ја извршуваат зададената улога, што е предизвикано од неисправностите на тие елементи или неисправност на врската помеѓу различни елементи кои го сочинуваат возилото.

Намалувањето на работните способности на возилото, т.е. неговата неспособност за задоволување на функциите на целта, поради намалувањето на перформансите, има за последица и намалување на безбедноста, како и намалување на економичноста, односно зголемување на трошоците за користење и одржување.

Сите работни и придружни процеси кои се одвиваат во текот на една работа на возилото доведуваат до тоа, зависно од неговата старост, односно во зависност од големината на поминатиот пат, да се зголемува веројатноста на појави на откази на

возилото или неговите поединечни делови. Освен што доаѓа до опаѓање на влечно-динамичките, посебно се влошуваат и другите карактеристики на возилото, а особено оние што имаат влијание врз безбедноста. Земајќи го предвид влијанието кое возилата го имаат врз безбедноста на сите учесници во сообраќајот, недвосмислено се работи за неповолен процес. Негативните последици од овој процес можат и мораат да се намалуваат, па одржувањето на возилото и неговите системи и во таа смисла има многу важна улога.

Во секој случај, за да може подобро се објаснат причините на настанување на откази на еден систем потребно е подобро да се познаваат причините за промена на неговата состојба. Во инженерската практика и во расположливата литература, промената на состојбата се припишува на разнородни фактори.

Можно е промената на состојбата на системот да се разгледува како нормална последица од неговата работа и влијанието кое на него го имаат работните услови, т.е. оптоварувањето на системот. При разгледувањето на работните оптоварувања на моторните возила и неговите системи, агрегати и елементи обично се смета дека вистинските работни оптоварувања можат да бидат механички и топлотни, што во голем степен го насочува вниманието на причинителите на промената на состојбата.

Од интерес е да се посочи фактот дека кај сите сложени системи, па така и кај возилата, се манифестираат три групи на влијанија на состојбата на системот, односно неговите откази, и тоа:

- систематски влијанија, кои обично доведуваат до откази во периодот на „детски болести" на системот, односно во почетокот на неговата работа и периодот на разработка на системот, каде што кај многу од неговите делови се јавува интензивно трошење на елементите;
- случајни влијанија, кои се последица на дејството на големина чија појава во текот на нормалната работа на системот има стохастички карактер;
- монотоно-дејствувачки влијанија, чиј интензитет расте со должината на работата на системот, како што се абење, ненагоденост, замор на материјалот, стареење, корозија итн.

Моторните и приклучните возила се такви технички системи чијашто нормална работа е зависна од употребата на погонски материјали и други технички течности. Сигурно е дека состојбата на возилата и нејзината промена е во директна врска со квалитетот на применетите погонски материјали и техничките течности.

Секогаш се подразбира дека состојбата на поправливиот систем зависи и од применетиот систем на одржување, опфаќајќи ги сите негови обележја (концепција, организација, технологија). Често ова влијание недоволно се истакнува, што не е дозволиво со оглед на целата евидентност на влијанијата на одржувањето врз промената на состојбата на возилото.

## III.2 ЦЕЛИ НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Гледано во пошироки размери, целта на дисертацијата е да се даде придонес во една релативно млада област на истражување за оцена на безбедноста на возилата врз основа на нивната состојба во текот на времето на користење. Се има за цел да се

проучат и изнајдат релевантните фактори кои влијаат на промената на состојбата на возилата, а со тоа и на безбедноста во поглед на менување на перформансите на возилото.

Позитивната оцена за безбедност што ја добива новото возило е доволно тоа возило да биде пуштено во експлоатација, но останува прашањето, кое недоволно е истражувано, како тоа возило ги менува своите карактеристики на безбедност со текот на времето и зависно од различните можни извори на промена на нивната состојба, како што се:

- вградени грешки, т.е резултат на сопствените слабости на системот, кои можат да бидат предизвикани од: грешки при изработка (материјал, делови, склопови, агрегати и сл.) или грешки при конструирање;
- погрешна употреба;
- абење, замор или стареење;
- евентуални хаварии, ако возилото ги имало, и нивните последици, а особено и сосема сигурно квалитетот на одржување на кое е изложено возилото во текот на својот животен век.

Основна цел е утврдување и наоѓање на можноста за дефинирање на метод, т.е. начин на евалуација на состојбата на возилата по кој би создале критериуми за оценување на безбедноста на возилото во моментот на разгледување.

Овој метод, односно начин на евалуација на состојбата на возилата и оцената на неговото влијание врз безбедноста на набљудуваното возило ќе мора да го земе предвид фактот дека возилата во експлоатација се разликуваат меѓусебно, во основа, по голем број на фактори, како што се: видот и намената на возилата, големината, потеклото, односно марката и типот, годината на производство итн., а особено историјата на настани на набљудуваното возило во текот на времето на неговото користење. Исто така е потребно да се даде една споредба на тоа како се менуваат карактеристиките на безбедност споредувајќи ги различните класи кај возилата.

## III.3 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето на планираните активности во докторската дисертација ќе се реализира по методологија, која ги опфаќа следниве фази:

- преглед и презентација на достапната литература од оваа проблематика со коментари и мислења за одделни сознанија;
- преглед и презентација на методите за оцена на безбедноста на ново возило;
- преглед и презентација на методите за оцена на состојбата на возилата кои се наоѓаат во експлоатација, како што се редовни и вонредни технички прегледи, испитување на возилата во склоп на контролата за извршување на одржувањето, ~~а особено по отстранување на последиците од сообраќајните незгоди, ако~~ возилото ги доживеало;
- истражување на параметрите кои ќе доведат до намалување на вкупната безбедност кај возилата;

- разгледување на промената на состојбата на возилото;
- идентификација, квалификација и квантификација на факторите кои влијаат на промената на состојбата на возилото во текот на времето на користење;
- спроведување на системска анализа на фактори кои влијаат врз промена на состојбата на возилото;
- развој на методи за вреднување (оцена) на безбедноста на возилото според неговата состојба;
- компаративна анализа и оцена на релевантните фактори за безбедноста добиени од истражувањето наспроти оние применети за добивање на позитивна оцена за безбедноста на ново возило;
- заклучни согледувања.

Со помош на рангирањето ќе бидат определени критериумите за промена на состојбата на возилото. Врз основа на тоа ќе биде развиена метода за оцена на безбедноста врз основа на неговата состојба.

## III.4 ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со спроведување на предвидениот обем на истражување по презентираната методологија, низ научен пристап се очекува да се постигнат поставените цели во трудот, односно да се создаде можноста за формирање методологија по која би се оценувала безбедноста на возилата врз основа на нивната состојба.

Со помош на развиената методологија ќе може да се покаже влијанието на состојбата на возилото во претходна проценка за тоа колку таа влијаела на причините да се случи некоја хаварија во која возилото учествувало.

Предметот на докторската дисертација ќе овозможи еден евидентен проблем на современиот друмски сообраќај, а тоа е квалификациската и квантификациската оцена на безбедноста на возилата во сообраќајот, имајќи ја предвид нивната состојба, од рамка на дискретен начин на набљудување (т.е. новопроизведеното возило е безбедно ако неговиот тип е хомологиран (одобрен) според важечките прописи, а возилото во експлоатацијата е безбедно ако редовно поминува на технички преглед), да се промени во динамичка рамка во која оцената на безбедноста на возилата ќе се заснова на утврдување на нивната реална состојба. Предвид ќе се земе дека врз промената на состојбата на возилата влијаат вградените грешки (сопствените слабости на системот, како што се: грешки при изработка на материјал, делови, склопови, агрегати или грешки при конструирање), погрешна употреба, абење, замор или стареење, а потоа и евентуални хаварии (ако возилото ги проживеало), а особено и сосема сигурно и квалитетот на одржување на кое е подложено возилото во текот на својот животен век.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Комисијата, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, го дава следниов

**ПРЕДЛОГ**

1. Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Кристина Јакимовска, дипл. маш.инж., врз основа на досегашниот степен на образование, научно истражувачката и стручна активност располага со потребните квалитети за изработка на предложената тема за докторска дисертација за стекнување на научен степен доктор на технички науки.
2. Врз основа на образложението на пријавената тема, обемот на истражувањето, методологијата на истражувањето, целите, научните тези и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов: '*Развој на методологија за оцена на безбедноста на моторните возила во зависност од нивната состојба*' е актуелно и современо истражување во доменот на моторните возила и е подобна за изработка на докторска дисертација.
3. За ментор на предложената докторска дисертација се предлага проф. д-р Чедомир Дубока од Машинскиот факултет при Универзитетот во Белград.

Скопје, 27.11.2009

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Чедомир Дубока,
Машински факултет при Универзитетот во Белград с.р.

2. Проф. д-р Милан Ќосевски,
Машински факултет, УКИМ – Скопје с.р.

3. Доц. д-р Игор Ѓурков,
Машински факултет, УКИМ – Скопје с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р ВЛАДАН АНДОНОВИЌ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр. 02-2326/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 24.9.2009 година, определена е Комисија во состав:

1. вонр. проф. д-р Глигорче Вртаноски, Машински факултет - Скопје
2. проф. д-р Владимир Дуковски, Машински факултет - Скопје
3. доц. д-р Владо Ванковски, Стоматолошки факултет - Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Владан Андоновиќ и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и подобноста на темата за докторска дисертација со наслов:

**Моделирање и анализа на биомеханичките системи**

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на чл. 63 и 174 од Законот за високото образование и чл. 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. КРАТКА БИОГРАФИЈА

М-р Владан Андоновиќ е роден на 5.7.1967 година во Куманово. Основното образование го стекнал во Куманово, по што завршил средно техничко училиште во Куманово. Дипломирал на Машинскиот факултет, насока: заварување и заварени конструкции. Магистрирал на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со тема „Стабилност и носивост на заварените јазли изведени од цевкасти профили".

Работната кариера ја започнал во Тутунски комбинат во Куманово, како одговорен инженер во одржување на машините каде што ги извршувал задачите од областа на редовно одржување, набавка и замена на резервни делови, изготвување на технички цртежи и моделирање на резервните делови со помош на CAD/CAM - технологија, анализа со помош на метод на конечни елементи и измена на постојните машински делови со цел за нивно подобрување и отстранување на негативните особини воочени во текот на експлоатација на машините. На двомесечно специјалистичко образование во Пловдив заминал во 1994 година, каде што се стекнал со сертификат за програмер на Simatic S5 – програмабилни логички контролери. Во 2001 година е назначен за раководител на Одделот за енергетика и парни котли при истиот Комбинат. Во Комбинатот работел до 2006 година, а потоа заминал на работа во DS Steel Larisa - Грција, на работното место помошник на главниот проектант. Таму ги извршувал работните задачи во однос на конструирање и дизајн на помошните елементи и објекти за потребите на Олимписките игри во Атина во 2006 година со помош на програмскиот пакет Cubus Stahl. Од април 2006 до јануари 2008 година работел како маркетинг - менаџер во приватната компанија МЕГА - Куманово. Во јануари 2008 година се вработил како наставник по група машински предмети во ЕМУЦ „Наце Буѓони" во Куманово. Во меѓувреме работи како хонорарен технички преведувач на упатства за работа на електрични алати во компанијата Einhell Германија. Од 15 септември е вработен на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, на Машинскиот факултет во Виница како асистент.

## II. ПРЕГЛЕД НА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ И УЧЕСТВО ВО НАУЧНИ И РАЗВОЈНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ

1. В. Андоновиќ, Б. Андоновиќ: *Надежност како поим во современите тенденции во проектирањето на конструкциите*, Друштво на градежните конструктори на Македонија, 8-ми Меѓународен симпозиум, Охрид, Р. Македонија, октомври 1999 година.
2. В. Андоновиќ, Ѓ. Кокаланов: *Објектно ориентирана архитектура во методот на конечните елементи*, Друштво за механика на Република Македонија, 7-ми Симпозиум за теоретска и применета механика, Струга, Р. Македонија, септември 2000.
3. В. Андоновиќ, Б. Јеремиќ, Ѓ. Кокаланов: *Објектно ориентиран пристап за еластопластична анализа на механика на цврсто тело*, Друштво за механика на Република Македонија, 7-ми Симпозиум за теоретска и применета механика, Струга, Р. Македонија, септември 2000.

## III. ПРЕДЛОГ-ТЕМА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

### III.1 ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ТЕМАТА ШТО ЌЕ СЕ ИСТРАЖУВА

Во денешните услови на брз технолошки развиток на науката и техниката, биомеханиката како интердисциплинарна наука го зазеде своето место како

посебна научна дисциплина. Од посебен интерес се истражувањата кои се изведуваат во денталната биомеханика, која ги третира проблемите на јакосните карактеристики на вилиците кај човекот, изработка на различни дентални помагала, вградување на протетички надоместоци (коронки, мостови, импланти и др.), воведување на нови дентални биоматеријали и др.

Образложението за темата се базира на истражувањата кои се направени врз основа на досегашните теоретски и експериментални истражувања изведени во светски рамки. Научните истражувања претставуваат солидна база за едно сеопфатно истражување кое кандидатот ќе го надополни со неговото истражување при изработка на докторската дисертација.

Од посебен интерес се истражувањата во денталната биомеханика кои се однесуваат на напонско-деформационата состојба на вилиците во фаза на џвакање при парцијална беззабост, состојби кога се вградени протетички надоместоци (различни протези, без разлика дали се работи за фиксни или мобилни).

Проблеми на кои се наидува при моделирање и анализа на биомеханичките системи се: за горната и долната вилица на човекот се смета дека се со крајно сложена форма, па оттука може да се каже дека е отежнато добивање на 3Д-модел; при анализа со метод на конечни елементи, симулација на силите при џвакање, опис на материјалните карактеристики, услови на потпирање на системот и др. се отежнати поради биолошката природа на проблемот; in vivo истражувањата од областа на кинематско-динамичките состојби на вилиците се отежнати или скоро невозможни.

Во истражувањата изведени во светски рамки, за добивање на волуменскиот модел на вилиците најчесто се користи компјутерската томографија, чиј приказ со компјутерските програми за дигитализација на сликата овозможува волуменски модел на вилицата со одредена точност.

За анализа со методот на конечни елементи се користат различни компјутерски програми кои со помала или поголема точност ја даваат напонско-деформационата состојба на вилицата и забите при одредена состојба на биомеханичкиот систем, т.е. човекот. Добиените резултати се повеќе или помалку прифатени од научниците поради апроксимации или понекогаш поради погрешно моделирање и одредени апроксимации на денталните системи. Но, и помалку прифатените резултати од анализите, исто така, се корисни, но само како идеја за идни научни истражувања.

Водејќи се од проблемите и резултатите кои се добиени од досегашните научни истражувања, по сеопфатна анализа на постојните научни истражувања, кандидатот ќе се обиде да ја истражи напонско-деформационата состојба на вилиците при џвакање со сите 32 заба, да ги одреди оптоварувањата на вилиците при случај на џвакање со недостаток на еден или повеќе заби, да ја утврди напонско-деформационата состојба на мандибуларната коска при вграден протетички надоместок на местата на кои недостасуваат одредени заби, како и да направи истражувања во насока на одредување на нови биоматеријали кои би биле супституција на деформитети во мандибуларната коска со цел да се добие функционалната геометриска форма на вилицата. По ова теоретско истражување, кандидатот ќе развие инсталација за испитување

на кинематско-динамичките карактеристики на вилицата на која ќе бидат изведени соодветни експериментални истражувања со цел да се потврдат добиените теоретски резултати.

### III.2 ЦЕЛИ НА ПРЕДЛОЖЕНАТА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

1. Истражување на кинематско-динамичките состојби на вилиците со цел одредување на силите во вилиците (максила и мандибула).
2. Истражување на напонско-деформационата состојба на вилиците при случај на џвакање со сите 32 заба или т.н. нормална физиолошка состојба.
3. Одредување на оптоварувањата на вилиците при случај на џвакање со недостаток на еден или повеќе заби.
4. Утврдување на напонско-деформационата состојба на мандибуларната коска при вграден протетички надоместок на местата на кои недостасуваат одредени заби.
5. Истражувања во насока на одредување нови материјали при супституција на деформитети во мандибуларната коска со цел да се добие функционалната геометриска форма на вилицата.

### III.3 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За реализација на истражувањата ќе бидат користени достигнувањата од светската достапна литература и некои досегашни домашни истражувања. При тоа, за фазата на моделирање на вилиците, т.е добивање на теоретскиот моделот ќе биде користена компјутерската томографија и 3Д-димензионалната дигитализација.

Добиениот просторен геометриски модел на вилиците ќе послужи за соодветни анализи користејќи го методот на конечни елементи. Исто така ќе се дефинираат и симулираат силите од џвакањето, условите на гранично слонување и механичките карактеристики на материјалот на вилиците. Со тоа ќе биде во целост анализирана напонско-деформационата состојба на вилиците во процесот на џвакање (мастикација).

За реализација на експерименталните истражувања ќе биде развиена инсталација за испитување на кинематско-динамичките карактеристики на вилиците, преку кои ќе бидат потврдени теоретските истражувања.

### III.4 ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

1. Ќе биде направен преглед и разработка на постојната литературе.
2. Ќе биде добиена целосна напонско-деформациона состојба на вилицата при случај на џвакање и постоење на сите 32 заба или т.н. нормална состојба.
3. Ќе биде добиена целосна напонско-деформациона состојба на вилиците при случај на џвакање и недостаток на еден или повеќе заби.

4. Ќе биде добиена целосна напонска и деформациона состојба на мандибуларната коска, вградениот протетички надоместок и однесување на вградениот материјал при оптоварување.
5. Ќе бидат дадени препораки за употреба на современи материјали за изработка на протетички надоместоци.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, го дава следниов

**ПРЕДЛОГ**

1. **Комисијата смета дека кандидатот м-р Владан Андоновиќ, дипл. маш. инж., врз основа на досегашниот степен на образование и научноистражувачка и стручна активност располага со потребните квалитети за изработка на предложената тема за докторска дисертација.**

2. Комисијата може да констатира дека предложената тема во целост ги задоволува барањата кои се дадени во соодветната норматива која се однесува на изработка на докторски дисертации. Со резултатите на овие истражувања очекуваме вклучување на нашата средина во врвот на истражувачките напори во областа на денталните биомеханички системи. Имајќи предвид дека фокусираноста на истражувањата е во областа на денталната биомеханика , Комисијата смета дека насловот на дисертацијата треба да гласи:

   ***Моделирање и анализа на денталните биомеханички системи.***

3. За ментор на предложената докторска дисертација се предлага вонр. проф. д-р Глигорче Вртаноски од Машинскиот факултет во Скопје.

Скопје, 2.12.2009 година

Комисија

1. Вонр. проф. д-р Глигорче Вртаноски,
   Машински факултет, УКИМ – Скопје с.р.

2. Проф. д-р Владимир Дуковски,
   Машински факултет, УКИМ - Скопје с.р.

3. Доц. д-р Владо Ванковски,
   Стоматолошки факултет, УКИМ - Скопје с.р.

# ПРЕГЛЕД

на пријавена и прифатена тема за изработка на **магистерски труд** на

**Институтот за македонска литература** во Скопје

| Ред. бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Аница Глигорова-Милева | Книжевното творештво за деца во македонската културна преродба<br><br>Literary works for children in Macedonian Cultural Revival | Проф. д-р Валентина Миронска-Христовска |

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „КОМУТАЦИЈА И РУТИРАЊЕ“ ОД Д-Р ТОНИ ЈАНЕВСКИ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата редовна седница одржана на 29.4.2009, со одлука бр. 02-1271/34, ме одреди за еден од рецензентите на ракописот под наслов „Комутација и рутирање“ од д-р Тони Јаневски, вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Во тоа својство, а по прегледот на ракописот го доставувам следниов

## Извештај

### 1. Општи податоци

Ракописот „Комутација и рутирање“ има вкупно 244 страници и 120 слики. Содржината на ракописот е поделена на 10 поглавја. Кон ракописот е приложена листа на користена литература со 41 референцирана содржина.

### 2. Анализа на ракопиот

Ракописот „Комутација и рутирање“, пред се, е наменет за студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, кои студираат на студиската програма телекомуникации. Ракописот опфаќа релевантни области кои се однесуваат на современите аспекти на комутацијата и рутирањето и може да служи како учебно помагало за студентите од наведената студиска прогрма и пошироко, за сите заинтересирани во опфатената проблематика.

Во првите пет поглавја детално се разработени проблемите врзани со комутацијата на каналите. Вторите пет поглавја главно се посветени на механизмите на пакетска комутација и основните концепти и проблеми на рутирање.

Првото поглавје претставува вовед во поимите за комутација и рутирање. Во него се дефинира поделбата на типови комутации, и се опишува архитектурата на телекомуникациската мрежа.

Во второто поглавје се обработени комутациските системи и се објаснети некои основни поими како комутациско поле, едностепени и повеќестепени комутациски структури.

Третата глава е посветена на дигиталните комутациски системи со краток осврт на нивниот историски развој. објаснета е класификацијата, градбата и функционирањето на дигиталните комутациски полиња.

Четвртата глава е посветена на сигнализацијата. Даден е преглед на разни сигнализациски протоколи со посебен осврт на сигнализација SS7.

Значењето на синхронизацијата во дигиталните комутациски системи е детално објаснето во петтата глава. Даден е преглед на можни методи на синхронизација и илустрирани се примери за решенија на синхронизација во дигитални мрежи.

Шестото поглавје е посветено на опис на интернет, основните протоколи и поими врзани за рутирање.

Основите на пакетската комутација се изложени во седмото поглавје. Претставени се основните типови на пакетски комутациски структури за брза пакетска комутација и нивните основни карактеристики.

Последните три глави се посветени на рутирањето. Во осмото поглавје се изложени основите на теоријата на рутирање и претставени се некои основни рутирачки механизми и поими.

Деветата глава дава преглед на поважните рутирачки протоколи, пред се врзани за интернет мрежата.

Понапредни техники за рутирање и осврт на нови концепти во интернет технологиите се претставени во десетото поглавје.

Изложената материја ја покрива содржината на предметот комутација и рутирање (кој го слушаат студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на студиската програма телекомуникации) која од страна на авторот е продлабочена и проширена со понапредни содржини, овозможувајќи да биде од интерес и за пошироко круг заинтересирани читатели.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека ракописот „Комутација и рутирање" ја покрива програмата на истоимениот предмет и ги проширува и продлабочува областите поврзани со рутирање. Пишуван е со издржана концепција, разбирливо и јасно.

Рецензентот со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во скопје да донесе одлука ракописот „Комутација и рутирање" од вонр. проф. д-р Тони Јаневски да се печати како учебник на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Рецензент
Проф. д-р Лилјана Гавриловска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „КОМУТАЦИЈА И РУТИРАЊЕ“ ОД Д-Р ТОНИ ЈАНЕВСКИ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата редовна седница одржана на 29.4.2009. со одлука бр. 02-1271/34, ме одреди за еден од рецензентите на ракописот под наслов „Комутација и рутирање“ од д-р Тони Јаневски, вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Во тоа својство, а по прегледот на ракописот го доставувам следниов

## Извештај

1. Општи податоци

Ракописот „Комутација и рутирање“ има вкупно 244 страници и 120 слики. Содржината на ракописот е поделена на 10 поглавја, кои главно завршуваат со резиме или дискусија, а на крајот е дадена користената литература.

2. Анализа на ракописот

Ракописот „Комутација и рутирање“, пред сè, е наменет за студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, кои студираат на студиската програма телекомуникации и го следат истоимениот предмет, како и за сите други читатели кои се занимаваат или ги интересира третираната проблематика.

Во воведниот дел од сите поглавја дадени се основите на материјата што следи, со едноставен и разбирлив стил и за читатели кои немаат поголеми знаења од опфатената проблематика.

Во првото поглавје се дава вовед во поимите комутација и рутирање, при што е покажана поделбата на типови на комутација, а се објаснува и архитектурата на телекомуникациските мрежи.

Второто поглавје ги обработува комутациските системи за комутација на канали, при што се објаснети поимите за комутациска матрица и повеќестепени комутациски полиња.

Основа на денешните современи комутациски системи се принципите на дигиталните комутациски полиња и општо дигиталната комутација, што е детално разработено во третото поглавје.

Во четвртото поглавје е обработена сигнализацијата во телекомуникациските мрежи, која е неопходна за севкупното функционирање на една телекомуникациска мрежа при обезбедувањето на даден сервис.

Постапките за остварување на синхронизацијата меѓу различните елементи од мрежата, која е неопходна за функционирањето на дигиталните телекомуникациски мрежи, се разработени во петтото поглавје.

Во шестото поглавје е даден вовед во најраширената пакетска мрежа денес – интернет, која се заснова на комутација на пакети и IP-рутирање на пакети.

Согласно со тоа, во наредното поглавје се разработени механизми за пакетска комутација и за комутација на пакети при големи битски брзини.

Осмото поглавје претставува вовед во теоријата на рутирањето, при што се разработени основните концепти, како и практичната имплементација на рутирачките табели во мрежните јазли.

Наредното поглавје е посветено на главните протоколи за рутирање во интернет според стандардите за рутирање на Internet Engineering Task Force - IETF.

Последното поглавје е посветено на напредните техники на рутирање. При тоа се опфатени комутацијата и рутирањето на пакети за конкретни типови сервиси во интернет, интегрираните и диференцираните сервиси, со посебен акцент на новите концепти во интернет-технологиите.

Вака формираниот ракопис во целост ја опфаќа материјата предвидена со програмата на предметот комутација и рутирање, кој го слушаат студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на студиската програма телекомуникации во 5. семестар. Тој може да биде корисен и за сите оние студенти, како и за други читатели, кои се срекаваат со оваа проблематика.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на погоре изнесеното може да се заклучи дека ракописот „Комутација и рутирање" е во согласност со програмата на истоимениот предмет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Ракописот е пишуван на високо ниво, со јасен, прецизен и конзистентен стил, но воедно многу приемчив за читателот.

Рецензентот со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да донесе одлука ракописот „Комутација и рутирање" од вонр.проф. д-р Тони Јаневски да се печати како учебник за истоимениот предмет.

Рецензент

Проф. д-р Татјана Улчар-Ставрова, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ДИГИТАЛНИ ТЕХНОЛОГИИ ВО ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ И ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно – научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на својата редовна седница одржана на 19.11.2009 година, формира Рецензентска комисија во состав: доц. м-р Славица Јанешлиева-Бачварска, претседател, ред. проф. м-р Луцијан Братуш, АЛУО – Љубљана, член и ред.проф. д-р Татјана Кандикјан, Машински факултет, член.

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија" и „Лајме" на 28.10.2009 година за избор на наставник, во сите звања, по предметите дигитални технологии во ликовната уметност и графички дизајн, се пријавија кандидатите м-р Ладислав Цветковски, м-р Тони Васиќ и м-р Методи Ангелов.

Сите пријавени кандидати ги исполнуваат условите за пријавување на конкурсот. Врз основа на документите поднесени од пријавените кандидати, како и врз основа на следењето на нивната ликовна дејност, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**М-р Ладислав ЦВЕТКОВСКИ**

**Роден:** 1965 во Скопје, Република Македонија.

**Образование:**

1990 Дипломирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Факултет за ликовни уметности во Скопје.

2003 Магистрирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Факултет за ликовни уметности во Скопје.

2007 Се здобил со звањето доцент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Факултет за ликовни уметности во Скопје.

2008 Усовршување во области теорија на боја и метрика на боја на Машинскиот факултет и институот за боја при Универзитетот во Марибор, Словенија.
Избор во наставно-научно звање доцент на групата предмети од областа дизајн на Факултет за архитектура и дизајн на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје.

**Работно искуство:**

Во текот на целото работно искуство интензивно работи и ги истражува технолошките и изразните можности на електронските медиуми, за во последно време да се фокусира на дигиталната технологија. Како резултат на тоа истражување произлегоа магистерскиот труд и изложбите во периодот меѓу 2002-2008, а во подготовка е и проширен труд во кој ќе бидат поместени искуствата стекнати за време на истражувањата.

**Од 2008** – предава на Машинскиот факултет во Скопје, постдипломски студии на Одделот за индустриски дизајн при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј",

- подготовка и реализација на наставната програма теорија на боја и метрика.

**Од 2007** – предава на Универзитетот American Collage, Скопје;

- подготовка и реализација на наставна програма за додипломски и постдипломски студии на предметот ѓрафичкиот дизајн;
- раководител на Дизајн-студио за постдипломските студии.

**Од 2006** – предава на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"на Факултетот за ликовни уметности во Скопје;

- подготовка и реализација на наставната програма за додипломски студии на предметот графичкиот дизајн и предметот основи на употребата на дигитална технологија во ликовната уметност;
- организација и реализација на гостувачки предавања на експерти.

**Од 1999** – дизајнер во дизајнстудиото на „Скенпоинт", АД-Скопје

- професионално работи во областа на ликовната уметност и графичкиот дизајн;
- дизајнира и уредува значајно: монографии, разни видови публикации, книги, каталози, лога, знаци, билборди, летоци, CD-омоти, плакати и др.
- соработува со: Кинотека на Македонија, Музеј на современа уметност-Скопје, Музеј на град Скопје и Национална галерија, исто така и со Македонската академија на науките и уметностите и други институции и издавачки куќи во Македонија;
- работи на проекти за Министерството за култура на Република Македонија, Министерство за економија на Република Македонија, Парламентот на Република Македонија, град Скопје;
- дизајнира проекти за UNDP, USAID, OSCE, ICE, BCYF и други меѓународни организации.

**Од 1994 до 1999** – дизајнер во Музејот на современата уметност во Скопје;

- професионално работи во областа на ликовната уметност и графичкиот дизајн;
- дизајнира и уредува публикации, книги и каталози;
- учествува во организација на изложби.

**1999** – подготовка, планирање и работа како наставник на курсот „Подготовка за печат, печат и дизајн-школо", на кој предаваше и организираше вежби за следниве софтверски апликации: Adobe Page Maker, Adobe Photoshop, Adobe Illustrator, како и предавањето за основите на графичкиот дизајн, организиран од страна на Школото за компјутерска обука „Макпетрол компјутери", Скопје.

**Од 1991 до 1994** – слободен уметник и дизајнер.

**Други вештини и знаења:**

Високо професионално знаење и искуство во:

- компјутерските софтвери: Adobe Photoshop, Adobe Illustrator, Adobe Page Maker, Adobe In Design, Quark X Press, Corel Draw, MS Office, и др. ;
- графичка индустрија, експерт за графички дизајн, креативен директор, ликовно уредување и планирање, подготовка за печат и контрола на процесот за печат за постигнување на врвен квалитет;
- организирање и подготовка на високошколски едукативни програми во областа на дигиталната уметност, графичкиот дизајн, употребата на IT-технологија во уметноста, теоријата на боја и метриката на бојата;
- оргнизација и подготовка на различни видови деловни и едукативни презентации, наменети за промоција, едукација и работилници;
- извонредни комуникациски способности со клиенти со различен културен, етнички и верски идентитет.

**Награди:**

**-1989**, награда за најдобар студент на Одделот за графика и графички дизајн на Факултетот за ликовни уметности во Скопје;

**-1991**, награда за цртеж на Третото биенале на млади уметници, Музеј на современата уметност во Скопје;

**-2005**, награда за најдобро дизајнирана публикација во 2004 за монографското издание „Икони на Музејот на Македонија", доделена од Институтот отворено општество Македонија;

**-2008**, откуп на дело од страна на Музејот на современата уметност во Скопје.

**Изложби:**

**Самостојни изложби:**

2002 – Крањ, Република Словенија, Галерија „Дом"

2003 – Скопје, Музеј на современата уметност

2004 – Скопје, Музеј на град Скопје

2004 – Скопје, Француски културен центар

2005 – Битола, Уметничка галерија - Битола

2006 – Скопје, Музеј на град Скопје, Отворено графичко студио, заедно со Евгениј Пантев

2007 – Битола, НУ Завод и музеј – Битола, Културен центар - Магаза, Битола

2009 – Скопје, Музеј на град Скопје

**Групни изложби:**

1989 – Изложба на млади сликари, Дом на АРМ, Скопје

1990 – 7. Триенале на графика, Битола

1990 – Есенски ликовен салон, 68 македонски автори, мал формат, Галерија „Глам", Скопје

1991 – 3. Биенале на младите, Музеј на современата уметност - Скопје

1992 – Нова генерација на ДЛУМ, Галерија ДЛУМ, Скопје

1997 – 4.Триенале на графики од мал формат во Шамалие, Франција

2001 – Сува игла, Галерија на ДЛУМ, Скопје
2004 – Осијек, Млада македонска графика, Фоаје Хрватског Народног казалишта – Осијек
2005 – Зимски салон на ДЛУМ, Музеј на град Скопје, Скопје
2006 – Графички имагинации, Музеј на град Скопје, Скопје
2006 – Зимски салон на ДЛУМ, Музеј на град Скопје, Скопје
2007 – Зимски салон на ДЛУМ, Музеј на град Скопје, Скопје
2007 – Стар простор – нова линија, Галерија „Магаза", Битола
2008 – 9-то Меѓународно биенале на минијатурна уметност, Горњи Милановац, Србија
2009 – 43. Ликовни сустрет, Уметничка графика и савремени медији, Суботица, Србија
2009 – 6. Меѓународно графичко триенале Битола, Битола

**Познавање на јазици:**

| **Мајчин јазик** | **МАКЕДОНСКИ**<br>**ИТАЛИЈАНСКИ** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Други јазици:** | | | | |
| | СРПСКИ | СЛОВЕНЕЧКИ | АНГЛИСКИ | ГЕРМАНСКИ |
| • читање | одлично | одлично | многу добро | многу добро |
| • пишување | одлично | многу добро | многу добро | добро |
| • говорење | одлично | одлично | многу добро | добро |

**ИЗБОР ОД РЕАЛИЗИРАН ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН:**

**Позначајни публикации / монографски изданија:**

**1994** - Македонска карикатура, Владимир Величковски
**1998** - Народната носија од скопска блатија, Ангелина Крстева
**1999** – Македонија-земја на туризмот, Никола Панов
**2001** - Мојата Македонија, Благоја Дрнков
**2001** - Капитал и пол, Сузана Милевска
**2000** - Македонија низ вековите, Државен архив на Република Македонија
**2002** - Животот во Скопје 1918 - 1941, Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска
**2002** - The Republic of Macedonia, Повеќе автори
**2003** - Нешто поинаку, Делчо Михајлов
**2003** - Македонските колекции од фондовите на Рускиот етнографски музеј, Музеј на град Скопје
**2003** - Монуметалната уметност и архитектура меѓу двете светски војни, Борис Петковски, Крум Томовски
**2003** - Димитар Кондовски, МАНУ
**2003** - Демократска Македонија, Ѓоко Поповски
**2004** - Благоја Чушков
**2004** - Свети Наум (2. издание), Цветан Грозданов
**2004** - Икони од Музејот на Македонија, Викоторија Поповска Коробар
**2005** - Бона,
**2005** - Васко Ташковски, Дора Андонова

2005 - Павле Кузмановски, Дора Андонова
2006 - Бона Бајрактарова, Дентална Трауматологија
2008 – Вана Урошевиќ
2007-8 - Илија Пенушлиски
2008 – Делчо Михајлов, Ante portas
2009 – Лира Грабул
2009 – Димче Николов
2009 – Лира Грабул
2009 – Енформел 1959-1966
2009 – Amazing Macedonia
2009 – 60 години Универзитет „Св Кирил и Методиј" во Скопје

**Избор од стручни и популарни книги и публикации:**
1991 - Фросина, Кинотека на Македонија
1992 - Генезата на македонскиот игран филм, Љубиша Георгиевски
1992 - Македонскиот игран филм, Мирослав Чепинчиќ
1996 - Мис Стон, Кинотека на Македонија
1998 - Алергиски болести - лекување, Владимир Цветанов
1998 - АлерДенови на меѓународно образование (преглед 1998)
1999 - Браќа Гиновски - зографи во Црна Гора, Анѓа Капиџиќ
2000 - Го сакам Скопје, Данило Коцевски
2001 - Македонија 1989-1999, Зборник
2001 - 55 години Кочо Рацин
2002 - Александар Сариевски, Кирил Тодевски
2003 - Панко Брашнар, Перо Коробар
2007 – Благоја Самаковски, Колумни 1998-2007 Македонија
2007 – Благоја Самаковски, Колумни 1998-2007 Свет
2009 – Скупи

**Избор од годишни извештаи и слични публикации:**
2001 - Годишен извештај на Фондацијата „Институт отворено општество – Македонија" за 2000 година
2001 - USAID, Macedonia 2001
2002 - Годишен извештај на Фондацијата „Институт отворено општество – Македонија" за 2001 година
2002 - Национален извештај на UNDP за 2001 година
2002 - Национален извештај на UNDP за 2003 година
2003 - Годишен извештај на BCYF за 2002 година
2004 - Годишен извештај на BCYF за 2003 година
2005 - Годишен извештај на BCYF за 2004 година
2006 - Годишен извештај на АПП
2006 - Годишен извештај на BCYF за 2005 година
2007 - Годишен извештај на Комерцијална банка – АД Скопје
2008 - Двогодишен извештај на BCYF за 2006-2006 година
2009 - Ремедика

**Избор на логотипови:**
- Фестивал на филмската камера „Браќа Манаки"
- Вегавет
- Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија
- Квадрат инженеринг

- Електрометал - Тетово
- Стефазо
- Synclar & Boscov
- Rotary Club Skopje Centar
- Lions District 132 Macedonia

**Избор на списанија:**
**1990 - 2008 -** Кинопис, Кинотека на Македонија
**1995 - 1998 -** Големото стакло, МСУ-Скопје
**2004 - 2008 -** Spotlight, OSCE
**2009 -** Dante

**Избор на дизајн на CD, VHS-омоти:**
- Amazing Macedonia;
- Live in Zagreb, V. Stefanovski and M. Tadic;
- Лулка, Вања Лазарова и Мирослав Тадиќ;
- Трета мајка, В. Стефановски, М. Тадиќ, Т. Спасов;
- Tavitjan trio brothers;
- Владо Јаневски, Евросонг;
- серијалот „Умни глави".

**Повеќе од педесет каталози и плакати за изложби реализирани во речиси сите позначајни галерии и музеи во Македонија**

**Прилог кон CV:**
Ладислав Цветковски, во текот на својот 18-годишен работен ангажман како ликовен уметник и графички дизајнер, е автор на **повеќе од 1800 дела од областа на графичкиот дизајн.**
При тоа:
- луксузни монографски изданија за најзначајните државни институции – 40;
- стручни книги, популарни книги, публикации и каталози за изложби и други манифестации -700;
- плакати – 50;
- годишни извештаи и слични публикации – 100;
- списанија – 100;
- логотипови -30;
- VHS ,CD и DVD-омоти - 15;
- календари, флаери, етикети, формулари и други видови рекламен материјал – повеќе од 850.

Поради запазување на меѓународно усвоените стандарди за подготовка и должина на биографијата и поради огромниот број на авторски дела, во CV-то е даден тесен избор на позначајните дела од областа на графичкиот дизајн, кои се издвојуваат по уметничкиот израз, квалитетот, значењето и обемот.

Доколку Комисијата смета за потребно, можно е да се достави проширена листа на која ќе се најдат голем број наслови на реализираните дела чиј автор на дизајнот е Ладислав Цветковски.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: м-р Ладислав Цветковски**
**Институција: Факултет за ликовни уметности**
**Научна област: графички дизајн и дигитални технологии**

НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување настава од прв циклус студии:** | |
| 1.1 | 2006/2007 г., предмет: „дигитална технологија", ФЛУ, 2 сем. Х 2 часа нед. Х 15 нед = 60 | 2,4 |
| 1.2. | 2007/2008 г., предмет: „дигитална технологија", ФЛУ, 2 сем. Х 2 часа нед. Х 15 нед = 60 | 2,4 |
| 1.3. | 2007/2008 г., предмет „графички дизајн 1 и 2", ФЛУ, 2 сем. Х 4 часа нед. Х 15 нед = 120 | 4,8 |
| 1.4. | 2007/2008 г., предмет „графички дизајн 3 и 4", ФЛУ, 2 сем. Х 4 часа нед. Х 15 нед = 120 | 4,8 |
| 1.5. | 2008/2009 г., предмет „дигитална технологија", ФЛУ, 2 сем. Х 4 часа нед. Х 15 нед = 120 | 4,8 |
| 1.6. | 2008/2009 г., предмет „графички дизајн 1 и 2", ФЛУ, 2 сем. Х 8 часа нед. Х 15 нед = 240 | 9,6 |
| 1.7. | 2008/2009 г., предмет „графички дизајн 3 и 4", ФЛУ 2 сем. Х 4 часа нед. Х 15 нед = 120 | 4,8 |
| 1.8. | 2009/2010 г., предмет „дигитална технологија", ФЛУ, 1 сем. Х 4 часа нед. Х 15 нед = 60 | 2,4 |
| 1.9. | 2009/2010 г., предмет „графички дизајн 1 и 2", ФЛУ, 1 сем. Х 8 часа нед. Х 15 нед = 120 | 4,8 |
| 1.10. | 2009/2010 г. Предмет „Графички дизајн 3 и 4", ФЛУ 1 сем. Х 8 часа нед. Х 15 нед = 120 | 4,8 |
| 1.11. | 2007/2008 г., предмет „графички дизајн", Универзитет Американ Колеџ, Скопје 1 сем. Х 4 часа нед. Х 15 нед = 60 | 2,4 |
| 1.12. | 2008/2009 г. Предмет „Фотографија и композиција" Универзитет „Американ Колеџ", Скопје 1 сем. Х 3 часа нед. Х 15 нед = 45 | 1,8 |
| 1.13. | 2009/2010 г., предмет „фотографија и композиција", Универзитет „Американ Колеџ", Скопје 1 сем. Х 3 часа нед. Х 15 нед = 45 | 1,8 |
| 1.14. | 2009/2010 г., предмет „мултимедиа" , Универзитет „Американ Колеџ", Скопје. 1 сем. Х 3 часа нед. Х 15 нед = 45 | 1,8 |
| 1. | **ВКУПНО БРОЈ НА БОДОВИ** | 1335*0,04=53,4 |
| 2. | **Одржување настава од втор циклус студии:** | |

| | | |
|---|---|---|
| 2.1. | 2008/2009 г., предмет графички дизајн,Универзитет „Американ Колеџ", Скопје 1 сем. X 4 часа нед. X 15 нед = 60 | 3 |
| 2.2. | 2008/2009 г., боја, архитектура и дизајн, Универзитет „Американ Колеџ", Скопје 1 сем. X 2 часа нед. X 15 нед = 30 | 1,5 |
| 2.3. | 2008/2009 г., раководител на дизајн студио, Универзитет „Американ Колеџ", Скопје 1 сем. X 3 часа нед. X 15 нед = 45 | 2,25 |
| 2.4. | 2009/2010 г., предмет графички дизајн, Универзитет „Американ Колеџ", Скопје 1 сем. X 8 часа нед. X 15 нед = 120 | 6 |
| 2.5. | 2009/2010 г., раководител на дизајн студио, Универзитет „Американ Колеџ", Скопје 1 сем. X 8 часа нед. X 15 нед = 120 | 6 |
| 2.6 | 2008/2009 г., теорија на боја и метрика и раководител на дизајн-студио, Машински факултет, УКИМ Скопје 1 сем. X 8 часа нед. X 15 нед = 120 | 6 |
| **2.** | **ВКУПНО БРОЈ НА БОДОВИ** | **495*0,05=24,75** |
| **3.** | **Консултации со студенти** | |
| 3.1 | 2006/2007, ФЛУ - 33 студ . | |
| 3.2 | 2007/2008, ФЛУ – 81 студ. | |
| 3.3 | 2008/2009, ФЛУ – 82 студ. | |
| 3.4 | 2009/2010, ФЛУ – 79 студ. | |
| 3.5 | 2007/2008, У. „Американ Колеџ" – 44 студ | |
| 3.6 | 2008/2009, У. „Американ Колеџ"– 27 студ. | |
| 3.7 | 2009/2010, У. „Американ Колеџ"– 58 студ. | |
| 3.8 | 2008/2009, Машински факултет, УКИМ – 4 студ. | |
| **3.** | **ВКУПНО БРОЈ НА БОДОВИ** | **408*0,002 = 0,816** |
| **4.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| 4.1 | Пакет материјали за предметот дигитална трехнологија | 1 |
| 4.2 | Пакет материјали за предметот графички дизајн 1 и 2 | 1 |
| 4.3 | Пакет материјали за предметот графички дизајн 3 и 4 | 1 |
| 4.4 | Пакет материјали за предметот тероија на боја и метрика | 1 |
| 4.5 | Пакет материјали за предметот фотографија и композиција | 1 |
| 4.6 | Пакет материјали за предметот бојa, архитектура и дизајн | 1 |
| 4 | **ВКУПНО БРОЈ НА БОДОВИ** | 6 |
| | **ВКУПНО** | 84,966 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 5 | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 6 | Ментор на магистерска работа на 2 студента | 2 |
| 7 | Учесник на меѓународен научен проект | 5 |
| 8 | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (2009 – Недела на италијанскиот јазик и култура, тема: „Естетика, технологија, дизајн") | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет (предавање и работилница за студентите по индустриски дизајн на Универзитетот од Ахен, Германија, 2009) | 3 |
| 10 | Одржано предавање по покана на универзитет (предавање и работилница за плакат и презентација, Машински факултет, УКИМ, 2008) | 1 |
| | **ВКУПНО** | **18** |

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 11. | Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во странство), 1x5 | 5 |
| 12. | Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во земјата), 7x4 | 28 |
| 13. | Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, меѓународна селективна и жирирана манифестација (во странство), 2x3 | 6 |
| 14. | Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, меѓународна селективна и жирирана манифестација (во земјата), 2x2 | 4 |
| 15. | Групно јавно претставување со ликовни дела (во странство), 2x2 | 4 |
| 16 | Групно јавно претставување со ликовни дела (во земјата), 10x1 | 10 |
| | **ВКУПНО** | **57** |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 17 | Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација – во 17 каталози | 17 |
| 18 | Објавено дело во каталог од меѓународна ликовна манифестација – во 7 каталози | 14 |
| 19 | Член на нацинална жири-комисија (донирани дела за граѓанската иницијатива „Оргули за Скопје и Македонија", 2008) | 1 |
| 20 | Член на меѓународна жири-комисија (Студентски плакат, 2009) | 2 |
| 21 | Дела од графички дизајн | |
| | Монографии, авторски книги (целосно ликовно (илустрации) и графичко обликување), 40x3 | 120 |
| | Логотипови, 30x1 | 30 |
| | Плакат, амбалажа (вклучувајќи и ЦД), 65x0,5 | 32,5 |
| | Книги, каталози, списанија, весници, насловни страни, годишни извештаи, дизајн на рекламни кампањи, 900x0,1 | 90 |

| | | |
|---|---|---|
| | Календари, флаери, етикети, формулари и друг вид рекламен материјал, 850х0,03 | 25,5 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| 22 | Награда за научни постигнувања од струкова организација – самостоен: (награда за најдобро дизајнирана публикација во 2004 за монографското издание „Икони на Музејот на Македонија", доделена од Институтот отворено општество Македонија | 3 |
| 23 | Студиски престој во странство – до три месеци (на Унуверзитетот во Марибор – стручно усовршување за теорија и метрика на бојата) | 0,5 |
| | **ВКУПНО** | 335,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 84,966 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 18 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 57 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 335,5 |
| | 495,466 |

**Членови на Комисијата**

1. Доц. м-р Славица Јанешлиева-Бачварска, претседател, с.р.
2. Ред. проф. м-р Луцијан Братуш, член, с.р.
3. Ред. проф. д-р Татјана Кандикјан, член, с.р.

**М-р Тони ВАСИЌ**

**Биографски податоци:**
Роден е на 26. 11. 1966 година во Скопје.
Училиштето за применета уметност во Скопје, Оддел за графика го завршил во 1985 година со награда за најдобар ученик на генерацијата 1981/85.
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности, на Графичкиот оддел во класата на проф. Димче Николов и насока графички дизајн во 1991 година.
Магистратурал на тема „Знаци покрај патот" (*или за трансферот на традицијата и нејзината рефлексија во современата уметност*) ја одбранил на ФЛУ, на одделот за графика во 2002 година под менторство на проф. Мирко Вујисиќ.
Член е на Друштвото на ликовни уметници на Македонија од 1991 година.
По дипломирањето работи како самостоен ликовен уметник и дизајнер.
Студиски престојувал во Париз, Франција во 1991 година и во 2004 година.

- Во периодот од 1995 до 1997 година, во траење од пет семестри, ангажиран е на Графичкиот оддел на Факултетот за ликовни уметности како стручен соработник по предметите на насоката графички дизајн.
- Од 1997 до 1998 година работел во "The English Centre" - Скопје во секторот маркетинг на проектот за воведување на учебници по англиски јазик во средните и основните училишта во издание на Oxford Universtity Press, при што и престојувал во Oxford - Oxford Universtity Press на стручно усовршување.
- Во периодот од 1998 до 2000 година работел во УПА Enterprice - Скопје, почнувајќи како сениор дизајнер па сè до позицијата арт-директор и директор на секторот за издаваштво и печатница - УПА Принт. Во истото време ја извршувал и функцијата ликовен уредник на списанието „Старт", коешто се издава од истата куќа.
- Од март 2000 година се вработува на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на местото стручен работник во графичкиот оддел. До денес работи на истото место секојдневно извршувајќи го ангажманот во Одделот по предметите графика и графички техники во сите техники со сите четири години на Одделот. Од 1998 до 2006, на насоката графички дизајн со трета и четврта година - асистирање и образовна работа со студентите во трета и четврта година на студии на насоката графички дизајн, употреба на современи софтверски алатки и програми за Windows, Mac OS, Adobe Photoshop, Quark Express, Freehand, Page Maker, Corel Draw, Adobe Illustrator, 3D Studio, Autocad, Power Point, Internet.
- Покрај секојдневната работа со студентите во Одделот, а во соработка со предметните професори, како побитни проекти кои се реализирани во овој период се издвојуваат учеството во комплетната реализација на издавањето на графичката мапа на Графичкиот оддел во 2002 година, како и реализирањето на останатите издавачки активности во Одделот и факултетот. Исто така, во претходниот хонорарен ангажман на факултетот учествувал во изработка на студентската графичка мапа, а уште како студент учествувал во реализацијата на првата графичка мапа на наставниот кадар од ФЛУ.
- Во соработка со Деканатот и Комисијата за самоевалуација на ФЛУ, учествувал во изработка на целокупниот материјал за евалуација и самоевалуација на Факултетот.
- Во соработка со Деканатот на ФЛУ и Комисијата за воведување на ЕКТС, во 2005 година активно учествувал во обработка и изработката на материјалот

за примена на новата студиска програма на студирање по КТС и изработка на Информаторот за истите потреби.
- Во соработка со Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, учествувал во изработката на повеќе од седумдест уникатни рачно изработени дипломи за почесни доктори на науки на Универзитетот.
- Учествувал во реализацијата на приемните испити на Факултетот, во различни комисии.
- Во академската 2009 година, хонорарно е ангажиран како предавач - доцент на Високата школа за новинарство и односи со јавноста на Македонскиот институт за медиуми, по предметот фотографија, графика и дизајн, кој се изведува во летниот семестар со студентите од прва година на студии.
- Одлично го владее англискиот јазик, како и стручно и професионално владеење во работењето и употреба на компјутер и компјутерски програми во областа на графиката, графичкиот дизајн и мултимедија.

**Професионален ангажман:**
Покрај професионалното работење на полето на ликовната уметност, истовремено работи и во областа на графичкиот дизајн.
2000 – 2002, дизајнер на „Комерцијална банка" - Скопје, (годишни извештаи, Profile book на банката, реклами за магазини и весници, календари, друг пропаганден материјал, монографии за 45 и 50 - годишен јубилеј).
2002 – 2005, дизајнер на „QBE Macedonia" - Скопје, годишни извештаи, Profile book на банката, реклами за магазини и весници, календари, други рекламно-пропаганден материјал и материјал за деловно работење).
2003 – 2007, арт директор во агенцијата „Студио Маркетинг JWT" - Скопје.
2007 – 2008, арт директор во агенцијата „AVA COMMUNICATION DDB" - Скопје
2003 – 2009, ликовен уредник во издавачката куќа МАКЕДОНСКА ИСКРА.
2009 - арт директор во "LINE DESIGN", креативно студио (проектирање и дизајн).
2009 – предавач - доцент на Високата школа за новинарство и односи со јавноста на Македонскиот институт за медиуми, по предметот фотографија, графика и дизајн. За потребите на наставата од оваа област изготвува скрипта со авторизирани предавања. Во тек е и издавањето (печатењето) на книга-учебник за оваа област. За овој ангажман, во редовно спроведената евалуација на крајот од академската година кај студентите ги добива највисоките оцени.
Соработува со кабинетот на претседателот на Р. Македонија во ликовното обликување на документите за коресподенција на претседателот на Републиката.
Соработува со владата на Република Македонија во изработка на промотивни материјали за кабинетот на премиерот.
Соработува со МАНУ на дизајнирање на логотип, корица и ликовно и графичко уредување на неколку книги.
Работи како ликовен соработник на: Balkan Wine Company - Notthigham; MFSP Deloite and Thomatsu; DAI-LGRP; KNAUF; Eurotrade - Скопје; Мета-Форум – Скопје, ИФАД, ФИООМ – Македонија.
Две години е автор на тотал дизајн; рекламно пропаганден материјал на Комерцијална банка АД-Скопје, за чиишто потреби изработува и комплетно ликовно обликување на кампањите на Банката. Автор е на седум репрезентативни изданија на годишниот извештај на Банката кадешто акцент во ликовното обликување се дава на културно-историските и уметнички богатства на Македонија. Исто така за потребите на Банката изработува луксузна монографија по повод 50-годишниот јубилеј.

Во текот на 2002 - 2009 година работел и како ликовен уредник во Издавачката куќа „Македонска искра" за чиишто потреби се јавува како комплетен автор на илустрации и ликовно обликување на учебници по македонски јазик за IV и V одделение, историја за II г. и социологија за I г. средно образование, учебници за основно образование од прво до четврто одделение. Автор е на уште неколку монографски изданија, на преку 50 каталози за ликовни изложби, на преку 100 заштитни знаци, меѓу кои се издвојуваат логото за дневниот весник „Дневник", тотал дизајн за компаниите: Мак пресс, Маркет визија, Саламандер, Balkan Wine Company, Argus, ConFreight, EuroLines, iT Company, Romecs, Пливачки сојуз на Македонија, Под исто сонце, и на ред други рекламно-пропагандни и ревијални материјали и изданија, амбалажа, мултимедијални ЦД и сл.
Во областа на новинарското издаваштво се јавува како автор на логото за дневниот весник „Дневник"; логотип и комлетен дизајн на неделникот ЗУМ „Магазин"; логотип и комлетен дизајн на неделникот Современ возач; логотип и комлетен дизајн на неделникот на албански јазик ЕПОКА; логотип и комлетен дизајн на месечникот АгроИНФО; логотип и комлетен дизајн на месечникот ЉБЕВест.
Во периодот 2000 - 2004 година ја извршувал функцијата Ликовен уредник на неделникот ЗУМ-магазин за чиишто потреби го изработува и целокупниот дизајн. Автор е на преку 400 ликовни решенија на корици за неделниците „Зум-магазин", „Старт", „Капитал", „Епоха", „Интервју", во кои ја извршувал и функцијата ликовен уредник, за таа цел добива признание од Bawarian radio од Германија за најплоден автор во новинарското издаваштво во регионот, каде што му е организирано и самостојно претствување на Саемот за медиуми преку мултимедијално ЦД со избор од изведените работи.
Се јавува и како автор на неколку ликовно-сценографски решенија за различни манифестации, конгреси, саемски поставки, фестивали, рекламно-пропагандни кампањи, кампањи за политички избори.

Учествува во работата на неколку организациони и жири-комисии:
2001, претседател на жири комисија при Министерство за економија во кампањата „Сонце на годината за млад автор;
- Член на Организациониот одбор на Меѓународното биенале на мала графика во Велес - "Велешки графички круг".
2002, претседател на жири-комисија при Министерството за економија во кампањата „Сонце на годината" за млад автор.
2003, член на жири-комисија при Министерството за животна средина во кампања „Зелена Македонија"
- член на организациониот одбор на II меѓународно биенале на мала графика во Велес - „Велешки графички круг"
2004, член на жири-комисија во магазинот „Форум", рекламна кампања за месец ноември
2005 - член на жири-комисија во магазинот „Форум", рекламна кампања за месец јуни;
- член на жири-комисија на III биенале на мала графика во Тетово.
2009, претседател на жири-комисијата за избор на најдобар постер на тема „9 Мај - Ден на Европа" и "Зошто јас во ЕУ", во организација на Македонскиот институт за медиуми и Мисијата на Европската унија во Македонија

член на жири комисијата за избор на најдобра фотографија на тема „9 Мај - Ден на Европа" и "Зошто јас во ЕУ", во организација на Македонскиот институт за медиуми и Мисијата на Европската унија во Македонија

**Творечка активност:**

***Самостојни изложби:***

2002 - Скопје – Културно-информативен центар
2004 - Битола - Уметничка галерија
- Прилеп - Галерија во Дом на културата
2005 - Софија - Галерија „Круг"
- Солун, Грција, Галерија „Алберта"
- Лесковац, Србија, Галерија Народен музеј
- Ниш, Србија, Галерија Дом на културата
2006 - Грција, Кавала, Галерија „Алберта"
2007 - Грција, Пелопонез, Галерија „Артемисион"
2010 - Во подготвка е самостојна изложба на 19 јануари во Галеријата „Статус" – Белград, Србија на објект - графики од циклусот "12+1" "(Дузина)"
и изложба на цртежи и литографии од циклусот „Празници" во Грција - Солун, Галерија „Алберта".

***Групни изложби:***

1988 - Белград, IV биенале на југословенски студентски цртеж
- Хавана, Куба, IV биенале на студентски цртеж
- Скопје, Дом на младите, Галерија "Подрум"
1989 - Белград, IV биенале на студентска графика
- Приштина, Галерија Дом на млади, IV биенале на студентска графика
- Будимпешта, Галерија на Високата школа на ликовни уметности, IV биенале на студентска графика
1990 - Белград, V биенале на студентска графика
- Сараево, "ЗАЈЕДНО" - во склоп на Сараевска зима - Австриска куќа
1991 - Скопје, Дипломирани студенти на ФЛУ
- Скопје, 22. Графичка изложба на ДЛУМ (НУБ "Климент Охридски")
1992 - Скопје, 23. Графичка изложба на ДЛУМ (НУБ "Климент Охридски")
- Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ, Нова генерација
- Скопје, I зимски салон на ДЛУМ, Уметничка галерија - Скопје
1993 - Скопје, 24. Графичка изложба на ДЛУМ (НУБ "Климент Охридски" )
- Скопје, МСУ, Биенале на младите
- Скопје, Уметничка галерија - Скопје, II зимски салон на ДЛУМ
1994 - Скопје Уметничка галерија "Графичка група '86"
- Стразбур, Франција, Денови на македонската младина
1995 - Канагава, Јапонија, 18. Интернационална независна изложба на графика
- Скопје, МГС, Отворено графичко студио
1996 - Белград СРЈ, IV биенале на графика
- Скопје, МГС, Ликовна колонија Валандово '96
1997 - Битола, Меѓународно триенале на графика
- Лесковац, СРЈ, III меѓународно триенале на графика мал формат
- Љубљана, Словенија, 22. Меѓународно графичко биенале
1998 - Брисел, Меѓународна изложба на млади
1999 - Франкфурт, биенале на експериментална графика "ДИГИТ – Д"
2001 - Канагава, Јапонија, Интернационална независна изложба на графика

- Риека, Хрватска, Меѓународна изложба на мала графика "Ex-libris."
2002. - Брисел, Белгија, Меѓународна изложба на мал формат
- Велес, Македонија, I биенале на мала графика "велешки графички круг"
- Скопје, 33. Графичка изложба на ДЛУМ
- Скопје, МГС, 49. Годишна изложба на ДЛУМ
2003 - Ниш, Југославија „Нишки графички круг"
- Варна – Бугарија, 12. меѓународно биенале на графика
- Битола - 4. Меѓународно графичко триенале
- Тетово - II Биенале во мала графика
- Скопје, 34. Графичка изложба на ДЛУМ (НУБ "Климент Охридски")
- Скопје, МГС, Годишна изложба на ДЛУМ "50 години ДЛУМ"
2004 - Скопје – МГС, Годишна изложба на ДЛУМ
- Скопје, МСУ, Зимски салон на ДЛУМ
- Осијек, Хрватска, Млада македонска графика
2005 - Скопје, 36. Графичка изложба на ДЛУМ (НУБ "Климент Охридски")
- Тетово, III биенале во мала графика
2006 - Битола, 5. Меѓународно триенале на графика
- Белград, Србија, "Ноќ на креативните ѕверки", изложба на графички дизајн, изложбен простор клуб „Таш"
- Сараево, БиХ, "Ноќ на креативните ѕверки", изложба на графички дизајн, изложбен простор SMJWT – Сараево
- Сеул, Кореа, Спаце, Меѓународно графичко триенале
- Порторож, Словенија, Голден Друм
- Вилнус, Литванија, Меѓународно графичко биенале
2007 - Скопје, КИЦ, Мал формат
- Порторож, Словенија, Голден Друм
2008 - Тетово, IV биенале во мала графика
- Париз, Франција, 107. Македонски ликовни уметници во Париз
- Скопје, 39. графичка изложба на ДЛУМ (НУБ "Климент Охридски")
- Софија, Бугарија, Македонски цртеж
- Порторож, Словенија, Golden Drum
- Скопје, МСУ, 21.11.21.12
2009 - Суботица, Србија, Меѓународни ликовни средби
- Битола, 6. Меѓународно триенале на графика
- Скопје, Галерија „Остен", Меѓународна изложба на цртеж
- Ниш, Србија, Меѓународна изложба на цртежи - "Дожд"
- Ниш, Србија, „Нишки графички круг"
- Порторож, Словенија, Golden Drum

***Награди:***

1990. Скопје - II награда за заштитен знак на Макпетрол
1990. Скопје - I награда за логотип на Макпетрол
1991. Скопје - II награда за плакат на Собранието на РМ - "Референдум 91"
1993. Скопје - Откупна награда за графика на 24. Графичка изложба на ДЛУМ НУБ "Климент Охридски"
2002. Велес - Прва награда за графика на Прво биенале на мала графика "Велешки графички круг"
2002. Скопје - Прва награда за графика на 33. Графичка изложба на ДЛУМ
2003. Скопје - Откупна награда за графика на 34. Графичка изложба на ДЛУМ

на НУБ "Климент Охридски".
2004. Скопје - Награда "Мијачки зографи" на Зимскиот салон на ДЛУМ.
2005. Скопје - Откупна награда за графика на 36. графичка изложба на ДЛУМ
на НУБ "Климент Охридски".
2006. Награда за графика на 5. Меѓународно триенале на графика во Битола.
Скопје - II награда на конкурс на министерството за културана РМ за заштитен знак, плакета и диплома за наградата "Мајка Тереза"
2007. Скопје - награда за заштитен знак за кампања на ФИООМ граѓани со еднакви права, можности и заштита
Скопје - Награда за слоган за кампања на ФИООМ граѓани со еднакви права, можности и заштита (Под исто сонце).

***Сценско-сценографски решенија и изведби:***

-1991, поставка и техничка изведба на фотоизложбата „Убавините на Македонија" – Скопје – Сиднеј – Њу Јорк;

- 1993, идејно ликовно и архитектонско решение и изведба на саемска поставка и презентација за Треска - Скопје на Саемот за мебел во Белград;

-идејно ликовно решение и изведба на поставка и презентација на Меѓународниот Фестивал на Филмска камера во Битола;

-1994, идејно ликовно и архитектонско решение и изведба на саемска поставка и презентација за "Мерцедес" на саемот Технома;

- 1995, идејно ликовно и архитектонско решение и изведба на саемска поставка и презентација за "Castrol Oils и Castrol Racing Team" на саемот „Технома".

- 1995 – 1998, идејно ликовно и архитектонско решение и изведба на саемски поставки и презентации за "EUROTRADE" - Скопје на саемот „Технома".

- 1998, детска претстава „Во светот на бајките" - Универзална сала - Скопје – во продукција на The English Centre

2000, МНТ – Скопје, сценографски форми (дигитални слајдови) за балетот "Четири годишни времиња", заедно со Златко Танчев.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Тони Васиќ**
**Институција: Факултет за ликовни уметности**
**Научна област: графика**

**НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување предавања на Македонскиот институт за медиуми МИМ – Висока школа за новинарство и односи со јавноста – студиска програма за новинарство - 2008/2009 и 2009/2010 | 1,2 |
| 2. | Одржување вежби на Македонскиот институт за медиуми МИМ – Висока школа за новинарство и односи со јавноста – студиска програма за новинарство, 2008/2009 и 2009/2010 | 0,9 |
| 3. | Одржување предавања на Македонскиот институт за медиуми МИМ – Висока школа за новинарство и односи со јавноста – студиска програма за корпоративни комуникации и односи со јавноста, 2008/2009 и 2009/2010 | 1,2 |
| 4. | Одржување вежби на Македонскиот институт за медиуми МИМ – Висока школа за новинарство и односи со јавноста – студиска програма за корпоративни комуникации и односи со јавноста, 2008/2009 и 2009/2010 | 0,9 |
| 5. | Автор на скрипта авторизирани предавања, 2009, за предметот фотографија, графика и дизајн на Македонскиот институт за медиуми МИМ – Висока школа за новинарство и односи со јавноста | 4 |
| 6. | Консултации со студентите на Македонскиот институт за медиуми МИМ – Висока школа за новинарство и односи со јавноста | 0,15 |
| 7. | Македонски институт за медиуми МИМ – работилница – обука за избраните кандидати за најдобар проект од конкурсот „Изрази се преку медиум" - фотошоп и дизајн на плакат | 1,5 |
| | **Вкупно** | 9,85 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| | **Вкупно** | 4 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | *Самостојни изложби* | |
| 1. | 2002 - Скопје – Културно-информативен центар, графики | 4 |
| 2. | 2004 - Битола - Уметничка галерија, графики | 4 |
| 3. | 2004 - Прилеп – Дом на културата - галерија, Прилепско културно лето, графики | 4 |
| 4. | 2005 – Софија, Бугарија, Галерија „Круг", графики и цртежи | 5 |
| 5. | 2005 – Лесковац, Србија, Галерија Народен музеј, графики | 5 |
| 6. | 2005 – Солун, Грција, Галерија „Алберта", графики | 5 |
| 7. | 2005 – Ниш, Србија, Нишки културен центар, графики | 5 |
| 8. | 2006 – Кавала, Грција, Галерија „Алберта", графики | 5 |
| 9. | 2007 – Пелопонез, Грција, Галерија „АртеМисион", цртежи | 5 |
| | *Групни изложби* | |
| 10. | 2009 - Битола, 6. Меѓународно триенале на графика | 2 |
| 11. | 2009 - Суботица, Србија, Меѓународни ликовни средби | 2 |
| 12. | 2009 - Скопје, Меѓународна изложба на цртеж | 2 |
| 13. | 2009 - Ниш, Србија, Меѓународна изложба на цртежи – на тема "Дожд" | 3 |
| 14. | 2009 - Ниш, Србија, "Нишки графички круг" | 2 |
| 15. | 2009 - Порторож, Словенија, Голден друм | 2 |
| 16. | 2009 - Бихаќ, БИХ, Градска галерија | 2 |
| 17. | 2008 - Скопје, МСУ, 21.11.21.12 | 1 |
| 18. | 2008 - Порторож, Словенија, Голден друм | 2 |
| 19. | 2008 - Софија, Бугарија, Македонски цртеж | 2 |
| 20. | 2008 - Скопје, 39. Графичка изложба на ДЛУМ (НУБ "Климент Охридски") | 1 |
| 21. | 2008 - Париз, Франција, 107 Македонски ликовни уметници во Париз | 2 |
| 22. | 2008 - Тетово, IV биенале во мала графика | 2 |
| 23. | 2007 - Порторож, Словенија, Голден друм | 2 |
| 24. | 2007 - Скопје, КИЦ, Мал формат | 1 |
| 25. | 2007 – Варна, Бугарија, Меѓународно биенале на графика | 3 |
| 26. | 2006 - Битола, 5. Меѓународно триенале на графика | 2 |
| 27. | 2006 - Белград, Србија, "Ноќ на креативните ѕверки", изложба на графички дизајн, изложбен простор - клуб „Ташмајдан" | 2 |
| 28. | 2006 - Сараево, БиХ, "Ноќ на креативните ѕверки", изложба на графички дизајн, изложбен простор SMJWT – Сараево | 2 |
| 29. | 2006 - Сеул, Кореја, Space, Меѓународно графичко триенале | 3 |
| 30. | 2006 - Порторож, Словенија, Голден друм | 2 |
| 31. | 2006 - Вилнус, Литванија, Меѓународно графичко биенале | 3 |
| 32. | 2005 - Скопје, 36. Графичка изложба на ДЛУМ (НУБ "Климент Охридски") | 1 |
| 33. | 2005 - Тетово, III биенале во мала графика | 2 |
| 34. | 2004 - Скопје – МГС, Годишна изложба на ДЛУМ | 1 |
| 35. | 2004 - Скопје, МСУ, Зимски салон на ДЛУМ | 1 |
| 36. | 2004 - Осијек, Хрватска, Млада македонска графика | 2 |
| 37. | 2004 - Велес, Македонија, II биенале на мала графика "Велешки графички круг" | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 38. | 2003 - Ниш, Југославија "Нишки графички круг" | 2 |
| 39. | 2003 – Варна, Бугарија ,12. Меѓународно биенале на графика | 3 |
| 40. | 2003 - Битола - 4. Меѓународно графичко триенале | 2 |
| 41. | 2003 - Тетово - II биенале во мала графика | 2 |
| 42. | 2003 - Скопје, 34. графичка изложба на ДЛУМ (НУБ "Климент Охридски") | 1 |
| 43. | 2003 - Скопје, МГС, Годишна изложба на ДЛУМ "50 години ДЛУМ" | 1 |
| 44. | 2002 - Брисел, Белгија, Меѓународна изложба на мал формат | 3 |
| 45. | 2002 - Велес, Македонија, I биенале на мала графика "Велешки графички круг" | 3 |
| 46. | 2002 - Скопје, 33. Графичка изложба на ДЛУМ | 1 |
| 47. | 2002 - Скопје, МГС, 49. Годишна изложба на ДЛУМ | 1 |
| 48. | 2001 - Ријека, Хрватска, Меѓународна изложба на мала графика "Ex-libris" | 3 |
| 49. | 2001 - Канагава, Јапонија, Интернационална независна изложба на графика | 3 |
| 50. | 1999 - Франкфурт, биенале на експериментална графика "ДИГИТ – Д" | 3 |
| 51. | 1998 - Брисел, Меѓународна изложба на млади | 2 |
| 52. | 1997 - Љубљана, Словенија, 22. меѓународно графичко биенале | 3 |
| 53. | 1997 - Битола, Меѓународно триенале на графика | 2 |
| 54. | 1997 - Лесковац, СРЈ, III меѓународно триенале на графика мал формат | 3 |
| 55. | 1996 - Белград СРЈ, IV биенале на графика | 3 |
| 56. | 1996 - Скопје, МГС, Ликовна колонија Валандово '96 | 1 |
| 57. | 1995 - Канагава, Јапонија, 18. Интернационална независна изложба на графика | 3 |
| 58. | 1995 - Скопје, МГС, Отворено графичко студио | 1 |
| 59. | 1994 - Скопје Уметничка галерија "Графичка група '86" | 1 |
| 60. | 1994 - Стразбур, Франција, Денови на македонската младина | 2 |
| 61. | 1993 - Скопје, 24. Графичка изложба на ДЛУМ (НУБ "Климент Охридски") | 1 |
| 62. | 1993 - Скопје, МСУ, Биенале на младите | 1 |
| 63. | 1993 - Скопје, Уметничка галерија - Скопје, II зимски салон на ДЛУМ | 1 |
| 64. | 1992 - Скопје, 23. Графичка изложба на ДЛУМ (НУБ "Климент Охридски") | 1 |
| 65. | 1992 - Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ, Нова генерација | 1 |
| 66. | 1992 - Скопје, I зимски салон на ДЛУМ, Уметничка галерија Скопје | 1 |
| 67. | 1991 - Скопје, дипломирани студенти на ФЛУ | 1 |
| 68. | 1991 - Скопје, 22. Графичка изложба на ДЛУМ (НУБ "Климент Охридски") | 1 |
| 69. | 1990 - Сараево, "ЗАЕДНО" - во склоп на Сараевска зима" - Австриска куќа | 2 |
| 70. | 1988 - Скопје, Дом на младите, Галерија "Подрум" | 1 |
| | **Вкупно** | **152** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 2004 - дизајн и ликовно-графичко уредување на Студентскиот информатор на ФЛУ за ЕКТС | 0,5 |
| 2. | 2005 - дизајн и ликовно-графичко уредување на каталог изложба по повод 25 години ФЛУ | 0,5 |
| 3. | 2002 - техничко изведување на графичка мапа на ФЛУ | 0,5 |
| 4. | 2005 - дизајн и ликовно-графичко уредување рекламен и промотивен материјал на ФЛУ за Саемот на образование | 0,5 |
| 5. | Ликовно-графичка изработка на рачно изработени дипломи за почесни доктори на науки на Универзит „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – 70 дипломи | 0,5 |
| 6. | Објавени дела во каталог од национална ликовна манифестација (само според приложените материјали во пријавата на конкурсот) – 15 | 15 |
| 7. | Објавени дела во каталог од меѓународна ликовна манифестација (само според приложните материјали во пријавата на конкурсот) – 22 | 44 |
| 8. | 2009 - претседател на жири-комисијата за избор на најдобар постер на тема „9 Мај Ден на Европа" и "Зошто јас во ЕУ", во организација на Македонскиот институт за медиуми и Мисијата на Европската унија во Македонија | 1 |
| 9. | 2009 - Член на жири-комисијата за избор на најдобар фотографија на тема „9 Мај Ден на Европа" и "Зошто јас во ЕУ", во организација на Македонскиот институт за медиуми и Мисијата на Европската унија во Македонија | 1 |
| 10. | 2005 - член на жири-комисија во магазинот „Форум" за најдобра рекламна кампања за месец јуни | 1 |
| 11. | 2004 - член на жири комисија во магазинот „Форум" за најдобра рекламна кампања за месец ноември | 1 |
| 12. | 2003 - член на жири-комисија при Министерството за животна средина во кампањата „Зелена Македонија" | 1 |
| 13. | 2002 - претседател на жири-комисија при Министерство за Економија во кампањата „Сонце на Годината" за млад автор. | 1 |
| 14. | 2001 - претседател на жири-комисија при Министерство за Економија во кампањата „Сонце на Годината" за млад автор. | 1 |
| 15. | 2005 - член на жири-комисија на III биенале на мала графика во Тетово | 2 |
| 16. | **Дела од графички дизајн** | |
| | Монографии, авторски книги (целосно ликовно (илустрации) и графичко обликување) - 8x3 | 24 |
| | Логотипови - 51x1 | 51 |
| | Плакат, амбалажа (вклучувајќи и ЦД) - 64x0,5 | 32 |
| | Книги, каталози, списанија, весници, насловни страници, годишни извештаи, дизајн на рекламни кампањи - 276x0,1 | 27,3 |
| | Календари, флаери, етикети, формулари и друг вид рекламен материјал - 110x0,03 | 3,3 |
| 17. | Автор на идејно, ликовно и архитектонско решение и | 22 |

| | | |
|---|---|---|
| | техничка изведба на сценско-сценографски решенија – според приложениот материјал и портфолио– 11 | |
| 18. | Идејно и ликовно решение и изведба на елементи од енетериерно обликување за туристичката агенција АТЛАС – Корпорација | 2 |
| | *дејности од поширок интерес* | |
| 1. | 2005 -член на комисијата за претставување на ФЛУ на Саемот за високо образование | 0,5 |
| 2. | 2000/2005, член на комисијата за изложбена активност на ФЛУ | 0,5 |
| 3. | 2009 - член на комисијата за изложбена активност на ФЛУ | 0,5 |
| 4. | 2003 - член на комисијата за самовалуација на ФЛУ | 0,5 |
| 5. | 2004 - член на комисијата за приемен испит на ФЛУ | 0,5 |
| 3. | 2003 – 2007, уметнички директор на Маркетинг агенцијата "Студио Маркетинг JWT" - Скопје | 0,5 |
| 4. | 2007-2009, уметнички директор на Маркетинг агенцијата "АВА Цомуницатион ДДБ" - Скопје | 0,5 |
| 5. | 2009 - уметнички директор на кретаивното и дизајн студио "ЛинеДЕСИГН" - Скопје | 0,5 |
| 6. | 2003 – 2009, ликовен уредник во издавачката куќа "Македонска искра" - Скопје | 0,5 |
| 7. | 1990 – 2007, награди и признанија од областа на ликовната уметност и дизајнот – според приложениот материјал - 13 | 39 |
| | **Вкупно** | 275,6 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **9,85** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **4** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **152** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **263,6** |
| **ВКУПНО** | **441,45** |

**Членови на Комисијата**

1. Доц. м-р Славица Јанешлиева-Бачварска, претседател, с.р.
2. Ред. проф. м-р Луцијан Братуш, член, с.р.
3. Ред. проф. д-р Татјана Кандикјан, член, с.р.

**М-р Методи *АНГЕЛОВ***

Роден е во Неготино, 1977.
Дипломирал и магистрирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Реализирал повеќе самостојни изложби и учествувал на групни изложби во Македонија и во странство. Online дизајн и илустрација за 99designs, Австралија. Диплома за фотографија од UniquePrint, Германија. Работи ленд арт, дигитални и видеоперформанси, фотографија, арт-филмови, 2Д и 3Д - анимации, дизајн, интернет-проекти. Живее и работи во Неготино.

**Образование:**

*1995,* **Гимназија "Св. Кирил и Методиј"** - *Неготино, Република Македонија;*
*2001,* **Факултет за ликовни уметности** - *Скопје, Република Македонија;*
*2004,* **Факултет за Ликовни уметности** - *Скопје, Република Македонија, (магистерски студии)*

**Творечка активност:**
*Самостојно:*
- *1998,* **"Однапред иднина минато"**- *објекти, Дом на културата „Кочо Рацин" -* ***Скопје,*** *Република Македонија;*
- *2000,* **"Мадона"** - *интерактивен CD ROM МНТ -* ***Скопје,*** *Република Македонија ;*
- *2002* **"Puzzle Macedonia"** – *интерактивна веб игра, САС* ***Скопје,*** *Република Македонија;*
- *2002,* **"e - group"** – *интерактивен перформанс, http://life.org.ro*
- *2003,* **"What are you doing"** – *интерактивен цртан филм -* ***Неготино,*** *Република Македонија;*
- *2003,* **"Self representation"** – *lemuseedivizioniste.org, дигитален автопортрет -* ***Париз,*** *Франција;*
- *2004,* **"Ако не би било"** – *фотографија, галерија „Точка" -* ***Скопје,*** *Република Македонија; Дом на културата "Марко Цепенков"* ***Прилеп,*** *Република Македонија;*
- *2005,* **"Урбани оази"** – *фотографија, Дом на културата "Глигор Прличев" -* ***Охрид,*** *Република Македонија;*
- *2006,* **"If it was not"** – *фотографија,видео -* ***Потенца,*** *Италија; Домеус галерија -* ***Рим,*** *Италија.*
- *2007,* **„Toasted Brand"** – *објекти, Мала станица -* ***Скопје,*** *Република Македонија; Магаза -* ***Битола,*** *Република Македонија;*
- *2007* **„Криејтив комонс CC"** – *фотографија, -* ***Неготино,*** *Република Македонија;*
*2008* **"Avtoreferenca/Samoironija"** – *објекти/перформанс, плоштад Македонија -* ***Скопје,*** *Република Македонија.*

*Групно:(дел)*
- 2002, **"IN Situ"** – *перформанс, галерија „Точка"* - ***Скопје***, *Република Македонија;*
2002 **"SIAB"** – *Интернационално биеннале на млади ликовни уметници* - ***Скопје***, *Република Македонија;*
- 2003, **"Разликите обединуваат"** – *фотографија* - ***Велес***, *Република Македонија;*
- 2003, **"Speak up"** – *фотографија* - ***Белград***, *Република Македонија;*
- 2004, **"Колективитети и самци"** – *перформанс/фотографија-* ***Битола***, *Република Македонија;*
- 2006, **"Со кого разговара МАКЕДОНСКИОТ уметник - Уметникот во разговор"**, *видеоперформанс, Чифте амам* - ***Скопје***, *Република Македонија;*
- 2005, **ДЛУМ**-*Скопје, Република Македонија;*
- 2006, **"Катастрофата и креативноста"**, *видеоперформанс/фотографија, МСУ-* ***Скопје***, *Република Македонија; Галерија „Веил"* - ***Тексас***, *САД.*

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: м-р *АНГЕЛОВ* Методи**
**Институција: Факултет за ликовни уметности**
**Научна област: графички дизајн**
**НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | 0 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | *Одбранета магистерска работа,* | 4 |
| 2 | ***Учесник во меѓународен научен проект:** (1)-* ***Acropolis/Necropolis**,* Градиште-Неготино, 09 *(2)**Speak up**,* Белград-Србија, 03 | 5 |
| | **Вкупно** | 9 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | ***Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик признат во струката:*** | |
| | ***1998, "Однапред иднина минато"***- Објекти, Дом на културата „Кочо Рацин" -Скопје, Република Македонија; | 4 |
| | ---------------------------------- | |
| | ***2000, "Мадона"*** - интерактивен CD ROM МНТ - Скопје, Република Македонија; | 4 |
| | ---------------------------------- | |

| | | |
|---|---|---|
| | ***2002 "Puzzle Macedonia"*** – интерактивна веб-игра, САС Скопје, Република Македонија; | 4 |
| | ***2002, "e - group"*** – интерактивен перформанс, http://life.org.ro | 4 |
| | ***2003, "What are you doing"*** – интерактивен цртан филм - Неготино, Република Македонија; | 4 |
| | ***2003, "Self representation"*** – lemuseedivizioniste.org, дигитален автопортрет - Париз, Франција; | 5 |
| | ***2004, "Ако не би било"*** – фотографија, галерија Точка - Скопје, Република Македонија; Дом на културата "Марко Цепенков" - Прилеп, Република Македонија; | 4 |
| | ***2005, "Урбани оази"*** – фотографија, Дом на културата "Глигор Прличев" - Охрид, Република Македонија; | 4 |
| | ***2006, "If it was not"*** – фотографија,видео - Потенца, Италија; Домеус галерија - Рим, Италија. | 5 |
| | ***2007, "Toasted Brand"*** – објекти, Мала станица - Скопје, Република Македонија; Магаза - Битола, Република Македонија; | 4 |
| | ***2007, "Kriejtiv komons CC"*** – фотографија, - Неготино, Република Македонија; | 4 |
| | ***2008, "Avtoreferenca/Samoironija"*** – објекти/перформанс, плоштад „Македонија" - Скопје, Република Македонија; | 4 |
| | ***2002, "IN Situ"*** – *перформанс, галерија „Точка" -* ***Скопје****, Република Македонија.* | 1 |
| | ***2002, "SIAB"*** – *Интернационално биенале на млади ликовни уметници* ***-Скопје****, Република Македонија.* | 2 |
| | ***2003, "Разликите обединуваат"*** – *фотографија* ***-Велес****, Република Македонија.* | 1 |
| | ***2003, "Speak up"*** – *фотографија -* ***Белград****, Србија* | 2 |
| | ***2004, "Kolektiviteti i samci"*** – *перформанс/фотографија-****Битола****, Република Македонија.* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | ***2006 "Со кого разговара МАКЕДОНСКИОТ уметник - уметникот во разговор"**, видеоперформанс, Чифте амам - **Скопје**, Република Македонија.* | 1 |
| | ***2005, ДЛУМ**-Скопје, Република Македонија;* | 1 |
| | ***2006, "Катастрофата и креативноста"**видео перформанс/фотографија, МСУ **Скопје**, Република Македонија;Галерија „Веил" - **Тексас**, САД; 1+2* | 3 |
| 8 | **Вкупно** | 62 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | ***Поглавје во книга -коавтор(PDF формат)***<br>Визуелизации во веб програмирањето<br>***Graphic Design, Featuring Tips, Tutorials.*** You Designer | 2 |
| 2 | ***Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија:***<br>испробување на хардверски патент "Рачно скенирање во графичкиот дизајн денес". Dacuda AG, Turnerstrasse 1, Zurich, Switzerland | 1 |
| 3 | ***Идеен проект -одговорен проектант***<br>"Heroes 2", Екологија. Earthart, мултимедија 2010 | 2 |
| 4 | ***Дизајн или изработка на информациски систем*** | 1 |
| 5 | ***Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација*** | 1 |
| 6 | *Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација* | 2 |
| 7 | ***Учество на национални ликовни симпозиуми (колонии)*** | 2 |
| 8 | ***Учество на меѓународни ликовни симпозиуми (колонии)*** | 4 |
| 9 | ***Дела од архитектонска визуелизација, мултимедиски и графички дизајн -автор*** | 2 |
| | **Вкупно** | 17 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 0 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 9 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 62 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 17 |
| | 88 |

**Членови на Комисијата**

1. Доц. м-р Славица Јанешлиева-Бачварска, претседател, с.р.
2. Ред. проф. м-р Луцијан Братуш, член, с.р.
3. Ред. проф. д-р Татјана Кандикјан, член, , с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

Од приложената документација на кандидатите, по своето работно искуство, по своето наставно искуство и сестраноста на целокупното работење и уметничка продукција од областа на дигиталните технологии и дизајнот се издвојува кандидатот кој на нашиот Факултет во 2007 година се стекна со звањето насловен доцент, м-р Ладислав Цветковски.

Кандидатот м-р Ладислав Цветковски е роден 1965 година во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, Оддел за графика со графички дизајн во 1990 година, во класата на проф. Димитар Малиданов. За време на студиите, во 1989 година, ја добил наградата за студент на генерацијата на Графичкиот оддел. Во 2003 година магистрирал на истиот Факултет, Отсек за графика, со магистерскиот труд „Дигиталното – предизвик во графиката". Во 2008 година, за време на студискиот престој на Машинскиот факултет при Универзитетот во Марибор, Словенија, се усовршува во областа теорија на боја и метрика на боја.

М-р Ладислав Цветковски веќе дваесетина години е континуирано присутен на македонската ликовна сцена. Во периодот од 2002 до 2009 година остварил 8 самостојни изложби во Скопје, Битола и Крањ (Р. Словенија) и учествувал на 16 групни изложби. Во 1991 година ја добил наградата за цртеж на Третото биенале на млади уметници, а во 2008 година му се откупува дело

од страна на МСУ. Во творештвото ги следи современите текови на графиката и ликовната уметност. Експериментира преку поврзување на традиционалниот начин на графичко работење со континуирано интензивно истражување со технолошките можности на електронските медиуми, тежнеејќи притоа кон продлабочување на комуникацијата на традиционалното и новите технологии. Во последните неколку години своето творештво тој го поврзува со дигиталната технологија. Еден е од ретките автори во Македонија кој постојано работи на усовршување на примената на дигиталните технологии во графичката ликовна уметност. За м-р Цветковски компјутерот претставува обична алатка, па затоа и неговите дигитални отпечатоци по својот ракопис и структура се многу слични на графиките изработени во класичните графички техники (сува игла, акватинта, бакропис и др.). Во творештвото на м-р Цветковски се присутни два важни момента: несовршената линија изведена со помош на "глушецот" која има тенденција да ја задржи свежината на рачно изведениот цртеж, и притоа, метафорички алудира и на несовршеноста на човекот, и потенцирањето на боените површини, кои имаат за цел да ја потенцираат просторната димензија и дејствието во неа.

За творештво на м-р Цветковски, Дејан Буѓевац ќе напише: „Во дигиталните записи на Ладислав Цветковски добиваме редефинирани релации со класичниот медиум, односи полни со двосмислености и амбиваленции помеѓу гледачот и авторот, динамично и монтажно пренесување на приватните расположенија/впечатоците од стварноста во дигиталната процесуалност на знаковното".

Биографските податоци на м-р Ладислав Цветковски го покажуваат неговото богато професионално искуство и уметничкиот ангажман како графички дизајнер. Во периодот од 1994 до 1999 година, тој работи како дизајнер и ликовен [illegible] Музејот на современата уметност [illegible] Скопје, а од 1999 до 2009 година, како дизајнер во графичкото студио и печатница "Скенпоинт" АД - Скопје. Успешно дизајнирал и подготвувал значајни монографски изданија (40), книги и каталози (700), списанија (100), логотипови (30), омоти за ЦД (15), плакати (50), годишни извештаи и други публикации (100), календари, флаери и секаков вид рекламен материјал (над 850), применувајќи ги високо професионалните познавања во користењето на речиси сите графички компјутерски програми: Adobe Photoshop, Adobe Illustrator, Adobe Page Maker, Adobe In Design, Quark X Press, Corel Draw, MS Office,

Excel итн., како и сопствените познавања и искуства на процесите на графичката индустрија при подготовката за печат и контролата на процесот за печат за добивање висококвалитетен продукт. Во 2004 година, од страна на Институтот отворено општество-Македонија, ја добил наградата за најдобро дизајнирана публикација за монографското издание "Икони на Музејот на Македонија".

Од многуте институции со кои соработува во изминатите 15 години, ги издвојуваме следниве: Кинотека на Македонија, МСУ, Национална галерија, МАНУ, претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за култура, Министерството за економија, Собранието на Република Македонија, УСАИД, ОСЦЕ, ИЦЕ и многу други. Од приложените препораки забележително е задоволството од соработката и професионалниот однос на кандидатот м-р Ладислав Цветковски, со нагласка врз неговите квалитети како уметник и особено неговата креативност, иницијативност, флексибилност, одличните комуникациски вештини итн.

Со педагошко и наставно искуство м-р Цветковски се стекнал како предавач на курсот „Подготовка за печат, печат и дизајн-школо" во Школата за компјутерска обука „Макпетрол компјутери", Скопје, во 1999 година. Потоа континуирано во текот на целокупното свое работно искуство изведува тековна обука и советување на вработените, како и контрола на продукцијата во дизајн-студиото, а особено од 2006 година, кога по покана на Деканатот на ФЛУ, како надворешен соработник, тој го предава предметот примена на дигиталните технологии во ликовната уметност. Во звањето насловен доцент на нашиот Факултет по предметите дигитални технологии во ликовната уметност и опрема на книга, е избран во 2007 година. Уште од почетокот на својата работа на ФЛУ, со голема посветеност ја подготвува и ја реализира наставата по горенаведените курсеви, осмислувајќи ја и реализирајќи ја интерактивната студиска програма. Треба да се посочи и личниот ангажман на м-р Цветковски во обезбедувањето на висококвалитетно опремената лабораторија при Машинскиот факултет, која нашите студенти ја користат веќе 4-та година по предметот дигитална технологија, како и овозможување на практични искуства за студентите, по предметот графички дизајн, преку посети и соработки со неколку графички студија (Скенпоинт, Студио „Круг" и др., како и печатници (Скенпоинт, Rock&Roll и др.) .

Од 2007 година, м-р Цветковски предава и на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје, каде што ја подготвува и ја реализира програмата за додипломски и постдипломски студии од областа на графичкиот дизајн, а воедно е и раководител на постдипломските студии по дизајн. Во 2008 година е избран во наставно-научно звање доцент на групата предмети од областа дизајн на Факултетот за архитектура и дизајн на посочениот Универзитет. Истата година изведува и настава по предметот теорија на боја и метрика на студиите од втор циклус, на Одделот за индустриски дизајн на Машинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Покрај наведените вештини и знаења, м-р Цветковски совршено го владее италијанскиот јазик, а активно ги познава и ги употребува словенечкиот, англискиот и германскиот јазик.

Квалитетите на м-р Ладислав Цветковски, неговото образование, долгогодишното професионално искуство на полето на графичкиот дизајн, континуираните истражувања и работењето во областа на дигиталната графика, посочените трудови и ликовни изложби, како и неговата карактеристична креативност, иницијативност, исполнителност и посветеноста при пренесувањето и споделувањето на знаењата, покажуваат дека тој може и мошне успешно умее во наставата да ги примени и да придонесе во професионалното насочување на студентите. Она што треба да се истакне е големиот интерес што студентите евидентно го покажуваат во изминативе три години, за наставата по предметите дигитални технологии и графички дизајн, со својата бројност како и квалитетот на изработените задачи. М-р Ладислав Цветковски со својот севкупен ангажман ја покажува големата заложба за поквалитетна настава и популаризација на нашата најстара високообразовна институција од областа на ликовната уметност.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи ги предвид посочените квалитети на кандидатот м-р Ладислав Цветковски: повеќегодишното наставно искуство во изведување на наставата по предметите графички дизајн, дигитални технологии и теорија на боја и метрика, високопрофесионалното практично работно искуство и продукција на полето на графичкиот дизајн со докажани, успешни и високоценети резултати, широкото и сестрано познавање и применување на дигиталните

технологии и графичката уметност, сметаме дека тој успешно, како и досега, ќе ја изведува наставата по предметите дигитални технологии во ликовната уметност и графички дизајн. Затоа ни претставува особена чест и задоволство на Наставно – научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје да му предложиме м-р Ладислав Цветковски да биде избран за наставник во звањето доцент, по предметите: дигитални технологии во ликовната уметност и графички дизајн.

Рецензентска комисија:

Доц. м-р Славица Јанешлиева-Бачварска, претседател с.р.

Ред. проф. м-р Луцијан Братуш, член с.р.

Ред. проф. д-р Татјана Кандикјан, член с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ *МЕЃУНАРОДНА БЕЗБЕДНОСТ: КРИТИЧКИ ПРИСТАП* ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ВАНКОВСКА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на II редовна седница одржана на 15.10.2009 година, избрани сме за рецензенти на учебникот под работен наслов ***Меѓународена безбедност: критички пристап***, чиј автор е проф. д-р Билјана Ванковска, редовен професор на Филозофскиот факултет.

Ракописот ни беше доставен под наведениот работен наслов, на 300 страници компјутерска обработка. Материјалот е структуриран во пет глави, со по неколку поглавја во секој од нив, а на крајот следува заклучен осврт на перспективите на развојот на дисциплината и правците на еволуција на меѓународните односи низ безбедносна призма.

Во првиот дел насловен *Теориски основи на меѓународната безбедност*, разработени се пет клучни прашања. Најнапред, авторката ја анализира контроверзната природа на концептот на безбедност низ призма на меѓународните односи. Втората група прашања ги опфаќа проблемите на терминолошко, појмовно и содржинско определување на меѓународната безбедност. Третиот дел претставува краток преглед на најважните причини за изучување на меѓународната безбедност, а потоа следуваат и елаборации за проблемите кои реално се појавуваат во изучувањето на оваа проблематика. Конечно, овој дел е заокружен со изложување на најважните методолошко-концепциски пристапи во развојот на оваа научна дисциплина.

Во вториот дел, фокусот е ставен на клучните концепти и категории со кои оперира научната дисциплина, а кои се разработуваат во одделни поглавја. Така, тука се посочени концептите како меѓународна анархија, безбедносна дилема, трансформација на војната и облиците на нејзина современа легитимација, приватизација на безбедноста, етничките конфликти, неуспешните (распаднати) држави и концептот за ризично општество. Опфаќајќи ги овие круцијални прашања, проф. Ванковска создава теориска основа за поглавјата кои следуваат, а кои конкретно се занимаваат со главните меѓународни безбедносни предизвици.

Во третиот дел од учебникот, вниманието им е посветено на оние актери што се инволвирани во сферата на меѓународната безбедност. При тоа, опфатени се и традиционалните (класични) актери како државите и меѓународните организации, но посебен фокус е ставен на недржавните актери. Во својата вкупност, проф. Ванковска евидентно го загатнува проблемот на современите меѓународни односи, т.е. постоењето на синергија на сите актери, од кои некои дејствуваат на главна сцена, а други од заднина, додека трети (како глобалното цивилно општество) се борат за поголема афирмација, класификација и влијание врз глобалните безбедносни процеси.

Четвртиот дел е посветен на глобалните безбедносни закани, релевантни за 21 век. При разработката во посебни поглавја, проф. Ванковска ја следи логиката и класификацијата на влијателната Оксфордска истражувачка група.

Конечно, во петтиот дел, авторката посебно се задржува на обид да се даде одговор за тоа како до меѓународна безбедност. Тука се елаборирани сите испробани или заговарани пристапи, методи, лекови и стратегии на меѓународната заедница, но и од алтернативните актери. Во таа смисла, проф. Ванковска мошне умешно и едноставно објаснува една многу сложена материја која е во постојана еволуција, а, што е најважно, се зазема пристап кој го надминува класичниот, па се опфаќаат и прашања кои се или недоволно обработени или запоставени.

На крајот на учебникот е изложена импресивната библиографија од дури преку 150 наслови, а која опфаќа претежно странски теориски извори. Текстот изобилува и со бројни фусноти, што не е вообичаено за учебникарската литература, но што претставува јасна индикација дека трудот, по својот пристап и квалитет, се доближува до научна монографија.

Учебникот ***Меѓународна безбедност: критички пристап*** е современ и актуелен, не само заради зголемениот интерес за оваа проблематика, туку и заради својот уникатен пристап. Авторката не само што е постојано во тек со најновите случувања во рамките на оваа дисциплина и ги следи најновите школи на размислување, туку и зазема јасна позиција на мислител кој припаѓа на критичките студии. При тоа, таа влегува во дијалог со останатите теориски правци и ги изложува наодите и анализата во нивна целина, без да наметнува едно единствено гледање. Темите, опфатени во учебникот, се јавно и документирано разработени, и на начин кој остава простор за најсовремени теориски и практични дебати. Текстот се одликува со низа конкретни примери и илустрации, кои на студентите ќе им помогнат во изучувањето на оваа материја низ практична анализа која задира подлабоко од формалните и видливи аспекти, структури и манифестации на меѓународните односи.

Книгата сосема одговара на намената, бидејќи е целосно усогласена со барањата и критериумите за наставниот процес според правилата на КТС по предметот меѓународна безбедност, кој се изучува на Филозофскиот факултет (Институт за одбранбени и мировни студии), а со својот квалитет ќе послужи за покривање на евидентната празнина во оваа област. Овој учебник несомнено претставува значајна теориска контрибуција и за постдипломските студии од областа на безбедноста и мирот и развојот, кои се организираат на Факултетот. Имајќи ги предвид потребата од запознавање и на државните структури, но и на пошироката јавност со проблематиката на меѓународната безбедност, книгата ќе претставува важно четиво за многу поголем број корисници. Со објавувањето на овој учебник се затвора една голема празнина која досега постоеше на овој план. Оттука, претпоставувањето дека овој

универзитетски учебник ќе го најде патот и до студентите на другите факултети и универзитети во Република Македонија.

Ни претставува задоволство да го поздравиме објавувањето на учебникот ***Меѓународна безбедност: критички пристап***, во издание на Филозофскиот факултет и да препорачаме негово брзо процесуирање.

15.1.2010

**Рецензенти**

Проф. д-р Зоран Нацев, с.р.
Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ФРАНЦУСКА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно – научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата II редовна седница, избра Рецензентска комисија во врска со пријавата на д-р Илинка Митрева на конкурсот објавен во *Дневник* од 5.11.2009 година за избор на еден наставник (во сите звања) по предметот *француска книжевност*. Рецензентската комисија, во состав: д-р Љиљана Тодорова, редовен професор, акад. д-р Луан Старова, редовен професор и акад. д-р Катица Ќулавкова, редовен професор, по увидот во доставениот материјал, на Наставно–научниот совет му го предлага за усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор на еден наставник (во сите звања), по предметот француска книжевност, се пријави само д-р Илинка Митрева, вонреден професор по предметот француска книжевност при Катедрата за романски јазици и книжевности, за звањето редовен професор. Кон пријавата, кандидатката има приложено документација според конкурсните пропозиции: биографски податоци, преглед на активности од изборот во звањето вонреден професор, наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност, пополнет образец со број на поени за ангажманот во последните пет години и уверение за државјанство.

1. **Биографски податоци за кандидатката д-р Илинка Митрева**, вонреден професор по предметот француска книжевност на Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Илинка Митрева е родена на 11.2.1950 во Скопје. Основно, средно и високо образование (Филозофски факултет, група: романска филологија, 1973) завршила во Скопје. Во 1984 година го одбранила магистерскиот труд *Роб-Грије-теоретичар на новиот роман*, на Филолошкиот факултет во Белград. Во 1994 година ја одбранила докторската дисертација под наслов *Проблемот на интерпретацијата на книжевното дело во критичко-теоретскиот опус на Ролан Барт*, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

На Филолошкиот факултет „Блаже Конески" е вработена од 1974 година, најпрвин како стажант, потоа како помлад асистент, па асистент и доцент по предметот француска книжевност. За вонреден професор е избрана во 1999 година. Работното место на Филолошкиот факултет и мирувало во повеќе наврати, во зависност од мандатите на д-р Митрева во Собранието и во Владата на РМ. Во тој период на вршење на високи општествени функции, кога соодветните закони го допуштале тоа, д-р Митрева била вклучена во изведувањето на наставата од прв и втор циклус студии на Филолошкиот факултет.

Во учебните 1976/1977 и 1977/1978 година, работела како лектор по македонски јазик и книжевност на Институтот за ориентални јазици и цивилизации во Париз (ИНАЛКО).

Д-р Илинка Митрева има остварено повеќе специјалистички престои во странство. Од тие престои треба да се изделат: престојот во Сиена, Италија, 1974 година, во Scuola per Stranieri, и оние во Париз, Франција, 1975-76 и 1985-1986 година, каде што - како стипендист на француската влада - ги посетувала семинарот на проф. Мишел Декоден (Париз III), предавањата на Ролан Барт (Сорбона) и семинарот на Жерар Женет (Ecole Pratique des Hautes Etudes).

По покана на Министерството за надворешни работи на Јапонија, д-р Митрева престојувала во Јапонија во 1996 година, во програмата Opinion Leader. Таа, исто така, била гостин на Стејт департментот, во 2001 година, во програмата Foreign Visitors.

Д-р Митрева изведувала настава по предметот француска книжевност во сите студиски години на Катедрата за романски јазици и книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Има подготвувано курсеви и држено предавања по предметите врзани за историјата на француската книжевност на средниот век, хуманизам и ренесанса, класицизам, рационализам и просветителство, роман 19 век, роман 20 век, театар 19 век, театар 20 век, поезија 19 век, поезија 20 век.

Од воспоставувањето на постдипломските студии на Филолошкиот факултет, д-р Илинка Митрева ги држела курсевите „Францускиот нов роман" и „Критички методи – Ролан Барт".

Во рамките на факултетските активности, д-р Митрева била повеќе пати член на Наставно-научниот совет, два мандата-член на Советот на факултетот, заменик-шеф на Катедрата за романски јазици и книжевности и шеф на Катедрата за романски јазици и книжевности, 1999-2001 година.

Д-р Митрева била претседател на Друштвото Македонија - Канада, член на Друштвото Македонија - Франција, член на Извршниот одбор на Европското движење во Македонија,

потпретседател на Националниот комитет на Република Македонија за УНЕСКО и член на основачкиот одбор на Евроатлантскиот клуб на Македонија.

Во 1994, 1998, 2002 и 2006 година била избрана за пратеник во Собранието на Република Македонија. Од мај до ноември 2001 и од ноември 2002 до август 2006 година, д-р Илинка Митрева ја вршела функцијата министер за надворешни работи на Република Македонија.

Во 1998, Илинка Митрева е одликувана од претседателот на Француската Република со орденот Витез на националниот ред на заслуги. Во 2004 година ја добила наградата *Ветер на мирот* на италијанската фондација АККАД – Cervara di Roma.

Д-р И. Митрева има објавено повеќе критики, статии и студии од стручен, научен и есеистички карактер, како и преводи од француски на македонски јазик.

Учесник е на повеќе научни симпозиуми и работилници од областа на македонската и француската книжевност, Семинарот за македонски јазик, книжевност и култура, а држела и јавни предавања (по покана) во Францускиот културен центар во Скопје.

Митрева држела предавања на теми поврзани со европските стремежи на Република Македонија, на повеќе меѓународни институти: „Вудроу Вилсон" во Вашингтон, „Чатам Хаус" во Лондон, Италијанската асоцијација за меѓународни организации во Рим, Ренер-институтот во Виена, ИФРИ во Париз и други.

Во 2005 година ја објавила монографската книга *Роб-Грије / Барт – авантури на писмото* (Скопје, Издавачки центар „Три").

Во 2008 година, ја објавила книгата книжевни студии и есеи под наслов: *Текстови – огледи и студии* (Скопје, Издавачки центар „Три").

## ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ ОД ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

### 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во наставниот процес, д-р Митрева е вклучена во сите семестри, од првиот до осмиот семестар, при што покрива голем опфат на курсеви и проблематики од доменот на француската книжевност во минатото и во современоста. Во овој период, таа ја одржуваше наставата редовно и според принципите на интерактивната настава (болоњски систем). Анонимните анкети со неколку генерации покажуваат дека нејзината образовно-воспитна дејност е исклучително високо оценета и од самите студенти (највисока оцена).

## 2.1. Настава од прв циклус

Во рамките на првиот циклус студии, од изборот во звањето вонреден професор до денес, д-р Митрева има држено предавања по предметот француска книжевност за студентите од прва, втора, трета и четврта година (од 1. до 8. семестар од додипломските студии). Во периодот од 1999 до 2002 година ги држала курсевите „Среден век" (прва година, со фонд на часови 3 плус 0), „Театар 20 век" (со фонд 2+0), „Роман 19 и 20 век" (четврта година, со фонд на часови 2+0). Од 2008, д-р Митрева ги држи курсевите „Роман 19-ти век" (прва година, 2+2 часови), „Роман 20-ти век" (четврта година, 2+2) во зимскиот семестар; потоа „Класицизам" (втора година, 2+2), „Поезија 19-ти век" (прва година, 2+0), „Францускиот нов роман" (изборен, четврта година 2+0). Во обата семестра има остварувано просечно по осум часа седмично.

## 2.2. Настава од втор циклус

Во периодот меѓу двата избора, д-р Илинка Митрева одржува настава на последипломските студии на насоката *наука за книжевноста* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" со изборните и спец-курсевите „Францускиот Нов роман" (1999-2000) и „Критички методи – Ролан Барт" (2006-2007 и 2008-2009), со 16 часови по семестар, за студенти од сите катедри на Филолошкиот факултет.

## 2.3. Консултации со студенти и менторирање на семинарски трудови

Во периодот меѓу двата избора, д-р Митрева одржува редовно консултации со студентите на додипломската и постдипломската настава. Просечниот број студенти кои доаѓаат на консултации е 60 (шеесетина) во семестар. Освен тоа, таа менторирала и изработка на бројни семинарски трудови. Просечниот број студенти кои изработиле семинарски труд по предметите што ги предава е 60 (шеесетина) во семестар.

## 2.4. Член на комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација

Во овој период, д-р Митрева била член на Комисијата за оцена и за одбрана на докторската дисертација на Елисавета Поповска (декември 2005).

## 2.5. Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура

Во овој период, д-р Митрева била член на Комисијата за оцена или одбрана на магистерскиот труд на Елисавета Поповска (април 2000).

## 2.6. Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа

Д-р Митрева била член на пет комисии за оцена или одбрана на дипломски работи на студенти од Катедрата за романски книжевности: Благица Котовчевска, Тамара Тасевска, Никола Велковски, Ника Гавровска и Александра Бушиновска.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### 3.1 Монографија

Во 2005 година ја објавила монографијата *Роб – Грије/Барт, авантури на писмото*, во издание на издавачкиот центар „Три" од Скопје.

### 3.2 Учество во национален научноистражувачки проект

Д-р Митрева била учесник – консултант на научноистражувачкиот проект на МАНУ-*Поимник на книжевната теорија* во периодот 2005-2007 година, по однос на прашањата поврзани со француската нова критика.

### 3.3 Труд со оригинални научни резултати, во стручно/научно популарно списание

Во 2000 година, Илинка Митрева го објавила трудот *Инстантниот дел од стварноста* во антологијата на современиот македонски есеј приреден од К. Ќулавкова, „Македонскиот есеј", во издание на *Стремеж* (како специјален тробој на списанието 7-8-9 и како одделна публикација), додека, пак, во 2001 го објавила трудот *Човек и деец на крупни императиви*, во списанието за култура и уметност *Стожер* бр. 46-47.

### 3.4 Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество

- Во овој период меѓу двата избора, д-р Митрева ги има одржано следниве предавања на неколку меѓународни научни собири:
- „Сенгор, во полна слобода", предавање на Меѓународниот колоквиум при Ректоратот на УКИМ, 2006 година, во организација на Меѓународната асоцијација на франкофонијата;
- *Во земјата на Русо,* во рамките на меѓународната конференција, Светска солидарност: "Иновативни извори за финансирање на развојот и против пандемиите" Париз, 2006;
- „Building Peace – Empowering Women Gender Strategies to Make UN SC Resolution 1325 Work", во рамките на Меѓународната конференција во Виена, 2006 година;
- *Митрев и модернитетот,* XXXVI научна конференција, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 24 и 25 август 2009 година.

### 3.5 Одржано предавање по покана на универзитет

- Д-р Митрева има одржано и едно предавање по покана на Филозофскиот факултет во Скопје, по повод посетата на Јаап де Хоп Шефер, 2006 година

### 3.6 Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет

- Д-р Митрева, по покана на Columbia University од Њујорк, го одржала предавањето на тема „Implementation of the Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women" во 2004 година.

- По покана на National University Canberra, го одржала предавањето „Macedonia's way", 2005 година.

**3.7. Секциско предавање на научен/стручен собир, со меѓународно учество:**

Д-р Митрева во овој период има настапено со реферат на тема „Лавиринтите на Умберто Еко", на меѓународниот научен собир одржан по повод 40 - годишнината од основањето на лекторатот по италијански јазик, на 10.11.2000, на Филолошкиот факултет во Скопје.

**4. СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

**4.1. Книга од стручна област**

Во овој период, д-р Митрева ја објавила книгата составена од повеќе научни студии, критики и есеи со наслов: *Текстови–есеи и студии,* во издание на издавачката куќа „Три", Скопје (2008), која доживува и успешна јавна промоција.

**5. Дејности од поширок интерес**

3.7 Раководител на внатрешна организациона единица

Во периодот 1999 –2001, д-р Митрева ја вршела успешно должноста шеф на Катедрата за романски јазици и книжевност.

## Заклучок и предлог на Рецензентската комисија

Денес, д-р Илинка Митрева е еден од најугледните професори на Катедрата за романски јазици и книжевности и со најдолг стаж во работата на оваа Катедра. Таа ја започнува својата наставна, професионална и животна кариера токму на оваа Катедра и се профилира како истакнат романист во македонската книжевна наука, признат и во пошироките романистички кругови. Нејзината наставна, воспитно-образовна дејност на додипломските и на постдипломските студии на Факултетот, како и нејзината научно-истражувачка дејност, ја изделуваат во матичната универзитетска средина како исклучителна професорка, посветена на наставниот процес, како извонредна колешка на катедрата и во рамки на целиот Факултет, како почитувана личност од страна на студентите и постдипломците, за што говорат и резултатите од анкетите со студентите. И во периодите кога ги извршува високите општествени функции, д-р Митрева одржува комуникација со својата матична средина.

Врз основа на овој заклучок, како и врз основа на увидот во наставната и научната дејност на колешката д-р Илинка Митрева, актуелен вонреден професор по предметот

француска книжевност на Катедрата за романски јазици и книжевности и долгогодишен наставник на оваа Катедра (во сите звања), Рецензентската комисија, со задоволство, констатираше дека д-р Митрева ги исполнува предвидените услови за избор во звањето редовен професор по предметот француска книжевност.

Од тие причини, Рецензентската комисија во состав: д-р Љиљана Тодорова, редовен професор, академик д-р Луан Старова, редовен професор и академик д-р Катица Кулавкова, му предлага на Наставно – научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја избере д-р Илинка Митрева во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ФРАНЦУСКА КНИЖЕВНОСТ НА КАТЕДРАТА ЗА РОМАНСКИ ЈАЗИЦИ И КНИЖЕВНОСТИ.

**Членови на Рецензентската комисија**

Д-р Лилјана Тодорова, редовен професор, с.р.
Акад. д-р Луан Старова, редовен професор, с.р.
Акад. д-р Катица Ќулавкова, редовен професор, с.р.

Скопје, 25.1.2010

# ОБРАЗСЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Илинка Димитар Митрева**
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје**
**Научна област: француска книжевност**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ:

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Француска книжевност (2+2), зимски 1999/2000 | 1,2 |
| 2 | Среден век (3+0), зимски 1999/2000 | 1,8 |
| 3 | Театар 20 век (2+0), зимски 1999/2000 | 1,2 |
| 4 | Роман 19 и 20 век (2+0), зимски 1999/2000 | 1,2 |
| 5 | Француска книжевност (2+2), зимски 1999/2000 | 0,9 |
| 6 | Француска книжевност (2+2), летен 1999/2000 | 1,2 |
| 7 | Среден век (3+0), летен 1999/2000 | 1,8 |
| 8 | Театар 20 век (2+0), летен 1999/2000 | 1,2 |
| 9 | Роман 19 и 20 век (2+0), летен 1999/2000 | 1,2 |
| 10 | Француска книжевност (2+2), летен 1999/2000 | 0,9 |
| 11 | Француска книжевност (2+2), зимски 2000/2001 | 1,2 |
| 12 | Среден век (3+0), зимски 2000/2001 | 1,8 |
| 13 | Театар 20 век (2+0), зимски 2000/2001 | 1,2 |
| 14 | Роман 19 и 20 век (2+0), зимски 2000/2001 | 1,2 |
| 15 | Француска книжевност (2+2), зимски 2000/2001 | 0,9 |
| 16 | Француска книжевност (2+2) летен 2000/2001 | 1,2 |
| 17 | Среден век (3+0), летен 2000/2001 | 1,8 |
| 18 | Театар 20 век (2+0), летен 2000/2001 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | Роман 19 и 20 век (2+0), летен 2000/2001 | 1,2 |
| 20 | Француска книжевност (2+2), летен 2000/2001 | 0,9 |
| 21 | Француска книжевност (2+2), зимски 2001/2002 | 1,2 |
| 22 | Среден век (3+0), зимски 2001/2002 | 1,8 |
| 23 | Театар 20 век (2+0), зимски 2001/2002 | 1,2 |
| 24 | Роман 19 и 20 век (2+0), зимски 2001/2002 | 1,2 |
| 25 | Француска книжевност (2+2), зимски 2001/2002 | 0,9 |
| 26 | Француска книжевност (2+2), летен 2001/2002 | 1,2 |
| 27 | Среден век (3+0), летен 2001/2002 | 1,8 |
| 28 | Театар 20 век (2+0), летен 2001/2002 | 1,2 |
| 29 | Француска книжевност (2+2), летен 2001/2002 | 0,9 |
| 30 | Роман 19 и 20 век (2+0), летен 2001/2002 | 1,2 |
| 31 | Роман 19 век (2+2), зимски 2008/2009 | 1,2 |
| 32 | Роман 19 век (2+2), зимски 2008/2009 | 0,9 |
| 33 | Роман 20 век (2+2), зимски 2008/2009 | 1,2 |
| 34 | Роман 20 век (2+2), зимски 2008/2009 | 0,9 |
| 35 | Француски нов роман (2+0), летен 2008/2009 | 1,2 |
| 36 | Класицизам (2+2), летен 2008/2009 | 1,2 |
| 37 | Класицизам (2+2), летен 2008/2009 | 0,9 |
| 38 | Поезија 19 век (2+0), летен 2008/2009 | 1,2 |
| 39 | Роман 19 век (2+2), зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 40 | Роман 19 век (2+2), зимски 2009/2010 | 0,9 |
| 41 | Роман 20 век (2+2), зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 42 | Роман 20 век (2+2), зимски 2009/2010 | 0,9 |
| 43 | Француски нов роман (2+0), летен 2009/2010 | 1,2 |
| 44 | Класицизам (2+2), летен 2009/2010 | 1,2 |
| 45 | Класицизам (2+2), летен 2009/2010 | 0,9 |
| 46 | Поезија 19 век (2+0), летен 2009/2010 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 47 | Француски нов роман (втор циклус), 16 часа, зимски 1999/2000 | 0,8 |
| 48 | Критички методи-Ролан Барт (втор циклус), 16 часа, зимски 2006/2007 | 0,8 |
| 49 | Критички методи-Ролан Барт (втор циклус), 16 часа, зимски 2008/2009 | 0,8 |
| 50 | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд) 60 x 0,03 поени, 1999/2000 | 1,8 |
| 51 | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд) 60 x 0,03 поени, 2000/2001 | 1,8 |
| 52 | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд) 60 x 0,03 поени, 2001/2002 | 1,8 |
| 53 | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд) 60 x 0,03 поени, 2008/2009 | 1,8 |
| 54 | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд) 60 x 0,03 поени, 2009/2010 | 1,8 |
| 55 | Консултации со студенти, 60 x 0,002 поена, 1999/2000 | 0,12 |
| 56 | Консултации со студенти, 60 x 0,002 поена, 2000/2001 | 0,12 |
| 57 | Консултации со студенти, 60 x 0,002 поена, 2001/2002 | 0,12 |
| 58 | Консултации со студенти, 60 x 0,002 поена, 2008/2009 | 0,12 |
| 59 | Консултации со студенти, 60 x 0,002 поена, 2009/2010 | 0,12 |
| 60 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат, 1 x 0,5 поени | 0,5 |
| 61 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура , 1 x 0,3 поени | 0,3 |
| 62 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа, 5 x 0,1 поен | 0,5 |
| | **Вкупно:** | **68,5** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија *Роб-Грије/Барт, авантури на писмото*, „Три", Скопје, 2005. | 8 |
| 2. | Учество во научноистражувачкиот проект „Поимник на книжевната теорија" на МАНУ, 2004-2006. | 3 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание - *Инстантниот дел од стварноста во:* „Македонскиот есеј" (Антологија, К. Ќулавкова) *Стремеж*, 7-8-9, 2000 година. | 2 |
| 4 | *Човек и деец на крупни императиви*, „Стожер" бр. 46-47, 2001 година. | 2 |
| 5 | Пленарно предавање на научно/стручен собир со меѓународно учество, Предавање на меѓународниот колоквиум „Сенгор, во полна слобода", Ректорат на УКИМ, 2006. | 3 |
| 6 | *Митрев и модернитетот,* XXXVI научна конференција, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 24 и 25 август 2009 година. | 3 |
| 7 | *Во земјата на Русо,* меѓународна конференција, Светска солидарност: „Иновативни извори за финансирање на развојот и против пандемиите", Париз, 2006. | 3 |
| 8 | Меѓународна конференција "Building Peace – Empowering Women Gender Strategies to Make UN SC Resolution 1325 Work" , Vienna, 2006. | 3 |
| 9 | Одржано предавање по покана на Универзитетот, предавање на Филозофскиот факултет во Скопје, по повод посетата на Јаап де Хоп Шефер, 2006 година. | 1 |
| 10 | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет, New York, Columbia University: „Implementation of the Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women" with a special focus on violence against women, 2004. | 3 |
| 11 | National University Canberra, „Macedonia's way ", 2005. | 3 |
| 12 | Секциско предавање „Лавиринтите на Умберто Еко" на научен/стручен собир со меѓународно учество, Скопје, Филолошки факултет, 2000. | 2 |
| | **Вкупно:** | **36** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Книга од стручна област, *Текстови,* „Три", Скопје, 2008 година. | 8 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Раководител на внатрешна организациона единица – шеф на Катедра, 1999 -2001. | 3 |
| | **Вкупно:** | **11** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **68.5** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **36** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **11** |
| **Вкупно:** | **115.5** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Лилјана Тодорова,претседател, с.р.
2. Акад. д-р Луан Старова, член, с.р.
3. Акад. д-р Катица Ќулавкова, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ВАЈАЊЕ, ВАЈАРСКИ ТЕХНИКИ И ЦРТАЊЕ, НА КАТЕДРАТА ЗА ВАЈАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

На својата редовна седница одржана на 14.1.2010 година, Наставно – научниот и уметнички совет формира Рецензентска комисија во состав: ред. проф. Васил Василев, претседател, ред. проф. Драган Попоски, член и ред. проф. Димитар Малиданов, член.
На конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 22.9.2009 година за избор на наставник во сите звања по предметите вајање, вајарски техники и цртање, на Катедрата за вајарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, се пријави кандидатот дипл. вајар м-р Жарко Башески, вонреден професор на ФЛУ.
Врз основа на приложената документација и познавањето на кандидатот, Рецензентската комисија има чест да го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Кандидатот м-р Жарко Башески е роден во Прилеп, 1957 година.
Факултетот за ликовни уметности во Скопје го завршил во 1988 година.
Постдипломските студии ги завршил во истата институција во 1998 година.
Член е на ДЛУМ од 1988 година. Во 2000 година е избран за наставник во звањето доцент по предметите вајање, вајарски техники и цртање а во 2005 година во звањето вонреден професор по истите наставни дисциплини.

**Самостојни изложби:**

**2010** - Скопје, ТЦ Соравија, јануари
**2010** - Њујорк, Gallery MC, јануари
**2010** - Скопје, КИЦ, февруари

**Групни изложби:**

**2010** - Зимски салон, МСУ - Скопје
**2008** - Презентација на македонската култура, Bari, Италија
**2008** - Refresh Yourself , плоштад „Македонија", МГС, Скопје
**2005** – Њујорк, Галерија МЦ

**Јавни изведби-скулптури и споменици**

**2008** – Итар Пејо, бронза, Прилеп
**2007** – споменик на бранителите на Македонија, мермер, Скопје
**2006** – Скршено крило, бронза и гранит, Скопје
**2005** – Александар III Македонски, бронза, Прилеп

**Реализирани споменици во фаза на поставување:**

- 2009, коњаник Даме Груев, бронза, плоштад „Македонија", Скопје;
- 2009, коњаник Гоце Делчев, бронза, плоштад „Македонија", Скопје;
- 2009, споменик на св. Кирил и Методиј, бронза, Камени мост, Скопје.

**Награди:**

- **2008**, **II** изведбена награда на конкурс за споменик на св. Кирил и Методиј;
- **2008**, **III** награда на меѓународен конкурс за коњаник, плоштад "Филип II", нас. Автокоманда - Скопје;
- **2008**, **I** изведбена награда на меѓународен конкурс за коњанички скулптури на Гоце Делчев и Даме Груев, плоштад „Македонија", Скопје;
- **2008**, **III** награда, фонтана со фигура на Филип II, Центар, Скопје;
- **2007**, **III** награда на меѓународен конкурс за коњаничка скулптура и фонтана на Александар III Македонски, плоштад „Македонија", Скопје;

**Активности во рамките на Факултетот за ликовни уметности, Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и пошироко:**

- **2009**, член на Бордот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- **2009**, член на комисија за меѓународна соработка при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- **2009**, член на меѓународна консултантска комисија за реализација на споменик во леарницата во Виченца, Италија;
- **2007**, координатор за областа вајарство на II циклус студии;

- **2000 – 2009**, раководител на Катедрата за вајарство;

**Творечки активности:**

Творечката окупираност или интересот за етничко архитектонски градителски трансфер на објект во скулптурата е детерминиран од страна на Башески уште од времето на деведесеттите години од минатиот век. Преку византиската градба со димензии за човековата фигура трансферирана во скулптура се засилува интересот за историскиот аспект во вајарството, поточно од обликот и формата на објектите со својата специфичност и податност за израз во скулптурата.

Кога би се поедноставил овој тип на пластика, а воедно и би се посматрал во галериски формат, се согледува со сета своја појавност и определеност. Таквиот чекор природно се наметна со враќање во милениумски простор наназад, но во друга сфера или потесен интерес.

Новата пластика на м-р Башески претставува поместување од претходните пристапи и нарации и овде човекот, односно портретот на личност го обележува и остава трага на целокупниот цивилизациски поредок и историја. Значи архитектурата преминува во човек (портрет) градител за да премине во фигура, но не како цел сама за себе, туку како симбол на вечни историско - културолошки вредности и моментуми. Сега портретот со специфичната моделација го отсликува современиот момент и на некој начин го доближува до сегашниот современ гледач со високо развиени моќи на креативни гледања и капацитети. Тоа се нагласени димензии кои ги потенцираат важноста и карактерноста, односно безвременскиот карактер на личноста која умее да ја создава современата типологија на нашето време. М-р Башески, во последните размислувања ја пласира крајната констатација дека, сепак, човекот е носител на севкупните вредности во секаква смисла, како објект (медиум) преку кој се искажува или потврдува комплексноста и недообјаснетата природа на човечкото битие и неговите можни развитоци во нов културолошки и социјален феномен.

Допирајќи до некој од многуте аспекти на човековото постоење, посебно и на свој начин, реализирана е мислата со цел да биде јасен и експлицитен во визуелниот приказ, при што се определува за реализмот како продолжение од претходната изложба. Начинот на изразување повлече решавање на проблеми од повеќе нивоа. Изборот на матерјал, моделацијата, димензијата, специјалните ефекти, потсликувањето итн.

За сето ова на м-р Башески му беа потребни неколку години да дојде до резултат со кој би бил задоволен. Фактот што во нашето опкружување не е работено со овие процеси и материјали во многу нешта ја отежнуваше реализацијата. Темите како што се религија, парапсихологија, историја и психологија отсекогаш биле тема на интерес кај уметниците, но м-р Башески приоѓајќи им, со денешен аспект, успешно ги приближува кон гледачот така што ја потврдува нивната актуелност кај современиот човек. Со воведување на современи

материјали кои досега не биле практикувани на овие простори тој го покажува интересот за експеримент и во техничко - технолошки поглед. Значи, во новите проекти на м-р Башески истражувањето е на повеќе нивоа, од моделирање со нешто повидоизменет приод кон моделот до практикување на современите метеријали и нови алатки за нивна примена. Исто така се забележува интерес за применување на видеото во комбинација со скулптура и нивна заемна поврзаност, поточно надополност и дообјаснување на концептот.

Паралелно со истражувањето кое досега го презентиравме за м-р Башески може со најголема одговорност да се нагласи реализацијата на споменициите на Гоце делчев, Даме Груев и светите Кирил и Методиј што треба да се постават во центарот на Скопје. Пристапот кон овој вид на скулптура беше крајно одговорен анализирајќи го од сите аспекти. На реализацијата на монументите и претходеа неколку месечни истражувања и правење анализи на модели како на човечката фигура така и на коњаничките движења, студии на коњот и јавачот, како поединечно така и како целина. Од моментот на одлуката за оптимална димензија па сѐ до најситни детали.

Поради одговорноста кон поставената цел се наметна и еден мошне сериозен пристап кој резултираше со користење реквизити од депоата на МТВ и театрите, како и фотостудии на коњи по хиподромите. Направени се и видеодокументи кои подоцна се користени во разработката на анатомијата на коњот. Исто така, со престојот во Италија (Фиренца, Верона, Виченца) се заокружува целиот процес во досега непрактикувани начини на реализација. Пластиката што во овие монументи што Башески ја организира и ја систематизира е комплетирана во својата луцидност и елегантност. Авторот има комплетна слика во подготовката на делото и на таа сметка резултатот е сериозен и недвосмислен.

На неколку конкурси организирани од општината Центар, колегата исто така е добитник на три трети, две втори и на една прва изведбена награда.

**Педагошки и други активности**

Во рамките на Факултетот за ликовни уметности, м-р Башески во последните пет години ја изведуваше наставата по предметите вајање, вајарски техники и цртање на Катедрата за вајарство кадешто ја извршуваше и функцијата раководител на оваа Катедра. Покрај наставата, колегата дејствуваше и во доменот на соработката на Факултетот со општествената заедница со цел обезбедување подобри услови (опрема и материјали за работа) на Катедрата за вајарство, во соработка со „Кнауф" Дебар и Макстил АД. Реализираше неколку проекти со студентите за афирмација на Факултетот, како што беше соработката со фабриката „Карпош" со поддршка на ТВ-медиумите. Организација на студентите за работа надвор од факултетот во одредени техничко-технолошки процеси (ливници), реализација на монументални

дела и др. За одбележување е и неговиот ангажман во рамките на неколкуте комисии на Факултетот, како и членството во Комисијата за меѓународна соработка и Бордот на Универзитетот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Земајќи ги предвид претходно посочените квалитети на кандидатот м-р Жарко Башески, како ликовен автор и творец, неговите познавања на скулптурата, како и неговото досегашно искуство во творештвото и успешното изведување на наставата по предметите: вајање, вајарски техники и цртање на Катедрата за вајарство, како и констатацијата дека во целост ги исполнува условите и критериумите за избор во звањето редовен професор во согласност со Правилникот на УКИМ, на Рецензентската комисија ѝ причинува особена чест да предложи вонр. проф. м-р Жарко Башески да биде избран **за наставник во звањето редовен професор** по предметите вајање, вајарски техники и цртање на Катедрата за вајарство при ФЛУ.

**Рецензентска комисија**

1. Ред. проф. Васил Василев претседател, с.р.
2. Ред. проф. Драган Попоски, член, с.р.
3. Ред. проф. Димитар Малиданов, член,с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Жарко Илија Башески**
**Институција: Факултет за ликовни уметности**
**Научна област: вајарство**

## НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување настава | |
| | -прв циклус на студии | |
| 1. | Вајање, 2004/05, летен/зимски (I класа) | **6** |
| 2. | Вајарски техники, 2004/05, летен/зимски (I класа) | **1,8** |
| 3. | Цртање, 2004/05, летен/зимски (I класа) | **1,2** |
| 4. | Вајање, 2004/05, летен/зимски (II класа) | **6** |
| 5. | Вајарски техники, 2004/05, летен/зимски (II класа) | **1,8** |
| 6. | Цртање, 2004/05, летен/зимски (II класа) | **1,2** |
| 7. | Вајање, 2005/09, летен/зимски | **24** |
| | -втор циклус на студии | |
| 8. | Скулптура (I година), летен /зимски 2004/09 | **30** |
| 9. | Скулпторски практики, летен/зимски 2004/09 | **22,5** |
| 10. | Скулптура (II година), летен/зимски 2004/09 | **37,5** |
| | **Вкупно** | **132** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | Ментор на магистерска работа (одбранета), 2006/07, Новак Димитровски, „Циклусот на духот и телото" | **1** |
| 2. | Ментор на магистерска работа (одбранета), 2007/08, Валентина Стевановска, „Прекината континуитет избришано минато" | **1** |
| 3. | Ментор на магистерска работа (одбранета), Јадранка Урдаревска, „Вербална метаморфоза и дематеријализација на скулптурата во однос на визуелното перцепирање" | **1** |
| | **Вкупно** | **3** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **2008,** Презентација на македонската култура, Бари, Италија | **8** |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | **2008**, Refresh Yourself, плоштад „Македнонија", МГС, Скопје | **8** |
| 3. | **2005**, Њујорк, Галерија МЦ | **8** |
| | ***Изведени јавни споменици*** | |
| 4. | **2008**, Итар Пејо, бронза, Прилеп | **8** |
| 5. | **2007**, Споменик на бранителите на Македонија, мермер, Скопје | **8** |
| 6. | **2006**, Скршено крило, бронза и гранит, Скопје | **8** |
| 7. | **2005**, Александар III Македонски, бронза, Прилеп | **8** |
| | **Вкупно** | **56** |

## СРТУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред.број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | Комисија за втор циклус студии на ФЛУ | **2** |
| **2** | Раководител на катедра на ФЛУ | **3** |
| **3** | Член на комисија за избор во звања на ФЛУ | **0,4** |
| **4** | Член на Комисијата за меѓународна соработка на УКИМ | **1** |
| | **Вкупно** | **6.4** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 132 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **3** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **56** |
| **СРТУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **6.4** |
| **ВКУПНО** | **197,4** |

**Рецензентска комисија**

Ред. проф. Васил Василев, претседател, с.р.
Ред. проф.Драган Попоски, член, с.р.
Ред. проф. Димитар Малиданов, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ ПРИ ПОРАМНУВАЊЕТО НА ФИНАНСИСКИТЕ ТРАНСАКЦИИ – ОСВРТ НА МЕЃУНАРОДНАТА И ДОМАШНАТА ПРАКТИКА“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р САШО ТРАЈКОВСКИ, пријавена на Економскиот институт од Скопје

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Сашо Трајковски со наслов „Управување со ризикот при порамнувањето на финансиските трансакции - осврт на меѓународната и домашната пратика“, Советот на Економскиот институт во Скопје, на седницата одржана на 1 јуни 2009 година, донесе одлука (бр. 09-1076/1 од 2.06.2009) за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација во состав:

1. д-р. Билјана Ангелова
2. д-р Климентина Попоска
3. д-р Евица Делова Јолевска
4. д-р Михаил Петковски и
5. д-р Неда Петроска Ангеловска.

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата до Советот на Економскиот институт, го доставуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Трајковски со наслов „Управување со ризикот при порамнувањето на финансиските трансакции - осврт на меѓународната и домашната пратика“ третира актуелна, комплексна и кај нас релативно малку обработена проблематика од областа на финансискиот и банкарскиот менаџмент, каде што во фокусот на вниманието е ставено намалувањето на ризиците во порамнувањето на финансиските трансакции.

Брзиот развој на финансиските институции, финансиската глобализација, современите финансиски инструменти кои се тргуваат на светските берзи, како и огромниот број финансиски трансакции кои секојдневно се случуваат, придонесе за воведување и развој на стратегии, процедури и рутини за што побезболно порамнување на сите финансиски трансакции, кои во една просечна финансиска институција достигнуваат до повеќе од 20,000 трансакции дневно. Поради тоа се појави потреба од создавање не само на колективни клириншки центри на развиените земји, туку и во секоја финансиска институција да се сздадат политики и процедури за работа, кои мораат да бидат почитувани.

Покрај соработка на домашно ниво, порамнувањето подразбира уште повеќе и потреба за соработка помеѓу финансиските институции и на меѓународен план, со цел за унапредување на соработката и усогласување на законските регулативи помеѓу различните земји. За таа цел, земјите на Европската унија создадоа Банка за порамнување во вид на клириншка банка, но исто така и два система за РТГС-порамнување, најпрво во форма на ТАРГЕТ, а подоцна и на ТАРГЕТ 2. Со цел да се надминат ризиците во финансиските порамнувања, банките во Република Македонија, преку своите кореспондентни банки, учествуваат индиректно во ТАРГЕТ 2. На ваков

начин се надминува голем дел од ризиците кои се појавуваат помеѓу домашните банки и финансиските институции, во земјите од Европската унија. Во докторската дисертација се опфатени не само практиките на порамнување на трансакциите со развиените земји и ЕУ земјите туку и практики кога финансиските трансакции се одвиваат и со финансиски институции од земји во развој и неразвиени земји. Имајќи ги предвид практичните искуства во земјава како во други земји од истражувачката компонента на овој труд произлегуваат препораки во насока на подобрување на практиките особено кога се работи за порамнување на финансиски трансакции со земји каде што нема имплементирано закон за спречување на перење на пари.

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација „Управување со ризикот при порамнувањето на финансиските трансакции - осврт на меѓународната и домашната пратика", поднесена од кандидатот м-р Сашо Трајковски, има вкупно 447 страници. Основниот текст се состои од 412 страници, кои структурно се поделени на вовед, шест глави и заклучни согледувања, прилози и користена литература. Прилозите се опфатени на 13 страници. Користената литература е наведена на 5 страници и содржи 76 релевантни библиографски единици, периодични списанија и интернет- страници.

Воведниот дел ги содржи основните хипотези и целите на истражувањето, како и причините за поставувањето на оваа проблематика. Во тој контекст кандидатот истакнува дека со појавата на светската финансиска криза станува јасно дека методологијата на досегашното порамнување на финансиските трансакции мора да се извршува тежнејќи кон минимизирање и елиминирање на ризиците кои ги демнат финасиските трансакции. Во тоа усовршување на начинот на порамнување активно се вклучува и Република Македонија преку своите учесници (деловни банки, Централната банка и компаниите), а во хипотезата на овој труд е поставена целта да се идентификуваат грешките и слабостите на постојните практики и да се предложат корективни мерки, во насока на намалување на ризиците на банкарските трансакции.

Првата глава на дисертацијата со наслов „Поим, животен циклус, принципи и видови на финансиски трансакции" претставува терминолошко појаснување на животниот циклус на трансакциите, во смисла на фазите низ кои тие поминуваат, како што се: инпут, верификација, конфирмација и ревизија. Во овој дел кандидатот ја истакнува важноста на секоја од нив, имајќи предвид дека недоследното спроведување или прескокнување на која било од нив може да претставува ризик чии последици е речиси невозможно да се исправат. Во сите фази на животниот циклус на една транасакција учествуваат најголем дел од вработените во банките, вклучувајќи го врвниот менаџмент па се до вработените на најниските субординирани нивоа. Притоа, истакнува кандидатот секој од учесниците мора да ги почитува интерните пропишани стандард и принципи како и меѓународно прифатените принципи. Во ова поглавје кандидатот ги опишал сите видови на финансиски трансакции, начините на работа, обемот и начинот на прифаќање па ризикот, хеџирање на ризикот и начинот на порамнување на финансиските трансакции.

Втората глава, „Фактори и улога на учесниците во порамнувањето на финансиските трансакции", ги опфаќа истражувањата на различните видови порамнувања од аспект на практики на порамнувања како што се: традиционалниот начин, билатералниот и современиот начин преку клириншка куќа. Во оваа глава е направена компаративна анализа меѓу сите три вида порамнувања од аспект на факторите кои влијаат на појавата на ризиците во работењето, како и факторите кои придонесуваат за што побезболно порамнување на финансиските трансакции. Анализирани се активностите на

сите учесници во порамнувањето: комерцијалните банки, централната банка и компаниите, а за илустрација се користени бројни примери од практиката.

Во третата глава, „Изложеност на ризици при порамнување на финансиски трансакции", фокусот е ставен на идентификација и мерење на изложеноста на ризикот и порамнувањето. Ризикот како последица на конкуренцијата во финансискиот сектор е поврзан со иновациите во банкарското работење и тој треба перманентно да се следи и управува. Во оваа смисла, истакнува м-р Сашо Трајковски, дејноста на современата банкарска организација не може да се претстави без основните координативни банкарски работи: планирањето на развојот, испитувањето на развојот, оценувањето на реализацијата, маркетингот и продажбата, менаџерското сметководство и управувањето и контролата на ризикот. Мерењето на ризикот како еден од круцијалните аспекти на управување во финансискиот сектор има за цел донесување на објективни решенија во работењето засновани на фактичките трошоци; во тој контекст во дисертацијата е детално обработено мерењето на ризикот како најсложена фаза во процесот на управување со него. Вообичаено е мерењето на ризиците да се врши со методот на споредби што подразбира споредување на процентот на загубите во однос на вложените средства. Меѓутоа, овој метод поради неговата статичност бидејќи не ги вклучува промените во работењето, не е погоден за попрецизни мерки и одредувањето на нивниот интензитет е доста условено. Затоа, во дисертацијата, кандидатот Сашо Трајковски подлабок осврт дава на методите според кои мерењето на ризикот значи постапка што ќе ги опфати и квантитативните и квалитативните фактори врз основа на што се употребува различен пондер, како проекција на можните загуби.

Во четвртата глава, „Концепти и системи на финансиско рамнување", детално се објаснети шемите на порамнување, нивното значење, начинот на порамнувањето, како и ефектите кои се постигнуваат. Направена е квалитативна споредба и анализа меѓу посебните видови на шеми, т.е. употребата на соодветна шема во услови на билатерално или мултилатерално порамнување. Опфатена е и анализа на влијанието кое го имаат шемите за порамнување врз финансиските трансакции, како и улогата на посредниците во шемите на порамнувањето. Анализирани се главните функции на шемите за порамнување, компонентите, мерките и управувањето со ликвидноста, дизајнот на системот за порамнување. Во случајот со Република Македонија на која и претстои поврзување и интеграција во деловните текови со Европската унија, потребно е значајно почитување на препораката од Европската унија, која преку Банката за меѓународно порамнување во Базел во примена става десет правила за систематски важните платни системи.
Во рамките на четвртото поглавје се анализирани меѓународните искуства во употребата на шемите на порамнување. Дефинирани се улогата и функцијата на РТГС-системот (или системот на промптни или големи плаќања), како и на клириншката куќа. Тие меѓународни искуства во голем дел се преселени и во Република Македонија. Поголемиот дел од оваа глава е посветен на шемите за порамнување кои се применуваат во Република Македонија, РТГС-системот (или МИПС - систем на порамнување на налози со високи износи како и на промптно извршените налози) и клириншкиот систем (или КИБС - за налози со мали износи или не толку значајни налози).

Во петтата глава, „Регулирање на системот на финансиско порамнување во меѓународни размери", се истражува легислативата рамка во која се одвиваат процесите на порамнување на финансиските трансакции, во чија основа се поставени посебни договори во кои се регулирани сите услови при настанувањето на трансакцијата, условите под кои ќе се движи трансакцијата, па сè до нејзиното порамнување. Во рамките на ова поглавје, кандидатот ја анализира меѓузависноста на платните системи и системите за порамнување, формите на меѓузавиност, како и бројните фактори кои влијаат врз таа меѓзависност. Во овој дел од трудот е обработено прашањето кое се

однесува на тоа дали и колку развојот на меѓузависноста помеѓу платниот систем и системот за порамнување има свои ефекти врз сигурноста на глобалниот финансиски систем. Во тој контекст, кандидатот истакнува дека точната и вистинската информација е критична компонента во регулирањето на ризиците. Со оглед на фактот што ризиците на многу брз начин преминуваат од еден во друг систем, иницијалниот извор на проблеми не може секогаш на лесен начин да биде воочен. Неточното посочување на изворот на проблемот е потенцијална можност за уште подлабока трансмисија на проблемите и ризиците со кои се соочуваат финансиските трансакции.

Во шестата глава „Супервизија на порамнувањето", е анализирана можеби најзначајната функција во процесот на порамнувањето - улогата на менаџментот и супервизијата во порамнувањето. За успешно функционирање на менаџментот во управувањето со порамнувањата и намалување на ризиците при порамнувања, потребно е да постојат пишани процедури за работа и функционирање, особено во ситуации кога постои голема опасност од појава на ризик, а уште повеќе кога ризикот е веќе појавен. Во последната глава се појаснува кои треба да бидат постапките на менаџментот и супервизијата во регулирањето на последиците од секоја склучена трансакција. Покрај тоа што менаџментот на секоја институција треба да се грижи да го зголеми својот профит, исто така од не помала важност е и грижата сето тоа да биде спроведено во законски рамки. За обезбедување на сигурен финансиски систем секако дека е потребен и супервизорски пристап во порамнувањето на финансиските трансакции. Во овој дел се анализирани контролата на пошироко ниво, т.е. контролата која ја извршува Народната банка на Република Македонија како регулаторно тело, позитивните и негативните аспекти од начинот на кој се контролира процесот на финансиски трансакции, предностите и слабостите. Во овој контекст кандидатот дава препораки за подобрување на контролата, а со самото тоа сведување на ризикот со кој се соочуваат индивидуалните банки на минимум.

Во заклучните согледувања, кандидатот м-р Сашо Трајковски ги сублимира постојните меѓународни практики во порамнувањето и дава посебен осврт на состојбите во Република Македонија. Во таа смисла ги истакнува недостатоците на македонскиот финансиски Пазар и препораките кои се однесуваат како на комерцијалните банки така и на супервизорските практики на Народната банка. Во услови на неразвиен финансиски Пазар, на кој функционираат само пазарот на пари, FX-трансакциите, валутните свопови и репо-договорите, зголемени се ризиците на трансакциите, бидејќи општо е познато дека користењето на останатите типови финансиски трансакции, како на пример: опциите, форвард-договорите и фјучерсите, инструмент со кои најуспешно може да се менаџира ризикот во финансиските трансакции. Со промена на легислативната рамка од почетокот на 2009 година се отвори можноста за примена на современите финансиски инструменти а со тоа и можноста на банките за поголеми можности во смисла на соработка и управување (намалување) на ризиците. Република Македонија е кандидат за членка во Европската унија, мора во својата практика да ги применува нивните начела за работа и процедури. Со прифаќањето на тие начела и процедури, како и регулативни акти се очекува да се надминат наведените слабости.

### 3. Оцена и предлог

Врз основа на внимателното проучување на изнесената содржина на докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Трајковски, под наслов „ Управување со ризикот при порамнувањето на финансиските трансакции - осврт на меѓународната и домашната пратика". Комисијата оцени дека докторската дисертација е поставена на современ и оригинален приод и е исклучително содржаен и комплексен труд. Докторската

дисертација обработува современа и актуелна проблематика, од областа на банкарскиот менаџмент.

Дисертацијата се одликува со оригинален пристап кон дефинираниот проблем на истражување и мошне успешно ги инкорпорира научниот и стручниот третман во намалување на ризиците при порамнување на финансиските трансакции третирајќи ја меѓународната и домашната практика. Трудот заслужува посебно внимание пред се и поради неговата актуелност и методолошкиот пристап во истражувањето кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според обемноста на обработениот материјал користен во истражувањето. Концепциски, дисертацијата претставува заокружен систематски приказ на теоретските и практичните искуства од сферата на управување со ризиците во банкарското работење.

Имајќи ги предвид изнесените ставови, Комисијата беше едногласна во заклучокот дека кандидатот м-р Сашо Трајковски, во својата докторската дисертација под наслов „Управување со ризикот при порамнувањето на финансиските трансакции - осврт на меѓународната и домашната пратика" целосно успеал да одговори на предизвикот што го поставил при дефинирањето на предметот на истражување. Појдовните тези успева мошне успешно да ги развие со аргументирани заклучоци, со свои оригинални ставови и со и концизни препораки за развојот на пазарот на финансискиот пазар во Република Македонија и прифаќањето на меѓународните начела и процедури, поголема транспарентност на наодите на супервизорската контрола како предуслови за поголема соработка меѓу комерцијалните банки и минимизирање на ризиците од трансакциите.

Врз основа на претходното, Комисија му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оценка за поднесената докторска дисертација „ Управување со ризикот при порамнувањето на финансиските трансакции - осврт на меѓународната и домашната пратика " и

2. на кандидатот м-р Сашо Трајковски да му се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 11 јануари 2010 година

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација:

1.____________________с.р.
/Д-р Билјана Ангелова/

2.____________________с.р.
/Д-р Климентина Попоска/

3.____________________с.р.
/Д-р Евица Делова Јолевска/

4.____________________с.р.
/ Д-р Михаил Петковски /

5.____________________с.р.
/Д-р Неда Петроска Ангеловска/

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ НА БАНКИТЕ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ НА БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СНЕЖАНА ДИЧЕВСКА,

пријавена на Економски институт во Скопје

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Снежана Дичевска со наслов „Корпоративното управување на банките со посебен осврт на корпоративното управување на банките во Република Македонија", Советот на Економскиот институт во Скопје, на седницата одржана на 16 ноември 2009 година, донесе одлука (бр. 09-2107/2 од 25.11.2009) за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација во состав:

1. д-р Евица Делова Јолевска
2. д-р Билјана Ангелова
3. д-р Климентина Попоска
4. д-р Неда Петроска Ангеловска.
5. д-р Снежана Костадиноска Милошеска.

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, до Советот на Економскиот институт, го доставуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација на кандидатката м-р Снежана Дичевска со наслов „Корпоративното управување на банките со посебен осврт на корпоративното управување на банките во Република Македонија" третира актуелна, комплексна проблематика од областа на банкарскиот менаџмент каде што во фокусот на вниманието е корпоративното управување на банките.

Корпоративното управување претставува атрибут на современата национална и светска економија како рамка на правила, односи, системи и процеси на правни, институционални, културни и економски односи на банките, врз основа на кои се градат односите кон акционерите и кон општеството во најширока смисла на зборот. Во современи, динамични услови на работење, добрата практика на корпоративно управување во банките овозможува заштита на интересите на акционерите, инвеститорите и претставува основа за јакнење на довербата и подобрување на корпоративната конкурентност. Со оглед на круцијалната улога на банките за финансиско посредување во економијата, од суштествено значење за нивно ефикасно управување е усвојување на принципите и надградување на одредени начела кои ќе претставуваат патоказ кон промовирање на практиката на доброто корпоративно управување во банкарските институции. Со ефикасно корпоративно управување се овозможува зголемување на профитабилноста на банките, нивен побрз раст и подобар пристап до финансиски средства од надворешни извори - домашни и меѓународни, јавни и приватни. Затоа за банките како двигатели на економскиот раст од пресудно значење е целосна и доследна примена на доброто корпоративно управување кое придонесува кон сигурно и ефикасно управување со банките.

Актуелноста на темата произлегува од самиот факт што Република Македонија со почетокот на нејзиното интегрирање во глобалната економија, со навлегување на странскиот капитал во македонските банки се создаде можност за институционализација на практиката на добро корпоративно управување, а со усвојување и имплементација на практиките, работењето на банките станува потранспарентно, ефикасно и атрактивно за инвеститорите. Практиките за добро корпоративно управување се основа за здрав, конкурентен бизнис што натаму води кон побрз економски развој и отворање нови работни места.

Во докторската дисертација се опфатени не само општите практики и принципи на доброто корпоративно управување во банките, туку и практиките на корпоративното управување во поразвиените земји и имплементацијата на корпоративното управување во банките во Република Македонија. Имајќи ги предвид практичните искуства во земјава, како и во други земји, од истражувачката компонента на овој труд произлегуваат препораки во насока на подобрување на практиките на корпоративното управување во банките во Република Македонија.

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатката м-р Снежана Дичевска со наслов „Корпоративното управување на банките со посебен осврт на корпоративното управување на банките во Република Македонија" има вкупно 284 страници. Основниот текст се состои од 281 страница, кои структурно се поделени на вовед, четири глави и заклучни согледувања, прилози и користена литература. Прилозите се опфатени на 6 страници. Користената литература е наведена на 10 страници и содржи 137 релевантни библиографски единици, периодични списанија и интернет-страници.

Воведниот дел ги содржи основните хипотези и целите на истражувањето, како и причините за поставувањето на оваа проблематика. Корпоративното управување е интегриран и комплексен систем на управување, претставува сет од правна регулатива, правила и норми на однесување на бизнис-заедницата. Корпоративното управување во банките има свои специфики кои произлегуваат од природата на банкарскиот бизнис, потребата за заштита првенствено на депонентите, на акционерите и системските ризици што можат да произлезат од неуспехот на некоја банка. Еден од суштинските елементи на пазарната економија –довербата на јавноста во банките непосредно се поврзува со прашањето на доброто корпоративно управување. Оттаму, во хипотезата на овој труд е поставена целта да се идентификуваат слабостите на постојните практики и да се предложат корективни мерки во насока на подобрување на практиките на доброто корпоративно управување во банките во Република Македонија.

Преку добро воспоставен систем на корпоративно управување се обезбедува хармонија на односите меѓу сите страни кои имаат какво било интерес поврзан со банката. Добро корпоративно управување на банките е она во кое е воспоставен успешен систем на цели, донесување одлуки и соодветно следење на степенот на извршување на одлуките и исполнување на целите на банката. Преку изградена структура на процедури, односи и процеси, банката може успешно да се соочи со промените во околината, и притоа да ги заштити интересите на сите засегнати групи.

Првата глава на дисертацијата со наслов „Општи согледувања за корпоративното управување на банките" претставува дефинирање на корпоративното управување, согледување на неговите развојни тенденции, принципите на кои тоа се базира, како и согледување на односите помеѓу учесниците во корпоративното управување на банките. Во овој дел кандидатката го опишала процесот на управување со корпоративните перфоманси на банките и тоа преку детално елаборирање на елементите на корпоративното управување (општи, квалитативни, деловни и визуелни), идентификување на корпоративните перфоманси на банките со цел да се подобрат и да се алоцираат ризиците на кои се изложени банките, па сè до процесот на стратегиско и финансиско планирање на перфомансите на банките.

Кандидатката ја истакнува важноста на елементите на корпоративниот идентитет за идентификување на банките како самостојни финансиски институции на пазарот. Подрачјата и индикаторите на перформансите на банките опфаќаат поголем број перформанси меѓу кои банката мора да изврши селекција и избор на позначајните кои континуирано ќе ги следи, анализира и планира. Кандидатката ги истакнува принципите на корпоративното управување на ОЕЦД, кои се признати како еден од днешните основни принципи за постоење на стабилен финансиски систем, а се дизајнирани за да можат да се имплементираат во различни правни и социјални опкружувања, односно тоа се генерални насоки за имплементирање на практиките на корпоративното управување во Европа и пошироко во светот. Перформансите на банката се рефлексија на нејзината вредност, успешност и големина, како и на нејзината ефикасност и ефективност во работењето.

Втората глава „Тенденции за интернационализација и глобализација на корпоративното управување на банките" обработува прашања поврзани со обидите да се надминат националните разлики и да се изработи унифицирана форма на корпоративното управување преку донесување национални кодекси на корпоративно управување. Современото банкарство во светот, посебно во развиените земји, е проследено со низа промени кои значително ја иновираат содржината на банкарското работење, трансформирајќи ги во модерни меѓународни банкарски институции. Кандидатката истакнува дека глобалните економски фактори во светското стопанство во односите на меѓународна размена имаат свое влијание и во однос на корпоративното управување на банките и во финансиските односи. Корпоративното управување на банките е резултат на потребата од се поголемата глобализација на финансиските пазари. Глобализацијата на корпоративното управување се изразува преку создавање на единствени правила и принципи. Конвергенцијата на инструментите на корпоративното управување ги стимулира инвеститорите и води кон развој на дејноста на банките. Во ова тематско подрачје се разработени англосаксонскиот и континенталниот модел на корпоративно управување во банките. Доброто корпоративно управување треба да им помогне на компаниите да ги подобрат стандардите во управувањето и да бидат способни да ги подобрат ефикасноста во работењето и пристапот до капитал. Тоа се двете најважни компоненти кои на компаниите им овозможуваат да градат креативен потенцијал и да бележат пораст, а и да останат конкурентни на домашниот пазар. Со одреден модел на корпоративно структурирање и управување со компаниите ќе се подобри процесот на донесување одлуки, постои поголема веројатност дека менаџерите ќе ја водат компанијата во вистинска насока и ќе го зголемат профитот на друштвото.

Третата глава од трудот насловена како „Корпоративно управување во некои од земјите од Европската унија и регионот" опфаќа компаративна анализа на моделите на корпоративното управување, со посебен осврт на корпоративното управување во земјите на ЕУ и регионот, и тоа: банките во Австрија, Словенија, Србија и Бугарија. Кандидатката потенцира дека кога се прави анализа за моделот на корпоративното управување во банките во одредена земја треба да се има предвид националното законодавство на земјата, нивото на развиеност на пазарната економија, како и степенот на развиеност на финансискиот пазар. Целта на анализата на корпоративното управување во некои од земјите на ЕУ и регионот е да се направи споредба со корпоративното управување на банките во Република Македонија, за да се согледаат предностите и слабостите на некои модели на корпоративно управување. Анализата на корпоративното управување на некои земји од Европската унија и регионот покажува дека иако има одредени разлики помеѓу моделите на корпоративното управување во банките, сепак моделите сè повеќе конвергираат кон еден заеднички прифатлив модел во рамките на Европската унија, модел кој пред сè, по пат на нормативна конвергенција ќе доведе до конзистентен и комплементарен систем што треба да ги содржи предностите на различните модели на корпоративно управување. Притоа, кандидатката заклучува дека повеќето земји-членки на Европската унија се усогласени со минимум стандарди за квалитетно корпоративно управување, но бидејќи истите земји учествуваат на единствениот

пазар на Европската унија, се стремат кон имплементирање на стандарди на корпоративно управување кои ќе бидат над прифатените минимум стандарди.

Четвртата глава „Корпоративно управување на банките во Република Македонија" се фокусира на корпоративното управување во македонските банки. Добро воспоставен систем на корпоративно управување придонесува за сигурно и стабилно работење на банките и затоа е потребно да се дадат јасни насоки и задолженија за прифаќање на минимум стандарди и практики за добро корпоративно управување. Направена е сеопфатна анализа на новата законска регулатива која ја третира проблематиката на корпоративното управување во банките, при што кандидатката заклучува дека појасно се дефинираат стандардите за квалитетно корпоративно управување и се бара зајакнување на контролната улога на органите на управување, адекватно управување со ризиците и ефикасни внатрешни контролни системи со зајакната улога на внатрешната ревизија. Кандидатката истакнува дека воспоставувањето на стандарди и практики на добро корпоративно управување на банките е значајно пред сѐ за сигурно работење на банките, но и индиректно за воспоставување стандарди на корпоративно управување и во сите сегменти на финансискиот пазар, односно тоа треба да се искористи како основа за воспоставување практика на добро корпоративно управување во македонската економија воопшто. Преку практична истражувачка активност, кандидатката ја анализира имплементацијата на правната и институционалната рамка за корпоративното управување на банките во Република Македонија. Врз основа на добиените сознанија од реализираното практично истражување, дадени се одредени препораки со цел да се подобри и усоврши корпоративното управување на банките во Република Македонија.

Во заклучните согледувања кандидатката м-р Снежана Дичевска ги сублимира постојните меѓународни практики на корпоративното управување и дава критички осврт на состојбите во Република Македонија. Во таа смисла истакнува дека корпоративното управување треба да обезбеди стратешко водење на банката, соодветна контрола на управувањето, како и одговорност на надзорниот одбор и управниот одбор спрема банката, нејзините акционери, вработените, супервизорите, клиентите и другите заинтересирани страни. Институционалната и правната рамка на корпоративното управување на банките во Република Македонија треба да промовира транспарентен и ефикасен финансиски пазар, јасно да ја нагласува поделбата и одговорноста меѓу институциите во однос на промовирање и имплементирање на корпоративното управување почитувајќи го јавниот интерес. За да се воспостави ефикасно корпоративно управување во банките не е потребно само воспоставување на соодветна банкарска регулатива и почитување на супервизорските стандарди. Управувањето во банките, меѓу другото, зависи и од комуникацијата и соработката со регулаторните тела во финансискиот систем, функционирање на судскиот систем кој е клучен елемент за подобра имплементација на правните прописи и креирање на институционалната рамка на корпоративното управување, обука и зголемување на стручноста на сите лица и професии кои се важни за добра практика на корпоративно управување.

## 3. Оцена и предлог

Врз основа на внимателно проучување на изнесената содржина на докторската дисертација на кандидатката м-р Снежана Дичевска со наслов „Корпоративното управување на банките со посебен осврт на корпоративното управување на банките во Република Македонија", Комисијата оцени дека докторската дисертација е поставена на современ и оригинален приод и е исклучително содржаен и комплексен труд. Докторската дисертација обработува современа и актуелна проблематика од областа на банкарскиот менаџмент.

Дисертацијата се одликува со оригинален пристап кон дефинираниот проблем на истражување и мошне успешно ги инкорпорира научниот и стручниот третман на корпоративното управување во банките. Трудот заслужува посебно внимание пред сѐ и поради

неговата актуелност и методолошкиот пристап во истражувањето кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според обемноста на обработениот материјал користен во истражувањето. Концепциски, дисертацијата претставува заокружен систематски приказ на теоретските и практичните искуства од сферата на корпоративното управување во банките.

Имајќи ги предвид изнесените ставови, Комисијата беше едногласна во заклучокот дека кандидатката м-р Снежана Дичевска во својата докторска дисертација под наслов „Корпоративното управување на банките со посебен осврт на корпоративното управување на банките во Република Македонија" целосно успеала да одговори на предизвикот што го поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Појдовните тези успева мошне успешно да ги развие со аргументирани заклучоци, со свои оригинални ставови и со јасни препораки за развојот на корпоративното управување во банките во Република Македонија.

Врз основа на претходното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација „Корпоративното управување на банките со посебен осврт на корпоративното управување на банките во Република Македонија" и

2. на кандидатката м-р Снежана Дичевска да ѝ се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 18 јануари 2010 година

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1.______________________________
/Д-р Евица Делова Јолевска/ с.р.

2.______________________________
/Д-р Билјана Ангелова/ с.р.

3.______________________________
/Д-р Климентина Попоска/ с.р.

4.______________________________
/ Д-р Неда Петроска Ангеловска / с.р.

5.______________________________
/Д-р Снежана Костадиноска Милошеска /с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: МАТЕМАТИКА I, МАТЕМАТИКА II, ОСНОВИ НА КОМПЈУТЕРСКОТО РАБОТЕЊЕ, ВОВЕД ВО ПРОГРАМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука од XXXIV седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, одржана на 27.1.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по групата предмети: ***математика* I, *математика* II, *основи на компјутерското работење, вовед во програмирање*** и ***комуникациски вештини.***

По прегледот и анализата на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс објавен во дневниот весник „Дневник" од 13.1.2010 година за избор на наставник по горенаведената група предмети, се пријави само кандидатката д-р Бети Андоновиќ, дипломиран математичар и актуелен асистент на групата предмети на ТМФ за која се врши изборот.

***Биографски податоци***

Датум и место на раѓање: 2.1.1974 год., Скопје.

*Образование*

- Во 1992 година завршила средно образование, прва и втора година завршила во Медицинскиот училиштен центар „Д-р Панче Караѓозов" во Скопје, трета година во Гимназијата „Раде Јовчевски – Корчагин", а четврта година во Централното средно училиште во Марлоу, Оклахома, САД, континуирано со одличен успех, а на ниво на државата Оклахома има освоено повеќе награди на натпревари по математика.
- Во учебната 1992/93 година се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, група за математика, насока: теориска математика.
- На 5.12.1996 година ги завршила студиите со средна оценка 9,15, како најдобар студент на годината на Институтот за математика.
- Во учебната 1996/97 година се запишала на постдипломски студии на ПМФ во Скопје, група: математика.
- На 8.10.2004 година ги завршила постдипломските студии со одбрана на магистерскиот труд „Облик на атрактори во динамички систем", под менторство на д-р Никита Шекутковски, редовен професор на Институтот за математика при ПМФ во Скопје.

- На 15.10.2009 година ја одбранила докторската теза под наслов: „Внатрешна дефиниција на облик и својства на контунуум", под менторство на д-р Никита Шекутковски, редовен професор на Институтот за математика при ПМФ во Скопје.

*Наставно-образовна дејност*

Д-р Бети Андоновиќ од 1999 година изведува вежби по наставните дисциплини од наведената група предмети, најпрво како демонстратор, а потоа и во сите соработнички звања на ТМФ. Таа е максимално ангажирана со голем број часови во изведувањето аудиториски и лабораториски вежби со голем број студенти. Со големо залагање ги изведува вежбите и сите обврски сврзани со наставата и со голем ентузијазам учествуваше во воведувањето на новиот предмет комуникациски вештини и зема активно учество во неговото изведување.

- Од 1.11.1997 до 31.12.1998 година била хонорарно ангажирана како демонстратор на Институтот за математика на ПМФ.
- Од 1.3.1999 до 31.5.1999 година била демонстратор по предметот математика II на ТМФ.
- Од 1.3.2000 до 31.5.2000 година била демонстратор по предметот програмирање на дигитални сметачки машини на ТМФ.
- На 3.11.2000 година е избрана за помлад асистент на групата предмети: математика I, математика II, математика III и програмирање на дигитални сметачки машини на ТМФ.
- На 30.9.2003 година е реизбрана во звањето помлад асистент.
- На 1.7.2005 година е избрана во звањето асистент.
- На 3.4.2009 година е реизбрана во звањето асистент на групата предмети: математика I, математика II, основи на компјутерското работење, вовед во програмирање и комуникациски вештини.

Од 2007 година, д-р Бети Андоновиќ учествува во поставувањето на наставните содржини по предметите: математика I и математика II, кои се држат на ТМФ на глобалната платформа за далечинско учење Connexions, развиена од Рајс-универзитетот, Хјустон, САД.

Кандидатката активно е вклучена во промотивните активности на ТМФ и успешно го презентира во основните и средните училишта од 2007 година. Исто така, таа учествува на трибини во медиуми од областа на комуникациските вештини, наставна дисциплина која е дел од изборната наставна програма за II година на додипломските студии на ТМФ и за која таа поседува повеќе сертификати, со што покажува дека успешно се надградува за изведување на наставата.

Активно е вклучена и во подготовката и спроведувањето на регионални и републички натпревари по математика за учениците од основно училиште од 2007 година.

Таа активно ги владее англискиот и италијанскиот јазик и е постојан судски преведувач за англиски јазик.

***Научна и стручна дејност***

Д-р Бети Андоновиќ е активна во научноистражувачката дејност. Таа во изминатиот период како помлад асистент и асистент е коавтор на 7 оригинални научни резултати кои се печатени во научни, научно-популарни списанија и зборници на трудови од научни собири. Во трудовите се обработувани научни резултати од топологијата, која е од потесен научен интерес на кандидатката, од која област се и нејзината магистерска и докторска теза. Исто така, дел од нејзините резултати се од областа на динамичките системи и применетата математика.

Кандидатката своите научни резултати ги презентирала на 9 научни собири во земјата и во странство и учествувала во 4 научноистражувачки проекти како соработник.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на погоре изложеното може да се заклучи дека кандидатката **д-р Бети Андоновиќ**, дипломиран математичар, ги исполнува законските услови за избор во звањето доцент по групата предмети: математика I, математика II, основи на компјутерското работење, вовед во програмирање и комуникациски вештини.

Дејноста на кандитатката д-р Бети Андоновиќ ги задоволува критериумите за избор во звања од Универзитетскиот правилник. Поените во трите дејности изнесуваат: наставно-образовна дејност - **66,99** поени, научноистражувачка дејност -**65,4** поени и стручно-апликативна дејност - **7** поени, или вкупно - **139,39** поени.

Со досегашната повеќегодишна работа како асистент, д-р Бети Андоновиќ се покажа како вредна, исполнителна, совесна, инвентивна и одговорна во извршувањето на работните обврски, која покрај големиот ангажман со часови и голем број студенти, секогаш е спремна да им помогне на студентите и преку дополнителна работа. Таа успешно се развива во перспективен научен работник во областа на топологијата и применетата математика. Затоа, на Наставно-научниот совет на ТМФ, Рецензентската комисија му предлага **д-р Бети Андоновиќ** да биде избрана во звањето **доцент** по наведената група предмети.

Рецензентска комисија

1. Д-р Лилјана Стефановска, редовен професор, ТМФ-Скопје, с.р.
2. Д-р Лазо Димов, редовен професор, МФ-Скопје, с.р.
3. Д-р Анета Бучковска, вонреден професор, ФЕИТ-Скопје, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат**: Бети Ѓорѓи Андоновиќ

**Институција**: Технолошко-металуршки факултет – Скопје

**Научна област**: математика

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на вежби по математика 1 за време од 9 семестри по две групи неделно (2x3x15x0,03x9) | 24,3 |
| 2 | Одржување на вежби по математика 2 за време од 8 семестри по две групи неделно (2x3x15x0,03x8) | 21,6 |
| 3 | Одржување на вежби по основи на компј. работење за време од 5 семестри по две групи неделно (2x2x15x0,03x5) | 9 |
| 4 | Одржување на вежби по програмирање на ДСМ за време од 3 семестри по две групи неделно (2x2x15x0,03x3) | 5,4 |
| 5 | Одржување на вежби по комуникациски вештини за време од 3 семестри по една група неделно (1x15x0,03x3) | 1,35 |
| 6 | Консултации со студенти (во просек 120 годишно) по математика 1 за време од 9 семестри (120x0,002x9) | 2,16 |
| 7 | Консултации со студенти (во просек 100 годишно) по математика 2 за време од 8 семестри (100x0,002x8) | 1,6 |
| 8 | Консултации со студенти (во просек 80 годишно) по основи на компј. работење за време од 5 семестри (80x0,002x5) | 0,8 |
| 9 | Консултации со студенти (во просек 100 годишно) по програмирање на ДСМ за време од 3 семестри (100x0,002x3) | 0,6 |
| 10 | Консултации со студенти (во просек 30 годишно) по комуникациски вештини за време од 3 семестри (30x0,002x3) | 0,18 |
| | **Вкупно** | **66,99** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза | 8 |
| 2 | Одбранета магистерска теза | 4 |
| 3 | Учесник во национален научен проект: „Теорија на облици хомотопија и динамички системи", раководител: д-р Никита Шекутковски, 1999-2002. | 3 |
| 4 | Учесник во национален научен проект: „Развивање на методи за решавање на математички проблеми | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | во физиката и техничките науки", раководител: д-р Лилјана Стефановска, 2000-2003. | |
| 5 | Учесник во национален научен проект: „Диференцијабилност на локално линеарно-независни множества", раководител: д-р Никита Шекутковски, 2003-2006. | 3 |
| 6 | Учесник во национален научен проект: „Диференцијално равенки и динамички системи", раководител: д-р Лилјана Стефановска, 2006-2009. | 3 |
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: N. Shekutkovski, G. Markoski, B. Andonovic, *Function preserving connectedness or path-connectedness*, Математички билтен 31 (LVII), 2007, 5-12 (0,8x4) | 3,2 |
| 8 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: N.Shekutkovski, B.Andonovik', *Partitionings induced by a map*, Год. Зб. Инст. Мат. бр. 40, 2005, 1-9 (0,9x4) | 3,6 |
| 9 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/ научно-популарно списание: Б. Андоновиќ, *Запознавање со топологијата преку некои интуитивни концепти и примери*, Сигма бр. 55, 2001/02, 9-12. | 2 |
| 10 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: L.Stefanovska, B.Andonovic, S.Gegovska-Zajkova, *An iterative procedure for solving the optimization problem into an ellipsoid*, Vismath, Nis, December 13-15, 2001, e-proceedings (0,9x2) | 1,8 |
| 11 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Lj.Kocic, L.Stefanovska, B.Andonovic, *Torus map and chaotic oscillators*, BPU-5, SP09-005, 2003, 1239-1242 (0,8x3) | 2,4 |
| 12 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: N. Shekutkovski, B. Andonovik', *On the structure of the noncompact attractors*, Proceedings of the International Scientific Conference FMNS 2005, Vol.1, 2005, 113-116 (0,9x2) | 1,8 |
| 13 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: N. Shekutkovski, B. Andonovik', *Continuity and path connectedness*, FMI Conference "The pioneers of Bulgarian mathematics", Sofia, July 8-10, 2006, proceedings (0,9x2) | 1,8 |
| 14 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: N. Schekutkovski, B. Andonovik, *Intrinsic definition of strong shape for strongly paracompact spaces*, Proceedings of the IV Congress of the Mathematicians of Republic of Macedonia, Struga, October 19-22, 2008 (0,9x2) | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>*An iterative procedure for solving the optimization problem into an ellipsoid*, Vismath, Nis, December 13-15, 2001 | 2 |
| 16 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>*Partitionings induced by a map*, International conference on Topology and its applications, Skopje, September 1-4, 2004 | 2 |
| 17 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>*On the structure of the noncompact attractors*, International Conference FMNS-2005, Blagoevgrad, June 8-11, 2005 | 2 |
| 18 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>*Continuity and path connectedness*, FMI Conference "The pioneers of Bulgarian mathematics", Sofia, July 8-10, 2006 | 2 |
| 19 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>*Set Of Strokes As The Leading Phenomenon Of Avoiding Chaos and Uncertainty in Communication Among People: A Mathematical Point Of View*, The World Transactional Analysis Conference, Istanbul, July 26-29, 2006 | 2 |
| 20 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>*Discounting Words as Powerful Factors in Determining or Breaking the Cooperation*, International Transactional Analysis Conference "Cooperation and Power", San Francisco, August 5-12, 2007 | 2 |
| 21 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>*Intrinsic definition of strong shape for strongly paracompact spaces*, IV Congress of the mathematicians of Republic of Macedonia, Struga, October 19-22, 2008 | 2 |
| 22 | Учество на научен/стручен собир со реферат:<br>L.Stefanovska, B.Andonovic, S.Gegovska-Zajkova, *An iterative procedure for solving the optimization problem into an ellipsoid*, Vismath, Nis, December 13-15, 2001, Abstracts | 1 |
| 23 | Учество на научен/стручен собир со реферат:<br>Lj.Kocic, L.Stefanovska, B.Andonovic, *Torus map and chaotic oscillators*, BPU-5, SP09-005, 2003, Abstracts | 1 |
| 24 | Учество на научен/стручен собир со реферат:<br>N.Shekutkovski, B.Andonovik', *Partitionings induced by a map*, International conference on Topology and its applications, Skopje, September 1-4, 2004, Abstracts, p.p. 4 | 1 |
| 25 | Учество на научен/стручен собир со реферат:<br>N. Shekutkovski, B. Andonovik', *On the structure of the noncompact attractors*, International Conference FMNS-2005, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Blagoevgrad, June 8-11, 2005, Abstracts | |
| 26 | Учество на научен/стручен собир со реферат: D. Kocev, B. Andonovic, *Almost Menger and related spaces*, II Workshop on Coverings, Selections and Games in Topology, University of Lecce, December 19-22, 2005, Abstracts | 1 |
| 27 | Учество на научен/стручен собир со реферат: N. Shekutkovski, B. Andonovik', *Continuity and path connectedness*, FMI Conference "The pioneers of Bulgarian mathematics", Sofia, July 8-10, 2006, Abstracts | 1 |
| 28 | Учество на научен/стручен собир со реферат: B. Andonovic, S. Petkovski, *Set Of Strokes As The Leading Phenomenon Of Avoiding Chaos and Uncertainty in Communication Among People: A Mathematical Point Of View*, The World Transactional Analysis Conference, Istanbul, July 26-29, 2006, Abstracts | 1 |
| 29 | Учество на научен/стручен собир со реферат: S. Petkovski, B. Andonovic, *Discounting Words as Powerful Factors in Determining or Breaking the Cooperation*, International Transactional Analysis Conference "Cooperation and Power", San Francisco, August 5-12, 2007, Abstracts, p.p.58 | 1 |
| 30 | Учество на научен/стручен собир со реферат: B. Andonovik, *Intrinsic definition of strong shape for paracompact spaces*, IV Congress of the mathematicians of Republic of Macedonia, Struga, October 19-22, 2008, Abstracts, p.p.18 | 1 |
| | **Вкупно** | **65,4** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Учество во работата на комисии за државни натпревари по математика за основно образование, 2007. | 1 |
| 2 | Учество во промотивни активности на Факултетот: презентација на ТМФ-Скопје во ЕМУЦ КОЦЕ МЕТАЛЕЦ. | 0,5 |
| 3 | Учество во промотивни активности на Факултетот: презентација на ТМФ-Скопје во Гимназијата ГЕОРГИ ДИМИТРОВ. | 0,5 |
| 4 | Учество во промотивни активности на Факултетот: презентација на ТМФ-Скопје во Средното училиште ЈОСИП БРОЗ. | 0,5 |
| 5 | Учество во промотивни активности на Факултетот: презентација на ТМФ-Скопје во Гимназијата РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ-КОРЧАГИН. | 0,5 |
| 6 | Учество во промотивни активности на Факултетот: учество во емисијата *Огледало* на МТВ1, на тема Емоционална писменост", септември 2006. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Учество во промотивни активности на Факултетот: презентација на ТМФ-Скопје на Скопски саем 2007. | 0,5 |
| 8 | Учество во промотивни активности на Факултетот: предавање на тема: *Својства на металите и нивна употреба од страна на човекот* во ОУ ЉУБЕН ЛАПЕ на 9.11.2009. | 0,5 |
| 9 | Учество во промотивни активности на Факултетот: презентација на лабораториите на ТМФ-Скопје на IVв и IVг од ОУ ЉУБЕН ЛАПЕ на 10.11.2009. | 0,5 |
| 10 | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: член на Уредувачкиот одбор на СИГМА, списание за популаризација на математиката во средното образование. | 0,5 |
| 11 | Член на ННС на ТМФ-Скопје | 0,5 |
| 12 | Член на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир: MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009. | 1 |
| | **Вкупно** | 7 |

| **АКТИВНОСТИ** | **ПОЕНИ** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | **66,99** |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | **65,4** |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | **7** |
| **ВКУПНО** | **139,39** |

Рецензентска комисија

1. Д-р Лилјана Стефановска, редовен професор, ТМФ-Скопје, с.р.
2. Д-р Лазо Димов, редовен професор, МФ-Скопје, с.р.
3. Д-р Анета Бучковска, вонреден професор, ФЕИТ-Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ПЕДАГОШКИТЕ НАУКИ, ЗА ПРЕДМЕТИТЕ: УЧИЛИШНА ПЕДАГОГИЈА, НА ГРУПАТА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ, НА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

*По објавениот конкурс на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за избор на наставници во сите научни звања од областа на педагошките науки, за предметите: училишна педагогија, на групата одделенска настава на македонски јазик и методологија на истражување, на групите одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски јазик, објавен во дневните весници „Дневник" на 1.12.2009 година и „Коха" на 2.12.2009.*

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 15.12.2009 година, донесе одлука за именување на Комисија за изготвување на реферат за избор на наставник во соодветно научно звање, заведено под број 02-6116 на 21.12.2009. За членови на Комисијата се именувани:

- проф. д-р Миленко Кундачина, редовен професор на Учителскиот факултет во Ужице на Универзитетот во Крагуевац;
- проф. д-р Владо Тимовски, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- проф. д-р Татјана Котева Мојсовска, доцент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба и почитувајќи ја довербата, чест ни е да на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

По извршениот увид во поднесената документација приложена на конкурсот за избор на наставник во научно звање од областа на педагошките науки за предметите: Училишна педагогија, на групата одделенска настава на македонски јазик и методологија на истражување, на групите одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски јазик, Комисијата установила пријавување на само еден кандидат - д-р Мариета Петрова, доктор на педагошки науки, асистент по предметите училишна педагогија и методологија на истражување на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", државјанин на Македонија.

Комисијата, пред почетокот на работата направила увид во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и

соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Под бр., 03-20/161 од 7.12.2009, заведен во Протоколот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, кандидатката благовремено поднела пријава за конкурс. Комисијата врз основа на направениот увид во документацијата, констатирала дека кандидатката, со пријава приложила: пријава, биографија, диплома за стекнат докторат на педагошки науки на матичната Катедра за педагогија, решение од Министерството за образование и наука на Република Македонија за признавање на научен степен - доктор на науки од областа на педагогијата бр. 09-8759/2 од 19.11.2009, стекнат во странство, диплома за завршен матичен факултет за педагогија на Филозофскиот факултет, список на објавени научни и стручни трудови и самите трудовите, необјавената докторска дисертација, извод од матичната книга на родените, образец за избор во наставно-научно звање, како и уверение за државјанство бр. 22.17/6205, издадено на 14.9.2006 година од СВР - Скопје.

Во рефератот, што го поднесуваме, согласно со член 48 и Правилникот за критериумите и условите за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот, сублимирани се по делови: (1) биографските податоци за кандидатката, (2) научните активности на кандидатката, (3) стручните и педагошките активности на кандидатката, (4) анализа и оцена на научните, стручните и педагошките активности на кандидатката и (5) предлог на Комисијата.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

### 1.1. Основни биографски податоци

Д-р Мариета Петрова е родена на 1 јуни 1968 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното училиште. Основните студии по педагогија ги завршила на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1990 година и со одбрана на дипломскиот труд под наслов „Креативноста и творештвото на децата од предучилишна возраст (од средна и голема група)" со што се стекнала со стручното звање дипломиран педагог. Постдипломските студии по педагогија ги завршила на истиот Факултет, во 1996 година и со одбрана на магистерската теза под наслов „Креативноста на учениците низ слободните активности во основното училиште", со што се стекнала со научната титула магистер на педагошки науки.

Докторската дисертација под наслов „Педагошката ефикасност на Гордоновиот модел на комуникација во одделенската настава" ја одбранила во 2009 година на Катедрата за педагогија на Наставничкиот факултет при Универзитетот „Џемал Биједиќ" во Мостар, пред Комисијата во состав: д-р Миле Илиќ, редовен професор на Филозофскиот факултет во Бања Лука, претседател на Комисијата, д-р Миленко Кундачина, редовен професор на Универзитетот „Џемал Бједиќ" во Мостар и Учителскиот факултет во Ужице на Универзитетот во Крагуевац, ментор и д-р Хусејин Мусиќ, доцент на Универзитетот „Џемал Бједиќ" во Мостар, член и се стекнала со звањето доктор на науки од областа на педагогијата.

### 1.2. Работно ангажирање

Д-р Мариета Петрова работното искуство го започнала во 1991 година. Работела во Основното училиште „Димо Хаџи Димов" во Скопје, како одделенски наставник и во Основното училиште „Вера Циривири-Трена" во Скопје, каде што вршела педагошка стручна и советодавна работа. Од 1996 година е вработена на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со звање - асистент на студиските предмети: методологија на истражување, училишна педагогија и педагошка практика. Професионалниот развој и личниот афинитет ја определиле кандидатката за изведување на настава по изборните предмети: акциони истражувања и педагошки стратегии за работа со деца со тешкотии во учењето (во фаза на акредитација).

## 2. НАУЧНИ АКТИВНОСТИ НА КАНДИДАТКАТА

Кандидатката д-р Мариета Петрова досега објавила 18 труда, од кои 2 монографии и 16 статии во научни списанија и зборници на трудови од научни собири во земјата и во странство. Објевените трудови на кандидатката се однесуваат на наставата, активностите на децата, слободното време и проблемите на соработката на училиштето и семејството.

### 2.1. Монографии

(1) Мариета Петрова (1999): *Креативноста на учениците низ слободните активности во основното училиште.* Битола: Биангл.

(2) Marieta Petrova – Jovanovska, Nikola Petrov, Marko Stevanovic (2004): *Kreativno vodjenje u veticu i skoli.* Tuzla: Izdavacko preduzece R&S

### 2.2. Статии

(1) Мариета Петрова (1991): Педагошката служба во функција на новото училиште, *Просветно дело,* Скопје, 4, стр. 37-40.

(2) Мариета Петрова (1991): Родителите и воспитувачите-значајни партнери во воспитувањето на децата, *Просветно дело,* Скопје, 2, стр. 90-94.

(3) Мариета Петрова (1997): Наставниците и учениците-партнери во воспитување на креативноста, *Просветно дело,* Скопје, 3, стр. 49-53.

(4) Мариета Петрова (1997): Современото училиште пред нов реформски предизвик, *Зборник на трудови;* Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, стр. 88-94.

(5) Мариета Петрова-Јовановска (1998): Некои искуства од работата со учениците во работилницата на добра волја, *Зборник на трудови;* Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, стр. 75-83.

(6) Мариета Петрова-Јовановска (1998): Креативноста и едукацијата во функција на перманентното учење, *Просветно дело,* Скопје, 2, стр. 46-51.

(7) Мариета Петрова-Јовановска (2001): Надареност и креативност, *Просветно дело,* Скопје, 1. стр. 36-40.

(8) Мариета Петрова-Јовановска (2001): Педагошките аспекти на слободното време и ученичките активности, *Просветно дело,* Скопје, 5, стр. 60-67.

(9) Мариета Петрова-Јовановска (2002): Училиште по мерка на ученикот, *Годишен зборник;* Педагошки факуклтет „Св. Климент Охридски" – Скопје, стр. 121-127.

(10) Мариета Петрова (2004): Наставникот во 21 век, *Годишен зборник;* Педагошки факултет:„Св. Климент Охридски" – Скопје.

(11) Мариета Петрова-Јовановска (2005): Наставник-водитељ и истраживач у неструктуираним ситуацијама, У: *Савремени токови у образовању наставника* - Зборник радова са Међународнг научног скупа; Учитељски факултет у Врању, стр. 461-466.

(12) Мариета Петрова (2006): Предизвиците на иновативно-квалитетно училиште, *Просветно дело,* Скопје, 2, стр. 26-32.

(13) Мариета Петрова (2008): Педагошката практика во функција на практичната оспособеност и наставничките кадри, *Просветно дело,* Скопје, 5, стр. 20-28.

(14) Мариета Петрова (2009): Виртуелни училишни партнерства, *Педагошка ревија,* бр: 3/1: Педагошки факултет: „Св. Климент Охридски"- Скопје.

(15) Marieta Petova (2009): Trachers observations, notes and efficient strategies of teaching children with special needs" Volume 3; Edirne, Trakya Univerity, Faculty of Education, pp 48-50

(16) Milenko Kundačina and Marieta Petrova (2009): Professional titles for teachers Volume 1; Edirne, Trakya University, Faculty of Education, pp. 372-375.

### 2.3. Учество на научни собири

1. Наставник-водитељ и истраживач у неструктуираним ситуацијама, Међународни научни скуп Савремени токови у образовању наставника - Учитељски факултет у Врању, 2005.
2. The 5. th International Balkan Education And Science Congress, Oktoberr 01-05, 2009 Edirne – Turkey, Trakya Universitity, Faculty of Education

## 3. СТРУЧНИ И ПЕДАГОШКИ АКТИВНОСТИ НА КАНДИДАТКАТА

Д-р Мариета Петрова активно учествувала во реализација на повеќе апликативни проекти:

(1) проектот Интерактивна настава, поддржан од SOROS-фондацијата од САД;
(2) проект „Со читање и пишување до критичко мислење", поддржан од SOROS-фондацијата;
(3) проектот „Социјална правда" поддржан од USAID;
(4) Европскиот проект за обучување наставници во Република Македонија, поддржан од Фондацијата TEMPUS-PHARE, кого го водат владините

организации на Холандија, Шведска, Данска и Велика Британија, поддржан од Европската унија;

проектот MALMö HöGSKOLA; MALMö SHOOL OF EDUCATION, изведениот курс Training for Teaching in Multicultural Institutions;

(5) проектот на Фондацијата „Отворено општество", наменет за поддршка на реформите во високото образование - ECTS (европски кредит-транфер систем);

(6) член на колегиумот на проектот на UNICEF – „Воспитната функција на родителите";

(7) учесник во проектот „Перманентно усовршување на воспитувачите и наставничкиот кадар", поддржан од UNICEF;

(8) проектот „Борете се за своите права", во организација на Сојузот за грижа и воспитување на децата во Република Македонија;

PEACE CHILD INTERNATIONAL, UNESCO, поддржан од Европската иницијатива за демократија и човекови права;

(9) проекот „Видови комуникација во одделенската настава (classroom life research)", со група студенти од Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, презентиран пред координаторот на европскиот TEMPUS-PHARE-проект за обука на наставници во Република Македонија.

Од биографијата на објавени трудови и стручното творештво на д-р Мариета Петрова се воочува определеноста на кандидатката за научен и стручен пристап на деца од помала училишна возраст.

Како претставник на Педагошкиот факултет во Скопје, учествувала во Република Италија во Центарот за студии на Движењето на фоколарите и покажала интерес за агаци - методот и изведување на проектот „Коцка на љубовта", како и соработка со Детската градинка „Бисери", која се наоѓа во дворот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје. Кандидатката учествува во заеднички проект со Центарот за детско уметничко истражување, музикотерапија и психо-физичка релаксација „Цунцуле" и Томислав Таневски – музикотерапевт и презентација на проектот „Воведување на музикотерапија во образованието на деца со Williams Syndrome за мотивација и извршување на поставена задача", наменето за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

Мариета Петрова учествувала на стручното усовршување на Меѓународен стручен собир за педагошки работници во Крижевци (Хрватска), на тема: „Хуманистички пристап и заедништво во воспитанието".

## 4. АНАЛИЗА И ОЦЕНА НА НАУЧНИТЕ И СТРУЧНИТЕ АКТИВНОСТИ НА КАНДИДАТКАТА

Значењето и придонесот на кандидатката д-р Мариета Петрова за науката се огледуваат не само во збогатувањето на корпусот на современите педагошки сознанија, туку може да се цени и од аспект на напорот на вградување на тие сознанија во воспитно-образовната практика, што се заклучува од нејзиното учествување во повеќе апликативни проекти кои ги следат реформите на основните училишта во Република Македонија. Присуство на кандидатката во тие проекти придонело за имплементација на научните остварувања во училишната практика.

Придонесот на кандидотката може да се цени и од аспект на нужните напори за креирање на адекватни стратегии, политики и програми за организирање на основното образование и стручното усовршување на наставниците во домашни услови, па и во образованието и воспитанието воопшто. Актуелните комуникациски сознанија за педагошката комуникологија, кои кандидатката ги изнесува во својата докторска дисертација, сосема јасно упатуваат пред сè за исклучителната сложеност на феноменот на валидна педагошка комуникација, чија можност за подобрување се потврдува со примена на акционо истражување. Според мислењето на кандидатката, многу е важно истражувањето на потребата од стручно усвршување на наставниците за педагошка комуникација и градење на комуникациски способности кај учениците. За педагошката теорија и практика тоа претставува постојана задача и нужно достигнување.

Придонесот на научното творештво на д-р Мариета Петрова особено треба да се цени во светлината на актуелните реформски промени во образованието и воспитувањето во Република Македонија и државите во окружување, односно поголем број веродостојни и научно основани проекти и модели на реформа во кои кандидатката учествувала.

Резултатите од акционите истражувања, кои кандидатката во рамките на своите трудови ги применила, претставуваат вреден и оригинален придонес во широкиот корпус на сознанија на кои можат да се втемелат стратегија и активности во областа на квалитативната методологија во педагошката наука и стручното усовршување на наставниците во областа на градење на комуникациски способности кај учениците и наставниците во основните училишта во Република Македонија.

Комисијата смета дека научното творештво на кандидатката д-р Мариета Петрова во целост ги исполнува стандардите во поглед на обемот и квалитетот на објавени трудови. Теоретската втемеленост на трудовите претставува солидна основа за емпириски истражувања.

Истражувањата на д-р Мариета Петрова се карактеризираат со нејзината определеност, во секојдневната наставна практика, да ги воведе и испроба новите методи за работа со учениците кои бараат реформирано училиште. Во своите трудови укажува на можноста и потребата од оспособување на наставниците за квалитетна одделенска интеракција во комуникацијата, а со тоа и јакнење на професионалната одговорност на наставниците.

Авторката во своите трудови предупредува дека во образовната реалност постојат бројни ситуации во кои комуникацијата помеѓу учениците и наставниците е особено проблематична и каде што знаењето на наставниците за тие проблеми би било од пресудна важност.

Во своите напори, авторката одредени пронаоѓања од науката ги проверува во практиката. Се занимава со истражувања за совладаноста на програмата за едукативни обуки на наставниците од одделенска настава заради практична примена на Гордоновиот модел на комуникација и подобрување на успешноста за изведување на наставата и ефикасноста на решавање на проблемите на учениците, т.е. со создавање на услови за одржување на демократска клима во одделението.

Авторката во своите трудови има за цел да придвижува на размислување за проблемите од практиката, имајќи првенствено предвид на проблемите да им се пријде на што поконкретен начин, првенствено на прагматичните цели и педагошките импликации.

Целта на нејзините истражувања е утврдување на применливоста и одржливоста на новата концепција на училиштето. Проблемите ги поставува од психолошки аспект и дидактички го осмислува процесот на наставата.

Врз основа на анализираните трудови и документација, поднесени од д-р Мариста Петрова, како и врз основа на непосредниот преглед во нејзината научна и стручна работа и резултатите од работата, Комисијата констатирала дека:

- на матичниот отсек – педагогија, се стекнала со висока стручна подготовка-дипломиран педагог, научна титула - магистер на наука и научна титула - доктор на педагошки науки;
- на Педагошкиот факултет поминала одредено време во звањето асистент за предметите методологија на истражување и училишна педагогија, и со тоа се стекнала и со богато искуство во работата со студентите;
- нејзината работа и однос спрема студентите е прифатен и позитивно е оценет од страна на наставниците и студентите;
- поседува научни, стручни и едукативни знаења и повеќегодишно искуство од областа на емпириските истражувања во образованието и воспитувањето, особено, од областа на квалитативната методологија како нов тренд во педагошката наука;
- со објавените монографии и објавени научни и стручни трудови во педагошката периодика дала придонес за развој на тесните научни области со кои се занимава – училишна педагогија и методологија на истражување;
- во поголем број апликативни проекти имала функција на методолог;
- своите професионални, педагошки и научни обврски ги исполнува со висок степен на стручно-научна и професионална одговорност;
- со водењето на студиската практика дала значаен придонес во развојот на методичките компетенции за образование на студентите;

- своето практично искуство во научноистражувачката работа го користи за градење на методолошка култура кај студентите;

- во изведувањето на наставата користи современи информатички технологии;

- според образецот кон извештајот за избор во звање собрала 92,89 поени.

Комисијата констатирала дека кандидатката д-р Мариета Петрова ги исполнила сите услови за избор во звањето доцент за предметите: училишна педагогија и методологија на истражување од член 11 на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", сообразен со позитивните законски прописи во високото образование.

Од се што е напред наведено може да се заклучи следново: (1) научното и образовното искуство на факултетот и во основно училиште, стручната ангажираност, тежнеењето за лична афирмација и наклонетоста за научноистражувачка работа, ја претставуваат д-р Мариета Петрова како личност со сите неопходни особини и способности за одговорна функција како универзитетски наставник и научен работник; (2) д-р Мариета Петрова ги исполнува сите наставни, научни, педагошки и стручни барања и критериуми за избор во звањето доцент за потесни научни области од педагогијата, за предметите: училишна педагогија и методологија на истражување; (3) долгогодишното искуство во универзитетската настава, учеството во повеќе проекти и доволниот број на трудови на д-р Мариета Петрова и даваат можност за предвремено напредување во звањето вонреден професор, кога за тоа ќе се исполнат законските услови.

## 5. ПРЕДЛОГ

Поаѓајќи од: (1) програмските содржини на потесните научни области: училишна педагогија и методологија на истражување, (2) сето она што е констатирано за севкупната педагошка работа и стручното и научното творештво на кандидатката за изборниот временски период како асистент, (3) извршуваните наставни, стручни и педагошки активности и задачи кои се остварувани со евидентно истакнат успех на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (4) исполнетите услови од позитивните законски прописи и (5) оцените изнесени во заклучокот на извештајот, Комисијата со задоволство му предложува на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, д-р Мариета Петрова да се избере во наставно-научното звање доцент од областа на педагошките науки за предметите: *училишна педагогија,* на групата одделенска настава и *методологија на истражување,* на групите одделенска настава и предучилишно воспитување на настава на македонски јазик.

Составен дел од рефератот е образецот кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање.

Во Скопје, 12.1.2010

Членови на Комисијата

Проф. д-р Миленко Кундачина, редовен професор на Учителскиот факултет во Ужице при Универзитетот во Крагуевац, с.р.

Проф. д-р Владо Тимовски, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

Доц. д-р Татјана Котева Мојсовска, доцент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** *Д-р Мариета Никола Петрова*

(име, татково име и презиме)

**Институција:** *Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје*

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** *педагошки науки*

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Р б | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | *Одржување на настава под менторство:*<br>- од прв циклус<br>1. ЗППОН 202/2 *училишна педагогија (3+2), зимски семестар 2006/2007, 2007/2008 и 2008/2009*<br>2. ЗППВ 302, *методологија на педагошкото истражување (3+2), летен семестар 2006/2007, 2007/2008 и 2008/2009*<br>3. ЗПОН 351, *методологија на педагошкото истражување (3+2,) зимски семестар 2006/2007, 2007/2008 и 2008/2009* | 5,4 |
| 2 | *Одржување на вежби:*<br>- од прв циклус | |
| | 1. ЗПОН 202/2, *училишна педагогија (3+2), зимски семестар 2006/2007, 2007/2008 и 2008/2009*<br>2. ЗППВ 302, *методологија на педагошкото истражување (3+2 ), летен семестар 2006/2007, 2007/2008 и 2008/2009*<br>3. ЗПОН 351, *методологија на педагошкото истражување (3+2), зимски семестар 2006/2007, 2007/2008 и 2008/2009*<br>- *работилници, работа во групи,дискусии по изведените хоспитации, практично имплементирање и проверување на нови стратегии за ефикасната настава и ефикасно училиште*<br>- *менторство во изведувањето на индивидуални проектни активности (заради стекнување на истражувачки компетенции) ( акциони истражувања, Classroom-life research или истражувања наменети за испитување на животот во училницата, занималната, спроведени разновидни техники и инструменти: набљудување, анкетирање, интервјуирање, тестирање, скалирање, социометриска техника по избор на студентот)* | 2,7 |
| 3 | *Консултации со студенти:*<br>(за изработка на идејни проекти, информациска писменост, библиографски единици, семинарски работи, есеи, преводи од научни трудови) | 1,69 |

| | | |
|---|---|---|
| | ЗПОН 202/2, *училишна педагогија:*<br>*2006/2007 (126 студенти)*<br>*2007/2008 (138 студенти)*<br>*2008/2009 (138 студенти)*<br><br>ЗППВ 302, *методологија на педагошкото истражување*<br><br>*2006/2007 (57 студенти)*<br>*2007/2008 (65 студенти)*<br>*2008/2009 (94 студенти)*<br><br>ЗПОН 351, *методологија на педагошкото истражување*<br><br>*2006/2007 (91 студент)*<br>*2007/2008 (101 студент)*<br>*2008/2009 (237 студенти)* | |
| 4 | ***Позитивно рецензиран универзитетски учебник:***<br>- *автор*<br><br>1. Петрова Мариета (1999): *Креативноста на учениците низ слободните активности во основното училиште;* Битола: Биангл.<br>- ***коавтор (во странство)***<br>2. Petrova – Jovanoska, Marieta Petrov, Nikola i Stefanovič Marko (2004): *Kreativno vođenje u vrtiću i školi*: Tuzla: R&S | 14 |
| | ВКУПНО: | 23,79 |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одбранета докторска теза на тема:**<br>***„ Педеагошката ефикасност на Гордоновиот модел во одделенската настава "***<br>*Универзитет „ Đemal Bjedih " во Мостар, БиХ*<br>*Федерација на Босна и Херцеговина*<br>*Наставнички факултет – Оддел за педагогија* | 8 |
| 2 | **Одбранета магистерска работа:**<br>***„ Креативноста на учениците низ слободните ученички активности "***<br>*Универзитет „Св. Кирил и Методиј " - Скопје, Р. Македонија* | 4 |
| 3 | **Учесник во меѓународен научен проект:**<br>**1.** *Европски проект за обука на учители во Р. Македонија,* организиран од фондацијата TEMPUS – PHARE (проект реализиран од четири земји од Европската унија: Холандија, Шведска, Данска, Обединетото Кралство), од кој произлегува престојот на MALMO HOGSKOLA; MALME SHOOL OF EDUCATION и следење на курсот: *Training for Teaching in Multicultural Institution)*<br>**2.** *Реформи во високото образование, ECTS* или *европски кредит- трансфер систем,* организиран од *USAID* во соработка со Фондацијата „институт, | 40 |

| | | |
|---|---|---|
| | отворено општество"<br>3. *Агаци- метода* – проект организиран како соработка на *Педагошкиот факултет „ Св. Климент Охридски " во Скопје и Центарот за студии на Движењето на фоколарите од Р. Италија*<br>4. *Воспитната функција на родителите* – соработка на *Сојузот за грижи и воспитување на децата на Р. Македонија и UNICEF*<br>5. *Перманентното усовршување на воспитувачките и наставничките кадри* – соработка на *Сојузот за грижи и воспитување на децата на Р.Македонија и UNICEF*<br>6. *Европска иницијатива за демократија и човекови права,* ***Борете се за вашите права*** - соработка на *Сојузот за грижи и воспитување на децата на Р.Македонија и PEACE CHILD INTERNATIONAL, UNESCO*<br>7. *Интерактивна настава* - организиран од *SOROS - фондацијата*<br>8. *Со читање и пишување до критичко мислење* - организиран од *SOROS - фондацијата* | |
| 4 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br>*Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор*<br>1. Kundacina, Milenko and Petrova Marieta (2009): *„ Professional titles for teachers "* Volume 1; Edirne: Trakya University, Faculty of Education, pg. 372-375. | 3,6 |
| 5 | **Учество на научен/стручен собир со реферат:**<br>Труд во зборник:<br>1. Петрова Мариета (2006): *Предизвиците на иновативно-квалитетно училиште,* Просветно дело, 2/2006, стр.26-32.<br>2. Петрова Мариета (2008): *Педагошката практика во функција на практичната оспособеност и наставничките кадри,* Просветно дело, 5/2008, стр. 20-28.<br>3. Kundacina, Milenko and Petrova Marieta (2009): *„ Professional titles for teachers "* Volume 1; Edirne; Trakya University, Faculty of Education, pg. 372-375.<br>Труд во зборник на меѓународен научен конгрес:<br>4. Petrova, Marieta (2009): *„ Teacher's observation, notes and efficient strategies of teaching children with special needs "* Volume 3; Edirne; Trakya University, Faculty of Education, pg.48-50. | 4 |
| 6 | **Одржано предавање по покана на координаторот на проектот:**<br>*Prof. Anna Lisa Gasparini во Детската градинка „ Бисери " во Скопје, наменето за усовршување на воспитувачите, каде што беа презентирани резултатите од проектот „ Коцка на љубовта"*<br>***Агаци - метода***<br>Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје и Центар за студии на Движењето на фоколарите од Р. Италија | 1 |
| | ВКУПНО: | 60,6 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Рб | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Студија | 4,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | - одговорен проектант:<br>1. *Акционо истражување*<br>***Агаци- метода,***<br>*Хуманистички пристап и заедништво во воспитанието,*<br>*(Препознавање и манифестирање на силните емоции кај децата од предучилишна возраст)*<br>***„ Коцка на љубовта "*** - соработка на Педагошкиот факултет: „Св. Климент Охридски" – Скопје и Центар за студии на Движењето на фоколарите – Р. Италија<br>2. - одговорен проектант:<br>***Педагошката ефикасност на Гордоновиот модел на комуникација во одделенска настава*** (изведен во основните училиштата „ Јан Амос Коменски " - Скопје и „ Димо Хаџи -Димов " - Скопје со одобрение на Министерството за образование)<br>- учесник/соработник<br>1. ***„ Воведување на музикотерапија во образованието на деца со Williams Syndrome за мотивација и извршување на поставена задача"*** во соработка со Центарот за детско уметничко изразување, музикотерапија и психо-физичка релаксација *Џунџуле и Томислав Таневски – музикотерапевт* | |
| **Дејност од поширок интерес** | | |
| 1 | Студиски престој во странство<br>- до три месеци<br>**MALME SHOOL OF EDUCATION – SWEEDEN**<br>Accreditation course: *Training for Teaching in Multicultural Institution* | 1 |
| 2 | **Учество во комисии и тела на државни и други органи:**<br>- член на Комисијата за изведување на приправнички испити за наставници<br>*Министерство за образование на Р. Македонија, Биро за развој на Р. Македонија и Педагошки факултет „Св. Климент Охридски " – Скопје*<br>- член на колегиумот на проектот на *UNICEF - Воспитната функција на родителите* | 1 |
| 3 | *Член на редакцискиот колегиум за зборниците 1 и 2*<br>Сојуз за грижи и воспитување на децата на Р.Македонија<br>- ***Детето и сообраќајот***<br>- ***Природата и животната средина (екологија)*** | 2 |
| | **ВКУПНО:** | 8,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 23,79 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 60,6 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | / |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 8,5 |
| ВКУПНО: | 92,89 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Миленко Кундачина, претседател с.р.
2. Проф. д-р Владо Тимовски, **член** с.р.
3. Доц. д-р Татјана Котева Мојсовска, **член** с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА (ДОЦЕНТ), НАСТАВНА БАЗА ПО ПРЕДМЕТОТ ПСИХИЈАТРИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 22.XII 2009 година, по конкурсот за избор на наставник во сите звања (доцент), наставна база по предметот психијатрија, донесе решение за формирање на Комисија во состав: проф. д-р Антони Новотни, проф. д-р Марија Ралева, доц. д-р Бранислав Стефановски, проф. д-р Лилјана Илиевска и проф. д-р Билјана Јаневска.

На распишаниот конкурс објавен во весникот „Утрински весник" на 25.XI 2009 година, за избор на еден наставник во сите звања (доцент), наставна база по предметот психијатрија, се пријави ас. д-р Димитар Боневски од Катедрата за психијатрија при Медицинскиот факултет во Скопје, вработен во Психијатриската болница „Скопје" во Скопје (наставна база). Рецензентската комисија откако ги разгледа доставените материјали од кандидатот, има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Ас. д-р Димитар Боневски е роден на 09.VII 1960 година во Скопје, каде што зврши основно и средно образование. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирал во 1985 година со среден успех 8,1.

Од 20.VII 1988 година е вработен во Психијатриската болница „Скопје" во Скопје. Специјалистичкиот испит по невропсихијатрија со медицинска психологија го положил на 23.II 1993 година и се здобил со звањето невропсихијатар.

Посекувал обука на Институтот за третман на случаи на злоупотреба на деца во текот на 1997 година, (Training Institute on the Treatment of Child Abuse), и се здобил со диплома од Алијансата за ментално здравје на децата во Њујорк-САД (Children's Mental Health Alliance New York)

Завршил едногодишна обука за разбирање, превенција и третман на психосоцијален и трауматски стрес за професионалци со академска титула, во текот на 1997-1998 година, на Медицинскиот факултет во Скопје со учество на експерти од Светската здравствена организација.

Завршил едукација за меѓународно сертифициран тренер за едукација за социјална правда (психолошки ефекти од дискриминација, препознавање и превенција) во текот на 2004-2005 година.

Завршил едукација во областа на психотераписките методи: психодрама (500 часа континуирана работа во група, 200 интернационални часа, достигнат степен за клиничка апликација на психотераписката метода) и семејна терапија (достигнат степен за семејно советување).

**Наставно - образовна дејност**

На 07.X 2003 година е избран за помлад асистент, а на 28.V 2009 година за асистент по предметот психијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Од 2003 година до сега, во тек на 13 семестри одржувал редовни вежби по предметот психијатрија за студентите на медицина и стоматологија.

Од 2007 година до сега, во тек на 5 семестри одржувал редовни вежби по предметот медицинска психологија за студентите по медицина и вишите школи за медицински сестри.

Има одржано вкупно 78 дводневни работилници - летни школи за рано препознавање, превенција и третман на сите видови на запоставување и злоупотреба на деца и млади; за препознавање, превенција и третман на доцни последици од стрес и траума; за психолошките карактеристики во развојот на децата и младите, нормативните кризи во фазите на психолошкиот развој, влијанието на семејството и трауматските фактори во психолошкиот развој на децата и младите; за социјална правда, предрасуди, дискриминација и психолошките ефекти од нив.

**Научноистражувачка дејност**

Јавниот труд на тема: „Емоционална, физичка и сексуална злоупотреба во детството кај пациенти со панично растројство" го одбранил на Медицинскиот факултет во Скопје на 11.VI 2004 година.

Докторската дисертација на тема „Поврзаност на раната трауматизација со анксиозните растројства" ја одбранил на Медицинскиот факултет во Скопје на 24.XI 2008 година.

Во 2000 и 2001 година учествувал во меѓународниот проект за крос - културна споредба на емоционалната и физичката злоупотреба кај училишни деца, фактори на ризик и психосоцијални симптоми, со учество на Латвија, Литванија, Молдавија и Македонија, под водство на експерти од САД, поддржано од Министерството за образование на Р. Македонија. Резултатите од студијата се објавени во Child Abuse & Neglect, Volume 28, Issue 1, January 2004, Pages 113-127.

Како прв автор објавил еден, а како коавтор уште еден труд со оригинални научни резултати, во референтни научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор.

Како прв автор објавил 8 труда, а како коавтор објавил 2 труда со оригинални научни резултати во научни/стручни списанија.

Како прв автор објавил еден целосен труд, а како коавтор уште еден труд со оригинални научни резултати во зборник на трудови од научен/стручен собир.

Објавени му се 26 труда во зборници на апстракти на конгреси во земјава и во странство.

Одржал едно секциско предавање на научен/стручен собир.

**Стручно - апликативна дејност**

Автор е на книгата од областа на менталното здравје на децата и младите - „Сигурни, силни, слободни", Прирачник за психолози и педагози за

промоција на менталното здравје и превенција на злоупотреба на децата од училишна возраст, Магор, Скопје, 2001.
Коавтор е на книгата од областа на менталното здравје на децата „Растеме заедно", Прирачник за поддршка на психичкиот развиток и превенција на злоупотреба на децата на предучилишна возраст; Магор, Скопје, 2002.
Учествувал во студијата Бриџ (Bridge) програма за зачестеноста на биполарните растројства кај пациенти со голема депресивна епизода со или без некоја коморбидна психијатриска состојба на територија на Македонија, изведена во 2009 година.

**Дејност од поширок интерес**
Член бил на организациониот одбор на IV конгрес на психијатри на Р. Македонија со меѓународно учество одржан од 27 до 31 мај 2009 година во Охрид.
Член на работната група за изготвување на национална програма за третман на лица осудени за кривични дела за сексуална злоупотреба и педофилија со одлука на министерот за правда на Р. Македонија од 13.VII 2009 година.
При досегашните избори и реизбори на кандидатот за помлад асистент и асистент рецензирани се 31 труд објавени во билтените на УКИМ во Скопје.

## СПИСОК НА ТРУДОВИ ЗА РЕЦЕНЗИЈА

1. **Боневски Д, Злоупотреба и запоставување во детството кај пациенти со генерализирано анксиозно растројство. Макед. мед. преглед, 2006; (бр.3-4): 130-135.**
   Испитувањето било спроведено за процена на нивото на емоционалната, физичката и сексуалната злоупотреба и физичкото и емоционалното запоставување во детството кај 40 возрасни пациенти со генерализирано анксиозно растројство, дијагностицирани според дијагностичките критериуми од МКБ-10, во споредба со 40 здрави испитаници без историја на психијатриско растројство, со користење на Прашалник за трауми во детството- Childhood Trauma Questionnaire (CTQ). Изразеноста на клиничката слика кај пациентите со генерализирано анксиозно растројство била проценувана со користење на Хамилтоновата скала за процена на изразеноста на анксиозноста- Hamilton Anxiety Scale (HAS). Не постоеле сигнификантни разлики кај двете групи во нивото на сексуалната злоупотреба и физичката злоупотреба и запоставување, додека во групата пациенти со генерализирано анксиозно растројство, сигнификантно поголемо било нивото на емоционалната злоупотреба и на емоционалното запоставување.
   Во однос на корелацијата на изразеноста на клиничката слика кај пациентите со генерализирано анксиозно растројство и изразеноста на преживеаната злоупотреба и запоставување во детството, сигнификантна корелација била најдена за физичката и емоционалната злоупотреба, како и за емоционалното запоставување, додека немало

сигнификантна корелација за физичкото запоставување и сексуалната злоупотреба.

Клучни зборови: емоционална, физичка, сексуална злоупотреба, физичко и емоционално запоставување во детството, генерализирано анксиозно растројство, корелација.

2. **Боневски Д. Разлики во клиничката манифестација на анксиозноста кај пациенти со панично растројство, генерализирано анксиозно растројство и социјална фобија, Макед. мед. преглед, 2006; (бр.5-6): 234-240.**

Испитувањето било спроведено за процена и споредба на изразеноста на карактеристиките на анксиозноста кај три групи од по 40 пациенти со панично растројство (ПР), генерализирано анксиозно растројство (ГАР) и социјална фобија (СФ), со користење на Хамилтоновата скала за анксиозност. Статистичката анализа укажала на најголема изразеност на анксиозноста кај групата пациенти со ГАР, потоа кај ПР, а најмала кај СФ. Групата со ГАР ја карактеризирало најизразено анксиозно расположение, чувство на тензија, гастроинтестинални и генитоуринарни тешкотии со ниво сигнификантно повисоко од другите две групи. Кај групата со ПР, доминантно изразени манифестации на анксиозноста биле кардиоваскуларните и сензорните симптоми. Од друга страна, групата со социјална фобија имала најизразено ниво на стравови кои биле на сигнификантно понагласено ниво од оние кај пациентите со ПР и ГАР, додека преостанатите карактеристики на анксиозноста биле помалку изразени од другите две групи. Депресивноста била придружен елемент кај сите три групи, но не постоеле статистички значајни разлики во нивото на нејзината изразеност помеѓу групите.

Клучни зборови: анксиозност, панично растројство, генерализирано анксиозно растројство, социјална фобија.

3. **Боневски Д., Новотни А., Ралева М., Злоупотреба и неглижиране в детска возраст при возрастни пациенти с`с социјална фобија. Рецептор, Блгарски психијатрически журнал; 2007, брои 4: 26-31**

Клучни зборови: злоупотреба и запоставување во детската возраст, социјална фобија, корелација.

Резиме: Цел на проучувањето била да се направи проценка на нивото на емоционалната, физичката и сексуалната злоупотреба и физичкото и емоционално запоставување во детството кај 40 возрасни пациенти кои страдаат од социјална фобија (17 мажи и 23 жени на средна возраст 36,28+-8,49 години), дијагностицирани според критериумите на МКБ-10, во споредба со 40 здрави индивидуи (16 мажи и 24 жени на средна возраст 35,42+-5.71 години) без историја на психичко растројство, со пополнување на прашалник за трауми во детството.

Не биле најдени сигнификантни разлики кај двете групи во нивото на сексуалната и физичката злоупотреба и запоставување, додека во

групата со социјална фобија било најдено сигнификантно повисоко ниво на емоционална злоупотреба и запоставување. Изразеноста на клиничката слика кај пациентите со социјална фобија е проценувана со Лебовиц - скалата за социјална фобија. Во однос на корелацијата на изразеноста на клиничката слика и изразеноста на преживеаната злоупотреба и запоставување во детството, најдена е сигнификантна корелација со физичката и емоционалната злопотреба, како и со емоционалното запоставување, додека сигнификантна корелација со физичкото запоставување и сексуалната злоупотреба не била најдена.

4. **Боневски Д., Новотни А. Разлики во клиничката манифестација на социјалната фобија помеѓу жените и мажите. Medicus, 2007; Vol VII, No 1: 88-95.**
Испитувањето било спроведено кај 40 пациенти (17 мажи на средна возраст 36,41 години, СД= 8,40 и 23 жени на средна возраст 36,10 години, СД=8,56) со социјална фобија (СФ), дијагностицирани според дијагностичките критериуми од МКБ-10, без историја на друго психијатриско растројство, со проценка на манифестациите и изразеноста на клиничката слика со користење на Лебовиц - скалата за социјална фобија. Резултатите упатиле на повисоко вкупно ниво на страв и на избегнување како на ситуации на јавен настап, така и на социјалните ситуации кај групата на женски испитаници. Поединечната споредба упатила на тоа дека статистички значајно поголемо ниво на страв и избегнување кај групата на жени имало за зборување со авторитети, јавен настап, работење пред други, влегување во соба каде што другите седат, да се биде во центар на вниманието, зборување на состанок и соопштување пред група. Од друга страна, статистички поизразено било нивото на стравот и избегнувањето кај групата на мажи за одење во јавен тоалет и за ситуација на притисок од продавач. Резултати биле во голем дел, во согласност со резултатите од досегашните испитувања. Поголемата нагласеност на стравовите кај жените се поврзуваат со значајноста на пренагласениот срам како предходник во појавата на социјалната фобија и неговото потенцирање во традиционалниот модел на воспитување на девојчињата. Во овој контекст развојот на селф концептот и самодовербата кај жените многу повеќе зависи од евалуацијата на околината на нивниот физички изглед и социјалните компетенции. Од друга страна добиените понагласени стравови и избегнувања кај мажите се целосно во склад со психолошкото значење кое тие го даваат на својата машкост, односно машката социјална улога и осетливоста на ситуациите на нејзина проценка и претпоставена можна загрозеност.
Клучни зборови: социјална фобија, клиничка манифестација, мажи.

5. **Боневски Д., Новотни А. Споредба на степенот на злоупотреба и запоставување во детството кај возрасни пациенти со панично**

**растројство, социјална фобија и генерализирано анксиозно растројство.** Medicus, 2007; Vol VIII, No 2: 26-33

Испитувањето било спроведено за проценка на зачестеноста на емоционалната, физичката и сексуалната злоупотреба и физичкото и емоционалното запоставување во детството во три групи од по 40 пациенти со панично растројство (ПР), социјална фобија (СФ) и генерализирано анксиозно растројство (ГАР), со користење на прашалник за трауми во детството - Childhood Trauma Questionnaire (CTQ). Изразеноста на клиничката слика кај пациентите со панично растројство била проценувана со користење на скала за проценка на изразеноста на паничната состојба - Panic Disorder Severity Scale (PDSS), кај пациентите со генерализирано анксиозно растројство клиничката слика се проценувала со користење на Хамилтоновата скала за анксиозност-Hamilton Anxiety Scale (HAS), а кај пациентите со социјална фобија била користена скалата за социјална фобија Liebowitz, 1987. Најизразени статистички разлики во нивоата на злоупотреба и запоставување постоеле помеѓу пациентите со ПР и оние со СФ, и тоа за физичката и за емоционалната злоупотреба како и за емоционалното запоставување. Статистички значајно поголемо било и нивото на емоционалното запоставување кај пациентите со ПР во однос на оние со ГАР. Помеѓу пациентите со ГАР и СФ немало никаква статистичка разлика за ниеден тип на злоупотреба и запоставување. Постоела корелација помеѓу изразеноста на клиничката слика кај сите три групи со физичката злоупотреба, емоционалната злоупотреба и емоционалното запоставување.

Клучни зборови: емоционално запоставување, физичко запоставување, емоционална, физичка и сексуална злоупотреба на деца, панично растројство, генерализирано анксиозно растројство, социјална фобија, корелација.

6. **Bonevski D., Novotni A. Zlostavljanje u detinjstvu kod panicnog poremecaja. Med Pregl 2008; LXI (3-4): 163-166. Novi Sad: mart-april. 163 (index medicus).**

   Резиме: Испитувањето било спроведено за проценка на нивото на емоционалната, физичката и сексуалната злоупотреба и физичкото и емоционалното запоставување во текот на детството кај 40 возрасни пациенти со панично растројство, дијагностицирани според дијагностичките критериуми од МКБ 10 во споредба со контролна група од 40 здрави испитаници без историја на психијатриско нарушување со користење на прашалник за трауми во детството. Не постоеле сигнификантни разлики кај двете групи во нивото на сексуална злоупотреба и физичко занемарување, додека нивото на физичка и емоционална злоупотреба и емоционално занемарување биле на сигнификантно повисоко ниво во групата на пациенти со панично растројство. Изразеноста на клиничката слика кај пациентите со панично растројство била проценувана со користење на скалата за

проценка на изразеноста на паничното растројство. Во однос на корелацијата помеѓу изразеноста на преживеаната злоупотреба и запоставување во детството и изразеноста на клиничката слика кај пациентите со панично растројство, сигнификантно ниво на корелација било најдено за физичката и емоционалната злоупотреба, како и за емоционалното занемарување, додека корелацијата немала сигнификантност за физичкото занемарување и сексуалната злоупотреба.
Клучни зборови: панично растројство, анксиозност, злоупотреба и занемарување во детството, корелација.

7. **Sebre S., Sprugevica I., Novotni A., Bonevski D., Pakalniskiene V., Popescu D., Turchina T., Friedrich W. and Lewis O. Cross-cultural comparisons of child-reported emotional and physical abuse: rates, risk factors and psychosocial symptoms. Child Abuse & Neglect, Volume 28, Issue 1, January 2004, Pages 113-127.**
Цели: Студијата била дизајнирана за проценка на инциденцата на емоционална и физичка злоупотреба кај децата со придружните ризик - фактори и психосоцијални симптоми во кроскултурната студија помеѓу земјите од посткомунистичкиот блок.
Метод: 1245 деца на возраст помеѓу 10 и 14 години од Латвија (297), Литванија (300), Македонија (302) и Молдавија (246) учествуваа во студијата. Тие пополнувале прашалници за проценка на нивните искуства за емоционална и физичка злоупотреба и дале информации за семејните ризик - фактори и психосоцијални симптоми, вклучително и симптомите поврзани со ПТСР.
Резултати: Инциденцата на злоупотребата се разликувала помеѓу земјите како и нивото на психосоцијалните симптоми. Инциденцата на емоционалната и физичката злоупотреба се разликувала по региони, со повисоко ниво на злоупотреба во руралните регии. Во сите четири земји била најдена слична поврзаност помеѓу емоционалната/ физичката злоупотреба и психосоцијалните симптоми, со униформна најголема корелација помеѓу емоционалната злоупотреба и бесот. При испитувањето на комбинираните скорови од емоционална и физичка злоупотреба била најдена уште повисока корелација, посебно во однос на бесот и депресијата. Во сите четири земји прекумерната употреба на алкохол на родителите била поврзана со емоционална и/или физичка злоупотреба.
Заклучок: Наодите укажуваат на разлики помеѓу земјите во нивото на емоционална и физичка злоупотреба, но сличен образец на корелација со психосоцијалните симптоми и ризичните фактори на прекумерна употреба на алкохол на родителите и живеењето во рурална средина.

8. **Боневски Д., Новотни А., Бајрактаров С. Специфики на карактеристиките на ММПИ кај пациенти со панично растројство во споредба со здрави индивидуи, Книга на апстракти, IV македонски**

**психијатриски конгрес со меѓународно учество, 27-31 мај 2009 година, Охрид, Македонија.**

Цел на истражувањето: Одредување на спецификите на ајтемите на ММПИ кај испитаници со манифестно панично растројство, дијагностицирано со МКБ 10, во споредба со здрави индивидуи.

Материјал и методи: Испитувана група: 40 пациенти на возраст од 18 до 65 години, дијагностицирани по МКБ, кои страдаат од панично растројство, без други психијатриски растројства. Контролна група: 40 здрави индивидуи на возраст од 18 до 65 години без историја на психијатриски растројства. Користен бил прашалникот ММПИ за одредување на доминатните црти на личноста.

Резултати: Анализата упати на статистички значајно повисоки вредности на скалите на депресија(D), хистерија(Hy), психастенија(Pt), социјална интроверзија(Si) и скалата за анксиозност(An) кај испитуваната група во однос на контролната група.

9. **Боневски Д., Новотни А., Бајрактаров С. Специфики на карактеристиките на скалата на животен стил-доминантни механизми на одбрана кај пациенти со панично растројство во споредба со здрави индивиудуи, Книга на апстракти IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, 27-31 мај 2009 година, Охрид, Македонија.**

   Цел на истражувањето: Одредување на доминантните психолошки механизми на одбрана кај пациенти со манифестно панично растројство, дијагностицирано со МКБ 10, во споредба со здрави индивидуи.

   Материјал и методи: Испитувана група: 40 пациенти на возраст од 18 до 65 години, дијагностицирани по МКБ, кои страдаат од панично растројство, без други психијатриски растројства. Контролна група: 40 здрави индивидуи на возраст од 18 до 65 години, без историја на психијатриски растројства. Користен бил прашалникот за скала на животен стил за одредување на доминатните механизми на одбрана.

   Резултати: Во нашето истражување во испитуваната група, во однос на контролната група, статистички сигнификантно било повисоко нивото на механизмот на одбрана, компензација, репресија и регресија.

10. **Бајрактаров С., Рихтер Соколовска К., Новотни А., Боневски Д., Вујовиќ В., Манушева Н., Мицева Величковска Е., Чаловска Самрациска В. Ефикасност на терапија со репетитивна транскранијална магнетна стимулација (РТМС) кај депресивни растројства. Книга на апстракти IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, 27-31 мај, 2009 година, Охрид, Македонија.**

    Увод: Репетитивната транскранијална магнетна стимулација (РТМС) претставува техничка метода за неинвазивна модулација на ексцитабилноста и функциите на поединечни регии на кортекстот како и на асоцираните регии на мозокот. Со РТМС се модулираат невробиолошките, физиолошките и психолошките функции на

мозокот. Цел: Досегашната практика ја потврдува апликацијата на РТМС како метода за лекување на депресија која е резистентна на медикаментозен третман, но најновите студии покажуваат дека методата на РТМС може да се користи како add-on терапија кај депресивни растројства.

Метод: Анализа на клинички студии и метаанализи за ефикасноста на РТМС

Резултати: Во последните години се публицирани поголем број на статистички релевантни студии кои ја квантификуваат ефикасноста на терапијата на депресивни растројства со РТМС, посебно потврдени во студии со плацебо - контрола.

Заклучок: Публицираните клинички студии и метаанализи го потврдуваат терапискиот ефект на РТМС во третманот на депресивни растројства и се очекува дека новите студии ќе ги утврдат попрецизно протоколите за апликација на овој третман.

11. **Бајрактаров С., Белевска Д., Боневски Д., Ортаков В., Мицева Величковска Е., Арсова Хаџи-Анѓелковска С., Кузмановска Г. Стигма за менталната болест, неопходност од програми во заедницата, Книга на апстракти IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, 27-31 мај 2009 година, Охрид, Македонија.**

Увод: Стигмата не е само употреба на погрешен збор или однесување-таа претставува негирање на респектот кон лицата со ментални растројства придавајќи им негативни епитети поради нивната болест. Стигмата претставува магичен круг на отуѓување и дискриминација, таа претставува извор на социјална изолација на овие луѓе и нивните семејства. Здравствената заштита во менталното здравје во заедницата претставува таква организација на услугите во менталното здравје коишто најсоодветно ги пресретнуваат основните потреби на заедницата, дејствувајќи едновремено на сегрегацијата, дискриминаторното и стигматирачкото однесување кон корисниците на психијатриските услуги, превенцијата на повредите на нивните човекови права и реинтегрирањето на корисниците во општеството.

Хипотеза: Имплементирањето на програми за подигање на јавната свест води кон хуманизирање на општеството преку подобрување на јавниот став кон лицата со ментални растројства.

Метод: Направена е компаративна аналитичка студија, со употреба на два прашалника кај сто испитаници по случаен телефонски избор.

Резултати: Резултатите од ова истражување покажаа дека важен фактор кој придонесува кон намалување на степенот на стигматизација и дискриминација на лицата со ментални растројства претставува остварување на потребата од адекватен третман на лицата со ментални растројства. За подобрување на јавниот став неопходен е мултисекторски пристап, со имплементација на долготрајни одржливи едукативни програми насочени кон одредени целни групи.

## ЗАКЛУЧОК

На конкурсот за избор на наставник во сите звања (доцент), наставна база по предметот психијатрија се пријави ас. д-р Димитар Боневски од Катедрата за психијатрија при Медицинскиот факултет во Скопје, вработен во Психијатриската болница „Скопје" во Скопје (наставна база).

Од изнесеното, а врз основа на наставно-образовните, научноистражувачките и стручно-апликативните активности на кандидатот, може да се види дека ас. д-р Димитар Боневски ги поседува сите квалитети за избор во звањето доцент по предметот психијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје. Кандидатот ги исполнува и условите за избор во звањето доцент согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Оценувајќи ги сите квалитети на кандидатот, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, ас. д-р Димитар Боневски да биде избран во звањето доцент по предметот психијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Антони Новотни с.р. ________________

2. Проф. д-р Марија Ралева с.р. ________________

3. Доц. д-р Бранислав Стефановски с.р. ________________

4. Проф. д-р Лилјана Илиевска с.р. ________________

5. Проф д-р Билјана Јаневска с.р. ________________

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО -СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Димитар Боневски
**Институција:** Психијатриска болница „Скопје"- Скопје (наставна база), Медицински факултет, УКИМ, Скопје
**Научна област:** медицина (психијатрија)

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Настава во летни школи и работилници:** учесник во 78 работилници | **78** |
| 2. | **Одржување на вежби психијатрија за студенти по медицина:** 200 часа; **вежби психијатрија за студенти по стоматологија:** 96 часа; **вежби по медицинска психологија за студенти по медицина и виши медицински сестри:** 100 часа | **11,88** |
| 3. | **Консултации со студенти: 396** часа | **0,79** |
| | **Вкупно** | **90,67** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одбрана на докторска дисертација** | 8 |
| 2. | **Одбрана на специјалистички труд** | 2 |
| 3. | **Учесник во меѓународен научен проект:** 1 пат. | 5 |
| 4. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:** 2 труда. | 9 |
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:** 10 труда. | **29,8** |
| 6. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир:** 2 труда. | **4,2** |
| 7. | Секциско предавање на научен/стручен собир: 1 предавање. | 1 |
| | **Вкупно** | **59,0** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Книга од стручна област-автор**<br>**Книга од стручна област-коавтор** | 8<br>7 |
| 2. | **Студија-учесник** | 2 |
| **Дејност од поширок интерес** | | |
| 1. | **Член на организационен одбор на научен/стручен собир:** 1 пат. | 0.5 |
| 2. | **Учесник во изработка на национална програма од одредена област:** 1 учество. | 3 |
| | **Вкупно** | **20,5** |

| Професионални референци на кандидатот за избор во звање | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **90,67** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **59,0** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **20,5** |
| **Вкупно** | **170,17** |

**Членови на Комисијата**

1. **Проф. д-р Антони Новотни, претседател с.р.** ____________________
2. **Проф. д-р Марија Ралева, член с.р.** ____________________
3. **Доц. д-р Бранислав Стефановски, член с.р.** ____________________
4. **Проф. д-р Лилјана Илиевска, член с.р.** ____________________
5. **Проф. д-р Билјана Јаневска, член с.р.** ____________________

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ХИРУРГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, на својата III редовна седница одржана на 5.11.2009 година, одреди Рецензентска комисија за избор на **еден доцент** по предметот **хирургија**, во следниов состав: проф. д-р Милчо Пановски, проф. д-р Спасе Јовковски, проф. д-р Ацо Димов, проф. д-р Владимир Мирчевски и доц. д-р Миле Петровски.

На конкурсот објавен во дневниот весник „Утрински весник" на 30.9.2009 година за избор на еден доцент по предметот хирургија се пријавила прим. д-р Берта Русо.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на пријавата на кандидатката и на доставените трудови, го донесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Прим. д-р Берта Русо**

**Биографски податоци**

Д-р Берта Русо е родена на 7.1.1949 година во Ниш, Република Србија. Основното и средното образование ги завршила во Скопје со одличен успех. По завршувањето на гимназијата се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје и истиот го завршила со среден успех 8,50.

По завршувањето на лекарскиот стаж се вработила на Хируршката клиника на Одделот за детска хирургија (1.1.1977), којашто подоцна прераснува во Клиника за детска хирургија. Специјалистичкиот испит по општа хирургија го положила во 1982 година, а супспецијалистичкиот испит по детска хирургија во 1987 година. Во 1989 година е избрана за шеф на одделот за детска пластична и реконструктивна хирургија. Специјалистичкиот испит по пластична и реконструктивна хирургија го положила во 1996 година. Во моментот е на функцијата шеф на Одделот за амбулантно/поликлинична дејности а Универзитетската клиника за детска хирургија.

**Педагошка активност**

За асистент по предметот општа хирургија е избрана во 1984 година, во кое звање е се до 1994 година, при што се залага студентите максимално да ги совладаат практичните вештини од областа на општата и воената хирургија.

**Стручно-здравствена работа**

Кандидатката активно учествува во секојдневната работа на Клиниката за детска хирургија, учествува во решавањето на стручните проблеми, а особено од областа на пластичната и реконструктивната хирургија. Со континуираното следење на современата стручна литература и активното учество на симпозиуми и конгреси, таа се труди да ги примени и спроведе сите современи трендови од областа на детската пластична хирургија.

Во 1982 година ја посетила Интернационалната школа за изгореници во Љубљана, при што се запознала со најсовремените методи за третирање на изгорените пациенти. Престојот во Софија во 1995 година во Центарот за детска хемодијализа го искористила да се запознае со спроведувањето на перитонеалната дијализа кај децата. Оваа метода (хируршка апликација на хроничен перитонеален катетер) таа успешно ја пренесе на нашите простори, така што и денес успешно и секојдневно, заедно со колегите од Клиниката за детски болести, се спроведува на одделот за детска нефрологија.

Во 2000 година има остварено едномесечен престој во Hospital Saint Vincent De Paul во Париз, Франција, кај Dr. Bernard Pavy (Professeur au College de Medecine des Hopitaux de Paris. Chirurgie Plastique Reconstructive et Esthetique Chirurgie Pediatrique), кој е познат експерт по детска пластична хиругија и претседател на Франкофонското здружение за вродени расцепи на устата. Таму се запознава со раното (неонатолошко) хируршко згрижување на орофацијалните расцепи. Овие хируршки техники таа успешно ги пренесува на Клиниката за детска хирургија.

Со звањето примариус се здоби на 7.4 2001 година.

Во 2002 година, Македонското лекарско друштво и доделува Диплома за придонес и ангажирање во работата.

Д-р Берта Русо е член на Здружението на детски хирурзи на Македонија при Македонското лекарско друштво и е негов актуелен претседател. Член е и на Македонското здружение за пластична и реконструктивна хирургија, Европската асоцијација за пластична и реконструктивна хирургија - IPRAS, како и на Балканската асоцијација за пластична и реконструктивна хирургија BAPRAS.

**Научна работа**

Кандидатката д-р Берта Русо покажува интерес и во научно-истражувачката работа. Автор и коавтор е на околу 50 труда од областа на детската и пластичната хирургија, коишто ги има објавено кај нас и во странство.

Пријавениот докторат на 23.12.1999 година на тема: „Реконструктивни и функционални ефекти на рана хеило-велопластика кај деца со расцепи на усницата и непцето" го одбранила на 21.4.2008 година, со што го има заокружено повеќегодишниот посебен интерес од оваа област од детската хирургија.

**Список на рецензирани трудови:**

Петнаесет труда на кандидатката се рецензирани при изборот и реизборот за асистент во билтените на Универзитетот бр. 517/81, 593/93 и 675/97.

**Трудови рецензирани при печатење:**

1. ЕФИКАСНОСТ КОНТИНУИСАНЕ АМБУЛАНТНЕ ПЕРИТОНЕУМСКЕ ДИЈАЛИЗЕ У ТРЕТМАНУ ДЕЦЕ СА ТЕРМИНАЛНОМ РЕНАЛНОМ ИНСУФИЦИЈЕНЦИЈОМ
(„Ефикасност на континуираната амбулантна перитонеална дијализа во третманот на деца со терминална ренална инсуфициенција")
Шахпазова Е., Русо Б., Кузмановска Д., Тасиќ В., Ристевска Н.
Први Југословенски симпозијум о перитонеумској дијализи; Београд 1998
Војно санитетски преглед 1998,55(6):611-615

2. ПРЕВЕНЦИЈА И ТЕРАПИЈА НА КЕЛОИДНИ ЛУЗНИ ВО ДЕТСКАТА ВОЗРАСТ
Русо Б., Л. Мишоска, Л. Тодоровиќ, Р. Соколова
Втор конгрес на дерматовенеролозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2000.
Трудот е објавен во целост во Македонски медицински преглед 1999, стр 197-200, бр. 3-4

3. ПЕРИТОНЕАЛНА ДИЈАЛИЗА КАЈ ДЕЦА СО ТЕРМИНАЛНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА
Русо Б., Шахпазова Е., Кузмановска Д., Тодоровиќ Л., Соколова Р.
Трудот е објавен во целост во Македонско списание за медицина 2000, Вол. 45

4. ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕКОНСТРУКТИВНИТЕ РЕЗУЛТАТИ КАЈ РАНА ХЕИЛОПЛАСТИКА НА НАШ МАТЕРИЈАЛ
Русо Б., Мишоска Л., Соколова Р.
Трудот е објавен во целост во Македонски медицински преглед 2000 год. 54. стр 26-28

**Трудови за рецензија:**

5. НАША ПОЧЕТНА ИСКУСТВА СА КОНТИНУИРАНОМ АМБУЛАТОРНОМ ПЕРИТОНЕАЛНОМ ДИЈАЛИЗОМ КОД ДЕЦЕ
(„Наши почетни искуства со амбулантна континуирана перитонеална дијализа кај деца")
Е. Шахпазова, Б. Русо, Д. Кузмановска, В. Тасиќ
Југословенски педијатријски дани са међународним учешћем, Ниш, 1996. Зборник радова

Во трудот се презентирани првите две деца кај кои е пласиран катетер за континуирана перитонеална дијализа. Опишана е техниката за изведба на дијализата. Перитонеалната дијализа се презентира како можна алтернатива на хемодијализата.

6. СОВРЕМЕН ПРИСТАП ВО КОНЗЕРВАТИВНОТО ТРЕТИРАЊЕ НА КОМПЛИКАЦИИ ПРИ АКУТЕН АПЕНДИЦИТ
Б. Русо, П. Петровски, Л. Мишоска, Р. Соколова
Прв конгрес на микробилозите на Македонија, Охрид, 1997
Зборник на резимеа

Во едногодишната анализа на 153 деца оперирани поради постоење на акутен апендицит, анализирани се компликациите на лекувањето: илеус, гноење на оперативна рана и создавање на интраабдоминални апсцеси. Од осум апсцеси, два се излекувани со антибиотици, во два случаја апсцесите се дренирани под контрола на ултразвук, а само два се решени со релапаратомија.

7. СОВРЕМЕНИ ПРИСТАПИ ВО ТРЕТИРАЊЕТО НА ОПСТЕТРИЧКАТА ПАРАЛИЗА НА PLEXUS BRACHIALIS
Русо Б., П. Петровски, Л. Тодоровиќ
Втор конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 1998. Зборник на апстракти

Прикажани се три деца со опстетричка парализа на брахијалниот плексус. Изнесени се: класификација на лезијата според нејзиното траење, со препораки на нивно лекување. На клиничкиот материјал од три случаи, едното дете комплетно се рехабилитирало, второто, по почетното подобрување, не се јавило на контрола, а третото егзитирало поради постоење на други комплексни аномалии.

8. РАНА ХЕИЛОПЛАСТИКА КАЈ НОВОРОДЕНИ СО ЦЕПКИ НА УСНИЦАТА
Б. Русо , Л. Мишоска, Р. Соколова
Прв конгрес на гинеколозите и опстетричарите од Македонија-Скопје, 1998. Зборник на апстракти

Во трудот се прикажани предностите на хеилопластиката веднаш по раѓањето: безбедна е доколку е изведена од добро едуциран тим, дава одличен естетски резлутат, можност за физиолошко хранење на бебето, како и социјализација без стигматизација на семејството.

9. COMPERATIVE STUDY OF THE RESULTS WITH CONSERVATIVE THRETMENT OF POST-BURN SCARS IN CHILDREN („Компаративна студија на разни типови на конзервативен третман за превенција на лузни по изгореници")
Ruso B., Misoska L., Todorovic L.
I Balcan Congress for Plastic, Reconstructive and Aesthetic Surgery. Thessaloniki, 1999. Book of abstracts.

Во оваа студија е компарирана употребата на: кортикостероиди, кинолони, силиконски гел, ензимски лизати и интерферон, на местото на изгорениците, за да се превенира создавање на келоидни лузни. Студијата покажува дека аплицирањето на оклузивни силиконски гелови дава најдобри резултати.

10. OUR RESULT WITH NEONATAL SURGERY OF CLEFT LIP AND TWO STAGE OPERATION OF CLEFT PALATUM („Наши резултати со рано лекување на хеилошиза и двоетапно лекување на палатошиза")
Ruso B., Petrovski P., Sokolova R.
I Balcan Congress for Plastic, Reconstructive and Aesthetic Surgery, Thessaloniki, 1999. Book of abstracts.

Во трудот се прикажани првите искуства со рано лекување на хеилогнатопалатошизите. Прикажани се пет деца со еднострана и две деца со билатерална аномалија на лицето. Кај сите нив, хеилопластиката е изведена 2-3 дена по раѓањето, а кај три деца на шестмесечна возраст направена е велопластика. Во иницијалната серија немало морталитет или потежок морбидитет.

11. SINGLE INJECTION RADIOTRACER TECHNIQUE FOR TOTAL CLEARANCE IN PATIENTS ON PERITONEAL DIALYSIS („Еднодозно одредување на клиренсот на радиотрасерот кај пациенти на перитонеална дијализа")
E. Sahpazova, V. Bogdanova, A. Bogdanovska, B. Ruso, D. Kuzmanovska
IV Europian peritoneal dialysis meeting Madrid, Spain-2000
Peritoneal dialysis international Vol.20 No 1, January-February, 2000
Book of abstracts.

Ефикасноста на перитонеалната дијализа се одредува со клиренс на администрирани радиотрасери по исполнување на перитонеумот со дијализна течност. Авторите преку изведените анализи сугерираат дека сигнификантни резултати се добиваат само со земање на една доза крв 24, часа по давање на радиотрасерот.

12. EARLY AND LATE SURGICAL COMPLICATION IN CHILDREN ON PROGRAM TO CHRONIC PERITONEAL DIALYSIS („Рани и доцни хируршки компликации кај деца на хронична перитонеална дијализа")
Ruso B., Sahpazova E., Todorovic L., Sokolova R.
II Congress of The Balcan's Urologists, Struga, 2000. Book of abstracts.

Во трудот се презентираат искуствата од првите осум деца на перитонеална дијализа. Најчеста компликација била перитонит (во просек на секои 4 месеци), а кај 4 деца имало репласирање на катетерот за дијализа поради негова опструкција или депласман.

13. ТРЕТМАН НА БИЗАРНИ КЕЛОИДНИ ЛУЗНИ
Русо Б., Тодоровиќ Л., Симеонов Р.
II конгрес на дерматовенеролози на Македонија со меѓународно учество. Охрид, 2000, Зборник на резимеа.

Во трудот се прикажани седум деца со големи келоиди кои се третирани со интралезиско аплицирање на Interferon и Kenalog, топична апликација на масти за ензимска дигестија и силиконски гелови. Во четири случаи претходно е направена хируршка екцизија на келоидите. Во сите случаи е постигнато подобрување во козметичкиот ефект.

14. НЕИНФЕКТИВНИ КОМПЛИКАЦИИ КАЈ ДЕЦА НА ПЕРИТОНЕАЛНА ДИЈАЛИЗА
Е. Шахпазова, А. Богдановска, Б. Русо, Д. Кузмановска, Н. Ристоска Бојковска, В. Тасиќ
III конгрес за нефрологија на Р. Македонија со меѓународно учество, Скопје, 2001, Македонски медицински преглед 55, Книга на апстракти.

Во трудот се презентирани неинфективни компликации кај деца поставени на перитонеална дијализа. Најчесто се јавувале хернии, оментална облитерација на катетерот, а две деца со васкуларен инсулт завршиле летално. Во еден случај, поради склероза на перитонеумот, детето било префрлено на хемодијализа.

15. ПРОТОКОЛ И ПРОЦЕДУРА ПРИ СТАВАЊЕ НА КАТЕТЕР ЗА ХРОНИЧНА ПЕРИТОНЕАЛНА ДИЈАЛИЗА
Б. Русо, Е. Шахпазова, Р. Соколова, Р. Симеонов
III конгрес за нефрологија на Македонија со меѓународно учество, Скопје, 2001, Македонски медицински преглед-Зборник на апстракти.

Аворите детално ја опишуваат техниката на пласирање на катетерот преку којшто се изведува перитонеалната дијализа кај децата. Исто така, нотирани се и најчестите компликации: перитонити, тунел инфекции, умбиликални хернии и една илеусна состојба.

16. МИКРОБИОЛОШКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА, ИНЦИДЕНЦИЈА И ТРЕТМАН НА ПЕРИТОНИТИ КАЈ ДЕЦА НА ПЕРИТОНЕАЛНА ДИЈАЛИЗА
Е. Шахпазова, Ж. Цековска, Б. Русо, А. Богдановска, Д. Кузмановска
II конгрес на микробиолози на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2002. Зборник на резимеа.

Во трудот се презентирани инфективни компликации кај деца на перитонеална дијализа. Најчести инфекции биле перитонитите (просечно на секои осум месеци) и тунел инфекциите. Инфекциите биле лекувани по идентификација на причинителот, со специфична терапија, според добиениот антибиограм.

17. КОНТИНУИРАНА АМБУЛАТОРНА ПЕРИТОНЕАЛНА ДИЈАЛИЗА (КАПД) ВО ДЕТСКАТА ВОЗРАСТ

Е. Шахпазова, Б. Русо, А. Богдановска, Д. Кузмановска, Н. Ристевска
Медицина 2002-Скопје.
Трудот е печатен во целост во Зборник на стручни активности.

Во трудот е опишана е севкупната техника на перитонеалната дијализа: поставувањето на катетерот, волумените и концентрациите на дијализните раствори, динамиката на дијализата, исхраната на децата, како и компликациите на овој тип дијализа. Авторите ја препорачуваат перитонеалната дијализа како квалитетна замена за хемодијализата.

18. КОМПЛИКАЦИЈЕ ПРИ СПРОВОЂЕЊЕ ПЕРИТОНЕУМСКЕ ДИЈАЛИЗЕ КОД ДЕЦЕ („Компликации при спроведување на перитонеална дијализа кај деца")
Е. Шахпазова, А. Богдановска, Б. Русо, Д. Кузмановска, Н. Ристоска Бојковска
Педијатријски дани Србије и Црне Горе, Ниш 2004. Зборник радова.

Авторите во трудот анализираат 16 деца, во периодот од 1995 до 2004 година, кај кои била спроведувана перитонеална дијализа. Најчеста компликација кај овие деца била инфекција, со перитонит, а најчеста бактерија која била изолирана била стафилокок.

19. NEONATAL TREATMENT OF THE CONGENITAL CLEFT LIP
(„Неонатаелен третман на вродена цепка на горната усна")
B. Ruso, R. Simeonov, R. Sokolova, D. Nikolovski
1 национален конгрес по детска хирургиа с мездународно участие
Пловдив-Бугарија, 2004. Книга на апстракти.

Во трудот е презентирано искуството од 53 новородени, со цепка на усната, кои биле третирани 2-3 дена по раѓањето. Со овој пристап е добиен супериорен козметичен ефект, подобра социјализација, како и можност за подобрување на хранењето (со доење).

20. SURVIVAL OF CHILDREN AND SURGICALLY PLACED PERITONEAL CATHETER IN CHILDREN ON PERITONEAL DIALYSIS ((„Преживување на деца поставени на перионеална дијализа")
E. Shahpazova, D. Kuzmanovska, A. Bogdanovska, B. Ruso. N. Ristoska Bojkovska
Abstract in Jurnal of the International Pediatr Nephrology Association Vol. 20, 2005.

Авторите презентираат 17 деца со хронична бубрежна инсуфициенција, кои се лекувани со перитонеална дијализа преку хируршки поставен катетер. Резултатите од петгодишна анализа на секој случај покажуваат дека овој третман е задоволителен во период од најмалку три години, а најчеста причина за промена на катетерите е нивна опструкција или инфекција.

21. SERIOUS COMPLICATION OF FUNGAL PERITONITIS-CASE REPORT
(„Тешка компликација на фунгален пеитонит-приказ на случај")

E. Shahpazova, B. Ruso, D. Kuzmanovska, N. Ristoska Bojkovska
II Meeting of Southeastern European Pediatric Working Group - Belgrad, Srbija
2006, Lecturs and abstracts.

Во трудот преку примерот на четиринаесетгодишно девојче, кое било поставено на континуирана амбулантна перитонеална дијализа, идентификувана е опасноста од појава на микотични интраперитонеални инфекции, кои изнудуваат премин од перитонеална во хемодијализа.

22. INTRAPERITONEAL PSEUDOCYST FORMATION: COMPLICATION OF FUNGAL PERITONITIS IN CONTINUOUS AMBULATORY PERITONEAL DIALYSIS-CASE REPORT (Интраперитонеална псевдоциста: компликација на фунгален перитонит при континуирана амбулантна перитонеална дијализа - приказ на случај")
E. Shahpazova, B. Ruso, D. Kuzmanovska
Hippocratia 2007, Volumen 11, Issue 4; 219-220, 2007.

Во трудот е прикажано четиринаесетгодишно девојче, кое било поставено на континуирана амбуланта перитонеална дијализа. Кај девојчето со ЕХО и КТ е докажано присуство на псевдоцистична формација во карлицата, која е отстранета оперативно. Причина за настанување на цистата била микотична инфекција, компликација од перитонеалната дијализа.

23. ОПЕРАТИВНО РЕШАВАЊЕ НА ВРОДЕНИ РАСЦЕПИ НА НЕПЦЕТО. КОГА И КАКО?
Б.Русо, Р.Соколова, Р.Симеонов, Д.Николовски
Медицина 2007
Трудот е печатен во целост во Каталог и зборник на научни трудови.

Трудот претставува ретроспективна студија на 69 деца со расцеп на тврдото и мекото непце, лекувани на Клиниката за детска хиругија. Тргнувајќи од фактот дека говорот се развива од шестмесечна возраст, а краниофацијалниот раст е најинтензивен до петтата година, авторите препорачуваат двоетапно лекување: рана велопластика на шестмесечна возраст и корекција на тврдото непце при крајот на втората година од животот.

24. ДЕФЕКТ НА АБДОМИНАЛНИОТ ЅИД - СРЕДНИ ЦЕЛОЗОМИ-ПРИКАЗ НА СЛИЧАИ
Р. Соколова, Б. Русо. Л. Мишоска, С. Бојаџиева
Медицина, 2007.
Трудот е печатен во целост во Каталог и зборник на научни трудови.

Трудот претставува ретроспективна студија на 12 новороденни со омфалоцела и 21 новородено со гастрошиза на Клиниката за детска хирургија, за периодот од 2000 до 2007 година. Децата со гастрошиза примарно се третирани оперативо, а оние со омфалоцела конзервативно. Во анализата на клиничкиот материјал, клучни за преживување биле породилната тежина и придружните аномалии - фактори детерминирани

од пациентот, а во терпевтскиот пристап, механичката ветилација и тоталната парентелна нурициja, значително го подобриле ефектот на лекувањето.

25. AN AMNION-AN IDEAL BIOLOGICAL SURGICAL DRESSING FOR FIXING FREE SKIN TRANSPLANT ("Амнионски преврски - идеално хируршко препокривање на слободни кожни трансплантати")
    R. Sokolova, B. Ruso, E. Popovska
    VI Congress of the Balkan Association of Plastic Reconstructive and Aesthetic Surgery, Ohrid, Macedonia 2009, Abstract book.

Во трудот авторите го прикажуваат своето искуство во третманот на екстензивни изгореници кај децата. При постоење на големи површини препокриени со кожен автотрансплантат, проблемот со неговото фиксирање и успешно прифаќање авторите со успех го решаваат со примена на амнионски преврски.

26. TREATMENT OF LARGE DEFECT IN TWO CHILDREN CAUSED BY HIGH VOLTAGE ELECTRIC CURRENT ("Третман на две деца со големи дефекти предизвикани од удар со високо напонска струја")
    B. Ruso, R. Sokolova, S. Memeti
    VI Congress of the Balkan Association of Plastic Reconstructive and Aesthetic Surgery, Ohrid, Macedonia 2009, Abstract book.

Презентирани се две дванаесетгодишни момчиња, кои биле повредени со струен удар, со висок напон. Едното дете имало карбонизирана рака, којашто била ампутирана, а дефектот бил покриен со два кожни резени. Другото дете со повреда на вратот заздравело со огромен келоид, којшто е отстранет и препокриен со делто-пекторален кожен резен.

# ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија позитивно го оцени севкупниот досегашен развој на кандидатката, како и нејзините стручни, научни и педагошки квалитети. Исто така, ценејќи го нејзиниот сериозен и професионален однос кон работните обврски. Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет, прим д-р Русо Берта да биде избрана за доцент по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Скопје, 15.12.2009

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Милчо Пановски с.р.
2. Проф. д-р Спасе Јовковски с.р.
3. Проф. д-р Ацо Димов с.р.
4. Проф. д-р Владимир Мирчевски с.р.
5. Доц. Д-р Миле Петровски с.р

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Берта Бено Русо
**Институција:** ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија, Медицински факултет, УКИМ, Скопје
**Научна област:** медицина (хирургија)

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на вежби од прв циклус студии за студентите по медицина и стоматологија, за предметите: општа хирургија, воена хирургија и хируршка пропедевтика; за временски период од 10 години 1500 вежби. | 45 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред број | Назив на активности: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза | 8 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание: 2х0,6 и 1х0,8 | 2 |
| 3. | Секциско предавање на научен/стручен собир: 3 | 3 |
| 11. | Учество на научен стручен собир со реферат: 7 | 7 |
| | Вкупно | 20 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред број | Назив на активности: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Воведување на нова лабораториска/клиничка метода: 2 методи | 2 |

| Професионални референци на кандидатот за избор во звање | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 45 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 20 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 8 |
| Вкупно | 73 |

Скопје, 15.12.2009

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Милчо Пановски с.р.
2. Проф. д-р Спасе Јовковски с.р.
3. Проф. д-р Ацо Димов с.р.
4. Проф. д-р Владимир Мирчевски с.р.
5. Доц. Д-р Миле Петровски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДВА ПОМЛАДИ АСИСТЕНТА ПО ПРЕДМЕТОТ ИМУНОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.103/08 и бр.26/09), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година, донесе решение за избор на два помлади асистента по предметот имунологија. Согласно со конкурсот за два помлади асистента по предметот имунологија, објавен во весникот "Утрински весник" на 25.11.2009 година, се формира Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Мирко Спироски, проф. д-р Перко Колевски и проф. д-р Кочо Димитровски.

На конкурсот за избор на два помлади асистента се јавија двајца кандидати: д-р Мери Панева и д-р Александар Сенев.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставените материјали, на Наставно-научниот совет има чест да му го поднесе следниов

## *ИЗВЕШТАЈ*

### 1. Д-Р МЕРИ ПАНЕВА

**Биографски податоци**

Д-р Мери Панева е родена на 29.4.1984 година во Скопје. Основно образование и гимназија завршила во Скопје, со одличен успех. Студиите на Медицинскиот факултет во Скопје ги започнала во учебната 2002/2003 година, а ги завршила во октомври 2008 година со среден успех 9,62. Стручниот испит за лекари го положила на 29.5.2009 година.

Од 21.5.2009 година е вработена со договор на определено време на Институтот за имунобиологија и хумана генетика, Медицински факултет, Скопје, Република Македонија.

Во Институтот за имунобиологија и хумана генетика учествува во постојаната лабораториска работа.

Во април 2005 година ја посетувала и со успех ја завршила работилницата „Научен труд: Да се напише и да се објави" во Скопје, Република Македонија.

Во октомври 2009 година ја посетувала имунолошката школа 1st South Eastern European Immunology School одржана во Охрид, Република Македонија.

Член е на Лекарската комора на Македонија, Македонското лекарско друштво и на Македонското здружение за базична и клиничка имунологија и алергологија.

**Трудови поднесени за рецензија**

1. Панева Мери, Microsomal Cytochrome P450 Enzymes Induction with Phenobarbital in Rats, Книга на апстракти, 29ти Интернационален медицински студентски научен конгрес, Охрид, 2006.

Во овој труд е анализирана способноста на фенобарбиталот за индукција на хепаталните микрозомални CYP450 ензими кај стаорци. Третирани се 48 стаорци со фенобарбитал и 48 со дестилирана вода како контролна група. Заклучокот е дека и 30 дена по администрацијата на фенобарбитал сѐ уште постои сигнификантна индукција на микрозомалните CYP450 ензими.

2. Mirko Spiroski, Vladimir Trajkovski, Dejan Trajkov, Aleksandar Petlichkovski, Olivija Efinska-Mladenovska, Slavica Hristomanova, Eli Djulejic, Meri Paneva, Jadranka Bozhikov. Family analysis of immunoglobulin classes and subclasses in children with autistic disorder. Bosnian Journal of Basic Medical Sciences. 2009;9(4):383-389.

Во овој труд се анализирани квантитативните плазма-концентрации на имуноглобулинските класи и поткласи кај пациенти со аутизам и нивните фамилии. Испитани се 50 пациенти со аутизам во Р.Македонија. Откриено е дека вредноста за IgA покажува статистички сигнификантна разлика помеѓу децата со аутизам во однос на родителите, како и браќата и сестрите на децата со аутизам во однос на родителите.

3. Vera Spiroska, Sashko Kedev, Slobodan Antov, Dejan Trajkov, Aleksandar Petlichkovski, Slavica Hristomanova, Eli Djulejic, Meri Paneva, Aleksandar Senev, Mirko Spiroski. Association of 22 cytokine gene polymorphisms with dilated cardiomyopathy in Macedonian patients. Kardiologija Polska. 2009;67(11): 1237-1247.

Во овој труд е испитувана можната улога на полиморфизмите на 22 цитокински гени во однос на здруженост и/или отпорност кон дилатациона кардиомиопатија (ДКМ) кај македонската популација. Испитани се примероци на ДНК, и тоа од 301 здрава, несродна индивидуа и 52 пациента со ДКМ. Резултатите покажуваат дека постои сигнификантна асоцијација на одредени цитокински полиморфизми со здруженост и/или отпорност кон дилатациона кардиомиопатија кај Македонците.

## 2. Д-Р АЛЕКСАНДАР СЕНЕВ

**Биографски податоци**

Д-р Александар Сенев е роден на 11.10.1983 година во Пробиштип. Основно образование и гимназија завршил во Пробишип, со одличен успех. Студиите на Медицинскиот факултет во Скопје ги започнал во учебната 2002/2003 година, а ги завршил во јули 2009 година со среден успех 9,17.

Од август 2009 година работи на Институтот за имунобиологија и хумана генетика (како волонтер) и учествува во наставните, научните и здравствените активности на Институтот.

Член е на Македонското лекарско друштво и македонското здружение за базична и клиничка имунологија и алергологија.

**Трудови поднесени за рецензија**

1.Vera Spiroska, Sashko Kedev, Slobodan Antov, Dejan Trajkov, Aleksandar Petlichkovski, Slavica Hristomanova, Eli Djulejic, Meri Paneva, Aleksandar Senev, Mirko Spiroski. Association of 22 cytokine gene polymorphisms with dilated cardiomyopathy in Macedonian patients. Kardiologija Polska. 2009;67(11):1237-1247.

Во овој труд е испитувана можната улога на полиморфизмите на 22 цитокински гени во однос на здруженост и/или отпорност кон дилатациона кардиомиопатија (ДКМ) кај македонската популација. Испитани се примероци на ДНК, и тоа од 301 здрава, несродна индивидуа и 52 пациента со ДКМ. Резултатите покажуваат дека постои сигнификантна асоцијација на одредени цитокински полиморфизми со здруженост и/или отпорност кон дилатациона кардиомиопатија кај Македонците.

## *З А К Л У Ч О К*

Врз основа на анализата на доставените материјали, личното познавање на кандидатите, нивната успешна работа на стручен план, постојаната желба за усовршување и констатацијата дека кандидатите ги исполнуваат условите на конкурсот, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да му предложи, д-р Мери Панева и д-р Александар Сенев да се изберат во звањето помлад асистент по предметот имунологија.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Мирко Спироски, с.р.
2. Проф. д-р Перко Колевски, с.р.
3. Проф. д-р Кочо Димитровски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНТРОПОМЕТРИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА РАСТОТ И ТЕЛЕСНИТЕ КОМПОНЕНЕТИ КАКО ИНДИКАТОРИ ЗА ДЕТЕКЦИЈА НА СТЕПЕНОТ НА ИСХРАНЕТОСТ КАЈ ДЕЦА ОД 5 ДО 9 ГОДИШНА ВОЗРАСТ", ИЗРАБОТЕНА ОД Д-Р БИЉАНА ЗАФИРОВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година, по предлог на Научниот одбор, а врз основа на член 63 од Законот за високото образование и член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација од д-р Биљана Зафирова, под наслов: **Антропометриски показатели на растот и телесните компоненети како индикатори за детекција на степенот на исхранетост кај деца од 5 до 9 годишна возраст,** во состав:

1. проф д-р Добрила Лазарова
2. проф. д-р Лидија Тодоровска
3. проф д-р Михајло Кочубовски.

По прегледот и анализата на доставениот труд, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Доставената докторска дисертација од д-р Биљана Зафирова под наслов „Антропометриски показатели на растот и телесните компоненти како индикатори за детекција на степенот на исхранетост кај деца од 5 до 9 годишна возраст" претставува оригинална научна студија од областа на антропологијата. Трудот ги содржи сите поглавја на еден научноистражувачки труд, и тоа: Вовед, Предмет и цел, Материјал и методи, Резултати, Дискусија, Заклучок и Литература. Доставениот труд е изнесен на 142 страници, илустриран со 20 графикони и 38 табели.

Во *воведниот* дел е даден осврт на значењето, потребата и улогата на антропометријата во детекција на најпревалентниот здравствен проблем кај децата и возрасните-прекумерната телесна тежина и дебелина (overweight и obesitas), кои состојби заедно популарно се наречени глобеситас со оглед на глобалната распространетост. Изнесени се податоци кои укажуваат на глобалниот тренд на зголемување на дебелината посебно во детската возраст. Фактот дека една третина од децата кои се здебелени во детството, остануваат здебелени и како возрасни, а и сознанието дека дебелината во возрасниот период е докажан ризик-фактор за многубројни болести, како што се: коронарно-васкуларни, ендокрини, гастроинтестинални болести, дислипидемии, ортпедски и психички нарушувања, нарушувања во сонот, церебро-васкуларни и канцерогени болести е само дополнителна причина од

потребата на ваков тип антропометриски "screening" мерења, со кои се врши идентификација на индивидуи со ризик за overweight и obesitas. Податоците се јасно систематизирани во логички целини и литературно се поткрепени. Детално е прикажан комплетниот профил на овие состојби, посебно во детската возраст преку нивно дефинирање, етиологија и патогенеза. Посебен акцент е ставен на периодот меѓу 5-тата и 7-мата година, кој според многу автори е критичен за појава на дебелина и означен како период на масно откочување. Имајќи ги предвид изнесените податоци за факторите кои влијаат на периодот на раст и развој, препорачливо е евалуацијата на состојбата на исхранетост во детската возраст да опфаќа и антропометриска процена на растот. Во контекст на тоа е даден осврт на базичните антропометриски параметри за процена на растот, како и на најновите размислувања и стратегии за нивна употреба во најразлични облици како индекси при процена и на состојбата на исхранетост. Тоа се: телесна маса-за-возраст, телесна висина-за-возраст, телесна маса-за-висина, нутритивните параметри на надлктот, како и индексот на телесната маса попознат како BMI. Детално се опишани сите предности и карактеристики на индексите, посебно на BMI како етнички, возрасно и полово специфичен. Врз основа на тоа, произлегла и конструкцијата на класификациониот систем за процена на состојбата на исхранетост во детската возраст од страна на NHANES (2001), како и препораката дека секоја популација треба да ја утврди вредноста и дистрибуцијата на BMI на соодветните препорачани точки на пресек. За да се дефинира и препознае анатомско-морфолошката дистрибуција на телесната масна компонента, вметнати се и прикажани карактеристиките на телесните компоненти во процена на степенот на исхранетост. При тоа е даден приказ на досегашните антропомтериски искуства и сознанија за нивно проучување и одредување преку едноставни антропометриски процедури, и тоа преку: мерења на кожни дипли за проучување на телесната масна компонента, обеми за мускулната и должини и дијаметри за коскената телесна компонента. На крајот хронолошки се прикажани досегашните искуства, придобивки, улогата и значењето од примената на антропометријата во нашата земја со податок дека повеќето автори од Р. Македонија своите истражувања за антрополошките крактеристики кај децата ги насочиле кон децата од училишна возраст. Укажано е дека за оваа возрасна популација, посебно за предучилишните деца, постојат оскудни податоци за нивните антропометрски карактеристики, а исто така се укажува и на фактот дека не е препорачливо да се користат референци од други простори и популации. Врз основа на ова произлегол и мотивот за изработка на една ваква атропометриска студија, со која би се дефинирал не само т.н. антропометриски статус, туку би се евидентирале и одредени ризици во растот и нутрицијата.

Со оглед на изнесеното, јасно и концизно се поставени следниве цели:

- процена и евалуација на телесната градба и на анатомско-морфолошките карактеристики кај децата на возраст од 5 до 9 години во Р. Македонија;
- формирање на сопствени, јасно дефинирани и прецизни антропометриски критериуми за детекција и класификација на отстапувањата на состојбите на растот и нутрицијата кај деца на возраст од 5 до 9 годишна возраст во Р.Македонија;

- детекција на нутритивни ризици кај децата на возраст од 5 до 9 години во Р. Македонија, како што се: (прекумерно-лесни, прекумерно-тешки и здебелени деца) на возраст од 5 до 9 години во Р. Македонија.

Поставените цели се остварени преку:

- ✓ утврдување и споредба на антропометриските карактеристики според полот, возраста и демографските обележја кај децата на возраст од 5 до 9 години во Р.Македонија;
- ✓ утврдување на структурните компоненти на телото според полот, возраста и демографските обележја кај децата на возраст од 5 до 9 години;
- ✓ детекција на разликите во растот и степенот на исхранетост кај детската популација на возраст од 5-9 години;
- ✓ изготвување на возрасно-специфични перцентили на основните антропометриските параметри за проценка на растот и исхранетоста кај децата на возраст од 5 до 9 години;
- ✓ утврдување на меѓусебната корелациона поврзаност на одделни антропометриски параметри;
- ✓ компарација на антропометриските карактеристики на децата од 5 до 9 годишна возраст од Р. Македонија со антропометриските карактеристики на деца од други популации и простори.

Делот ***Материјал и методи*** е конципиран во неколку целини: критериуми за вклучување и невклучување во студијата, одредување на бројот на примерокот, методи на испитување, антропометриски мерења, индекси и статистичка анализа. Мерењата се изведени на 2176 испитаници од двата пола, на возраст 5-9 години, поделени во 5 возрасни групи.

Во делот кој го содржи одредувањето на бројот на примерокот, јасно е опишано како е одреден бројот на испитуваниот примерок кога се планираат големи популациони истражувања од ваков тип, а при тоа резултатите да бидат референтни. За таа цел е образложена и стратификацијата која била направена според демографските карактеристики во 7 статистички региони: скопски, полошки, пелагониски, охридски, повардарски, кумановски и брегалнички. Врз основа на ова, дефинирана е и големината на секоја возрасна група според полот, а воедно се прикажани и субгрупите на испитаниците според демографските карактеристики. Детално се прикажани методите на испитување, како и антропометрискиот картон, со сите негови содржини предвидени за секој испитаник, а во кој се внесувани мерките од 32 испитувани антропометриски параметри, и тоа систематизирани во следниве целини: лонгитудинални димензии, телесна маса со циркуларни, трансверзални параметри и кожни дипли. Наведено е дека сите антропометриски мерења се извршени според препораките на интернационалниот биолошки програм (IBP) со стандардни антропометриски мерни инструменти. Посебно се разработени и прецизирани индексите и во детали се опишани постапките за нивно изведување и пресметување. Вооедно е претставен и критериумот на NCHS, според кој е извршена детекцијата на нутритивните ризици во оваа студија. Во делот статистичка обработка и презентација на резултатите, опишани се користените статистички тестови и програми за компарација на добиените резултати помеѓу испитуваните групи.

Делот *Резултати* започнува со презентирање на дистрибуцијата на испитаниците по возраст 5 до 9 години. При тоа, вкупниот број на испитаници (n = 2176) е поделен според критериумот пол на 1114 испитаници од машки пол и на 1062 испитаници од женски пол; секоја возрасна и полова група понатаму според демографските критериуми е расчленета на субгрупи во зависност од потеклото на испитаниците од урбана и од рурална средина, а според вероисповедта, на испитаници од православна вероисповед или македонска националност и на испитаници муслимани од албанска националност. Добиените *резултати* од испитувањето детално се прикажани графички и табеларно, проследени со соодветен коментар, што претставува добра илустрација на добиените резултати. Презентирана е и елаборирана одделно дескриптивната и компаративната анализа на секоја група од испитуваните антропометриски параметри за сите возрасни групи на испитаниците и нивните субгрупи. Потврдени се возрасни, половоспецифични и демографски разлики на одредени испитувани параметри. Табеларно се прикажани корелационите испитувања помеѓу одделни антропометриски и нутритивни параметри за сите возрасни групи на испитаници. При тоа се издвоени и селектирани параметрите кои покажуваат највисока, а и значајна линерана поврзаност со возраста, телесната маса, телесната висина и BMI. Посебен осврт е даден на возрасно-специфичните перцентили на некои антропометриски параметри, индекси и нутритивни параметри на надлактот, со детален приказ на пресметаните перцентилни рангови од (5. до 95. перцентил). Со ова се дефинирани и нивните гранични вредности - cut off points, а кои служат како критериуми за степенување и евалуирање на состојбите на растот, телесната маса, мускуларноста и телесната маснотија. Врз основа на BMI, на препорачаните гранични вредности (од 5. до 85. перцентил) со користење на референтните вредности на WHO/2007, авторката прецизно и концизно табеларно и графички ја прикажува состојбата на исхранетост по возраст, пол и националност кај деца на возраст од 5 до 9 години во Р.Македонија. Во однос на целиот примерок, нормална исхранетост имаат 69,721% испитаници, 4,273% се потхранети а над 85. перцентил се детектирани вкупно 26,006% испитаници, од кои во категоријата на деца со ризик од прекумерна телесна тежина (risk of overweight) се детектирани 15,501% испитаници, а 10,505% испитаници се регистрирани во категоријата (> 95. перцентил) како дебели деца. Најголем процент со ризик од дебелина и дебели деца е регистриран на возраст од 9 години и од двата пола. Девојчињата имаат понизок процент во овие категории во однос на машките. Наспроти ова, во групата на деца под 5. перцентил, поголема е процентуалната застапеност на девојчињата во однос на машките, а при тоа на возраст од 5 години има најголем процент на потхранетост и кај двата пола. Во однос на националноста, евидентирано е дека децата од македонска националност имаат поголема процентуална застапеност во категориите над 85. перцентил за разлика од децата од албанска националност. Но, кај оваа група на испитаници, посебно на возраст од 5 години, регистриран е висок процент во категоријата под 5. перцентил (underweight).

Во обемната *Дискусија*, која е систематизирана во пет целини, концизно и јасно се објаснети добиените резултати и нивното значење. Даден е осврт на карактеристиките на растот на антропометриските параметри со дефинирање

на периодот на најинтензивен раст за нив, со евалуација на возрасните, половите и демографските разлики, со образложение дека сите овие регистрирани промени се резултат на ендогени (генетски) фактори од една страна и егзогени фактори од друга страна (силни надворешни влијанија). Акцентирано е дека децата од македонска националност и урбана средина имаат највисоки вредности за сите испитувани параметри во однос на децата од рурална средина, како и во однос на децата од албанска националност. Коментирајќи ги резултатите од сопственото испитување, авторката истовремено ги споредува со веќе објавени резултати во литературата од таа област, но и од нашата средина. Прикажани се и карактеристиките на растот на кожните дипли, нутритивните параметри и структурните компоненти. Истакнато е дека дебелината на кожните дипли и на поткожното масно ткиво како показатели на енергетската резерва во организмот се со повисоки средни вредности кај женските деца. Во однос на дистрибуцијата на телесната маснотија, базирано на податокот од вредноста на индексот кој ги сепарира кожните дипли на трупот во однос на екстремитетите, констатирано е дека оваа прераспределба трпи секуларни промени, што е во согласност со податоците од литературата. Имено, истакнато е дека поткожното масно ткиво порано покажува тенденција на централна прераспределба кон трупот. Опишано е значењето на индексот обем абдомен/колк, кој е признат предиктор на порастот на централната масна дистрибуција кај возрасните и чие зголемување укажува на ризик пред се од KVS-заболувања. Динамиката на овој индекс, како и неговата полова дистрибуција е во корист на нашите машки испитаници на возраст од 5 до 9 години и е во согласност со другите антропометриски студии. Анализирани се и нутритивните параметри на надлактот, при што како најосетливи параметри за процена на степенот на исхранетоста од оваа група на параметри, односно најголема линеарна поврзаност со телесната маса покажале вкупната и масната површина на надлактот. Истакнато е дека за структурните компоненти, во сите возрасни групи, женските испитаници имаат поголема застапеност на масната, а машките на мускулната и коскена компонента. Значајни разлики се воочени во однос на вероисповедта за сите структурни компоненти и во сите испитувани возрасни групи во корист на испитаниците од православна вероисповед. Образложено е дека овие разлики најверојатно се должат на разликите во начинот на исхраната, механичките, генетските фактори, а посебен акцент е ставен на физичката активност со коментар дека денешниот седантерски животен стил, неправилната исхрана сé повеќе придонесуваат за зголемување на масната компонента од една страна но и намалување на нејзината потрошувачка од друга страна, што несомнено води кон состојбата дебелина. Илустрирани со графикони, евалуирани се и антропометриските индекси кои се користат за процена на растот и степенот на исхранетост, при што е назначено дека тие даваат не само можност за следење на хормонално-диригираните промени во растот, туку и рана детекција на нарушувањата во тој период. Посебен осврт е даден на BMI, презентирани се неговите перцентилни рангови кај испитаниците од нашата студија и тие се компарирани со вредности за овој индекс кај деца од други простори и популации, а и со вредностите на интернационалниот примерок на Cole. На крајот, сумарно се евалуирани разликите во начинот на живот и начинот на исхраната помеѓу децата од

различна средина (урбана-рурална), како и помеѓу децата од различна вероисповед. Како посебно значајно се истакнува дека сите пресметани антропометриски параметри и индекси треба да најдат примена како антропометриски критериуми за процена на растот и нутритивниот статус. Дефинираните гранични вредности како точки на пресек се со голема практична примена со цел за идентификација на деца со нарушувања во растот и нутритивниот статус. Особено се истакнува значењето на детекцијата на нутритивно ризичните деца и раното укажување на нутритивните дисбаланси со цел да се селектираат деца со приоритет за нутритивна интервенција. Се апелира на преземање превентивни мерки и активности од областа на детската нутриција за подобрување и презентирање на здрав модел за живеење, а и со јасни и конкретни ставови кои треба да се земат предвид при креирање и планирање на национално нутритивните програми, како и при дефинирање на националната стратегија и здравствена политика во областа на детската нутриција во Р.Македонија.

***Заклучоците*** се јасно и коректно формулирани и даваат прецизни одговори на целите кои се поставени во оваа докторска дисертација.

Приложената ***литература*** е обемна, прегледна и коректно цитирана. Изборот на литература е соодветен и опфаќа базични и современи клинички публикации од областа на трудот.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација „Антропометриски показатели на растот и телесните компоненти како индикатори за детекција на степенот на исхранетоста кај деца од 5 до 9 годишна возраст", изработена од д-р Биљана Зафирова, претставува самостоен и оригинален научен труд

Комисијата смета дека трудот ги опфаќа и ги обработува во целост поставените проблеми и ги содржи сите елементи на научен труд од ваков карактер. Целта е јасно дефинирана, материјалот и методите се прецизно изложени, резултатите се коректно прикажани и статистички обработени. Заклучоците се објективни и реални и даваат прецизни одговори на целите што се поставени. Врз основа на анализата, Рецензентската комисија оценува дека докторската дисертација ги исполнува бараните критериуми и претставува придонес во научноистражувачката дејност и клиничката практика.

Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја усвои рецензијата и да и овозможи на кандидатката јавна одбрана на трудот.

### РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Добрила Лазарова с.р.
2. Проф. д-р Лидија Тодоровска с.р.
3. Проф. д-р Михајло Кочубовски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р МАЛУШ МЈАКУ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр.02-2302/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 24.9.2009 година, определена е Комисија во состав:

1. вонр. проф. д-р Димитри Козинаков, Машински факултет – Скопје
2. проф. д-р Добре Рунчев, Машински факултет – Скопје
3. проф. д-р Јован Гочев, Машински факултет – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Малуш Мјаку, и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и подобноста на темата за изработка на докторска дисертација, под наслов:

„Истражување на распределбата на напоните и деформациите во напречниот пресек на високофреквентно надолжно заварени цевки од челик со квалитет J55 API 5CT"

Врз основа на член 63 и 174 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр.35/2008 година), чл. 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и чл. 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## I. Кратка биографија

М-р Малуш Х. Мјаку е роден на 20.2.1960 година во Долно Слатино близу градот Витина. Основното образование го завршил во родното место, додека средното училиште во техничката гимназија во Витина. Рударско-металуршкиот факултет, насока: металургија, го завршил во Митровица, во 1984 година. Магистрирал на Машинскиот факултет во Приштина (сега Машинско инженерство), на 4.3.2005, на тема: „Истражување на механичките особини на поцинкуван лим, пред и по формирање на цевка со линиски завар".

Од 1985 до 1987 година се вработил во средното техничко училиште во Митровица како наставник по професионалните предмети. Од 1988 до 1989 година бил

вработен во Фабриката за топлинска размена во Урошевац. Кариерата ја продолжил во во Урошевац во својство на раководител на контрола и квалитет во периодот од 1989 до 1990 година. Од 1999 до 31.8.2005 бил вработен во Фабриката за цевки во Урошевац, на функција директор за контрола и квалитет.

Академско искуство има стекнато како хонорарен професор на нејавниот Универзитет ААБ во Приштина во академските 2006/2007, 2007/2008 и 2008/2009, а во академската 2008/2009 година предава како хонорарен професор и на Универзитетскиот колеџ Универсум – Приштина.

Од 1.9.2005 е вработен во Министерството за образование, наука и технологија на Косово, во почетокот како раководител на Секторот за технолошки развој, потоа како директор на високото образование и наука, в.д. директор на Канцеларијата за технологија и наука, и во моментов работи како раководител на Секторот за технолошки развој.

## II. Преглед на објавени трудови

1. М.Мјаку, Р.Максути, Б.Битиќи: „Влијание на ладната пластична деформација врз механичките особини при производство на заварените цевки во ИМК-Фабрика за заварени цевки во Урошевац. Научен симпозиум: насока-Наука за осознавање на материјали, 1-2.11.2001, Приштина.
2. М.Мјаку, Б.Битиќи, Х.Османи, Ф.Идризи: „Математичка и статистичка обработка на резултатите од мерење на тврдоста HV30 на челик J55 API 5CT пред и по формирањето на цевката со линиски завар". Научен симпозиум: Материјалите и нивната примена, 19-21.11.2003, Приштина.
3. М.Мјаку, Б.Битиќи, Х.Османи: „Математички модел со математичка и статистичка обработка на податоците при испитување на затегнување на челик J55 API 5CT пред и после формирањето на цевката со линиски завар. Научен симпозиум: Состојба и перспектива на механичкото инженерство, одржано 20-21.5.2004, Приштина.
4. М.Мјаку, Ф.Краснbackslashиќи, С.Шкодра: „Математички модел со математичка и статистичка обработка на податоците од испитување на зајакнувањето на челик X52 API 5LS, во текот на испитувањето на цевките со спирален завар со хидростатички притисок се до лом. Четврти меѓународен симпозиум, Материјали и нивната примена, 28-29.10.2004, Валона.
5. Р.Максути, Х.Мемети, Б.Битиќи, М.Мјаку: „Термичка и локална обработка на заварените цевки со линиски завар", 28-29.10.2004, Валона.
6. M.Mjaku, F.Krasniqi, R.Maksuti, D.Elezi: „Mathematical model and statistical analysis of the elongation(A2) of the steel J55 API 5CT before and after the development of the pipes", TMT, Istambul, Turkey, 26-30 August 2008.
7. M.Mjaku, F.Krasniqi, R.Maksuti, D.Elezi: „Mathematical model and statistical analysis of the elongation of the steel J55 API 5CT before and after the development of the pipes",The 19th International DAAAM Symposium, Trnava, Slovakia 22-25 October 2008.
8. F.Krasniqi, M.Mjaku, B.Bitiqi, H.Osmani: „Mathematical model and statistical analysis of the tensile strength (Rm) of the steel quality J55 API 5CT before and after the development of the pipes", 6th International Research/Expert Conference With International Participation, Quality 2009 TMT 2009, Neum, Bosnia and Herzegovina, 04-07 June 2009 .

## III. Предлог тема за докторска дисертација

### III.1 Образложение на темата што ќе се истражува

Идејата за изработка на еден ваков труд произлегува од стекнатите искуства на кандидатот во Фабриката за производство на шевни цевки ИМК во Урошевац и одбранетата магистерска тема под наслов „Истражување на механичките особини на појдовен лим, пред и по формирање на цевка со линиски завар".

Индустрискиот напредок отсекогаш имал потреба за подобрување на квалитетот на производите и применетите материјали. Квалитетот на високофреквентно надолжно заварени цевки од челик зависи од технологијата на производство и од употребениот материјал. Во многу апликации е изразена потребата од цевки изработени од легирани челици со различен степен на легирање, отпорни на високи и ниски температури и на корозија.

Развојот на различните индустриски гранки тесно е поврзан со примената на заварените цевки, чие заварување со голем успех се реализира со електроотпорно високофреквентно заварување. Со помош на ова заварување се произведуваат цевки со различни димензии и големини. Денес главно, со оваа метода се произведуваат цевки со дебелина на ѕидот од 0,25-16,0 mm и со пречник Ø12-900 mm. Во производната практика, како што во конкретниов случај е производството на цевки, неопходно е, покрај теоретските сознанија за конкретната проблематика, да се извршат и соодветни експериментални истражувања за потврда на одреден број влијателни параметри. Во овој случај научно истражувачката работа може многу да помогне во опишувањето и решавањето на одредени практични проблеми. Исто така, со опсежни истражувања може да се постигне подобрување на постојните технологии, а со тоа и подобрување на квалитетот на производот.

Различните појави во производството се детерминирани од технолошкиот процес. Опишувањето на овие појави е можно преку одредување на влијателните фактори и показатели. Овие фактори честопати имаат специфична природа и можат да имаат сложено влијание врз одреден технолошки процес.

Една многу корисна практика за постигнување на задоволително опишување на различните влијанија е преку резултатите од експерименталните истражувања да се изврши приспособување на веќе постоејни математички модели со кои се опишува процесот кој се истражува.

Врз основа на резултатите од експерименталните истражувања можат да се конкретизираат одредени влијанија врз технолошкиот процес, а со тоа и врз квалитетот на одреден производ, во конкретниов случај високофреквентно електроотпорно заварени цевки со надолжен заварен спој.

Во технологијата на производство на спроводни заварени цевки со надолжен завар, главна улога во постигнувањето на квалитетот на финалниот производ има пластичната деформација на појдовниот материјал, режимите на заварување и термичката обработка. Основната цел на пластичната деформација е добивање на цилиндричен облик, на челичната лента со широчина еднаква на обиколката на цевката. Со надолжното заварување се добива конечниот затворен облик на цевката. При пластичната деформација која претставува континуиран процес на постепено свиткување во круг, во материјалот се јавуваат еластични и пластични деформации. Во текот на технолошкиот процес, при различен степен на деформација, доаѓа до менување на механичките карактеристики на материјалот, односно до негово

зајакнување. На овој начин се менува и напонско-деформационата слика во напречниот пресек на цевката.

Во согласност со ова, во овој труд ќе се истражи влијанието на пластичната деформација на појдовниот материјал и режимите на заварување врз распределбата на заостанатите напони и деформации во напречниот пресек на цевките. Исто така, при експерименталните испитувања со внатрешен притисок ќе се истражи напонско-деформационата состојба во напречниот пресек на цевката како финален производ.

## III.2 Цел на предложената докторска дисертација

Во технологијата на производство на цевки со надолжен завар, пресудна улога врз нивниот квалитет има пластичната деформација. Основна цел во овој труд ќе биде анализата на влијанието на степенот на пластичната деформација и режимите на заварување, врз распределбата на напоните и деформациите во напречниот пресек на цевките изработени од челик J55 API 5CT со примена на електроотпорно високофреквентно заварување (HF-ERW). Целта на теоретските анализи ќе биде добивање на математички модел кој најдобро ќе ја опише напонско-деформационата состојба во напречниот пресек на цевките во зависност од степенот на пластичната деформација и режимите на заварување.

## III.3 Методологија на истражувањето

При разработката на темата, истражувањата ќе се базираат на анализа на литературата и современите трендови од областа на технологијата на производство на цевки со надолжен завар, како и на веќе стекнатите искуства на кандидатот во оваа област.

Предмет на експерименталните испитувања ќе бидат спроводни цевки од производната програма на Фабриката ИМК-Урошевац, со дијаметри Ø219x10 mm и Ø273x10 mm.

Истражувањето ќе се изврши преку серија на експериментални испитувања на:

- механичките карактеристики на примероците од појдовниот материјал.
- механичките карактеристики на примероците од ладно обликуваниот материјал пред заварување.
- Напонско-деформационата состојба во напречниот пресек на примероци од финално изработена цевка.

Со цел следење на влијанието на степенот на пластичната деформација врз промената на напонската состојба во напречниот пресек на цевките ќе се извршат испитувања со мерење на напоните со помош на мерни ленти распоредени по обемот на цевката, како од внатрешната така и од надворешната страна.

Со истражувањата ќе се оформи адекватен математички модел од квалитативен аспект на напонско-деформационата состојба со примена на комбинирана аналитичка и експериментална метода.

Статистичката обработка на експерименталните резултати ќе се изврши со помош на програмскиот софтвер Design-Expert 7, како и на аналитички начин.

Анализата на резултатите од експерименталните истражувања ќе бидат прикажани соодветно аналитички и графички поткрепени со табели и фотографии.

Експерименталниот дел на докторскиот труд ќе се реализира во ИМК- Фабрика за производство па шевни цевки во Урошевац и според тоа детално ќе се следаат главните показатели на влијанието на ладната деформација при обликување на цевките врз: границата на развлекување, максималната затегнувачка јакост, издолжувањето, жилавоста, тврдината и природата на напонската состојба во напречниот пресек на цевката.

Во склоп на експерименталниот дел ќе биде истражено и влијанието на промената на параметрите на заварувањето врз распределбата на напоните и механичките карактеристики па заварениот спој и неговата околина.

## III.4 Очекувани резултати

Со анализа на резултатите од експерименталните истражувања се очскува да се добие реална слика за распределбата на напоните и деформациите во напречниот пресек на цевката како финален производ, со посебен акцент на местото на заварениот спој. На тој начин би се одредило влијанието на севкупниот технолошки процес врз носечкиот капацитет на материјалот, односно на финалниот производ. Исто така, се очекува да се добие математички модел на напонската распределба во напречните пресеци од цевката во зависност од степенот на деформацијата потребна за добивање на цилиндричен облик. Зајакнувањето на материјалот како резултат на пластичната деформација исто така ќе биде земено предвид при анализите.

Во зоните на заварениот спој исто така се очекува добивање на напонска слика која ќе биде одраз на влијанието на параметрите од заварувањето. Со промената на параметрите на заварувањето се очекува добивање на најповолна напонска распределба во заварениот спој и неговата непосредна околина.

Врз основа на оваа напонско-деформациона слика ќе се добијат максималните и минималните вредности во целиот пресек на цевката. Со експерименталните испитувања ќе се одреди нивото на заостанатите напони во финалниот производ - надолжно електроотпорно заварена цевка од материјал челик J55 API 5CT.

Со вградување па резултатите од експерименталното истражување во математичкиот модел за опишување на напонската состојба се очекува генерализирање на овој модел во смисла на негова примена за анализа на надолжно заварени цевки со различни димензии, како во поглед на дијаметарот така и во поглед на дебелината на ѕидот на цевката.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Li Yajiang, Wang Juan, Chen Maoai and Shen Xiaoqin: "Finite element analysis of residual stress in the welded zone of a high strength steel", Bulletin Material Science, Vol. 27, No. 2, April 2004, Indian Academy of Sciences.
2. S. Nadimi, R.J. Khoushehmehr, B Rohani and A. Mostafapour: "Investigation and Analysis of Weld Induced Residual Stresses in Two Dissimilar Pipes by Finite Element Modeling", Journal of Applied Sciences 8 (6): 1014-1020, 2008 ISSN 1812-5654.
3. H.K.D.H. Bhadeshia, J.A. Francis, H.J. Stone, S. Kundu, R. B. Rogge, P. J. Withers and L. Karlsson: "Transformation Plasticity in Steel Weld Metals", Proceedings of the 10th International Aachen welding Conference, 22–25 October 2007.
4. M. Erdelen-Peppler, G. Knauf, U. Marewski, O. Reepmeyer: "Longitudinal welded pipes with enhanced fatigue strength", 4-th International Couference on Pipeline Technology May 9-12, 2004, Ostend, Belgium.

5. Panagiotis Michaleris: "Residual Stress Distributions for MultI-Pass Welds in Pressure Vessel and Piping Components", Technical Division, Edison Welding Institute.
6. Esteban Baralla, Claudio Tommasi: "Integrated System for Process Control of High Frequency Electric Resistance Welded Steel Pipe", - June 2 to 6 2003, Rio de Janeiro – Brasil.
7. P. J. Withers and H. K. D. H. Bhadeshia: "Residual stress - Measurement techniques", Materials Science and Technology April 2001 Vol. 17.
8. P. J. Withers and H. K. D. H. Bhadeshia: "Residual stress - Nature and origins", Materials Science and Technology April 2001 Vol. 17.
9. J. A. Francis, S. Kundu, H. K. D. H. Bhadeshia, H. J. Stone, R. B. Rogge, P. J. Withers, L. Karlsson: "Transformation Temperatures and Welding Residual Stresses in Ferritic Steels", - Proceedings of PVP2007, 2007 ASME Pressure Vessels and Piping Division Conference, July 22-26, 2007, San Antonio, Texas.
10. J .Hribar: Plastićna obrada metala, Fakultet Strojarstva i Brodogradnje, Zagreb, 1975.
11. Zbornik na trudovi od simpoziumi, Zbornik del za IX posvetovanje valjariev. Štore, 1990.
12. B. Devedžić: Obrada metala deformisanjem drugi deo, Mašinski Fakultet, Kragujevac,1981.
13. M. Pešic, V. Miljenković: Valjanje ćeljicnih limova i traka, Beograd,1965.
14. M. Pešic, V. Miljenković, B. Mišković: Prerada metala u plastićnom stanju, Beograd, 1975.
15. Ćeljićni materijali, drugi deo, Metalbiro, Zagreb, 1982.
16. Ć. Petrović: Prirućnik za ispitivanja materijala prvi deo, Naućna knjiga, Beograd, 1975.
17. B.Bitići: Zavaruvanje, Masinski Fakultet, Pristina, 1986.
18. J. Stanić:, Uvod u teoriji tehnoekonomske optimizacije. Mašinski Fakultet, Beograd, 1998.
19. V. Kedhi: Metodi za planiranje i analiza na eksperimentite, Politehnićki Fakultet, Tirana, 1984.
20. Pantelić: Uvod u teoriju inženjerskog eksperimenta, Radnićki Univerzitet, Novi Sad,1976.
21. J. Stanić: Metod inžinjerskih merenja, Mašinski Fakultet, Beograd, 1986.
22. T. Atanasijević, N. Acamović, D. Begović: Statistićki metode za upravljanje kvaljitetom, Evropa Jugoinspekt, Beograd, 1994.
23. V. Vujović:Obrada metala deformacijom, I deo, Mašinski Fakultet, Novi Sad, 1972.
24. Standardi, API specification 5CT, Washington, 2000.
25. Standardi, ASTM-A370-American Society for Testing and Matertials, Washington, 1975.
26. Standardi, European Committee for Standardization EN 10224, Brussels, 2002.
27. Katalog, Zavarenite ćelicni cevki MIK- Urosevac,2002.
28. Katalog, Nipon Steel Pipe & Tube.Tokio, 1988.
29. Katalog, Stainless Steel Pipe and Tubes, Tokio, 1988.
30. Katalog, Sheets and Strip, Metalurški Kombinat, Smederevo, 1998.
31. М.Мјаку, Ф.Красниќи, С.Шкодра: „Математички модел со математичка и статистичка обработка на податоците од испитување на зајакнувањето на челик X52 API 5LS, во текот на испитувањето на цевките со спирален завар со хидростатички притисок се до лом. Четврти меѓународен симпозиум, Материјали и нивната примена, 28-29.10.2004, Валона.
32. Р.Максути, Х.Мемети, Б.Битиќи, М.Мјаку: „Термичка и локална обработка на заварените цевки со линиски завар", 28-29.10.2004, Валона.
33. M.Mjaku, F.Krasniqi, R.Maksuti, D.Elezi: "Mathematical model and statistical analysis of the elongation(A2) of the steel J55 API 5CT before and after the development of the pipes", TMT, Istambul, Turkey, 26-30 August 2008.
34. M.Mjaku, F.Krasniqi, R.Maksuti, D.Elezi: Mathematical model and statistical analysis of the elongation of the steel J55 API 5CT before and after the development of the pipes,The 19th International DAAAM Symposium, Trnava, Slovakia 22-25 October 2008.
35. F.Krasniqi, M.Mjaku, B.Bitiqi, H.Osmani: "Mathematical model and statistical analysis of the tensile strength (Rm) of the steel quality J55 API 5CT before and after the development of the pipes", 6th International Research/Expert Conference With International Participation, Quality 2009 TMT 2009, Neum, Bosnia and Herzegovina, 04-07 June 2009 .

Имајќи го предвид погоре наведеното, Комисијата, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, го дава следниов:

**ПРЕДЛОГ**

1. Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Малуш Мјаку, дипломиран инженер-металург, врз основа на постигнатиот степен на образование и досегашната научно истражувачка и стручна работа ги поседува потребните квалитети и оспособеност за научна работа за изработка на предложената тема за докторска дисертација.

2. Врз основа на образложението на пријавената тема, обемот на предвидените истражувања, методологијата на истражување, целите и очекуваните резултати, Комисијата е на мислење дека предложената тема за докторска дисертација со наслов „Истражување на распределбата на напоните и деформациите во напречниот пресек на високофреквентно надолжно заварени цевки од челик со квалитет J55 API 5CT" е актуелно подрачје за истражување во областа на технологијата на производството на заварени цевки и таа е подобна тема за изработка на докторска дисертација.

3. За ментор на кандидатот при изработка на предложената докторска дисертација се предлага вонр. проф. д-р Димитри Козинаков од Машинскиот факултет во Скопје.

Скопје,
17.12.2009

Комисија,

1. Вонр. проф. д-р Димитри Козинаков,
   Машински факултет – Скопје с.р.

2. Проф. д-р Добре Рунчев,
   Машински факултет - Скопје с.р.

3. Проф. д-р Јован Гочев,
   Машински факултет - Скопје с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-86/
29 / 2010 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО ПОМЛАД АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 21.12.2009 година, бевме определени за членови на Рецензентската комисија за избор/преизбор на соработник во соработничко звање-помлад асистент на научната област меѓународно приватно право, врз основа на конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник“ од 6 ноември 2009 година.
Во ова својство, на Наставно – научниот совет му го поднесуваме следниов,

## *И З В Е Ш Т А Ј*

На конкурсот за избор/преизбор на соработник во соработничко звање-помлад асистент на научната област меѓународно приватно право, објавен во весникот „Дневник“ од 6 ноември 2009 година се пријави 1 (еден) кандидат:

1. Илија Руменов

### *Податоци за кандидатот*

**1. Илија** РУМЕНОВ е роден на 29.12.1982 година во Скопје. По националност е Македонец. Средното училиште го завршил во Скопје. На Правниот факултет се запишал во 2001 година, каде што дипломирал во 2005 година со среден успех 8,15 и се стекнал со стручен назив - ***дипломиран правник***..

Во 2006 година се запишал на постдипломските студии по **меѓународно право и меѓународни односи на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје,** на кои ги положил сите поединечни испити со просечна оценка 9,86

Активно владее англискиот јазик, а има основни познавања на германскиот јазик. Се служи со Word, Excel, Windows и Internet.

*Работно искуство*

- Од мај 2007 до денес кандидатот е помлад асистент на научната област меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ каде што е вклучен во изведувањето на наставата и вежбите од прв и втор

циклус. Така, во првиот циклус од наставата кандидатот е вклучен во одржувањето на вежбите и по предметот меѓународно приватно право на правните студии и предметот меѓународно право на политичките студии. Во вториот циклус на студии, кандидатот е вклучен во наставата и вежбите по предметите меѓународно арбитражно право, судир на законите, и меѓународно приватно право на ЕУ.

- Од 22.9.2008. кандидатот е секретар на Институтот за меѓународно право и меѓународни односи
- Од 15.9.2008. кандидатот е секретар на Комисијата за признавање на дел од студиите поминати во странство или на друг факултет во Република Македонија (додипломски студии) при Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје
- Кандидатот бил секретар на повеќе комисии за одбрана на магистерски и докторски тези.
- Од 1.10.2004 до 3.5.2007. кандидатот бил демонстратор на предметот меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан први" во Скопје
- 10.7.2008 – кандидатот бил член на Комисијата за упис на нови студенти во учебната 2008/09 на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје
- Од 15.09.2007 кандидатот е помошник-тренер на екипата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на меѓународниот натпревар за меѓународна трговска арбитража William C. Vis, кој се одржува во Виена, Р. Австрија.

*<u>Учество на летни школи, семинари и истражувачки посети:</u>*

- кандидатот е учесник на семинарот „Решавање на спорови: Медијација и арбитража" *проф. Stephen G. Yeasem, Cornell Law School и Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Македонија*. 6.5.2008 - 15.5.2008 година;
- кандидатот како стипендист на NUFFIC е учесник на Хашката академија за меѓународно право во Хаг, Р. Холандија 2-20.7.2007 година;
- кандидатот е учесник на Копаоничката школа за природно право, Копаоник, Р.Србија, декември 2005, 2006 и 2007 година
- кандидатот е учесник на семинарот одржан од страна на EuroAsylum и Charles Kendall & Partners Ltd во Скопје, на тема "Migration as Field for Social Work" 20.9.2007
- кандидатот како помошник тренер учествувал на меѓународниот натпревар за меѓународна трговска арбитража William C. Vis, кој се одржува во Виена, Р. Австрија, април 2009 година.

По изборот во наставно-научно звање вонреден професор во научната област меѓународно приватно право, *кандидатот ги објавил следните научни трудови:*

- *„Правата на странците во Вавилон, Атина и Рим"*, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Павта Марина, Скопје 2007.

Во овој труд, кандидатот прави преглед на правата на странците во античкиот период со посебен осврт на правата на странците во Вавилон, Атина и Рим. Во истражувањето на оваа проблематика, кандидатот се служи со историскиот метод на истражување каде што доаѓа до заклучок дека иако постои мислење дека правата на странците речиси и да не постоеле во овој период од историските извори може да се заклучи дека во тој период некои права на странците биле гарантирани.

- *Хашката конвенција за граѓанскоправните аспекти на меѓународното грабнување на децата од 1980 година наспроти Регулативата бр. 2201/2003 на ЕУ- комплементарни или спротивставени инструменти ?*, Зборник на трудови во чест на проф. Стефан Георгиевски, Скопје, 2009

Во овој труд, кандидатот прави преглед на решенијата на Хашката конвенција за граѓанскоправните аспекти на меѓународното грабнување на децата од 1980 година и Регулативата на Советот (ЕС) No. 2201/2003 од 27 ноември 2003 година (Brussels II bis) што се однесува на јурисдикција, признавање и извршување на судски одлуки кои се однесуваат на матримонијални работи и работи од родителска одговорност, која ја дополнува и заменува Регулативата (ЕС) No. 1347/2000, OJ L 338/1, de 23/12/2003. Авторот ги обработува овој сериозен проблем, кој претставува една болна реалност-консеквенца на мултикултурноста, мултиетничноста и на разликите во однос на религијата и останатите општествени разновидности кои во исто време Европската унија ја прават посилна, но кои во исто време создаваат сериозни правни проблеми. Авторот ги елаборира измените кои настануваат во согласност со специфичностите на Европската унија и разликите помеѓу овие два извора на оваа проблематика.

- *Хашката конвенција за граѓанскоправните аспекти на меѓународното грабнување на децата – универзален инструмент за заштита на децата од негативните ефекти од противправното одведување и задржување*, Зборник на трудови во чест на проф. Тодор Џунов, Скопје 2009.

Во овој труд, авторот ја анализира Хашката конвенција за граѓанскоправните аспекти на меѓународното грабнување на децата од 1980 година. Во рамките на овој труд авторот ги објаснува предметот на оваа Конвенција, целите на конвенцијата, разликата помеѓу повредата на правото на старателство и повредата на правото на средба со детето, активирањето на механизмите на оваа конвенција

со противправното одведување на детето од местото на неговото вообичаено живеалиште, централните органи кои се грижат за примената на оваа конвенција, постапката и други сегменти на оваа невообичаено сложена проблематика.

<u>Заклучна оцена</u>

Откако со внимание ја разгледа пријавата со сите приложени документи и научни трудови, Комисијата заклучи дека кандидатот Руменов Илија целосно ги исполнува сите законски услови предвидени за преизбор во звањето помлад асистент на научната област меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје

ПРЕДЛОГ

Земајќи ја во предвид целокупната активност, амбициозност и одговорност на кандидатот Илија Руменов, како и неговата креативност и ентузијазам во работата со студентите, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го реизбере кандидатот Илија Руменов во звањето помлад асистент на научната област меѓународно приватно право.

Скопје, ______201[illegible] година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Поликсена Гавроска с.р.

Проф. д-р Денко Малески с.р.

Доц. д-р Тони Дескоски с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-84
29 1 2010 год.
СКОПЈЕ

## *РЕФЕРАТ*

# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСОВО ПРАВО И ФИНАНСИИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, донесена на седницата одржана на 21.12.2009 година, бевме определени за членови на Рецензентската комисија за избор/преизбор на соработник во соработничко звање- асистент на научната област финансово право и финансии, врз основа на конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник" од 6 ноември 2009 година.
Во ова својство, на Наставно – научниот совет му го поднесуваме следниов

## *ИЗВЕШТАЈ*

На конкурсот за избор/преизбор на соработник со соработничко звање- асистент на научната област финансово право и финансии, објавен во весникот „Дневник" од 6 ноември 2009 година, се пријави 1 (еден) кандидат:

1. м-р Јован Зафироски.

### 1. *Податоци за кандидатот*

**1. М-р Јован ЗАФИРОСКИ** е роден на 1.3.1982 година во Скопје. На Правниот факултет се запишал во 2000 година, каде што дипломирал во 2004 година со среден успех 9,74 и се стекнал со стручен назив-***дипломиран правник***. Во четврта година на правните студии ја избрал финансово правната насока. На предметите од финансово правната насока постигнал среден успех 10. Како изборни ги избрал предметите царинско право и банкарско право. За остварениот успех (втор во неговата генерација) е награден со сребрен Јустинијан.

Во 2004 година се запишал на постдипломските студии на **Колеџот на Европа** (Бриж – Белгија, Натолин – Полска), кои ги завршил во 2005 година, со што се стекнал со научниот степен ***магистер по европски интердисциплинарни студии (право)***. Првиот дел од постдипломските студии е посветен на проучување на европските интегративни процеси објаснети од правен и економски аспект. Во

вториот дел од постипломските студии го избрал европското право како доминантна област за проучување и е студент на **Total Law** -програмата.

Магистерскиот труд на кандидатот носи наслов: „Идните предизвици на процесот на апроксимација на законодавството во рамки на претпристапниот период. Случајот на Република Македонија".

Кандидатот приложи и ***одлука за нострификација на странската диплома.***

Во декември 2006 година го положил ***правосудниот испит.***

Од 2007 година,кандидатот ***е докторанд на Универзитетот во Ница L'Université de Nice Sophia Antipolis***,каде што има пријавено докторат од областа на монетарното право.

Активно ги владее францускиот и англискиот јазик, а има основни познавања на рускиот и полскиот јазик. Се служи со Word, Excel, Windows и Internet.

## *2. Работно искуство*

- Од мај 2007 до денес, кандидатот е асистент на научната област финансово право и финансии на Правниот факултет „Јустинијан Први" каде што е вклучен во изведувањето на наставата и вежбите од прв и втор циклус. Така, во првиот циклус од наставата кандидатот е вклучен во одржувањето на вежбите по предметот финансово право, а во учебната 2009/2010 година, како докторанд,учествувал во одржувањето на наставата на една група студенти по финансово право. Во вториот циклус на студии,кандидатот е вклучен во наставата и вежбите по предметите: даночно право, меѓународно даночно право, буџетско право, царинско право, финансирање на единиците на локалната самоуправа, банкарско право, банки берзи и инвестициони фондови, финансиски услуги во правото на ЕУ и монетарно, кредитно и девизно право. Кандидатот е секретар на магистерските студии по финансии и финансово право, а бил секретар на повеќе комисии за одбрана на магистерски тези.
- Од октомври 2005 до мај 2007,кандидатот бил демонстратор на предметот финансово право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје .
- Од септември 2005 до јуни 2006 работел како соработник во адвокатската канцеларија „Радојчиќ".
- Од октомври 2003 до јуни 2004 работел како практикант во Законодавно – правната комисија на Собранието на Република Македонија.

*Учество на летни школи, семинари и истражувачки посети:*

- октомври 2009 година, Конференција организирана од страна на Универзитетот во Ница и Институтот за економски науки од Белград,со наслов: Financial Systems Integration of Balkan Countries in the European Financial System : Impact of Global Financial Crisis (Интеграција на финансиските системи на земјите од Западен Балкан: Влијанието на светската финансиска криза);

- јануари 2009 година, Меѓународна работилница организирана од страна на Универзитетот во Ница, со наслов: Droit économique et droits de l'homme („Економско право и права на човекот");
- декември 2008 година, Меѓународна конференција организирана од Институтот за економски науки во Белград,на тема :Izazovi ekonomske nauke u 21. veku („Предизвици на економската наука во 21 век");
- септември 2006 година, Меѓународна школа по етика во Мали Лошињ (Хрватска),организирана од Универзитетот во Бохум и Загрепскиот универзитет;
- јуни 2006 година, Обука за имплементација на новиот закон за даночна постапка,организирана од страна на Управата за јавни приходи;
- мај 2005 година, истражувачка посета на Европската комисија во Брисел;
- март 2005 година, истражувачка посета на Европскиот парламент во Брисел;
- во 2005 година, истражувачка и студиска посета на Европскиот суд на правдата во Луксембург.

По изборот во звањето асистент на научната област финансово право,*кандидатот ги има објавено следниве трудови:*

- Country report - Macedonia, The role of the International Financial Institutions in South Eastern Europe Contries and European Integration Process: Strategies for the Trade Union Movement, eds. Krastyo Petkov, Paola Simonetti, Antonio Ferigo, Enisa Selimovic, ISCOS (Institutio Sindicale per la Cooperazione allo Sviluppo), 2007 (Извештај за Македонија, Улогата на меѓународните финансиски институции во земјите на југоисточна Европа и процесот на европски интеграции: Стратегии за синдикалните организации, eds. Krastyo Petkov, Paola Simonetti, Antonio Ferigo, Enisa Selimovic, ISCOS, 2007).

Трудот е дел од проект на ISCOS финансиран од Европската комисија,кој вклучува истражувања во осум балкански држави (Бугарија, Романија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Албанија, Македонија и Црна Гора). Во трудот, кандидатот врши детална анализа за улогата на меѓународните финансиски институции во процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ,а посебно на положбата и реформата на синдикалните здруженија во рамките на тој процес. Анализирана е состојбата и реформата на синдикалните здруженија во Македонија, со препорака во кој правец треба таа да се одвива,со цел подобра организираност на синдикатите за поголема заштита на работничките права во земјата.

- *The Free Movement of Capital Under the Stabilisation and Association* Agreement, Jovan Zafiroski, *Financial Systems Integration of Balkan Countries in the European Financial System*, eds. Claude Berthomieu, Srdjan Redzepagic, Belgrade 2008 (Слободно движење на капитал според Договорот за стабилизација и асоцијација, *Интеграција на финансиските системи на земјите на Западен Балкан во европскиот финансиски систем*, eds. Claude Berthomieu, Srdjan Redzepagic, Белград, 2008).

Во трудот кандидатот обработува тема која е исклучително важна во процесот на економска интеграција, како во рамките на Европската унија ,така и од аспект на земјите- кандидати за членство како што е Македонија. Целта на трудот е да го објасни и критички да го анализира процесот на слободно движење на капитал според договорите за стабилизација и асоцијација. Во првиот дел од трудот кандидатот го објаснува значењето на слободното движење на капиталот во рамките на ЕУ и дава преглед на судската практика на Европскиот суд на правдата во Луксембург во оваа област. Во вториот дел на трудот, анализирани се одредбите што се однесуваат на слободното движење на капитал по договорите за стабилизација и асоцијација, што овозможува компаративна анализа на обврските на земјите од Западен Балкан по однос на слободното движење на капиталот,произлезени во рамките на процесот на стабилизација и асоцијација. Во последниот дел на трудот,оценет е степенот на слободно движење на капитал помеѓу Македонија и Србија како земји- аспиранти за членство и ЕУ, при што се презентирани и мислењата на Европската комисија за усогласеноста на националните законодавства со *acquis communautaire* на ЕУ во оваа област.

- *The European Integrations: Free Movement of Capital Under the SAA*. Srdjan Redzepagic, Jovan Zafiroski, *The New Economy – Challenges, Opportunities and Choices*, IA Books, 2009 (Европски интеграции, Слободно движење на капитал според Договорот за стабилизација и асоцијација, *The New Economy – Challenges, Opportunities and Choices*, IA Books, 2009).

Во оваа публикација,издадена во САД и Индија,кандидатот учествува како коавтор на труд посветен на европските интегративни процеси. Во првиот дел на трудот е презентирана правната рамка за слободно движење на капитал во рамките на ЕУ. Објаснето е значењето на слободното движење на капитал за создавањето и функционирањето на европскиот внатрешен пазар и европската економска и монетарна унија. Во вториот дел на трудот е објаснета правната рамка за слободното движење на капитал во Македонија и Србија со посебна анализа на правните и економските ефекти од либерализацијата на движењето на капиталот како предуслов за членство во ЕУ.

- *European Financial System and Integration of Serbian and Macedonian Sector in it*, Srdjan Redzepagic, Djuro Djuric во *Financial Systems Integration of Balkan Countries in the European Financial System: Impact of Global Financial Crisis*, eds. Claude Berthomieu, Jean- Paul Guichard, Dejan Eric, Srdjan Redzepagic, Nice 2009 (Европскиот финансиски систем и интеграцијата на српскиот и македонскиот систем во него, Интеграција на финансиските системи на земјите од Западен Балкан во европскиот финансиски систем: Влијанието на светската економска криза, eds. Claude Berthomieu, Jean- Paul Guichard, Dejan Eric, Srdjan Redzepagic, Ница, 2009).

Во трудот е анализиран процесот на подготовка за членство во Европската унија на земјите од Западен Балкан по однос на хармонизацијата на законодавството во областа на финансискиот систем. По презентацијата на правната рамка на ЕУ што се однесува на банкарскиот сектор и објаснувањето на важноста и улогата на овој сектор за европската економија,анализирани се и критички обработени банкарскиот сектор на Србија и на Македонија. Имено, во трудот се презентирани правните прашања во врска со основањето на банките, супервизорската функција од аспект на централните банки, организацијата и управувањето со банките гледано низ призмата на усогласеноста на прописите со правилата на ЕУ.

**3. Заклучна оцена и предлог**

Откако со внимание ја разгледа пријавата со сите приложени документи и објавени трудови, Комисијата заклучи дека кандидатот м-р Јован Зафироски целосно ги исполнува законските услови предвидени за избор во звањето асистент на научната област финансово право и финансии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Кандидатот Зафироски успешно ги извршуваше сите задачи во наставниот процес на Факултетот, и на првиот и на вториот циклус студии, остварува добра комуникација со студентите, тој е трудољубив, одговорен и исполнителен во извршувањето на поставените задачи. Неговиот интерес во научноистражувачката работа е насочен кон областа на монетарните финансии и кредитно-монетарното право.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први " да го избере м-р Јован Зафироски во звањето асистент на научната област финансово право и финансии.

Скопје, 27.1. 2010 година РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Кики Мангова – Поњавиќ, с.р.

Проф. д-р Весна Пендовска, с.р.

Доц. д-р Александра Максимовска Велјановски, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ДВА АСИСТЕНТИ И ИЗБОР НА ДВА АСИСТЕНТИ (НАСТАВНА БАЗА) ПО ПРЕДМЕТОТ ПСИХИЈАТРИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.103/08 и бр.26/09), Наставно-научниот совет на Медицинскит факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", на својата четврта редовна седница одржана на 24.XII.2009 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија за избор на 2 асистента и избор на 2 асистента (наставна база) по предметот психијатрија, во состав: проф. д-р Весна Пејоска Геразова, проф. д-р Викторија Вујовиќ и проф. д-р Вера Даскаловска.

По разгледувањето на приложената документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Д-р Кадри Хаџихамза, mr.sci

***Биографски податоци***

Д-р Кадри Хаџихамза е роден во 1961 година во Скопје, каде што го завршил основното и средното образование со одличен успех.

На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1980/81 година, по што заминал на отслужување на воениот рок. Во учебната 1981/82 година продолжил со студиите. Дипломирал во 1989 година со среден успех 8,43.

Во периодот 1990-1996 година бил вработен во повеќе домашни и странски организации од областа на здравствената превенција, главно на раководни места.

Од 1996 до 2004 година бил вработен во Државното средно медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов" како професор по предметите: анатомија и физиологија, хигиена и патологија.

Во 2004 година се вработил во ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје"во Скопје.

Во 2008 година се вработил во ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија во Скопје. Во моментот е распределен на работно место во Дневната болница.

Специјализацијата по психијатрија ја започнал во 2005 година, а специјалистичкиот испит го положил во 2009 година.

Одлично го владее англискиот јазик, а пасивно се служи и со францускиот и германскиот јазик.

*Стручно-апликативна дејност*

Од 2000 година е член на проектот „Современи методи на учење и подучување", Проект за континуирана медицинска едукација, во организација на Министерството за здравство на РМ и BIS Healthcare, Лондон, Велика Британија. Во склоп на овој проект бил одреден за тим-лидер на едукативниот тим кој дејствувал во Едукативниот центар за континуирана медицинска едукација во Гостивар, во кој Центар биле едуцирани лекари од примарната здравствена заштита.

Во 2001 година успешно ја завршил тронеделната обука во Институтот за учење од далечина, Атланта, Џорџија (САД), организиран од Центарот за контрола и превенција на заболувањата (CDC) и Институтот Отворено општество-Скопје. Како резултат на овој престој било формирањето на веб-страница, која беше користена од колегите за учење на далечина.

Во текот на 2006/07 година, во склоп на Проектот за менаџмент во здравствениот сектор, се стекнал со акредитација за едукатор, верифицирана од министерството за здравство на РМ.

Во периодот јуни/јули 2007 година бил избран од министерот за здравство да учествува во работата на Интернационалната виртуелна електронска болница, Меѓународна програма за телемедицина, под покровителство на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Аризона, САД. По враќањето во земјата, д-р Хаџихамза продолжи со промоцијата на телемедицината меѓу колегите. Во 2008 година, од министерот за здравство бил назначен за национален координатор за телемедицина и е-здравство. Во ова својство, во февруари 2009 година ја организирал Третата балканска конференција за телемедицина и е-здравство во Скопје, на која учествуваа предавачи од САД и Европа, како и лекари од РМ.

**Научноистражувачка дејност**

Во јуни 2006 година го одбранил магистерскиот труд под наслов: *Застапеност на одредени типови главоболка кај средношколците,* под менторство на проф.д-р Анте Поповски и се стекнал со звањето магистер на медицински науки.

Во склоп на подготовките на неговата докторска дисертација, а под раководство на менторот проф. д-р Марија Ралева учествувал во реализирање на меѓународниот проект за превенција на запоставување и злоупотреба на децата и младите (BECAN- Балканска епидемиолошка студија за запоставување и злоупотреба на децата и младите), под покровителство на Европската унија и УНИЦЕФ.

**Наставно-образовна дејност**

Од почетокот на работата на Школата за семејна медицина (октомври 2009 година) при Медицинскиот факултет во Скопје, вклучен е во нејзината работа како едукатор.

Автор и коавтор е на повеќе учебници, за што во 2004 година ја добил наградата „13 ноември" за издавачка дејност, како и автор и коавтор на трудови публицирани во стручни списанија.

*Трудови кои се приложени за рецензија за избор за асистент*

***Трудови печатени во стручни списанија:***

1.ПРИЧИНИ И ПОСЛЕДИЦИ НА ГЛАВОБОЛКАТА КАЈ СРЕДНОШКОЛЦИТЕ

***К.Хаџихамза***

Македонски медицински преглед, бр,3-4, 2003, стр170-173.

Во приложениот труд авторот укажува дека учениците од сите возрасти се жалат на главоболка која се појавува во различни периоди на денот и годината, речиси секогаш во врска со надворешни фактори (училиште, временски прилики, спиење, менструација, пушење и сл.). Најчест резултат на глаболките во овој период се: намален успех на училиште, неможност за учење како и последици врз психичкото здравје на учениците. Резултатите на студијата спроведена на 26 ученици и 79 ученички од Државното средно медицинско училиште „Д-р Панче Карагозов" од Скопје покажале дека 96,2% од учениците се жалат на главоболка. Од нив 77(76.23%) се од женски пол додека 24 (23,77%) се од машки пол.

2.ЗАСТАПЕНОСТ НА ОДРЕДЕНИ ТИПОВИ ГЛАВОБОЛКА КАЈ СРЕДНОШКОЛЦИТЕ

**К.Хаџихамза**

Магистерски труд, 2006 година

Во трудот се обработени типовите на главоболки кои се јавувале кај адолесцентите во средношколскиот период. Испитуваната група ја сочинувале 678 ученици. Резултатите покажале дека кај 87,4% од испитаниците била присутна психогена главоболка. Кај останатите најдени се други типови на главоболки: васкуларни, со офталмолошка и со невролошка етиологија.

3.ПСИХОГЕНАТА ГЛАВОБОЛКА И СИСТЕМОТ НА ЕДУКАЦИЈА КАКО МОЖНА ПРИЧИНА ЗА ГЛАВОБОЛКА КАЈ СРЕДНОШКОЛЦИТЕ

**К.Хаџихамза**

Македонски медицински преглед, бр.1-2, 2006, стр.84-88.

Во трудот авторот потенцира дека главоболката се наведува како причина за отсуство од училиштето, како и неможност за учење. Резултат на тоа е намален успех во учењето, но и фрустрациите кои можат да го претворат адолесцентот во невротичар. Резултатите на "cross section" студијата, спроведена на група од 717 ученици (245 машки и 427 женски) од старосните групи 15-18 години, од три средни училишта во Скопје покажаа дека 82,29% од учениците се жалат на главоболка. Од сите испитани ученици, на главоболка се жалат 58,86% ученички и 23,43% ученици. Најчести наведувани причини за појава на главоболката биле „замор од учење" (66,41%) и „нервоза при учење" (11,46%) што значи дека учениците ги поврзуваат директно главоболката и процесот на учење.

*4.*ANALYSIS OF PRESENCE OF PROFESSIONAL STRESS AT HEALTH WORKERS

**K.Haxhihamza**, A.Naumovska, S.Arsova-Hadzi-Angelkovska, V.Gerazova, L.Shehu, N.Durmishi, M.Iseini

Medicus, 2008, vol.IX(1): 147-155.

Трудот го обработува стресот на работното место кај здравствените работници. Авторите анкетирале 100 здравствени работници со општиот здравствен прашалник (General Health Questionaire). Здравствените работници биле од различни профили (лекари, среден медицински персонал и технички персонал), вработени во примарното, секундарното и терцијарното здравство. Резултатите од истражувањето покажуваат дека 98% од анкетираните покажуваат знаци на стрес. Стресот на работа се продлабочува со зголемувањето на работниот стаж. Авторот тврди дека третирањето на овој проблем е индивидуално, но се чини дека е потребна повисока организациона форма на менталноздравствена заштита на здравствените работници (на ниво на работната организација, градот или државата).

*5.*ВЛИЈАНИЕ НА ДИСФУНКЦИОНАЛЕН СЕМЕЕН СИСТЕМ ВРЗ СУИЦИДАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

В.Геразова, В.Вујовиќ, С.Арсова Хаџи-Ангелковска, ***К.Хаџихамза***

Medicus, 2008, vol IX(1): 156-165.

Авторите најпрвин ги анализираат неповолните фактори во семејството кои ја зголемуваат опасноста од различни растројства на психолошкиот и социјалниот развој на адолесцентот и кои во склоп на други неповолни околности можат да завршат со самоуништување, што значи дисфункционално семејство со адолесцентот како најслаба алка во синџирот. Евалуацијата на семејната динамика е следена низ обезбедување на безбедна средина, давање на љубов, поддршка и афирмација, комуникација, позитивен семеен идентитет и решавање на проблемот. Истражувањето вклучува 100 адолесценти со обид за самоубиство и 100 адолесценти без обид за самоубиството кои ја сочинувале контролната група. Резултатите укажуваат дека дисфункционалното семејство може да биде фактор кој влијае на суицидалното однесување кај адолесцентите, но во никој случај и единствен. Суицидалното однесување кај адолесцентите е комбинација на повеќе фактори, вклучувајќи го и индивидуалниот профил на адолесцентот, како и влијанието на училиштето. Ова треба да се земе предвид во превенцијата на суицидалното однесување, односно засекување на проблемот уште во корените. Тоа значи дека функционалното семејство е заштитен фактор за намалување на појавата на суицидално однесување кај младите.

*6.*СЕКСУАЛНИ ДИСФУНКЦИИ КАЈ МАЖИТЕ СО НЕВРОТСКИ РАСТРОЈСТВА

С.Арсова Хаџи-Ангелковска, В.Геразова, В.Вујовиќ Ѓ, Хаџи-Ангелковски, ***К.Хаџихамза***

Medicus, 2008, vol IX(1): 166-175.

Авторот наведува дека во истражувањето биле вклучени 15 машки испитаници, на возраст 20-60 години, дијагностицирани според МКБ 10 критериумите со Дг. Ф40-Ф45 и контролна група со 19 здрави машки испитаници. Испитаниците биле следени со стандардизирано клиничко интервју, Хамилтонова скала за анксиозност (ХАС), Хамилтонова скала за следење на депресивност (ХАМД) и скалите за сексуалност: скала за сексуалноста по Снел (СС) и кинески индекс за предвремена ејакулација (ЦИПЕ). Во текот на истражувањето се утврдило дека сексуалните дисфункционалности како: инхибирана сексуална желба, оргазмичка дисфункционалност, еректилна дисфункција, следени со анксиозност, депресивност и стрес, намалена сексуална самодоверба, намалена сексуална преокупација, а зголемена сексуална депресивност се присутни кај мажите со невротски растројства статистички сигнификантно споредено со контролната група.

***Учебници:***

*7.ANATOMIA DHE FIZIOLOGJIA E NJERIUT E ILUSTRUAR*
**Haxihamza K**
( I издание, "Logos", Скопје, 2000 godina. II издание, "Logos", Скопје, 2002 godina. III издание, "Prosvetno delo", Skopje, 2004 година.)
Во овој учебник наменет за прва година средно медицинско училиште низ 18 поглавја се обработуваат градбата и функцијата на човечкото тело. Учебникот е богато илустриран со 87 илустрации во боја.

*8.PATOLOGJIA*
**Haxihamza K**
"Logos", Shkup, 2000 година.
Во овој учебник наменет за втора година средно медицинско училиште низ 10 поглавја се обработуваат најчестите болести како и одбранбените механизми на човечкото тело. Учебникот е богато илустриран со 56 илустрации во боја.

*9.BIOLOGJIA PËR KLASËN E VII*
Omeri A., Lazareva M., Veliu M., **Haxhihamza K**
"Logos", Shkup, 2003 година.
Во овој учебник наменет за основно образование (седмо одделение) се обработуваат основите на ботаниката и зоологијата, како и основните биолошки механизми кај растенијата и животните. Книгата е богато илустрирана со 37 илустрации и 8 цртежи во боја.

*10.BIOLOGJIA PËR KLASËN E VIII*
**Haxihamza K.**, Omeri A., Lazareva M., Veliu M.
"Logos", Shkup, 2003 година
Во овој учебник наменет за основно образование (осмо одделение) се обработуваат основите на анатомијата и физиологијата на човечкото тело

како и основните биолошки механизми кај човекот. Книгата е богато илустрирана со 32 илустрации и 11 цртежи во боја.

*11.ПСИХОЛОГИЈА*
Милева Л., **Хаџихамза К.**
"Селектор", Скопје, 2004 година.
Во овој учебник наменет за трета година средно медицинско училиште, низ 10 поглавја се обработуваат основите на психичкиот живот на човекот. Книгата е илустрирана со 22 илустрации и 6 цртежи.

*12.NEUROPSIKIATRIA*
Popovski A., **Haxihamza K.**, Taravari A., Sekulovski R.
"Selektor", Скопје, 2004 година.
Во овој учебник наменет за четврта година средно медицинско училиште низ 12 поглавја се обработуваат градбата на нервниот систем кај човекот како и основите на психичкиот живот на човекот, вклучително и најчестите заболувања во овие сфери. Книгата е илустрирана со 29 илустрации и 17 оригинални цртежи.

*13.PRAKTIKUMI I NEUROLOGJISË*
Popovski A., **Haxihamza K.**, Arsovska A., Taravari A., Ismajli-Marku M.,
Fine Art, Скопје, 2005 година.
Во овој учебник наменет за студентите на Медицинскиот факултет, низ 10 поглавја се обработуваат градбата на нервниот систем кај човекот како и основите начини на негова егзаминација. Книгата е илустрирана со 49 илустрации и цртежи во црно-бела техника.

## *Помл. ас. д-р Ана Филипче*

**Биографски податоци**

Кандидатката Филипче Ана е родена на 23.4.1977 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. Во учебната 1995/1996 се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје, а во 2001 година дипломирала со просечен успех 9,75. Во 2002 година, по завршениот докторски стаж положила државен испит, со што се стекнала со лиценца за работа. Вработена е на Клиниката за психијатрија од 2002 година

Во 2009 година го положила специјалистички испит по специјалноста психијатрија и се стекнала со звањето специјалист по психијатрија. Во текот на студиите, како автор и коавтор учествувала во изработката на стручни трудови, на повеќе меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми. Во периодот од 1.11.2005 до 1. 5.2006 била на 6-месечен стручен престој во Институтот за ментално здравје во Белград во Дневната болница за неврози. Активно го зборува англискиот јазик, и поседува солидни знаења од италијанскиот јазик.

Стручно - апликативна дејност

Активно учествува во секојдневната стручна работа на Клиниката за психијатрија во дијагностицирањето и третманот на пациентите. Нејзината стручна активност опфаќа едукативни семинари од областа на семејната терапија. Вклучена била во терапевтските работилници за третман на невротски и со стрес поврзани растројства.

**Научноистражувачка дејност**

Со научно истражувачка дејност се занимава од студентските денови откога како автор и коавтор учествувала на повеќе конгреси и симпозиуми во земјата и во странство.

**Наставно-образовна дејност**

Во 2005 е избрана, а во 2008 е реизбрана за помлад асистент по предметот психијатрија, и активно е вклучена во едукативната работа со студенти и специјализанти.

**Рецензирани трудови:**

Заклучно со реден број 17, трудовите се рецензирани во Билтенот на Универзитетот бр. 867 од 15.2.2005, при изборот на помлад асистент

Заклучно со реден број 20, трудовите се рецензирани во Билтенот на Универзитетот бр. 941 од 30.4.2008, при преизборот на помлад асистент.

Трудови кои се приложени за рецензија за избор на асистент

*21.АУГМЕНТАЦИЈА НА ССРИ СО АТИПИЧЕН АНТИПСИХОТИК (ОЛАНЗАПИНЕ) ВО ЛЕКУВАЊЕ НА ТРЕТМАН РЕЗИСТЕНТНО ДЕПРЕСИВНО РАСТРОЈСТВО*

***Филипче А***, Мицева Е Новотни А. Бабинкостова З. Арсова Хаџиангелкова С. Манојловска М.

IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, Охрид, 2009, Книга на апстракти, стр.48

Во трудот авторите го анализираат влијанието на атипичните антипсихотици во ниски адјувантни дози како избор во лекувањето депресивни состојби резизтентни на третман. Испитуваната група од 15 пациентни која била на иницијален третман со ССРИ, покажал значително подобрување и редукција на депресивната симптоматологија по направената аугментација со Оланзапине и намалување на тоталниот скор на Хамилтонновата скала за депресија.

*22.DONEZEPIL (YASNAL) КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ВАСКУЛАРНА ДЕМЕНЦИЈА*

Бабинкостова З. Стефановски Б. Самарџиска В. Геразова В. Арсова С. Манојловска М. ***Филипче А.***

IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, Охрид, 2009, Книга на апстракти, стр.65.

Целта на трудот е да се процени клиничката ефикасност на холинестеразниот инхибитор Donezepil (Yasnal) на когнитивното и глобалното функционирање кај пациенти со васкуларно когнитивно оштетување. За таа цел биле испитувани 25 пациенти кои ги задоволуваат МКБ-критериумите за васкуларна деменција. Од нив 7 беа поставени на 5 мг/дневно Donezepil (Yasnal), а 18 на 10 мг/дневно ( по 5 мг/дневно во првите 28 дена). И кај двете групи се покажало подобрување на когнитивното функционирање, а бил забележан и бенефит на глобалното функционирање забележан на соодветните скали.

*23.OLANZAPINE ВО ТРЕТМАН НА SSRI РЕЗИСТЕНТНИ ОПСЕСИВНО - КОМПУЛСИВНИ РАСТРОЈСТВА*

Мицева Величковска Е. Новотни А. ***Филипче А***. Чаловска-Самарџиска В. Манушева Н. Мицев Б. Арсова С. Бајрактаров С.

IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, Охрид, 2009, Книга на апстракти стр.79.

Целта на трудот е да се прикажат тераписките модалитети при третман на опсесивно – компулсивно (ОК) растројство. Иако ССРИ се главен избор во третманот на ОК-растројството, искуството покажа дека повеќето од дијагностицираните пациенти се резистентни на монотерапија. Невролептичната аугментација покажува значителни резултати во третман на резистентните форми на ОК растројство. Истото се потврдува во студијата во која биле вклучени 15 пациенти со ОК-растројство. Кај 11 од вкупно 15 пациенти се добил позитивен одговор по вклучувањето на ниски адјувантни дози на атипичен антипсихотик Olanzapine.

*24.КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДЕПРЕСИЈА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ШИЗОФРЕНИЈА*

Бабинкостова З. Стефановски Б. Самарџиска В. Манојловска М. Арсова С. ***Филипче А.***

IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, .Охрид, 2009, Книга на апстракти стр.96.

Целта на трудот е да се укаже на сигнификантната разлика меѓу депресивните симптоми видени кај примарното депресивно растројство од истите тие симптоми видени кај хроничното шизофрено растројство, што е потврдено со фактор на анализа која покажал селективни супсетови на симптоми кои клинички серазликуваат кај двете групи пациенти.

*25.ПРОЦЕНКА НА КОГНИТИВЕН СТАТУС ПРЕД И ПОСЛЕ КОРЕКЦИЈА НА АНТИПСИХОТИЧНА ТЕРАПИЈА*

Манојловска М, Стефановски Б, Костовски Д, ***Филипче А*** Бабинкостова З.

IV Македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество. Охрид, 2009, Книга на абстракти стр.97

Студијата укажува на влијанието на квалитетот и дизајнот на психофармаколошка терапија кај пациенти со шизофренија и нејзиното влијание на когнитивното и глобалното функционирање. Станува збор за студија на случај на пациент со параноидна шизофренија третиран со анксиолитична и антипсихотична терапија во високи дози кои довеле до значително нарушување во когнитивното функционирање потврдено и со психолошка експлорација (интервју, Mahover – test, Weksler belvi (WB form II) батерија за проценка на интелигенција, , MMPI – инвентар на личност), како и акстрапирамидна симптоматологија. После корекција на истата следи битно подобрување во когнитивното функционирање, особено на план на внимание и концентрација и подобрување на целокупното психолошко и социјално функционирање и разлика помеѓу првичната и повторената психолошка егзаминација во смисла на предходно наведеното

## *Д-р Анета Спасовска Трајановска mr.sci*

***Биографски податоци***

Д-р Анета Спасовска Трајановска е родена на 2.10.1965 година во Куманово, каде што го завршила основното и средно образование со одличен успех. Во учебната 1984/85 се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје, а го завршила во мај 1990 година со просечен успех 8,2.

Од 1991 година е вработена во ЈЗУ Психијатриска болница - Скопје.

Во 1998 година ја заврила специјализацијата по психијатрија и се стекнала со звањето специјалист психијатар. Од 1998 година, па сѐ до сега работи во Центарот за превенција и третман од злоупотреба на психоактивни супстанции воКисела Вода, а од 2004 година е шеф на Отсекот за психосоциотерапија во Дневната болница за метадонски третман.

Одлично го владее англискиот јазик, а пасивно се служи и со италијанскиот јазик.

***Стручно-апликативна дејност***

Кандидатката имала едукација од областа на семејната психотерапија во текот на 2002-2006 година (Хелиомедика) кај проф. Д-р М. Ралева и прим. Д-р С.Гајдаѕиc Кнежевиќ, при што се стекнала со звањето семеен советувач, како и едукација од когнитивно бихевиорална терапија во траење од 260 часа кај проф. Петар Арсов, Бугарија.

Работела на проектот финансиран од „Глобал Фонд" за превенција и треман на злоупотреба на психоактивни супстанции, како и превенција на ХИВ/СИДА. Во склоп на овој проект учествувала активно во децентрализација на метадонската програма во Р. Македонија и е супервизор на метадонските центри во Битола и Куманово. Учествувала и како едукатор на голем број работилници одржани во склопт на овој проект.

***Научноистражувачка дејност***

Во 2009 година го одбранила магистерскиот труд под наслов: *Влијание на хероинот врз нивото на катехоламинскиот метаболит (ванил-манделична киселина)во урина кај хероински зависници,* под менторство на доц. д-р Викторија Вујовиќ и се стекнала со звањето магистер на медицински науки.

Активно учествувала со своите стручни, научни и едукатвни активности како во матичната установа така и на бројните семинари и конгреси во земјата и во странство. Но, посебно внимание во својата клиничка практика и истражувачка работа ѝ посветила на дијагностиката и терапијата на зависност од психоактивни супстанции.

Автор и коавтор е на повеќе презентирани трудови на конгреси и конференции во земјата и автор е и на два прирачника за влијанието на хероинот врз младите индивидуи, како и нивните семејни релации.

***Трудови кои се приложени за рецензија за избор на асистент***

*1.ЗАСТАПЕНОСТ НА БРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА И НИВНОТО ПОТОМСТВО КАЈ НОВОПРИМЕНИ ПСИХОТИЧНИ БОЛНИ ВО ПЕРИОДОТ (1990-1994) ВО ДНЕВНАТА БОЛНИЦА ЗА ПСИХОЗИ СКОПЈЕ*
***А.Спасовска Трајановска***, Б. Костовски.
Прв конгрес на лекарите-психијатри на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, , 1995, Зборник на резимеа 28.
Целта на истражувањето на овој труд е да се согледа обемот на формираните брачни заедници и нивното потомство, кај новопримени психотични болни во Дневната болница за психози -Влае, ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје", Скопје. Користена е аналитичка ретроспективна студија за период од последните пет години (1990-1995). При тоа е добиен податок дека 45% од испитаниците засновале брачна заедница, а кај 41% се бележи и нивно потомство. Добиените резултати не се за занемарување со оглед на тоа што психијатриските заболувања се најчесто генетски детерминирани, при што се отвора едно сериозно прашање во медицината со многу тежок одговор - како да се надмине оваа појава.

*2.INFLUENCE OF DRUG USE HISTORY ON THE EFICACY OF METHADONE MAINTENANCE TRETAMEN*
L. Ignjatova, ***A. Spasovska Trajanovska***
1 Adriatic drug addiction, conference, tretament, harm reduction and Rehabilitation 2003, Porec, R Hrvatska. Abstract 079.
Во студијата се обработени 60 пациенти - хероински зависници поставени на метадонски третман (ММТ), поделени во две групи: 30 пациенти со добар одговор на ММТ и 30 пациенти со лош одговор ма ММТ. При тоа добиените резултати со АСИ- тестот укажале дека времетраењето на хероинската зависност пред третманот влијае врз исходот на ММТ. Имено пациентите со

добар одговор во ММТ се со пократок стаж на хероинска злоупотреба пред третман во однос на пациентите кои дале лош одговор на метадонскиот третман. Така, метадонскиот третман, според оваа студија, би бил поефикасен доколку имаме рана детекција на зависноста, а со тоа и навремено администрирање на метадонската терапија.

*3.ВЛИЈАНИЕ НА ТРЕТМАНОТ СО МЕТАДОНСКО ОДРЖУВАЊЕ ВРЗ КРИМИНОГЕНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА ЗАВИСНИЦИТЕ ОД ОПИЈАТИ*

Н. Алексова, Л.Игњатова. ***А.Спасовска Трајановска***, А. Здравевска.

Трет конгрес на лекари - психијатри на Р.Македонија со меѓународно учество, Охрид, , 2004, Зборник на резимеа 49.

Целта на ова истражување е да се испита влијанието на метадонското одржување врз криминогеното однесување на лица зависни од опијати. Во студијата биле вклучено 30 машки пациенти кои се на метадонски третман, при што преку користење на нестандардизиран прашалник и АСИ-тест е добиена статистички значајна разлика во однос на криминогените дејства пред третманот и за време на метадонскиот третман.

*4.ПСИХОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛИЧНОСТА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО РАЗЛИЧЕН ОДГОВОР НА ТРЕТМАН СО МЕТАДОНСКО ОДРЖУВАЊЕ*

Л. Игњатова, С. Кнежевиќ Гајдаѕиc, ***А. Спасовска Трајановска***, Н.Пачовска

Трет конгрес на лекарите - психијатри на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, , 2004, Зборник на резимеа 51.

Во студијата биле вклучени 60 пациенти -хероински зависници поделени во две групи од 30 пациенти со добар одговор на метадонскиот третман и 30 пациенти со лош одговор на метадонскиот третман. Притоа, преку ММПИ - тестовите не е добиена статистички значајна разлика во психолошките карактеристики помеѓу двете испитанички групи.

*5.УПОТРЕБА НА ДРУГИ СУПСТАНЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ ВО МЕТАДОНСКА ПРОГРАМА НА ОДРЖУВАЊЕ*

Л.Игњатова, С. Кнежевич Гајдаѕиc, ***А. Спасовска Трајановска***, Н.Алексова.

Трет конгрес на лекарите - психијатри на Р.Македонија со меѓународно учество, Охрид, , 2004, Зборник на резимеа 52.

Во студијата која е работена на 160 пациенти -хероински зависници поставени на метадонска програма добиените резултати преку нестандардизиран прашалник укажале дека кај 11 пациенти е присутна само злоупотреба на тутун, кај 154 - бензодиазепини, кај 108 - алкохол, кај 101 - хероин, кај 99 - марихуана, кај 64 - кокаин, кај 24 - екстази, кај 14 испитаници амфетамини, а кај 12 - друга психоактивна супстанција.

6. ЕФикасноста на рисперидонот во намалување на интравенската злоупотреба на психоактивни супстанции кај пациенти на метадонски програма на одржување

**А.Спасовска Трајановска**, Л. Игњатова.
Трет конгрес на лекарите - психијатри на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, , 2004, Зборник на резимеа 56.
Во студијата, авторите обработиле 30 пациенти кои дале слаб одговор на метадонската терапија (присутна интравенска злоупотреба на други психоактивни супстанции за време на третманот), но со примената на невролептикот рисперидон кај 80% од пациентите се бележи редукција на злоупотребата на други психоактивни супстанции а со тоа и ефикасност од применета на рисперидонот во третманот кај овој вид на хероински зависници. Оваа состојба се должи како што објаснуваат авторите на влијанието на рисперидонот врз спречувањето на опсесивно-компулсивните дејства – игломанијата, како и ефектот на Д2 - рецепторот кој доведува до стабилизација на нивото на допаминот.

*7.СТЕПЕН НА ИЗРАЗЕНА ДЕПРЕСИЈА И АНКСИОЗНОСТ КАЈ ЗАВИСНИЦИ ОД ХЕРОИН КОИ СЕ ТРЕТИРАНИ СО РАЗЛИЧНИ ПРОГРАМИ*
А.Здравевска, Л. Игњатова ***А.Спасовска Трајановска***, Н. Алексовска.
Трет конгрес на лекарите - психијатри на Р. Макдеонија со меѓународно учество, Охрид, 2004, Зборник на резимеа 58.
Целта на овој труд била да се испита степенот на изразеност на депресијата кај 30 пациенти кои се на метадонски третман и кај 30 пациенти на детоксикација без метадон. При тоа, добиените вредности на Цунговата скала на анксиозност и Цунговата скала на депресивност биле повисоки кај пациентите поставени на третман на детоксикација без метадон. Според студијатата, метадонската терапија влијае врз намалувањето на анксиозноста и депресивноста.

*8.INFLUENCE OF HEROIN ABUSE ON URINE VANILMANDELIC ACID LEVEL IN HEROIN ADDICTS*
***A.Spasovska Trajanovska***, L. Ignjatova, N. Aleksovska
2 ND Seea symposium on addictive biheviors (new trends in substitucional tretmants.) Maj , 2005 K. Gora. R. Slovenija. Abstract 045
Во ова истражување било споредувано нивото на ванил-манделична киселина помеѓу 20 испитаници - хероински зависници и 20 испитаници кои ја сочинувале контролната група. Инаку уринарното ниво на ванил-манделичната киселина било одредувано според стандардна метода во клиничка лабораторија. Притоа добиените резултати со Студентов т-тест укажале на сигнификантно повисоки вредности на уринарното ниво на ванил-манделична киселина кај хероинските зависници во однос на здравата популација.

*9.РИЗИЧНО ПОНАШАЊЕ И ИНФЕКЦИЈА ИЗАЗВАНА ВИРУСА ХЕПАТИТ Ц КОД ПАЦИЕНТА НА МЕТАДОНСКОМ ПРОГРАМУ НА ОДРЖАВАЊЕ*
Н. Алексова, Л. Игњатова ,***А. Спасовска Трајановска***

2 ND Seea symposium on addictive biheviors(new trends in substitucional tretmants.) Maj ,2005 K. Gora. R. Slovenija. Abstract 044

Целта на истражувањето е да се одреди поврзаноста помеѓу ризичното однесување кај пациенти со Дг: Ф;11.2 со инфекцијата на вирусниот хепатит Ц. При тоа кај 125 пациенти е добиено дека ризичното однесување е застапено кај 65% од испитаниците, додека, пак, од пациентите со ризично однесување присутноста на хепатит Ц е застапена кај 54,4%.

*10.MULTIPLE DUGS USE NAD VARIOUS DRUG COMBINATIONS AMONG METHADONE MAINTENANCE PATIENTS.*

L.Ignjatova, ***A. Spasovska Trajanovska***, N. Aleksova

2 ND Seea symposium on addictive biheviors (new trends in substitucional tretmants. Maj), 2005 K. Gora. R. Slovenija. Abstract 046

Во студијата била одредувана преваленцијата на злоупотреба на други психоактивни супстанции во последните три месеци од третманот кај 102 пациенти поставени на метадонска програма на одржување. При тоа, добиените резултати укажале дека алкохолот и бензодиазепините се со висока преваленција во оваа испитаничка група - 27,5% за алкохол и 25,5% за бензодиазепине, додека присуство на други психоактивни супстанции не се бележи во послените три месеци од третманот кај испитуваната група.

*11.MEDICATION ASSISTED TRETMANT OF OPIATE ADDICTION IN THE REPABLIC OF MACEDONIA*

L.Ignjatova, I. Orana,S. Gramov, ***A. Spasovska Trajanovska***, N. Aleksova.

4 South east european addiction network symposium . Oct, 2007 Saraevo Bosnia and Hercegovina Abstract 063

Според студијата, во Р. Македонија постои единствено супституционен третман со метадон за опијатната зависност. Актуелно во земјава постојат 8 метадонски центри, но најголем проблем има во главниот град каде што не можат да бидат опфатени сите, односно опфатени се само 10% од хероинските зависници и постои листа на чекање. Најчести проблеми со кои се срекаваат е слаб одговор на метадонската терапија.Така кај 45% од 160 испитаниците - пациенти поставени на метадонска програма се бележи слаб одговор на метадонскиот третман. Овој проблем постојано е согледуван од стручниот тим и е работено на него со цел подобрување на квалитетот на лекувањето.

*12.EFFECTIVENESS OF FAMILY SUPPORT IN METHADONE MAINTENANCE PATIENTS*

***Spasovska Trajanovska***, A. Zdravevska

4 th South east european addiction network symposium . Oct, 2007 Saraevo Bosnia and Hercegovina Abstract 065.

Во студијата биле опфатени 30 пациенти поделени во две испитанички групи од по 15 пациенти - хероински зависници поставени на метадонска програма на лекување со семен супорт и без семеен супорт. Кај сите пациенти бил одредуван одговорот на метадонскиот третман преку честотата на

интравенска злоупотреба како и уринарните скринизи на психоактивни супстанции, додека семејниот супорт бил детерминиран преку нестандардизирано клиничко интервју. При тоа добиените резултати со т-тест укажале дека постојат значајни разлики во одговорот на метадонската програма помеѓу испитуваните групи. Пациентите со семен супорт дале и подобар одговор на метадонската терапија.

*13. ASCORBIC ACID (VITAMIN C) EFFECTS ON WITHDRAWAL SYNDROME OF HEROIN ABUSERS*

***A.Spasovska Trajanovska***, O. Subotin Popovska.

The first world conference on medication assisted treatment of opiate addiction. Juli, 2007, Ljubljana R. Slovenia Abstract 008.

Во трудот авторите обработиле две групи од по 20 пациенти - хероински зависници поставени на детоксикациона програма со конвенционална терапија (невролептична, антидепресивна, анксиолитична, поливитаминска терапија), во едната група биле вклучени високи доза на витамин Ц, а во другата не. Притоа добиените резултати со т-тест во трудот укажале дека подобар ефект во справувањето со апстиненцијалната криза се добива кај пациентите кај кои освен конвенционалната терапија биле вклучени и високи дози на витамин Ц (ваквиот резултат, според авторите, најверојатно се должи на сознанието дека витаминот Ц учествува во зголемената продукција на некои ендогени ендорфини, на тој начин ублажувајќи ја жестоката апстиненцијална криза).

*14.EFFECTIVENESS BETWEEN SERTRALINE AND PAROXETINE IN REDUCE OPIOIDE USE AND DEPRESSIVE SYMPTOMS ON EARLY ABSTINENCE FROM OPIOIDS DRUGS*

***A.Spasovska Trajanovska***, O. Subotin Popovska.

The first world conference on medication treatment of opiate addiction. Juli, 2007 Ljubljana R. Slovenia. Abstract 009.

Во студијата авторите вклучиле две испитанички групи од по 20 пациенти - хероински зависници поставени на конвенционална терапија, но во едната група бил вклучен антидепресив сертралин, а во другата пароксетин. Резултатите укажуваат на присуство на поблага апстиненцијална и депресивна симтоматологија во испитаничката група на пациенти поставени на табл. серотонин. Ваквиот тераписки учинок како што објаснуваат и самите авторите автори, најверојатно се должи на селективното дејство на серотонинот врз допаминскиот cсстем, кој воедно доведува до ублажување на симтоматологијата на раната апстиненцијална криза.

*15.EFFECTIVENESS OF RISPERIDON ON WITHDRAWAL SYNDROME OF HEROIN ABUSERS*

***A.Spasovska Trajanovska***. O.Subotin Popovska.

The first world conference on medication treatment of opiate addiction. Juli, 2007 Ljubljana R. Slovenia. Abstract 010

Во студијата авторите вклучиле две испитанички групи на пациенти - хероински зависници поставени на конвенционална терапија, но во едната група е вклучен невролептик рисперидон, а во другата - празин. Подобро разрешување на апстиненцијалната криза е добиена кај групата на пациенти поставени на терапија со табл. рисперидон. Ваквиот добиен резултат авторите го објаснуваат со селективното дејство на рисперидонот врз Д2 - рецепторот за кој се смета дека има голем удел во ублажувањето на апстиненцијалната криза.

*16.URINE CATECHOLAMINE LEVELS DURING HEROIN WITHDRAWAL*
***A.Spasovska Trajanovska.***
The Eurpad conference on medication treatment of opiate addiction. Maj, 2008 Sofia R. Bulgaria. Abstract 014
Целта на авторката во оваа студија е да се прикаже улогата на locus cereluleus (зголемена продукција на катехоламини) во механизмот на настанување на апстиненцијалната криза при опијатната зависност. Споредувано е уринарното ниво на катехоламинините кај здрава популација и кај испитаничка група на пациенти-хероински зависници кои се втор ден во апстиненцијна криза, кога всушност таа е најжестока. Резултатите добиени со т-тест укажуваат на енормни повисоки вредности на катехоламините кај пациенти во апстиненцијална криза во однос на здравата испитаничка група.

17.ВЛИЈАНИЕ НИВОТО НА ХЕРОИН ВРЗ КАТЕХОЛАМИНСКИОТ МЕТАБОЛИТ (ВАНИЛ-МАНДЕЛИЧНА КИСЕЛИНА) ВО УРИНА КАЈ ХЕРОИНСКИ ЗАВИСНИЦИ
**А.Спасовска Трајановска**
Магистерски труд, 2009.

Во магистерскиот труд биле обработени три испитанички групи од по 20 пациенти со дијагноза Ф.11,2. Првата група ја сочунувале 20 испитаници - хероински зависници јавени во амбулантата во Центарот за третман и превенција од психоактивни супстанции во К. Вода. Втората група ја сочинувале пациенти - хероински зависници во ден во детоксикационата програма кога имаме и најака апстиненцијална криза. Третата испитаничка група се состоела, пак, од пациенти по десеттиот ден од третманот кои биле во фаза на апстиненција -состојба без присуство на хероин во организмот. Кај сите три испитанички групи било одредувано нивото на ванил-манделична киселина преку стандардна метода во клиничка лабораторија. При тоа, добиените резултати укажале на највисоко ниво на ванил - манделична киселина - катехоламински метаболит кај пациентите во јака апстиненцијална криза во однос на другите испитувани групи.

18.*KOMORBIODITET SA PSIHICKIM RASTROSTVIMA KOD OPIJATNIH OVISNIKA U METADONSKOM PROGRAMU*
N. Kirkova, L. Ignjatova, ***A. Spasovska Trajanovska***, N. Aleksovska

6 th Seea symposium od addictive behaviors Maj, 2009, Budva, Montenegro Abstract 075

Целта на овој труд била да се согледа процентуалната застапеност на психичките коморбидни состојби кај 165 пациенти поставени на метадонска програма на лекување, при што е користена ретроспективна студија од две години (2006-2008). Добиените резултати укажуваат дека кај оваа испитаничка група афективните растројства се застапени со 1,82%, додека со ист таков процент 1,82% се застапени и транзиторните афективни растројства. Баквите податоци, според авторите, не се совпаѓаат со податоците од литературата што зборува за недоволно дијагностицирање на овие коморбидни состојби.

*19.CO- COMORBIDITET OF PERSONALITY DISORDERS IN OPIATE ADDICTS*
O. Subotin Popovska, N. Pacovska, ***A. Spasovska Trajanovska***
6 th Seea symposium od addictive behaviors Maj, 2009, Budva, Montenegro Abstract 062.

Во проспективната студија во траење од две години биле опфатени 80 пациенти - хероински зависници поставени на детоксикационен третман. Со помош на Хамилтоновата скала за депресија и преку MMPI кај 61,25% од испитаниците било дијагностицирано растројство на личноста. Кај нив бил забележан и ран почеток на хероинска злоупотреба, како и полош одговор на третманот, во однос на оние испитаници-хероински зависници кај кои не била присутна оваа коморбидна состојба.

***Трудови печатени во стручни списанија***

*20.VLIJANIE NA ISTORIJATA NA UPOTREBA NA DROGA VRZ EFIKASNOSTA NA TRETMANOT SO METADONSKO ODRZUVANJE*
L. Ignjatova. ***A. Spasovska Trajanovska***.
Acta Morphologica 2007; Vol 4(1):49-5

Целта на трудот е да се согледа влијанието на факторите поврзани со историјата на употреба на дрога (возраст на прва употреба на дрога, должина на употреба на хероин, начин на употреба на хероин, должина на интравенска злоупотреба на хероин и други психоактивни супстанции) при прием во третман со ефикасноста на метадонската терапија. Во студијата биле вклучени две групи од по 30 пациенти, едни со добар, а други со лош одговор на метадонскиот третман. Резултатите добиени преку стандардизиран инструмент - индекс на јачина на зависност, укажуваат на значајна разлика помеѓу испитуваните групи. Значи, според авторите, факторите поврзани со историја на употреба на дрога пред приемот во третманот имаат влијание врз ефикасноста на метадонската терапија.

*21..USE OF SERTRALINE IN DEPRESSED METHADONE MAINTENANCE PATIENTS*
***A.Spasovska Trajanovska***, Z. Mitic.
Heroin addiction and related clinical problems. Vol 10, no 2 June 2008

Авторите во оваа студија објаснуваат дека кај пациентите - хероински зависници што се поставени на метадонска програма на одржување, честа коморбидна состојба е депресивната симтоматологија. Во оваа студија работена на 20 испитаници - пациенти поставени на метадонска терапија со депресивна симптоматологија е согледана ефикасноста од примената на сертралинот по шестмесечен третман преку скоровите на Бековата скала на депресивност. При тоа, добиените резултати укажуваат на ублажување, односно редуцирање на депресивната симптоматологија кај овие испитаници со примената на сертралинот.

22..*АНКСИОЗНИ СОСТОЈБИ КАЈ ХЕРОИНСКА ЗАВИСНОСТ*
***А.Спасовска Трајановска***, Д. Јаничевич.
Psychoacta Vol3-no 2,2009
Во студијата се вклучени две групи на испитаници – пациенти, хероински зависници, поставени на детоксикационен третман по вториот ден од третманот и по десеттиот ден од третманот. Резултатите добиени преку т-тест со мерење на анксиозноста со Цунговата скала за анксиозност укажуваат на значајно повисоки вредности на скоровите на анксиозност кај пациентите кои се втор ден на третман во јака апстиненцијална криза во споредба со пациентите по десеттиот ден од третманот. Ваквиот резултат, според авторите, се должи најверојатно на високото ниво на катехоламините вториот ден од третманот кои го детерминираат и високиот скор на анксиозноста.

23..*ДЕПРЕСИВНА СИМТОМАТОЛОГИЈА ВО ФАЗА НА АПСТИНЕНЦИЈА КАЈ ХЕРОИНСКИ ЗАВИСНИЦИ ПОСТЕВНИ НА ДЕТОКСИКАЦИОНЕН ПРОГРАМА*
***А Спасовска Трајановска***, Д. Јаничевич.
Medicus 2009 Vol XI (1):36-41.
Во студијата кај која се опфатени 20 пациенти - хероински зависници во фаза на апстиненција (состојба без супстанција во организмот - по десет дена од третман), авторите добиле статистички значајни разлики во вредностите на скоровите на Бековата скала на депресивност во однос на хероинските зависници кои воопшто не биле подложни на третман. Ваквиот резултат најверојатно се должи, како што објаснуваат и самите автори, на падот на нивото на катехоламините во фазата на апстиненција од опијати, односно постоење на т.н. Syndrom na anhedonija, поради што е неоходна примена на антидепресивна терапија, кај дел од пациентите во оваа фаза од лекувањето.

24.*THE IMPORTANCE OF VANILLYLMANDELIC ACID DETERMINATION IN OPIATE USERS*
D. Janicevic Ivanovska, ***A. Spasovska Trajanovska***, B. Stefanovski.
Journal of medical biochemistry. Vol 28 –No 3, 2009.
Ова истражување укажува на важноста од одредување на уринарното ниво на ванил - манделична киселина кај опијатни зависници во детерминирање на одредени фази на опијатната зависност како и адекватно тераписко

делување. Во студијата се опфатени 3 испитанички групи од по 20 испитаници. Првата група ја сочинуваат хероински зависници- на уличен хероин, втората група - хероински зависници на третман - во апстиненцијална криза и третата група - зависници во апстиненција по завршување на третманот. Добиените вредности на уринарното ниво на ванил-манделична киселина (ВМА) добиени според стандардна метода во клиничка лабораторија укажуваат дека се тие највисоки кај пациентите во апстиненцијална криза - статистички сигнификантни во однос на уринарните ниво на ВМА кај хероинските зависници на уличен хероин и хероински зависници во апстиненција.

## Д-р Виктор Исјановски, mr.sci

***Биографски податоци***

Роден е во Скопје, на 21.7.1978 година. Основното и средното медицинско училиште ги завршил со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1997/98 година, а го завршил во јуни 2003 година со просечна оценка 8,5.

Во текот на студиите активно учествувал во истражувачката работа на студентите по медицина.

За време на студиите, во периодот јануари-февруари 2000 година, престојувал на Универзитетот во Мајами- Калифорнија, САД.

Во 2004 година се вработил во Казнено-поправната установа "Идризово".

Во 2006 година се вработил во ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје" во Скопје. Во 2009 година ја завршил специјализацијата по психијатрија.

***Научноистражувачка дејност***

Постдипломските студии на Медицинскиот факултет во Скопје ги завршил со просечен успех 10 и во 2007 година го одбранил магистерскиот труд под наслов: **УЛОГАТА НА НЕКОИ РИЗИК - ФАКТОРИ ВО ЕТИОПАТОГЕНЕЗАТА НА ШИЗОФРЕНИЈАТА** под менторство на проф. д-р Георги Чадловски и се стекнал со звањето магистер на медицински науки.

Учесник е во два проекта, EUROHIS-СЗО (field testing), каде што учествувал во тестирањето на седум индикатори меѓу кои и "ментално здравје". Зел активно учество и во скрининг - тестирањето на популацијата во Р.Македонија за заразната жолтица, тип Ц.

***Стручно-апликативна дејност***

Во моментов д-р Виктор Исјановски е на работно место во Центарот за ментално здравје "Пролет" и се залага за современиот третман на менталните растројства ориентиран кон заедницата.

Резултат на неговата стручно-апликативна дејност се трудовите како автор и коавтор презентирани на конгреси и стручни состаноци во земјата и во странство.

Го владее англискиот јазик, а се служи пасивно и со францускиот.

*Трудови кои се приложени за рецензија за избор за асистент*

*1.ЕПИДЕМИОЛОШКА-СТАТИСТИЧКА ЕВАЛУАЦИЈА НА КЛИНИЧКОТО ИСПИТУВАЊЕ НА ЛАМОТРИГИН ВО КОМПАРАЦИЈА СО ЛАМИКТАЛ ТАБЛЕТИ*
Исјановска Р., Цонов И., Пасху М., ***Исјановски В.***
Зборник, III конгрес на неврологите на Р Македонија со меѓународно учество,Мак. мед преглед, супл. 61, година 58, 2004. стр. 102-103.
Од страна на авторите е направена споредбена студија помеѓу два лека. ламотригин(ламал) и ламиктал во клинички услови, за нивната успешност во секојдневната практика во лекувањето на епилепсијата и мигрената. Клиничкото испитување од страна на коавторите е потврдено со негова епидемиолошка-статистичка евалуација.

*2.EUROHIS-DEVELOPMENT OF A COMMON INSTRUMENT FOR USE OF PREVENTIVE HEALTH CARE IN R MACEDONIA*
Isjanovska R., Zdravkovska M., ***Isjanovski V.***
II Hrvatski Epidemioloski Kongres, 2005, p.148.
Трудот произлегува од проект - студијата EUROHIS, спроведена во Р.Македонија, а поддржана од СЗО. Еден дел од проектот, т.е. еден од испитуваните индикатори е користењето на превентивната медицина во Р.Македонија. Стапката на морбидитет и морталитет може да биде намалена со помош на спроведување на превентивни прегледи и здравствена промоција, со што би се намалила здравствената грижа како и економско-социјалниот ефект на заболувањето. Постоењето на ваква дата - база претставува важен елемент во развивањето на политиката на превенцијата на национално ниво. Најчеста превентивна мерка која им се нуди на лицата под ризик, хронично заболените и возрасните е вакцинацијата од инфлуенца од страна на матичните лекари кои одговориле со ДА, 28%. Од хроничните заболувања најчесто се мери крвниот притисок-86%, а 96% го мерат секоја втора недела. Во однос на контролата на холестеринот, населението не е инволвирано во ниедна превентивна програма. Превентивата има најголем успех во скринингот на карцином на дојката и карциномот на цервиксот на матката (23-36%).

*3.EUROHIS FIELD TEST-CHRONICAL PHYSICAL CONDITIONS IN R OF MACEDONIA*
Isjanovska R., Zdravkovska M., Stefanska V.V., ***Isjanovski V.***,Badeva L., StoilovaS.
XXXVIII Dani Preventivne Medicine, Nis, 2004,str 121-123.
Трудот произлегува од проект - студијата EUROHIS, спроведена во Р.Македонија, а поддржана од СЗО. Еден дел од проектот, т.е. еден од испитуваните индикатори се хроничните заболувања во Р.Македонија. Хроничните заболувања се најрелевантниот фактор за квалитетот на живеење, посебно кај возрасните и се главна причина за хоспитализација.

Авторите спроведуваат теренско испитување, примерокот е случајно избран, тестирани се оние од домаќинствата кои имаат први роденден и користен е методот на тестирање "face-to-face". Вкупната преваленца што ја регистрирале авторите изнесувале 21,67%. Регистрирана е висока преваленца на хронични заболувања кај жените - 70,8% и на возраст над 40 години - 60,8%. Највисока преваленца од 29,2% е за артритис/атроза. Кај 90% од анкетираните, дијагнозата на хроничното заболување е поставено од матичниот лекар. Околу 73% од анкетираните кои имаат хронично заболување се под терапија (мин.-38,5%-cataract и макс-100%-срцеви заболувања и мозочни удари). 58% од хронично заболените имале проблем во последните 12 месеци (мин.25%- срцеви заболувања и мозочни удари и макс.-88,7%- мигрена и главоболки). Според авторите, со HIS-от се отвараат нови пристапи во работата на здравствениот информативен систем.

4.*PREVALENCE OF VACCINE PREVENTABLE DISEASES IN MACEDONIA DURING 1998-2004*

Isjanovska R., ***Isjanovski V.***, Zdravkovska M.

The seventh international symposium of immunization programs, 2005, p. 24-25.

Measles, Mumps, Rubella, Pertussis, Diphtheria и Tetanus се заразни заболувања кои се пријавуваат и се вакцинопревентабилни. Овие заболувања се дел од националната имунизациона програма. Вакциналната покриеност на овие заболувања е висока и се движи 95-98% за MMR-вакцина и за Pertussis, Tetanus во комбинација со Diphtheria. Но и покрај спроведената превенција, спорадични случаи се регистрираат на национално ниво. Во испитуваниот период 1998-2004 се регистрира Measles 1, 9/100000 жители, Mumps11, 8/ 100 000 Rubella 4,5/100.000; Pertussis 0, 5/100.000 и Tetanus- само 7 случаи за седум години. Не е регистриран ниту еден случај на Diphtheria. Највисока инциденца се регистрира од Measles -1998-4,5/100.000; Peruses - 2000.-1/100.000; Mumps - 2000 - 22/100.000 и Rubeolla -1998-9,5/100.000. Најниска инциденца се регистрира во 2004- Measles-0,45/100.000; Pertussis.-0,05/100.000; Mumps-3,45/100.000 и Rubella-1,65/100.000. Вакцинопревентабилните заболувања покажуваат тренд на опаѓање.

5.*СТАВОВИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ФИЗИЧКАТА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦАТА*

Исјановска Р., Ралева М., ***Исјановски В.***

III конгрес по превентивна медицина на Македонија, Зборник на резимеа Охрид, , 2006, стр.68-69.

Во ова истражување, авторите обработуваат група професионални работници кои се во секојдневен контакт со деца, со це тие да ги претстават своите искуства, ставови и мислења во однос на различните аспекти на начините на кои родителите се однесуваат спрема децата, и како го вреднуваат системот за помош на децата што се жртва на злоупотреба во своите земји. Во анкетирањето се опфатени 10 училишта со по 25 наставници. Просечно 53,7% во земјата сметаат дека родителите ги тепаат со рака, 53,% сметаат дека родителите вербално ги понижуваат, а само 8,6% сметаат дека

децата се сексуално злоупотребени. 83,6% од испитаниците сметаа дека децата не треба да се плашат од родителите и дека стравот носи послушност и почит. 74,6% сметаат дека строгиот однос на родителите не го прави детето поцврсто и не го подготвува поефикасно да се справи со тешкотиите и оти ваквиот однос во основа не е корисен за детето. Во однос на ставот дека секое дете припаѓа на родителите и само тие решаваат како ќе го воспитуваат, испитаниците се поделени подеднакво. Став на испитуваните наставници - 78,3% е дека телесното казнување на децата треба да се забрани со закон, но зачудува дека 5% од нив немаат став. 9% од испитаниците сметаат дека телесното казнување не е понижување, туку нормален метод при воспитувањето, а 11% немаат став. 10% сметаат дека телесното казнување на децата е добар метод при воспитувањето како и останатите, а 12% немаат став. Зачудува големиот процент над 10% кај наставниот кадар кој се уште го одобрува телесното казнување на децата.

*6.EUROHIS- DEVELOPMENT OF A COMMON INSTRUMENT FOR USE OF MEDICINES IN R MAKEDONIJA*

Isjanovska R., Zdravkovska M., ***Isjanovski V.,*** Zafirova B., Pavlovska I., Danilovska B., Tausanova B., Danilovska D., Orovcanec N., Stefanovska V.V.

XL Dani Preventivne Medicine, Nis, 2006, стр.94.

Трудот произлегува од проект - студијата EUROHIS спроведена во Р.Македонија, а поддржана од СЗО. Еден дел од проектот, т.е. еден од испитуваните индикатори е во однос на користењето на лековите во Р.Македонија. Авторите тестирале 600 лица над 16 години, при што откриваат дека жените се поголеми корисници на лекови -66% во однос на машкиот пол-57%, и пропорцијата на корисници се зголемува со зголемување на возраста. Оралните контрацептиви и менопаузалните хормони се најчесто користените медикаменти кај женскиот пол. Жените почесто користат лекови кои не се на позитивната листа - 49%, во однос на мажите - 49%. Образованието не покажува корелација со користењето на медикаментите. На врвот на листата од медикаментите авторите добиваат дека најчесто користени лекови се антихипертензивните и различните аналгетици. Авторите заклучуваат дека EUROHIS тестирањето е важно во понатамошниот развиток на информативниот систем.

*7.УЛОГАТА НА НЕКОИ РИЗИК - ФАКТОРИ ВО ЕТИОПТОГЕНЕЗАТА НА ШИЗОФРЕНИЈАТА*

***Исјановски В.***

2007година, магистерски труд.

Авторот ја прикажува шизофренијата како една од најкомплексните од сите ментални заболувања. Докажува дека не постои единствена позната причина одговорна за појавата на шизофренијата. Многу фактори - генетски, перинатални и околината играат улога во развојот на ова ментално заболување, нема единствена позната причина одговорна за појавата на шизофренијата. Во текот на своето испитување авторот успева да ја докаж мултикаузалноста во етиопатогенезата. Ризик - фактори кои ги обработува

се фамилијарната историја, пренаталното изложување на мајката на вирусни инфекции, улогата на стресот за време на бременоста, консумирањето на канабис во адолесценцијата, социо-економскиот фактор и Д-р

*8.ВИРУСНИТЕ ИНФЕКЦИИ - МОЖЕН РИЗИК - ФАКТОР ВО НАСТАНУВАЊЕТО НА ШИЗОФРЕНИЈАТА*

***Исјановски В.,*** Степановска Ј., Илиевски В.

III конгрес на инфектолозите на Македонија, Зборник на резимеа Охрид, , 2007, стр.154.

Материјал на предложеното проучување е клиничка серија која се состои од две групи каде што се опфатени хоспитализирани болни во Психијатриската болница "Скопје", 60 хоспитализирани болни со дијагноза - шизофренија и 60 со нешизофрени растројства, добиени по пат на стратификација. Во испитуваните групи шест мајки не родиле (четири од испитуваната и две од контролната). Процентуалната разлика што се јавува помеѓу испитуваната и контролната група во однос на заболување на мајката во време на бременоста во првите три месеци (28,6%и 10,3%) е статистички сигнификантно. Во текот на испитувањето, авторот регистрирал статистички сигнификантна зависност спрема регистрираната инфекција кај мајките на испитаниците за време на бременоста и заболувањето од шизофренија. Според вкрстениот однос, инфекцијата на мајката во првите три месеци на бременоста го зголемува ризикот за шизофренија од три пати. Мајките како болест која ја прележуваат во првите три месеци од бременоста наведуваат температура, настинка (грип ) и бронхитис

*9.СКРИНИНГ - ТЕСТИРАЊЕ ЗА ХЕПАТИТИС Ц ВО Р.МАКЕДОНИЈА*

Исјановска Р., Здравковска М., Зафирова Б., Таушанова Б., ***Исјановски В.*** Павловска И., Оровчанец Н., Стефановска В.В.

III конгрес на инфектолозите на Македонија, Зборник на резимеа, Охрид, 2007, стр.42.

Цел на авторите е спроведување на скрининг и откривање на можни инфицирани, кои понатаму се испраќаат на соодветни прегледи. Во првата половина на 2006 година, авторите спроведуваат 1831 тестирање со помош на скриниг - тест-Hexagon HCV (имунохроматографски брз тест за детекција на антитела за хуманите хепатитис Ц - антитела). При тоа се добиваат следните резултати: 36,2% се од машкиот и 63,8% од женскиот пол со просечна возраст 40 г. Кај сите тестирани, освен кај 0,45%, авторите регистрираат ризик - фактори за постоење на инфекција со ХЦВ: кај 58,2% се застапени хируршки или гинеколошки интервенции, 15%-тетоважа, 13,3%- трансфузија на крв пред 1995 година ит.н.Откриени се 28 лица, т.е. 1,5% позитивни од вкупно тестираните.

***10.****НАШИ ИСКУСТВА ВО ЛЕКУВАЊЕ НА ХЕПАТАЛНАТА ЕНЦЕФАЛОПАТИЈА(ХЕ)*

Зафировска Е., Мирчевска Д., Виденова В, ***Исјановски В.***

*13.LOW INCOME AND POVERTY POSSIBLE RISK FACTORS FOR SCHIZOPHRENIA*
***Isjanovski V.***, Mirchevska D., Zafirova E., Videnova V.
IV Македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, ММП, година. 63(супл.74), 2009, страна 36.
Авторите ја истакнуваат улогата на сиромаштијата како ризик - фактор во етиопатогенезата на шизофренијата. Во своето испитување тие добиваат дека сиромаштијата и немањето на финансиски средства како резултат на невработеноста е сигнификантен ризик кој ја зголемува шансата за регистрација на шизофренијата за шест пати. Истакнуваат дека лицата кои се зафатени со заболувањето почесто ја губат вработеноста, т.е. не се вработени (под 15% се вработени), имаат низок општествен статус. Ниските плати и сиромаштијата го зголемуваат ризикот за доцнење на дијагнозата и третманот; социјалниот стрес на ниските плати, сиромаштијата и финасиското ускратување поради невработеноста, се ризик - фактори кои шансата за појава на шизофренија ја зголемуваат дури 8 пати (OR=6,6 do OR=8,6) .

***14.****АКУТЕН ОРГАНСКИ ПСИХОСИНДРОМ ПРИ ТРЕТМАН СО КОРТИКОСТЕРОИДИ- ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ*
Зафировска Е., Мирчевска Д., Виденова В, Пејоска В., ***Исјановски В.***
IV Македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, ММП, година. 63(супл.74), 2009,стр.72.
Авторите даваат приказ на случај кој е примен на Интерното одделение при Психијатриската болница во Скопје, со психички промени кои настануваат 15 дена по парентерална примена на високи дози на Dexamethason. По приемот е прекината терапијата, а е воведена терапија со анксиолитици, антипсихотици и хипнотоици. По неколку дена настанува подобрување на состојбата т.е. се губи вознемиреноста, се воспоставува сонот, ја повратуваат критичноста и доѓа до редукција на психопатолошката содржина.

*15.НАЈЧЕСТИ ПСИХИЈАТРИСКИ ЕНТИТЕТИ ВО УРГЕНТНАТА ПСИХИЈАТРИЈА*
Мирчевска Д., Зафировска Е., Виденова В., Ќерими О.,***Исјановски В.***, Бошковска М.
IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, ММП, година. 63(супл.74), 2009, стр.98.
Цел на авторите е да се покажат најчестите психијатриски ентитети третирани на Женското одделение за ургентна психијатрија при Психијатриската болница во Скопје во текот на 2008 година. Авторите анализираат 130 истории на болести при што доаѓаат до заклучок дека во нивната практика најзастапени се́ шизофрените психози, потоа менталната ретардација и најмалку афективните психози.

**16.***CLOZAPINE- ОПТИМАЛНИ ДОЗИ ВО УРГЕНТНАТА ПСИХИЈАТРИЈА*

Виденова В., Мирчевска Д., Зафировска Е., ***Исјановски В.***
IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, ММП, година. 63(супл.74), 2009,стр.101.
Авторите во својот труд прават анализа на ефектот од Clozapine зависно од дозата. Испитувани се 30 пациентки од оделението за ургентна психијатрија при Психијатриската болница во Скопје, во тек на 6 месеци, третирани со дози 75-300мг дневно. Нивното испитување ги доведува до заклучок дека ефектот кај хебефренијата во агитираната фаза директно зависи од применетата доза. Заклучуваат дека дозирањето треба да се врши етапно, од помали кон поголеми дози со континуиран мониторинг на појава на евентуални несакани ефекти. Оптималниот тераписки ефект го постигнуваат со дози 250-300 мг дневно.

***Трудови печатени во стручни списанија:***

*17..EPIDEMIOLOGICAL STUDY OF BREAST CANCER IN THE R OF MACEDONIA*
***Isjanovski V.***, Lazarova A., Boshkovska K., Lazarova M., Janchevska E.
ESRF:2000, p.41.
Авторот во трудот ги дава основните епидемиолошки карактеристики на карциномот на дојката, како на неговата регистрација на територијата на Р. Македонија . Авторите заклучиле дека карциномот на дојката во однос на останатите карциноми кои се регистрираат кај женскиот пол е на второ место, се јавува најчесто на возраст по 40 година, подеднакво се регистрира кај жени кои раѓале и не, а во помал процент кај жени кои доеле.

***18.****TUBERCULOSIS IN MACEDONIA- NEW PUBLIC HEALTH INTRAVENTIONS AND CHALLENGE*
Isjanovska R., ***Isjanovski V.***
International journal of Infectious diseases, Volume 10, Supplement 1. 2006, ISSN 1201-9721, 12th ICID Abstracts , p.286.
Авторите податоците ги црпат од РЗЗЗ на Р.Македонија. Македонија е земја со средна инциденца од 20,05/100000 жители во 2000 година и 25,65/100000 во 2005 година. Сите случаи се клинички и лабораториски докажани. Во испитуваниот период се регистрирани 3384 случаи. Пулмоналната туберкулоза е кај 70%. 9,8% од заболените се родени надвор од Македонија, главно во соседните земји - Албанија, Србија и Косово. Туберкулозата кај заболените кои се родени надвор од Македонија се регистрира на 25 години. 80% од заболените се успешно третирани. Смрт настанува кај 0,24%. Покриеноста со вакцинација во испитуваниот период изнесувала 95-99%. Јавноздравствениот сектор треба да се фокусира на дефинирање на ризичните групи, спроведување на скрининг, поставување на рана дијагноза, соодветен третман и нивен мониторинг.

***19.****ШИЗОФРЕНИЈА, ПОЛ И ВОЗРАСТ НА ЈАВУВАЊЕ*
***Исјановски В.***
Physioacta, Vol.1, No1, 2007, стр.107-13.

Авторот во трудот in extenso докажува дека шизофренијата е застапена подеднакво и кај мажите и кај жените, т.е. не постои зависност помеѓу полот и регистрацијата на шизофренијата како заболување, а симптомите порано се јавуваат кај машкиот отколку кај женскиот пол. Во многу случаи шизофренијата за првпат кај машкиот пол се појавува во раниот тинејџерски период или порано. Кај женскиот пол, шизофренијата се регистрира на просечна возраст од 29 години, а кај машкиот пол на просечна возраст од 25,1 година. Во испитуваната група, кај 73,4% од испитаниците се регистрира заболувањето на возраст до 30 години, а 35% во контролната група. Возраста под 30 години кога се манифестирала болеста ја зголемува шансата за регистрација на шизофренијата за пет пати.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на приложената документација и рецензираните трудови, како и според личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Кадри Хаџихамза и помл.ас. д-р Ана Филипче, како и д-р Анета Спасовска Трајановска и д-р Виктор Исјановски (наставна база) да ги избере во звањето асистент по предметот психијатрија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. ***Проф.д-р Весна Пејоска Геразова с.р.***

______________________

2. ***Проф. д-р Викторија Вујовиќ с.р.***

______________________

3. ***Проф. д-р Вера Даскаловска с.р.***

______________________

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ЕПИДЕМИОЛОГИЈА СО БИОСТАТИСТИКА И МЕДИЦИНСКА ИНФОРМАТИКА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден научен соработник по предметот епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика, во состав: проф. д-р Никола Оровчанец, проф. д-р Драган Даниловски, проф. д-р Билјана Таушанова, проф. д-р Бети Зафирова-Ивановска и проф. д-р Томе Стефановски.

На конкурсот објавен на 25. 11. 2009 година во весникот „Утрински весник" се пријави кандидатката д-р Ирина Павловска.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на приложената документација на кандидатката, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје го дава следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1.1. Биографски податоци

Д-р Ирина Павловска е родена на 30.VII 1968 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. Дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје на 5.VII 1994, со просечен успех 9,1.

На Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицинскиот факултет во Скопје е вработена од октомври 1995 година.

Специјалистичкиот испит го положила во јануари 2000 година и се здобила со звање - специјалист по епидемиологија.

Во учебната 1996/97 година се запишала на постдипломски студии на Медицинскиот факултет во Скопје, кои ги завршила во предвидениот временски период со просечен успех 10,0. Магистерскиот труд под наслов „Епидемиолошко проучување на одредени карактеристики на белодробниот карцином" го одбранила во ноември 2002 година, со што се здобила со научниот степен магистер на медицински науки.

Докторската дисертација под наслов „Епидемиолошкиот метод применет во испитувањето на улогата на одредени ризик-фактори во настанувањето на белодробниот и ларингеалниот карцином" ја одбранила во јули 2009 година, со што се здобила со научниот степен доктор на медицински науки.

Во периодот од последниот избор, д-р Ирина Павловска е еден од авторите на универзитетските учебници под наслов: „Биостатистика", „Општа епидемиологија" и „Специјална епидемиологија", како и еден од авторите на позитивно рецензираниот „Практикум по биостатистика", сите издадени од матичната Катедра. Автор и коавтор е на 90 труда,

печатени во научно/стручни медицински списанија и презентирани на конгреси и стручни состаноци во земјава и во странство.

Согласно со критериумите за бодирање на научноистражувачката дејност, во рамките на образецот за избор издаден од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", д-р Ирина Павловска има вкупно 81,2 бода, а согласно со критериумите за бодирање на стручно-апликативната дејност има вкупно 31 бод.

**1.2. Рецензирани публикации за досегашните избори:**

Трудовите под реден број 1 и 2 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 665 од 22 јули 1996 година.

Трудовите од реден број 3 - 15 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 770 од 15 јануари 2001 година.

Трудовите од реден број 16 - 31 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 845 од 16 февруари 2004 година.

**1.3. Научни трудови доставени за рецензија за избор во звањето научен соработник**

32. **Павловска Ирина.** Епидемиолошко проучување на одредени карактеристики на белодробниот карцином. *Магистерски труд,* 2002 година.
33. **Павловска И.,** Даниловски Д., Оровчанец Н., Стефановски Т., Таушанова Б., Зафирова-Ивановска Б. Улогата на одредени ризик-фактори во настанувањето на белодробниот карцином. Mak Med Pregled 2003; 57(1-2): 99-103.

Цел на студијата е да се испита улогата на пушењето цигари во настанувањето на белодробниот карцином. Сигнификантно е зголемен ризикот од појава на ова заболување кај актуелните (OR=10,52) и поранешните пушачи (OR=3,18).

34. Orovcanec N., Zafirova-Ivanovska B., **Pavlovska I.,** Baneva N. Influence of gender and some risk factors in stroke occurrence. Zbornik Rezimea, XXXVII Dani Preventivne Medicine, Nis, 24-26 septembar 2003, str. 50-51.

Трудот претставува истражување за влијанието на полот и некои ризик-фактори (хипертензија, дијабетес) во настанувањето на мозочниот инсулт.

35. **Pavlovska I.,** Danilovski D., Orovcanec N., Tausanova B., Zafirova B., Lazovska L. Tobacco and lung cancer-a case-control study. Zbornik rezimea, XXXVII Dani Preventivne Medicine, Nis, 24-26 septembar 2003, str. 48.

Според реализираната студија, испитаниците кои пушат < 20 цигари на ден (ц/ден), имаат 7,28, додека оние што пушат > 20 ц/ден имаат 15,3 пати поголем ризик да заболат, споредено со непушачите.

36. Tausanova B., Orovcanec N., Zafirova B., **Pavlovska I.,** Peeva V. Public health challenges in the recent crises in the Republic of Macedonia. Zbornik rezimea, XXXVII Dani Preventivne Medicine, Nis, 24-26 septembar 2003, str. 207.

Според оваа студија, косовската криза го спречи трендот на намалување на инциденцијата на туберкулоза во нашата Република и беше причина за зголемување на бројот на заболени од вирусен хепатитис.

37. Зафирова Б., Оровчанец Н., **Павловска И.,** Банева Н. Barthel-овиот индекс во процена на успехот на рехабилитацијата по цереброваскуларен инсулт. *Acta morphol*, 2004 год 1; број 1: 72-79.

Користејќи го Barhel-овиот индекс за оценување на функционалниот статус кај пациенти кои преживеале мозочен удар, авторите на овој труд утврдуваат дека полот, брачниот статус и типот на мозочен удар се несигнификантни, додека возраста е сигнификантен ризик-фактор кој влијае на промена на стапката на парализа по мозочен удар.

38. **Павловска И.,** Оровчанец Н., Стефановски Т., Зафирова-Ивановска Б. Професионална експозиција и ризик од појава на белодробен карцином - case - control студија. *Acta morphol.* 2004 год 1; број 1: 80-89.

Истражувањето укажува дека лицата изложени на потенцијални канцерогени имаат 1,37, додека оние изложени на суспектни канцерогени имаат 1,67 пати поголем ризик да заболат во споредба со неекспонираните.

39. **Pavlovska I.,** Danilovski D., Orovcanec N., Stefanovski T., Tausanova B., Zafirova-Ivanovska B. An epidemiologic study of some characteristics of lung cancer. *Folia Medica,* XLVI, 3 / 2004; 23-31.

Според резултатите од студијата, бронхоскопската локализација на патолошкиот процес не е сигнификантно асоцирана со навиката за пушење цигари.

40. Зафирова-Ивановска Б., Оровчанец Н., Таушанова Б., **Павловска И.,** Банева Н. Рехабилитација на моторните функции на долните екстремитети кај хемиплегичари по цереброваскуларен инсулт. *Acta morphol,* 2004; Vol.1(2): 54-58.

Трудот ја анализира ефикасноста од рехабилитацијата на моторните функции на долните екстремитети кај хемиплегичари по цереброваскуларен инсулт.

41. **Павловска И.,** Оровчанец Н., Таушанова Б., Зафирова Б. Навиката за пушење цигари и консумирањето алкохол како ризик-фактори во настанувањето на белодробниот карцином. Зборник на трудови, I македонски конгрес на медицина на трудот со меѓународно учество, Охрид, 17-19 јуни 2004, стр. 22.

Студијата укажува дека навиката за пушење цигари е присутна кај 78,4% лица со белодробен карцином. Ризикот од појава на болеста е поголем кај оние што редовно консумираат алкохол и пушат цигари, споредено со оние што не консумираат алкохол, а се пушачи (OR=3,48, 95% CI, 1,15-10,55).

42. Зафирова Б., Оровчанец Н., Таушанова Б., Банева Н., **Павловска И.** Рехабилитација на моторните функции на долните екстремитети кај хемиплегичари. Зборник на трудови, I македонски конгрес на медицина на трудот со меѓународно учество, Охрид, 17-19 јуни 2004, стр. 162.

Авторите ја испитуваат ефикасноста на спроведената рехабилитација на долните екстремитети кај хемиплегичари по цереброваскуларен инсулт. Во однос на можноста за стоење и одење, на прием само 10% одат без бастун, на првата контрола 25%, додека на втората контрола, наполно слободен од без помагало е постигнат кај 45% од испитаниците.

43. **Pavlovska I.,** Danilovski D., Orovcanec N., Tausanova B., Zafirova B., Lazovska L. Previous lung disease as risk factor for development lung cancer. Zbornik rezimea, XXXVIII Dani Preventivne Medicine, Nis, 22-24 septembar 2004, str. 100.

Студијата покажа дека пациентите со бронхитис имаат 5,47 пати повисок ризик да заболат наспроти припадниците на контролната група. Ризикот

за настанување на белодробен карцином е сигнификантно повисок меѓу пациентите со претходна туберкулозна инфекција (OR=8,62).

44. Taushanova B., Orovcanec N., Zafirova B., **Pavlovska I.**, Stavridis S. Urolithiasis in Macedonia. Zbornik rezimea, XXXVIII Dani Preventivne Medicine, Nis, 22-24 septembar 2004, str. 103.

Во трудот авторите истакнуваат дека епидемиологијата на уролитијазата во Република Македонија е релативно нова научна дисциплина. Бројот на пациенти со уролитијаза во нашата Република бележи зголемување од 8750 во 1980 година до 10 877 во 1999 година.

45. Zafirova-Ivanovska B., Orovchanec N., Tausanova B., **Pavlovska I.** Rehabilitation following stroke - the Ranke scale. Zbornik rezimea, XXXVIII Dani Preventivne Medicine, Nis, 22-24 septembar 2004, str. 88.

Трудот го одредува влијанието на полот, возраста и ризик-факторите во прогнозата на успехот на рехабилитацијата. Слаб/неповолен резултат на рехабилитација е регистриран кај пациентите постари од 70 години.

46. **Pavlovska I.**, Orovcanec N., Zafirova B. Smoking and passive smoking as risk factors for development lung cancer. Lung Cancer, Volume 45, Supplement 3, Abstracts of the 9th Central European Lung Cancer Conference, Gdańsk, Poland, September 23-25, 2004, S36.

Актуелните пушачи кои пушат > 15 години > 20 цигари на ден имаат 4,45 пати поголем ризик да заболат споредено со поранешните пушачи кои пушеле > 15 години < 20 цигари на ден.

47. Taushanova B., Orovcanec N., Zafirova B., **Pavlovska I.**, Isjanovska R., Zdravkovska M. The BCG vaccination still in the national tuberculous program of Macedonia, after the recent crises. The seventh international symposium of immunization programs, Neum, 2005, p. 38-39.

По кризите во нашиот регион, косовската во 1999 година и онаа од 2001 година, BCG - вакцинацијата е во Националната програма за туберкулоза на Република Македонија.

48. **Pavlovska I.**, Orovcanec N., Zafirova B. Some risk factors and lung cancer - a case - control study. Lung Cancer, Volume 49, Supplement 2, Abstracts of the 11th World Conference on Lung Cancer, Barcelona, Spain, July 3-6, 2005, S195.

Ризикот за појава на белодробен карцином кај пушачите кои консумираат алкохол е сигнификантно повисок во споредба со непушачите, кои воопшто не консумираат алкохолни пијалаци (OR=3,48; 95% CI, 1,15-10,55).

49. **Павловска И.**, Оровчанец Н., Стефановски Т., Таушанова Б., Зафирова-Ивановска Б. Case - control студија за влијанието на пушењето, алкохолот и наследниот фактор во настанувањето на белодробниот карцином. Acta Morphol 2005; 2(1): 60-65.

Направената анализа покажа дека пушачите имаат 8 пати поголем ризик да заболат од белодробен карцином, споредено со непушачите (OR=7,58). Сигнификантно поголем ризик за заболување постои кај актуелните пушачи со позитивна фамилијарна анамнеза за малигно заболување.

50. **Pavlovska I.**, Orovcanec N., Tausanova B., Zafirova B., Lazovska L. Epidemiology of lung cancer in Macedonia. Zbornik rezimea, XXXIX Dani Preventivne Medicine, Nis, 28-30 septembar 2005, str. 123-124.

Најголем дел од заболените се во седмата деценија од животот. Доминантен хистолошки тип на карцином кај мажите е планоцелуларниот, додека кај жените - аденокарциномот.

**51.** Zafirova-Ivanovska B., Orovcanec N., **Pavlovska I.,** Baneva N. Influence of some risk factors on rehabilitation of hemiplegic patients. Zbornik rezimea, XXXIX Dani Preventivne Medicine, Nis, 28-30 septembar 2005, str. 134-135.

Рехабилитационият третман кај испитаниците дава послаби резултати во функционалниот статус при истовремено присуство на хипертензија, срцево заболување и дијабетес (Barthel - 60,3; Ranke - 3,2).

**52. Pavlovska I.,** Orovcanec N., Tausanova B., Zafirova B. Risk of developing lung cancer among current and ex-smokers - a case-control study. II Hrvatski Epidemioloski Kongres, Rovinj, 26-29 listopada 2005, str. 46.

Актуелни пушачи на цигари се 78,4%, а поранешни - 15,8%. Ризикот за појава на белодробен карцином кај актуелните пушачи кои пушат > 20 ц/ден е пет пати поголем, во однос на оној што го имаат поранешните пушачи кои пушеле идентичен број цигари дневно (OR=4,55).

**53.** Taushanova B., Orovcanec N., Zafirova B., **Pavlovska I.,** Isjanovska R., Zdravkovska M. The BCG-vaccination still in the national tuberculous program of Macedonia, after the recent crises. II Hrvatski Epidemioloski Kongres, Rovinj, 26-29 October 2005, str. 36.

Целта на овој труд е да се прикаже влијанието на косовската криза и неодамнешната криза во нашата Република од 2001 година на епидемиологијата на туберкулозата во Македонија. По овие кризи се зголеми инциденцијата на туберкулозата.

**54.** Здравковска М., Исјановска Р., Даниловски Д., Оровчанец Н., Таушанова Б., Стефановска В.В., Зафирова Б., **Павловска И.** Динамика на морбидитетот, морталитетот и леталитетот од тетанус во Република Македонија во периодот 1980-2005 година. Зборник на резимеа, III конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 17-20 мај 2006, стр. 100-101.

Во периодот 1980-2005 година, регистрирани се вкупно 63 заболени лица од тетанус, од кои 33 (52,3%) умреле. Морталитетот е најголем во 1984 година - 0,2/100 000 жители, а најмал во 1982 година - 0,05/100 000 жители.

**55.** Исјановска Р., Здравковска М., Зафирова Б., **Павловска И.,** Даниловски Д., Оровчанец Н., Таушанова Б. Преваленца на вакцинопревентабилни заболувања во Македонија во периодот 1998-2005 година. Зборник на резимеа, III конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 17-20 мај 2006, стр. 122.

Авторите во трудот ја анализираат преваленцијата на вакцинопревентабилните заболувања во Р. Македонија во периодот 1998-2005 година. Таа е највисока за паротитис - 11,14/100 000, а најниска за пертусус - 0,48/100 000. Тетанусот е регистриран кај само 9 случаи.

**56.** Таушанова Б., Ставридис С., Оровчанец Н., Зафирова Б., **Павловска И.,** Здравковска М., Исјановска Р. Ефикасноста на BCG во популациони и во case - control испитувања. Зборник на резимеа, III конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 17-20 мај 2006, стр. 141-142.

Според спроведените популациони и case-control студии, BCG - вакцината покажа значителен протективен ефект само против милијарната туберкулоза и туберкулозниот менингит, додека тој ефект беше скромен или отсутен против останатите форми на туберкулоза.

57. Зафирова Б., Даниловски Д., Оровчанец Н., Таушанова Б., Исјановска Р., Здравковска М., **Павловска И.** Вирусни хепатитиси во Република Македонија. Зборник на резимеа, III конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество. Охрид, 17-20 мај 2006, стр. 148-149.

Цел на овој труд е да се прикаже инциденцијата, сезоноста и трендот кај вирусните хепатитиси во периодот 1996-2005 година. Во анализираниот период, вкупниот број на заболени изнесува 13 760.

58. **Павловска И.,** Даниловски Д., Оровчанец Н., Таушанова Б., Исјановска Р., Зафирова Б., Здравковска М. Одредени епидемиолошки показатели на инфлуенцата во Република Македонија. Зборник на резимеа, III конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 17-20 мај 2006, стр. 155.

Во овој труд авторите ги прикажуваат епидемиолошките карактеристики на заболените од инфлуенца во периодот 1996-2005 година. Вкупниот број на регистрирани со ова заболување изнесува 230 701.

59. Исјановска Р., Здравковска М., Зафирова Б., Таушанова Б., **Павловска И.** Епидемиологија на менингитис во Р. Македонија. Зборник на резимеа, I конгрес на Асоцијацијата на лекарите по општа фамилијарна медицина на Југоисточна Европа, Охрид, 15-18 јуни 2006, стр. 124.

Во периодот 1998-2005 година се регистрирани 526 случаи на епидемиски и 653 случаи на серозен менингитис. Инциденцијата на овие заболувања изнесува 3,3/100 000 жители од епидемиски, 3,5/100 000 од пурулентен и 4,1/100 000 од серозен менингитис.

60. Здравковска М., Исјановска Р., Стефановска В.В., Таушанова Б., Зафирова Б., **Павловска И.** Морталитетот од кардиоваскуларни заболувања во Република Македонија. Зборник на резимеа, I конгрес на Асоцијацијата на лекарите по општа фамилијарна медицина на Југоисточна Европа, Охрид, 15-18 јуни 2006, стр. 124.

Во периодот 1.I-31.XII 2004 година, во земјава од кардиоваскуларни заболувања починале 4 018 лица. Од нив, 327 лица биле со дијабетес. Кај 168 од нив, основна причина за смрт била коронарната артериска болест.

61. **Pavlovska I.,** Orovcanec N., Zafirova B., Tausanova B., Isjanovska R., Zdravkovska M. Risk of developing lung cancer among ex-smokers - a case-control study. Book of abstracts, 1st Congress of the Association doctors GP/FM South-East Europe, Ohrid, 15-18 June 2006, p. 125.

Според оваа студија, ризикот за појава на белодробен карцином е 2,78 пати повисок кај оние што престанале да пушат пред < 10 години, споредено со лицата, кои со оваа навика престанале пред > 10 години.

62. Tausanova B., Orovcanec N., Zafirova B., Stavridis S., **Pavlovska I.,** Zdravkovska M., Isjanovska R. Risk factors for tuberculosis in children and BCG effectivness against them. Book of abstracts, 1st Congress of the Association doctors GP/FM South-East Europe, Ohrid, 15-18 June 2006, p. 126.

Заклучокот од оваа студија е дека протективниот ефект од BCG - вакцината е истрошен и таа треба да биде заменета со DOTS, во согласност со препораките на новата стратегија на СЗО.

63. Зафирова-Ивановска Б., Оровчанец Н., Исјановска Р., Здравковска М., **Павловска И.,** Банева Н. Рехабилитација на сензитивните

нарушувања и говорот кај хемиплегичари. Зборник на резимеа. I конгрес на Асоцијацијата на лекарите по општа фамилијарна медицина на Југоисточна Европа. Охрид. 15-18 јуни 2006. стр. 126.

Основната цел на истражувањето е да се прикажат нарушувањата во сензибилитетот на екстремитетите и говорот по цереброваскуларен инсулт. Регистрирана е статистички значајна разлика во квалитетот на сензибилитетот на раката меѓу прием и прва контрола (p<0.01).

64. **Pavlovska I.**, Orovcanec N., Tausanova B., Zafirova B., Isjanovska R., Zdravkovska M. Smoking habit and occurrence of lung cancer - a case-control study. Education / Abstract Book, UICC World Cancer Congress, Washington, D.C., USA, July 8-12 2006, p.108.

Анализирани се 139 заболени и ист толкав број на лица без малигно заболување. Резултатите укажуваат дека пушењето е најзначајна причина за епидемијата на белодробен карцином во Македонија.

65. **Pavlovska I.**, Orovcanec N., Zafirova B. Influence of passive smoking in develop of lung cancer. Education / Abstract Book, 13th World Conference on Tobacco or Health, Washington, D.C., USA, July 12-15 2006, p.210.

Според ова истражување, лицата експонирани на пасивно пушење на работното место имаат три пати поголем ризик да заболат во споредба со неекспонираните (OR=3,17; 95% CI, 0,17-58,71).

66. **Pavlovska I.**, Orovcanec N., Danilovski D., Tausanova B., Isjanovska R., Zafirova B., Zdravkovska M. Association of some demographic characteristics and risk factors with localization of lung cancer: epidemiologic study. Abstract book, 6th Congress, Balkan Union of Oncology, Sofia, Bulgaria, 13-16 September 2006, p. 38.

Структурата на заболените според анатомските критериуми покажува речиси подеднаква застапеност на патолошкиот процес кај двата пола (десно белодробно крило - мажи - 51,2%; жени - 50%; лево белодробно крило - мажи - 48,8%; жени - 50%).

67. Isjanovska R., Zdravkovska M., Isjanovski V., Zafirova B., **Pavlovska I.**, Danilovska B., Tausanova B., Danilovski D., Orovcanec N., Stefanovska V.V. EUROHIS-development of a common instrument for use of medicines in R. Makedonija. Zbornik rezimea, XL Dani Preventivne Medicine, Nis, 26-30 septembar 2006, str. 32-33.

Трудот е дел од EUROHIS - проектот воден од страна на СЗО, каде што се обработува индикаторот - користење на медикаментите. Во поголем процент медикаментите ги користат лица од женскиот пол (66%), и тоа орални контрацептиви и менопаузални хормони.

68. **Pavlovska I.**, Orovcanec N., Tausanova B., Isjanovska R., Zafirova B., Zdravkovska M. Effect of cigarette smoking on major histological types of lung cancer - epidemiology study. Zbornik rezimea, XL Dani Preventivne Medicine, Nis, 26-30 septembar 2006, str. 86.

Според студијата, кај мажите најзастапен облик е планоцелуларниот (49,6%), а кај жените аденокарциномот (66,7%). Планоцелуларниот облик најчесто се јавува во шестата деценија од животот (40,6%).

69. Zdravkovska M., Isjanovska R., Stefanovska V.V., Zafirova B., **Pavlovska I.**, Danilovska B. Retinal changes and their epidemiological characteristics in diabetes mellitus patients. Zbornik rezimea, XL Dani Preventivne Medicine, Nis, 26-30 septembar 2006, str. 86-87.

Трудот прикажува различен степен на ретинални промени во зависност од типот на дијабетесот, полот и возраста. Обработени се 200 заболени од дијабетес на возраст над 16 години. Ретинални промени се регистрирани кај 57 заболени од тип 1 и кај 66 заболени од тип 2 дијабетес.

**70.** Tausanova B., Orovcanec N., Stavridis S., Zafirova B., Zdravkovska M., **Pavlovska I.,** Isjanovska R. The lifestyle in the face of chronic diseases. Zbornik rezimea, XL Dani Preventivne Medicine, Nis, 26-30 septembar 2006, str. 83.

Истражувањето претставува метаанализа на најновата литература која е во корелација со начинот на живеење и хроничните заболувања. Еден од главните ризик-фактори за регистрација на морбидитетот и морталитетот е социјалната изолација, потоа стресот, песимизмот и фатализмот.

**71.** Zafirova B., Orovcanec N., Tausanova B., Isjanovska R., Zdravkovska M., **Pavlovska I.,** Baneva N. Rehabilitation of the functions of standing and walking in hemiplegic patients. Zbornik rezimea, XL Dani Preventivne Medicine, Nis, 26-30 septembar 2006, str. 33-34.

Во трудот е прикажан ефектот од рехабилитацијата кај хемиплегичари во однос на нивната способност за стоење и одење. Во однос на стоење во разбој само меѓу прва и втора контрола нема значајна разлика ($p>0,05$), додека за одење во разбој постои значајна разлика и во оваа релација.

**72.** Зафирова Б., Даниловски Д., Оровчанец Н., Таушанова Б., Исјановска Р., Здравковска М., **Павловска И.,** Банева Н. Улогата на одредени демографски карактеристики во рехабилитацијата по мозочен удар. Зборник на резимеа, III конгрес по превентивна медицина на Македонија, Охрид, 4-7 октомври 2006, стр. 61.

Слаб/неповолен резултат од рехабилитацијата се регистрира кај возрасните постари од 70 години, кај лица кои имале втор мозочен удар, односно рецидив, како и кај оние со позитивна анамнеза за истовремено присуство на артериска хипертензија, срцево заболување и дијабетес.

**73.** Здравковска М., Исјановска Р., Даниловски Д., Оровчанец Н., Василевска К., Таушанова Б., Стефановска В.В., Зафирова Б., **Павловска И.,** Кузмановска Г. Епидемиолошки карактеристики на умрени од дијабетес мелитус со гангрена на долните екстремитети во Република Македонија. Зборник на резимеа, III конгрес за превентивна медицина на Македонија, Охрид, 4-7 октомври 2006, стр. 43.

Во трудот се анализирани 1894 умрени од дијабетес во Р. Македонија во период од две години. Од вкупно 918 умрени во 2000 година, кај 87 била нотирана гангрена на долните екстремитети. Од вкупно 976 умрени во 2001 година, кај 79 била нотирана гангрена на долните екстремитети.

**74.** Таушанова Б., Оровчанец Н., Ставридис С., Зафирова Б., Здравковска М., **Павловска И.,** Исјановска Р. Биолошки и социјални фактори во епидемиологијата на хроничните болести. Зборник на резимеа, III конгрес по превентивна медицина на Македонија, Охрид, 4-7 октомври 2006, стр. 156-157.

Анализирањето на улогата на билошките и социјалните фактори во епидемиологијата на хроничните незаразни болести покажува дека социјалната изолација може да биде еден од главните фактори за морбидитетот и морталитетот од хроничните незаразни болести.

75. Исјановска Р., Здравковска М., Зафирова Б., **Павловска И.,** Даниловски Д., Оровчанец Н., Таушанова Б. САРС-мета анализа. Зборник на резимеа, III конгрес за превентивна медицина на Македонија, Охрид, 4-7 октомври 2006, стр. 145.

Трудот претставува метаанализа за епидемиолошките карактеристики на заболувањето САРС. Во 2003 година од оваа болест заболеле 8098 во целиот свет со стапка на смртност од 10%. Морталитетната стапка варира од 12,4% во Канада, до 13,8% во Тајван и 49% во Хонг Конг.

76. **Павловска И.,** Даниловски Д., Оровчанец Н., Таушанова Б., Исјановска Р., Зафирова Б., Здравковска М. Експозиција на одредени професионални канцерогени и појава на карцином на бели дробови. Зборник на резимеа, III конгрес за превентивна медицина на Македонија, Охрид, 4-7 октомври 2006, стр. 30.

Експонираните на потенцијални канцерогени имаат 1,37, а оние на суспектни канцерогени 1,6 пати поголем ризик да добијат белодробен карцином во споредба со неекспонираните.

77. Исјановска Р., Здравковска М., Зафирова Б., Таушанова Б., Исјановски В., **Павловска И.,** Оровчанец Н., Стефановска В.В. Скрининг - тестирање за хепатитис С во Р. Македонија. Зборник на резимеа, III конгрес на инфектолозите на Македонија, Охрид, 2007, стр. 42.

Во текот на студијата е реализиран скрининг за откривање на можни инфицирани од хепатитис С. Спроведени се 1831 тестирање со скрининг тест-Hexagon HCV. Откриени се 28 позитивни лица.

78. **Pavlovska I.,** Orovcanec N., Zafirova B., Tausanova B., Isjanovska R., Zdravkovska M. Influence of smoking and alcohol consumption in develop of lung cancer - case - control study. Zbornik rezimea XLI Dani Preventivne Medicine, Nis, 2007.

Ризикот за белодробен карцином кај лица кои, покрај пушечката навика, консумираат алкохол, е сигнификантно повисок од оној кај непушачите кои воопшто не консумираат алкохолни пијалаци (OR=3,95).

79. Tausanova B., Orovcanec N., Zafirova B., **Pavlovska I.,** Zdravkovska M., Isjanovska R. Risk factors for vascular dementia and their modification - meta analysis. Zbornik rezimea XLI Dani Preventivne Medicine, Nis, 2007.

Трудот претставува евалуација на податоците од литературата за формулирање на препораки и водичи во превенција на васкуларната деменција. Дадени се препораки кои се однесуваат на начинот на исхрана, физичката активност, како и превенција на дијабетесот.

80. **Pavlovska I.,** Orovcanec N., Zafirova B. The role of smoking, genetic factor and stress in lung and laryngeal cancer occurence – epidemiological study. Journal of Thoracic oncology: Abstracts, 12th World Conference on Lung Cancer, Seoul, Korea, September 2-6, 2007, S567.

Според анализата, експозиција на стресни ситуации е забележана кај 54,3% пациенти со белодробен, односно кај 80% од оние со ларингеален карцином. Пушачи на цигари се 54,3% лица со белодробен и 68,6% од оние со ларингеален карцином.

81. **Павловска И.,** Оровчанец Н., Таушанова Б. Зафирова Б., Исјановска Р., Здравковска М. Навиката за пушење цигари и нејзината улога во настанувањето на ларингеалниот карцином.

Зборник на апстракти, II конгрес на Здружението на лекарите по општа медицина при МЛД, Охрид, 19-22 јуни 2008, стр. 193.

Најголем број од заболените во оваа студија се актуелни пушачи (79%). Лицата кои пушат > 20 цигари на ден имаат 3,35 пати поголем ризик да заболат, споредено со оние кои пушат < 20 цигари на ден.

82. Зафирова-Ивановска Б., Оровчанец Н., Таушанова Б., Исјановска Р., Здравковска М., **Павловска И.,** Банева Н. Валидноста на Barthel-овиот индекс и Ranke-овата скала во процена на ефикасноста на рехабилитацијата по мозочен инсулт. Зборник на апстракти, II конгрес на Здружението на лекарите по општа медицина при МЛД, Охрид, 19-22 јуни 2008, стр. 196.

Преку употреба на двете скали, Barthel-овиот индекс и Ranke-овата скала, авторите зборуваат за сериозноста на претрпениот мозочен удар.

83. Таушанова Б., Оровчанец Н., Зафирова-Ивановска Б., Велиќ В., Исјановска Р., Здравковска М., **Павловска И.** Risk factors for vascular dementia and their modification metaanalysis. Зборник на апстракти, II конгрес на лекарите по општа медицина на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, 19-22 јуни 2008, стр. 301.

Цел на авторите на овој труд е евалуација на податоците од литературата за формулирање на препораки и водичи во превенција на васкуларната деменција.

84. **Павловска И.,** Оровчанец Н., Таушанова Б. Зафирова Б., Исјановска Р., Здравковска М., Лазовска Л. Улогата на навиката за пушење цигари во настанувањето на белодробниот карцином. Книга на апстракти, IV конгрес на Македонското респираторно здружение, 27-30 септември 2008, стр. 24-25.

Според оваа студија, ризикот за појава на белодробен карцином е двојно поголем кај лица кои пушат > 20 години > 20 цигари на ден, споредено со оние што пушат < 20 години < 20 цигари на ден.

85. **Pavlovska I.,** Orovcanec N., Zafirova B., Tausanova B., Isjanovska R., Zdravkovska M. Smoking habit as a risk factor for development of laryngeal cancer. XLII Dani Preventivne Medicine, Nis, 23-27 septembar 2008, str. 45-46.

Според case-control студијата, 48,6% од лицата со ларингеален карцином започнале да пушат пред 15-тата година од животот.

86. **Павловска И.**, Оровчанец Н., Стефановски Т., Таушанова Б., Зафирова - Ивановска Б. Навиката за пушење цигари како фактор на ризик во настанувањето на ларингеалниот карцином. Mak Med Pregled 2006; 60(1-2): 54-58.

Ризикот за појава на ларингерален карцином е значајно зголемен кај актуелните пушачи во однос на непушачите (OR=3,75, 95% CI, 1,14-13,03).

87. **Павловска И.**, Оровчанец Н., Стефановски Т., Таушанова Б., Зафирова - Ивановска Б. Епидемиолошка студија за улогата на пушењето, наследниот фактор и стресот во настанувањето на белодробниот и ларингеалниот карцином. Acta Morphol 2006; 3(2): 63-69.

Според студијата, анамнеза за позитивен наследен фактор имаат 28,6% лица со белодробен, односно 40% со ларингеален карцином. Пушачки

366

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на извршениот увид во доставената документација, образецот кон извештајот за избор и досегашното познавање на наставно - истражувачката и стручно - апликативната дејност на кандидатката, како и извршената рецензија на доставените стручно - научни трудови, Рецензентската комисија цени дека кандидатката ги исполнува условите предвидени за избор и му предлага на Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да ја избере кандидатката д-р Ирина Павловска во звањето научен соработник.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Никола Оровчанец с.р.**

---------------------------------------------------

**Проф. д-р Драган Даниловски с.р.**

---------------------------------------------------

**Проф. д-р Билјана Таушанова с.р.**

---------------------------------------------------

**Проф. д-р Бети Зафирова-Ивановска с.р.**

---------------------------------------------------

**Проф. д-р Томе Стефановски с.р.**

---------------------------------------------------

стаж 31-45 години имаат најголем процент припадници на двете групи (БК-41,9%; ЛК-51,4%).

**88. Павловска И.**, Оровчанец Н., Таушанова Б., Зафирова - Ивановска Б. Алкохолот и неговата улога во настанувањето на белодробниот и ларингеалниот карцином. Acta Morphol 2007; 4(2): 78-83.

Зголемен ризик за белодробен и ларингеален карцином имаат оние што започнале со консумирање алкохол пред 20-тата година од животот, како и оние што во исто време пушат и консумираат алкохол.

**89. Павловска И.,** Оровчанец Н., Зафирова - Ивановска Б. Карциномот на белите дробови и навиката за пушење цигари - case - control студија. Contributions, Sec Biol Med Sci (2008); XXIX/2: 269-80.

Реализираната case-control студија укажува дека актуелните и поранешните пушачи имаат 4,05 (95% CI, 1,78-9,19) пати сигнификантно поголем ризик да заболат, споредено со непушачите.

**90. Павловска Ирина.** Епидемиолошкиот метод применет во испитувањето на улогата на одредени ризик-фактори во настанувањето на белодробниот и ларингеалниот карцином. *Докторска дисертација*, 2009 година.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Ирина Крсто Павловска

**Институција:** Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

**Научна област:** епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза | 8 |
| 2 | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 3 | Одбранет специјалистички труд | 2 |
| 4 | Ментор на магистерска работа | |
| 5 | Учесник во национален научен проект | 6 |
| 6 | Учесник во меѓународен научен проект | |
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание | 22,4 |
| 8 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 24,6 |
| 9 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | 13,2 |
| 10 | Пленарно предавање на научен/стручен собир | |
| 11 | Секциско предавање | 1 |
| | **Вкупно** | **81,2** |

СТРУЧНО–АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Речник - коавтор | 3 |
| 2 | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија | 1 |

Дејности од поширок интерес

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Државна награда за научни достигнувања - учесник во тим | 2 |
| 4 | Награда за научни достигнувања од струкова организација - самостоен | 9 |
| 5 | Студиски престој во странство | 2 |
| 6 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) | |
| 7 | Учество во комисии и тела на државни и други органи | 2 |
| 8 | Учество во изработка на национална програма од одредена област | 12 |
| | **Вкупно** | **31,0** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 81,2 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 31,0 |
| **Вкупно** | 112,2 |

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Никола Оровчанец - претседател с.р.

------------------------------------------------------

2. Проф. д-р Драган Даниловски - член с.р.

------------------------------------------------------

3. Проф. д-р Билјана Таушанова - член с.р.

------------------------------------------------------

4. Проф. д-р Бети Зафирова-Ивановска - член с.р.

------------------------------------------------------

5. Проф. д-р Томе Стефановски - член с.р.

------------------------------------------------------

**П Р Е Г Л Е Д**

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| **Тања Стреоска** | **Облици на учење во неформалното образование на менаџери** | **Проф.д-р Мирјана Борота Поповска** |
| **Александра Станковска** | **Концепт на градење и зајакнување на бренд како стратегиски приоритет во креирање конкурентност во млечната индустрија** | **Проф.д-р Мирјана Борота Поповска** |
| **Оливера Николаевиќ** | **Менаџерската функција - контролирање во основните училишта** | **Проф.д-рАница Драговиќ** |
| **Катерина Мојанчевска** | **Репрезентацијата на родот во информативните програми на националните телевизии во Република Македонија** | **проф. д-р Весна Шопар** |

| | | |
|---|---|---|
| Дејан Андонов | Влијанието на комерцијалните интереси на сопствениците на медиумите врз новинарското известување во Република Македонија | проф. д-р Емилија Симоска |

1



# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ХИДРОТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ, ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ВОДНИТЕ СИЛИ И ВОДОСТОПАНСКИ СИСТЕМИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, на 360. седница одржана на 18. I 2010 година, нè одреди за членови на Рецензентската комисија по конкурсот објавен во весникот „Дневник" на 15. XII 2009 година за избор на асистент.

На распишаниот конкурс за избор на асистент по предметите: хидротехнички објекти, искористување на водните сили и водостопански системи, се јави кандидатот м-р Стевчо Митовски, дипл. град. инж. Кандидатот м-р Стевчо Митовски, од 1 февруари 2006 година, работи како помлад асистент на Катедрата за хидротехнички објекти на Градежниот факултет во Скопје. Во истото звање беше преизбран на 26 ноември 2008 година

По прегледот на доставениот конкурсен материјал и врз основа на досегашното познавање на кандидатот, го поднесуваме до Наставно-научниот совет следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Стевчо Митовски е роден на 10. IV 1980 година во Скопје, каде што завршил основно образование. Средното образование го стекнал во природно-математичката гимназија „Ѓорче Петров" во Крива Паланка. Во учебната 1998/1999 се запишал на Градежниот факултет во Скопје, на хидротехничка насока и дипломирал во јануари 2005 година со просечна оценка 9,1 и дипломска работа оценета со 10. Во текот на студирањето работел како хонорарен соработник во фирмата ГЕИНГ - Скопје, во периодите од јули 2003 до септември 2003 и од февруари 2004 до септември 2004 година, на проекти од областа на геомеханиката и хидротехниката. По дипломирањето бил ангажиран како надворешен соработник во изведувањето на вежбите по предметите хидротехнички објекти, искористување на водните сили и водостопански системи на Градежниот факултет во Скопје, а во еден период работел и како демонстратор по предметот организација и механизација. Од март 2005 година бил вклучен во консултантскиот тим на Проектот за унапредување на ХС Злетовица. На 324. седница на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, одржана на 1.2.2006 година бил избран за помлад асистент по предметите од областа на хидротехничките објекти, искористување на водните сили и водостопански системи, од кога е и во редовен работен однос на Факултетот. Во истото звање бил преизбран на 348. седница на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, одржана на 26. XI 2008 година.

Во учебната 2004/2005 се запишал на постдипломските студии на Градежниот факултет во Скопје и по положувањето на предвидените испити, на 28.9.2009 година, успешно го одбранил магистерскиот труд со наслов „Компаративна анализа на статичката стабилност на масивна брана со апликација на 2-Д и 3-Д нумерички модели", под менторство на проф. д-р Љупчо Петковски, стекнувајќи го звањето магистер на технички науки.

За постигнатите резултати од студирањето на Градежниот факултет во Скопје, кандидатот е носител на две признанија: (1) награда за најдобар студент во учебната 2003/2004 година и (2) признанието „Инженерски прстен" за најдобар дипломиран студент на Градежниот факултет во Скопје за 2004/2005, година, доделено од Инженерската институција на Македонија. Во учебната 2004/2005 од страна на невладината организација „Ромасверзитас", која е оперативна програма на Фондацијата „Институт отворено општество – Македонија" (ФИООМ), како одличен студент добил стипендија за менторство на студент на Градежен факултет, припадник на ромската националност. Кандидатот активно го познава англискиот јазик.

Во текот на постдипломските студии ја разработувал проблематиката на конструктивна анализа и стабилност на браните со методот на конечни елементи (со апликација на врвниот софтвер за геотехничко инженерство GEO-Slope и софтверот за анализа на конструкции SOFiSTiK), како и определени теми од областа на анализата на водостопанските системи. Покрај споменатиот специјализиран софтвер за анализа на конструкции, активно го познава и општиот софтвер (MS Word, Excel, Power Point и Auto CAD).

Во периодот 26.IV 2007 – 30.IV 2007 година, во соработка со неколку професори и асистенти, ја предводел групата студенти од Градежниот факултет во Скопје, кои зеле учество на I регионален конгрес на студенти од геотехнолошките факултети - ГЕОРЕКС 2007, во организација на студентите од Рударско-геолошко-градежниот факултет од Тузла. Во соработка со неколку професори и асистенти од Градежниот факултет, учествувал во организацијата на II регионален конгрес на студенти од геотехнолошките факултети - ГЕОРЕКС 2008, кој се одржал во Охрид во периодот 17.IV 2008 – 21.IV 2008 година.

Кандидатот м-р Стевчо Митовски покажува и поширока општествена активност членувајќи и работејќи во: Македонскиот комитет за големи брани, Друштвото за геотехника на Македонија и Друштвото на Македонија за хидрологија. Во тој контекст, активно учествувал во организацијата на Вториот конгрес за брани, одржан од 7 до 9. V 2009 година во Струга, како и во организацијата на Меѓународната работилницата на тема „Современи методи и материјали за градба на брани", која се одржа во Скопје на 3 и 4. IX 2009 година.

**2. Наставна работа**

Во учебните 2003/2004 и 2004/2005, како одличен студент бил назначен за демонстратор по предметот *организација и технологија на градба*. Во периодот од февруари 2005 до јануари 2006 бил ангажиран како надворешен соработник на Катедрата за хидротехнички објекти, каде што ги водел вежбите по предметите: *хидротехнички објекти*, *искористување на водните сили* и *водостопански*

*системи*. Во периодот од изборот за помлад асистент (1.II 2006) до денес, успешно учествува во изведувањето на вежбите по предметите: *хидротехнички објекти, искористување на водните сили* и *водостопански системи*. Покрај тоа, по предметите за кои е избран, вршел консултации со студентите за полагање на испитите по соодветните предмети и за изработка на дипломските работи.

При работата со студенти на полето на истражувачката дејност, на I и II регионален конгрес на студенти од геотехнолошките факултети бил ментор при изработката на студентски трудови, објавени во соодветните зборници на трудови од овие конгреси. На меѓународните академски и културни средби ICAMES, одржани во Истанбул, Турција, во мај 2006 година, бил успешен водач на тимот од студенти и асистенти, кои врша презентација на труд од областа на анализата на брани.

**3. Научноистражувачка и стручна работа**

Во рамките на CEEPUS–проектот за мобилност на наставен и соработнички кадар, во периодот од 1.X до 31.X 2006 година, кандидатот м-р Стевчо Митовски престојувал на Градежниот факултет во состав на Техничкиот универзитет во Виена, Австрија, каде што работел на тема поврзана со појавата на пукнатини кај бетонски брани. Во рамките на CEEPUS–проектот остварил уште еден студиски престој – во периодот од 3.X до 23.X 2007 година, на Техничкиот универзитет во Брно, Чешка Република.

Во текот на својот мандат како помлад асистент, кандидатот успешно се занимава со научна работа, при што, како автор или коавтор, се појавува во следниве објавени наслови во земјава и надвор од неа:

1. Митовски С., Ефтоска М., Танчев Љ., „Камено насипна брана со екран од геомембрана", II симпозиум на Друштвото на геотехника на Македонија, јуни 2006, Охрид, Македонија, Зборник на трудови стр. 222-230.
2. Petkovski L., Tančev L., Mitovski S., "A contribution to the standardization of the modern approach to assessment of structural safety of embankment dams", 75th Congress of the International Committee on Large Dams, June 2007, St. Petersburg, Russia, Proceedings, CD-ROM.
3. Kokalanov G., Tančev L., Mitovski S., "Analysis of the elastic behaviour of La Aceña arch gravity dam", Ninth International Benchmark Workshop on Numerical Analysis of Dams, ICOLD Committee on Computional Aspects of Analysis and Design of Dams, June 2007, St. Petersburg, Russia, прикажан во: International Journal on Hydropower & Dams, Volume Thirteen, Issue 5, 2007.
4. Mitovski S., "Nelinearna analiza naponsko-deformabilnog stanja brane Lisiče", Multidisciplinarno modeliranje i projektovanje građevinskih materijala i konstrukcija, Međunarodna konferencija, Juni 2007, Subotica, Srbija, Zbornik radova, s.189-194.
5. Ефтоска М., Павловиќ С., Митовски С., Жилеска П.В., „Фактори кои влијаат на избор на оптимална технологија на изградба на големи брани", 12. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на

Македонија, Охрид, септември 2007 година, Зборник на трудови, стр.681-686.

6. Žileska P. V., Jovanovski M., Mitovski S., Dimitrov B., "Uticaj geotehničkih faktora na organizaciju i tehnologiju građenja brane Sv. Petka", Drugo naučno-stručno savetovanje saveza građevinskih inženera i srpsko društvo za mehaniku tla i geotehničko inženerstvo, Soko Banja, Oktobar 2007, Zbornik radova, s.265-270.
7. Petkovski L., Tančev L., Mitovski S., "Statička analiza hidrojalovišta simulacijom realne hronologije opterećenja", Drugo naučno-stručno savetovanje saveza građevinskih inženera i srpsko društvo za mehaniku tla i geotehničko inženerstvo, Soko Banja, Oktobar 2007, Zbornik radova, s.83-88.
8. Mitovski S., Eftoska M., Tančev L., "Rockfill dam Kneževo with asphaltic concrete core", International scientific-expert symposium GNP, March 2008, Zhabljak, Montenegro, Proceedings, p.275-280.
9. Mitovski S., Petkovski L., Tančev L., "Static analysis of dam Markova Reka", International scientific-expert symposium GNP, March 2008, Zhabljak, Montenegro, Proceedings, p.281-286.
10. Петковски Љ., Танчев Љ., Митовски С., „Статичка анализа на насипни брани на нестеновита основа", Втор конгрес за брани, Струга, мај 2009, Зборник на трудови, стр.65-75.
11. Ефтоска М., Митовски С., „Статичка анализа на насипни брани на нестеновита основа", Втор конгрес за брани, Струга, мај 2009, Зборник на трудови, стр.283-289.
12. Kokalanov G., Tančev L., Mitovski S., Lakočević S., "Analysis of a concrete face rockfill dam including concrete face loading and deformation using program package SOFiSTiK", 10th Benchmark Workshop on Numerical Aspects of dams, organized by INTERNATIONAL COMMISSION ON LARGE DAMS, Committee on Computational Aspects of Analysis and Design of Dams, Paris, September, 2009, Proceedings, CD-ROM.

Паралелно со наставната и научноистражувачката работа, кандидатот м-р Стевчо Митовски активно учествува и во применувачката работа, која се изведува во рамките на дејноста на Факултетот, а во продолжение е даден преглед на стручните трудови во кои партиципирал.

1. Елаборат за оскултација на јаловиштето на рудникот „Саса" – М. Каменица за 2005 година (април 2006), Танчев Љ., Витанов В., Петковски Љ., Јовановски М., Митовски С.
2. Елаборат за конструктивна анализа на опточната цевка на браната „Лошана" – Делчево (февруари 2007), Петковски Љ., Миловановиќ С., Танчев Љ., Алексовски Г., Митовски С.
3. Хидрауличка анализа на заштитената област на реката Злетовица (август 2007), Петковски Љ., Танчев Љ., Митовски С.

5



4. Хидрауличка анализа на реката Злетовица на потез кај клизиштето (октомври 2007), Петковски Љ., Танчев Љ., Митовски С.
5. Студија за последиците од поплавен бран предизвикан од уривање на хидројаловиштето Тополница, на рудникот Бучим-Радовиш, при изведба на песочната брана од 630 до 654 мнв (февруари 2008), Петковски Љ., Митовски С., Витанов В., Танчев Љ.
6. Основен проект за браната Кнежево со придружните објекти, Книга 2, Тело на браната, Свеска 2.2, Статичка стабилност, анализа на деформации и напрегања на браната (април 2008), Танчев Љ., Ѓ. Кокаланов, Витанов В., Петковски Љ., Митовски С. и други.
7. Основен проект за браната Кнежево со придружните објекти, Книга 2, Тело на браната, Свеска 2.3, Сеизмичка (динамичка) анализа на браната (април 2008), Петковски Љ., Танчев Љ., Витанов В., Митовски С.
8. Основен проект за браната Кнежево со придружните објекти, Книга 3, Обиколен тунел и загат, Свеска 3.2, Статички и динамички анализи (април 2008), Танчев Љ., Ѓ. Кокаланов, Петковски Љ., Митовски С.
9. Основен проект за браната Кнежево со придружните објекти, Книга 4, Темелен испуст, Свеска 4.2, Статички и динамички анализи (април 2008), Танчев Љ., Ѓ. Кокаланов, Митовски С.
10. Основен проект за браната Кнежево со придружните објекти, Книга 2, Свеска 2.3, Шахтен преливник, Свеска 5.2. Статички и динамички анализи (април 2008), Ѓ. Кокаланов, Танчев Љ., Петковски Љ., Митовски С. и други.
11. Изведбен проект за хидројаловиштето на рудникот Саса – М. Каменица за II фаза до кота 960 мнв, Дел 3 – Водоспроводници за одведување на површински и дренирани води, Апекс 4 (октомври 2008), Ѓорѓевски С., Танчев Љ., Витанов В., Петковски Љ., Јовановски М., Јосифовски Ј., Папиќ Ј., Митовски С.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци и констатации, можеме да констатираме дека кандидатот м-р Стевчо Митовски, дипл.град.инж., целосно ги исполнува условите за избор во звањето асистент по групата предмети: хидротехнички објекти, искористување на водните сили и водостопански системи на Градежниот факултет во Скопје. Резултатите од студирањето и ангажманите пред вработувањето на Градежниот факултет, а особено неговата работа и усовршување како помлад асистент, потврдуваат дека кандидатот постојано напредува, што ни дава гаранција дека поседува афинитет да се развие во квалитетен наставно-научен работник. Имено, кандидатот покажува залагање и постигнува успех во работата со студентите, истовремено заокружувајќи повисок степен на образование со одбраната на магистерската работа.

6.



Паралелно, кандидатот напредува и се афирмира и на полето на научно-истражувачката и применувачката работа, учествувајќи во релативно голем број објавени научни и стручни трудови.

Имајќи го предвид наведеното, Рецензентската комисија има особено задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ да му предложи кандидатот м-р Стевчо Митовски, дипл.град.инж., да биде избран во звањето асистент по групата предмети: хидротехнички објекти, искористување на водните сили и водостопански системи.

Членови на Рецензентската комисија

Проф. д-р Љубомир Танчев с.р.
Проф. д-р Љупчо Петковски с.р.
Проф. д-р Ѓорѓи Кокаланов с.р.

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
РО ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ц.о.
Бр. 07 – 38/1
28. 01. 2010 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО НАСТАВНАТА ДИСЦИПЛИНА АКТЕРСКА ИГРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ,

На конкурсот за избор на наставник во сите звања по наставната дисциплина актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје, објавен на 7.9.2009 година и исправката на 11.9.2009 година во дневните весници „Дневник" и „Коха" се пријави како единствен кандидат вонр. проф. м-р Владо Цветановски.

Наставно – научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на 2. седница одржана на 14.10. 2009 година донесе одлука бр.0202-527/2-3 со која формира Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставната дисциплина актерска игра и за членови ги избра:

1. **проф. Кирил Ристоски**
2. **проф. Слободан Унковски**
3. **проф. Кренаре Невзати**

Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на познавањето на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

Роден е 1959 година во Битола.

Во 1983 година дипломирал на Академијата за уметности во Нови Сад, на отсекот за интермедијална режија, во класата на проф. БОРО ДРАШКОВИЌ, еден од најпознатите синеасти во поранешна Југославија (Хороскоп, Нокаут, Усвитување, Кујна, Животот е убав...)

Во 1984 година се вработил на ФДУ во Скопје како помлад асистент по АКТЕРСКА ИГРА и понатаму напредува во звањата асистент, доцент и вонреден професор. Денес работи како професор по актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје во звањето вонреден професор.

Има режирано околу шеесетина претстави во македонските театри и во просторите на поранешна Југославија, а неговите претстави учествувале на сите позначајни фестивали, каде што биле највисоко вреднувани, (Стеријино позорје - Нови Сад, МЕСС – Сараево, Елбасан - Албанија, Војдан Чернодрински - Прилеп, Охридско лето - Охрид итн). Исто така, неговите претстави успешно ја презентирале Р.Македонија во Санкт Петербург, Париз, Каиро, Кан, Кишињев, Белград и Софија.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Од неговото дипломирање во 1983 година до денес, кандидатот работи како театарски и филмски режисер, а од 1984 година се занимава и со педагошка дејност.

Позначајни театарски претстави:

СТРОГА КОНТРОЛА – Ж.Жене, Н.Т.Куманово
КЛАНИЦА – С.Мрожек, М.Н.Т. Скопје
ИВОНА, КНЕГИЊА БУРГУНДСКА – В.Гомбрович, Д.Т. Скопје
МАЛОГРАЃАНСКА СВАДБА – Б.Брехт, М.Н.Т. Скопје
ЕМИГРАНТИ – С.Мрожек, Д.Т.Скопје
КУЛА ВАВИЛОНСКА – Г.Стефановски, Обала Сараево
ПОДЗЕМНА РЕПУБЛИКА – Ј.Плевнеш, Н.Т. Битола
NOTRE FEMME DE PARIS – Ј.Плевнеш, Н.Т. Битола
ДОМОТ НА БЕРНАРДА АЛБА – Ф.Г.Лорка, Н.Т. Битола
МАЈСТОРОТ И МАРГАРИТА – М.Булгаков, Н.Т. Битола
СРЕЌАТА Е НОВА ИДЕЈА ВО ЕВРОПА – Ј.Плевнеш, Д.Т. Скопје
ПОЛКОВНИКОТ ПТИЦА – Х.Бојчев, Н.Т. Прилеп
ХАМЛЕТ – В.Шекспир, Д.Т. Скопје
ЕРИГОН – Ј.Плевнеш, М.Н.Т. Скопје
ТРЕТИОТ ЧИН – А.Чехов, Н.Т. Битола
ЖЕНА ЗА ПОЛКОВНИКОТ – Х.Бојчев, Н.Т Прилеп
СЛУЧАЈОТ МАРКИЗА ДЕ САД – Ј.Мишима, Н.Т. Прилеп
СОВРШЕНСТВО ИЛИ СМРТ – Б.Минески, Н.Т. Прилеп
ОСМОТО СВЕТСКО ЧУДО – Ј.Плевнеш, Н.Т. Битола
ТАРТИФ – А.Розман – Н.Т Штип

СВЕТИЛНИКОТ – Д.Талев, Н.Т.Прилеп

СИТЕ ЛИЦА НА ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ – Ј.Цветановска, Д.Т. Скопје

СИЈАХ КАЛЕМ – И.Емин, Ј.Плевнеш, Т.Т Скопје

КРПЕН ЖИВОТ – С.Попов, Н.Т. Прилеп

СТРИНДБЕРГ ДОСИЕ-А.Стриндберг, Н.Т.Струмица

Неговите претстави, и од македонските и од светските театролози, најчесто биле вреднувани како богати визуелни глетки, структурирани по принципот на филмскиот јазик.

Добитник е на голем број награди за своите театарски остварувања. Ги издвојуваме следниве награди:

- наградата „Млад борец", 1984;
- вонредната Стеријина награда за претстава во целина на Стеријино позорје, 1991 година, за претставата ПОДЗЕМНА РЕПУБЛИКА;
- награди за најдобра театарска режија на МТФ-ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ – Прилеп-1991, 1994, 1996 и 1999 година

На истиот фестивал неговите претстави биле наградувани како најдобри театарски претстави во целина:

- Подземна република, 1991;
- Notre femme de Paris, 1994;
- Мајсторот и Маргарита, 1996;
- Полковникот птица, 1998.

Го режирал долгометражниот игран филм ТАЈНАТА КНИГА, во која покрај бројната екипа македонски актери, учествуваат и Жан – Клод Кариер и Тиери Фремон, директор на фотографија бил Тиери Арбогаст, а монтажа - Жак Вита.

Неговата домашна премиера била на фестивалот БРАЌА МАНАКИ во 2006 година во Битола, а интернационалната на МОСТРА, Сао Паоло, Бразил.

Филмот учествувал на повеќе од дваесетина филмски фестивали во светот.

За МТВ има реализирано неколку документарни филмови, за македонските традиционални обележја, како и голем дел од неговите театарски претстави.

**Ги режирал документарните филмови:**

- ЖЕНСКИ ПРИКАЗНИ;
- МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ.

Кандидатот остварил студиски престој на Конзерваториумот за драмски уметности, во Париз Франција, во учебната 1991/92 година, (предмет на истражување: методот на изучување на актерската игра), како и

студиска програма во САД, 1990, на повеќе универзитети, (предмет на истражување: програмите на факултетите за драмска уметност во САД).

Учествувал на повеќе симпозиуми кај нас и во светот. Бил повеќе пати член на жири на значајни фестивали.

Во периодот 1999-2001 година бил генерален директор на МАКЕДОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН ТЕАТАР-ОПЕРА И БАЛЕТ.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Во неговата посветена педагошка дејност од 1984 година до денес, излегле бројни генерации на актери, кои успешно го водат репертоарот во македонските театри, повеќе пати се наградувани на разни фестивали, како и играат главни улоги во филмови од домашна и од интернационална продукција.

Исто така, повеќе генерации студенти по соло - пеење при ФМУ го учеле актерскиот занает под негово менторство, а во рамките на предметот ОСНОВИ НА АКТЕРСКАТА ИГРА.

Кандидатот м-р Владо Цветановски последен пат е избран во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР на 23.2.2005 година.

## ЗАКЛУЧОК

Од претходно кажаното, може да се заклучи дека вонр. проф. м-р Владо Цветановски е исклучителна креативна личност, со богат творечки потенцијал. Педагог со модерен сензибилитет. Посветен на своите студенти што се гледа од нивните резултати и од неговата сестрана уметничка дејност.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно - научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, кандидатот м-р вонр. проф. Владо Цветановски да биде избран во звањето редовен професор, по наставната дисциплина актерска игра на Катедрата за драмски актери.

**Рецензентска комисија**

**Ред. проф. Кирил Ристоски с.р.**

**Ред. проф. Слободан Унковски с.р.**

**Ред. проф. Кренаре Невзати с.р.**

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Владо Симо Цветановски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за драмски уметности - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **актерска игра**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Актерска игра 6 (летен семестар 2005), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 2 | Актерска игра 7 (зимски семестар 2005), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 3 | Актерска игра 8 (летен семестар 2006), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 4 | Актерска игра 6 (лет.сем.консулт. 2005), часа 4*12*15*0,002 | 1,44 |
| 5 | Актерска игра 7 (зим.сем.консулт. 2005), часа 6*12*15*0,002 | 2,16 |
| 6 | Актерска игра 8 (лет.сем.консулт. 2006), часа 6*12*15*0,002 | 2,16 |
| 7 | Ментор за дипломска работа 12 * 0,2 | 2,40 |
| 8 | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа 12*0,1 | 1,20 |
| 9 | Актерска игра 1 (зимски семестар 2006), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 10 | Актерска игра 2 (летен семестар 2007), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 11 | Актерска игра 3 (зимски семестар 2007), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 12 | Актерска игра 4 (летен семестар 2008), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 13 | Актерска игра 5 (зимски семестар 2008), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 14 | Актерска игра 6 (летен семестар 2009), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 15 | Актерска игра 1 (зим.сем.консулт. 2006), часа 4*12*15*0,002 | 1,44 |
| 16 | Актерска игра 2 (лет.сем.консулт. 2007), часа 4*12*15*0,002 | 1,44 |
| 17 | Актерска игра 3 (зим.сем.консулт. 2007) часови 4*12*15*0,002 | 1,44 |
| 18 | Актерска игра 4 (лет.сем.консулт. 2008), часа 4*12*15*0,002 | 1,44 |
| 19 | Актерска игра 5 (зим.сем.консулт. 2008), часа 4*12*15*0,002 | 1,44 |
| 20 | Актерска игра 6 (лет.сем.консулт. 2009), часа 4*12*15*0,002 | 1,44 |
| | **Вкупно** | **61,20** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета магистерска работа<br>Институт за македонска литература – Скопје, 2009.<br>Тема: Фолклорните и етнолошките елементи во романот „Крпен живот" на Стале Попов | 4 |
| | **Вкупно** | 4 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста:<br>Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – режирани театарски претстави | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2005-СОВРШЕНСТВО ИЛИ СМРТ – Б.Миневски – НТ Прилеп | 4 |
| 2 | 2006-ОСМОТО СВЕТСКО ЧУДО – Ј.Плевнеш – НТ Битола | 4 |
| 3 | 2007-СВЕТИЛНИКОТ – Д.Талев – НТ Прилеп | 4 |
| 4 | 2007-ТАРТИФ – А.Розман – НТ Штип | 4 |
| 5 | 2008-СИТЕ ЛИЦА НА ПЕТРЕ.М.АНДРЕЕВСКИ – ДТ Скопје | 4 |
| 6 | 2009-СИЈАХ КАЛЕМ – И.Емин, Ј.Плевнеш – Турски театар Ск. | 4 |
| 7 | 2009-КРПЕН ЖИВОТ – С.Попов – НТ Прилеп | 4 |
| 8 | 2009-СТРИНБЕРГ ДОСИЕ – А.Стринберг – НТ Штип | 4 |
| | **Документарни филмови** | |
| 1 | 2005-ЖЕНСКИ ПРИКАЗНИ – продукција: ЕНОХ<br>(учествувал на интернационалните фестивали во Белград, Загреб и Торонто) | 4 |
| 2 | 2008-МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ<br>продукција: МАКЕДОНСКА КРЕПОСТ | 4 |
| | **Игран филм** | |
| 1 | 2006-ТАЈНАТА КНИГА – продукција: ЕНОХ и КТВ МЕДИЈА<br>(учествувал на повеќе од 20 интернационални фестивали) | 8 |
| | | |
| | **Вкупно** | **48** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 61,20 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 48,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 38,50 |
| **Вкупно** | **151,70** |

**Членови на Комисијата**

**1. Ред. проф. Кирил Ристоски, претседател с.р.**

**2. Ред. проф. Слободан Унковски, член с.р.**

**3. Ред. проф. Кренаре Невзати, член с.р.**

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЛНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: Член на меѓународна жири - комисија | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2007-АКТЕРОТ НА ЕВРОПА | 2 |
| 2 | 2008- АКТЕРОТ НА ЕВРОПА | 2 |
| | **Дејности од поширок интерес** Учество на неговите студенти во промотивни активности на Факултетот со испитни претстави | |
| 1 | 2007- Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0,5 |
| 2 | 2007- МТФ Војдан Чернодрински – Прилеп | 0,5 |
| 3 | 2008- Поетска ноќ – Велестово | 0,5 |
| 4 | 2008- ФААТ – Кочани | 0,5 |
| 5 | 2009- ФААТ – Кочани | 0,5 |
| 6 | 2009- МТФ Војдан Чернодрински – Прилеп | 0,5 |
| 7 | 2009- Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0,5 |
| | **Учество на неговите дела( претстави и филмови) на национални и интернационални манифестации** | |
| 1 | 2005- СОВРШЕНСТВО ИЛИ СМРТ–МТФ, В.Чернодрински–Прилеп | 1 |
| 2 | 2007- ТАРТИФ - МТФ, В.Чернодрински–Прилеп | 1 |
| 3 | 2008- СВЕТИЛНИКОТ - МТФ, В.Чернодрински–Прилеп | 1 |
| 4 | 2008- СВЕТИЛНИКОТ – МОТ - Скопје | 2 |
| 5 | 2009- СИЈАХ КАЛЕМ - МТФ, В.Чернодрински–Прилеп | 1 |
| 6 | 2009- СВЕТИЛНИКОТ–Театарски фестивал ШУМЕН, Р.Бугарија | 2 |
| 7 | 2009- СИТЕ ЛИЦА НА ПЕТРЕ,М.АНДРЕЕВСКИ – Сараевска зима – Сараево | 2 |
| 8 | 2009- КРПЕН ЖИВОТ – Охридско лето - Охрид | 2 |
| | | |
| | **Филмот ТАЈНАТА КНИГА учествувал на:** | |
| 1 | 2006- Браќа Манаки, Битола **(ICFF „Manaki Brothers“)** | 1 |
| 2 | 2006- Сао Паоло, Бразил – **Mostra internacional de Cinema** | 2 |
| 3 | 2006- Манхајм – Хајдлберг, Германија - **Internacionales Filmfestival Mannheim – Heidelberg** | 2 |
| 4 | 2006 – Кан, Франција, **The Cannes Film Festival** | 2 |
| 5 | 2007- Пуна, Индија, **PUNE INTERNATIONAL FILM FESTIVAL** | 2 |
| 6 | 2007 – Торонто, Канада, **Macedonian Film Festival – Toronto** | 2 |
| 7 | 2008 – Париз, Франција, **Europa Cinemas** | 2 |
| 8 | 2008- Брисел, Белгија, **Forum of Slavic Cultures** | 2 |
| 9 | 2008 – Печуј, Унгарија **Europoetica Nemzetkozi KOLTESZETI festival** | 2 |
| 10 | 2009 – Солт Лејк Сити, САД, **North American Conference on Macedonian Studies** | 2 |
| | **Вкупно** | **38,50** |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НЕХОЛОНОМНА ГЕОМЕТРИЈА И НЕХОЛОНОМНО ПРОШИРУВАЊЕ НА ТЕОРИЈАТА НА РЕЛАТИВНОСТ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕМИЛИЈА ГЕОРГИЕВА ЦЕЛАКОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Цо одлука бр. 07-1073/14 од Наставно - научниот совет на Природно - математичкиот факултет на седницата одржана на 24. 12. 2009 година, избрани сме за Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Нехолономна геометрија и нехолономно проширување на теоријата на релативност", од кандидатката Емилија Георгиева Целакоска, магистер на математички науки.

По разгледувањето на поднесената докторска дисертација, до Наставно - научниот совет на Природно - математичкиот факултет го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци.** Докторската дисертација „Нехолономна геометрија и нехолономно проширување на теоријата на релативност", од м-р Емилија Георгиева Целакоска, е изложена во 8 глави и заедно со литературата содржи 187 страници. Првата и осмата глава се вовед и заклучок соодветно и претставуваат прегледни глави, а втората и четвртата глава се фокусирани на елементите од потесното подрачје од диференцијалната геометрија кое дисертацијата го обработува. Во петтата глава се дадени оригинални согледувања кои се подготовка за следните глави, а поважните придонеси се содржани во третата, шестата и седмата глава. Приложениот преглед на користена литература се состои од 142 референци и во 10 референци кандидатката е автор или коавтор на публикуван труд по темата на дисертацијата. Овие трудови се објавени во 8 меѓународни списанија и зборници од меѓународни научни собири, како и во 2 домашни списанија. Резултатите се презентирани на 5 меѓународни и 4 домашни научни собири.

**Предмет на дисертацијата.** Диференцијалната геометрија има обопштувања во различни насоки и една од нив е развиена преку наметнување на дополнителни карактеристики на геометриските структури на многуобразијата во вид на ограничувања. Оваа насока води кон суб-Риманова или нехолономна геометрија.

Во оваа дисертација се користени елементи од нехолономната геометрија за да се дефинира нелинеарна конексија и соодветни равенки на геодезиски криви на едно кофигурациско многуобразие. Понатаму, тоа е искористено за добивање равенки на движење коишто применети на стандардните тестови даваат резултати во согласност со општата теорија на релативност.

Во математичките основи на општата теорија на релативност лежи Римановата геометрија која претпоставува линеарни тангентни простори на многуобразието, а кои не можат директно да се поврзат со нелинеарниот простор на нормализираните и временски позитивно насочени тангентни вектори (4-брзините). Во оваа дисертација е направен алтернативен геометриски пристап

кон релативноста во простор со рамна метрика преку воведување на нова конексија и геодезиски криви коишто ги земаат предвид нехолономните аспекти на простор-времето преку користење на елементи од нехолономната геометрија. Притоа:

– Изолиран е проблемот на опишување на физичката реалност преку Римановата геометрија и согледани се алтернативни пристапи преку дефинирање на нехолономни структури во кои теоријата добро се согласува со експерименталните факти.

– Даден е детален преглед на основите на нехолономната геометрија преку различните погледи кон нејзиното дефинирање.

– Идентификувани се нехолономните елементи на општата теорија на релативност, со цел понатаму геометризацијата на простор-временското многуобразие да се направи максимално можно во согласност со таквите согледувања.

– Направен е комплетен преглед на изометриските линкови меѓу векторите на 4 брзини во просторот на Минковски и докажана е еднаквоста на навидум различните пристапи презентирани во литературата. Соодветно избраната изометрија е искористена за дефинирање на конексија и равенки на геодезиски криви.

– Суштинскиот дел на дисертацијата е дефинирањето на нова конексија којашто дејствува во простор со рамна метрика и којашто во поголема мера ја респектира нелинеарноста на операциите со векторите на 4 брзини. Од таа причина, конексијата не е изведена од метриката и е нелинеарна. Таа има нехолономни својства ако се има предвид нејзината особина да го редуцира паралелниот пренос на векторите само во правец на векторите на 4 брзини.

– Дефинирани се равенки на геодезиски криви што се во согласност со новата конексија. Овие равенки се искористени за пресметка на гравитационите ефекти од класичните тестови на општата теорија на релативност: поместувањето на фреквенциите кон црвено, прецесија на перихелот и скршнувањето на светлината во близина на Сонцето. Добиена е согласност со соодветните резултати што се добиваат од општата теорија на релативност, а истото е направено и за некои аномалии, при што проценките и резултатите се задоволителни.

Дисертацијата дава еден нов поглед на важни геометриски аспекти на релативноста базирани на сознанијата од нехолономната геометрија и се обидува преку новата конексија да воведе равенки на движење коишто се во согласност со експерименталните факти. Воведената конексија функционира во простор со рамна метрика, што е еден обид да се направи приближување на релативноста кон другите физички теории на полиња коишто се развиени во рамен простор.

**Анализа на дисертацијата.** Материјалот во дисертацијата е изложен во 8 глави. *Првата* глава претставува вовед, во кој се дадени општи работи во врска со темата, целите и очекуваните резултати од дисертацијата.

Во *втората* глава се изложени основните елементи на диференцијалната геометрија коишто се потребни во понатамошното излагање. Централните поими: многуобразија, раслојувања, тензори, диференцијални форми, Лиеви групи и изводи, конексии, Ехресманова конексија, главна конексија, афини конексии, коваријантни изводи, паралелен пренос, геодезиски линии, торзија, кривина, метрички тензор, неметричност се разгледувани во оваа глава. Со цел да се претстави формализмот на метричките гравитациони теории, изведени се

Ајнштајновите равенки и накратко се дадени основите на специјалната теорија на релативност и на општата теорија на релативност.

Основната тема на *третата* глава се Лоренцовите изометрии во просторот на векторите на 4 брзини. Најпрво е опишан просторот на векторите на 4 брзини, којшто не е векторски простор, туку само лупа во однос на специфично дефинираната операција на релативистичко собирање на брзини. Суштинскиот дел во оваа глава се Лоренцовите изометрии со бустови што поврзуваат вектори со иста норма. Покажана е еднаквоста на изометриите со буст дискутирани во литературата. На крајот, накусо е дискутирана Лиевата алгебра на Лоренцовата група.

*Четвртата* глава е комплетно посветена на нехолономната геометрија и различните начини на нејзино дефинирање. Имено, дадени се четири погледи кон нехолономната геометрија: некомутативен поглед, суб-Риманов поглед, поглед од аспект на механичките системи и поглед преку системи диференцијални равенки. Генерално, нехолономната геометрија и општата теорија на нехолономните системи е прилично сложена и недоволно развиена и таа далеку заостанува зад теоријата на холономните системи.

Во *петтата* глава се изложени, според авторката, согледувања за нехолономните аспекти на релативноста коишто се базирани на согледувањето дека на простор-временското многуобразие не постои крива меѓу секој пар точки. Причината за ваквата ситуација е лимитирањето на дозволените брзини со брзината на светлината, што понатаму води до нелинеарност на просторот на 4брзини и нехолономна структура на просторот добиен со редукција на тангентниот простор на вектори на 4 брзини. Понатаму подетално се дискутирани (нехолономните) ортонормалните координати и нивната улога во релативноста. Согледувањата изложени во петтата глава се основен мотив за воведување на нелинеарна и нехолономна конексија и равенки на геодезиски криви, коишто се предмет на шестата глава.

Воведувањето на нова, нелинеарна (по правци) и нехолономна конексија е основна тема на *шестата* глава. Наместо користење на „стандарден" координатен пристап за добивање на конексијата, тука таа е изведена директно преку векторите на 4 брзини. Ваквиот пристап бара многуобразие со глобална Лоренцова инваријантност, што стандардно се сведува на простор со рамна метрика (Минковски) и резултира во нелинеарна конексија. Нехолономноста на конексијата се должи на фактот што таа овозможува паралелен пренос само во правец на векторите на 4 брзини. Нелинеарноста на овој простор повлекува нелинеарност на конексијата и неможност директно да се примени математичкиот апарат на линеарни векторски дистрибуции. Направена е и споредба на новата конексија со конексиите користени во други релевантни теории: конексијата на Леви-Чивита од општата теорија на релативноста, конексиите од метричко-афините геометрии, конексиите од телепаралелните геометрии, конексијата од Финслеровата геометрија и со општата Ехресманова конексија.

*Седмата* глава е посветена на споредбата на ефектите од новите равенки на движење со оние добиени од општата теорија на релативност преку стандардните гравитациони тестови: поместување на фреквенциите кон црвено, поместување на перихелот на планетите и скршнување на светлината во близина на Сонцето. Разгледани се и попознатите аномалии - измерени ефекти, за коишто релативноста не нуди задоволително објаснување.

На крајот, во *заклучокот*, сумирани се мотивите, целите и резултатите на дисертацијата и изложени се согледувањата за понатамошна работа.

Општо речено, оваа дисертација е обид во основите на релативноста да се постави една поинаква геометрија од Римановата, да се проучат нејзините карактеристики преку користење елементи од нехолономната геометрија и да се испитаат можностите за нејзина реална примена. Може да се смета дека оваа дисертација дава почетни елементи за развој на алтернативна теорија на релативност којашто можеби ќе може попрецизно да опише одредени аномалии во гравитационите експерименти.

Трудовите цитирани во докторската дисертација, а во кои кандидатката е автор или коавтор, се дадени во следнава листа:


[32] Celakoska E., Trencevski K., Geometrical and physical interpretation of the equivalence principles and their experimental evaluation. *Phys. Maced.* 56, 2006b, pp. 11-21.

[33] Celakoska E., Trencevski K., Parameters for Viability Check on Gravitational Theories Regarding the Experimental Data. *Prog. Phys. v1/2009*, 2009, pp. 59-60.

[34] Celakoska E., On Isometry Links between 4-Vectors of Velocity, *Novi Sad Journal of Mathematics* 38(3) 2008a, pp. 165-172.

[36] Celakoska E., Trencevski K., Transition between Relativistic 4-Velocities using a Tensor. *International Journal of Pure and Applied Mathematics* 41(8) 2007, pp. 1143-1152.

[37] Celakoska E, A Nonlinear Connection in Spacetime Manifold. *Math. Maced.* 6, 2008b, pp. 39-45.

[38] Celakoska E., Trencevski K., Balan V., Application of the Thomas Precession to the Deformations of a Rotating Disc. *Ukrainian Mathematical Bulletin* Vol. 6, issue 4 (2009) pp. 429-435.

[120] Trencevski K., Celakoska E., Balan V., On a Parameterization of the Poincare Group. *Int. J. Pure Appl. Math.* 30(1) 2006, pp. 109-117.

[121] Trencevski K., Celakoska E., On the Equations of Motion in the Minkowskian Space. *Proceedings of the International Conference of Differential Geometry and Dynamical Systems, DGDS-2007, October 5-7 2007 Bucharest*, 2008a, pp. 211-220.

[122] Trencevski K., Celakoska E., A New Approach to the Frame Dragging Effect. *Proceedings of the International Scientific Conference 6-10.06.2007, Fac. of Math. and Nat. Sci., Southwest Univ. Neofit Rilski, Blagoevgrad, Vol.1*, 2008b, pp.71-75.

[123] Trencevski K., Celakoska E., General Formulae for Frequency Shifts Using a Parallel Transport of Wave 4-Vector in Flat Minkowski Space, *Proceedings of WCE 2009, The 2009 International Conference of Applied and Engineering Mathematics, 1-3 July, London*, Vol. II, 2009, pp. 1003-1009.


## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на направената анализа, Комисијата заклучи дека во изработената докторска дисертација „Нехолономна геометрија и нехолономно проширување на теоријата на релативност", кандидатката м-р Емилија Георгиева Целакоска успешно ги совладала теориските поставки и методите за научно истражување од областа на диференцијалната геометрија и во нив дала свој научен придонес. Таа одлично ги разбира математичките поставки на општата теорија на релативност и својот научен придонес успешно го вклопила во нов математички модел кој е во согласност со експерименталните факти.

Резултатите од докторската дисертација, кандидатката ги публикувала во повеќе меѓународни списанија и зборници од трудови, како и во неколку домашни списанија.

Врз основа на претходното образложение, Комисијата му препорачува на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да го прифати извештајот и на м-р Емилија Георгиева Целакоска да ѝ одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Нехолономна геометрија и нехолономно проширување на теоријата на релативност".

Рецензентска комисија

1. Д-р Костадин Тренчевски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
2. Д-р Владимир Балан, редовен професор на Факултетот за применети науки во Букурешт, Романија, с.р
3. Акад. Дончо Димовски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
4. Д-р Никита Шекутковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
5. Д-р Живорад Томовски, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА ПРЕДМЕТОТ ИСТОРИЈА И ТЕОРИЈА НА УМЕТНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 19. 11. 2009 година избра Рецензентска комисија во состав: ред. проф. д-р Владимир Величковски, претседател, вонр. проф. д-р Анета Серафимова, член и ред. проф. д-р Иван Џепаровски, член.

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија" и „Лајм" на 28 октомври 2009 година за избор на наставник, во сите звања, по предметот историја и теорија на уметноста на Факултетот за ликовни уметности, се пријавија м-р Емил Алексиев, д-р Џемил Бектовиќ и д-р Сузана Милевска.

Врз основа на приложената документација поднесена од страна на кандидатите, како и врз основа на следењето на нивната професионална дејност, Рецензентската комисија има чест да го достави следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Рецензентската комисија формирана од Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности се состана и ги разгледа пријавите по конкурсот за избор на наставник, во сите звања, по предметот историја и теорија на уметноста на Факултетот за ликовни уметности, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Лајм" на 28 октомври 2009 година. Врз основа на деталниот увид и разгледување на документацијата, рецензентската комисија предлага двајца кандидати да не бидат предмет на натамошно разгледување, и тоа:

**М-р Емил Алексиев**, покрај тоа што организирал повеќе изложби, напишал повеќе предговори за индивидуални и групни изложби, како и една монографија, тој нема докторат и на тој начин не го задоволува основниот, формален услов на конкурсот.

**Д-р Џемил Бектовиќ** организирал определен број изложби за кои напишал и предговори, а објавил текстови во неколку списанија. Темата на неговиот магистерски труд беше „Македонскиот дизајн по 1945 година", додека докторатот добиен една година по магистрирањето се однесува на тема која во извесна смисла е издвоен сегмент во историјата и теоријата на уметноста, кој треба да опфати широк дијапазон на теми и проблеми со посебна нагласка на модерната и современата уметност.

Рецензентската комисија токму заради изнесените елементи смета дека треба да се задржи на кандидатката д-р Сузана Милевска.

**Биографски податоци**

**Д-р Сузана Милевска** е родена во Битола во 1961 година. Дипломирала на Институтот за историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет во Скопје во 1984 година. Во 1994 година дипломирала историја на уметноста, историја и филозофија на уметноста и архитектурата на Централноевропскиот универзитет во Прага (еквивалент на МА). Приложено е уверение од ЦЕУ датирано на 21 јуни 2001 година. Во 2001-2005 година ги завршила докторските студии на Голдсмитс колеџ на Лондонскиот универзитет во Лондон, Велика Британија (д-р Ирит Рогоф), а во 2006 година добила докторат на Отсекот за визуелни култури. Врз основа на дипломата издадена на 30. 4. 2006 година, Министерството за образование и наука на Република Македонија на д-р Сузана Милевска и издава Одлука за признавање на високообразовната квалификација стекната во странство, заведена на 20. 12. 2007 година, Скопје. Од 1997 до 2005 година работела како кураторка во Отворено графичко студио при Музејот на град Скопје. Во 2001 година ја добила истражувачката стипендија за куратори на Американската фондација „Пол Гети", а во 2004 година - реномираната истражувачка стипендија „Фулбрајт" во Америка на тема „Репрезентација на имигрантите од Балканот во современата американска фотографија„.

Од 2006 до 2008 година била назначена за директорка на Центарот за визуелни и културни истражувања при „Евро-Балкан"-Иститут за општествени и хуманистички судии. Во моментов е вработена на Академија „Италијана" во Скопје, висока стручна школа во областа на дизајнот со седиште во Фиренца, каде што предава историја на уметност, анализа и теорија на стилови и визуелни комуникации.

Паралелно предава хонорарно на Факултетот за комуникации и нови медиуми на Универзитетот „Њујорк" во Скопје. На додипломските студии на оваа институција го предава предметот визуелни комуникации, а предметот дигитални уметности го предава на постдипломските студии.

На 7 октомври 2009 година е издадена потврда за избор на д-р Сузана Милевска во научно звање - научен соработник, односно доцент врз основа на одлука од 31. 10. 2007 година на Матичната изборна комисија на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан".

**Кураторска активност**

Уште во 1992 година Милевска ги остварува првите контакти со Меѓународното истанбулско биенале и како резултат на континуираното одржување на контактите почнува да дејствува како национална координаторка за Македонија со што било иницирано учеството на македонските уметници Жанета Вангели, Беди Ибрахим и Оливер Мусовиќ на оваа престижна меѓународна изложба.

Паралелно со учеството во главните изложби на Биеналето, таа во Истанбул поставува и групни кураторски проекти, независно од Биеналето, „Јас и Другиот" (1995), како дел од манифестацијата „Денови на македонската култура" во Турција, и два пати како составен дел од паралелната програма на Истанбулското биенале, „Желбени машини" (1997) и „Секогаш веќе Апокалипса" (1999).

Од тие контакти произлегуваат и проектите "Мост" на Марина Абрамовиќ (1997), „Мали големи приказни“ (Стокхолм, 1998), „Збoрови, објекти, дела“ (МГС, 2000)-соработка на американски и македонски уметници, „Кореспонденции“ (Берлин, Бон, Штутгарт) и јавниот проект „Капитал и пол“ (Градски трговски центар, 2001).

Во својата осумнаесетгодишна кариера како кураторка, Милевска реализирала околу шеесетина уметнички изложби и други кураторско-дискурзивни проекти (конференции, летни школи, работилници, серија предавања и сл.) во Македонија и во странство: Скопје, Охрид (1992-2009), Стокхолм (1998), Провиденс, САД (1997), Истанбул (1992, 1993, 1995, 1997, 1999), Берлин (2000, 2006), Бон (2001), Штутгарт (2001), Лајпциг (2002, 2004), Прага (2005), Солун (2005), Лондон (2006), итн., а најновиот кураторски проект „Машина за преименување“ што беше поставен во Љубљана, Скопје, Приштина и Загреб (2008-2009) ќе биде презентиран и во Виена (Австрија) и Каен (Франција) во 2010 година.

На покана од организаторите била кокураторка на Меѓународното биенале во Прага со својот проект „Работнички клуб“ (2005) и била национална кураторка за Солунското биенале „Космополис“ во 2005 кога од Македонија учествуваа шест уметници.

**Педагошка активност**

Во периодот 2006-2009 година, Милевска како директорка на Центарот за визуелни и културни истражувања при „Евро-Балкан“ предавала академско пишување и теории на културите и родот, а била ментор и на постдипломските студии во областа на родовите студии.

Во текот на докторските студии на Голдсмитс колеџот при Лондонскиот универзитет (од 2003-2005), Милевска предавала како вонреден тутор (еквивалентно на асистент) на три курса на додипломските студии на истиот колеџ - кураторско знаење, техники и технологии-фотографија и врамување на уметноста-музеи и галерии.

Во најновиот период, Милевска, како вработена на Академија „Италијана“ во Скопје предава историја на уметноста, анализа и теорија на стилови и визуелни комуникации и нови медиуми на Универзитетот „Њујорк“ во Скопје. На додипломските студии на оваа институција го предава предметот визуелни комуникации, а предметот дигитални уметности го предава на постдипломските студии каде што е ментор на неколку идни магистри.

Со свои излагања и теоретски предавања Милевска учествувала на шеесетина меѓународни конференции од областа на современата уметност, од кои самата организирала двесетина конференции и летни школи на различни уметнички и културолошки теми. Јавни предавања или презентации одржала во „Тејт Модерн“ во Лондон (2000, 2006), Уметничкиот институт во Чикаго, САД (1999, 2007), Музејот на модерната уметност во Стокхолм (2001), Музејот на современата уметност во Кумамото, Јапонија (2004), Кунстхаус, Грац (2008), Академијата на уметноста во Берлин (2008), Музејот на современа уметност „Киазма“, Хелсинки (2009), МУМОК, Виена (2009) итн., и на познатите

универзитети: Колумбија, Оксфорд, Лидс, Ист Англија, Лондонскиот универзитет, Универзитетот Ганди во Њу Делхи, како и во Конгресната библиотека во Вашингтон Д.Ц., и во Академијата на науките и уметностите во Љубљана.

**Библиографија**

Во почетокот на кариерата, од 1989 до 1996 Милевска редовно пишува рецензии за изложби како ликовен критичар во дневните весници и ревијалните магазини како „Вечер", „Нова Македонија", „Република", „Пулс", „Млад борец", „Форум" итн. Потоа, објавува теоретски текстови во стручните списанија за уметност и култура во Македонија: „Големото стакло", „Културен живот", „Арт Република", „Идентитети" и во многу списанија во странство (во Стокхолм, Мексико Сити, Њујорк, Милано, Лондон, Виена, Кумамото, Обединетите Арапски Емирати, Истанбул, Букурешт, Љубљана итн.).

Покрај авторската книга „Родовите разлики на Балканот" (објавена во 2009 на англиски од германската издавачка куќа ВДМ-Верлаг), Милевска уредила и објавила околу двесте педесет текстови, книги, зборници, каталози и рецензирани стручни списанија кои досега се преведени на 20 различни јазици (француски, англиски, италијански, германски, бугарски, словенечки, српски, турски, албански, грчки, романски, чешки, полски, шведски, индиски, корејски, фински, јапонски, арапски, унгарски).

Неколку нејзини текстови станаа дел од силабите на различни академски институции, како на пример Колеџот Вилијамс (Вилијамстаун, Масачусетс, САД), Универзитетот за уметност и дизајн „Емили Кар" (Онтарио, Канада) и на Универзитетот Јорк.

Во обемната библиографија на Милевска се вбројува и пишувањето предговори во каталози за индивидуални и групни изложби изработени во периодот 1989-2009 година.

Стручната и научната активност и вредности на д-р Сузана Милевска кои се огледаат и потврдуваат во сите овие претходно набележани активности и ангажираност, од школувањето и добивањето академски титули до објавувањето на повеќе текстови од различен вид и карактер, меѓу кои и книги објавени во земјата и во светот е единствена кај нас и заслужува посебен респект и верификација. Нејзината основна определба во теоријата и критиката би можела накусо вака да се сумира:

Теоретските, истражувачките и кураторските интереси на д-р Сузана Милевска произлегуваат од континуираната постколонијална критичка размисла за спецификите на уметноста во контекст на глобализацијата на културата и опфаќаат повеќе теми и области, од кои поважни се: постколонијалната критика на релација меѓу современите уметнички медиуми и практики во Западна и Источна Европа, родовите разлики во уметноста, релацијата меѓу традиционалните уметности и новите уметнички медиуми како видеото, инсталациите, перформансите, партиципаторските и другите општествено ангажирани проекти, како и испреплетувањето на уметничките дела со пошироките културолошки феномени.

**Членство во професионални здруженија и совети:**

- од 1994, член на Македонската секција на Меѓународното здружение на ликовни критичари А.И.К.А A.I.C.A (*International Association of Art Critics*);
- од 2002, член на Меѓународната федерација на универзитетски жени IFUW (*International Federation of University Women*);
- 2004, 2005, Член на петчлениот Меѓународен совет на Музејот на современа уметност, Кумамото, Јапонија (International Advisory Board of Museum of Contemporary Art, Kumamoto, Japan);
- 2004-2006, член на колективниот борд на *Феминистичка ревија*, списание со седиште во Лондон (*Feminist Review, journal*);
- од 2005, член на ИКТ - Меѓународно здружение на куратор IKT (*International Association of Curators*);
- од 2006, дописен уредник на *Феминистичка ревија*, рецензирано списание со седиште во Лондон (*Feminist Review, journal*);
- од 2009, член на Уредничкиот совет на он-лајн списанието *Sextures.*

**Член на жири комисии:**

- 1993 Трето биенале на млади, Музеј на современа уметност, Скопје;
- 1996 „Икона на сребро" / "Icon on Silver" - Second Annual Exhibition of SCCA-Skopje, Macedonia;
- 1997 "Murder" - Second Annual Exhibition of SCCA - Belgrade, Belgrade (SR, Yugoslavia);
- 1998 "Permanent Instability" - First International Exhibition, "ONUFRI'98" Festival, Tirana (Albania);
- 2005 West Balkan Artist in residence programme, NIFCA, Helsinki;
- 2005 SIGGRAPH, Electronic Art Festival, L.A, USA.

**Награди:**

Милевска е добитник на повеќе награди и признанија меѓу кои поважни се следниве:

- во областа на кураторството, наградата што од 2008 година ја доделува единственото Меѓународно здружение на куратори ИКТ во чест на својот основач Харалд Земан;

- покана од истото Здружение да биде главен предавач на отворањето на Меѓународниот кураторски конгрес на ИКТ што се одржа во Музејот на современа уметност „Киазма" во Хелсинки во 2008 година.

- две години била почесен член на Меѓународниот совет на Музејот на современа уметност во Кумамото, Јапонија.

- учествувала на конференциите на уметничките биеналиња во Истанбул (1995, 1997), Манифеста (Луксенбург, 1998 и Франкфурт, 2002) и Документа 12 (Њу Делхи, 2007).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Земајќи ги предвид претходно посочените активности и квалитети на кандидатката д-р Сузана Милевска, нејзиниот развиток како критичар и теоретичар, историчар на уметноста и куратор потврдени во земјата и посебно во други средини во светот, сметаме дека таа успешно ќе ја изведува наставата по предметот историја и теорија на уметноста.

Затоа, ни претставува особена чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни метности во Скопје да му предложиме д-р Сузана Милевска да биде избрана за наставник во звањето доцент по предметот историја и теорија на уметноста на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

**Рецензентска комисија;**

Ред. проф. д-р
Владимир Величковски, претседател с.р.

Вонр. проф. д-р
Анета Серафимова, член с.р.

Ред. проф. д-р
Ивица Цепаровски, член с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Сузана Милевска**
**Институција: Факултет за ликовни уметности**
**Научна област: историја на уметноста**

## НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Септември 2008 – декември 2009, доцент на Академија „Италијана", Скопје (звање: професор - неизборно);<br>предмети (прв циклус): историја на уметноста од праисторија до денес, анализа на стилови - 2 предмета x 2 часа x 2 семестра x 15 x 0.04 = 4,8.<br>Септември-декември 2009, визуелни комуникации:<br>2x15x0,04= 1,2 | **6** |
| 2 | Септември - декември 2009, доцент на ФОН универзитетот;<br>предмети (прв циклус): Историја на современата уметност -<br>3 x 15x 0,004 = 1,8 | **1,8** |
| 3 | Од септември 2008 до декември 2009, доцент на Њујорк- универзитетот во Скопје, Факултет за комуникации и нови медиуми<br>предмети: септември 2008 - декември 2008, ликовни уметности<br>(прв циклус): 2 x 15 x 0,04 = 1,2<br>Септември- декември 2009, визуелни комуникации -<br>2x15x0,004 =1,2;<br>втор циклус, уметности на нови медиуми: 10 часа x 0,05 = 0,5;<br>дигитални уметности - постдипломски студии:<br>25 часа x 0,05 = 1,5. | **4,4** |
| 4 | 2007-2008, доцент на Институтот „Евро-Балкан" – Скопје,<br>на постдипломските родови студии, курсеви: академско<br>пишување и теории на култура и род - 2 x 15 x 0,05 = 1,5;<br>ментор на студенти за магистерски работи: 0,3.<br>Раководител на четири летни школи и работилници: 4 x 1,5 = 6. | **7,8** |
| 5 | 2004-2005, визитинг-тутор (асистент), Голдсмитс колеџ – Лондонски универзитет, Велика Британија, отсек: Визуелни култури, курсеви: кураторско преведување, галерии и музеи: врамување уметност - 100 часа x 0,04 = 4.<br>2003-2004, визитинг-тутор (асистент), Голдсмитс колеџ, отсек: Визуелни култури, курсеви: Техники и технологии: фотографија - 100 часа x 0,04 = 4. | **8** |
| | ВКУПНО | **28** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2009, национален координатор и стручен истражувач за претставувањето на Македонија во рамките на меѓународниот истражувачки проект „Првоверка на редот", МУМОК, Виена. | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | 2009 Поглавје - монографија „Проверка на родот", МУМОК, Виена. | 6 |
| 3 | 2001-2006, докторски студии и одбрана на докторат од областа на историја на уметноста, Голдсмитс колеџ - Лондонски универзитет, Велика Британија, тема: „Родови разлики на Балканот". Стекната титула: доктор на филозофски науки | 8 |
| 4 | 2004, самостоен истражувачки проект во Конгресната библиотека, Вашингтон, САД, Фулбрајт-стипендија, тема: „Претставување на емигрантките од Балканот во современата американска фотографија". | 6 |
| 5 | 2006-2008, основач и раководител на Центарот за културни и визуелни истражувања, Институт „Евро-Балкан". | 3 |
| 6 | Раководител на научноистражувачките проекти и изработка на елаборат за проекти и постдипломски студии на Центарот: 5x3=15. | 15 |
| 7 | Рецензија на националната програма за култура на Р. Македонија за прашалникот на ЕУ. | 2 |
| 8 | 2001, самостоен меѓународен истражувачки проект, фотографски архиви на Балканот, П. Гети стипендија | 6 |
| 9 | 1996-7, самостоен истражувачки проект „Концептуализација на византиското наследство во современата македонска уметност", PCC - Прага, две години. | 6 |
| 10 | 1994, одбранет труд на специјалистичките студии на Централно-европскиот универзитет во Прага, Отсек за историја на уметноста, тема: „Ризомската структура на фрагментите". | 2 |
| | ВКУПНО | 60 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2009, учество на симпозиумот, Музеј на модерна уметност МУМОК, Виена, Австрија. | 3 |
| 2 | 2009, објавен докторат: „Родовите разлики на Балканот", издавач: ВДМ, Саарбрукен, Германија. | 12 |
| 3 | 2009, куратор на изложба на Хито Штејерл и конференција, Галерија П74, Љубљана, Словенија. | 2 |
| 4 | 2009, учество на меѓународниот научен собир „Глокал", Њујорк-универзитет, Скопје. | 2 |
| 5 | 2009, член на меѓународниот одбор на научниот собир „Глокал", Њујорк-универзитет, Скопје. | 1 |
| 6 | 2009, учество на меѓународна конференција за *Феминистичка теорија и феминизам*, Лондонски универзитет, Лондон, Велика Британија. | 3 |
| 7 | 2009, куратор и учесник на меѓународниот семинар на здружението на ликовни критичари АИКА, „Мала Станица", Национална галерија, Скопје (Македонија). | 3 |
| 8 | 2009, учество на меѓународната конференција *Следен чекор*, Модерна галерија, Љубљана (Словенија). | 3 |
| 9 | Поглавје "Participatory Art Practices and Their Hierarchies". *PÖPP 68*, | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | *participation, objections, anyhow texts, dialogues and participation*, Berlin: NGBK, 2009, 31-43. | |
| 10 | Поглавје "Femina Sacra: Biopower and Paradoxes of Humanity in the Art of Tanja Ostojić". *Integration Impossible? The Politics of Migration in the Art Work of Tanja Ostojić*, Berlin: Argo Books, 2009, 223-9. | 3 |
| 11 | 2008-2009, Кураторски проект „Машина за преименување", две изложби во Љубљана и Загреб: 2 x 8 = 16;<br>организација и учество на четири меѓународни конференции во Љубљана, Загреб, Скопје и Приштина: 4 x 3 = 12 | 28 |
| 12 | 2009, учество на *Кураторски форум ЦЕИ*, Венеција, Италија. | 3 |
| 13 | 2009, главно воведно предавање на Конгресот на Здружението на куратори ИКТ, Музеј на современа уметност, Хелсинки, Финска. | 3 |
| 14 | Поглавје "Curating as an Agency of Cultural and Geopolitical Change". *Continuing Dialogues*. Edited by Christa Benzer, Christine Bohler, Christiane Erharter, Vienna: JRP/Ringier, 2008, 183-191. | 3 |
| 15 | 2008, „Партиципаторски уметнички практики и нивните хиерархии", главно воведно предавање на Конференцијата *За партиципацијата,* Друштвона ликовни уметници НГБК и Академија на уметноста, Берлин. | 3 |
| 16 | 2008, Форум за светска уметност, Сејнзбери центар за визуелни уметности, Универзитет на Источна Англија, Велика Британија - серија работилници и предавања. | 4 |
| 17 | 2008, концепт, кураторство и учество на меѓународната конференција *Миграции на субверзии,* во Словенечката академија на науките и уметностите во Љубљана, Словенија. | 4 |
| 18 | 2008, учество на меѓународната конференција *Нови парадигни, нови модели – надворешните релации во ЕУ,* Словенечката академија на науките и уметностите во Љубљана, Словенија. | 3 |
| 19 | Поглавје "Cultural Translation and Agency in SEE Cultural Policy". *New Paradigms, New Models - Culture in the EU External Relations*, Ljubljana, Slovenia: Peace Institute, Slovenian Academy of Arts and Sciences, 13-14 May, 2008, 21-8. | 3 |
| 20 | Поглавје „Слободната размена и симболичката моќ", *Германско-македонска книга на културни настани за 2008 година*, Скопје: Друштво на македонско-германско пријателство, 2008, 23-34. | 3 |
| 21 | Поглавје „Концептуализација на византиското наследство во современата македонска уметност", *Византиски комонвелт и Европска унија*, Скопје: Институт Евро-Балкан и КИЦ, 2008, 141-50. | 3 |
| 22 | Поглавје "The Hope and Potentiality of the Paradigm of Regional Identity". *Manifesta Companion*. Ed. by Adam Budak and Nina Montmann, Milano: Silvana Editoriale, 2008, 330-337. | 3 |
| 23 | Поглавје "Phantasm of Belonging: Belonging without Having Something in Common". *Volksgarten: Politics of Belonging*, edited by Peter Pakesch. Köln: Walther König, 2008, 110-19. | 3 |
| 24 | Монографија „Микеланџело", Ѓурѓа, Скопје, 2007. | 8 |
| 25 | Поглавје "Žaneta Vangeli", *Contemporary Art and Nationalism*, Edited by Sezgin Boynik and Minna L. Henriksson, MM publications and Missing Identities project, Priština, Kosovo, 2007, 248-255. | 3 |
| 26 | Поглавје "Femina Sacra - The Biopower and the Paradoxes of Humanity in the Recent Work of Tanja Ostojić". *The Földerkohle*, NBK, Berlin, 2007/8, | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 130-132. | |
| 27 | Поглавје "Curatorial Translation of Theory into Practice", "Eventfulness: Family Archives as Events/Folds/Veils", и уредник на *Curatorial Translation*, Edited by Suzana Milevska, Skopje: Euro-Balkan press, 2007, 7-13, 69-76. | 4 |
| 28 | Поглавје "The Ready-Made and the Fabrication of Objects and Subjects". *Art-e-conomy*. Edited by Marko Stamenković, Belgrade: 2007, 243-52. | 3 |
| 29 | Поглавје "Becoming Woman from a Feminist Point of View". *New Feminism: words of feminism, queer and networking conditions*. Edited by Marina Gržinić and Rosa Reitsamer, Vienna: Löcker Verlag, 2007, 41-8. | 3 |
| 30 | Коавтор на "Resistance that Cannot Be Recognised as Such". *Conversations with Gayatri Chakravorty Spivak*, London: Seagull Books, 2007, 57-85. | 7 |
| 31 | „Чудниот сон на В.У." (The Strange Dream of V.U.) *Вана Урошевиќ*, Скопје: Музеј на современата уметност, 2007, 83-4, 85-6. | 3 |
| 32 | Поглавје "Is Balkan Art History Global". *Is Art History Global?* Edited by James Elkins. New York: Routledge, 2006, 214-222. | 3 |
| 33 | Поглавје во монографија "Macedonian Art Stories". *East Art Map*, Edited by IRWIN, London: MIT Press/Afterall, 2006, 252-260. | 6 |
| 34 | Поглавје "Hesitations, or About Political and Cultural Territories", *Cultural Territories*, edited by Barbara Steiner, Julia Schäfer and Ilin Koralova. Köln: Verlag der Buchhandlung Walther König, 2005, 31-43. | 3 |
| 35 | "Sozialistische Moderne - was war das? *Heimat Moderne*, Leipzig: Jovis Verlag, 2005, E21-2. | 3 |
| 36 | Поглавје "Esemeny teljesseg - csaladi archivumok mint esemenyek/retegek/leplezesek". *Exponalt Emlek - Csaladi Kepek A Magar - Es Kozossegi Emlekezetben*, Budapest: Mukritikusok Nemzetkozy Szovetsege AICA Magyar Tagozata, 2005, 112-21. | 3 |
| 37 | Поглавје "Curatorial Labyrinths in Macedonia". *Men in Black - Handbook of Curatorial Practice,* Ed. Christoph Tannert/Ute Tischchler, Kunstlerhaus Bethanien, Berlin, 2004. | 3 |
| 38 | Поглавје "The portrait of an artist as a young strategic essentialist" *Tanja ostojić - Strategies of Success / Curators series 2001-2003*. La Box, Bourges and SKC, Belgrade, 2004, 33-47. | 3 |
| 39 | Поглавје "Suzana Milevska", *Die Anthologie der Kunst* 2001-2002, Köln: DuMont Verlag, 2004, 93-4. | 3 |
| 40 | Поглавје „Кружни сеќавања", *Дијана Томиќ*, Министерство за култура, Скопје, 2003. | 3 |
| 41 | 2005, кураторски проект и конференција „Работнички клуб", Меѓународно биенале - Национална галерија, Прага (Чешка Република) и поглавје во каталог. | 8 |
| 42 | 2004, учество на тркалезна маса на *Градот на жените - Фестивал на женска перформативна уметност*, Љубљана (Словенија). | 2 |
| 43 | 2004, Фулбрајт-предавање, Конгресна библотека во Вашингтон Д.Ц., САД. | 2 |
| 44 | 2003, учество на симпозиумот *Преминувајќи ги границите на Балкан*, Универзитет Оксфорд, Оксфорд, Велика Британија. | 3 |
| 45 | 2003, учество на конференцијата и претставување на Гајатри Ч. Спивак, конференција „*Постколонијалниот дискурс на Балканот*", Музеј на современата уметност, Скопје (Македонија). | 3 |
| 46 | 2003, учество на конференцијата „Гостопримливост", Универзитет во Лидс, Велика Британија. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 47 | "Anthologie der Kunst". *Kunst Nach Ground Zero*, Herausgegeben von Heinz peter Schwerfel, Köln: DuMont, 2002. | 3 |
| 48 | Поглавје "The Ready-Made and the Question of Fabrication of Objects and Subjects". *Primary Documents - A Sourcebook for Eastern and Central European Art since the 1950s*, The MOMA, New York, 2002, 182-91. | 3 |
| 49 | Поглавје "A Gaze at the naked Truth". *Tanja Ostojić - Venice Diary*, Museum of Contemporary Art, Zagreb, 2002. | 3 |
| 50 | Поглавје "Cinderella Syndrome". *Future Perspective*, Ed. by Marina Gržinić, Gallery Cettina, Umag, 2001, 116-9. | 3 |
| 51 | Поглавје "Electronic Art: Fetish or Gift". *The Absolute, The Desperate, The Real*. Ed. by Marina Gržinić, Celje, Slovenia: Gallery of Contemporary Art, 2001, 47-54. | 3 |
| 52 | Поглавје „Капита и пол: диво суштество припитомено суштество". *Capital and Gender*. Уредник: Сузана Милевска, Скопје: Музеј на град Скопје, 2001, 16-20. | 3 |
| 53 | Поглавје "From the bat's Point of View". *Eduardo Kac*. Editors: P. T. Dobrila and A. Kostic, Kibla, Maribor, 2000, 47-58 | 3 |
| 54 | Уредник и предговор "The Image of the Other" (preface), *The Image of the Other* (English) (Ed. Suzana Milevska) Reader of original papers for the HESP/OSI Summer School: The Image of the Other (1-21 July 1999) Skopje: OSI-Macedonia, 2000. | 4 |
| 55 | Поглавје "Stories about the Selves". *Magnus Bärtås*, Kunstcentrum, Gävle, Sweden, 2000, 56-74. | 3 |
| 56 | Поглавје "Documenting the Aura". *What memories for the Contemporary Arts*, (Reader) Congress of AICA, Rennes, 1996, 217-20. | 3 |
| | Кореспондент за стручните списанија Шпрингерин, Павилион, Маска, Ликовне свеске, Ајкон, Контемпорари, Фрејмворкс. | |
| 57 | "Bellville, or the Return of Racism". *Exploring the Return of Repression*. Bucharest: Pavilion Unicredit, Sept.-Nov., 2009: 23. | 6 |
| 58 | "Between two Racisms". *Springerin*. Volume XV, Number 4, Autumn, Vienna, 2009: 25-9. | 6 |
| 59 | "Is there Racism on the Moon?". *Frameworks - Finnish Art Review*, No.10, June, Nelsinki2009: 92-5. | 6 |
| 60 | "Macedonian Photo Statements on Different Power Games and Strategies". *Eikon*, 63, Vienna, 2008: 29-33. | 2 |
| 61 | „Надежта и потенцијалноста на парадигмата за регионалниот идентитет". *Културен живот*, 3-4, 2008: 6-13. | 2 |
| 62 | "Macedonia: Rogue State or State of Exception". *Maska*, Ljubljana, No.115-116, Summer 2008: 52-9. | 2 |
| 63 | „Блогосферата како стражар на визуелната култура". *Културен живот*, Скопје, бр.1-2, 2008: 14-20. | 2 |
| 64 | "Casting Žižek: Manliness as a Masquerade". (with Katerina Kolozova). *The International Journal of the Humanities*. Volume 5, Number 8, 2007: 157-63. | 6 |
| 65 | "Participants and Victims of Participation: Documenta 12". *Does Production Dance Alone*, Maska, Ljubljana, Nu. 107/08, Summer, 2007: 88-93. | 6 |
| 66 | "Balkan Subjectivity as Neither". *Third Text*. THE BALKANS. Guest Editors: Louisa Avgita and Juliet Steyn. Vol. 21, Issue 2, March 2007: 181-188. | 6 |
| 67 | "Not Quite Bare Life: Rules and Exemptions". *Springerin*. Documenta 11, Volume 13, Number 1, 2007: 37-41. | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 68 | "Dejan Spasovik". *Contemporary - Annual*, London, 2006: 106-7. | 2 |
| 69 | "Skopje News". *Contemporary*. London, 78, 2006: 18-9. | 2 |
| 70 | "Voice of the One's Own". *Likovne besede*, Ljubljana, Issue 81-82, Winter, 2007: 156-160. | 6 |
| 71 | "Participatory Art: A Paradigm Shift from Objects to Subjects". *Springerin*. Volume 12, Number 2, Spring 2006: 18-23. | 6 |
| 72 | "Attitude". *Bidoun* - Arts and Culture from the Middle East, January/February, 2006: 45-6. | 3 |
| 73 | "Deconstructing the Chaos: Art as Reservoir of Chaos, Iteration and originality". *Chaos/Reader of the Bucharest Biennale 2. Pavilion*, 9, 2006: 77-81. | 6 |
| 74 | "An-archiving Gender Difference in the Balkans". *Prologue 2*, Graz, Austria: Esc, 2006, 30-1. | 2 |
| 75 | „Атитјуд или Артитјуд". *Арт Република*, бр.5, 2006: 26-9. | 2 |
| 76 | "Macedonian Art". *Art Gamadas, CAMK*. Kumamoto, Japan: Contemporary Art Museum (2003-2004), Vol. 4, 2006: 350-360. | 6 |
| 77 | "Curating Women Artists". *Art Gamadas, CAMK*. Kumamoto, Japan: Contemporary Art Museum (2003-2004), Vol. 3, 2006: 661-71. | 6 |
| 78 | „Четири закрпи за играта на светот". *Арт Република*, бр.3, ноември, 2005: 72-7. | 2 |
| 79 | „Предмети и тела". *Арт Република*, бр. 2, септември, 2005: 32-7. | 2 |
| 80 | „Работнички клуб - меѓународно биенале во Прага". *Арт Република*, бр.1, август, 2005: 64-9. | 2 |
| 81 | "Resistance that Cannot Be Recognised as Such". (Interview with Gayatri C. Spivak), *n-paradoxa*, London, Vol. 15, 2005: 6-12. | 6 |
| 82 | "Curatorial Knowledge - Five Relations". *Praesens*, Budapest, April 2005: 33-41. | 6 |
| 83 | "Skopje News - Museum of Contemporary Art". *Contemporary*, London, No. 70, 2005: 19-20. | 2 |
| 84 | "Objects and bodies: objectification and over-identification in Tanja Ostojić's art projects". *Feminist Review*, Volume 81, Number 1, November 2005: 112-118 (7). | 6 |
| 85 | "Four Patches for the World Game". *Platforma SCCA*, 4, 2005: 56-65. | 2 |
| Дејности од поширок интерес | | Поени |
| 86 | Од 2009 – член на Уредничкиот совет на списанието *Светска уметност*, седиште во Универзитетот на Источна Англија, Норич. | 0,5 |
| 87 | Од 2005 – член на Меѓународното здружение на куратори ИКТ со седиште во Луксембург – добитник на наградата на ова здружение | 0,5 |
| 88 | 2005, добитник на наградата „Харалд Земан" на кураторското здружение ИКТ. | 3 |
| 89 | Од 2005- член на уредничкиот совет на списанието „Феминист ривју", Лондон, Велика Британија. | 0,5 |
| 90 | 2005 – меѓународен кокуратор на Меѓународното биенале на современа уметност во Прага, Национална галерија-Прага, Чешка Република. | 2 |
| 91 | 2005 – селектор за Македонија на Солунското биенале. | 2 |
| 92 | 2004 и 2005 – член на Меѓународниот уметнички совет на Музејот за современа уметност ЦАМК – Кумамото, Јапонија. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 93 | 2005 – член на жири на меѓународен фестивал СИГРАФ, Лос Анџелес, САД. | **2** |
| 94 | 2005 – член на жири за доделување на уметничка резиденција за уметници од Балканот во нордиските земји НИФКА, Хелсинки. | **2** |
| 95 | 1999, национален селектор за Македонија на Истанбулското биенале, учесник во конференција и организатор на учеството на Р. Македонија. | 3 |
| 96 | 1997, национален селектор за Македонија на Истанбулското биенале, учесник во конференција и организатор на учеството на Р. Македонија. | 3 |
| 97 | Од 1995 – член на АИКА - Меѓународно здружение на ликовни критичари. | **0,5** |
| 98 | 1995, национален селектор за Македонија на Истанбулското биенале, учесник во конференција и организатор на учеството на Р. Македонија. | 3 |
| | ВКУПНО | **360** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 28 |
| НАУЧНОИСТАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 60 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 360 |
| ВКУПНО | 448 |

**Рецензентска комисија**

Ред. проф. д-р
Владимир Величковски, претседател с.р.

Вонр. проф. д-р
Аиста Серафимова, член с.р.

Ред. проф. д-р
Ивица Цепаровски, член с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ДВА НАУЧНИ СОРАБОТНИКА ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр. 103 и бр.26/09), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот : "Св. Кирил и Методиј": во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година, донесе решение за избор 2 научни соработника по предметот физиологија и ја формираше Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Весела Малеска Ивановска, проф. д-р Васка Антевска проф. д-р Лидија Тодоровска, проф. д-р Добрила Лазарова и проф. д-р Невенка Костовска.

На конкурсот објавен во весникот, "Утрински весник" од 25.XI 2009 година, се пријавија кандидатите:, ас д-р Слободан Николиќ и ас д-р Људмила Ефремовска. По разгледувањето на доставените документи и познавањето на кандидатите, Рецензентската комисија има чест да му го достави на Наставно-научниот совет на Факултетот следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

***Ас. д-р Слободан Николиќ*** е роден во Скопје во 1952 година, каде што ги завршил основното и средното образование (гимназија). Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје во учебната 1984/85 година и од 1987 година е вработен на Институтот за МЕП физиологија при Медицинскиот факултет. Во 1990 година започнал специјализација по интерна медицина и специјалистичкиот испит го положил во 1996 година. На 29.12.2004 ја одбранил својата докторска дисертација со наслов: " Антропометриска оцена на динамиката на промените на нутрициониот статус кај болни со хронична бубрежна инсуфициенција поставени на хипопротеинско диетално внесување".

**Наставна дејност**

Д-р Николиќ активно е вклучен во изведувањето на редовната практична настава по предметот физиологија на Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевтскиот факултет во Скопје. По отворањето на високите школи за медицински сестри, техничари-физиотерапевти и рендген-технолози учествува во изведувањето на наставата по физиологија. Со воведувањето на ЕКТС на додипломските студии на Медицинскиот факултет, учествува во изведувањето на практична наставата по предметите морфологија и физиологија на клетка, физиологија 1 и физиологија 2. За помлад асистент по предметот физиологија е избран во 1989 година.

Коавтор е на: **Практикум по физиологија,** под уредништво на проф. д-р Лилјана Божиновска од 2003, Скопје, ISBN 9989-684-35-9, **Практикум по физиологија на клетка,** под уредништво на проф.д-р Весела Малеска од 2009, Скопје , ISBN 978-9989-2919-4-4 I,

**Практикум по физиологија, ЦД интерактивно** самотестирање за практична настава по физиологија, во уредништво на проф.д-р Божиновска, Скопје, 2005,рецензиран во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.891/2006 година

**Научно-истражувачка дејност**

Од вработувањето активно е вклучен во научната дејност на Кабинетот за функционални тестирања на кардиоваскуларниот систем во Кабинетот за брза рехабилитација на врвни спортисти по здобиени повреди. Во рамките на научната дејност учествувал како соработник во изведувањето на следниве проекти:

-"Влијание на протеинско диететскиот внес врз прогресијата на хронична бубрежна инсуфициенција" (1996-1998) под раководство на проф. д-рЃорѓи Масин, Клиника за нефрологија, Медицински факултет , Скопје

-"Превентивни неинвазивни истражувања на кардиоваскуларната, респираторната, реналната функција и антропометриските параметри кај млади лица во корелација со физичката активност " (2000-2003) под раководство на проф.д-рПетар Корнети, Институт за медицинска и експериментална биохемија, Медицински факултет , Скопје

Како автор и коавтор земал учество на повеќе меѓународни конгреси од областа на физиологијата, антропологијата и спортската медицина.

Член е на Здружението на физиолози и антрополози на Македонија, Европската асоцијација на антрополози (ЕАА), Македонското лекарско друштво и на Европската федерација на физиолози (ФЕПС).

**Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот активно е вклучен во рутинските дејности на Институтот за физиологија со антропологија. Во Кабинетот за функционални тестирања на кардиоваскуларниот систем учествува во воведувањето , евалуација на антропометриските параметри за структурата на телото со компјутерски софтвер ( одредува мускулна маса, коскено ткиво, и масно ткиво). Во Кабинетот за брза рехабилитација на врвни спортисти по здобиени повреди, учествува во воведувањето на современи ласерски третман на спортски повреди и нивно рехабилитирање.

Автор е на стручната книга од областа на спортската медицина, "Спортска медицина", 2009, Скопје ISBN 978-9989-2594-9-4.

**Дејности од поширок интерес**

Од 2006, кандидатот е ангажиран како спортски лекар на женскиот кошаркарски клуб "Вигор", Скопје. Со клубот има освоно 3 први места на државно ниво и 3 куп натпревари на државно ниво. Бил претседател на здравствена комисија на Олимпискиот комитет на Р. Македонија (2004-2008). Во изминатиот период (2007-2008) бил претседател на тендерската комисија на РЕ Институти , Медицински факултет, Скопје.

До последниот реизбор за асистент во Билтенот на Универзитето "Св.Кирил и Методиј ", рецензирани се 33 труда на кандидатот( бр. 531/1990, 683/1997, 771/2001, 848/2004, 914/2007)

**Биографски податоци**

*Д-р Људмила Ефремовска* е родена во Скопје, во 1958 година. Основно и средно образование завршила во Скопје. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирала во јуни 1984 со средна оценка 9,42. Од ноември истата година е вработена како лекар на Институтот за физиологија со антропологија. Постдипломските студии на Медицинскиот факултет зи завршила со средна оцека 9,80 и успешно го одбранила магистерскиот труд со наслов "Полиморфизам на LDL-рецепторниот ген кај пациенти со коронарна болест", во јуни 1998 година. Во април 2008 година ја одбранила докторската дисертација од областа на популационата генетика со наслов "Генетска структура на македонската популација и популацијата на Власи од регионот на Овче Поле и Крушево".

**Наставно - образовна дејност**

Д-р Ефремовска е активно вклучена во изведувањето на редовната практична настава по предметот физиологија на Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевтскиот факултет, во Скопје. По отворањето на високите школи за медицински сестри, техничари-физиотерапевти и рендтген технолози учествува во изведувањето на наставата по физиологија. Со воведувањето на ЕКТС на додипломските студии на Медицинскиот факултет, учествува во изведувањето на практичната настава по предметите морфологија и физиологија на клетка, физиологија 1 и физиологија 2. Во звањето асистент по предметот физиологија е избрана во 1999 година, а реизбрана е во 2003 и 2009 година.

Коавтор е на: **Практикум по физиологија,** под уредништво на проф. д-р Лилјана Божиновска од 2003, Скопје, ISBN 9989-684-35-9, **Практикум по физиологија на клетка,** под уредништво на проф.д-р Весела Малеска од 2009, Скопје , ISBN 978-9989-2919-4-4 I, **Практикум по физиологија, ЦД интерактивно** самотестирање за практична настава по физиологија, во уредништво на проф.д-р Божиновска, Скопје, 2005,рецензиран во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.891/2006 година

**Научно-истражувачка дејност**

Секојдневно активно е вклучена во научната дејност на Институтот за физиологија . Особено активно учествува во работата на Кабинетот за антропологија и популациона генетика. На полето на хуманата генетика искуствата ги добива работејќи како надворешен соработник на Центарот за генетско инженерство и биотехнологија при МАНУ во Скопје, од 1990 година. Од 1994 до 1996 , кандидатката работела на проектот: "Молекуларни основи на фамилијарната хиперхолестеролемија", под покровителство на ЦГИБ при МАНУ во Скопје.

Од 2000 година е вклучена како соработник од Македонија во проектот " The genetic structure and origin of Arumuns", финансиран од ДФГ- Германија, проект од областа на

популационата генетика. Истиот проект од 2001 година е проширен и оди под наслов " The genetic structure and etnohistory of balkan population" . Во рамките на овој проект престојувала на Медицинскиот факултет во Улм, Германија, на Институтот за антропологија и хумана генетика , во јули 2002 година. Во септември 2002 година партиципирала на Европската антрополошка школа во Хвар, Хрватска, на тематска секција од областа на популационата генетика.

Вклучена била и како соработник во проектите : " Неврофизиолошки и бихевиористички испитувања на целното однесување" (1998-2000) и "Испитување на влијанието на епилепсијата врз неврокогнитивните и бихевиористички процеси" (2001-2004).

Како автор и коавтор земала учество на повеќе меѓународни конгреси од областа на физиологијата, антропологијата и популационата генетика.

Член е на Здружението на физиолози и антрополози на Македонија, Европската асоцијација на антрополози (ЕАА) , Македонското лекарско друштво и на Европската федерација на физиолози (ФЕПС).

**Стручно - апликативна дејност**

Кандидатката активно е вклучена во рутинските дејности на Институтот за физиологија со антропологија. Во Кабинетот за антропологија и популациона генетика ги воведува методите за одредување на класичните генетски маркери во популационо генетските студии. Исто така работи и на полето на одредувањето на фенотипски антропометриски параметри во популационо генетските студии.

Во рамките на Центарот за генетско инженерство и биотехнологија при МАНУ во Скопје, кандидатката учествува во воведувањето на анализирањето на LDL- рецепторниот ген кај пациенти со коронарна болест и хиперхолестеролемија.

Рецензент е на 3 труда во списанието на Здружението на физиолози и антрополози на Р.Македонија "Physioacta".

**Дејности од поширок интерес**

Д-р Ефремовска е организатор и претседател на "Меѓународниот симпозиум на антрополозите за Ароманците на Балканот", во 2006 година во Скопје, организиран под покровителство на Институтот за физиологија со антропологија, Медицински факултет, Скопје и Унијата за култура на Власите од Македонија. Исто така, таа е и уредник на Зборникот на трудови од овој собир.

Кандидатката била член на издавачкиот совет на списанието "Македонски медицински преглед" во 2005 година и чсписанието на научното друштво на Власите, "Документи".

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО,НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** *Николиќ Милан Слободан*
**Институција:** Медицински факултет , Скопје, Институт за физиологија
**Научна област:** медицина

**Наставно-образовна дејност**

| | | Бодови |
|---|---|---|
| **Одржување на настава (практична настава)-од прв циклус на студии** (2005,2006,2007,2008,2009) | | 76,6 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Учебна година (2 семестри)** | **Студенти од матичен факултет (2 семестра)** | **Студенти од нематичен факултет (2 семестра)** | **Вкупно часови неделно** | **Број на часови неделно** | **Вкупно бодови *** |
| **2005** | **285** | **225** | **419** | **17** | **15,3** |
| **2006** | **223** | **134** | **357** | **11,9** | **10,7** |
| **2007** | **326** | **300** | **626** | **20,87** | **18,60** |
| **2008** | **288** | **166** | **444** | **15,13** | **13,60** |
| **2009** | **407** | **209** | **616** | **20,53** | **18,46** |
| | | | | **Вкупно** | **76,66** |

- **формула за 2 семестри** (бр.час. х 30 х 0,03 )

| | | |
|---|---|---|
| **Консултации со студенти** (за пет години, 500 студенти) | | 1 |
| **Позитивно рецензирани практикуми:** 3(коавтор) | | 9 |
| **-Практикум по физиологија,** под уредништво на проф. д-р Лилјана Божиновска од 2003, Скопје, ISBN 9989-684-35-9; | 3 | |
| **-Практикум по физиологија на клетка,** под уредништво на проф.д-р Весела Малеска од 2009, Скопје, ISBN 978-9989-2919-4-4 I; | 3 | |
| **-Практикум по физиологија, ЦД interaktивно** самотестирање за практична настава по физиологија, во уредништво на рроф.д-р Божиновска , Скопје, 2005, рецензирано во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.891/2006 година . | 3 | |
| **Вкупно** | | **86,6** |

**Научно-истражувачка дејност**

| | | Бодови |
|---|---|---|
| **Одбранета докторска теза**<br>На 29.12.2004 ја одбранил својата докторска дисертација со наслов: "Антропометриска оцена на динамиката на промените на нутриционият статус кај болни со хронична бубрежна инсуфициенција поставени на хипопротеинско диетално внесување". | | 8 |
| **Одбранет специјалистички труд**<br>Специјалистичкиот испит го положил во 1996 година. | | 2 |
| **Учесник на национален научен проект(2)**<br>Влијание на протеинско диететскиот внес врз прогресијата на хронична бубрежна | 3 | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| инсуфициенција" (1996-1998), под раководство на проф.д-р Ѓорѓи Масин , Клиника за нефрологија, Медицински факултет, Скопје.<br>" Превентивни неинвазивни истражувања на кардиоваскуларната, респираторната, реналната функција и антропометриските параметри кај млади лица во корелација со физичката активност " (2000-2003), под раководство на проф.д-р Петар Корнети, Институт за медицинска и експериментална биохемија, Медицински факултет, Скопје. | 3 | |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно-стручно списание** | | 26,4 |
| 1. Николиќ С. Хаџиски З, Тројачанец З. ХИПЕРТЕНЗИЈА КАЈ ВРВНИ СПОРТИСТИ Физ. култ. (Скопје), год. 25, бр. 1-2, стр. 124-125, 1997. | 2.4 | |
| 2. Тројачанец З, Николиќ С, Хаџиски З. ОСТРОВРВНИТЕ Т-БРАНОВИ КАКО ИНДИКАТОР ЗА ПРЕТРЕНИРАНОСТ Физ. култ. (Скопје), год. 25, бр. 1-2, стр. 142-143, 1997 | 2.4 | |
| 3. Хаџиски З., Николиќ С., Тројачанец З. СРЦЕВИ АРИТМИИ КАЈ СПОРТИСТИ ОД РАЗНИ СПОРТОВИ Физ. култ. (Скопје), год. 25, бр. 1-2, стр. 153-154, 1997. | 2.4 | |
| 4. **С. Николиќ**, Н. Ивановски, О. Стојчева таневска, Љ. Стојковски: Рестриктивен протеински внес кај пациенти со хронична бубрежна инсуфициенција, *Македонски медицински преглед*, год. **51**, бр. 5–6, стр. 167–170 (1997). | 2.4 | |
| 5. **С. Николиќ**, К. Чакалароски, О. Стојчева-Танева: Стандарди за протеинско-енергетскиот статус на пациенти лекувани со хронична хемодијализа, *Македонски медицински преглед*, год. 52, бр. 1–2, стр. 10–13 (1998). | 2.4 | |
| 6. Селим Ѓулшен, Р. Гроздановски, О. Стојчева-Танева, **С. Николиќ**: Фактори на ризик за неадекватна хемодијализа, *Македонски медицински преглед*, год. 53, бр. 1–2, стр. 6–1 (1999). | 2.4 | |
| 7. **Слободан Николиќ**: Антропометриска оцена на динамиката на промените на нутрицискиот статус кај болни со хронична бубрежна инсуфициенција поставени на хипопротеинско диетално внесување. *Македонски медицински преглед*, год. **59**, бр. 3–4, 2005, стр. 99–188. | 4.0 | |
| 8. Z. Handziski, V. Maleska, B. Dejanova, **S. Nikolik**, E. Handziskz, E. Dalip: The Changes in Plasma Creatine Kinease and Free Radicals in Professionals Soccer Players Throughout a Half-Season, *Turkish Journal of Sports Medicine*, vol. **40**, No. 1, Mart 2005, pp. 1–8. | 2.4 | |
| 9. Z. Handziski, V. Maleska, S. Petrovska, **S. Nikolik**, E. Mickovska, M. Dalip, E. Kostova: The Changes of ACTH Cortisol, Testosterone and Testosterone / Cortisol Ratio in Professional Soccer Players During a Competition Half-Season, Bratislava Medical Journal, **107**, 6–7, 2006, pp. 259–263. | 2.4 | |
| 10. Зоран Хаџиски, В. Малеска, С. Петровска, **С. Николиќ**, Е. Хаџиска: Влијанието на тренажниот процес врз телесниот состав, индексите на исхранетост и тестостерон-кортизол односот кај професионалните фудбалери. *Acta Morphologica*, **3**, 2, 2006, pp. 46–50. | 2.4 | |
| 11. Манчевска Сања, Божиновска Л. Јасмина Плунцевиќ-Глигоровска, Елизабета Сивевска-Смилевска, Зоран Хаџиски, **Слободан Николиќ**, Јулијана Брезовска-Кавракова. Ниво на манифестна анксиозност кај студенти по медицина. Physioacta, Vol. 2, No 1, 49–54 (2007). | 2.4 | |
| **Трудови со оригинални научно-стручни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир** | | 2.4 |
| 1. Handziski Z, Nikolik S, Trojacanec Z, Bozinovska L, Djordjevik D, Efremovska Lj, Malevska V, Antevska V. The influence of physical activity on some indexes of nutrition and its connection with changes in VO2 in children. Scripta periodica III, Nr3, 2000 - Anthropology 2000, pp. 74-80. | 1.2 | |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Z. Handziski, **S. Nikolić**, Z. Stojkova, E. Arsovska, Z. Trojacanec: Muscle-fat Index and its Correlation with Oxygen Consumption, *World Congress of Sports medicine*, Budapest, Hungary, June 5–9, 2002, pp. 17–20. | 1.2 | |
| **Учество на научен стручен собир со реферат** | | 35.5 |
| 1. Николиќ С, Мијанови Д,Укрштање прстију и подлактице и Македонаца.16 Стручни когрес студената медицине и стоматологије Југославије , Нови Сад, 1974. | 1.0 | |
| 2. Николиќ С, Наследни елемтни на вкусот .17 Стручни конгрес студенатамедицине и стоматологије Југославије,Ниш,1975 | 1.0 | |
| 3. Анастасова М. Николиќ С. Можност за одредување на Друм-стикот во крвни дамки и нивна форензичка употребливост.19 Стручни конгрес студената медицине истоматологије Југославије,Загреб, 1977. | 0.5 | |
| 4. Николиќ С, Некои антропометриски и респираторно функционални карактеристики на фудбалери наподрачјето на град Скопје.18 Стручни конгрес студената медицине и стоматологије Југославије,Цавтат 1976. | 1.0 | |
| 5. Николиќ С, Идентификација неких седатива и хипнотика код интоксикација.18 Стручни конгрес студената медицине и стоматологије Југославије,Цавтат, 1976 | 1.0 | |
| 6. Николиќ С, The influence of Exercise stress test on the pulse and blood preassure .18 macedonian medical students congress-international , page 4, Ohrid,May 1994. | 1.0 | |
| 7. Тројачанец З, Николиќ С, Тројачанец С, Влијанието на акупунктурата врз Хипоталамо-хипофизарната оска кај иматурни женки од стаорец .IX гинеколошко-акушерски денови,Збоник на резимеа стр.177,1993. | 0.5 | |
| 8. Смичкоска С. Јовановски Д. Велков К. Спировски М. НиколиќС.Анализа на нивото на туморските маркери (CA 19-9 NSE,TPA CEA ) во текот на лекувањето а болните со микроцелуларен белодробен карцином.X пулмо-алерголошки состанок, Зборник на резимеа,80.1991. | 0.5 | |
| 9. Смичкоска С, Јовановски Д, Николиќ С, Radical radiotherapy in the treatment of superior sulucus lung cancer. 7 congress pneumologicus et phthiseologicus Chechoslovacus (cum partipatione internationali),Abstracta, 190, 1990. | 0.5 | |
| 10. Смичкоска С, Јовановски Д, Николиќ С. Микроцелуларен белодробен карцином-хемотерапија со платимит епидокцорубицин и винкристин (ПЕВ). Прв македонски пулмо-алерголошки конгрес со меѓународно учество.Зборник на резимеа. 311, 1993. | 0.5 | |
| 11. Смичкоска С, Јовановски Д, Николиќ С, The serum level of tumor markers (CEA,TPA,NSA,CA 19-9) in small-cell lung cancer patients.The European journal of Cancer, vol29A ,Suppl 6, 158, 1993. | 0.5 | |
| 12. Тројачанец З, Николиќ С, Determination of the bone and muscule tissue of top sportsmen.Asotiation of Sports Medicine of Balkan, Book of abstracts, p. 33, Cyprus,1989 | 0.5 | |
| 13. Никоиќ С, Тројачанец З, Oxigen Consumption in ml/kg .Association of Sports Medicineof Balkan of abstracts, . 23, Cyprus, 1989 | 1.0 | |
| 14. Малеска В, Ефремовска Љ, Николиќ С, Ѓорѓевиќ Д, Тодоровска Л, Мускулната маса како можен показател на исхранетоста XXX конгрес на Антрополошкото друштво на Југославија, Зборник на резимеа. Охрид, 1991. | 0.5 | |
| 15. Тројачанец З, Николиќ С, Апсолутна и релативна коштанамаса код фудбалера,кошаркаша и одбојкаша.XXVIII конгрес на антрополошкото друштвона Југославија,Зборник на резимеа, стр.12.Задар,1989. | 0.5 | |
| 16. Николиќ С, Тројачанец З, Здравковиќ У, Промени на пулсот и крвниот притисок во тек на тест на оптоварување XXXIII Научен состанок на микробиолозите,епидемиолозите и инфектолозите на Југославија,Зборник на резимеа,ст.82, Пула, Јуни 1990. | 1.0 | |
| 17. Николиќ С, Тројачанец З, Алкохолот како ризик за кардиоваскуларни болести.XIII конгрес на лекарите на Македонија со меѓународно учество,Зборник на апстракти, стр 17. Охрид, 1991 | 1.0 | |
| 18. Николиќ С, Тројачанец З, Потрошња кисеоника код особа са субјективним кардиоваскуларним тегобама XXXI научен состанок на микробиолозите,епидемиолозите и инфектолозите на Југославија, Зборник на резимеа, стр. 52, Пула, Јуни, 1989. | 1.0 | |

| | | |
|---|---|---|
| 19. Тројачанец З, Николиќ С, Промените ст сегмента код пушања који немају субјективне тегобе.XXXI научен состанок на микробиолозите,епидемиолозите и инфектолозите на Југославија.Зборник на резимеа, стр 70. Пула, јуни , 1989 | 0.5 | |
| 20. Тројачанец З, Николиќ С, Ханџиски З, Антропометриске карактеристике младих пливача у Р.Македонији.XXXVI конгрес Антрополошког друтва Југославије,Прокупље,Јуни, 1997. | 0.5 | |
| 21. Ханџиски З,Николиќ С, Тројачанец З.Неки морфо-функционални показатељи код спортиста у Р.Македонији XXXVI конгрес Антрополошког друштва Југославије, Прокупље,Јуни 1997. | 0.5 | |
| 22. Korneti P,Nikolik S, Handziski Z,Cekova S, tasic V, Korneti B, Stress tolerance test and SDS-Page of Urinary Proteins in Basketball players.XXVII World Congress of Sports medicine, June, Budapest, 2002 | 0.5 | |
| 23. Arsovska E, Handziski Z, Stojkova Z, Nikolik S, Petrovska S, The influence of muscule-fatindex of some function parameters and sport performances in football players.3 European Congress of Sports Medicine,Hasselt,May, 2003 | 0.5 | |
| 24. Nikolik S, Trojacanec Z, Low Energy laser in the treatment of status post rupturam M.triceps sure.17[th] International Congress of Physical and Sport.Komotini,Greece,1999 | 1.0 | |
| 25. Mickovska, **S. Nikolić**, Z. Handziski: The Changes of Fat Mass in Professional Soccer Players During a Competition Half-Season, *14 Congress Human Variability: A Bridge Between Sciences and Humanities* (abstract), 1–5 September 2004, p. 32, Komotini, Greece. | 0.5 | |
| 26. ***S. Nikolić***, *Z. Handziski*, E. Mickovska: The Changes of Some Nutritional Parameters in Professional Soccer Players During a Competition, *14 Congress Human Variability: A Bridge Between Sciences and Humanities* (abstract), 1–5 September 2004, p. 36, Komotini, Greece. | 1.0 | |
| 27. Z. Handziski, M. Dalip, V. Maleska, S. Nikolik, E. Mickoska, A. Çeçen Aksu: The Changes of body Composition and Testosterone – Cortisol Ratio in Professional Soccer Players During a Competition Half-Season, *4 International Conference on Strength Training*, 3–7 November, 2004, Serres, Greece, 294–295. | 0.5 | |
| 28. Z. Handziski, V. Malevska, S. Petrovska, **S. Nikolić**, E. Mickovska: The Changes of ACTH, Cortisol, Testosterone and T/C in Professional Soccer Players During a Competition Half-Season, *4[th] European Sports Medicine Congress*, 13–15 October 2005, Lemesos, Cyprus, 116 | 0.5 | |
| 29. Е. Мицкоска, В. Антевска, З. Ханџиски, **С. Николиќ**, Д. Ђорђевић: Утицај физичких оперећења у спортским клубовима на телесни састав у дечијем узрасту, *XLIV Kongres Antropološkog društva Jugoslavije sa međunarodnim učešćem*, Brus, 1–4 jun 2005. | 0.5 | |
| 30. **С. Николиќ**, З. Ханџиски, Е. Мицкоска: Међусобна зависност морфолошких и функционалних параметара код деце која учествују у тренажном процесу у спортским клубовима, *XLIV Kongres Antropološkog društva Jugoslavije sa međunarodnim učešćem*, Brus, 1–4 jun 2005. | 1.0 | |
| 31. З. Ханџиски, **С. Николиќ**, Е. Мицкоска: Утицај физичких оптерећења у спортским клубовима на неке индексе исхрањености у дечјем узрасту. *XLIV Kongres Antropološkog društva Jugoslavije sa međunarodnim učešćem*, Brus, 1–4 jun 2005. | 0.5 | |
| 32. E. Arsovska, V. Antevska, **S. Nikolić**, P. Kandikjan, Z. Handziski: The Influence of Age, Gender and Physical Activity on Body Composition. *XLV Kongres Antropološkog društva Jugoslavije sa međunarodnim učešćem*, Bar, Crna Gora, 25–29 maj 2006, p. 25. | 0.5 | |
| 33. **S. Nikolić**, Z. Handziski, E. Arsovska,: The Influence of Age, Gender and Physical Activity on Nutritional Status. *XLV Kongres Antropološkog društva Jugoslavije sa međunarodnim učešćem*, Bar, Crna Gora, 25–29 maj 2006, p. 25 | 1.0 | |
| 34. D. Djordjevic, Lj. Efremova, **S. Nikolic**, N. Djordjevic: Metodološki pristup ispitivanja noktiju. *XLV Kongres Antropološkog društva Jugoslavije sa međunarodnim učešćem*, Bar, Crna Gora, 25–29 maj 2006, p. 27. | 0.5 | |
| 35. D. Djordjevic, M. Nesic, Lj. Efremova, **S. Nikolic**: Pregibne braze na dlanovima ruku u populaciji Srba, *XLV Kongres Antropološkog društva Jugoslavije sa međunarodnim učešćem*, Bar, Crna Gora, 25–29 maj 2006, p. 28. | 0.5 | |

| | | |
|---|---|---|
| 36. Ljupčo Zafirovski, **S. Nikolić**, B. Taušanova: Primena torakalne antropometrije u dečjoj pulmologii naša iskustva, XLVI Kongres antropološkog društva Jugoslavije sa međunarodnim Uđešćemm Banja Junaković, Apatin, 29 maj–2 jun, 2007 str. 102. | 0.5 | |
| 37. Handziski Z., **Nikolić S.**, Handziska E.: Muskulno masni indeks i njegova korelacija sa potrošnjom kiseonika, XLVI Kongres antropološkog društva Jugoslavije sa međunarodnim uđešćemm Banja Junaković, Apatin, 29 maj–2 jun, 2007 str. 155. | 0.5 | |
| 38. Ханџиски Зоран, Малеска В. Николиќ С., Ханџиска Е., Следење на ефектите на тренажниот процес кај професионални фудбалери со одредување на крвни лактати, срцеви фреквенции и анаеробен праг, Acta Morphologica, vol. 4 (1) 2007.str. 27–31. | 0.5 | |
| 39. Đorđević D. Efremovska Lj., Dadić-Nikolovska E., **Nikolić S.**, Tatabitivska K., Frekvencija vla\nog I suvog tipa cerumena kod populacije albanaca iz Makedonije, XLVII Congress of Antropological society of Serbia, with international participationProlom Banja, 1-4 juna 2009, str. 56 | 0.5 | |
| 40. Николиќ С, Тројачанец З, Грoздановски Љ. КОСКЕНАТА, МУСКУЛНАТА И МАСНАТА МАСА КАЈ БОЛНИТЕ СО ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА XXXVI конгрес Антрополошког друштва Југославије са међународним учешћем, 4-7 јуна 1997, Прокупље. | 1.0 | |
| 41. Тројачанец З, Николиќ С, Ханџиски З. СПОРЕДБЕНИ ВРЕДНОСТИ НА ФУНКЦИОНАЛНИ ПАРАМЕТРИ ПРЕД И ПО ПРОГРАМИРАНО ЈОГА-ВЕЖБАЊЕ Прв научен собир за јогата со меѓународно учество, 6-8 јуни, 1997 Охрид. | 0.5 | |
| 42. Ханџиски З, Николиќ С., Тројачанец З. PHISICAL ACTIVITY-RELATED CHANGES OF SOME INDEXES OF NUTRITIONAL STATUS AND VO2 IN CHILDREN The 15th International Jerusalem Symposium on Sports Medicine, Book of abstracts, 132, March 23-25, Jerusalem, 1999. | 0.5 | |
| 43. Кандикјан П, Плашевски Т, Тројачанец З, Николиќ С, Петровска С, Ханџиски З. CONCENTRATION OF FRACTIONISIED SERUM LIPIDS IN NONINSULINDEPENDENT DIABETES MELLITUS (NJDDM) PATIENTS Balcan Journal of Clinical Laboratory, page 74, Vol. 4, No 1, 1997. | 0.5 | |
| 44. Ханџиски З, Тројачанец З, Николиќ С, Кандикјан П, Петровска С. УТИЦАЈ ФИЗИЧКИХ ОПТЕРЕЋЕЊА НА НЕКЕ ОД ИНДИКАТОРА КОЈИМА СЕ УТВРЂУЈЕ СТАЊЕ ИСХРАЊЕНОСТИ У ДЕЦЕ НА УЗРАСТУ ОД 7 ДО 12 ГОДИНА XXXVIII конгрес Антрополошког друштва Југославије са међународним учешћем, Зборник резимеа, стр. 37, Котор, 1998. | 0.5 | |
| 45. Николиќ С, Тројачанец З. LOW ENERGY LASER IN TREATMENT OF CERVICAL SPONDYLOSIS ICMART 1996, VII World Congress, p.62, Copenhagen, 1996. | 1.0 | |
| 46. Тројачанец З, Николиќ С, Ханџиски З. LOW ENERGY LASER IN TREATMENT OF ULCUS CRURIS ICMART 1997, VII, International Medical Acupuncture Symposium, p.70, Nicosia, 1997. | 0.5 | |
| 47. Николиќ С, Тројачанец З, Ханџиски З. LASER IRRADIATION IN THE TREATMENT OF LATERAL EPICONDYLALGIA AND GONARTRALGYA IN SPORTSMENS ICMART 1995, Sofia Acupuncture days, p.50, Sofia, 1995 | 1.0 | |
| 48. Тројачанец З, Г. Попстефанија, Николиќ С. ПРИМЕНА НА ЛАСЕРСКАТА ТЕРАПИЈА ВО ГИНЕКОЛОГИЈАТА XI Days of Ginecology and Obstetrics in Republic of Macedonia with International Participation, стр.176, Ресен, 1995. | 0.5 | |
| 49. Тројачанец З, Николиќ С, Ханџиски З. LASER ACUPUNCTURE TREATMENT OF MUSCLE INJURES IN ATHLETES, Acupuncture White Nights 97, p.70, Saint-Petersburg, 1997. | 0.5 | |
| 50. Тројачанец З, Николиќ С, Ханџиски З, Тројачанец Ј. INFLUENCE OF THE EXTENSIVE TRAINING ON THE NUMBER OF ERITROCYTES AND HAEMOGLOBINE LEVEL AND IT'S CORRECTION XXVI FIMS World Congress of Sports Medicine, p.80, Orlando, Florida, 1998. | 0.5 | |
| 51. Арсова Е., Антевска В., Ефремовска., Николиќ С., Ханџиски З., Петровска С., Ѓорѓевиќ Д.: **Појава на менарха кај ученичките во** | 0.5 | |

| | | |
|---|---|---|
| **основните училишта од ромска популација во градот Скопје.** Зборник на резимеа, XLII конгрес на АДЈ , 28-30 мај 2003, Сомбор, Југославија, стр.81 | | |
| 52. Арсова Е., Антевска В., Ефремовска., Николиќ С., Ѓорѓевиќ Д.: **Појава на менарха кај ученичките во основните училишта од албанската популација во градот Скопје** Зборник на резимеа, XLIII конгрес на АДЈ , 26-30 мај 2004,Чачак, СЦГ, стр.82 | 0.5 | |
| 53. Ефремовска Љ., Дадиќ-Николоска Е., Бошков В., Николиќ С. : **Полиморфизам на ЛДЛ -рецепторниот ген и коронарна болест** Зборник на трудови, Едукативен семинар за нови лабораториски техники , октомври 2004, Тара, СЦГ, стр.36 | 0.5 | |
| 54. Мајсторoски С., Цветановска Е., Ханџиски З., Николиќ С., Мицкоска Е.: **Промени во мускулната маса кај професионални фудбалери во тек на полусезона.** Зборник на трудови, Едукативен семинар за нови лабораториски техники , октомври 2005, Тара, СЦГ, стр.109 | 0.5 | |
| 55. Тодоровска Л., Ѓорѓевиќ Д., Тодоровски С., Николиќ С., Исмаил Е.: **Body mass индекс во процена на гојазноста кај детската популација.** Зборник на резимеа, XLII конгрес на АДЈ , 28-30 мај 2003, Сомбор, Југославија, стр.41 | 0.5 | |
| 56. Handziski Z., Nikolic S., Stojkova Z., Arsovska E. Differences in body composition, some functional parameters and sports performances between two of our the best football teams. Abstract of 3trd European Congress of EFSMA-European Congress of Sports Medicine, Hasselt, May 14-16, 2003. p.95. | 0.5 | |
| 57. Arsovska E., Handziski Z., Stojkova Z., Nikolic S., Petrovska S. The influence of muscle-fat index of some function parameters and sport performances in football players. Abstract of 3trd European Congress of EFSMA-European Congress of Sports Medicine, Hasselt, May 14-16, 2003. p.95 | 0.5 | |
| 58. Handziski Z, Mickoska E, Nikolik S. The changes of muscle mass in professional soccer players during a competition half-season. 14 Congress Human Variability: A Bridge between Sciences and Humanitics. Komotini, Greece, 1-5 September 2004, p.20. | 0.5 | |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени стручно/научно популарно списание** | | 1.2 |
| Тројачанец З, Николиќ С, Ханџиски З. Тројачанец Ј. ВЛИЈАНИЕТО НА ДОЛГОТРАЈНИТЕ ТРЕНАЖНИ ПРОЦЕСИ ВРЗ БРОЈОТ НА ЕРИТРОЦИТИТЕ И ХЕМОГЛОБИНОТ И НИВНА КОРЕКЦИЈА Спирулина, дар од земјата, Роберт Хенриксон, ПИП' Студентски збор', ноември 1997, стр. 191-195. | 1.2 | |
| Вкупно | | **81.5** |

**Стручно апликативна дејност**

| | Бодови |
|---|---|
| **Книга –автор , од стручна област** Спортска медицина", 2009 Скопје ISBN 978-9989-2594-9-4. | 8 |
| Воведување на нова лабораториско-клиничка метода (2) | 8 |
| Вкупно | 16 |

**Дејност од поширок интерес**

| | Бодови |
|---|---|
| Учество во комисии и тела на државни и други органи | 1 |
| | |
| Вкупно | 1 |

**Спортска дејност**

| | Бодови |
|---|---|
| Претседател на стручно организационен одбор за организација на меѓународен натпревар од висок рејтинг | 3 |
| Награди и признанија добиени на државна официјална спортска манифестација | 5 |
| **Вкупно** | **8** |

**Вкупно 193,1**

Рецензентска комисија
1. Проф. д-р Весела Малеска Ивановска, с.р.
2. Проф. д-р Васка Антевска , с.р.
3. Проф. д-р Лидија Тодоровска , с.р.
4. Проф. д-р Добрила Лазарова , с.р.
5. Проф. д-р Невенка Костовска. с.р.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО,НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Ефремовска Саво Људмила
**Институција :** Медицински факултет , Скопје, Институт за физиологија
**Научна област:** медицина

**Наставно-образовна дејност**

| | | Бодови |
|---|---|---|
| **Одржување на настава (практична настава)-од прв циклус на студии** (2005,2006,2007,2008,2009) | | 76,6 |
| **Консултации со студенти** (за пет години, 500 студенти) | | 1 |
| **Позитивно рецензирани практикуми:** 3(коавтор) | | 9 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Учебна година (2 семестри)** | **Студенти од матичен факултет (2 семестра)** | **Студенти од нематичен факултет (2 семестра)** | **Вкупно часови неделно** | **Број на часови неделно** | **Вкупно бодови** * |
| **2005** | **285** | **225** | **419** | **17** | **15,3** |
| **2006** | **223** | **134** | **357** | **11,9** | **10,7** |
| **2007** | **326** | **300** | **626** | **20,87** | **18,60** |
| **2008** | **288** | **166** | **444** | **15,13** | **13,60** |
| **2009** | **407** | **209** | **616** | **20,53** | **18,46** |
| | | | | Вкупно | 76,66 |

- **формула за 2 семестри** (бр.час. x 30 x 0,03 )

| | | |
|---|---|---|
| **-Практикум по физиологија,** под уредништво на проф. д-р Лилјана Божиновска од 2003, Скопје, ISBN 9989-684-35-9; **-Практикум по физиологија на клетка,** под уредништво на проф.д-р Весела Малеска од 2009, Скопје, ISBN 978-9989-2919-4-4 I; **-Практикум по физиологија, ЦД інтерактивно** самотестирање за практична настава по физиологија, во уредништво на рроф.д-р Божиновска , Скопје, 2005, рецензирано во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.891/2006 година . | 3 3 3 | |
| **Вкупно** | | **86,6** |

**Научно-истражувачка дејност**

| | | Бодови |
|---|---|---|
| **Одбранета докторска теза:** Генетска структура на македонската популација и популацијата на Власи од регионот на Овче Поле и Крушево, 2008 | | **8** |
| **Одбранета магистерска работа** "Полиморфизам на LDL- рецепторниот ген кај пациенти со коронарна болест", јуни 1998 година | | **4** |
| **Учесник на национален научен проект (3)** -1994 -1996, работела на проектот: "Молекуларни основи на фамилијарната хиперхолестеролемија", под покровителство на ЦГИБ при МАНУ во Скопје . -1998-2000, " Неврофизиолошки и бихевиористички испитувања на целното однесување" под МОН -2001-2004, "Испитување на влијанието на епилепсијата врз неврокогнитивните и бихевиористички процеси" , под МОН . | 3 3 3 | **9** |
| **Учесник на меѓународен научен проект (2)** -1999-2000 ," The genetic structure and origin of Arumuns", финансирани од ДФГ- Германија; 2001-2002 " The genetic structure and etnohistory of balkan population" , финансирани од ДФГ-Германија. | 5 5 | **10** |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно-стручно списание **1.** **Efremovska Lj,** Schmidt HD, Scheil HG, Gjorgjevic D, Nikoloska Dadic E. Genetic polymorphism of blood groups and erythrocytes enzymes in population groups of the Republic of Macedonia. **Prilozi. 2007** Dec;28(2):47-59. **2.** Scheil HG, Schmidt HD, Baltova S, Djordjevic D, Vulpe C, Siváková D, EfremovskaL. Dermatoglyphic studies in eastern and south-eastern Europe. **Anthropol Anz. 2005** Dec;63(4):393-9. **3.** Scheil HG, Schmidt HD, **Efremovska L**, Mikerezi I, Huckenbeck W.. Phenotype and allele frequencies of some serum protein polymorphisms in populations of the Balkans. **Anthropol Anz. 2004** Dec;62(4):429-34 **4.** Cvjetan S, Tolk HV, Lauc LB, Colak I, Dordević D, **Efremovska L**, Janićijević B, Kvesić A, Klarić IM, Metspalu E, Pericić M, Parik J, Popović D, Sijacki A, Terzić R, Villems R, Rudan P. Frequencies of mtDNA haplogroups in southeastern Europe--Croatians, Bosnians and Herzegovinians, Serbians, Macedonians and Macedonian Romani. **Coll Antropol. 2004** Jun;28(1):193-8. **5.** Dordević D, Dordević N, **Efremovska L**, Maleska V, Bozinovska L, Antevska V, Handziski Z. Test sensitivity to phenylthiocarnamide (PTC) among Macedonians, Albanians and Romas **Physioacta 2007**, vol 1-No1 :11-18. **6.** Дадиќ Николоска Е, **Ефремовска Љ,** Малеска Ивановска В, Тодоровска Л, Радојкова Николовска Б. Саливата како медиум на избор за хормонски испитувања: определување на концентрација на прогестерон во серум и салива. | 2,4 2,4 2,4 2,4 2,4 2,4 | **33,6** |

| | | |
|---|---|---|
| **Physioacta 2007**, vol 1-No1 : 41-47.<br>**7.** Сивевска-Смилевска Е, Божиновска Л, Антевслка В, Ефремовска Љ, Манчевска С, Плунцевиќ-Глигороска Ј, Никодиевиќ О. Киндлингмодел – анимален модел за експериментално предизвикана епилепсија. **Physioacta 2007**, vol 1-No1 : 27-33.<br>**8.** Дадиќ Николоска Е, **Ефремовска Љ,** Бошковска М, Исјановски В, Малеска Ивановска В. Антрополошко одредување на минорни физички аномалии (МФА) кај ментално здрави индивидуи и кај пациенти со шизофренија. **Physioacta 2009**, vol 3-No2 : 54 -61.<br>**9. Ефремовска Љ,** Дадиќ Николоска Е, Шмидт Х, Шеил Х-Г. MNSs и KELL крвно групни системи кај четири популации кои живеат во Р. Македонија. **Acta morphologica 2006**, vol 3(2) : 30-34.<br>**10.** Schmidt HD, Scheil HG, Huckenbeck W, Scheffrahn W, **Efremovska L.** Genetic studies in south Balkan populations **Coll. Antropol. 2003** Dec;27(2):501-6.<br>**11.** Scheil HG, Scheffrahn W, Schmidt HD, Huckenbeck W, Efremovska L, Xirotiris N Population genetic studies in the Balkans. I. Serum proteins..**Anthropol Anz. 2001** Sep;59(3):203-11.<br>**12.** Schmidt HD, **Efremovska L**, Handziski Z. Isonymy, consanguinity and repeated pairs of surnames in Aromun populations. **Anthropol Anz. 2001** Sep; 59(3) :193-202.<br>**13. Ефремовска Љ,** Бушева М, Арсова В, Бошков В, Ефремов Ѓ. Полиморфизмот на динуклеотидната повторувачка секвенца во ЛДЛ - рецепторниот ген кај пациенти со инфаркт на миокардот. **Македонски медицински преглед 2001:** 116-119.<br>**14.** Huckenbeck W, Scheil H-G, Schmidt H-D,Efremovska Lj, Xirotiris N.Population genetic studies in the Balkans .II DNA-STR-systems. Anthropol Anz. 2001 Sep;59(3):213-25. | 2,4<br>2,4<br>2,4<br>2,4<br>2,4<br>2,4<br>2,4<br>2,4 | |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**<br>**1.** .Havas D, Jeran N, **Efremovska L**, Dordević D, Rudan P. Population genetics of 15 AmpflSTR Identifiler loci in Macedonians and Macedonian Romani (Gypsy).**Forensic Sci Int. 2007** Dec 20;173(2-3):220-4. Epub **2007** Feb 20.<br>**2.** Bosch E, Calafell F, González-Neira A, Flaiz C, Mateu E, Scheil HG, Huckenbeck W, **Efremovska L**, Mikerezi I, Xirotiris N, Grasa C, Schmidt H, Comas D. Paternal and maternal lineages in the Balkans show a homogeneous landscape overlinguistic barriers, except for the isolated Aromuns. **Ann Hum Genet. 2006** Jul;70(Pt 4):459-87.<br>**3.** Pericić M, Klarić IM, Lauc LB, Janićijević B, Dordević D, **Efremovska L**, Rudan P. Population genetics of 8 Y chromosome STR loci in Macedonians and Macedonian Romani (Gypsy). **Forensic Sci Int. 2005** Nov 25;154(2-3):257-61.<br>**4.** Huckenbeck W, Scheil HG, Schmidt HD, **Efremovska L**, Mikerezi I. Allele frequencies of D21S11, FGA, TH01, and VWA in populations of the Balkans. **Hum Biol. 2004** Dec;76(6):943-6.<br>**5.** Pericić M, Lauc LB, Klarić IM, Rootsi S, Janićijevic B, Rudan I, Terzić R, Colak I, Kvesić A, Popović D, Sijacki A, Behluli I, Dordevic D, **Efremovska L**, Bajec DD,Stefanović BD, Villems R, Rudan P. High-resolution phylogenetic analysis of southeastern Europe traces major episodes of paternal gene flow among Slavic populations **Mol Biol Evol. 2005** Oct;22(10):1964-75.<br>**6.** Comas D, Schmid H, Braeuer S, Flaiz C, Busquets A, Calafell F, Bertranpetit J, Scheil HG, Huckenbeck W, **Efremovska L**, Schmidt H. Alu insertion polymorphisms in the Balkans and the origins of the Aromuns. **Ann Hum Genet. 2004** Mar;68 (Pt 2) : 120-7. | (6+IF1,9)x0,6 =4,7<br>(6+IF2,2)x0,6 =4,9<br>6+IF1,9)x0,6= 4,7<br>(6+IF1,1)x0,6 =4,3<br>(6+IF6,7)x0,6 =7,6<br>(6+IF2,2)x0,6 =4,9 | 31,1 |
| **Трудови со оригинални научни стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир**<br>**1. Efremovska L,** Nikoloska-Dadic E, Schmidt H, Scheil H-G. Ispitivanje pet sistema eritrocitarnih antigena na uzorku albanske populacije iz R. Makedonije.**Glasnic ADJ 2007 : 93-99** . | 1,2 | **13,2** |

| | | |
|---|---|---|
| 2. **Efremovska L,** Nikoloska-Dadic E, Jovanovic , Schmidt H, Scheil H-G. Distribucija eritrocitarnih antigena na uzorku srpske populacije iz region Nisa. **Glasnic ADJ 2007** : 85--91 .<br>3. Nikoloska-DadicE, Djordjevic D, **Efremovska L,** Orhan I, Efremovski J. Distribucija dlaka na srednjoj falangi prstiju ruku na uzorku albanske popilacije iz R. Makedonije .**Glasnic ADJ 2008** : 114-121.<br>4. **Efremovska L,** Schmidt H, Scheil H-G. , Djordjevic D ,Nikoloska-Dadic E. Genetska struktura dveju vlaskih populacija iz R. Makedonije. **Glasnic ADJ 2008** : 94-98.<br>5. Nikoloska-DadicE, **Efremovska L,** Todorovska L, Maleska-Ivanovska V, Pluncevic-Gligoroska J. Upotreba pljuvacke za hormonalne analize: koncentracija testosterone u serumu I pljuvacci kod adolescenata muskog pola . **Glasnic ADJ 2008** : 313-322.<br>6. Nesic M, Efremovska Lj, Radosavljevic I , Stojanovic I Uljarevic M, Nesic V, Ciric M, Brankovic S. Dominantna strana ucenika srpske I romske nacionalnosti na testovima izvodjenja. **Glasnic ADJ 2008** : 547-556.<br>7. **Efremovska L,** Djordević D, Antevska V , Maleska V, Bozinovska L Handziski Z Cerumen types in Macedonian population and in Macedonian Gipsies. **Scripta Periodica 2000** (4) 70-73.<br>8. Nešić M, **Efremovska Lj,** Ćirić M, Branković S, Cekić S, Veličković D, Nešić V . Testovi veštine i preference kao indikatori lateralnosti - preliminarni rezultati. **Glasnik ADJ 2006** : 417 - 423.<br>9. **Јанакиевска Љ,**Ковачев В, Накова М, Кочовски J.Sullivery glands and kidneys of the rats.Yugoslav Physiol. Pharmacol. Acta Proc. Of XIII Cong. Of Yugoslav.Physiol. Society, Skopje. Spt, 1985 Vol 21, lo5-lo4.<br>10. **Ефремовска Љ,** Ковачев В, Кандикјан П, Кочовски Ј, Корнети П. The effect of testosterone and estradiol on absolute and relative weight of different organs and tissues in male and female albino rats. Yugoslav Physiol. Pharmacol. Acta Proc. Of XIV Cong. Of Yugoslav.Physiol. Society, Beograd, Sept, 1988 Vol 24 97-98 .стр.<br>11. Handziski Z, Nikolic S, Trojacanec Z, Bozinovska L, Djordjevic D, **Efremovska Lj,**Maleska V, Antevska V.The influence of physical activity on some indezes on nutrition and its connection with changes in VO2 in children.MP Scripta periodika III-2000 p. 74-80. | 1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2 | |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени стручно/научно популарно списание**<br>Ефремовска Љ.Генетска структура на македонската популација и популацијата на Власи од регионот на Овче Поле и Крушево. Документи 2009 | | 2 |
| **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br>1. Дојчиновска О, **Ефремовска Љ.**Собирање на материјал за анализа на генетски маркери при популационо генетски студии. Зборник на резимеа од 31-от стручен собир на ЗМЛСТ на Република Македонија,Охрид, Октомври 2003,стр:33<br>2. **Efremovska Lj**,Todorovska L, Maleska V.Growth of Short Children. Europediatrics,Prague,Czech Republic, October,2003,pp:223<br>3. Schmidt H.D, Scheil H.G, Huckenbeck W, **Efremovska Lj,** Comas D. The genetic relationships between Balkan populations. International Anthropological Congress, Praha, Humpolec, Czech Republic, May 2003, pp:156<br>4. Sivevska-Smilevska E, Bozinovska L, Antevska V, **Efremovska Lj,** Mancevska S, Pluncevic-Gligoroska J, Nikodijevic O. Kindling model-an animal model for experimentally inducted epilepsy. Second Congress of Physiological Sciences of Serbia with International Participation, Kragujevac, Serbia, September 2007<br>5. Djordjevic D, Djordjevic N, **Efremovska Lj.** Dermatoglyphics in Aroumun Population in the Republic od Macedonia.13th Congress of the European Anthropological Association ,Zagreb, Croatia, Collegium Anthropologicum, Volume 26, 2002 supplement,pp:55 | 05<br>1<br>0.5<br>0.5<br>0.5 | 41.0 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. **Efremovska Lj**, Antevska V, Boskov V, Subeska S, Efremov Gj.Association of Stu I Fragment Length Polymorphism in the Low Density Lipoprotein Receptor Gene With Hypercholesterolemia.13th Congress of the European Anthropological Association ,Zagreb, Croatia,Collegium Anthropologicum,Volume 26, 2002 supplement,pp:60 | 1 | |
| 7. Subeska-Stratova S, Subeska-Todorovska V, **Efremovska Lj**. Central Obesity Index in Determining Visceral Obesity. 13th Congress of the European Anthropological Association ,Zagreb, Croatia,Collegium Anthropologicum,Volume 26, 2002 supplement,pp:199 | 0.5 | |
| 8. Subeska-Stratova S, Subeska-Todorovska V, **Efremovska Lj**. Anthropometric Characteristics of Syndrome and Morbus Cushing. 13th Congress of the European Anthropological Association ,Zagreb, Croatia,Collegium Anthropologicum,Volume 26, 2002 supplement,pp:200 | 0.5 | |
| 9. Todorovska L, **Efremovska Lj**, Maleska V, Saphazova E, Jovcevska J. Nutritional Assessment in Chronic Renal Failure Children with Anthropometry. 13th Congress of the European Anthropological Association ,Zagreb, Croatia,Collegium Anthropologicum,Volume 26, 2002 supplement,pp:210 | 0.5 | |
| 10. Schmidt H, Comas D, **Efremovska Lj**, Scheil H.G. Analyses of polymorphics DNA-Alu insertions in Balkan populations. XLI Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem, Tivat, Serbia, Juni 2002. | 0.5 | |
| 11. Arsovska E, **Efremovska Lj**, Nikolic S, Djordjevic D, Handziski Z. Pojava menarche u ucenica osmogodisnjih skola grada Skopja. XLI Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem, Tivat, Serbia, Juni 2002.pp:20 | 0.5 | |
| 12. Djordjevic D, **Efremovska Lj**, Djordjevic N.Morfoloske karakteristike pregibnih brazdi na dlanovima makedonskih Vlaha. XLI Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem, Tivat,S erbia, Juni 2002.pp:24 | 0.5 | |
| 13. Djordjevic D, Djordjevic N, **Efremovska Lj**.Digitopalmar Dermatoglyphics in Aromun Population from Ovce Polje-Republic of Macedonia-Palmar Dermatoglyphics ,XLII Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem, Sombor, Serbia, Maj,2003. | 0.5 | |
| 14. Djordjevic D, Djordjevic N,**Efremovska Lj**. Digitopalmar Dermatoglyphics in Aromun Population from Ovce Polje-Republic of Macedonia-Digital Dermatoglyphics ,XLII Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem, Sombor, Serbia, Maj,2003. | 0.5 | |
| 15. Schmidt H.D, Scheil H.G, **Efremovska Lj**. Phylogenetic Tree From Classial Genetic Markers in the Balkan region. XLII Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem, Sombor, Serbia, Maj,2003. | 0.5 | |
| 16. Arsovska E, Antevska V, **Efremovska Lj**, Nikolic S, Handziski Z, Petrovska S, Djordjevic D.The appearance of the menarche in girls from Rome population in primary schools in Skopje. XLII Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem, Sombor, Serbia, Maj,2003. | 0.5 | |
| 17. Djordjevic D, **Efremovska Lj**, Djordjevic N. Sirina Grebenova U a-b Segmentu na dlanovima u dvema populacionim grupsms u Makedoniji (Makedonci i Vlasi iz regiona Ovceg Polja ).XLIII Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem, Cacak, Serbia,May 2004.pp:42 | 0.5 | |
| 18. Schmit D.H, Djordjevic D, Scheil H.G, **Efremovska Lj**.Genetski odnosi izmedzu Balkanskih populacija zasnovani na Dermatoglifskim podacima. XLIII Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem, Cacak, Serbia,May 2004.pp:40 | 0.5 | |
| 19. **Efremovska Lj**, Schmidt H, Scheil H.G,Djordjevic D, Dadic Nikoloska E.Population Genetics study of two Aromun populations from R.Macedonia. XLVI Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem,Banja Junakovic-Apatin,Serbia,Maj 2007.pp:38 | 1 | |

| | | |
|---|---|---|
| 20. Dadic Nikoloska E, Djordjevic D, **Efremovska Lj**,Iseni O.Distribucija dlaka na srednoj falangi prstiju ruku na uzorku Albanske populacije iz Makedonije.XLVI Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem,Banja Junakovic-Apatin,Serbia,Maj 2007.pp:42 | 0.5 | |
| 21. Dadic Nikoloska E, **Efremovska Lj**,Todorovska L,Maleska Ivanovska V, Handziski Z.Upotreba pljuvacke za hormonalne analize: Koncentracija testosterone u serumu I pljuvacci kod adolescenata muskog pola.XLVII Kongres Antropoloskog Drustva Srbije sa medjunarodnim ucescem,Krusevac,Serbia,Maj 2008,pp:104 | 0.5 | |
| 22. **Efremovska Lj**, Dadic Nikoloska E, Schmid H.Genetska struktura nekih populacija koje zive u R.Makedoniji komparacija rezultata klasicnih genetskih I DNA markera.XLVIII Kongres Antropoloskog Drustva Srbije sa medjunarodnim ucescem, Prolom Banja,Serbia,Juna *2009.pp:59* | 1 | |
| 23. *Djordjevic D, **Efremovska Lj**, Dadic Nikoloska E, Nikolic S,* Tatabitovska K.Frekvencija vlaznog I suvog tipa cerumena kod populacije Albanaca iz Makedonie. XLVIII Kongres Antropoloskog Drustva Srbije sa medjunarodnim ucescem, Prolom Banja,Serbia,Juna 2009.pp:56 | 0.5 | |
| 24. Dadic Nikoloska E, **Efremovska Lj**, Pavlovska K, Maleska Ivanovska V, Tatabitovska K. Uloga dijagonalne braze, usne ,resice (Frank-ov znak ) u klinickoj proceni koronarnog rizika. XLVIII Kongres Antropoloskog Drustva Srbije sa medjunarodnim ucescem, Prolom Banja,Serbia,Juna 2009.pp:48 | 0.5 | |
| 25. **Ефремовска Љ.,** Дадиќ-Николовска Е., Бошков В., Николиќ: С Полиморфизам на ЛДЛ рецепторном гену и коронарна болест.Едукативни семинар техничара лабораториске медицине. Тара 2004 стр.36 | 1 | |
| 26. **Efremovska Lj,** Schmidt H, Scheil H-G, Djordjevic D.: Population genetic study by two aromun population from R. Macedonija. International meeting about the anthropology of aromun population on Balkan. , Skopje 2006 (секциско предавање) | 1 | |
| 27. Djordjevic D, **Efremovska Lj,** Nikolic S, Djordjevic N. Methodology for investigation of fingernail. XLV Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medjunarodnim Ucescem, Bar, Montenegro 2006, 27 | 0.5 | |
| 28. Djordjevic D, Nesic M, **Efremovska Lj,** Nikolic S, Palmar flexor creases in population of Serbs. . XLV Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem, Bar, Montenegro 2006, 28 | 0.5 | |
| 29. **Efremovska Lj** , Djordjevic D, Schmidt H, Sheil H-G, Dadic-Nililoska E. Distribution of erythrocyte antigens in Albanian population from R. Macedonia. XLV Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Ucescem, Bar, Montenegro 2006, 26 | 1 | |
| 30. **Efremovska Lj**,Djordjevic D, Schmidt H,Sheil H-G,dadic-Nikoloska E, Distribution of erythrocyte antigens in Albanian population from R.Macedonia.XLV Kongres Antropoloskog Drustva Jugoslavije sa Medzunarodnim Usecem,Bar,Montenegro 2006,26 | 1 | |
| 31. Schmidt H, Scheil H-G, **Efremovska Lj**, Glavce C,Xirotiris N, Mikerezi I, Flaiz C,Grasa C.The Aromus.Their origin and anthropogenetical roots,Data from mtDNA.International meeting about the anthropology of Aromun population on Balkan,Skopje 2006 | 0.5 | |
| 32. Djordjevi D, Djordjevic N, **Efremovska Lj**.Dermatoglyphs in the Aromun population in the republic of Macedonia.International meeting about the anthropology of Aromun population on Balkan,Skopje 2006 | 0.5 | |
| 33. **Ефремовска Љ** и Ѓорѓевиќ Д.: Програмирана популационо генетска студија за популациите кои живеат во Македонија. Здружение на физиолози и антрополози на Македонија, Дојран , октомври 2003 (секциско предавање) | 1 | |
| 34. Шмидт Х, **Ефремовска Љ** , , Шеил Х-Г, Ѓорѓевиќ Д.:Генетска студија за Власите на Балканот. Научен симпозиум "Власите на Балканот XVIII-XX век " 2003, Скопје, Р. Македонија | 0.5 | |
| 35. Ѓорѓевиќ Д, **Ефремовска Љ** , Ѓорѓевиќ Н.: Дигитопалмарни дерматоглифи кај Власите од регионот на Овче Поле во Р. Македонија. Научен симпозиум "Власите на Балканот XVIII-XX век " 2003 Скопје, Р. Македонија | 0.5 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 36. Ѓорѓевиќ Д, **Ефремовска Љ** , Ѓорѓевиќ Н.: Палмарни дерматоглифи кај Власите од регионот на Овче Поле. III меѓународен научен симпозиум "Власите на Балканот XVIII-XX век " ,2005 Штип, Р. Македонија | 0.5 | | |
| 37. **Ефремовска Љ** , Шмидт Х, Шеил Х-Г, Ѓорѓевиќ Д.: Популациона генетска студија на две влашки популации од Р. Македонија. III меѓународен научен симпозиум "Власите на Балканот XVIII-XX век " 2005 Штип, Р. Македонија | 1 | | |
| 38. **Јанакиевска Љ.** Дејство естрадиола на "уптаке" маркираног холестерола у нека ткива пацова XXIV Конгрес студената медицине и стоматологије , Ниш, 1982,Зборник резимеа , стр 102 | 1 | | |
| 39. Корнети П, Ковачев В, **Јанакиевска Љ.** Determination of DNA in dry mass of salivary glands and kidney of albino rats.XIII конгрес на Друштвото на физиолозите на Југославија, Зборник на резимеа 199, Скопје,1935. | 0.5 | | |
| 40. Ѓорѓевиќ Д, **Јанакиевска Љ,** Наумовски А.Типови церумена у деце македонске националности и ромске етничке групе.XXVконгрес на друштвата на антрополозите на Југославија, Приштина, 1986 | 0.5 | | |
| 41. **Ефремовска Љ,** Ковачев В, Кочовски Ј. Comparative study of fertility. Sex and number of offspring of treated and untreated albino rats. XIV Конгрес СДФЈ , Београд, Зборник резимеа, страна 17. | 1 | | |
| 42. **Ефремовска Љ,** Тодоровски Л, Малеска В, Ѓорѓевиќ Д.Кефалофацијални дијаметри кај училишна младина на Скопје.XXX конгрес на антрополозите на Југославија, Охрид, 1991. | 1 | | |
| 43. Малеска В, **Ефремовска Љ,** Николиќ С, Ѓорѓевиќ Д,Тодоровска Л. Мускулната маса на надлактицата како можен показател за проценка на исхраната.XXX конгрес на Антрополошкото друштво на Југославија, Охрид, 1991. | 0.5 | | |
| 44. Тодоровска Л, Малеска В, **Ефремовска Љ,** Ѓорѓевиќ Д. Застапеноста на масната компонента како параметар за телесната маса кај училишната младина.XXX конгрес на Антрополошкото друштво на Југославија, Охрид, 1991. | 0.5 | | |
| 45. Subeska-Stratova S, **Efremovska Lj,** Pemovska G. Body fat distribution in overweight and obese. 8th Balkan Congress of Endocrinology, Bursa, 1995, Abstract cook, pp 107 | 0.5 | | |
| 46. Subeska-Stratova S, Petrovski K, **Efremovska Lj.** Anthropometry of the limbs in cushing's 6th European congress on obesity, Copenhagen, 1995, Volumen 19, supp 2 Abs.p12. | 0.5 | | |
| 47. Subeska-Stratova S, Petrovski K, **Efremovska Lj.** Post operative changes in body fat distribution in Cushing's syndrome. 7th European congress on obesity, Barcelona, 1996, Volumen 20,supp 4 Abs.10-259-TR2 | 0.5 | | |
| 48. Subeska-Stratova S, Petrovski K, **Efremovska Lj.** Anthropometric parameters that best differentiate cushing's from obese subjects.8th European congress on obesity, Dublin, 1997, Volumen 21 supp 2 Abs.442 | 0.5 | | |
| 49. **Ефремовска Љ,** Ѓорѓевиќ Н, Ханџиски З, Божиновска Л. Дигитални индекс руку и ногу Влаха са територије Овчег Поља у Македонији.XL Конгрес Антрополошког друштва Југославија, Ниш, Мај 2001 | 1 | | |
| 50. Ѓорѓевиќ Д, **Ефремовска Љ,** Ѓорѓевиќ Н. Заступљеност muskulus Palmaris longus у влашкој популацији са територије Овчег Поља у Македонији XL Конгрес Антрополошког друштва Југославија, Ниш, Мај 2001. | 0.5 | | |
| 51. Schmidt H, **Efremovska Lj**,Scheil H. Genetical investigation in some Macedonian population.XL Конгрес Антрополошког друштва Југославија,Ниш,Мај 2001 п40. | 0.5 | | |
| 52. Schmidt H,**Efremovska Lj**, Handziski Z.migration and Isonymie in Aromunischen Bevolkerungen.HOMO- 2000 Vol.51/Suppl.,p.S116. | 0.5 | | |
| 53. Djordjevic D, **Efremovska Lj,** Djordjevic N.Digitopalmarni grebeni u makedonskoj populacii,XLIII Kongres ADJ, Cacak 2004,Zbornik radova. | 0.5 | | |
| 54. Dadic-Nikoloska E, **Efremovska Lj,** Todorovska L, Radojkova - Nikolovska V, Tatabitovska L.Poredjenje vrednosti progesterone odredzenih u serumu I | 0.5 | | |

| | | |
|---|---|---|
| pljuvacci.5 Konferencija tehnicara laboratorijske medicine, Vrnjacka Banja 2006 Zbornik Radova str. 52-53 | | |
| 55. Todorovska L, **Efremovska Lj,** Maleska V, Nikoloska E.Hormonski faktori rasta kod pothranjene dece. Konferencija tehnicara laboratorijske medicine, Vrnjacka Banja 2006 Zbornik Radova str. 54-55 | 0.5 | |
| 56. Efremovska Lj,Schmidt H-D,Scheil H-G, Djordjevic D.Population genetic study by two aromun population.14th Congress European Anthropological Association, Komotini, 2004. | 1 | |
| 57. Djordjevic D, **Efremovska Lj**, Djordjevic N.Ridge breadth in the A-B segment of the palms in two population groups in Macedonia.14th Congress European Anthropological Association, Komotini, 2004. | 0.5 | |
| 58. Антевска В, Трајчанец З, **Ефремовска Љ**, Николич С.Корелација на некои антропометриски и функционални карактеристики на студентите од Скопскиот универзитет.XXX конгрес на АДЈ,Охрид, 1991 | 0.5 | |
| 59. Чевреска С, Малеска В, **Ефремовска Љ**, Ѓорѓевиќ Д, Палчевски Г, Антевска В,Здравковиќ У.Испитување и одредување на појава на менарха и менопауза кај испитанички од град Скопје ,XXX конгрес на АДЈ, Охрид 1991. | 0.5 | |
| 60. Антевска В,**Ефремовска Љ,** Никодијевиќ О, Ѓорѓевиќ Д, Петровска С.Афекција на адренергичен нервен систем и вредности на циклични нуклеотиди во органите од репродуктивната оска кај нормотензивни (NTR) и спонтанохипертензивни (SHR) стаорци,XV конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество,Охрид, Октомври 1999 | 0.5 | |
| 61. **Ефремовска Љ**,Антевска В, Арсова В, Ефремов Г, Бушева М, Бошков В.Полиморфизам на динуклеотидната (ТА) повторувачка секвенција во егзон 18 на LDL-рецепторниот ген кај пациенти со инфаркт на миокардот.XV конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество,Охрид, Октомври 1999 | 1 | |
| 62. Djordjevik D, Djordjevik N,**Efremovska Lj,** Maleska V, Antevska V,Handziski Z.Test sensitivity phenylthiocarbamide (PTC) among Macedonian population.Scripta periodica II-2000 abs p.165 | 0.5 | |
| 63. Antevska V,**Efremovska Lj,** Nikodievic O, Bogoeva B.Histological findings of pineal's gland tissues in normotensive and spontaneously hypertensive rats by beta adrenergic agonists and antagonists.XXIVth International Congress of International Academy of Pathology, Amsterdam, 2002 Oct. Abs. 1870 | 0.5 | |
| 64. Antevska V, **Efremovska Lj**,Bozinovska L, Maleska V, Nikodijevic O.The effects of chronical adrenergic affection on levels of cyclic AMP in pineal,pituitary,ovaril and uterus of normotensive and spontaneously hypertensive rats.14th European meeting on Hypertension Paris,France 2004.Journal of hypertension 2004: 22(suppl 2) C188 | 0.5 | |
| 65. Antevska V,**Efremovska Lj**, Bozinovska L, Maleska V ,Nikodijevic O.Correlation between pineal's gland activity and its histological findings.15th European Meeting Hypertension Milan,Italy/2005.Journal of hypertension 2005>23 (suppl 2) C204 | 0.5 | |
| 66. Antevska V, **Efremovska Lj**, Nikodijevic O, Bogoeva B. Correlation between pineal's gland activity and its histological findings.16th European Meeting on Hypertension Madrid,Spain/2006.Journal of Hypertension 2006:24 9 suppl 2 ); pp S 391. | 0.5 | |
| Вкупно | | 151,9 |

**Стручно апликативна дејност**

| | Бодови |
|---|---|
| Рецензија на трудови | 3 |
| Воведување на нова лабораториско-клиничка метода (2) | 8 |
| Вкупно | 11 |

**Дејност од поширок интерес**

| | Бодови |
|---|---|
| **Член на уредувачки одбор на научно стручно списание**<br>Македонски медицински преглед | 1 |
| **Уредник на зборник на трудови на од научен стручен собир**<br>Меѓународниот симпозиум на антрополозите за Ароманците на Балканот" 2006 , Скопје | 1 |
| Учество во комисии и тела на државни и други органи | 1 |
| **Претседател на организационен и програмски одбор на меѓународен научен стручен собир**<br>Меѓународниот симпозиум на антрополозите за Ароманците на Балканот, 2006, Скопје | 2 |
| Студиски престој во странство до 3 месеци<br>Германија , Улм | 0,5 |
| Вкупно | 5,5 |

**Вкупно 255**

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Весела Малеска Ивановска, с.р.
2. Проф. д-р Васка Антевска , с.р.
3. Проф. д-р Лидија Тодоровска , с.р.
4. Проф. д-р Добрила Лазарова , с.р.
5. Проф. д-р Невенка Костовска. с.р

## ЗАКЛУЧОК

Од доставениот материјал што е разгледан детално, анализирајќи ја севкупната досегашна активност на кандидатите ас д-р Слободан Николиќ и ас д-р Људмила Ефремовска, Рецензентската комисија констатира дека тие во целост ги исполнуваат условите пропишани со Законот за високото образование за да биде избрани во звањето научен соработник . Оценувајќи ги и резимирајќи ги севкупните нивни активности и досегашната работа, Рецензентската комисија има чест да му предложи на ННС да ги избере ас д-р Слободан Николиќ и ас д-р Људмила Ефремовска за научни соработници на Катедрата за физиологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Весела Малеска Ивановска, с.р.
2. Проф. д-р Васка Антевска , с.р.
3. Проф. д-р Лидија Тодоровска , с.р.
4. Проф. д-р Добрила Лазарова , с.р.
5. Проф. д-р Невенка Костовска. с.р